УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ
Филозофски факултет

# ГРАДОТ-ТВРДИНА ПРОСЕК И НЕГОВИОТ АРЕАЛ ВО СРЕДНИОТ ВЕК

Докторска дисертација

Ментор:
Проф. д-р Елица Манева

Кандидат:
м-р Орданче Петров

СКОПЈЕ, 2021

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ... 6

**ГЛАВА I** ... 8

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ... 8

**I.1. ГЕОГРАФСКИ РАМКИ НА ТЕМАТА** ... 8

**I.2. ХРОНОЛОШКА РАМКА НА ТЕМАТА** ... 10

**I.3. ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ... 11

I.3.1. ПАТЕПИСЦИ ... 11

I.3.2. МУЗЕЈСКО-КОЛЕКЦИОНЕРСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ... 14

I.3.3. ИСТОРИЈАТ НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ... 14

**ГЛАВА II** ... 17

**ГЕОЛОКАЦИСКИ ОСОБЕНОСТИ И ПОГОДНОСТИ НА АРЕАЛОТ** ... 17

II.1. ГЕОГРАФСКО-МОРФОЛОШКИ ОСОБЕНОСТИ НА ТИКВЕШКА КОТЛИНА ... 17

II.2. ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ ... 22

II.2.1. ГЛАВНИ ПАТИШТА ... 23

II.2.2. РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА ... 30

II.2.3. ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ... 32

II.2.4. НАЧИН НА ПАТУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ ... 33

**ГЛАВА III** ... 37

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ** ... 37

**III.1. ТВРДИНИ И СЕЛА** ... 37

III.1.1. ТВРДИНИ ... 38

III.1.1.1. Кале-Стрезов Град – Челевец (пл. 1, фот. 13-32) ... 38

III.1.1.2. Марков Град – Корешница (пл. 2, фот. 33, 35, 36) ... 43

III.1.1.3. Маркова Кула – Корешница (пл. 3, фот. 33, 34, 37, 38) ... 44

III.1.1.4. Кула – Корешница (пл. 4, фот. 33, 34, 39) ... 46

III.1.1.5. Кула на Постралец – Демир Капија (пл. 5, фот. 40) ... 47

III.1.1.6. Градина – Пештера – Демир Капија (фот. 40) ... 48

III.1.2.СЕЛА ... 48

III.1.2.1. *Оѓрада – Бисѿренци* ... 49

**III.2. ЦРКВИ** ... 53

III.2.1. ЦРКОВНА АРХИТЕКТУРА ... 53

III.2.2. ЦРКОВНА ОРГАНИЗАЦИЈА ... 74

**III.3. НЕКРОПОЛИ** ... 76

III.3.1. Црквиште, Демир Капија (пл. 11, 12, фот. 95-99) ........ 78
III.3.2. Крстеви, с. Корешница – Демир Капија (пл. 13-14, фот. 100-103) ........ 83
III.3.3. Копанец – Корешница (пл. 15, фот. 104) ........ 87
III.3.4. Црквиште, С. Корешница – Демир Капија (пл. 16, фот. 84, 105-106) ........ 87
III.3.5. Ограда – Бистренци (пл. 17, 18, фот. 107-109) ........ 89
III.3.6. Кале-Стрезов Град – Челевец (пл. 19, фот. 110-112) ........ 90
III.3.7. Црквар-Јака Чешма – Тремник (фот. 113, 114) ........ 93
III.3.8. Мали Дол – Тремник (пл. 20, фот. 115, 116) ........ 94
III.3.9. Маркова Кула, С. Корешница – Демир Капија ........ 95
III.3.10. Црква – Св. Петка – Бистренци („Св. Илија“) ........ 95
**ГЛАВА IV** ........ 111
**АНТРОПОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СРЕДНИОТ ВЕК ВО ДЕМИР КАПИЈА** ........ 111
IV.1. Црквиште, Демир Капија ........ 111
IV.2 Крстеви, Корешница ........ 117
IV.3. *Оїрада, Бисшренци* ........ 119
IV.4. Кале – Стрезов Град ........ 121
**ГЛАВА V** ........ 126
**МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА** ........ 126
**V.1. НАКИТ** ........ 126
V.1.1. НАКИТ ЗА ГЛАВА ........ 127
V.1.1.1. Челни ленти (кат. бр. 1-3) ........ 127
V.1.1.2. Обетки и наушници (кат. бр. 4-200) ........ 129
V.1.2. НАКИТ ЗА ВРАТ ........ 164
V.1.2.1. Огрлици, гердани, гушници (кат. бр. 201-220) ........ 164
V.1.2.2. Крстови – енколпиони (кат. бр. 235-244) ........ 167
V.1.2.3. Градна иконка (Кат. бр. 244) ........ 173
V.1.3. НАКИТ ЗА РАЦЕ ........ 176
V.1.3.1. Белезици ........ 176
**V.1.3.2. ПРСТЕНИ** ........ 184
V.1.4. ДЕЛОВИ ОД ОБЛЕКА ........ 206
**V.2. ОРУЖЈЕ И ВОЈНИЧКА ОПРЕМА** ........ 216
V.2.1. ОФАНЗИВНО ОРУЖЈЕ ........ 216
V.2.1.1. Врвови од стрели ........ 216
V.2.1.2. Копја ........ 218

V.2.2. ДЕФАНЗИВНО ОРУЖЈЕ ..... 219
V.2.2.1. Мрежест оклоп ..... 219
**V.3. ОРУДИЈА** ..... 220
*V.3.1. Ножеви* ..... 220
V.3.2. Макази/крклези и ножици (кат. бр. 683-686) ..... 222
V.3.4. Игли (кат. бр. 688-689) ..... 223
V.3.3. Напрсток ..... 223
V.3.4. Пршлени (690-702) ..... 223
V.3.5. Алатки за грнчарство ..... 224
**V.4. ГРНЧАРИЈА** ..... 225
**V.5. ПАРИ И СФРАГИСТИКА** ..... 229
V.4.1. НАОДИ НА ПАРИ ..... 229
V.4.2. ПЕЧАТИ - ПЛОМБИ ..... 236
**ГЛАВА VI** ..... 238
**ИСТОРИСКА КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ОТКРИТИЈА** ..... 238
VI.1. ОКОЛУ ИМЕТО СТЕНАЕ – ПРОСЕК – ДЕМИР КАПИЈА ..... 238
VI.1.1. Стенае ? – Римски период ..... 238
VI.1.2. Просек - Средновековен период ..... 239
VI.1.3. Демир Капија – од османлиските освојувања ..... 244
**VI.2. ПРЕГЛЕД НА ХРОНОЛОШКИТЕ ЕТАПИ ВО АРЕАЛОТ НА ПРОСЕК** ..... 245
VI.2.1. Демир Капија во Праисториските епохи ..... 245
VI.2.2. Антички период ..... 250
VI.2.3. Ран среден век од 7 до почеток на 10 век ..... 273
VI.2.4. Полн среден век ..... 276
VI.2.5. Доцен среден век ..... 282
**ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА** ..... 313
**КАТАЛОГ НА ГРОБОВИ** ..... 332
**КАТАЛОГ НА НАОДИ** ..... 384
МОНЕТИ ..... 434
**КРАТЕНКИ ВО БИБЛИОГРАФИЈА** ..... 439
**БИБЛИОГРАФИЈА** ..... 440
**ИЗВОРИ** ..... 440
**КОРИСТЕНА И ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА** ..... 442
*Кирилична* ..... 442
*Латинична:* ..... 460

**ЛИСТА НА ИЛУСТРАЦИИ** ........ 471
**КАРТИ** (1-5) ........ 471
**ПЛАНОВИ** (1-19) ........ 471
**ЦРТЕЖИ** (1-10) ........ 472
**ФОТОГРАФИИ** (1-130) ........ 472
ТАБЛИ (1-70) ........ 478

# ВОВЕД

Средновековен Просек е еден од најпознатите средновековни градови и тврдини во Македонија. Својата популарност ја стекнал заради локацијата на која е изградена тврдината, односно заради високите варовнички карпи коишто се непристапни и на бројните освојувачи оваа тврдина им изгледале како неосвоиви. Посебен значај доживува кон последните децении на 12 и првите две децении на 13 век, кога заради центрафугалните сили во Византија, во оваа тврдина се осамостојува архонтот Добромир Хрс а подоцна и Стрез. Просек покрај како седиште на овие двајца самостојни владетели својот значај го црпела од поставеноста на патниот правец по Вардарско-моравската долина, со што бил сметан како една од најзначајните тврдини во одбраната на вториот град во византиското царство Солун.

Интересор за проучување на Просек се започнати пред сѐ преку проучувањето на пишаните извори, коишто даваат извонреден опис на самата тврдина. Дури по по завршувањето на Втората светска војна на овој простор се започнати првите организирани систематски ископувања, со што започнал и интересот за материјалните остатоци. Наодите од Демир Капија веднаш го свртеле вниманието на стручната јавност на целиот Балкан, предизвикано од бројните богати археолошки наоди. Особено значајно било ископувањето на средновековната некропола на локалитетот Црквиште – Демир Капија и објавувањето на монографијата Просек – Демир Капија со што се означува почетокот на по значајните истражувања на средновековните некрополи во Македонија. Бројните наоди од оваа некропола долги децении ќе претставуваат основа за понатамошните истражувања на материјалната средновековна култура на централно балканските простори. Подоцните ископувања само ќе ја надополнат и прецизираат оваа слика, а археолошкиот комплекс кај Демир Капија ќе биде сместен помеѓу најзначајните средновековни наоѓалишта на Балканот.

Интересирањата за оваа тема започнаа со почетокот на првите ископувања на тврдината на лок. Кале-Стрезов Град, подоцна проширени и на други локаци, како што се Маркова Кула и Црквиште Корешница. За разлика од претходните истражувања, кои биле главно

насочени кон истражување на некрополите од овој ареал, ова се првите ископувања фокусирани на тврдините и населбинските простори.

Ископувањата на тврдините овозможија да се согледа развојот на тврдините и населбите а овие сознанија надополнети со податоците од истражувањата на средновековните некрополи овозможија да се создаде поцеловита и јасна слика за развојот на овој микрорегион.  За жал до сега не се истражувани населб, а идните истражувања на некоја од нив ќе овозможат за целосно согледување на културната историја на овој регион.

Во степенот на истраженост на средновековен Просек во голем процент влегуваат пишаните извори коишто нудат конкретни сцени од животот на тврдината во одреден период а со тоа придонесуваат и за пополнување на празнините онаму каде што материјалната култура не нуди доволно податоци.

Стекнатите сознанија при работата на овој труд ги валоризираат претходните научни сознанија и ги прикажуваат целокупните архитектонски остатоци и движни наоди од средновековните стратуми на Просек. Не се очекува овде да бидат решени прашањата поврзани со развојот на овој град-тврдина, напротив изнесувајќи ги на едно место досегашните целокупни сознанија да потикне нови размислувања и да отвори нови прашања. На крај но помалку значајно е повторното да се врати во фокусот на стручната јавност како во времето по истражувањата на акад. Б. Алексова на лок. Црквиште или пак после објавувањето на резултатите од ископувањата на проф. Елица Манева.

# ГЛАВА I
# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## I.1. ГЕОГРАФСКИ РАМКИ НА ТЕМАТА

За административното уредување на просторот на Средно Повардарие, особено на делот од Демиркаписката Клисура не знаеме скоро ништо. За територијата и дометот на Просек, исто така немаме информации, освен од времето кога овде владееле самостојните владетели Добромир Хрс и Стрез, чиишто политики биле експанзионистички, т.е. освојувале широки територии без да воспостават реална и постојана административна власт. Поради ова, но и поради поширокиот хронолошки опсег пред и по овие двајца самостојни господари, условено е како ареал на тврдината Просек, односно за границите на оваа тема да биде земен еден прилично стеснат простор, којшто може да се карактеризира како микрорегион што според материјалната култура покажува исти или блиски специфики врз кои влијаеле слични или исти културни импулси и се развивале под исти политичко-воени, општествени и демографски околности.

Географските рамки на темата, со мали отстапувања, ќе бидат опфатени според описот на границите на Клисурскиот синор, којшто во првата четвртина на 20 век го посведочил В. Радовановиќ[1]. Иако и самиот тој забележува дека ваквиот опис го дава спрема преданија, сепак, со територијата опишана од него, односно со убицираните топоними на терен, се добива слика којашто навистина може да се претпостави како можна кога се зборува за дометот на една тврдина. Територијата којашто ја опишал излегува од вообичаените шеми за ограничување на селските синори, кои во минатото се одредувале според водотеците и вододерините. Сепак, границите на т.н. Клисурски синор, според Радовановиќ, се делат или се наоѓаат од двете страни на р. Вардар, р. Бошаша, р. Дошница и Челевечка Река, што можеби укажува дека во меморијата на народот се сочувани, територии не на едно село, односно на селото Клисура, туку на една поголема област која би можела да се поистовети со реалните граници на тврдината Просек.

[1]Радовановић 1924, 279-280.

Како граници на овој синор ги забележал следните топоними за граници „од Големата Воденица спрема Будур Чифлиг на Бања, одовде преку Вардар на Корешничка Краста, на Бел Камен над Кошарка, на Карадаг и одовде на Свети Никола од оваа страна на Вардар; оттука на Штудер, Скршена Црамуша, Ревиште, Говедарница, Стефан (к), Крвнина, Стари Бачила, Јариштарник, Река, Ропче, Џаде, Раевец, Солиште, Пресопта, Липкова Падина и Илимов Рид над Големата Воденица"[2]. Голем дел од наведените топоними се убицирани на терен, па според нив може да се реконструираат границите на овој синор. На терен може да се убицираат следните топоними: Голема Воденица, Илимов Рид, Будур Чифлиг, Бања, Корешничка Краста, Бел Камен, Карадаг, Свети Никола, Штудер, Стефан (к), Стари Бачила, Пресопта и Липкова Ливада (карта 2).

Единствени коишто излегуваат од овие рамки се локалитетите во атарите на селата Бистренци и Тремник, географски доста блиску, а покажуваат и одредени карактеристики на движниот археолошки материјал кој дозволува да бидат вклучени во рамките на предложената тема.

На вака определениот простор се наоѓа најголемиот дел од средновековните археолошки локалитети откриени на територијата на Демир Капија. Овие локалитети според распоредот и локациите на коишто егзистирале се цврсто врзани во една посебна микрорегионална целина. Според ова, се чини дека е оправдано, како географски рамки на предложената тема да се земе оваа етнографска белешка за синорот на село Клисура, со мали незначителни отстапки.

[2]Радовановић 1924, 279-280.

## I.2. ХРОНОЛОШКА РАМКА НА ТЕМАТА

Називот на тврдината/градот Просек за првпат во пишаните извори се среќава во 1019 година, во првата сигилија на Василиј II[3], додека за последен пат е забележан во 1342 година, во историјата на Јован Кантакузин за време на граѓанската војна во Византија. Согласно пишаните извори, временската рамка би требало да се постави помеѓу овие два датуми, доколку се обработува Просек од чисто историска перспектива. Сепак, хронолошката рамка на оваа тема е водена од археолошките откритија на овој ареал, ставени во контекст на историските збиднувања. Покрај хронолошката рамка определена од пишаните извори, на моменти, се наметнува потребата на враќање сè до праисториските епохи, од една страна и до првите векови од воспоставувањето на османлиската власт во Македонија, од друга страна. Ваквите екскурси од определената историска хронолошка рамка се оправдани од аспект што одредени архитектонски манифестации, одбирање на локации за живеење, одбранбени позиции, економија, трговија итн. уште од најраните епохи го дефинираат просторниот контекст на чиешто уредување подоцна се надоврзува и развива средновековен Просек. Најголемиот дел од тврдините се поставени на места каде уште во праисторијата постоеле живеалишта, а особено врз темелите од хеленистичките, доцноримските и рановизантиските тврдини. Нивниот континуитет ќе продолжи до првите векови од османлиското завладување, а дури кон крајот на 15 или почетокот на 16 век, тие ќе бидат напуштени, со што ќе се манифестира начин на живот којшто ќе се развива на еден сосем поинаков начин, со што ќе се означи крајот на средновековната епоха, а со тоа и долната граница на оваа тема. Овој нов период ќе наметне и ново име на клисурата којашто веќе во 15 век започнува да се нарекува со новиот ориентализиран назив Демир Капу.

[3] Иако ова е најраниот пишан податок за тврдината Просек, сепак, во Историјата на Јован Скилица од крајот на 11 век, се споменува дека Василиј II по одлучната битка со војските на Самуил по Беласичката Битка, поминал покрај Просек, што укажува дека оваа тврдина била активна во времето на Самуил. Околу дискусијата и контроверзиите поврзани со т.н. сигилии на Василиј II, види подолу во текстот.

## I.3. ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### I.3.1. ПАТЕПИСЦИ

Најраните податоци за просторот кај Демир Капија ги добиваме од патеписните истражувачи, коишто за Демир Капија оставиле иако доста кратки, сепак многу значајни информации според кои може да се направи реконструкција на дел од нејзината историска географија.

Најраниот патеписен запис што постои за Демир Капија е од патеписот на Јеротие Рачанин кој на својот пат кон Ерусалим, поминал овде во 1704 година. Во своето дело *Путашаствіе къ граду Іерусалиму Іеротея Іеромонаха Рачанинскаго въ лѣто отъ бытіа 7212, а отъ рождества Христова 1704 мѣсеца іюліа 7,* забележал:

> *„На Вардар има карпи високи до облаците, патот е просечен, минува низ карпи и се вика Демир Капија на Марко Крале кој се потпишал високо во карпите со вдлабени букви поголеми од прсти. Тука сретнавме црвени камили од кои се уплашија коњите на кои беа Јован и Неда и тие за малку што не рипнаа во Вардар[4]“.*

Во почетокот на 19 век, се зголемува интересот на западноевропските истражувачи за старините на просторот на медитеранот, а со тоа не е заобиколена ниту Македонија. Посебен поттик дава објавувањето на *Tabula Peuntingeriana* што ги предизвикува истражувачите да ги бараат и убицираат станиците означени на оваа патна карта.

Во овој период, во Македонија доаѓаат бројни дипломати кои во рамките на својата служба се интересираат и за географијата, историјата и археологијата. Еден од нив е британскиот офицер Вилијам Мартин Лик (WilliamMartinLeak) чијашто функција на Балканот била изведена во периодот од 1805 до 1809 год., а истражувањата во Македонија ги извел во 1806 година.  Лик располагал со солидни знаења од географија, политичка историја и класични науки. Во својата долгогодишна кариера бил во политичка и воена служба, археолог, филолог и истражувач на Балканот, а особено се интересирал за културното и археолошко минато. За време на својата мисија собрал голем број на

[4]*ЈеротиеРачанин*, 300. Повеќе за патеписот на Јеротие Рачанин види во Глава II.2.

антиквитети коишто ги пренел во Британија каде се чуваат и денес[5]. При својата посета на Македонија, Лик ги убицира станиците означени на Табула Појтенгеријана, меѓу кои и станицата Стенае (Stenas) што ја убицира кај Демир Капија. Тој овде дава и краток опис на Демир Капија:

> *На патот посочен во Табуларниот патоказ од Тауријана до Стоби се јавуваат овие растојанија и имиња: - 20 M. P. Идомени, 12 M. P. Стена, 11 M. P. Антигонеија, 12 M. P. Стоби, при што Стена или Клисура очигледно е преминот кој денес се нарекува Демир – Капија или Железната Порта, каде што на реката Вардар постои непосредно ограничување од една стрмна карпа, којашто на едно место е урната за да се направи патот. Оттаму, Идомени бил на реката Вардар, на околу дваесетина римски милји под Демир – Капија, веројатно на десниот брег* [6].

Покрај за Табула Појтенгеријана, Лик дава свои видувања и коментари за Ситалковиот поход во Македонија, забележан во делото на историчарот Тукидид. Во обидот за реконструкција на Ситалковкиот поход посочува дека границата помеѓу Македонското кралство и Пајонија најверојатно се наоѓа кај Демир Капија. Своите истражувања ги публикува во четиритомното издание *Travelsin Northern Greek,* а посебно интересен за Демир Капија е том 3[7].

Покрај со проучување на литерарните извори, некои од странските дипломати се бавеле и со ископувања. Таков е случајот со австрискиот конзул Јохан Хан (Johann Georgvon Hahn), којшто имал две експедиции на Балканот, првата била поврзана за трасирање на пругата Белград-Солун, а втората, поважна за Демир Капија, била изведена во 1863 година, финансирана од Австриската академија на науките. Оваа експедиција е изведена со цел да се утврди можноста за пловност на реките Дрим и Вардар[8]. Тој прво патувал по течението на реката Дрим[9] до Струга од каде пеш се движел преку Охрид, Ресен, Битола, Прилеп до Велес, од каде повторно пловејќи по реката продолжил кон Неготино, Демир Капија, Гевгелија сè до Солун. На оваа своја втора експедиција посебно бил заинтересиран

[5]Матковски 1991, 488.
[6]MarinLeake 1835, 442-443.
[7]MarinLeake 1835.
[8]Матковски 1992, 257.
[9] Авторот постојано реката Дрим ја нарекува Дрин.

за старините коишто можел да ги види, посетувал тврдини и се распрашувал помеѓу локалното население. Тој дури и вршел археолошки истражувања на Железната Порта (Демир Капија), односно на локалитетите Болница и Црквиште. Неговите истражувања, впрочем, претставуваат првите археолошки истражувања на просторот на Демир Капија. Во оваа негова експедиција Хан дава информации за археолошкиот локалитет Маркова Кула – хеленистичко и средновековно утврдување, како и за археолошките локалитети во Будур Чифлиг[10] и селото Дрен. Тој го советува локалното население да ги сочува епиграфските споменици што имал можност да ги види, поставувајќи ги во самата црква. Дава и драгоцени информации за патот низ клисурата пред изградбата на железницата.

> *Наредниот ден моите другари останаа покрај „Железните порти“ да ги фотографираат и да им ја одредат должината; јас пак заминав со меанџијата низ широката долина на Божова[11], откако на работниците им наредив за тоа време да ги ископуваат означените камења, зашто токму на десниот брег на Вардар (на местото каде што тој се свива кон железната порта) некогаш се наоѓал голем град – тоа уште на прв поглед се гледа од темелите што ѕиркаат на површината. Тука ми покажаа две големи коцки што се подаваа од земјата и ми рекоа дека во околината нема никакви други коцки ниту некакви камења[12].*

Неговиот патопис објавен во книгата *Reisedurchdie Gebietedes Drinund Wardar* претставува единствен извор за дел од епиграфските споменици коишто денес се веќе исчезнати или пак оштетени.

Последниот од групата на учени којшто престојувал во Демир Капија е германскиот офицер Карл Халд кој за време на Првата светска војна, во 1915 година, овде започнал да врши ископувања. Неговите ископувања може да се сметаат за предвесник на археолошките ископувања во Демир Капија, особено поради фактот што тие се уредно публикувани во монографското издание *Aufden Trümern Stobis,* каде покрај старините од Стоби, Паликура Росоман, Сирково, цело поглавје посветува на старините од Стена,

[10] Денешното име на Будур Чифлиг е Чифлиг.
[11] Река Бошава.
[12] Hann 1867, 160-173. Според описот кој го дава, најверојатно станува збор за локалитетот Црквиште каде ги евидентира римските ари коишто и денес се наоѓаат на оваа локација.

односно од Демир Капија и веќе во тоа време напуштената населба Оризари[13]. Тој ги изведува првите ископувања на лок. Црквиште, како и на просторот на лок. Болница каде што открива водовод во должина од 66 м. Своите наоди уредно ги објавува, а ја изработува и првата скица со архитектонските остатоци од населбата.

### I.3.2. МУЗЕЈСКО-КОЛЕКЦИОНЕРСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ

Во периодот помеѓу двете светски војни, на просторот на Демир Капија дејствуваат археолози од Народниот музеј во Белград, подоцна Музејот на Кнез Павле. Тогаш дејноста е повеќе насочена кон колекционирање на случајно откриените старини на овој простор, како и документирање на епиграфските споменици лоцирани на просторот на Демир Капија. Во повеќе наврати, во истиот период, се публикувани движни наоди случајно откриени при изградбата на Болницата во Демир Капија, а овде подолго време се задржале археолозите Ј. Петровиќ, Н. Вулиќ и А. Станојевиќ, како и архитектот А. Дероко[14].

### I.3.3. ИСТОРИЈАТ НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Првите официјални сондажни и систематски истражувања на археолошките локалитети во Демиркаписко започнале по Втората светска војна, односно кон крајот на четириесеттите години на минатиот век. Во овој период формирано е координативно тело и голема стручна екипа од археолози од повеќе републики во ФНР Југославија. При овие истражувања ископувани се повеќе локалитети од праисторијата па сè до средниот век. Истражувањата се од заштитен, сондажен и систематски карактер, а се изведени од страна на Народниот музеј, подоцна Археолошки музеј во Скопје, во периодот од 1947-1948 до 1950-1952 година. Истражувањата до 1950 година се од сондажен карактер, додека во 1951 и 1952 година се истражувања од систематски карактер. Раководител на истражувањата е Душанка Вучковиќ Тодоровиќ, а во тимот биле вклучени Блага Алексова, Јосип Корошец, Паола Корошец, Јоже Каштелиц, Невенка Петровиќ-Спремо, Миодраг

[13]Hald 1917, 51-68.
[14]Петровић 1937, 44.; Петровић 1938, 239-241.; Vulić 1938.; Станојевић 1923, 293-300.; Дероко 1937, 39-41.

Грбиќ, Димче Коцо, Петар Лисичар, Константин Петров, Крум Томовски, Гордана Цветковиќ Томашевиќ, Ивица Дегмеџиќ, физичкиот антрополог Стане Доленец и други. Во овие обемни археолошки кампањи истражуван е поширок простор на неколку сектори и тоа: Манастир и Варници, Црквиште и четвртиот сектор е сочинет од голем број на контролни ровови по целиот терен кон запад[15]. Овие истражувања се само делумно публикувани. Соодветно се објавени наодите од праисторискиот[16] и античкиот период[17], додека наодите од средниот век се публикувани само од секторот Црквиште, но не и од останатите сектори. Сепак, покрај дел од наодите во публикацијата за Црквиште се сместени и наоди од Манастир-Демир Капија. Од овие истражувања, целосно непубликуван е четвртиот сектор, односно резултатите од сондирањата на просторот западно од Црквиште, Манастир и Варници. Монографското издание за овие ископувања коешто било во план на истражувачкиот тим, најверојатно е прекинато со земјотресот кога е срушен Археолошкиот музеј во Скопје при што неповратно е изгубен дел од техничката и теренската документација[18].

По завршување на овој проект, истражувањата продолжуваат само на секторот Црквиште-Демир Капија, под раководство на Блага Алексова. Во следните кампањи таа го истражува сакралниот објект и доцноантичката и средновековна некропола што се простира околу самата црква. Овие резултати се монографски публикувани[19]. Истражувањата на овој локалитет се изведени од 1952-1954 и 1956 год. Иако на овој простор се вршени расчистувања и при претходните истражувачки кампањи.

По подолга пауза, истражувањата во Демир Капија продолжуваат во 1969-1970, 1972 и 1974 година, под раководство на Викторија Соколовска и Радмила Пашиќ. При овие археолошки кампањи е истражуван просторот на секторот Болница во рамките на заштитните археолошки истражувања при изградбата на административна зграда за Специјалниот завод за деца во Демир Капија, а дополнително се вршени помали ревизиони истражувања на секторите Манастир и Варници. Во 1974 година за првпат се

[15]Вучковић-Тодоровић 1961, 232-238.
[16]Корошец 1956, 90-107.
[17]Вучковић-Тодоровић 1961, 229-269.; Вучковић-Тодоровић 1958-1959, 281-286.; Vučković-Todorović 1957, 17-18.; Vučković-Todorović 1959, 9-10; Петровић, 217-227.
[18] Во известувањето 5187/1 што се чува во НКЦ, стои дека решението за ставање под заштита на Демир Капија, како и документацијата од археолошките ископувања во 1948-1952 година, се изгубени во скопскиот земјотрес во 1963 год.
[19]Aleksova 1966.; Алексова 1955-1956: 91-93.; Алексова 1957: 47-57, T.I-III.

направени сондажни истражувања и на локалитетот Маркова Кула с. Корешница[20]. Истражувањата на Маркова Кула се први истражувања изведени во Демиркаписката Клисура на нејзината северна страна, односно од левата страна на р. Вардар. Ова се и последните поголеми археолошки истражувања на просторот десно од реката Вардар.

Во следните децении на просторот на Демир Капија се вршени археолошки истражувања од помал обем и тоа главно од левата страна на реката Вардар. Во 1989 год. е истражуван локалитетот Каменот-Корешница, под раководство на Живоин Винчиќ[21]. При овие истражувања се откриени хоризонти од класичниот до средновековниот период. Подоцна на просторот на с. Корешница археолошки истражувања врши проф. Елица Манева, истражувајќи ја пространата средновековна некропола во месноста Крстеви, Стари Лозја и Копанец-Корешница[22]. Во неколку наврати е истражувана и некрополата Огради-Бистренци, под раководство на Лидија Блажеска[23]. Во 2007 и 2008 година, под раководство на проф. Марјан Јованов е истражувана некрополата Грамаѓе-Корешница, каде што се откриени погребувања од архајскиот и класичниот период, а на дел од просторот и архитектонски остатоци од профана градба. Во истата 2008 година, по долги години пауза, проф. Виктор Лилчиќ врши сондажни археолошки истражувања на локалитетот Маркова Кула-Корешница[24].

Во последната деценија се истражувани неколку локалитети во Демир Капија, меѓу кои Болница, под раководство на Кире Ангелов во 2010 год., и на проф. Антонио Јакимовски во 2011 година, пештерата Змејовец, под раководство на проф. Марјан Јованов во 2013 година, заштитните археолошки истражувања во функција на изградба на коридорот X, на разни локации но една од најзначајните е Црквиште-Корешница, под раководство на Василка Калеова. Од авторот на овој труд, почнувајќи од 2015 год. во повеќе наврати се истражувани неколку локалитети и тоа: Кале – Стрезов Град-Челевец (2015-2018, 2020), Маркова Кула (2016) и Црквиште-Корешница (2016). Резултатите од овие истражувања ќе бидат прикажани подолу во текстот[25].

---

[20]Соколовска 1973-1974, 183-192.; Соколовска 1978, 93-112.; Пашиħ 1975, 155-158.
[21]Карпузова и Нивес Петров 1996, 77-89.
[22] Манева 1995, 223-243.; Манева 1996, 271-280.; Манева 1999, 339-356.; Манева 2000.
[23] Блажевска 1995, 189-205.; Блажевска 1994, 201-212.; Блажевска 1998, 381-387.; Блажевска 2005, 239-253.
[24] Лилчиќ 2008, 2-26.
[25] Петров 2017, 71-78.; Петров 2018, 135-151.; Petrov 2018, 405-425.; Резултати од ископувањата на лок. Маркова Кула, с. Корешница и лок. Кале-Стрезов Град, с. Челевец, презентирани на XXIV симпозиум на МАНД одржан во Струга од 8-10 мај 2019 год. Истите се во фаза на публикување Петров 2021а (во печат).; Петров

# ГЛАВА II
# ГЕОЛОКАЦИСКИ ОСОБЕНОСТИ И ПОГОДНОСТИ НА АРЕАЛОТ

## II.1. ГЕОГРАФСКО-МОРФОЛОШКИ ОСОБЕНОСТИ НА ТИКВЕШКА КОТЛИНА

Железната порта или Демир Капија претставува почетниот, западен дел на Демиркаписката Клисура, односно просторот каде што варовничките карпи се извишуваат скоро вертикално и до 200 метри во височина над нивото на реката Вардар. Населбите на просторот на Железната Порта се во постојана интензивна комуникација со Медитеранот на југ, но, сепак, географски и културно овие населби се дел од Тиквешката Котлина или Тиквеш како што се нарекува овој регион. Затоа во описот на географското опкружување на Демир Капија, главно, ќе се посвети внимание на географијата на Тиквеш.

*Тиквешка Котлина.* Областа Тиквеш претставува микрорегион во Тиквешко-гевгелискиот мезорегион, односно во Средновардарско-струмичкиот макрорегион. *Тиквешкиот* го сочинува централниот дел на Повардариeто. Се состои од брановидно рамниште, издигнато непосредно над речното корито на Вардар и ридско-планинско земјиште. Овде најдобро се изразени речните тераси на Вардар. На север се граничи со Велешката Клисура, на запад со Клепа и одгранките на Бабуна, Дрен и Мариовските Планини (Кожув), на југ со Демиркаписката Клисура, а на исток со Конечка Планина (Серта). Во овој микрорегион најизразени се палеогените седименти, што му даваат специфичен пејзажен изглед. Микрорегионот се смета за најаридно подрачје во Републиката, па затоа, особено од левата страна на Вардар, се гледа наполна обесшуменост, со појави на полустепска тревна вегетација[26]. Вака омеѓенаТиквешката Котлина зафаќа површина од 2518 км$^2$, што се наоѓа помеѓу 100 и 2166 метри надморска височина[27], додека самото рамниште зафаќа површина од 604 м$^2$ и се наоѓа на висина од 100 до 300 м н. в.[28] Котлината има издолжен

2021б (во печат). Кон крајот на оваа година ќе биде публикувано монографско издание за ископувањата на рановизантиската и средновековна црква со некропола од лок. Кале-Стрезов Град, под уредништво на авторот на трудот.

[26] Панов 1976, 125-126.

[27]Стојмилов 2003, 88.

[28] Панов 1976, 34.

облик со должина од 50 км и ширина од околу 40 км. Припаѓа на Вардарската зона којашто претставува тектонски ров. Настаната е со интензивни тектонски процеси што се одвивале сè до неогенот, така што котлината е постара од среден олигоцен. Во езерската фаза овде егзистирале две езера: Тиквешко и Раечко коишто комуницирале преку Дервенската Клисура (карта 3).

*Релјеф.* Во релјефот на брановидната Тиквешија се издвојуваат неколку просторни целини. Така, од десната страна на Вардар се наоѓаат: Раец којшто се протега по долината на Раечка Река од Плетвар до Дреновската Клисура; потоа е Росоманско Поле, па висорамнината Витачево што се простира југозападно од Кавадарци меѓу Црна Река и водоразделот на реката Бошава и пределот Бошава што го зафаќа сливното подрачје на истоимената река Бошава. Од левата страна на Вардар, јужно од реката Бошава, се простира пределот Сландол, а јужно од с. Пепелиште е Пепелишко Поле. Просторот од Демир Капија преку Неготино до Црна Река е во вид на една пространа плоча, избраздена со суводолици со чести појави на тераси од денудационо потекло. Покриена со неогени песоци плочата е сува. Меѓу Црна Река и Градско се протега уште една зарамнина изградена од палеогени карпи препокриени со чакал. Платото Витачево е изградено со туфови кои лежат речиси хоризонтално. Коритото на Вардар често е затрупано со плавински материјал, а десно и лево од реката се наоѓаат тесни рамнини коишто често се водопловни. Нивната ширина ретко достигнува до еден километар, но со своите алувијални напласти претставуваат плодни земјишта. Песокливите ридови на левата страна од Вардар се мошне суви и голи со малку обработливо земјиште, така што целиот простор остава впечаток на вистинска степа[29].

*Води.* Тиквешко-раечката Котлина, којашто во последниот стадиум од егејско езерскиот период била посебен езерски басен, на повеќе места е пробиена со речни долини. Најважната црта во релјефот на котлината е долината на Вардар која од северозапад се пробива низ Велешката Клисура, а на југоисток низ Демир Капија. Во Тиквешката Котлина е средниот тек на Вардар. Таа овде е рамничарска река. Аридната клима, обесшуменоста и геолошката градба придонеле овде да се образуваат поголем број поројни водотеци коишто депонираат во Вардар големи количества на наносен материјал. Од поважните притоки на Вардар во оваа котлина се: Брегалница – којашто од исток се пробива низ

[29]Стојмилов 2003, 88-89.

Хисарската Клисура пред да се влие во Вардар, од југозападната страна планинската рамка е пробиена над Полошкиот Регион меѓу Рудине и Свети Илија, со клисурестата долина на Црна Река, која доаѓа од високата Мариовска Котлина, тече право на север и се влева во Вардар, нешто подолу и спротивно од реката Брегалница, и реката Бошава којашто се слева од висорамнината Витачево, а непосредно пред вливот на Бошава во Вардар во оваа река се влива реката Дошница чиишто извори се од височините на планината Кожув. Од помалите водотеци од левата страна се: Слатина, Пепелишка, Војшанска и Рибарска река; а од десната страна: Ваташка, Неготинска и Дисанска Река[30].

Маркантноста на реката Вардар во овој дел од Балканскиот Полуостров е посведочена во делата на античките писатели Хомер и Херодот. Во Хомеровата Илијада, реката Вардар наречена со нејзиното античко име Аксиј е придружена со епитетот широкострујна[31], па така говорејќи за воинственото племе Пајонци коишто доаѓале од широкострујниот Аксиј и ридестата Пајонија, писателот најверојатно ја имал во предвид територијата на Тиквешката Котлина. Нејзиниот разигран ридест релјеф и водниот тек којшто денес е регулиран, сепак во моменти на повисок водостој ја разлева водата по пониските тераси при што навистина се доживуваат стиховите за широкострујниот Аксиј.

*Области.* Во рамките на целата област, Раец со сливот на истоимената река се одвојува како споредна, мала котлина, споена со Тиквешко – дреновската Клисура, што реката Раец ја сече над устието во Црна[32]. Освен морфолошките разлики меѓу Раец и Тиквеш, во рамките на целата област постојат разлики и меѓу населението, а во време на Османлиската Империја Раец бил и посебна административна единица што се нарекувала Речна Околија (Дери-Кол)[33].

За време на посетата на В. С. Радовановиќ на Тиквешијата, кога тој ја изработува првата студија посветена на оваа област, со наслов *Тиквеш и Рајац : Антропогеографска испитивања,* авторот во Тиквеш, морфолошки ги одвојува сливот на Бошавица, која со својата притока Дошница некогаш сочинувале посебна околија, а и сега помеѓу локалното население се издвојува како Бошава или Бошавија. Ридовите околу врвот Клепа, северно од котлината Раец и меѓу Црна и Вардар ги смета за посебен крај кој се нарекува Клепа, а

[30]Стојмилов 2006, 203.; Радовановић 1924, 133.
[31] Хомер, *Илијада,* B 849.
[32]Радовановић 1924, 134.
[33]Радовановић 1924, 134.

под турска власт претставувал посебна, помала административна област. Тесниот појас на Тиквеш, на левата страна од Вардар, од Велешката Клисура до Демир Капија, го нарекува Јуруклук според побројното население, Јуруците, етнички сосема поинакво население од останатото во Тиквешијата[34].

Според Радовановиќ, на вистинскиот Тиквеш и на неговото јадро, останувaат средишниот и јужниот дел од котлината: плочестите и брановидни рамнини околу Ваташка Река, па до Вардар, Бошава и долниот дел на Црна; потоа клисурестата долина на Црна и повисокото земјиште околу неа, меѓу Витачево и Рудине, на границата кон Мариово; овде, од десната страна, во клисурата на Црна се влева Тиквешица, а над нејзиното устие се наоѓаат остатоци од град според кој целата околија го добила името Тиквеш[35]. Тој забележал дека Тиквеш, според населението овде, се простирал сè до топонимот Свети Никола, којшто се наоѓа помеѓу топонимите Карадаг и Штудер (види карта 2).

*Почви*. Со комплексното дејство на педогенетските фактори во Тиквешијата се образувале голем број почвени типови. По текот на Вардар, Црна, Бошава и Ваташка Река се јавуваат *алувијални* почви, погодни за одгледување на градинарски култури. На потегот Градско, Росоман, Марена, Кавадарци, потоа, Паликура, Возарци, Курија и во Неготино се раширени *смолниците* погодни за одгледување на винова лоза[36].

*Демиркаписка Клисура* – Демиркаписката Клисура е најмаркантната клисура на реката Вардар. Започнува од утоката на реката Бошава и се протега сè до с. Удово во должина од 19,5 км. Клисурата ги раздвојува Тиквешката и Валандовска[37] Котлина. Ј. Цвијиќ забележал дека Демир Капија се нарекува само почетниот, каменит и во варовник издлабен просек на р. Вардар[38]. Овде реката ја изградила својата долина најпрво во варовниците, па во базалти, дијабази и гранити. Кај Демир Капија се јавува и флишоидна формација, и тоа во падината на карбонатните карпи. Изградена е од бречи, конгломерати, песочници, лапоровити варовници и рожнаци. Карбонатната формација завршува со масивни варовници со дебелина од 300-500 метри. Единствена населба

[34]Радовановић 1924, 134.
[35]Радовановић 1924, 134.
[36]Стојмилов 2003, 89-90.
[37] Во почетокот на 20 век, позната како Бојмија.
[38]Демир Капија тој го нарекува варовничкиот масив, односно масивите денеска познати како Јуручки Камен и Мал и Голем Краставец низ кого реката Вардар го просекла своето течение. Цвијић 1906, 355.

непосредно покрај Вардар е само с. Градец, што значи дека денес е најретко населена Вардарова Клисура[39].

*Клима.* Географската положба и релјефот на Тиквешката Котлина претставуваат важни климатски фактори. Од север низ Велешката Клисура во котлината навлегуваат северните студени континентални влијанија што придонесуваат за снижување на температурите во зимскиот период. Од југ пак, низ клисурата Демир Капија, навлегуваат медитеранските влијанија што ја преобразуваат Тиквешката Котлина во еден залив на изменето-медитеранска клима. Од значење за климата се и планинските климатски влијанија што се спуштаат од планините Кожуф, Козјак, Дрен и Конечка Планина. Под комплексното дејство на сите овие климатски влијанија во Тиквешката Котлина се јавува своевидно изменета медитеранска клима, која во зимскиот дел од годината е под посилно влијание на континенталната клима, а во летниот период е понагласено влијанието на медитеранската клима. Поднебјето на Тиквеш, каде што се наоѓа и Демир Капија се одликува со недостиг на врнежи. Ова, пред сè, е последица на нарушениот медитеранско-плувиометриски режим, со средна годишна сума на врнежи од 509 мм. Најмногу врнежи паѓаат во есенските и пролетните месеци, а најмалку во летните. Месеците јули-септември се посебно сушни и врнежите во овој период изнесуваат во просек помеѓу 24-28 мм. Ваквата состојба ја прави Тиквешката Котлина најсушната област во Македонија, а и една од најсушните во регионот.

Просечните средногодишни температури во Демир Капија се движат околу 14° C, а најтопли се месеците јуни-септември, со средно месечни температури од 21-26° C. Највисоката измерена температура во Демир Капија изнесува 44,5° C. Температури над 40° C, во просек, се појавуваат на секоја трета година, додека над 35° C се појавуваат секоја година. Средната минимална температура е под нулата само во месецот јануари и тоа изнесува -1,3° C, додека минималната апсолутна температура на воздухот има достигнато до -23° C. Апсолутни минимални температури на воздухот под -15° C се појавуваат на секоја четврта година[40].

[39]Стојмилов 2003, 136.
[40]Малковски 1998, 13.

## II.2. ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ

Патната инфраструктура е еден од најважните елементи за брзиот развој на населбите, и на цели региони. Поставеноста на одредени населби во близина на патни правци коишто водат до главните трговски и економски центри претставува особен импулс за брз економски и културен развој, сепак, ваквите населби доста често се и на мета на бројните ограбувачки походи коишто најчесто се движат кон големите градски центри. Регионот на Демир Капија ја имал таа среќа да бележи брзи подеми, но и уште поголеми падови условени од својата позиција на еден од најфреквентните балкански патни правци, почнувајќи одраната антика, па сè до денешно време.

Средновековната патна мрежа на Балканот, во суштина, ја наследила античката која на места со помали или поголеми промени е адаптирана на новите околности и потреби[41]. Со оглед на тоа што најголемиот број на средновековни населби и тврдини се лоцирани преку остатоците од античките градови и населби, а особено врз рановизантиските тврдини, ова се чини како целосно оправдано. Впрочем, и денешната патна мрежа е само континуитет на античките и средновековни патишта на Балканскиот Полуостров коишто главно се движеле по речните долини, како и преку планинските превои. Во доцната антика е забележано мало незначително поместување на патиштата од рамниците коишто често биле поплавувани од реките, кон рабовите на истите.

Патувањата коишто ги преземало средновековното население биле од најразличен карактер. Во изворите се забележани патувања на свештенството, трговци, просјаци, гласници, превозници итн., а секако најчести биле воените маршови[42].

Најзначајниот и најпознатиот патен правец којшто поминувал низ Македонија е секако стариот кандависки пат, или во времето на Римската Империја *Via Egnatia* којшто ги поврзувал Драч и Солун со Истанбул[43]. Следниот по значај е Вардарскиот пат- крак на Царскиот друм или античкиот *Via Militaris,* којшто од патот Белград-Софија-Константинопол[44] се двоел кај Ниш и продолжувал кон Скопје и надолу по течението на

[41] Лилчиќ 1994, 112-113.; Belke 2008, 295.
[42]Порчић 2004, 195.
[43] Користењето на терминот Истанбул за овој период не е соодветен, но со оглед дека за името на овој град се употребуваат повеќе називи низ историјата, од Визант, Константинопол, Цариград, до Стамбол и Истамбул, а заради избегнување на забуни, ќе биде употребуван само современиот назив за овој град.
[44] Овој пат по турските освојувања на Балканот е нарекуван Цариградски пат. Спореди кај Зиројевић 1976.

Вардар до Солун. Вака организираниот патен правец се движел по течениjата на реките Јужна Морава, Лепенец и Вардар, според едни автори, додека по други автори- од Ниш преку Косово на територијата на Улпијана и понатаму влегува во Скопско преку Качаничката Клисура[45]. На крај, но не помалку значаен бил дијагоналниот пат *Via Diagonalis* којшто ги поврзувал *Via Militaris* со *Via Egnatia* и се движел од античка *Serdica* или Софија преку *Pautalia/Ќусѿендил* до *Stobi* на Градско и понатаму по течението на Црна Река до *Heraclea Lynkestis/Биѿола* каде се спојувал со *Via Egnatia*[46]. Патот Скопје-Солун и Софија-Битола се вкрстувал некаде околу античкиот град Стоби, односно во Тиквешката Котлина, на само триесетина километри северно од влезот во Демиркаписката Клисура. Трасите на овие патишта во Македонија, во најголема мера, можат да се реконструираат на основа на патниот итинерариј *Tabula Peuntengeriana*[47].

## II.2.1. ГЛАВНИ ПАТИШТА

Во оваа група спаѓаат патиштата коишто поврзуваат градови и тврдини на поголема оддалеченост, поминувајќи преку повеќе региони. Овие патишта се од широк јавен интерес, а првенствено служеле за три основни намени. Првата е во служба на војската, втората на администрацијата, а на крај сите се наменети за трговија и во служба на приватни патувања[48]. Просек е директно поставен на еден од позначајните главни патишта по Вардраско-моравската Долина, овој крак на војниот пат е забележан во споменатиот итинерариј.

### II.2.1.1. Солун – Просек (Демир Капија) - Велес – Скопје – Ниш – Белград

Оваа траса којашто се протега со правец југ-север ги поврзува Солун со Белград како најоддалечени точки, односно Егејското Море со Подунавјето . Трасата е крак од

[45]Микулчиќ 1982, 54-56.; Лилчиќ 1994, 115-116.

[46] Лилчиќ 1994, 114.; Јованов 2002, 11-22.; Ристов 2005: 125-148.; Цветанов 2014: 141-171. Шкриванић 1974, 82-102.

[47] Претставува единствен *intinerarium pictum* сочуван како средновековна копија. Оригиналот е најверојатно составен во текот на 4 век, а во него се вметнувани дополнувања до средината на 5 век. Спореди Belke 2008, 296.

[48]Belke 2002,74.

античкиот пат V*ia Militaris*, којашто со главниот пат што ги поврзувал Белград – Ниш – Софија – Истанбул, се приклучувала кај Ниш. Основата е античка, но претрпела мали незначителни промени во средниот век. Врз основа на споменатиот итинерариј, како и преку теренските проспекции со голема прецизност може да се одреди најголемиот дел од самата рута. Во средниот век за користењето на оваа траса се дознава главно од наративните извори, од коишто може да се дознае многу малку за точната траса или за нејзината организација.

Првиот кој, најверојатно, ја споменува оваа патна траса е Константин VII Порфирогенит, забележувајќи притоа „дека од Солун до Белград кој лежи на реката Дунав има осум дена пат, ако се патува без брзање и со одмор“[49]. Користењето на овој пат за прв пат со сигурност е забележано во делото на Теодор Скутариот[50] што се однесува на годината 1197, односно на неуспешниот поход на Алексеј III Ангел на Просек. Од ова дело дознаваме само дека царот Алексеј III од Цариград се упатил кон Солун и оттаму кон Просек. Поинтересен е делот каде што авторот наведува дека патот во клисурата бил широк толку колку да помини еден пешак или коњаник[51]. За истите случувања, современикот Никита Хонијат дава помалку податоци[52]. Тој напоменува дека царот тргнал од Кипсала, стигнал

[49]Constantine, *De Adm. Imp.,* XLII., Овде не е сигурно дали византискиот цар мисли на патната траса која од Дојран би одела кон Валандовои бисе споила со Вардар кај Удово продолжувајќи покрај самата река во правец на Скопје или другата траса која од Дојран би одела кон Струмица и оттаму преку Радовиш, Штип, Овче Поле и Куманово би навлегла во Моравската Долина. Првата варијанта е поверојатна, но не треба да се отфрли ниту втората која иако поретко употребувана, сепак, била активна во средниот век за што сведочи и Никифор Григора. Тој како пратеник на српскиот двор со цел во Цариград да ја врати ќерката на Теодор Метохит, се движел од Сер кон Струмица и оттаму кон Скопје. На враќање, после еден ден јавање, тој се раздвоил од кесариса Ирина којашто патот го продолжила кон Солун, а тој по скратен пат се упатил кон Цариград. *Gregora,* 620-627.

[50] Теодор Скутариот (Θεόδωρος Σκουταριώτης)живеел во втората половина на 13 век. Автор е на делото Хроника, напишано во 1282 година. Поголемиот дел е компилација на постари текстови. За настаните поврзани со Просек, очигледно е дека ја користел Историјата на Никита Хонијат, сепак, на одредени делови дополнува со други дела, но и сопствени видувања. Околу положбата на Просек дава нешто повеќе податоци од она што во својата Историја го донесува Н. Хонијат. Спореди *ГИБИ*VIII, 214.

[51]*ГИБИ* VIII, 256-257. Ова наведува дека овој пат, барем на преминот од 12 во 13 век не бил наменет за колски сообраќај. Транспортот на стоки, најверојатно се одвивал по принципот на каравански транспорт.

[52] Никита Хонијат (Νικήτας Χωνιάτης) е еден од најдобрите византиски историчари. Роден е кон средината на 12 век во Фригија. Својата државна служба ја започнал во времето на Мануил I Комнин, а за време на династијата на Ангелите брзо напредувал во византискиот двор. Го придружувал Исак II Ангел за време на воените походи кој тој ги предводел. Според деталите коишто ги изнесува за походот на Алексеј III Ангел на Просек, може со сигурност да се претпостави дека активно учествувал и во овој поход. По доаѓањето на Алексиј V Мурфузул во 1204 година, бил сменет од функциите коишто ги извршувал по што заминал во Никеја каде и го завршил својот живот помеѓу 1210 и 1220 година. Спореди *ВИИНЈ* IV, 107-108. Случувањата коишто се однесуваат на Просек се опишани во неговата обемна историја, како и во беседата посветена на Алексиј III Ангел по победата на ДобромирХрс.

во Солун и оттаму тргнал во напад на Хрс и Просек[53]. Иако авторот дава извонреден опис на локацијата и приодот до самата тврдина, сепак е оскуден со податоци за трасата на патот помеѓу Солун и Просек. За него преовладува мислењето дека тој се движел од десната страна на Вардар, низ клисурата[54].

Најцеловити информации за оваа траса се добиваат од Историјата на Јован V Кантакузин (1347-1354)[55], а неговите известувања се потврдени и од страна на уште еден современик Никифор Григора[56]. Во времето на Првата граѓанска војна помеѓу узурпаторот на престолот Јован Кантакузин и регентството на малиот легитимен наследник Јован V Палеолог (1341-1391), откако Кантакузин изгубил голем дел на своите приврзаници од Гинекокастрон (Женско)[57] се упатил кон Просек, каде што пренокил на влезот во клисурата. Кога управникот на тврдината Михаило ја видел византиската војска, поставил заседа плашејќи се дека доаѓаат во ограбувачки поход. Но, кога самиот се уверил дека таа е предводена од страна на Јован Кантакузин, кого го познавал од претходно, му пришол со проскинеза, му обезбедил слободен премин и пренокиште, а војската ја снабдил со потребните намирници. Тој ден го поминал во Просек, а наредниот ден кога тргнал, веднаш ја поминал реката Вардар и продолжил кон север со намера да оствари средба со српскиот крал Душан. На патот, пред Велес од спротивната страна на Вардар, го

---

[53]Chon., *History*, 277-279.

[54] Лилчиќ 1994, 115.; Микулчиќ 1989: 65-66.

[55] Јован V Кантакузин (Ἰωάννης Καντακουζηνός) е византиски цар и писател, роден е во 1295 година во Цариград, а во 1383 година го завршува својот живот како монах Јоасаф. Кантакузин пред да ја узурпира царската титула, во 1341 година, ја носел титулата голем доместик. Бил близок соработник на Андроник III Палеолог, на чија страна стоел во граѓанската војна (1321-1328) против неговиот дедо Андроник II Палеолог. Во 1330 година бил определен за регент на неродениот син на Андроник III, но една деценија подоцна по смртта на византискиот цар, тој не го добил регенството, што било повод за отворена борба против цариградската власт. Во 1341 година, се прогласил за цар, а во 1347 се крунисал. По завршувањето на граѓанската војна самостојно владеел, сè до 1354 година, кога во Втората граѓанска војна бил поразен од легитимниот наследник. По ова, Кантакузин се замонашува. Како духовник, во вид на мемоари, ја напишал позната Историја којашто што е најобемното дело за византиската историја во периодот на првата половина на 14 век, а се однесува на периодот од 1320 до 1354 година. Ова историско дело настанало во седмата деценија на 14 век, секако пред декември 1369 година. Спореди *ВИИНЈ* VI, 297-306, со таму цитираната обемна литература.

[56] Никифор Григора (ΝικηφόροςΓρηγορᾶς) е еден од позначајните интелектуалци на доцновизантиското време. Роден е околу 1295 година, во Хераклеа на Понт. Бил ученик на Теодор Метохит. Се интересирал за астрономија, а бил и силен противник на исихасмот што му довело голем број на неволји. За време на својот живот одбивал државни служби. Животот го завршил помеѓу 1358 и 1361 година. Напишал голем број на расправи и студии. За Просек најзначајно е неговото дело „Ромејска историја", коешто го опфаќа периодот од 1204 до 1358/9 година. Спореди *ВИИНЈ*VI, 145-153.

[57] Според составувачите на *ВИИНЈ* VI, оваа тврдина била подигната по српското освојување на тврдината Просек, за да го штити приодот до Солун. Новата тврдина била утврдена со силни кули и бедеми за да може да го бранат и жени, па затоа и го добил името Γινεικοκαστρον или Женско. Спореди *ВИИНЈ* VI, бел. 63.

забележал ктиторот на Лесновскиот манастир, Јован Оливер[58]. Бидејќи реката овде не била погодна за поминување, Јован Оливер му го посочил местото каде можел лесно да се префрли на спротивниот брег, по што оствариле средба. По ова, узурпаторот на престолот бил угостен во резиденцијата на овој виден властелин, а потоа Кантакузин го продолжил патот кон Скопје, додека деспотот по скратен пат се упатил кон кралот Душан[59].

Од овој наративен текст на Јован Кантакузин се дознава дека патот којшто од Солун преку Гинекокастро водел до Просек, бил по левиот брег на Вардар, исто како и самата тврдина. Според него, наредниот ден откако ја одминале тврдината се префрлиле преку реката на спротивната страна и се движеле по десниот брег сè до околината на Велес, каде што биле пресретнати од Јован Оливер кој се наоѓал на спротивната страна на реката[60]. Кантакузин повторно ја преминал неа и бил угостен од лесновскиот ктитор, продолжувајќи потоа кон Скопје, додека Јован Оливер по скратен пат се упатил кај српскиот крал кој се наоѓал во долината на Морава. Дека Кантакузин пред пристигнувањето во тврдината Просек, постојано се движел од левата страна на Вардардополнително оди во прилог тоа што во текстот не се споменува преминување на реката пред пристигнувањето во Просек, иако тоа го забележува дословно[61].

Според познатите информации од наративните извори, може да се предложи следната траса на патот што од Солун преку Просек се упатувал кон Скопје:

---

[58] Јован Оливер бил моќен властелин во околината на Злетово. За време на овој настан, најверојатно ја носел титулата голем војвода, а подоцна и му биле доделени и титулите севастократор и деспот. Спореди *ВИИНЈ* VI, 380-382, бел. 90.

[59]*Кантакузин,* 377-385.

[60] Со оглед дека имотите на деспотот Јован Оливер се наоѓале од левата страна на Вардар, во пределот на Овчеполието и рудоносните предели во околината на Злетово, може со сигурност да се претпостави дека Јован Оливер бил од левата страна на реката, при што го угостил Јован Кантакузин во својата резиденција, за којашто Томовски1978, 248-249, 253-254., претпоставува дека се наоѓала кај селото Ѓуриште. Според него, владенијата на деспотот Ј. Оливер се наоѓале по средното течение на р. Брегалница со Злетово, Морозвизд и Пијанец. Спореди во *Историја на македонскиот народ* кн. прва 1969, 193. За територијата на неговите владенија види исто и кај Атанасовски 2009, 114; и во *ВИИНЈ* VI, б. 94, со таму наведената опсежна литература за оваа проблематика.

[61] Постојат бројни примери од наративните извори каде преминувањето на Вардар тоа е експлицитно забележано, иако останатите детали за самото патување не се дадени. При секој поход или патување кон Бер, изречно се наведува дека го поминале Вардар. Впрочем, и на прикажаниот извадок од наративниот текст на Ј. Кантакузин може да се заклучи дека иако недостасуваат детали за трасата по која патувале, не останува незабележан преминот преку Вардар, веднаш штом ја напуштиле тврдината. Според ова, доколку ја преминале реката некаде во Валандовската Котлина, ова не би останало незабележано од страна на писателот.

а) Солун – Дојран[62] – Удово – Градец – Челевец – Корешница –

одовде еден продолжувал преку Бистренци – Војшанци – Пепелиште и понатаму кон Велес и Скопје; додека другиот крак ја поминувал реката на просторот после Корешница и продолжувал кон Тремник, Долни Дисан и понатаму кон Велес и Скопје.

За постоењето на пат од левата страна на Вардар, користен уште од антички време, а сигурно употребуван во средновековниот период, доказ се бројните археолошки локалитети од левата страна на клисурата на масивот Јуручки Камен. Впрочем, во близина на превојот на Јуручки Камен, кон крајот на 4 век ст.е., е изградено силното воено утврдување на Маркова Кула-Корешница коешто го надвишува самиот пат. Очигледно е дека ова утврдување претставува крајпатна стража на овдешниот пат, со оглед што населбата се наоѓа на добро бранета природна локација, исто така зајакната со силни бедеми. Утврдувањето на оваа позиција е обновено и во доцноантичкиот период, а особено било активно користено во немирниот период, кон крајот на 12 и првата половина на 13 век. Во времето на Јустинијан, утврдената населба се напушта, додека крајпатната стража сè уште покажува одредени знаци дека иако со намален интензитет продолжила да егзистира. Во овој период утврдената населба се сели на подобро бранета позиција, повторно блиска покрај самиот пат, но, сепак, затскриена од директни напади. Во овој период таа се сели на лок. Кале-Стрезов Град, а патниот правец поминува во нејзина близина и се спушта по долината на Вардар. За постоењето на активна патна комуникација укажуваат и средновековните населби од отворен тип на лок. Трнче - Пепелиште, Ограда – Бистренци и Крстеви – Корешница[63], сите лоцирани од левата страна на Вардар, во непосредна близина. Дополнителен доказ е и селото Градец, лоцирано на левата страна од реката, за кое во турските пописни книги од 1570 година е забележано

[62]На оваа траса можно е патот од Дојран да продолжувал кон селото Грчиште од каде се спуштал во Валандовската Котлина, движејќи се по реката и навлегувал во Демиркаписката Клисура. Додека другата варијанта е од Дојран да се движел кон селото Фурка и понатаму кон Рабово и Валандово кај селото Удово да се придружил на долината на Вардар и спротивно на текот да продолжил кон селото Градец. Втората варијанта е поверојатна, бидејќи на просторот на Валандовската Котлина Вардар е доста широк и постојано го менува своето корито, притоа овде теренот е доста мочурлив. Втората варијанта е античката траса, претставена и на споменатиот патен итинерариј *Tabula Peuntengeriana.*

[63] Види во поглавјето некрополи.

дека вршело дервенциска служба[64]. Подоцните патеписци забележале дека во Градец се наоѓал и брод за преминување на реката[65].

Помеѓу наративните извори може да се насети дека покрај Вардар постоела и втора траса, во голема мера паралелна со претходната. Покрај погореопишаната епизода за средбата на Кантакузин со Јован Оливер кај Велес, ова може да се насети и во Историјата на Георгиј Пахимер[66], кој го опишува чинот на предавањето на византиската принцеза Симонида на српскиот крал Милутин што се случил на самата река Вардар, односно на средината. Ова упатува дека пратениците од византиска страна и пратениците од српска страна, едни кон други пристапиле движејќи се по спротивните брегови на Вардар[67].

Според пишаните извори, постарите патни итинерарии, како и археолошките локалитети можат со голема сигурност да ја одредат и втората страна на овој патен правец, која би се движела по следните точки:

> б) Солун – Дојран[68] – Удово – Градец – Клисура (старата локација) – Демир Капија-Чифлиг – Прждево – Тремник – Долни Дисан – Марена – Куријата.

Оваа траса ја следи долината на Вардар од левата страна, сè до селото Градец Клисура, каде ја преминува реката којашто на овој потег е најтесна и продолжува од десната страна на Вардар кон старата локација на селото Клисура и оттаму низ потесна исклесана патека до лок. Манастир, од каде се спушта во долината на реките Дошница и Бошава коишто ги поминува кај селото Чифлиг[69] и понатаму се упатува кон Тремник, Долни Дисан и понатаму кон Скопје.

Патот, што уште во римско време бил всечен во самата карпа[70], полека се искачувал на просторот на лок. Манастир каде од јужната страна се наоѓаат откриените остатоци од

---

[64] Турски документи V-III, 416-417.
[65] Хан 1876, 270.
[66]Пахимер, 55. Ваквата средба се случила на средина на реката бидејќи како што може да се види од известувањето на Пахимер, предавањето на Симонида било условено со земање на заложници.
[67] Според околноста дека Милутин во ова време веќе го држел Скопје, коешто му е потврдено како мираз при бракот со византиската принцеза, може да се претпостави дека размената била изведена некаде на територијата на Средно Повардарие.
[68]И за оваа траса важат варијациите за просторот помеѓу Дојран и Удово. Спореди погоре.
[69] Ова, всушност, претставува античката траса на Вардарскиот пат којашто била во функција за време на римскиот империјален период, детално прикажана на *TabulaPeuntengeriana.*
[70]Од десната страна на Вардар, исто така се наоѓал пат, но се чини дека комуникацијата по овој пат била поинтензивна за време антиката, каде што на влезот од клисурата, во текот на 2 и 3 век, од една крајпатна станица израснала населба со градски обележја. Значајот на овој пат во средновековието опаднал, но нема податоци дека тој бил целосно замрен. Според *Tabula Peuntegeriana* на XII римски

патот всечен во варовничката карпа, од кои се сочувани издлабените шини[71]. Постоењето на овој пат е забележано од подоцнежните патеписци од кои најраниот запис е од самиот почеток на 18 век, забележан од Јеротије Рачанин[72].

Постоењето на двата паралелни истовремени патишта може да најде потврда во турските пописи, кои иако се подоцнежни и датираат во 1570 година, упатуваат на ваквата состојба. Во пописот на селата во Тиквешката Нахија се забележани две дервенциски села со истото име Демир Капија[73]. Ако се знае дека Демир Капија претставува само масивот од двете страни на Вардар, може да се претпостави дека дервените со исто име се наоѓаат на

---

милји јужно од Стоби се наоѓала Антигонеа, додека на XI римски милји јужно од нејзе Стенае. Како што забележува Ф. Папазоглу, Стенае на оваа карта којашто е препис на карта од 4 век, се однесува само на клисурата, но не и на името на населбата. Спореди Папазоглу 1952, 265-266.; Папазоглу 1957, 242-243. Името на населбата на оваа карта не е забележано и доколку се погледнат археолошките остатоци од римската населба на влезот во клисурата, може да се претпостави дека таа во времето на создавањето на картата веќе не постоела, затоа и нејзиното име е изоставено. Сепак, античката населба овде, во текот на 2 и 3 век, го контролирала постариот антички пат којшто поминувал низ клисурата. Патот кај населбата ја поминувал делтата на реките Бошава и Дошница, коишто пред вливот во Вардар се разлеваат и продолжува на локалитетите Варници и Манастир, каде се наоѓа некропола од класичниот и доцноримскиот период, а на самиот врв каде што поминува патот, подоцна е изградена една крајпатна базилика. Одовде патот полека се спуша кон најтесниот дел од клисурата. На овој простор се забележаните остатоци од антички пат.

[71] Петровић 1961, 222, сл. 7-8., Шкриванић 1974, 101-102. Микулчиќ 1989, 77., претпоставува дека патот овде продолжувал кон врвот од масивот до превојот Постралец од каде се спуштал кон с. Клисура. Оваа варијанта иако изгледа како можна, сепак доколку подобро се разгледа околниот терен и остатоците од патот, може да се забележи дека тој се спушта кон клисурата, без тенденции да се искачи кон превојот. Од друга страна, пак, Ристов 2005, 121-141., е на мислење дека патот водел кон горното течение на реката Дошница до с. Дрен и понатаму до с. Петрово, каде повторно излегувал на Вардар. Мислењето на Ристов е оправдано, но треба и да се коригира, со таа разлика што патот кој го опишува не свртува кон Вардар, којшто овде е тешко да се помини, туку продолжува кон селото Серменин и понатаму кон Коњско сè до Ноти и Меглен. За овој патен правец види подолу во текстот.

[72] Јеротије Рачанин, патувајќи кон Ерусалим, поминал низ Демир Капија, очигледно по патот од десната страна на реката. Особено е интересна неговата забелешка дека на карпата, над самиот пат постоеле вдлабени букви коишто биле високи колку една педа. Нажалост, тој не дава повеќе белешки за овој натпис и што било на него испишано. Доколку оваа сосем кратка информација, ја споредиме со подоцното пробивање на тунелот од страна на германската војска за време на Првата светска војна, под раководство на германскиот маршал Мекензи и испишувањето на меморијален натпис над самиот тунел, може да се претпостави дека тој е инспириран и изработен, користејќи го како предлошка натписот кој овде го забележал *Јеротије Рачанин* 1704, 300. (Види повеќе во глава I.3.1). Изгледа веројатно дека Рачанин посведочил за меморијалниот натпис испишан при пробивањето на патот низ клисурата од страна римските инженери. Како сочуван пример за ваков меморијален натпис може да се земе *Tabula Traina* на претходно споменатиот пат покрај реката Дунав. Постоењето на натпис, што на жалост не е сочуван, наведува на претпоставката дека за време на Римската Империја од десната страна на реката бил пробиен пат којшто водел низ клисурата и ги спојувал градовите Стоби со Антигонеа и понатаму со Добер па сè до Солун.

Дека во клисурата постоел пат пред изградбата на пругата забележува и Ј. Г. Хан 1876, 259, вели дека заради бројните разбојници во одреден период овој пат бил напуштен, но со интервенција на Хусеин Паша, патот е повторно безбеден, а на него постојат дервенции коишто се грижат за безбедноста. Радовановиќ 1924, 323., забележува дека патот во турско време бил многу лош, но, сепак, со него се служеле тиквешките кирации, пренесувајќи стока до Солун. Според него, патот бил обновен од страна на Хаџи Исмаил од Гостивар, кон средината на 19 век.

[73] *Турски документи* том VI, кн. III, 417-418, 422-423.

спротивни страни од реката, како би можеле истовремено да ги контролираат патиштата од двете страни на реката коишто поминуваат овде. Едното од овие дервенциски села, А. Стојановски го лоцирата на старата позиција на селото Клисура, пред тоа да се помести кон запад. За позицијата на второто дервенциско село Демир Капија, А. Стојановски нема податоци за негово лоцирање, па претпоставува дека би можело да се наоѓа на влезот од клисурата, или пак некаде кај селото Дрен[74], двете овие локации се малку веројатни ако се знае за постоењето на дервенското село Градец, лоцирано во клисурата. Кон ова се надоврзува и етнографската белешка од крајот на 19 век на Ј. Цвијиќ кој посведочил дека постоеле два патишта, по еден од секоја страна на Вардар, но двата биле запуштени и во лоша состојба, но, сепак, патот од левата страна бил почесто користен[75].

Од овој пат, во Валандовската котлина се одвојувал друг пат којшто преку селото Костурино стигнувал до тврдината Струмица. Од друга страна, главниот пат кај Дојранското Езеро повторно се раздвојувал, при што главниот пат продолжувал кон Гинекокастро и понатаму до Солун каде што се спојувал со *Via Egnatia*, додека другиот крак од Дојран се упатувал кон течението на Струма и оттаму кон Сер.

### II.2.2. РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Покрај главните патишта, на територијата на Просек постоеле и патишта од помал значај коишто го поврзувале со одредени региони. Такви се патиштата коишто го поврзувале Просек со регионот на Конче и понатаму со Штип, односно Струмица, од една страна и регионот на Меглен и понатаму со Воден и Бер, од друга страна.

#### II.2.2.1. Просек – Конче - Струмица / Штип
Демир Капија – Бистренци – Липа – Калаџево – Лубница – Конче – Липовиќ

Просек често се поврзува со Струмица, тоа е пред сè што ДобромирХрс пред да го освои Просек ја држел оваа тврдина или гратче како што ја нарекува Григора. Подоцна, Просек

[74] Стојановски ?
[75]Цвијић 1906, 355.

и во црковна смисла бил потчинет на епископот во Струмица, затоа се претпоставува дека најдоцна од крај на 12 век, Просек морал да одржува интензивна комуникација со Струмица. Еден од патиштата беше истакнат погоре, како крак на Вардарскиот пат. Сепак, друга побрза комуникација, којашто локалното население ја користи и до денес е комуникацијата која се одвива помеѓу Калањево и Лубница и Конче. Овој патен правец би започнувал од селото Бистренци за коешто има претпоставка дека вршело дервенциска служба[76]. Одовде патот постепено би се искачувал до селата Липа и Калањево, од каде под врвот Бел Рид, започнувал да се спушта кон селата Лубница и Конче. Последните две села се потврдени во Кончанскиот практик како баштина на големиот војвода Никола Стањевиќ[77]. Од Конче, патот продолжувал кон селата Долни и Горни Липовиќ[78] од каде се двоел, кон север по течението на р. Крива Лакавица продолжувал до Штип и кон југ за Струмица[79].

### II.2.2.2. Просек –Меглен

Демир Капија – Чифлиг – Дрен – Петрово – Серменин – Коњско – Ума – Ноти – Меглен - Воден

Во средниот век, регионот на Просек се очекува да одржува интензивни врски со Megленската Област. Ваквата комуникација морала да биде особено истакната во текот на 11 век, кога Просек потпаѓа под црковна јурисдикција на епископијата на Меглен. Но, сигурно ваквите врски се продолжени и подоцна бидејќи, планината Кожув и масивот на Краставец како огранок на оваа планина, до крајот на 19 век, се нарекувани Мариовско-мегленски Планини. За користењето на оваа патна траса наоѓаме потврда и во пишаните извори. Пратениците коишто Јован Кантакузин ги упатил кон српскиот двор биле фатени

[76] Турски Документи V-III, 450-452. Стојановски 1965, 85, 68-69., според топонимот Вардица што се поврзува со селото Бистренци претпоставува дека истото вршело дервенциска служба. Сепак, во турските пописни книги од 1570 година, ова село ниту пак селото Дубљани со кое се споиле, не е ослободено од вонредните давачки и обичајните оптоварувања, што го доведува во прашање вршењето на дервенциска служба.

[77] Соловјев 1955, 92.

[78] Селото Липовиќ е забележано како дервенциско село, во 1530 година. Спореди Стојановски 1974, 234-235.

[79] За патната комуникација на просторот на Струмичко-радовишката Котлина во средниот век види повеќе кај Цветанов 2014, 141-171.

од страна на некој овчар Трибал (sic!) во близина на селото Давидово[80]. Овие пратеници, најверојатно биле упатени од околината на Воден кон престолнината на српскиот крал, притоа движејќи се преку Меглен, во планинскиот предел во близината на Давидово биле заробени[81]. Овој патен правец којшто бил најбрза врска помеѓу Меглен и Просек или Средното Повардарие останал во употреба и до средината на 19 век. Помеѓу забележаните дистанци во часови на повеќето дестинации што ги забележал Ј. Хан?. Се наоѓа и на правецот Воден-Кавадарци, преку Меглен-Петров-Демир Капија што изнесува 23 и половина час, што секако би било пократко за дестинацијата Меглен-Демир Капија[82].

## II.2.3. ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

### II.2.3.1 Просек – Рудоносни подрачја на Кожув

Во последната група спаѓаат локалните и/или економски патишта, користени од населението или за експлоатација и транспорт на одредени суровини. Во оваа група на патишта може да се вброи патот којшто од Демир Капија водел кон височрамнината Витачево и рудоносните подрачја на планината Кожув (Мариовско-мегленските Планини). По овој пат, може да се претпостави дека биле транспортирани полуфабрикати на метали коишто се ваделе од пределите на Рожден и Мајден, богати со железна руда. Експлоатацијата на овие рудници, сигурно е вршена уште во доцноантичко време, а може да се претпостави дека продолжила и во средниот век. Покрај ова, треба да се напомене дека овие региони се богати и со дрво, што исто така било доста баран ресурс[83]. Од Демир Капија до овие подрачја можат да се препознаат две патни траси, првата којашто е погодна за колски сообраќај и за транспорт на тешки и по обем големи стоки се движела по височрамнината Витачево каде до денес е фино сочуван калдрмисан пат (сл. ). Другата траса, најверојатно се движела по долината на реката Бошава. Оваа траса е тесна и кривулеста, но дозволува да се претпостави дека овде самата река била користена за

---

[80] Селото Давидово се наоѓа на десната страна на реката Вардар, веднаш по нејзиното излегување од Демиркаписката клисура. Ова село е забележано во 1570 година, во Турски дефтери том V, кн. III, 329-330, како дел од нахијатаБојмија.

[81] За оваа епизода, покрај византискиот цар Кантакузин, 376., известува, иако со помалку детали и Никифор Григора (Gregora, 264).

[82] Хан 1876, 447.

[83]

низводен транспорт на дрво до Демир Капија од каде понатаму во вид на сплавови се спуштал до Солун[84]. Двете предложени траси се следните:

а) Просек – Чифлиг – Прждево – Долни Дисан – Страгово – Мрежичко - Рожден - Мајден (рудоносни подрачја на Кожув)

Покрај овие три патни правци коишто поврзуваат оддалечени региони, на овој простор постојат и други локални или регионални патишта или друмови, коишто овозможувале патување и превоз на патници и стока. Еден од овие патишта е патот којшто од рудоносните подрачја на Кожув Планина, односно селата Мајдан и Рожден се спуштаат по течението на Реката Бошава, до с. Чифлиг и понатаму до Демир Капија. Еден крак од овој пат продолжува по висорамнината Витачево до селото Долни Дисан[85], од каде преку Неготино или поверојатно преку селото Тремник се спушта во Вардарската Долина и стигнува до с. Чифлиг и Демир Капија.

б) Просек – Чифлиг – Крњево – Долна Бошава – Горна Бошава – Конопиште – Мрежичко – Рожден – Мајден (рудоносни подрачја на Кожув)

## II.2.4. НАЧИН НА ПАТУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ

Средновековните патувања се одвивале пешки, со јавање, со запрега или со брод/сплав[86], додека пак транспортот на стока се вршел со коњи, магариња, маски, биволи и камили на самари или на запреги коишто можеле да бидат со една осовина – двоколки или, пак, со две осовини коли[87]. Заради лошите и тесни патишта, а особено долгата криза во Римската Империја која ја парализирала централната и градската власт, сервисирањето на

[84] Уште во античките извори е забележано дека од просторот на Македонија се обезбедувале дрва за весла при бродоградењето во Атина, во времето на Перикле. Кон ова треба да се додади податокот дека од селото Градец, во пописот од 1570 година, покрај останатото е забележано дека собиран ушур од дрво за буриња, штици, големи и подни греди и друго од планината Кожув. *Турски Документи* том V, кн. III, 416-417. Според Хан 1976, 272-273., од Градец било обезбедувано дабово дрво, додека од Мариово по Црна Река се спуштало борово дрво.Дрво од регионот на Средно Повардарие е продавано во Солун, сѐ до Втората светска војна, во 20 век. Дрвото било врзувано во вид на сплавови коишто служеле за речен транспорт на стоки. По пристигнувањето во Солунскиот Залив, стоките се претоварале на добиток, а сплавовите се растурале и се продавале за дрво (според сведоштво на мојот дедо Ј. Петров, роден 1924 год).

[85] Лилчиќ 1994, 116.

[86] Порчић 2004, 195.

[87] Шкриванић 1974, 30-36.

патиштата престанало. Ова придонело за нагло влошување на состојбата и безбедноста на патиштата, па во источниот дел на Империјата колскиот сообраќај, почнувајќи од крајот на 4 и 5 век, е скоро целосно напуштен. Ваквата состојба во голем дел ќе остане непроменета, сѐ до турската власт на Балканот, кога позначајните патишта се обновени, а изградени се и нови. Северните делови на Македонија коишто се претежно ридско-планински и онака имале потешкотии за изградба на широки и колски патишта. Колскиот сообраќај се одвивал само на кратки локални дестинации, претежно поврзан со транспорт на земјоделски продукти или, пак, при транспорт на суровини, како што се полуфабрикати од локалните рудници[88]. Единствено на локалниот пат којшто се движел по висорамнината Витачево може со сигурност да се каже дека се одвивал колски сообраќај, поврзан со транспортот на полуфабрикати на железна руда (сл. ). Останатиот вид на транспорт, на поголеми далечини сигурно се вршел на самари за што биле користени повеќе видови на животни, а најчесто маски, мулиња и магариња, коњите се поретко користени, а во 14 век има податоци и за користење на камили при транспорт на стоки[89]. Овој вид на каравански транспорт бил далеку поедноставен, побрз, а воедно и поевтин за разлика од колскиот[90]. Потврда дека кон крајот на 12 и 13 век, по Вардарската магистрала не се одвивал колски сообраќај, претставува записот на веќе споменатиот Скутариот којшто вели дека во клисурата патот е широк колку да помини еден човек или коњаник[91].

Покрај ова, треба да се претпостави дека дел од транспортот на стоки се одвивал и по речен пат, кој во суштина е економски многу поисплатлив доколку постојат услови, односно пловни реки. Никифор Григора при посетата на Скопје имал можност лично да ја посведочи реката Вардар за која вели „реката Аксиос којашто не е така голема кај изворот, но течејќи надолу и напојувајќи се со многу други реки и потоци го менува своето

[88]Belke 2008, 300-301.

[89]Употребата на камили за транспорт на стоки на Балканот археолошки е потврден на повеќе локалитети, најблиску се оние откриени при ископувањата на Царичин Град кај Лебане во Србија. Се среќаваат и во пишаните извори. Според житието на крал Милутин, стои дека тој го дарувал манастирот Трескавец кај Прилеп, покрај останатото и со камили. Вакви животни поседувал и Кантакузин, чиешто стадо брои околу 200 камили. Спореди Улезац 2015, 23-26. Во походот на Јован III Ватац против Епир, *Akrpolites*, 49.,забележал дека воените залихи од Бер до Острово биле транспортирани на мулиња и камили.

[90]Караванскиот сообраќај бил основен начин на транспорт до поголемите градски центри, особено до Солун, сѐ до изградбата на пругата кон средината на 19 век, но тој продолжил да се практикува и подоцна.

[91]Скутариот, 256. Според погоре во текстот.

име во Вардар (Βαρδάριον), понекогаш на места станува пловна“[92]. Превозот на стоки по речен пат е посведочен кон средина на 19 век, но сигурно има постари традиции. Овој начин се одржал сè до изградбата на железницата Скопје-Солун, по што овој вид на транспорт опаднал, но, сепак, во намален обем останал да се користи до Втората светска војна[93].

* * *

Со својата позиција на влезот во Демиркаписката Клисура, средновековната тврдина Просек се наоѓала директно на една од најпрометните балкански рути којашто го поврзувала Медитеранот со Континентална Европа. Природните карактеристики на клисурата овозможиле, во одреден период Просек да ја врши целокупната контрола на овој патен правец, кој доколку некој се движел по Вардарско-моравскиот пат не можел да го избегне. Ваквата патна мреже била воспоставена уште во античко време, а со мали промени егзистира и до денес. Единствено за време на турската власт, Вардарскиот пат губи на значај, бидејќи во тоа време актуелна станува патната траса од Дојран преку Струмица и натаму кон Штип којашто дозволувала колски сообраќај за којшто Демиркаписката Клисура не била погодна. Од Просек лесно се стигнувало во сите правци. Кон југ бил поврзан преку Дојран и Гинекокастро со Солун, а преку еден крак на овој пат со Сер. Со посебен пат преку селата Дрен и Петрово остварувал комуникација со регионот на Меглен и понатаму кон Воден, Острово и Бер. По истиот Вардарски пат кон север бил поврзан со Велес и Скопје. На запад, преку дервенциското село Костурино со Струмица, а преку планината Серта и со баштината на Никола Стањевиќ и понатаму од раскрсницата на селото Липовиќ со Струмица кон југ и Штип кон север. Патни комуникации постоеле и на запад по течението на реката Бошава до рудоносните подрачја на Кожув, до нив се стигнувало и по друмскиот пат кој водел преку висорамнината Витачево сè до Мајден. До

[92]Gregora, 234-235.

[93]Патеписот на австрискиот конзул Ј. Г. Хан оставил драгоцени информации за сплаварењето по Вардар, за време на неговата експедиција, во средината на 19 век. Тој патувал на сплав од Велес преку Демир Капија до Солун, пришто оставил мошне интересен патепис. Исто така, забележал дека жителите на Градец од околината на Демир Капија биле вешти изработувачи на сплавови. Спореди Хан 1876, 236-285, особено 272-273. За сплаварењето до почетокот на Втората светска војна види погоре.

Прилеп и Битола се стигнувало со отклонување од Вардарскиот пат кон запад, по течението на реката Црна, но и преку Плетварскиот превој.

Патиштата коишто биле во непосредна близина на Просек се класифицираат во три групи и тоа: I. Главни патишта, II. Регионални патишта и III. локални патишта. Транспортот по нив се одвивал главно на самари, а единствено патот по Витачево нуди можности за колски сообраќај. Користени биле разни животни меѓу кои магариња, мулиња, мазги, поретко коњи, а изворите даваат можност дека биле користени и камили.

Како начин на транспорт на стоки, најверојатно бил користен и речниот, вршен низводно по реката Вардар до Солун, на дрвени сплавови коишто освен што претставувале начин на транспорт тие биле и ресурс којшто бил продаван во пристаништето на Солун.

# ГЛАВА III
# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

## III.1. ТВРДИНИ И СЕЛА

Од ареалот на средновековен Просек досега не се истражувани средновековни населби – села, па така многу малку се знае за изгледот на средновековните села, живеалиштата и организацијата на секојдневниот живот. За разлика од селата, утврдените населби се подобро познати. Тие, во ареалот на Просек заземаат високи, природно бранети локации, дополнително заштитени со изградба на бедеми на лесно ранливите позиции, додека онаму каде нема потреба тие се изоставени. Освен утврдената рановизантиска населба на Кале-Стрезов Град, сите останати се подигнати на места каде што постоеле утврдувања или утврдени населби уште од хеленистичкиот и доцноримскиот период. На тврдините од ареалот на Просек не може да се забележи правилно уредување по претходно утврдена схема. Ваквото уредување не било можно заради теренот којшто го условувал градењето или неградењето на одредени ѕидови, или нивниот правец и организација. Затоа е беспредметно на ваков простор да се бараат аналогии за одредени архитектонски појави бидејќи најголемиот дел од нив се единствени, создадени согласно условите на теренот. Подобрата пристапност до утврдувањата од левата страна на Вардар овозможиле нивна подобра документираност, за разлика од десната страна за која помалку се знае. Во овој преглед ќе бидат претставени лок. Марков Град, Кула и Маркова Кула во атарот на с. Корешница, како и Кале-Стрезов Град, с. Челевец, сите од левата страна на Вардар, додека од десната ќе бидат претставени само Кула на Постралец и Градина, во атарот на Демир Капија. За населби од типот на села, има само одредени укажувања за постоење на населба од отворен тип на локалитетот Ограда-Бистренци.

## III.1.1. ТВРДИНИ

### III.1.1.1. Кале-Стрезов Град – Челевец (пл. 1, фот. 13-32)

Локалитетот Кале-Стрезов Град се наоѓа на левата страна во Демиркаписката Клисура, на вливот на Челевечка Река во реката Вардар. Масивот на Кале-Стрезов Град е варовнички, чиишто страни се извишуваат вертикално по повеќе од 200 метри. Самиот масив е одвоен од Тиквешката Котлина со масивот на Јуручки Камен и длабокиот кањон на Челевечка Река (фот. 13). Ваквата позиција доволно го затскрива од директните напади коишто најчесто доаѓале од север.

Оваа утврдена населба за првпат е рекогносцирана од страна на И. Микулчиќ, заедно со група на соработници од Филозофски факултет. За време на рекогносцирањето е исцртан идеен план на самата тврдина и собран е движен археолошки материјал. Првите археолошки истражувања се изведени од страна на авторот на овој труд, во 2015 година, и се одвиваат до денес, единствено со прекин во 2019 година.

На археолошкиот локалитет е целосно истражена ранохристијанска и средновековна црква со некропола, дел од западното обѕидие, источното обѕидие со кула 1, два објекти и дел од кула 2.

Тврдината на Кале-Стрезов Град е лоцирана на варовничко возвишување коешто е долго приближно 1000 м. Најголемата ширина е приближно 450 м. Положен е во правец север југ, со мали отстапувања. Морфолошки е поделен на три зони, и тоа северна, централна и јужна.

*Северна зона*

Северната зона е најпристапна и до неа води единствениот пат до тврдината. По стрмна падина, таа е достапна и од источната страна. На крајниот северен дел од оваа зона се наоѓа зарамнето плато, единственото поголемо на овој простор, до кое се пристигнува по тесна патека којаштo заобиколува гребен (фот. 14). На ова плато е изградена рановизантиска црква и некропола, а патот поминува покрај нив за да се искачи до утврдениот простор. Платото не било опфатено со утврдувањето, па така црквата се

наоѓала *extra muros* и претставува гробјанска црква[94]. Над ова плато надвиснува северната зона, на којашто е изградена северната кула или кула 1 (фот. 14-15). Таа се наоѓа на крајниот северен дел од источниот срт. На овој срт е подигнат бедем што се спојува со кула 1 која има неправилна трапезоидна форма. Бедемот и кулата се ѕидани од камен врзан со калов малтер во техника на *opus emplecton*, спорадично костејќи фрагментирани доцноантички тули и тегули. Ѕидовите на кулата се со дебелина од 2,1 м, надворешните димензии се 4,8 м х 5,5 м, додека внатрешниот простор е 2,5 м х 2,8 м, најголемата сочувана висина е 0,95 м (црт. 1). Во рушевинскиот слој на кулата, покрај западното лице се откриени две монети на византискиот император Роман I Лакапин (921-944) што укажува на *terminus post quem* кога оваа кула престанала да постои. Во рушевинскиот слој се откриени и парчиња на бигор и фрагментирани доцноантички тули и тегули, а овде е откриена и една тула со врежан Христов монограм. Можеби ова упатува на нејзино градење во периодот по уривањето на ранохристијанската црква[95]. Оваа кула е со невообичаен изглед, најблиски аналогии може да се побараат во рановизантискиот град на Градина на Јелица, во малата кула[96]. Со оглед што на западната страна овој дел од кулата не се спојува со друг бедем, упатува дека најверојатно оваа кула го штитела влезот во овој дел од тврдината, којшто поминувал северно од нејзе. На источниот крај на кулата се надоврзува источниот бедем на северното плато, којшто е поставен преку самиот срт. Граден е од кршен камен врзан со калов малтер. Овој бедем е сочуван само во основата којашто налегнува директно врз карпа. Понатаму бедемот продолжува од кулата кон север, иако не налегнува на нејзе.

На просторот којшто е опфатен со овој бедем, најверојатно во рановизантискиот период се наоѓало предградие на тврдината. На источната падина се откриени два објекти, од кои едниот е рановизантиски и обновен во 13 век, а другиот објект, според материјалот, бил активен во 10-11 век. Првиот објект е монументален и иако не целосно, од него се истражени две простории со должина од 6,6 м и ширина од 4,0 м (црт. 2, фот. 17). Поставеноста на овој објект е исток-запад, усогласен со падината на која се наоѓа. Источните делови од објектот се вкопани во карпа. Источната или просторија А од

[94] Според планот на И. Микулиќ и ова плато било опфатено со бедем, но археолошките истражувања го покажуваат спротивното.
[95] Извештај од археолошки ископувања.
[96] Милинковић 2010, 38-39. Сл. 16-17. Според дадениот план и фотографија на кулата изгледа идентична, со таа разлика што во овој случај западниот ѕид на кулата прекинува, односно овде е крајот на бедемот.

објектот била двоспратна, додека просторијата Б е едноспратна (фот. 18). Ѕидовите на објектот се со ширина од 0,6-0,7 м. Просторијата Б има влез на северниот ѕид којшто е широк 1,20 м. Објектот има две фази на постоење, првата е рановизантиската, во овој период објектот бил покриен со покривни ќерамиди *tegulae* и капаци *imbrices*.Објектот е обновен во 13 век, подот делумно лежел врз замазнета карпа, во западниот дел од просторијата, а делумно бил од набиена земја, преку остатоците од рановизантискиот градежен шут во источниот дел од просторијата. Во нејзиниот под е откриено бугарско имитативно ковање, што го датира објектот во првата половина на 13 век. Во оваа фаза објектот најверојатно бил покриен со слама или пак плочи, не е откриена покривна керамика што може да се поврзи со оваа фаза. Објектот во еден момент бил напуштен, а на тоа укажува фактот дека во него не е откриен движен археолошки материјал, додека од надворешната страна на влезот, вертикално се поставени плочи што го штитат од навлегување на вода која се спуштала по падината[97].

Следниот објект е поставен во близина на северниот бедем од централната зона. Тој се наоѓа во сонда 3/2018, не е целосно истражен, откриен е само источниот ѕид, рустично граден, од аморфен камен без доработка слабо поврзан со кал (фот. 19). Спротивно на ѕидот, од западната страна просторот е заграден со карпа. Помеѓу ѕидот и карпата е откриено подно ниво од набиена земја каде е најдено мноштво на фрагментирана садова и складишна керамика што според постоечките аналогии се датира во 10-11 век (фот. 20). Во одреден период, по 11 век, просторот излегува од употреба за што сведочи погребувањето откриено над подното ниво во оваа сонда (гроб 33). Скелетот е положен во слободен укоп, ориетиран исток-запад без наоди.

*Централна зона (фот. 21)*

За разлика од северната зона, чиишто падини се благи и на коишто има поголеми слоеви на земја, обраснат со прнар, а во јужниот дел и со високо-стеблеста шума, централната зона е претежно карпеста, без почва, единствено на места расти ниско стеблеста шума, падините се доста стрмни, често со пад од над 45 %. Овој простор од неговата источна страна е ограден со бедем, на места сочуван и преку 2 метри во висина мерено од темелот.

[97]На лок. Бела Земја-Трнче, кај с. Пепелиште е забележано слично затворање на објектот, пред да биде напуштен. Герасимовска, Карпузова и Петров 2017, 53-60.

Поставен е директно врз карпа и ја следи изохипсата на теренот, главно има права линија, со ретки скршнувања заради прилагодување на површината. Ѕидан е од кршен камен, врзан со варов малтер. Дебелината на бедемот изнесува 1 м. Остатоци од овој бедем може да се следат во рушевини, како поголеми или помали блокови од камења врзани со малтер (црт. 3, фот. 22-25). Оваа линија на бедемот се спојува со источниот бедем и продолжува право нагоре, кон највисокиот дел од гребенот, совладувајќи висинска разлика од 60 м, во должина од 110 м. Бедем на источната и јужната страна не е поставен, бидејќи овие позиции се природно бранети (фот. 26). На самиот врв е откриен дел од објект, но поради големата ерозивност на просторот од него е сочуван само еден ред на камења, коишто на места се изместени од нивните позиции (црт. 4, фот. 27-28). Според самиот простор овде била поставена кула 2 којашто доминирала над околината. Кулата била покриена со ќерамиди и капаци за што сведочи бројната рановизантиска покривна керамика пронајдена во сонда 4/2018. Начинот на градење на бедемот, како и бројните рановизантиски наоди коишто се откриваат на површината заради ерозивноста, укажуваат дека овде било јадрото на рановизантиското утврдување, изградено во времето на Јустинијан I. На овој простор се откриени две бронзени монети, лошо оштетени од коишто едната е сечена. Овие монети датираат од 5 век, но заради малиот оптек на свежи пари од средината на 5 век, особено во втората половина на 5 и почетокот на 6 век, остануваат подолго во оптек, па се среќаваат сè до првите децении на 6 век. Во сондата 4/2018 е откриена билонска трахеа на Андроник II[98].

На просторот каде што треба да се наоѓа аголот помеѓу западниот и северниот бедем од централната зона, видливи се архитектонски остатоци што укажуваат дека овде се наоѓала влезна партија во централната зона.

*Јужна зона (фот. 29)*

Јужниот гребен е највисок, одделен од централниот со стрмни скоро вертикални варовнички стени. До него се пристапува само преку широк расцеп помеѓу две карпи. Во овој расцеп, на неговата највисока точка е поставена тесна порта, останатиот дел од процепот е затворен со бедем од камен и посен варов малтер (фот. 30). На самиот врв, се

[98]Види подолу во текстот.

наоѓа мало зарамнето плато, оградено со ѕидови од камен и малтер, а притоа просторот помеѓу карпата и ѕидовите бил исполнет со варов малтер којшто имал функција да го нивелира самиот простор и да ја зголеми платформата на највисокиот дел (фот. 31-32). На центарот е поставена кула којашто во долните партии имала функција на цистерна, обложена со хидростатен малтер. Овој простор од тврдината е единствениот што го надвишува масивот на Јуручки Камен и пружа поглед кон север. Оваа позиција од тврдината и денеска е тешко достапна. Во делот каде Н. Хонијат зборува за тврдината којашто била поставена на две стени меѓусебно раздвоени, блиску една до друга, а имаат само еден тесен и тешко прооден, стрмен приод[99], може да се илустрира наведениот простор. Архитектонските остатоци на јужната зона, според начинот и техниката со која биле градени, користејќи посен малтер и правилен слог на редење, може да се датира во средновековниот период, не порано од 12 век.

На просторот северно од тврдината, на падината на реката Челевечка на површина се видливи бројни сочувани објекти, сега обраснати со нискостеблеста вегетација. На овој простор на тераса покрај реката можно е постоење на уште една црква[100].

На самиот локалитет се откриени бројни движни наоди кои го определуваат хронолошкиот распон на тврдината. Најраните остатоци можат да се датираат во доцнобронзеното време, меѓу кои се пронајдени остатоци од фрагментирана садова керамика. Следната етапа претставува рановизантиската, периодот во кој е изградено утврдувањето на централната зона, како и предградието на северната зона вклучувајќи го и северното плато. Одредени појави, пред сѐ, манифестирани преку откриена фрагментирана керамика, откриена надвор од контекст на неколку локации на северната и централната зона, укажуваат на континуитет и во периодот помеѓу 7 и 10 век, иако со намален капацитет. На ова укажува и рушењето на кула 1, кон средина на 10 век, а разликите во нејзиното градење, како користењето на градежен отпад од постари рановизантиски градби, укажуваат на одредена градежна активност во периодот по крајот на 6, а пред средината на 10 век. Тврдината со животот продолжува и низ 11 и 12 век, за што сведочи откриената садова керамика, а кон крајот на 12 век ја доживува својата обнова, кога е повторно ставена во функција црквата со некрополата, како и објектот 2 на

[99]*Chon. History*, 159-160.
[100]Види глава III.2.2.6.

западната падина од северната зона. Активниот живот ќе продолжи и во текот на 14 век, сè до турските освојувања на Македонија, а одредени манифестации во црковната архитектура, како и гробниот инвентар укажуваат на нејзино користење и во првите децении по турските освојувања.

III.1.1.2. Марков Град – Корешница (пл. 2, фот. 33, 35, 36)

На крајниот југ од возвишението Јуручки Камен најблиску до процепот се наоѓа големо утврдување, можеби со намена на рефугиум (?). Се наоѓа на зарамнето плато со димензии 600 x 280 м, кое е наведнато кон запад. Платото е непосредно опфатено од југ и запад со реката Вардар и Челевечка Река од исток. Трите страни се вертикални, високи 120-220 метри над реките и се непристапни. Доцноантичкото утврдување е изградено врз остатоци од утврдување од класичниот и хеленистичкиот период, 5-3 век пред н.е. Во втората половина на 3 век, локацијата повторно е користена и егзистира најмалку до средината на 5 век за што зборуваат наодите на монети идентификувани како ковања на Грацијан, Теодосиј I, Хонориј, Аркадиј, Теодосиј II и Леон[101]. Во овој период, најверојатно во текот на 4 век, оваа локација добила ново обѕидие на северниот дел каде според И. Микулчиќ се наоѓаат најмалку четири кули со правоаголна основа[102].Кулата на северниот ѕид е најмасовна, а на неа од внатрешната страна е потпрена друга градба. Јужната половина на населбата е природно заштитена и непристапна, па немало потреба од дополнително подигање на одбранбен ѕид. Според И. Микулчиќ, во негово време по работ на платото следејќи ја линијата на вертикалните карпи,бил поставен сувоѕид од камен без малтер[103].

Највисокиот југоисточен дел на платото, бил издвоен со ѕидови формирајќи акропола. Ѕидовите ѕидани од кршен варовник, без користење на малтер формирале бранет простор

[101]Микулчиќ 1989, 70.

[102]Во периодот од 1980 до 1985 година, кога е реализиран овој проект, како што наведува Чаусидис 1987, 171-195., просторот бил целосно гол и безшумен, па на површината се познавале бедемите и објектите. Денес, напротив, целиот овој простор е обраснат со нискостеблеста густа вегетација којашто целосно ги покрила остатоците, па тие е неможно да се забележат без расчистување. Дополнително во овој период И. Микулчиќ врши и ископувања, како што наведува дека кулата беше целосно откопана во наше време (sic), но тој никаде не дава извештаи и документација од овие ископувања, туку само сублимарно ги публикува. Спореди Микулчиќ 1989, 70.

[103]Микулчиќ 1989, 70.

со трапезоидна форма, со големина 110 x 110 (60) м. На овој простор се откриени монети од Јустинијан I[104].

Според И. Микулчиќ, преку доцноантичките ѕидови не се забележуваат средновековни обнови, а доколку и постоеле би биле изведени со камен и кал[105]. На целата утврдена површина од приближно 14 хектари се откриени бројни средновековни наоди сочинети од алатки, оружје, орудија, градежни клинци, кламфи и спони[106], како и монети датирани од 10 до 14 век. Откриени се монети на Јован Цимиски, Михаил IV, трахеи од времето на династијата на Комнините, како и латински и бугарски имитативни ковања[107]. Како дел од оваа утврдена населба треба да се смета и пониската тераса, односно локалитетот Црквиште каде се наоѓа ранохристијанска и средновековна гробјанска црква[108].

### III.1.1.3. Маркова Кула – Корешница (пл. 3, фот. 33, 34, 37, 38)

Археолошкиот локалитет Маркова Кула се наоѓа во атарот на селото Корешница, во близина на Демир Капија. Позициониран е на значајната патна магистрала долж Вардарската Долина и на просторот на природната граница помеѓу Средно и Долно Повардарие.

Лоциран е на највисоката точка на масивот Јуручки Камен или Камен, којшто претставува првата и најголема пречка на Демиркаписката Клисура од левата страна на реката Вардар.

Локалитетот за првпат е забележан во патеписот на австрискиот конзул Јохан Георг вон Хан кој, во 1863 година, за овој локалитет запишал: „Но, за некое чудо тврдината изгледаше како киклопска, тоа е единствената градба од тој вид, на која наидов на својот пат. Доколку се разбирам, главниот дел е една четвртеста кула чии внатрешни страни се десет чекори долги. Дебелината на ѕидот изнесува шест чекори и е емплектон од кршен

[104]Микулчиќ 1987, 186.
[105]Микулчиќ 1989, 84.
[106]Чаусидис 1988, 190-191., овој локалитет по грешка го именува како Маркова Кула–Корешница.
[107]Спореди Микулчиќ 1989, 84. Како и за локалитетот Кула и Кале-Стрезов Град, не е направена поединечна идентификација на овие монети, па според тоа треба да се земаат со резерва.
[108]Петров 2017, 71-78. Повеќе за ова види подолу во главите III.2.2.4 и III.3.4.

камен помешан со земја. На надворешните страни таму каде што се гледаат има блокови“[109].

Од посетата на Хан, па до изработката на првата планиметрија на локалитетот поминал скоро еден век. Првиот обид за исцртување на планиметријата на локалитетот е направен од Невенка Петровиќ-Спремо, објавен во 1961 година, нејзина корекција и дополнување врши Иван Микулчиќ во 1982, а подоцна и Виктор Лилчиќ-Адамс во 2008. Првите ископувања на локалитетот се извршени во 1970 година од страна на Р. Пашиќ, а подоцна во 2008 година од страна на В. Лилчиќ-Адамс[110].Последното дополнување на планиметријата е направено по археолошките истражувања изведени од авторот на овој труд во 2016 година[111].

Почетоците на овој локалитет, како и повеќето во Демир Капија се поврзуваат со хеленистичкиот период. На истражената локација се наоѓа тврдина со димензии 25 x 50 метри. Источниот периметрален ѕид е поставен на сртот на ова возвишение и паѓа према запад. Западниот периметрален ѕид е во голема мера оштетен од ерозивноста на теренот која овде е особено изразена. Овој дел од тврдината ѕидан со големи клесани квадери во неправилен слог, без користење на врзиво средство бил активен кон крајот на 4 и почетокот на 3век пред н.е.[112].

На површината е видливо уште едно обѕидие коешто го заградува овој простор, но е спуштено на пониската тераса. Ова обѕидие го заградува просторот само од западната страна, а на неговата северна и јужна страна се поставени по една четвртеста кула. Бидејќи теренот скоро вертикално паѓа на источната страна, овде немало потреба за дополнително утврдување на просторот со бедем. Падините од источната страна стрмо, скоро вертикално, се спуштаат до самата река. Кулите се со четвртеста основа. Кулите и бедемот се градени од кршен камен, цврсто врзан со варов малтер. Пристапот до тврдината е од север, и одовде има контрола над патот што од левата страна ја поминувал клисурата. Пред северната кула, од каде што е најпристапно до самата тврдина, има *fossa*

[109]Хан 1876, 262.
[110]Петровиќ 1961, 217-227.; Пашиќ 1971.; Микулчиќ 1989.; Чаусидис 1987, 191-193.; Лилчиќ 2008.; Михајловски и Петров 2017.
[111]Петров 2021, во печат.
[112]Микулчиќ 1982, 129., смета дека оваа тврдина била пајонска резиденција. Сепак, по археолошките истражувања може да се каже дека тврдината е изградена во времето на кралевите од династијата на Аргеадите, а згаснала под налетот на Келтите, во 279 год. ст.е. На истражената површина не беа откриени елементи на пајонска култура. Петров 2021 (во печат).

широка 10-15 метри. Тврдината е долга близу 250 м и најголема ширина од околу 50 м, а таа има површина од 0.8 хектари. Новото обѕидие очигледно е подигнато во доцноримскиот период, втора половина на 3 и 4век, одредени индиции укажуваат и нејзино користење во Јустунијаново време[113]. Тоа било обновено и ставено во функција и подоцна кон крајот на 12 и почеток на 13век[114]. По средината на 13 век, овде нема материјал кој би укажал дека таа продолжила да егзистира[115]. При археолошките ископувања во 2016 година, се откриени по една билонска трахеа на Мануил I и Исак II, како и мноштво на латински имитации мал модул, тип А[116].

На овој локалитет Т. Томовски ја убицирал средновековната тврдина Просек, идентификувајќи ја со масивната ѕидарија на раноантичкото утврдување[117]. За погрешноста на оваа убикација укажал своевремено И. Микулчиќ[118], но тој пак целосно го негира постоењето на средновековните остатоци[119].

III.1.1.4. Кула – Корешница (пл. 4, фот. 33, 34, 39)

На оддалеченост од околу 400 метри јужно од лок. Маркова Кула и 250-350 метри северено од Марков Град, на централно место на масивот Јуручки Камен е изградена тврдината Кула. Изградена е врз постари хеленистички остатоци. Основата ѝ е трапезоидна, долга е 103 и широка 70 (34) метри. Ѕидовите се широки 1,80-1,90 метри, ѕидани во цврст малтерен опус, а трасирани со прави линии. Источната страна која стои над процепот е неправилна. Јужниот ѕид е зајакнат со една четвртеста кула и ров пред неа. Долгиот северен ѕид е

---

[113]Лилчиќ 2008, 20-25.
[114]Пашиќ 1975, 155-158, Т.IV., откриениот материјал од погребувањето во североисточната кула го датира во 9-10 век. За прераното датирање на овој материјал укажал Чаусидис 1987, 191-193, Т.VII.,кој упатува на не порано датирање од 11 век, што треба да се прифати и да се надополни, не порано од втора половина на 12 век. Спореди и Манева 1992, 164, сл. 13.
[115]Спомнатото погребување во североисточната кула го навело Микулчиќ 1989, 84., на заклучокот дека на оваа локација во средниот век се наоѓала некропола, па според тоа тврдината не може да биде во функција во средниот век. При последните истражувања во 2016 година, целосно е истражена северо-источната кула, како и влезниот коридор во тврдината, притоа други средновековни погребувања не се откриени на целиот истражуван простор. Меѓутоа, при ископувањето како површински материјал над рушевините од раноантичката тврдина се наиде на средновековни монети од втора половина на 12 и 13 век (види подолу во глава V.4.1).
[116]Спореди со глава V.4.1.
[117]Томовски 1978, 270.
[118]Микулчиќ 1989, 81-83.
[119]Микулчиќ 1989, 84-85.

зајакнат со 2 четвртести кули на аглите и една триаголна кула на средината[120]. На околу 60 метри северно од него е ископан ров во карпата[121]. И. Микулчиќ, според слогот на градење како и триаголната кула на северниот ѕид, ова утврдување-спекула го датира во 6 век[122]. Според него, врз утврдувањето не се познаваат средновековни надѕидувања, меѓутоа кон наговата јужна страна била изградена нова утврдена површина, со димензии 100 x 120 м. Оваа површина е споена со самата тврдина, од исток е заштитена со работ на провалијата, а од југ со долг одбранбен ѕид, граден од кршен камен без малтер. Ѕидот е повлечен под права линија. Западниот ѕид е уништен со ерозија. Според И. Микулчиќ, во оградениот простор се познаваат траги од интензивно живеење во средниот век, а покрај остатоци на темели од низа на куќи се откриени повеќе монети од 13 и 14 век[123].

III.1.1.5. Кула на Постралец – Демир Капија (пл. 5, фот. 40)

Ова е најсеверната тврдина на возвишението Краставец од десната страна на реката Вардар која ја надвишува реката за 380 метри. Тврдината можела да го контролира патот низ клисурата но и помошниот пат што врвел по стрма патека преку самото возвишение. Според И. Микулчиќ, дел од тврдината е обновена врз хеленистички остатоци. Тврдината е долга 410 м, а нејзината ширина варира од 50 до 100 м, во согласност со постоечкиот простор. Најсилен бил јужниот ѕид свртен кон процепот и патот, а се протегал покрај него. Трасиран е по прави линии, а на места е сочуван до 3 м во висина. Северниот ѕид којшто бил спореден е граден од камења врзани со кал. Најсилно утврден бил источниот крај – челото на тврдината, зајакнато со бастион, чиј ѕид е дебел 4.10 м. Челото стоело високо на карпата, бранејќи го пристапот од седлото преку него. Можат да се препознаат две мали издвоени површини, согласно околностите на теренот, според И. Микулчиќ, тие

[120]Микулчиќ 1989, 76.
[121]Микулчиќ 1989, 76.
[122]Микулчиќ 1989, 76.
[123]Микулчиќ 1989, 84. Овие монети не се вкучени во главата IX бидејќи не се идентификувани во публикуваниот труд на И. Микулчиќ кој ги предава само на две фотографии во посочениот труд, доста лошо репродуцирани. Иако во текстот за лок. Кула се повикува за прикажување на монетите од локалитетот на сл. 8 и 9, сепак, во легендата стои дека се откриени на лок. Кале, Челевец (Стрезов Град) и Маркова Кула, Корешница. Микулчиќ 1989, 84-85, сл. 8-9.; Монетите на кои се повикува И. Микулчиќ не се публикувани ниту во трудот на Н. Чаусидис за средновековните наоди од Просек, кој дава информации дека ќе бидат засебно публикувани. Чаусидис 1988, 190, бел. 44.

претставуваат акрополи. На просторот биле видливи остатоци од неколку градби, како и мноштво на градежна покривка керамика и поретко садова керамика[124].

### III.1.1.6. Градина – Пештера – Демир Капија (фот. 40)

Овој локалитет се наоѓа на падините на масивот Краставец, јужно од патот којшто води низ клисурата и околу 400 м од течението на Вардар. Тој го надвиснува лок. Манастир-Демир Капија. За првпат е евидентиран од страна на Јосип Корошец, во 1947 година, којшто вршел сондирања на влезот од пештерата што се наоѓа во рамките на локалитетот[125]. Во истражените сонди, но и како површински материјал се откриени само атипични фрагменти од градежна керамика. На најистурената североисточна позиција денес се видливи остатоци од кула ѕидана од камен и варов малтер. Со оглед на близината на ова утврдување со лок. Манастир, но и Црквиште-Демир Капија, може да се претпостави дека овде се наоѓала висинска утврдена населба од рановизантискиот и средновековниот период.

### III.1.2.СЕЛА

Иако во рамницата, покрај реката Вардар се откриени неколку средновековни некрополи датирани во периодот на 10-12 век, сепак, недостасуваат информации за постоење на населби и поврзаноста на овие некрополи со некоја од нив. Исклучок можеби прават археолошките откритија на лок. Ограда-Бистренци.

---

[124]Спореди И. Микулчиќ 1989, 77-78.;
[125]Корошец 1956, 90-107.

III.1.2.1. *Оѓрада - Бисѿренци*

На источната периферија од некрополата на лок. Оградa-Бистренци[126]при археолошките ископувања во 2008 година[127] е откриен отворен простор каде не се утврдени погребувања. На овој простор, на многу мала оддалеченост, се откриени и истражени 4 јами од кои во едната е положено животно, најверојатно јагне, втората јама која е со длабочина од приближно 1.60-1.80 см, е исполнета со органски материјал и фрагментирана садова керамика, придружена со мноштво на керамички подници-црепни, а останатите две јами се без податлив материјал. На целиот овој простор, особено околу втората јама е откриен дебел слој на гареж. Сето ова упатува дека на овој простор постоеле објекти од населбински карактер кои припаѓале на некоја населба/селиште од отворен тип, чиишто куќи биле градени од органски материјали. Дел од садовата керамика упатува на 11 и 12 век, период во кој егзистира и самата некропола[128]. На жалост, истражувањата се префрлени на некрополата, а резултатите од оваа истражувачка сезона не се публикувани.

*  *  *

Како што се гледа од погоре изнесеното, од ареалот на Просек познати се бројни утврдувања и утврдени висински населби, додека пак села и низински населби не се познати и не се истражувани, освен можната населба на Оградa-Бистренци.

Развојот на тврдините и утврдените висински населби на просторот на Демир Капија, пред сѐ, е условен од географијата на просторот. Уште од најрани времиња овдешните жители , но и првите освојувачи на просторот сфатиле дека Демир Капија има прилично поволна географска положба на еден од најзначајните патишта што е голема привилегија за локалното население. Затоа уште од раната антика, почнувајќи од крајот на 5 и почетокот на 4 век пред н. е. веќе започнуваат градежни активности за изградба на

[126]За локацијата на овој локалитет види во глава III.3.5.
[127]Авторот на текстот има учествувано на овие истражувања, како студент во втора година на студии. Истражувањата беа изведени во периодот од 3 до 18 ноември 2008 година, под раководство на кустос-советник во Археолошкиот оддел на Музејот на Македонија.
[128]На жалост, проектините активности во тековната година согласно планот на раководителот беа насочени кон истражување на самата некропола, па затоа не се продолжи со истражување на овој простор кој се затрупа и се премина на истражување на некрополата. Ова е и последната сезона на истражување на овој локалитет.

тврдини од двете страни на реката Вардар со кои би се ограничил преминот низ клисурата и би се обезбедила постојана лесна контрола. Утврдени населби биле изградени на Марков Град- Корешница од левата страна на реката, додека на Рамниште од десната страна. Подоцна, по македонските освојувања на Средното Повардарие, а најверојатно за време на големата градежна активност во времето на кралот Касандар, повторно од двете страни ќе бидат изградени силни утврдувања што ќе ја преземат целосната контрола на преминот низ клисурата. Тоа се тврдините Маркова Кула-Корешница од левата страна и Голем Краставец од десната страна и двете активни за време на кралевите Касандар до Деметриј I Полиоркет, а настрадале најверојатно за време на големите келтски продори кон крајот на првата четвртина на 3 век пред. н.е. Во овој период се напуштени, така ќе останат сè до следната голема опасност. Овие утврдени населби и тврдини ја претставуваат основата на која подоцна, за време на големата криза во империјата, особено за време на готската и хунската опасност повторно ќе бидат обновени и на нив ќе бидат изградени новите доцноантички тврдини и висински населби согласно со новите техники на градење. Кон крајот на 3 век на овие локации привремено, а веќе од крајот на 4 век и постојано ќе се насели локалното население, барајќи безбедност и заштита од постојаните упади и грабежи на варварските населби. За ова зборува и градењето на цркви во рамките на овие населби и организирањето на некрополи околу нив. Овие тврдини и покрај тоа што се на високи и природно бранети локации, сепак, биле доста изложени на напади однадвор бидејќи се наоѓале директно на нивниот правец на движење. Затоа, во време на големата Јустијанова обнова се одбираат нови локации за подигање на утврдени населби. Во овој период е напуштен одбранбениот систем на Лимесот и одбраната во голема мера се одвива длабински, преку густа мрежа на утврдувања во внатрешноста на Балканот. Ваквата промена допринела во Демиркаписката Клисура да биде подигната нова висинска утврдена населба локацијата на Кале-Стрезов Град – Челевец. Иако повторно се наоѓа во близина на значајната патна комуникација, сепак е доволно настрана од директниот налет којшто доаѓал од север. Новата тврдина ја окупира централната и јужната зона од просторот на овој локалитет, а на север е подигната една цеметаријална базилика. Наодите од периодот на оваа тврдина, но и на истовремените ширум префектурата Илирик укажуваат дека овие тврдини, всушност, не биле исклучиво војнички, туку станува збор за утврдени висински населби во кое било населено претежно население што се занимавало со земјоделие и сточарство.

На ова, секако, упатуваат и каталозите на наоди каде доминираат земјоделските алатки, додека воеското наоружување е застапено во помал број. Додека на левата страна го имаме Кале-Стрезов Град, за десната страна сѐ уште нема утврдено сигурна локација која би соодветствувала за овој тип на утврдена населба од рановизантискиот период.

Новоподигнатата тврдина, како и обновените тврдини и височински населби на Маркова Кула и Марков Град – Корешница како и Голем Краставец – Демир Капија укажуваат дека овие рановизантиски тврдини не се градени по претходно утврден план. На нивната архитектонска основа во најголема мера влијаеле природните карактеристики на просторот, кој во Демиркаписката Клисура е доста карпест, составен од варовници. Затоа, основата на тврдините е неправилна и не може да се следи закономерност, а бедемите и кулите се прилагодувале на подлогата. На местата каде немало потреба, како што е југоисточната страна на централната зона на Кале-Стрезов Град, тие не се граделе таму со што се заштедувало на време, работна сила и финансии. Сепак, ваквата одлука била во согласност со условите на теренот. Иста ситуација има и на Маркова Кула-Корешница, каде по изохипса е изграден бедем кој го затвора централниот простор од северната, западната и јужната страна, а бидејќи од исток се наоѓаат високи, вертикални непристапни карпи , на оваа страна бедем не е изграден.

Тврдините и утврдените населби веќе кон завршетокот на 6 век го бележат својот крај, најверојатно уништени за време на аваро-словенските упади по Вардарско-моравската Долина кон Егејот и Солун. Така ќе останат за долго време. Единствено на Кале-Стрезов Град се забележани одредени индиции за слаб живот во 8 и 9 век, додека веќе во првата половина на 10 век може со сигурност да се потврди дека овде постоела воена посада која се одржала сѐ до првите децении на 11 век. Ова е потврдено со наодите на монети на Роман I Лакапин, како и фрагментираната садова керамика која спрема морфолошките и технолошките особености припаѓа на овој период. Според И. Микулчиќ, на просторот на Марков Град, исто така е забележана одредена активност кон почетокот на 11 век, и тука се откриени анонимни фолиси, но ова засега не може да се потврди. Во овој период можат да се забележат и одредени репарации на тврдината Кале Стрезов – Град. Сепак, веќе кон крајот на 11 век и во текот на 12 век, повторно нема потврда за постоење на воена посада во овие тврдини сѐ до крајот на 12 век. Во посочениот период започнува голема обнова на сите доцноантички и рановизантиски утврдувања на просторот на клисурата. Ова е

евидентно од обновите на бедемите, обновите на цивилните објекти во тврдините како самите цркви кои се наоѓаат во нивните рамки. Во овој период за првпат е забележана обемна циркулација на пари. Ваквата ситуација ќе продолжи во наредните, повеќе од два века, сè до турските освојување на Балканот кога во еден период на крајот или поверојатно кон почетокот на 15 век, самата тврдина изгубила од значајот и била напуштена.

# III.2. ЦРКВИ

## III.2.1. ЦРКОВНА АРХИТЕКТУРА

На просторот на Просек се откриени и целосно или делумно истражени четири сакрални објекти, а евидентирани се уште три, изградени во ранохристијанскиот период, а обновени во средниот век.

### III.2.2.1. Црквиште – Демир Капија (пл. 6, фот. 41-53)

Библиографија: Hald 1917; Вучковић-Тодоровић 1948; Вучковић-Тодоровић 1961; Алексова 1953, 3-4; Aleksova 1966.; Алексова 1995, 219-221.

Локалитетот Црквиште – Демир Капија се наоѓа на подножјето на Долни Краставец и Рамниште, на околу 750 м оддалеченост од вливот на реката Бошава во Вардар, и околу 350 м оддалеченост јужно од течението на Вардар (**сл. 1**). Црквата за првпат ја споменува К. Халд, кој ја забележал во 1915 година како учесник во Првата светска војна.При ископувањата што тој ги презема, на десната страна на реката Бошава врши расчистување на архитектонските остатоци на овој локалитет,притоа ја скицира црквата и ја нанесува на план во однос на другите раскопани објекти[129]. Во текот на првите повоени ископувања на просторот на Демир Капија, Д. Вучковиќ-Тодоровиќ врши расчистување на Црквиштето. Во овој период најголемиот дел од базиликата е веќе откопан[130].

Првите систематски истражувања на локалитетот се одвиваат во периодот 1952-1954 и 1956 год. во организација на Археолошкиот музеј од Скопје и под раководство на Б. Алексова. На локалитетот е откриена црква, со долг временски период на егзистирање.

Според истражувачот, црквата има две фази[131], првата ја датира во раното Јустијаново време, а нејзиното рушење кон крај на 6 век, поврзувајќи го со словенските упади (пл. 6, фот. 41 ). Најстарата градбапретставува ранохристијанска црква од базиликален тип со

[129] Hald 1917, 49-68.
[130] Вучковић-Тодоровић 1948, 1-2.
[131] Алексова 1952, 4.

трикорабна диспозиција, на источната страна полукружна апсида однадвор и одвнатре, на западната страна има нартекс и анекс компартименти северно и јужно од нартексот, како и еден компартимент покрај надворешната страна на северниот кораб. Наосот од страничните кораби, според истражувачот, биле поделени со масивно изградени стилобати врз кои биле поставени мермерни колони на базиси[132]. Нартексот е широк скоро колку и самата црква, додека компартиментите излегуваат надвор од ширината на објектот. Во нартексот се влегувало од запад преку широк влез[133]. Заради подоцните интервенции не може со сигурност да се одредат комуникациите на нартексот со наосот и страничните кораби. Кон оваа фаза на градбата, истражувачот ја припишува подоцната доградба на апсида во северниот кораб, што го поврзува со воведувањето на големиот вход во литургијата, временски при крајот на 6 век[134]. Сепак, ова треба да се земи со резерва, а доградбата на апсидата може да е од подоцнежен период.

Ранохристијанската црква е изградена на просторот на постара некропола, каде најстарите погребувања датираат од хеленистичкиот период. Некрополата била особено активна кон крајот на 4 и почеток на 5 век. Б. Алексова смета дека самиот план на базиликата бил прилагоден на пораната некропола, затоа анексот покрај северниот кораб го идентификува како *cella martyrum* во кој е сместен *mensae martyrum*.

Втората фаза (II фаза, пл. 6) претставува еднокорабна лонгитудинална градба, на исток има апсида полукружна однадвор и внатре, на запад има нартекс. Влезот во нартексот и во наосот се централно поставени. Б. Алексова оваа фаза ја поврзува со периодот на 9-10, односно со истовремените погребувања во близината на црквата[135]. Истражувачот смета дека обновената црква продолжила да егзистира сè до 14 и 15 век, врз основа на гробните наоди[136]. Напуштањето и рушењето на црквата го става кон крајот на 15 век.

---

[132]Aleksova 1966, 20-22.; Алексова 1995, 220-221. Стилобатот и базисите не се документирани, така што не може да се утврди дали навистина се откриени или се претпоставка на истражувачот. Ова денес тешко може да се утврди со споредба на достапната документација, како и теренските проспекции бидејќи истражениот објект уште во фазата на истражување бил конзерваторски третиран, а целосно е конзервиран во седумдесеттите години на минатиот век, со што засекогаш се изгубени можностите за анализа врз самиот објект.

[133]Aleksova 1966, 20. Овој влез не е претставен на планот од Б. Алексова. Целиот простор помеѓу северниот и јужниот компартимент е отворен, што повеќе упатува на постоење на еден отворен трем. Сепак, недоволната документација го остава ова прашање отворено.

[134]Aleksova 1966,20-22.; Алексова 1995, 220-221.

[135]Aleksova 1966,20-22.; Алексова 1995, 220-221., Сепак, најраните погребувања на овој простор датираат од втората половина на 10 век.

[136]Aleksova 1966,20-22.; Алексова 1995, 220-221.

Со оглед на тоа што овој објект е раскопуван уште од Халд, а потоа делумно од Д. Вучковиќ-Тодоровиќ, во моментот кога овде започнале сондажните, а потоа и систематските истражувања стратиграфијата била нарушена[137]. Дополнително на ова, по отпочнувањето на систематските ископувања методологијата на работа не е ниту на потребно минималното ниво, на што своевремено укажал архитектот К. Томовски. Од ова произлегло самиот објект да биде лошо истражен и слабо документиран, а неговата интерпретација да се базира на шпекулации. На жалост, заради лошата или непостоечка документација тешко може да се решат некои од овие шпекулации, без новите согледувања повторно да се базираат на претпоставки што не можат да бидат потврдени. Сепак, овде ќе бидат дадани неколку запазувања што будат сомнеж во интерпретацијата на Б. Алексова.

Датирањето на средновековната фаза (II фаза) на црквата во 9-11 век не соодветствува со останатите археолошки контексти и таа би требало да се коригира. Ваквата констатација се базира, пред сè, на откриените гробови под темелите на еднокорабна (?) црква коишто содржат материјал од 12-13 век (фот. 42, 43). Такви се гробовите 87 под јужниот ѕид (фот. 44, 45) и 156 под северниот ѕид на наосот од II фаза, во северниот кораб од I фаза на исто ниво со 156 се откриени гробовите 155 и 153 (фот. 46). Гробот 153 се наоѓа директно под гробот 140, и двата гроба се наоѓаат под нивото на темелите на северниот ѕид на наосот од еднокорабна црква од II фаза (фот.47). Гробот 153 содржи наушница со четири јагоди (тип III.2) датирана во 11 век, додека гробот 140 не содржи хронолошки осетлив материјал, но според откриените бронзени копчиња би се датирал не порано од крајот на 12 и почетокот на 13 век. Овие два гроба се наоѓаат под преграден ѕид, што попречно го дели просторот на северниот кораб (?) од I фаза (сл.48). Откриените гробови под темелот на северниот ѕид на еднокорабната црква укажуваат дека црквата од оваа фаза не можела да биде подигната пред крајот на 12 век, а уште поверојатно пред почетокот на 13 век. Помеѓу темелот од овој ѕид и гробот 156 врз кој е поставен има рушевински слој од најмалку половина метар. Вториот проблем е датацијата на доградбата на апсидата на источниот крај од северниот кораб. Споменатиот преграден ѕид преку гроб 140 укажува дека во оваа втора фаза бил обновен и просторот на северниот кораб од првата фаза, целосно или само делумно, и најверојатно кон оваа фаза би требало да се датира и

[137]Како што наведува Aleksova 1966, 22., за време на ископувањето, стратиграфијата во наосот била целосно испревртена и од подоцежните упади на локалното население кои одовде црпеле градежен материјал.

додадената апсида на источниот ѕид од северниот кораб. На крајот, Б. Алексова споменува постоење на две простории од западната страна на црквата коишто ги определува како конаци[138]. На жалост, тие не се нанесени на планот. Според фотографиите се гледа дека ѕидовите на овие простории во времето на откривање се сочувани во висина, а некаде и повисоко од ѕидовите на еднокорабната црква (фот. 49). Исто се приметува дека дел од овие ѕидови преминуваат преку доцноантички гробници, па самиот ѕид е срушен за да се направи простор за ископување (фот. 50). Овие ѕидови се надоврзуваат на јужниот ѕид од јужниот кораб на ранохристијанската црква и се чини дека се истовремени. Исто така, во невоедначениот слог на ѕидовите, кои на места изгледа дека не се уредно ископани може да се забележат премини[139] (фот. 51-53). Според ова е доведена во прашање основата на II фаза од црквата, сепак ќе остане нерешено прашањето дали таа навистина била еднокорабна или имала некој развиен план, или пак кон нејзе се доградувани или обновувани други елементи што може да укажат дека самата црква има повеќе фази од посочените две.

Околу црквата се наоѓа оградено дворише, изведено со сувозид. Во еден период заради недоволниот простор за погребувања дворишт ето е проширено кон север со нов ограден ѕид (фот. 41). Б. Алексова наведува влез во дворишт ето што се наоѓал на запад, но не може да се утврди од дадениот план и останатата документација.

### III.2.2.2. Манастир – Демир Капија (пл. 7, црт. 6, фот. 54-55)

Библиографија: Вучковић-Тодоровић 1961.; Спремо 1961.; Лилчиќ 1989.; Алексова 1995.; Радовановић 1924.

Локалитетот Манастир се наоѓа на зарамнето плато на падините на масивот Долен Краставец што го претставува влезот во клисурата (фот. 54). При пробивањето на патот низ клисурата во турско време, а подоцна и со пробивањето на железничката пруга и стариот пат пробиен за време на Првата светска војна и проширен и трасиран во 1938 година, дел од овој рид е пресечен и уништен е голем дел од археолошкото наоѓалиште

138 Aleksova 1966, 22.

139 Од фотографиите може да се види дека еден дел од северниот ѕид на еднокорабната црква не е целосно добро истражен, овде може да се види дека најверојатно постоел премин во ѕидот, кој по рушењето на црквата е затрупан, а при истражувањата не е отворен. Сепак, ова сега не може со сигурност да се потврди.

(фот. 55). На врвот на платото на најдоминантната позиција се наоѓа локалитетот Манастир на само 60 м јужно од течението на реката Вардар. Локацијата за првпат е спомената од В. Радовановиќ, кој наведува дека „на брегот има ‘Манастириште’ каде ‘Вренци (Дренци б.м.)’ по воведувањето на железницата ископале ‘човеци’ од мермер“[140]. Првите сондажни археолошки истражувања на просторот се одвиваат во 1951-1952, под раководство на Д. Вучковиќ-Тодоровиќ и Н. Петровиќ-Спремо[141].

На овој локалитет е откриен објект со квадратна основа поделен со три долги правоаголни простории, од западната страна на објектот има една долга просторија којашто ги спојува овие три, но без отвори за комуникација (пл. 7). Истражувачите на објектот заради слабата сочуваност на источниот дел од објектот, падот, ерозијата на теренот, како и неоткривањето на апсидата, не успеале да ја дефинираат улогата и неговата намена. Иако Н. Петровиќ според името на локалитетот претпоставува дека на просторот би требало да се очекува црковен или манастирски објект, сепак, не го препознава во истражените остатоци и за него смета дека треба да се бара кон запад. Во рамките на своите истражувања во 1989 год., В. Лилчиќ успева да ја дефинира апсидата на објектот и да утврди дека овде со сигурност станува збор за црква од базиликален тип со трикорабна диспозиција, нартекс и помошни простории северно и јужно од влезот[142]. Базиликата е долга 15, а со апсидата 17 м, широка е 11,70 м, додека со анексите нејзината ширина изнесува близу 20 м[143].Апсидата е сочувана само во траги, а од презвитериумот нема видливи остатоци. Слабата сочуваност не дозволува да се одреди начинот на комуникација, односно влезовите во нартексот и комуникацијата на нартексот со наосот и страничните кораби. Бидејќи теренот стрмно паѓа на западната страна (црт. 6), тешко е да се претпостави дека бил централно поставен на нартекст, поголема е веројатноста во нартексот да се влегувало странично. Но, како е сочуван само во темелните партии, ова сега не може да се утврди.

За оваа црква истражувачите не споменуваат дали се откриени елементи кои упатуваат на подоцнежна обнова во средниот век. Ова се должи, пред сѐ, на слабата сочуваност на централните делови од објектот. Според архитектонски остатоци во близина, движните

---

[140]Радовановић 1924, 322.
[141]Вучковић-Тодоровић 1961, 237.; Петровић 1961, 217-222.; Алексова 1995, 221.
[142]Лилчиќ 1989, 75-76.
[143]Винчиќ 1981, Демир Капија IV – Прелиминарен извештај за конзервација и презентација на ранохристијанска базилика II. НКЦ-20.09 13.229/1.

наоди, како камена пекторална икона со претстава на св. Јован Богослов (кат. бр. 244, Т.29)[144] датирана во 14 век и откриена во северниот кораб, укажуваат на можноста дека и оваа црква како и останатите била обновена и користена подоцна во средниот век.

Црквата е изградена врз темели од постари објекти изградени во техника на сувоѕид. На просторот источно од остатоците на црквата се забележани темели и делови од ѕидови градени на ист начин како и ѕидовите на црквата. Во просториите се откриени складишни садови – питоси – во кои имало остатоци на пченица и овес. Н. Петровиќ за овие дополнителни објекти претставува дека можеби се дел од манастирски комплекс, односно од економските простории на самиот манастир[145].

Јужно и југоисточно од црквата се откриени темели и ѕидови градени во техника на сувоѕид, како и објекти градени со доста посен малтер. Овде ѕидовите градени во сувоѕид налегнуваат врз компактните ѕидови од нартексот на црквата, а се припојуваат до оние изградени со посен малтер[146]. Објектот е датиран во 12 век.

Според Б. Алексова, оваа базилика претставува цеметеријална црква изградена над доцноантичка некропола во *area martyrum apud sanctos*[147]. На жалост, овде откриените гробови коишто ги има над триесет не се публикувани, а документацијата е изгубена, па не може да се направи каква било анализа ниту пак хронолошко определување и поврзување на базиликата со некрополата[148].

### III.2.2.3. Кале-Стрезов Град - С. Челевец (пл. 8, 9, црт. 5, 6, фот. 14, 56-82)

Петров 2018, 135-141. Petrov 2018, 405-425.

На северното и најистакнато плато, покрај самиот пристап до тврдината се наоѓа еднокорабна црква со три градежни фази и доградби (пл. 8, фот. 14, 56, 57). Хронолошкиот распон на овој објект е од рановизантискиот до турското средновековие. Црквата е откриена при првите археолошки истражувања, спроведени на овој простор во 2015

[144]За ова види повеќе во глава V.1.2.3.
[145]Петровић 1961, 220-221.
[146]Петровић 1961, 217-222.
[147]Алексова 1995, 221.
[148]На планот од црквата се внесени основите на неколку гробови што биле оформени како цисти, но не можат да се поврзат со текстуалната документација, а за нив не постојат ниту гробни инвентари.

година од страна на авторот. Претходно, И. Микулчиќ во својот прелиминарен план од тврдината на овој простор само насетува дека можеби станува збор за кула или пак црква. Се наоѓа на мало карпесто плато, на северниот крај покрај самиот пат што води во тврдината. Самата црква не е опфатена со утврдувањето.

Дефинирани се три хоризонта и четири градежни фази (фот. 57, 58). Во првата фаза (I-a, пл. 9) којашто датира кон средината на 6 век, црквата е со издолжен облик, еднокоробна, на исток има полукружна апсида од надворешната и внатрешната страна, додека на запад има нартекс. Покрај нартекост од неговата северна страна има анекс (пастофорија)[149] (фот. 57-59). Истовремено со изградбата на црквата, во нејзин склоп е изградена и ѕидана гробница со полукружен цилиндричен свод (гробница А)[150]. Многу брзо кон првата фаза следи доградба, означена како фаза **I-b** (пл. 9, фот. 60, 61). При оваа доградба се додадени крстилницата во продолжение на северниот анекс[151] кон запад, и анекс, можеби *cella martyrum,* подигната врз гробницата А покрај наосот од неговата северна страна[152] (фот. 61). Во втората градежна фаза (II, пл. 9) обновен е наосот со нартексот, додека пастофоријата или северниот анекс и баптистериумот се надвор од функција и служат за погребување (фот. 60, 61) Оваа фаза се датира кон крајот на 12 до 14 век. Во овој период околу црквата се развива некропола. Во функција на црквата од II фаза, а јужно од неа, се откриени две простории вкопани во карпа, коишто најверојатно биле во функција на црковниот комплекс, но нивната намена засега останува непозната (пл. 8, фот. 62). Последната трета фаза (**III,** пл. 9, фот. 63) припаѓа на доцниот 14 и почетокот на 15 век. Во овој период старата градба е целосно надвор од функција. Новата црква или подобро речено капела е целосно вкопана во наосот од пораните фази, притоа не нарушувајќи ги ѕидовите и апсидата од постариот објект. При оваа градба апсидата е во форма на длабока ниша поставена во источниот ѕид. На запад наместо нартекст има трем (фот. 64). На аглите од западната фасада и ѕидовите од тремот се откриени траги од фрескоживопис, насликани со монохромна црвена боја без индиции за фигурални претстави (фот. 65).

[149]Работно означена како просторија А. Оваа просторија можеби служела како џаконикон во кој истовремено бил сместен протезисот за одложување на намирниците со кои се врши тајната евхаристија. За расправата околу локацијата на ѓакониконот и протезисот во ранохристијанската црква види кај Стирчевић 1958/1959, 59., со цитираната литература.
[150]Petrov 2018, 405-425.
[151]Работно означена како просторија Б.
[152]Работно означена како северен кораб, но понатамошните ископувања покажаа дека овде не се работи за северен кораб.

Сочуваноста на ѕидовите е само во темелните партии, па не е можно утврдување на постоење на пастофории, односно протезис и ѓаконикон покрај самата апсида (фот. 66). За разлика од претходните фази коишто се ѕидани во малтерна техника, последната фаза наместо варов малтер користи кал како врзивно средство. Сите фази од црквата се фундирани директно врз карпа, делумно вкопана во нејзе (фот. 67), а на делови карпата е искористена наместо ѕидови. Последната фаза има под од розев малтер. Продолжувањето на малтерот под источниот ѕид во кој е оформена апсидалната ниша, укажува дека малтерниот под е наследен од претходната II фаза на црквата (фот. 68-69). Слојот на малтер е тенок, аплициран директно на зарамнетата карпа која со ова се нивелира.

Црквата и придружните објекти се со неправилни форми. Ова се должи пред сѐ на ограничениот простор, стрмните падини и карпестата подлога, коишто не дозволувале да се развие правилен архитектонски облик. Најверојатно, природните карактеристики на теренот диктирале архитектот на градбата да се одлучи за градење на еднокорабна црква, наместо трикорабна диспозиција којашто според останатите примери во Демир Капија, но и целото Средно Повардарие, претставува основен тип. Ова можеби придонело и за отстапување од востановената практика на позиционирање на ѓакониконот од јужната страна на влезот.

Средновековната фаза (II) на црквата се издвојува со еден раритетен момент во начинот на изведбата на кровната конструкција. Црквата била покриена со два типа на покривни ќерамиди: рамни ќерамиди слични на римските *tegulae* и капаци слични на римските *imbrices*. Досега многу малку внимание е посветено на средновековната покривна керамика. Најчесто таа е занемарувана, а средновековните сакрални споменици коишто се сочувани до денес, по правило имаат претрпено низа на поправки на кровната конструкција така што не е сочувана изворно[153]. Често покривите со керамика се демонтирани, а поставувани се поскапи варијанти изведени со оловни плочи. Најдобро познат пример на византиска покривна конструкција изведена со ќерамиди е црквата Алакент во Мира[154]. Откриената покривна керамика од средновековната фаза, стилски

[153]За покривните конструкции и ќерамиди постојат многу малку информации, главно забележани при конзерваторско-реставраторските интервенции изведени на низа сакрални објекти во текот на минатиот век. Спореди Алексова 1958, 48-54.; Финдрик 1975, 121-129.; Павловић 1970, 113-116.

[154]Црквата во Мира (12-13 век) напуштена целосно конзервирана со наноси на песок до самиот кров е одличен пример за византискиот покривен систем, ненарушен од подоцнежни интервенции и поправки. Akyürek 2017, 74-81.

одговара на покривната керамика што И. Микулчиќ ја именува како Комниновски тип на ќерамиди и ја датира во 11-13 век[155]. Покривните ќерамиди од средновековната фаза (II) за разлика од сите досега познати примери се разликуваат по две карактеристики. Првата карактеристика се јавува кај двата типа на кровни покривачи. Рамните ќерамиди, како и капаците на горната потесна страна имаат перфорација изведена пред печењето, која служи за нивно приковување на подлогата (фот. 70-71, црт. 5). Ваквиот начин на перфорирање на покривните ќерамиди не е новина и се појавува на низа рамни покривни ќерамиди од римскиот период[156], на места каде што објектот е изложен на неповолни временски услови и силни ветришта. Сепак, ова е за првпат забележано на примероци од средновековниот период. Втората карактеристика се однесува само на рамните ќерамиди. Впрочем, иако спаѓаат во групата на рамни ќерамиди, сепак имаат одредено закривување. Познатите примери на покривни ќерамиди од римскиот и средновековниот период вообичаено имаат закривување по кратката страна на ќерамидата, но примероците од Кале-Стрезов Град имаат закривување по двете должини, односно како по кратката така и по долгата страна (фот. 72-73). Закривеноста по долгата страна не овозможува поставување на овие ќерамиди на рамен, односно двосливен кров и ја отвора можноста кровот од втората фаза на црквата да бил решен со полуцилиндричен свод или да имал купола. Заради изградбата на последната фаза, оваа претпоставка не може да се потврди преку согледување на архитектурата. Сепак, ваквиот начин на покривање на куполи и сводови со рамни ќерамиди и капаци може да се забележи на низа ликовни претстави како што се „преместување на моштите на св. Јован Златоуст“ од Менологиумот на Василиј II[157] или претставата на ѕидање на црква од Псалмот 95 на Минхенскиот Псалтир[158].

---

[155]Овој термин го воведува И. Микулчиќ, ова го базира врз основа на своите согледувања дека овој тип на ќерамиди се јавува во периодот од 11-13 век, заради откриениот слој на овој тип ќерамиди во најстариот слој на покривот при конзервацијата и реставрацијата на црквата Св. Пантелејмон кај Горно Нерези. Откриените примероци од останатите локалитети ги датира во 12-13 век. Микулчиќ 1980, 128-129, заб. 4., сл. 5; Микулчиќ 1982, 132, сл. 74. Ако покривната конструкција на која се повикува И. Микулчиќ е навистина интактниот слој ќерамиди, а не од подоцнежна фаза, тој би можел да се датира најрано кон средината на 12 век, ако знаеме дека градењето на црквата Св. Пантелејмон, според ктиторскиот натпис на надвартникот е датирано во 1164 година.

[156]Во *Lex Puteolana* се наведува „Tegulas primores omnes in ante pagmento ferro figito marginemque inponito.“ со што е востановено долните редови на рамните ќерамиди *tegulae* со железни клинци да се заковуваат за носечката греда. (CIL I, 698). Според Brodribb 1987, 10-11., кој анализирал 615 комплетни рамниќерамиди од римскиот период во Британија, перфорација забележал само кај една петтина од примероците.

[157]Vatican Library, Vat. Gr. 1613-f.353r

[158]BSB-Hss Cod.slav. 4, fol. 124v.

***Баптистериум.*** Баптистериумот претставува градба со неправилна правоаголна основа со димензии 5.75 x 2.80 м, со ориентација исток-запад (фот. 57, 60). Оваа просторија се наоѓа прилепена на западниот ѕид од северниот анекс, односно од северната страна покрај приодот кон црквата, северно од влезот во нартексот. Сочувани се само темели, освен јужниот ѕид којшто е сочуван со еден до два реда на камења. Поставена е на терен којшто стрмно паѓа кон југ, па затоа просторот морал да биде нивелиран со полнетици покрај северниот ѕид. Во просторијата се влегувало од југ, преку врата централно поставена. Бидејќи подот на крстилницата е пониско од пристапот кон нартексот, тој бил решен со скалила кои од пристапот воделе надолу кон баптистериумот (фот. 74). Секое од скалилата е со висина од 0,25-0,30 м, изградено од камен и фрагментирани тегули. Во југозападниот агол од просторијата е сочуван дел од подот, изнивелирана карпа премачкана со слој на розов варов малтер. Прислонета и централно поставена на источниот ѕид се наоѓа квадратна писцина со димензии 1,20x1,20 м, ѕидана од тули врзани со хидростатен малтер, од подот е подигната за 0,20 м. Во внатрешноста е вѕидан голем полукружен керамички сад со длабочина од 0,48 м, а долниот дел се наоѓа на 0,28 м под подот.Садот е со дијаметар од 0,75 м. Во централниот долен дел, садот е продупчен за испуштање на водата (фот. 75). Малите димензии на писцината и нејзината поставеност, прилепена до источниот ѕид укажуваат дека служеле за крштавање со полевање. Според П. Шевалие, во писцините коишто имале димензии помеѓу 0,7 и 0,9 м се применувало крштавање со полевање, бидејќи е невозможно возрасен катихумен целосно да биде потопен[159]. Од познатите примери досега не е познат аналоген примерок на овој тип на кршталница[160]. Најблиски по форма се кршталниците од Болјетин (Smorna)[161]и Баботинец-Прокупље[162], и двете потекнуваат од еднокорабни цркви лоцирани во рановизантиски утврдени населби[163]. Според димензиите на просторијата во која е сместена писцината, како и нејзината поставеност во крајниот источен дел, може да се претпостави дека служела и како катихумениум.

***Гробница.***Иако гробницата не е дел од литургискиот простор на црквата, заради нејзината архитектонска поврзаност и важноста за датирањето на црквата е прикажана овде.

---

[159]Chevalier 1988, 144.
[160]Chevalier 1988.;Khatchatrian 1962.; Николајевић 1966, 223-255.
[161]Зотовић 1984, 223.
[162]Кузмановић-Цветковић 1986, 216.
[163]Ilić 2006, 226-227, 229-230.

Ѕиданата гробница е полукружно засводена со правоаголна основа и има надворешна должина на гробната комора од 2.85 м и вкупна должина заедно со влезот од 4,45 м. Внатрешните димензии на комората се 1.87 х 1.14-1.16 м. Вкупната внатрешна висина на гробницата е 1.44 метри. Ориентирана е запад-исток со влез во вид на шахта на западната страна. Влезот кој преку лачен отвор во западниот ѕид на гробницата комуницира со гробната комора е со димензии 0,97-1,03 х 0,80-0,94 м. Шахтата била затворена со хоризонтално поставена масивна плоча со димензија 1.30 х 0.87 х 0,10 м. Лачниот отвор со ширина од 0,5 и висина од 0,7 м дополнително бил затворен со тенка вертикално поставена камена плоча (фот. 76-77). Подот се наоѓа на 0,3 м, вкопан под прагот во влезот на гробницата. Северниот и источниот ѕид се градени од кршен камен, за јужниот ѕид е искористена жива карпа. Западниот ѕид на гробницата до нивото на прагот е формиран исто така со длабење во карпата, а над него е подигнат ѕид од печени тули. Покривот на гробницата, во вид на полукружен свод, е изработен од 29 реда на печени тули со димензија 0.40-0.45 х 0.3 х 0.04-0.05 м (фот. 78, црт. 6). За подот била искористена и делумно изнивелирана карпата под гробницата, а врз неа имало поплочување од градежни тули со различни димензии. При ограбувањето и повторната употреба на гробницата подот бил скоро целосно уништен. Зачувани се само три интактни тули од кои една во североисточниот раб и две покрај северниот зид (фот. 80). Отисокот од градежните тули може да се забележи на секој од ѕидовите и тоа на делот каде што завршува малтерната оплата. Една од сочуваните тули е 0,26 х 0,17 м, додека друга тула е со ширина од 0,31 м, декорирани се со втиснати шари изведени со прсти пред печење. Како врзивно средство при градењето е користен бел варов малтер. Надворешноста на покривот била малтерисана, додека внатрешноста нема малтер бидејќи најверојатно отпаднал. Внатрешните ѕидови се премачкани со фин бел варов малтер што служел како подлога за нанесување на сликана декорација чии остатоци се сочувани врз северниот, јужниот и источниот ѕид. На јужниот и западниот ѕид декорацијата е сосем слабо видлива, додека на северниот е најдобро сочувана. Централно врз овој ѕид со интензивна црвена боја е насликан латински крст украсен со капки или бисери на секоја од страните. Крстот е фланкиран со вегетативни мотиви поставени лево и десно, а изведени со темно маслинеста боја.Вкупната сочувана висина на крстот изнесува 0.69 м, додека ширината изнесува 0.36 м (фот. 79). Може да се насети дека идентичен мотив бил насликан на

јужниот ѕид, додека на источниот видлив е само латински крст, но не може со сигурност да се потврди постоењето на флорална декорација.

Гробницата најверојатно била ограбена во средниот век, можеби и порано, при што нејзината внатрешност била целосно исчистена. Подот од градежни тули бил демонтиран и отстранет.

*Типолошки карактеристики.* Според типолошките карактеристики припаѓа на ѕидани гробници со полуцилиндричен свод. Овој тип на гробници се често застапени во периодот од 4 до 6 век. Особено се чести на источната и западната некропола во Солун[164], некрополата Јагодин Мала во Ниш[165], а голем број се откриени и под црквата Света Софија во Софија[166].

Од територијата на Р Македонија досега се откриени најмалку 58 ѕидани гробници со полукружен свод што датираат од ранохристијанскиот период. Оваа бројка не е целосна со оглед на тоа што само мал број е соодветно публикуван. Единствено В. Лилчиќ-Адамс во два наврати успеал да направи нивно картирање[167]. Поради ваквата состојба тешко е да се направи понатамошна продлабочена типолошка анализа на варијациите на овие гробни форми од нашата територија.

Гробницата А од Кале – Стрезов Град, според своите типолошки особености на гробната форма, најблиски аналогии наоѓа на некрополите во Солун каде овој тип на гробници се застапени во типот „Г" според класификацијата на Е. Макри. Идентичната варијанта на некрополите во Солун е застапена со 9 примероци[168].

*Сликана декорација.* Сликаната декорација од гробницата А од лок. Кале – Стрезов Град најдобро е видлива на северниот ѕид, кој е страничен. Траги од сликана декорација се забележуваат и на спротивниот јужен ѕид, како и на челниот источен ѕид. Бидејќи се слабо сочувани, не може со сигурност да се утврди дали крстовите на овие два ѕида биле фланкиран со вегетативни мотиви, како што е случај со декорацијата изведена на северниот ѕид. Претставата на крст од двете страни фланкиран со растенија и цвеќиња е поедноставена варијанта на темата рај, во чиј центар е поставен победничкиот крст (фот.

---

[164]МАРКН, 2006.; Kourkoutidou-Nicolaidou 1997, 128-142.

[165]Zotović 1961, 171-175.; Mirković 1956, 85-100.;*Late Antique necropolis Jagodin mala (catalogue from exhibition).* Niš : The National Museum Niš, 2014.

[166]Филов 1913, 61-69.

[167]Лилчиќ, 1983, 85-108.; Лилчиќ, 1981-1982, 143-151.

[168]МАРКН, 2006, 113.

79, црт. 6). Оваа тема има разни варијации коишто се разликуваат единствено по видот на растенијата што го опкружуваат крстот. Најчесто се поставени врз црвена трака со црни бордури, но ова не е секогаш случај. Крстот е од типот на латински крст со капки или бисери, оваа форма кон средината на 6 век е значително е зголемена при што доминира во самата претстава, ова се доведува во врска со химнографијата и идентификацијата на крстот со Христос[169]. Крстот украсен со солзи, т.е. капки го прикажува Христовото страдање преку симболичната форма на неговата крв пролеана на крстот. Капките трансформирани во декоративен елемент на претставата на крстот како симболични капки на Христовата жртва, пролеани за искупувањето на прародителските гревови, го сублимираат значењето на неговата воскресна победа и универзалниот триумф на бесмртноста и сеопштиот спас на човештво[170]. Тоа го потврдува и текстот испишан околу претставата изведена на виничкиот релјеф, украсен со латински крст со капки кој со триумфалниот карактер на стиховите ја нагласува идејата за спасувањето преку победата над смртта[171].

Од територијата на Р Македонија само за мал дел од истражените гробници постојат информации за постоење на сликарство, меѓу нив е една гробница од Гробјанската базилика од Стоби[172], ранохристијанската гробница од с. Калаузија[173], Штипско, две гробници од црквата Св. 15 Тивериополски маченици од Струмица[174] и еден гроб од лок. Манастир, Демир Капија[175]. Најблиски аналогии со сликарството од гробницата А се наоѓаат во симетрично поставените вегетативни мотиви во гробницата од Гробјанската базилика во Стоби, со таа разлика што овде недостасува претставата на крстот помеѓу

[169]МАРКН, 2006, 197-200.

[170]Dimitrova, 2012, 196-197.

[171]Текстот во целост гласи: CRUX CRISTI VINCE ET VINCERE PRESTA OMNIBUS SPERANTIBUS IN TE // КРСТУ ХРИСТОВ ПОБЕДУВАЈ И ОВОЗМОЖИ ИМ ПОБЕДА НА СИТЕ КОИ ТИ СЕ НАДЕВААТ. Dimitrova, 2012, 196-197.

[172]Петров 1975, 153-175.; Лилиќ 1983, 100-101, сл. 3а-в.

[173]Белдедовски и Штерјов 2010, 309-320.

[174]Коцо и Петров 1978, 93-97.; В. Лилчиќ-Адамс споменува постоење на 16 ѕидани засводени гробници од овој локалитет, но и покрај поминат долг временски период од самото нивно откривање до денес, публикувани се само три од гробниците. Лилчиќ 1983, 105-106.

[175]Се споменува само насликан крст на еден од челните плочи на гроб од типот циста. Нажалост, оваа некропола којашто е истражувана кон крајот на четериесеттите години на 20 век не е публикувана и недостасува документација за неа. За процесот на ископување се следат кратки информации во дневниците од ископувања коишто се воделе на другите сектори.

нив[176]. Крст со капки или солзи се среќава и во централната гробница од Црквата Св. 15 Тивериополски маченици но, овде на еден од страничните ѕидови насликани се два латински крста со капки или солзи, но со отсуство на вегетативните мотиви, затоа оваа претстава не може да се вклучи во претставите на темата -рај. Аналогии за датација на овој тип на крст може да се побараат во крстилницата на епископската базилика во Стоби, каде преку пораната фигурална претстава на евангелистот Матеј во првите децении на 6 век е насликан латински крст со капки на секоја од страните[177].

Од соседството аналогни примери на сликарството од гробницата А повторно се следат на некрополите во Солун. Покрај големиот број на засводени гробници од оваа некропола бројни се оние со ликовни претстави датирани од 4 до 7 век. Помеѓу нив постојат десет гробници со истата иконографска претстава како демиркаписката, датирани во 6 век[178]. Според примерите од Солун и Стоби сликарството од гробницата А од Кале – Стрезов Град се датира во 6 век, а според одликите на сликаниот крст попрецизно би се датирало кон средината на векот.

*Датација.* Според стратиграфијата и врската којашто гробницата А ја има со самата црква, тие биле изградени истовремено кон средината на 6 век. Најверојатно наменета за црковен великодостојник или ктиторот на црковниот комплекс. Набргу, над гробницата А е изградена просторија прилепена на северниот ѕид од наосот на црквата. Нејзината основна намена била да ја спречи изразената ерозија на просторот што стрмно паѓа кон север, а подоцна можеби оваа просторија над гробницата служела и како *cella martyrum.* Како што е истакнато во претходното излагање, во гробницата не се откриени остеолошки остатоци ниту, пак, друг движен археолошки материјал од првичното погребување. Целокупниот материјал од гробницата потекнува од нејзината секундарна употреба. Ваквата ситуација овозможува датацијата единствено да се изврши по пат на паралели врз основа на типолошките карактеристики на гробната форма и стилските карактеристики на нејзиното сликарство. Овој тип на гробни форми се широко застапени на територијата на префектурата Илирик притоа датирани од 4 до 6 век. Според стилските одлики на сликарството откриено во гробницата А, таа се датира кон средината на 6 век.

---

[176]Според единствениот цртеж од оваа гробница може да се забележи дека била претстава на темата-рај, крстот во оваа гробница најверојатно е уништен, а сочувани се само симетрично поставените вегетативни орнаменти.
[177]Dimitrova 2012a, 36.
[178]МАРКН, 2006 197-200, cat. No. 67, 68, 83, 103 и слични и cat. No. 43

Гробницата била ограбена во средниот век или можеби порано, но била повторно употребена во периодот на 13-14 век , кога во гробницата се погребани две индивидуи во неа се дислоцирани остеолошки остатоци на уште дванаесет (фот. 81, 82).

III.2.2.4. Црквиште – Корешница (Света Недела) (пл. 10, црт. фот. 33, 34, 83-93)

Библиографија: Радовановић 1924, 322.; Лилчиќ 1989, 73.; Чаусидис 1987.; Микулчиќ 1989, 84.; Петров 2017.

Археолошкиот локалитет Црквиште, с. Корешница – Демир Капија, се наоѓа на крајниот југозападен дел на КО Корешница (КП526), на зарамнето плато северозападно од возвишението Јуручки Камен, односно варовничката карпа Марков Град. Просторот означен како локалитет Црквиште претставува природно заштитена тераса со димензии 120x50 м и се наоѓа на 50-60 м над р. Вардар (фот. 33 (3), 34 (3), 83). Локалитетот од запад и југ е заобиколен од реката, на исток е надвишен од масивното карпесто возвишение Марков Град, додека единствениот пристап до локалитетот води од север. За првпат локалитетот е забележан кон почетокот на 20 век, од страна на антропологот В. Радовановиќ[179]. Подоцна во рамки на научно-истражувачкиот проект„Стари градови и тврдини во Средното Повардарие“, под раководство на И. Микулчиќ со учество на В. Лилчиќ и Н. Чаусидис се вршени површински проспекции и топографски снимања[180]. Во 2012 година, во рамките на заштитните истражувања на патната траса Коридор X се извршени заштитни археолошки истражувања под раководство на В. Калеова. Последните истражувања се изведени од авторот на текстот во 2016 година[181].

На овој простор е откриена црква со најмалку три градежни фази и распон на егзистирање од крајот на 5 почетокот на 6 век, сè до 15-16 век (пл. 10, фот. 84). На првата фаза (I фаза) ѝ припаѓа ранохристијанската црква која е откриена само фрагментарно, а над неа во текот на 12-13 век е подигната средновековната црква (II фаза). Од првата фаза е откриен само мал дел од апсидата којашто е полукружна од внатрешната и надворешната страна (фот. 85-86), како и дел од источниот и јужниот периметрален ѕид (фот. 87). На просторот во рушевинскиот слој, но и како сполии во последната градежна фаза е откриена камена

[179]Радовановић, 1924, 322.
[180]Микулчиќ, 1989, 70-71, 84.; Чаусидис, 1987.; Лилчиќ, 1989, 73.
[181]Петров 2017, 71-78.

пластика (фот. 88), и тоа фрагментирани столбови, столпци од олтарна преграда, еден импост капител и еден јонски капител со слабо нагласени волути (црт. 8). Според циркулацијата на пари на овој локалитет, црквата може да се датира околу средината на 5 век, а најдоцна до почетокот на 6 век црквата е напуштена, бидејќи населението од Марков Град се сели на локацијата на Кале-Стрезов Град. Според откриените фрагменти од архитектурата може да се претпостави дека станува збор за трикорабна базилика, сепак, идните ископувања треба да дадат повеќе информации.

Средната фаза (II фаза) на црквата е изградена како еднокорабна црква, со нартекс на запад и апсида на исток, од надворешната страна тристрана, а од внатрешната полукружна (фот. 89). Оваа фаза може да се датира кон крајот на 12 до 14 век. Од нејзе целосно е откриен источниот ѕид, како и делови од северниот и јужниот. Ѕидовите се со дебелина од 0,6-0,7м. Внатрешниот распон е 4м, додека сѐ уште не е истражен западниот дел и не е утврдена целосната должина. На запад на површина се наоѓа масивен надвратник од варовник (фот. 90). Ѕидовите се сочувани во висина од 2,2 м (фот. 91).

Последната фаза (III фаза) се датира кон крајот на 14 почеток на 15 век. Во оваа фаза е обновен источниот ѕид (фот. 92). Подното ниво е од набиена земја. Северно од олтарната конха се наоѓа помала конха, најверојатно пастофорија со функција на протезис и во неа е откриено железно ноже. Во олтарната конха се откриени приближно 250 фрагменти на фрескодекорација[182] (фот. 93). Околу црквата се простира повеќеслојна некропола[183].

На терасата околу црквата видливи се негативи од темели на ѕид, што укажува дека целото плато на коешто била изградена црквата имало ограден ѕид, кој не се сочувал заради интензивната ерозија, посебно изразена на рабовите од терасата (фот. 94).

Последните две фази се датираат врз основа на некрополата којашто се наоѓа околу самата црква. Некрополата започнува да се користи кон крајот на 12 или почеток на 13 век, а останува во употреба до 15 век.

В. Радовановиќ, во првата четвртина на 20 век, забележал дека ова место сѐ уште било посетувано од последните христијански жители на с. Корешница. Тој, од Црквиште го

[182]Петров 2017, 71-78.
[183]Петров 2017, 71-78.

нарекува Света Недела, што може да се претпостави дека самата црква којашто останала во народната меморија, во одреден период да била посветена на св. Недела[184].

### II.2.2.5. Црква – Св. Петка – Бистренци („Св. Илија")

Датација: Рано турско средновековие.

Библиографија: Манева 1992, 141.; Блажевска 1995, 189.; Винчиќ 1996.

Локалитетот Св. Илија се наоѓа на 1 км јужно од селото Бистренци на просторот на селската црква и современите гробишта. Црквата е изградена врз постари остатоци од ранохристијанска црква. При раскопувањата за нови гробови се откривани плочи од мек туф од постарата некропола. Досега овде не се вршени археолошки истражувања. Сепак, според случајните наоди врз ранохристијанската црква во средниот век, а најдоцна до 15 век е изградена нова црква врз која се организирала некропола.

### III.2.2.6. Црква II, Кале-Стрезов Град - Челевец

Во подножјето на Кале-Стрезов Град, на една зарамнета флувијална тераса покрај Челевечка Река, можно е лоцирање на уште една средновековна црква[185]. На површината се видливи бројни обработени бигорни блокови оформени во коцки. Вакви блокови се откриени и на лок. Црквиште кај Демир Капија, како и помал број во рушевинскиот слој на црквата на Кале-Стрезов Град.

---

[184]Радовановић 1924, 322.

[185]Површинските остатоци се лоцирани при рекогносцирање на просторот, изведено од авторот на текстот и дипл. археолог Пенче Кралев, на ден 17.10.2020. Остатоците се лоцирани на местото наречено Гаден Прнар, на КО Челевец, КП 148.

### III.2.2.7. Свети Атанасие – Чифлиг

На местото каде што се двои патот за селото Чифлиг се наоѓа месноста Св. Атанасие. На ова место денес има изградено мала селска црква. Црквата е изградена врз остатоци од постара средновековна или можеби ранохристијанска црква[186].

* * *

На просторот на Демир Капија засега се откриени седум сакрални објекти, но нивниот број очигледно е многу поголем. Од оваа бројка, четири припаѓаат на подобро истражени. Почетоците на сите четири објекти се во ранохристијанскиот период, и тоа во 5век и првата половина на 6 век. Сите згаснуваат најдоцна до последната четвртина на 6 век.

Црквите од ранохристијанскиот период од ареалот на Просел, можат да се поделат на два основни типа: I цркви од базиликален тип со централен наос и странични кораби, и II еднокорабни лонгитудинални градби. Според големината, сите спаѓаат во мали цркви со вкупна должина не поголема од 20 метри.

Во првиот тип на ранохристијански цркви се вбројуваат откриените цркви на локалитетите Црквиште-Демир Капија, Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница. Овие градби се одликуваат со трокорабна диспозиција, двете цркви од Демир Капија се со нартекс на западната страна и по еден анекс на северната и јужната страна од нартексот, додека за црквата од Корешница, постоењето на нартекс не е сигурно.

Базиликалниот тип на цркви е често практикувана форма во Средно Повардарие, но и пошироко во префектурата Илирик, низ целиот 5 и 6 век. Слични примери, само со различни димензии се откривани во Стоби, Скупи, Хераклеа Линкестис, Лихнидос итн[187]. Тие се поврзуваат, главно, со низинските и рамничарски населби како и со градовите, а многу поретко се откривани во висинските утврдени населби и тврдини. За разлика од претходно опишаните, откриената црква на Кале-Стрезов Град припаѓа на вториот тип, односно на еднокорабните цркви. Овој тип не е застапен, или многу ретко е застапен на низинските населби и во градовите, а е типичен за висинските утврдени населби на кои припаѓа и Кале-Стрезов Град. Откривани се во голем број на тврдини низ целата префектура Илирик, но доста често и во диецезата Тракија. На територијата

[186] Лилчиќ 1989, 79.
[187] Снајвли 2013, 1329-1397. За слични основи спореди во обемниот каталог составен во Лилчиќ 2003, 180-232.

на Македонија слични примери се откриени на Голем Град-Преспа и Мородвис[188]. Градбите од вториот тип вообичаено се подоцнежни и датираат околу средината на 6 век и се поврзуваат со големата обнова во времето на Јустинијан I. На архитектонскиот план на овие цркви најчесто влијаел просторот каде се градени, кој често е тесен и не дозволува изградба на базиликален објект, бидејќи самиот простор бара прилагодување кон теренот.

Четирите сакрални објекти се цеметеријални цркви. Околу нив, согласно постоечкиот простор се развиле рамни некрополи коишто се повеќеслојни. Црквиште-Демир Капија е изградена врз една постара хеленистичка[189] и доцноримска христијанска некропола. Изградената ранохристијанска базиликална црква, според Б. Алексова, претставува *basilica ad sanctus*[190]. При изградбата на црквата во наосот, нартексот, компартиментите покрај наосот и северниот анекс се вклопени доцноантички погребувања коишто влијаеле на оформување на архитектонскиот план. Овие погребувања се наоѓаат издвоени од останатите пагански погребувања кои се наоѓаат на просторот Болница. Според К. Снајвли, овде станува збор за црква изградена со намерата-погребните ритуали да се извршуваат на самата некропола, но и од желбата да се слават и заштитат гробовите на значајните личности и фамилии[191]. Во гробот 394 Б. Алексова препознава погребување на мартир во ѕидана гробница којашто е покриена со голема плоча *mensae martyrum*, а во северниот анекс каде што овој гроб е лоциран препознава *cella martyrum*[192]. Не е јасно зошто точно овој гроб го издвоила како гроб на мартир, кога сите погребувања од доцноантичкиот хоризонт што претходат на изградбата на црквата се изградени скоро на идентичен начин, а прашање е дали овде воопшто може да се зборува за постоење на гроб на мартир. Сепак, *mensa* може да се препознае над гробот 458[193], изградена во вид на правоаголна маса, ѕидана од камен и варов малтер, но овде треба да се претпостави дека *mensa* е дел од гробот на виден претставник на екумената и наменета е за изведување на гозби, на годишнината од неговата смрт[194]. За жал, најголемиот дел од гробовите не се интактни и биле повторно употребени во подоцните периоди, но гробот 193 јасно укажува дека кон крајот на 4 и почеток на 5 век овде е погребувано

[188]Битракова 2011, 70-71. На локалитетот Мородвис под средновековните фази е откриена еднокорабна ранохристијанска црква, која може да има најблиски аналогии со црквата на Кале-Стрезов Град. Јужно од самата црква е ограден правоаголен простор во кој се наоѓа засводена гробница, слична на откриената гробница прилепена до северната страна на црквата на Кале-Стрезов Град. Спореди Трајковски 1989, 89-91.; Нацев, 2019., во Источна Македонија евидентирал повеќе еднокорабни цркви коишто сè уште не се истражени.

[189]Гробот 178 откриен северно од црквата, датиран во 2-1 век пред н.е.

[190]Алексова 1995, 220-221.

[191]Snively 1984, 117-124.; Snivley 2003, 59-74, особено 62-63. Според класификацијата на К. Снајвли, Црквиште-Демир Капија се вклопува во првиот модел на цркви изградени врз постоечки некрополи на христијани.

[192]Алексова 1995, 220.

[193]Alekosva 1966, гробот е изграден источно од апсидата во непосредна близина.

[194]За значајот на *mensa* и гробните гозби кај членовите на христијанската заедница види кај Krautheimer 1969, 45-47.

христијанско население, на што укажува гробниот дар, позлатена бронзена фибула со суптилно изведен и прикриен христов монограм[195].

Наспроти Црквиште-Демир Капија, на Кале-Стрезов Град некрополата се развива паралелно со изградбата на црквата. Иако досега се откриени само две погребувања што може да се поврзат со периодот на егзистирање во времето на раното христијанство, сепак, изградбата на гробницата „А“ и нејзината архитектонска поврзаност со црквата, ја датира оваа гробница со полуцилиндричен свод во исто време со градењето на црквата, односно кон средината на 6 век. Ако се види дека гробницата е изградена со пристапна шахта, затворена со масивна камена плоча, јасно е дека гробницата била наменета за повеќекратни погребувања[196]. Па, најверојатно е изградена да служи за погребувања на црковните лица или пак на фамилија којашто го помогнала нејзиното градење[197].

Кај црквите на Манастир-Демир Капија[198] и Црквиште-Корешница[199], заради несоодветното и нецелосно публикување кај првата и нецелосната истраженост кај втората, сè уште е рано да се зборува за типот на кој припаѓаат овие цеметеријални цркви.

По рушењето и напуштањето на црквите кон крајот на 6 век, во контекст на Аваро-словенските упади на Балканот, црковното градителство на просторот на Демир Капија каде живеело словенизирано население, целосно е замрено и нема да биде обновено во следните неколку века. Иако се правени обиди втората фаза од Црквиште-Демир Капија да се поврзи со покрстувањето на Словените на преминот на 9 во 10 век, сепак, како што се покажа порано ова нема основа. Некрополите на коишто се погребува населението во периодот од 10 па сè до крајот на 12 век, најчесто се наоѓаат на нови локации, различни од оние каде се погребувало античкото население. А онаму каде тоа се погребува во близина или во рамките на урнатините на самите ранохристијански храмови, нема докази дека во овој период биле обновени. Причините може да бидат различни. А како една од посериозните треба да се земе и масовното прифаќање на Богомилството во овој период, но и на степенот на развој на новото население кое сè уште ја нема усвоено технологијата на градење со тврди материјали. Како што не можат да се откријат населбите и живеалиштата на населението во овој период, заради можноста голем дел од нив да биле изградени од органски материјал, истото е можно и за изградбата на сакралните објекти. Нов импулс може да се забележи дури кон крајот на 12 век. Ова е периодот на повторно окупирање на

[195]Aleksova 1966, 37, T.III, sl.11.
[196]Petrov 2018, 419-421.
[197]Оваа црква би се вклопила во третиот модел на цеметеријални базилики според К. Снајвли. Snively 2003, 65.
[198]Петровић 1961, 217-222; Лилчиќ 1989, 75-76.; Винчиќ 1996, 58-59.
[199]Петров 2017, 71-78.; Лилчиќ 1989, 73.

тврдините и старите населби, забележано е повторно погребување во рамките на сите ранохристијански цркви, а исто така и нивно обновување. Промени се забележани и во материјалната култура, пред сè, во гробните дарови кои се разликуваат од оние во претходниот период. Одговорот за обновеното црковно градителство кон крајот на векот може да се побара во новото византинизирано население кое после освојувањето на градот Солун од страна на Норманите во 1185 година, го напуштило и побарало заштита во внатрешноста. Во овој период, со сигурност се обновени три од истражените ранохристијански цркви, а има индиции за обнова и на четвртата.

Обновени се црквите на лок. Црквиште-Корешница, Црквиште-Демир Капија и Кале-Стрезов Град, Челевец, за базиликата на Манастир-Демир Капија не постојат сигурни информации од истражувачите дали таа има подоцнежни градежни фази, но истото може да се претпостави со оглед дека на околниот простор се откриени средновекони погребувања како и средновековен објект, датиран 12-14 век[200]. За оние кои има информации може да се каже дека во средниот век е востановена практиката за подигање на еднокорабни цркви со апсида на источната страна и нартекс на западната страна. Во примерот на Кале-Стрезов Град е обновен наосот и нартексот, додека северниот анекс и баптистериумот остануваат надвор од функција и служат за погребување. Кај Црквиште-Корешница[201] и Црквиште-Демир Капија е обновен централниот кораб и нартексот. Кај првата, апсидата е намалена и повлечена кон запад, додека наместо полукружната форма од надворешната страна, добива тристрана трапезаста форма. Заради намалените димензии на црквата, сега апсидата на источниот ѕид е изведена во форма на ниша, а северно од нејзе исто во источниот ѕид е изведена помала ниша, најверојатно во функција на протезис. Кај втората црква, обновата е направена врз централниот кораб, искористени се темелите од постарата фаза, а одредени манифестации укажуваат дека во последната е фаза обновен и дел од северниот кораб. Обновите се датираат во втората половина на 12 век или почеток на 13 век, иако Б. Алексова врз основа на одредени гробни наоди од 10-11 век, втората градежна фаза на Црквиште-Демир Капија ја датира во 9-11 век, сепак, ова се чини дека е премногу рано[202], за што е укажано понапред. Овие цркви останале во употреба и подоцна, а за тоа сведочат градежните зафати кон крајот на 14 или почетокот на 15 век. На Црквиште-Корешница е обновен источниот ѕид со што во оваа последна фаза добива полна апсида. На Кале-Стрезов Град – Челевец е изградена потполно нова црква, но со намалени димензии, вкопана во остатоците од пораните

[200]Петровић 1961 217-222.

[201]Петров 2017, 73-74.

[202]Б. Алексова, фазата на градење со кал и камен ја поврзува со црква градена од страна на христијанизираните Словени, во 9-11 век. Сепак, според сознанијата од истражувањата на Кале-Стрезов Град и Црквиште-Корешница, фазата градена со кал и камен се поврзува со последната градежна фаза од крајот на 14 почеток на 15 век.

фази, со материјал и градежни техники коишто се разликуваат од претходните. На Црквиште-Демир Капија е тешко да се зборува за градежни зафати, со оглед на состојбата на архитектонските остатоци, но доколку се суди по продолженото користење на некрополата до крајот на 15 и можеби првите децении на 16 век, тогаш ова може да се претпостави со голема веројатност.

Околу сите четири цркви, во средновековниот период се развиваат некрополи на редови. Кај црквите со базиликална диспозиција во средновековниот период страничните кораби служат за погребување што може најдобро да се види кај Црквиште-Демир Капија, но иако со помалку примери и кај Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница, кај Кале-Стрезов Град, погребувањата се лоцирани околу црквата, но и во кршталницата и северниот анекс од ранохристијанската фаза.

## III.2.2. ЦРКОВНА ОРГАНИЗАЦИЈА

За црковната организација на ареалот на Просек во раното христијанство немаме податоци. Може само да се претпостави дека овој простор бил под владение на епископијата во Стоби. За средновековен Просек иако нема многу податоци, сепак, постојат одредени информации за црковната организација. По поразот на Самуиловото Царство во 1018 година, просторот на Македонија повторно го завладеала Византија. Со присоединувањето на овие територии кон Византиското Царство, овде за првпат бил воспоставен новиот управен систем којшто се базирал на тематското уредување. Во овој период биле формирани темите Паристион и Бугарија со катепанат во Скопје. Покрај промените во управниот систем, биле направени и големи промени во црковното уредување. За почеток Василиј II не ја укинал патријаршијата основана од Самуил, туку истата се здобила со ранг на архиепископија, со посебен статус од останатите архиепископии, директно потчинета на византискиот цар, којшто имал за право да го назначува архиепископот. Веднаш по воспоставувањето на византиската управа на територијата од бившото Самуилово Царство, Василиј II (976-1025) издал три повелби (1019година) со кои се регулирале правата на Охридската архиепископија. Според првата повелба на Василиј, Просек е дел од Megленската епархија, на којашто се потчинети 15 парици и 15 клирици[203]. Според *Notitiae Episcopatum No.* 13, Megленската епископија (околу

[203]ГИБИ VI, 41.

1020-1030) била рангирана на шесто место во рангот на епископиите во рамките на Охридската архиепископија[204].

Кон крајот на 12 и почетокот на 13 век додека Просек бил престолнина на двете самостојни држави, првата на архонтот Добромир Хрс, а втората на севастократорот Стрез, владенијата на неговите господари се се простирале на териториите од територии на повеќе епископии. Во времето на Стрез, неговите владенија ја опфаќале скоро целата диецеза на Охридската архиепископија. Според И. Снегаров, Охридската архиепископија, во времето на независниот господар на Просек, Стрез, ги имала сите услови за да биде со водечка улога помеѓу црковните организации на Балканот[205]. Сепак, подоцна е укажано дека Стрез не го освоил Охрид. Дали Просек како седиште на оваа нова држава имал посебно место или пак останал потчинет на Мегленската епархија не се знае ништо. По смртта на Стрез (1214/1215)[206] Просек прво потпаднал под Латините, а брзо потоа (1219) под епирска власт, со што во рамките на Охридската архиепископија се вратиле Струмичката и Мегленската епархија, загубени во 1215 година[207].

Во периодот на епирското управување со Просек, забележана е промена во црковната организација. Кон крајот на првата четвртина на 13 век, Просек наместо во рамките на Мегленската епархија се среќава во рамките на Струмичката епархија. За ова е сочувано сведоштво во писмата на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан до струмичкиот епископ. Во ова писмо, Хоматијан му ја остава надлежноста на помесниот струмички епископ во решавањето на проблемот со Драган, жител на Просек којшто во несреќен случај стрелајќи на панаѓур пред градските ѕидини го застрелал својот син[208]. Понатаму власта над Просек често се менувала, потпаѓајќи под владение на Второто Бугарско Царство, Никејското Царство, како и Српското Царство, но нема податоци за црковното уредување во овој период. Последно што се дознава е дека во 1348 година, Стефан Душан со грамота ја подарил црквата Пресвета Богородица во Просек со својот имот како имот на манастирот Хиландер[209].

[204]ГИБИ VII, 105,
[205]Снегаров 1924, 98.
[206]Радић 1986, 234.
[207]Томовски 1978, 276; Аџиевски 1982, 125; Setton 1991, 45; Според Т. Томовски, Просек потпаднал под епирска власт во 1216 година.
[208]Снегаров 1924, 242, 260. Стефоска 2011, 268.
[209]Новаковић 1912, 422.

# III.3. НЕКРОПОЛИ

Доцната антика е време во коешто суштински ќе се променат сите аспекти на живеењето. Со масовното прифаќање на христијанската религија ќе се променат и верувањата во задгробниот живот. Како резултат на тоа се менува и поимањето на рајот како место што изобилува со материјални земни богатства и удопства (претставен преку Елисејските Полиња) во Христијански Рај на небесниот живот којшто за главна цел го има спасот на душите на праведните[210]. Во новата религија се рефлектира основното верување дека гробот е место каде умрениот спие κοιμητήρια до Страшниот суд, кога се очекува дека умрените ќе се воздигнат, праведливите ќе го населат Небесното Царство, а човековата душа ќе биде спасена[211].

Погребувањето и погребните практики иако едни од најконзервативните аспекти на човековото битисување, сепак, во одреден степен внесуваат новини коишто порано или подоцна ќе бидат помасовно прифатени. Ваквите сфаќања и христијанизацијата на Македонија придонеле веќе кон крајот на 2 и 3 век, археолошки да се документираат промените во погребните практики. Постепено почнува да се напушта практиката на спалување на покојниците и согласно христијанските канони да се применува инхумацијата, иако во одреден период постоела и биритуалност, каде поконзервативното население продолжило да се спалува. Новата религија донела и други новини како што е опаѓање на бројот и видот на гробните дарови. Над гробовите се подигнувале мемории или капели, а подоцна на овие места се оформени и гробјанските базилики.

Сепак, со големите преселби на народите, кон крајот на 6 и почетокот на 7 век, во Македонија се менува демографската структура на населението. Постепено, на овие простори наместо старото автохтоно и романизирано население се доселува словенско население коешто со себе ги носи своите религиозни практики. Иако од пишаните извори се знае дека Словените практикувале своите починати да ги спалуваат, досега кај нас не се откриени вакви некрополи, па останува нејасно каде и како ова население се погребувало. За разлика од Македонија, во Бугарија, Хрватска, како и на Пелопонез во

[210]Kourkoutidou-Nicolaidou 1997, 128.
[211]Kourkoutidou-Nicolaidou 1997, 130.

Грција откриени се бројни словенски некрополи со спалување. Во Бугарија[212] и Хрватска[213] одредено време се користат и биритуални некрополи, а постепено спалувањето се напушта на сметка на инхумацијата, но сѐ уште практикувајќи пагански елементи, т.е. приложување на гробни дарови од оружје, алати, коњска опрема, приложување на садови за храна и пијалак итн.. Ваквиот начин во Хрватска се напушта во 9 век, додека во Бугарија во 9/10 век.

На територијата на Македонија првите христијански некрополи се појавуваат во 10 век, по покрстувањето на македонските Словени од страна на учениците на Кирил и Методија по враќањето во Македонија. Некрополата Крстеви-Корешница е една од овие рани некрополи од Македонија, датирани во 10 век[214]. За разлика од населбите и тврдините во ареалот на Просек, некрополите се далеку побројни, а што е позначајно и подобро истражени. Засега со сигурност се познати десет некрополи од овој простор со истражени повеќе од 600 гроба. Досегашните истражувања укажуваат дека средновековното население на Просек се погребувало според востановените христијански практики, со помали отстапувања и девијации. Некрополите може да се поделат во две хронолошки групи, а според тоа тие имаат и одредени белези по кои се разликуваат. Во првата група спаѓаат гробовите, хронолошки определени во периодот од 10 до 12 век, додека во втората група спаѓаат некрополите од крај на 12 до 15/16 век. Во првата категорија на некрополи спаѓаат Крстеви и Копанец – Корешница, Ограда – Бистренци и северниот дел од некрополата Црквиште и Манастир – Демир Капија. Во втората група на некрополи спаѓаат поголемиот дел од некрополата Црквиште – Демир Капија, Црквиште – Корешница, Кале – Стрезов Град – Челевец и некрополите Мали Дол и Црквар – Јака Чешма во Тремник. За разлика од останатите некрополи, некрополата Црквиште – Демир Капија има најдолг континуитет на користење и овде се препознаваат двете хронолошки групи.

---

[212]Възжарова 1976.; Възжарова 1977, 30-50.
[213]Petrinec 2009.
[214]Манева 2000.

III.3.1. Црквиште, Демир Капија (пл. 11, 12, фот. 95-99)

Датација: 4-6 век, 10-16 век.

Библиографија: Aleksova 1966.; Алексова 1953, 3-4;. Алексова 1957, 47-57, Т.I-III.; Алексова 1955-1956, 91-93.; Јовановић 1970, 119-147.; Манева 1992, 141-163.; Hald 1917, 49-68.

Некрополата на лок. Црквиште-Демир Капија е истражувана во периодот од 1952-1956 година[215]. Според Б. Алексова откриени се 502 погребувања[216], сепак бројот на истражени гробови е далеку помал. Доколку се одземат дислоцираните скелети надвор од гробните

[215]За локацијата и историјатот на овој локалитет види во поглавјето III.2.2.1.

[216]Со оглед дека во овој период се зачетоците на повоената археологија во Македонија, самото ископување е доста дискутабилно во поглед на користената методологија. Првичните ископувања во 1952 г. се дел од големата истражувачка кампања во 1951-1952 година, раководена од Д. Вучковиќ-Тодоровиќ, во чиј сегмент сондажно е истражуван и секторот Црквиште. При овие првични ископувања во рамките на оваа некропола се истражени сондите А, А1, Б, Б1 и Ц. Ова, подоцна придонело за големи проблеми во водењето на понатамошната документација. Со оглед дека се работи за една рамна некропола, целосно погрешно била воспоставената практика во секоја од сондите нумерацијата на гробовите да започнува со број 1. Па така, при ископувањата на овој сектор има 4 погребувања коишто носат нумерација гроб 1, гробовите од сонда Ц не се нумерирани, ниту ископувани. Ваквиот проблем продолжува до оној број колку што гробови се откриени во самата сонда. Ова придонело за подоцнежно мешање на материјалот помеѓу оние гробови означени со ист број. Пред ископувањата во 1954 година, Б. Алексова којашто продолжува како раководител на истражувањата на Црквиште, по завршувањето на проектот на Д. Вучковиќ-Тодоровиќ, прави обид за корекција на оваа ситуација, сепак се чини и покрај сите напори обидот не е целосно успешен. За резултатите на овој обид најдобар показател е монографското издание *Prosek - Demir Kapija : Slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji* од раководителот на ископувањата Б. Алексова. На начинот на ископувањата и неправилното водење на теренската документацијата укажува своевремено и архитектот Томовски 1953, 4., којшто бил присутен на ископувањата. Планот на некрополата е непрецизен и од него не можат да се извлечат сите потребни информации, а стратиграфско раслојување има само помеѓу доцноримските и останатите погребувања, па така на голем дел од некрополата на планот се вцртани само помладите погребувања, а постарите се изоставени и обратно. Притоа, постојат голем број на несогласувања во самата публикација од делот каде што е каталогот на гробови со табеларните прикази на гробовите и наодите, како и анализата на гробните наоди во голем дел не се совпаѓаат. За овој проблем којшто е, и тоа како, очигледен укажал уште Јовановиќ 1970, 119-144, кој во еден студиозен приказ на ова монографско издание се обидел да изврши анализа на публикуваните материјали и да ги поправи аномалиите. Со оглед на тоа што не располагал со изворна документација (која впрочем во голем дел е изгубена), тој само успеал да реши дел од проблемите, но исто така и ги проблематизирал оние каде што не можел да донеси конкретен одговор. Исто така, Манева 1992, 141-163., во своето дело *Средновековен накит од Македонија*, прави обид за систематизирање и формирање на гробни целини согласно постоечките публикувани материјали, изворниот материјал не и бил достапен. Грешките во публикацијата веќе се изнесени од претходните истражувачи,па во овој момент нема потреба да се повикува на нив. При изнесувањето на согледувањата коишто настанаа со прегледување на сочуваните теренски археолошки и антрополошки дневници, теренските инвентарни книги, теренските фотографии, картоните на музејскиот материјал и публикуваните информации, ќе бидат дадени нови согледувања без да се укажува дали се совпаѓаат со публикацијата на Б. Алексова или се во контрадикторност, освен во случаи каде е неопходно. Изворната теренска документација, иако нецелосна има, одредена документарна вредност врз која можат да се темелат согледувањата за дел од некрополата и за одредени гробни целини.

конструкции чиј број изнесува 91[217], неотворените 14 гробови[218], 5 доцноримски гробови на две води[219], едно погребување со питос (гр. 186), едно со кремација (178) и 20 доцноримски ѕидани гробници[220], тогаш се добива бројка од 383 гробови[221]. Во оваа бројка вклучени се и доцноримските ѕидани гробници коишто во најголем дел се повторно употребени во средниот век, освен гробницата бр. 193 којашто содржи археолошки податлив материјал.

При обработката на трудов нема да бидат земени во предвид погребувања коишто на овој простор се извршени пред изградбата на ранохристијанската базилика[222]. Овде ќе бидат обработени 376 погребувања. Ова претставува рамна некропола со гробови на редови, организирани околу една гробјанска црква (фот. 95). Заради бројноста и континуитетот на погребувања на овој простор редовите постепено се губат и скоро е невозможно да се пратат. Ваквата ситуација е настаната со желбата- покојникот да биде погребан поблиску до црквата. Колку се подалеку од црквата гробовите се поретки. Ориентацијата им е запад-исток, со помали или поголеми отстапувања коишто, главно, се условени од поставеноста спрема архитектонските остатоци на црквата (фот. 96, 97, 99) и ѕидовите од двориштата (фот. 98). Но, притоа голем дел од отстапките се условени од слободниот простор и поставувањето на конструкции помеѓу постари гробови.

Погребувањата се изведени во три форми. Најчести се гробните конструкции од камени плочи и тоа во 320 примери, втори по бројност се слободните укопи со 64 примери и најретки се гробниците коишто се секундарно употребени. Посебно интересна е гробницата 221, којашто со оглед на нејзините димензии, како и дополнителната гробна конструкција во внатрешноста (221а) може да претставува и фамилијарна гробница со костурница. Таа се наоѓа во наосот на ранохристијанската, односно во нартексот на

[217]Како дислоциран скелетен материјал надвор од гробните конструкции се следните броеви: 4, 6, 27, 28, 29, 31, 33, 35, 36, 38, 39, 40, 41, 48, 52, 53, 54, 66, 67, 68, 69, 75, 78, 84, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 116, 117, 124, 126, 128, 131, 132, 133, 134, 135, 138, 139, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 154, 167, 172, 175, 176, 179, 189, 190, 194, 195, 196, 197, 198, 199, 201, 204, 205, 206, 207, 208, 210, 212, 214, 216, 217, 218, 219, 223, 239, 242, 263, 282, 283, 285, 304, 325, 326, 329, 364, 366, 370, 381.

[218]Тоа се гробовите со броеви 14, 15, 26, 42, 60, 61, 76, 112, 120, 265, 290, 320, 385, 408, освен гробот 15 којшто е инхумација во јама, останатите се во гробни конструкции изведени од камени плочи. Иако овие не се отворени, стојат како такви во вкупната бројка на одредената гробна форма.

[219]Гробовите 119, 190, 224, 352, 353, 362.

[220]Означени со броевите 82, 185, 192, 193, 209, 328, 334, 360, 394, 477, 479, 485.

[221]Кон ова треба да се додадат и три дополнително нумерирани гроба 181а, 221а и 414а.

[222]Тоа се споменатите гробови на две води, гробот во питос, гробот со кремација и ѕиданите гробници, освен ако не се секундарно употребени.

средновековната црква. Гробните конструкции изведени со камени плочи се разликуваат по својата форма од правоаголни до трапезоидни. Тие може да бидат оградени и покриени со камени плочи, а може и да бидат само оградени без покривач. Слободните укопи се јавуваат само како обични јами на кои не може со сигурност да им се утврди обликот, но има и такви коишто имаат покривач. Заради долгиот континуитет на погребувања на просторот, гробните конструкции најчесто се оштетени од подоцнежните погребувања, па не може целосно да се следи нивната разновидност.

Гробни маркери не се сочувани, но одредени повисоки плочи или камења над главите на покојниците (142, 405, 462) укажуваат дека можеби постоело обележување со камења. Сепак, според степенот на кој овие гробови се преклопуваат, ова е малку веројатно. Б. Алексова забележува дека над источниот дел од гробот 222 била поставена надгробна плоча од мермер на која е претставен крст[223]

Покојниците се положени во правец запад-исток, со главата поставена на запад, а нозете на исток, освен во случајот со детското погребување во гроб 275 коешто е поставено спротивно[224].

Телата се положени директно врз земја, освен во примерите каде гробот е поставен преку друго погребување, па така телото е положено врз плочите од постарата гробна конструкција како што е случај во гробовите 130, 327, 426 и 429. Во гробовите 227 и 228 покојниците се положени врз малтер од круништето на ѕидот врз северниот ѕид од ранохристијанската базилика врз кое се поставени гробовите.

Се појавуваат и дупли гробови, како кај примерите од гробовите 1 и 2, односно 16 и 17, коишто користат една заедничка странична плоча.

Покојниците се положуваат со инхумација со нозете испружени, додека положбата на рацете варира во раце прекрстени или положени на карлица, стомак или гради. Се појавуваат и варијации каде едната рака е положена на стомакот, а другата на градите или

[223]Оваа информација треба да се земи со резерва, бидејќи не е репродуцирана, а од неа има само скица во теренскиот дневник, според скицата може да се претпостави дека плочата била дел од парапетна плоча од олтарна преграда. Дали таа секундарно била употребена како надгробна плоча, не може да се утврди. Aleksova 1966, 26. Теренски дневник од археолошките ископувања – Б. Алексова 1954, Демир Капија, св. II, кој се чува во Археолошки музеј на Македонија.
[224]За ова види подолу во текстот.

карлицата. Посебен куриозитет претставува гробот 333 во којшто покојникот е погребан во згрчена положба, поставен на стомак и свртен кон лево (фот. 129).

Черепот може да биде поставен право или свртен кон лево или десно, но овде не може да се прати некоја закономерност, најверојатно се работи за случајност, девијација што настанува по положувањето на телото во гробот.

Во најголем дел од случаите, гробните конструкции се повеќекратно користени за што сведочат бројните дислоцирани скелети коишто се наоѓаат покрај гробовите, врз нив или многу често и во самите гробови поставени кај нозете на покојникот или пак на целиот простор на гробот преку него.

Покрај ова, се среќаваат и двојни погребувања со двајца покојници положени во иста гробна конструкција, истовремено или пак во рок помал од 5 години, додека телото сѐ уште не е целосно распаднато, па така скелетните остатоци од постарото погребување не се нарушени. Вакви примери има во гробовите 25, 55, 96, 127, 145, 223, 342, 372, 382 и 400. Во гробовите 161, 243, 245 и 379 положено е дете преку градите на скелет на возрасна индивидуа. Во сите овие примери детскиот скелет е поставен во гробот со правец запад-исток, со главата кон запад, освен кај примерот во гроб 275 каде скелетот на дете е поставен обратно од скелетот на возрасната индивидуа, односно со главата положена на исток. Во гробот 371, над левото карлично крило на возрасна женска индивидуа е откриен скелет на новороденче[225]. Во гробот 342, едно покрај друго се погребани две деца.

Често е положувањето на глава врз камен. Вакви случаи се забележани во гробовите 64, 123, 162, 267, 310, 313, 399, 415, 448, 463, а во еден случај наместо врз камен поставен е врз тегула во гроб 463, односно врз тула во гроб 74 и 497. Во голем број случаи, черепот е поставен помеѓу два камења и тоа во гробовите 64, 226, 262, 266, 293, 300, 312, 341, 412, 418, 436, 440, 447, 454 и 459. Во еден случај помеѓу камен и череп во гроб 287, а од левата страна на череп е поставен друг череп во гробот 303, односно од десна страна во 439. По една плоча лево од черепот е поставена во гроб 70, 240 и 298 а од десна страна во гроб 165 и 379.

Остатоци од палење се забележани во гроб 121, додека од штици во 173, 248, 418 и 425.

[225]Кај гробовите 243, 245, 275 и 371 возрасниот скелет припаѓа на женска индивидуа, додека кај 161 и 379 е неодреден или нема информации.

Посебна група прават гробните конструкции коишто содржат дислоцирани скелетни остатоци на повеќе индивидуи, а во самата конструкција нема откриено скелет *in situ*. Ваквите гробови, или секундарно искористени гробници можат да служат како костурници. Со оглед на слабиот квалитет на документацијата од Црквиште, сепак, според гробниот каталог и теренските дневници и фотографии вакви ситуации се откриваат во гробниците 82, 221, 334, 477, 479 и 485, користени како костурници во средниот век. Кај обичните гробни конструкции без откриен скелет *in situ* се среќаваат поголем број на дислоцирани индивидуи во гробовите 79, 134, 138, 148 (?), 164, 179, 187, 205, 244, 245 (?), 277, 282, 283, 284, 302 (?), 330, 381, 431, 452, 498 и 500 (?). Со оглед на помалите димензии, а сепак сместување на дислоцирани скелети од возрасни индивидуи, речиси со сигурност може да се претпостави дека 221, односно 221а и 498 ја имале функцијата на костурници.

Уште една занимливост се појавува во гробот број 293 којшто како покривна плоча има мелнички камен.

Од вкупно 383 разгледани погребувања од оваа некропола, археолошки наоди се откриени во вкупно 138 погребувања што претставува во 36 % од гробовите[226]. Од нив најмногу се откриени во 50 % од вкупниот број на женски погребувања, потоа 32 % од машките погребувања, и најмалку кај детските со 31 % од вкупниот број на погребувања. На оваа бројка може донекаде да влијае и големиот процент на неодреден пол каде бројката достигнува до 31% од вкупниот број на неодредени индивидуи.

Врз основа на гробниот инвентар, како и на вон гробните наоди коишто очигледно овде доспеале по раскопување на постарите гробови, може да се утврди дека на некрополата најзастапен наод се прстените со 28%, по кои следат наушниците со 23%, па белезиците стаклени и метални со 15 %, а од накит најслабо се застапени ѓерданите со 5%. Украсите за облека во коишто спаѓаат копчиња, аграфи и токи се застапени со 9%, а монетите се застапени со 8%. Во групата на други наоди спаѓаат 11% од движниот инвентар за којшто во одредени ситуации треба да се внимава, бидејќи во гробната јама е упаднат случајно, при копање и засипување на гробната јама[227].

---

[226] Бројката е повисока од реалната, со оглед на тоа што во оваа статистика се вклучени и гробовите во коишто има случајно упаднато предмети што не биле дел од гробниот инвентар.

[227]Во вкупната бројка на наоди спаѓаат и двата наоди на „јадица“ според интерпретацијата на Б. Алексова, но овде е сигурно дека не станува збор за јадици, туку за фрагменти од кандила коишто случајно




*Процентуална застапеност на одреден археолошки материјал откриен како гробен и вонгробен наод од лок. Црквиште-Демир Капија*

III.3.2. Крстеви, с. Корешница – Демир Капија (пл. 13-14, фот. 100-103)

Датација: 10-12 век.

Библиографија: Манева 1993: 38-39.; Манева 1995, 63-71.; Манева 1995а, 223-243.; Манева 1996, 185-200.; Манева 1996а, 271-280.;Манева 2000.; Maneva 2001: 403-414.

Археолошкиот локалитет Крстеви се наоѓа на 1 км југозападно од село Корешница и 4 км низводно од влезот во клисурата. Локалитетот претставува една ниска флувијална тераса којашто за 5-10 метри ја надвишува реката Вардар.

Некрополата е откриена во осумдесеттите години на 20 век, по пријавување на локалните жители во Музејот на град Неготино, инаку помеѓу населението позната подолго време. При обработка на почвата населението овде раскопувало гробови и ваделе камени плочи од гробните конструкции. Рекогносцирањата изведени во 1990 и 1991 година, претходеле

---

упаднале во гробната јама. Поради слабата документарност на публикацијата за некрополата, предизвикува одредени недоследности и погрешни интерпретации. Па така, Јовановиќ 1970, 130., со желба да ги објасни и разреши грешките направени во самата публикација, изведува заклучоци како што е дека овие „јадици“ сведочат за развиениот риболов во Просек, понатаму наведува дека се ова најраните наоди на јадици во словенски гробови од територијата на Југославија.

на археолошките истражувања изведени на двете локации во 1992, 1993, 1994 година. Носител на археолошките истражувања бил Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофски факултет – Скопје и Музејот на град Неготино, со работите раководела Елица Манева.

Во овие три истражувачки сезони откриени и истражени се 64 погребувања. Најверојатно, некрополата продолжува на околниот простор сѐ до микролокацијата Копанец што се наоѓа на 200-250 метри западно од Крстеви. Некрополата е од типот на рамни некрополи (фот. 100). Сите погребувања се со правец запад-исток, со главата поставена на запад, во чисто христијански манир. Постојат одредени мали отстапувања во ориентацијата, но тие се условени од сончевата енклиптика, конфигурацијата на теренот, одредените можни фамилијарни групирања итн.

Погребувањата се изведени во две гробни форми, и тоа, во 12 случаи гробни конструкции во вид на гробни камари – цисти (фот. 101, 103) и слободни закопи во 51 случај (фот. 102). И двете гробни конструкции имаат одредени варијации. Слободните закопи се среќаваат како гробни јами директно вкопани во здравица, јамите делумно оградени или обележани со камења од едната, двете, трите или сите четири страни. Гробните конструкции во форма на гробни камари – цисти се разликуваат по својата форма, односно се среќаваат трапезоидни и правоаголни по форма. Изведени од странични монолитни и челни плочи, покриени со една или повеќе плочи со или без камења во основата. Плочите се од песочник и варовник. Во гробовите 9, 38 и 55 е присутно карбонизирано дрво без присуство на горење што укажува на можноста дека истото ја формирало јамата.

Покојниците во двата типа на конструкции се положени во испружена положба директно на земја со рацете испружени покрај телото, поставени преку карлицата или вкрстени на градите.

Маркери над гробовите не се сочувани, но со оглед дека ниту еден од гробовите не го нарушува другиот може да се претпостави дека тие постоеле. Најверојатно, биле обележани со камени маркери кои заради земјоделските активности на просторот биле отстранети уште во минатото или пак одбележувањето било со дрвени маркери крстови(?!) на што можеби укажува и самиот топоним *Крс̄теви*.

На некрополата е забележан култот за чествување на мртвите. На западниот дел од некрополата, на еден поширок празен простор е откриено огниште/печка во кое е откриена фрагментирана садова керамика, како и животински коски што укажува на припрема на храна.

Остеолошкиот материјал од некрополата Крстеви е доста слабо сочуван, притоа не овозможувал да се направат покомплетни антрополошки анализи. Киселоста на почвата предизвикала коските да не фосилизираат и со тоа тие да пропаднат со текот на времето или пак да бидат доста кревки за време на откривањето. Според антрополошките анализи соодносот на машки, женски и детски погребувања е следниот: 23 мажи, 18 жени, 22 деца и 1 неодреден.

На некрополата Крстеви од вкупно 64 истражени гробови се откриени наоди во 34 гроба што претставува повеќе од половина (53%). Гробните дарови се главно лична своина односно накит. Наоди се најдени во сите 18 женски погребувања (100%), во 13 од вкупно 22 детски (59%) и во само 3 од вкупно 23 машки погребувања (13%).

Помеѓу наодите од некрополата Крстеви, најбројни се разните форми на прстени и наушници. И првите и вторите се застапени со по 44 примероци. Прстените се среќаваат во 22, а наушниците во 23 гробни целини. Единствениот тип на наод застапен кај машките, женските и детските погребувања се прстените. Тие се среќаваат како единствени наоди или во комбинација со други наоди. Прстените се среќаваат од еден сè до пет примероци во една гробна целина. Наушниците, исто така се среќаваат како самостојни наоди или во комбинација со друг тип. Во гробовите се среќаваат како поединечни, во пар, а во една гробна целина се застапени со 4 примероци. Имено, во вкупниот број на машки погребувања само во три од нив има наоди од коишто два се прстени, а додека во третиот има парче стакло. Наредниот тип на наоди по бројноста се белезиците, коишто по материјалот на изработката се делат на метални застапени со 15 примероци и стаклени застапени со 9 примероци. Од останатиот гробен инвентар се среќаваат прапорци, ѓердани, ѕвончиња и копчиња,а од најголем значај е единствената пречелница од овој вид, како и двата идентични амулети.

Според гробната форма не може да се направи полова и економска диференцијација на погребаните. Се јавуваат погребувања на машки и женски покојници и во двете гробни форми, односно во гробни камари и слободни закопи. Единствено детските погребувања

се среќаваат само во слободни закопи. Но, во овој степен на истраженост оваа појава може да се третира како недоволна истраженост на некрополата. Истото се однесува и на економскиот карактер, па се среќаваат погребувања во цисти со и без наоди, како и погребувања во слободни закопи со и без наоди. Но, треба да се напомене дека бројноста на гробните наоди во поединечен гроб со слободен закоп е далеку поголема од гробните наоди во гробовите со конструкција.

Според типолошките карактеристики на движните наоди од оваа некропола, движниот материјал може да се подели на две групи: во *Крсшеви* I и *Крсшеви* II. Крстеви I е датирана кон крајот на 10 и 11 век, овие погребувања се наоѓаат на највисокиот и најдоминантен дел од некрополата. Стратиграфијата на некрополата може да се следи хоризонтално, во пониските делови кон запад се среќаваат помладите погребувања од *Крсшеви* II фазата, датирани со карактеристични типови на накит од 12 век. Ваквата хоризонтална стратиграфија се прати кон запад, но не е исклучена можноста таа да се шири на истиот начин и во другите правци.




*Процентуална застапеност на одреден археолошки материјал откриен како гробен и вонгробен наод од лок. Крстеви-Корешница*

III.3.3. Копанец – Корешница (пл. 15, фот. 104)

Датација 12-13 век.

Биографија: Манева 1999, 339-356.

Локалитетот Копанец, се наоѓа во атарот на селото Корешница, на 300 метри оддалеченост од претходно споменатата некропола Крстеви. Според истражувачот Е. Манева, можно е, но не нужно, ова наоѓалиште да е само микролокација на Крстеви, но со оглед на малата истраженост, сепак, не може со сигурност да се тврди. Материјалот од Копанец одговара на материјалот од Крстеви II фазата, но и подоцна.

Овде се откриени 11 погребувања организирани во рамна некропола на редови (фот. 104). Погребувањата се извршени во гробови со гробни конструкции од камени плочи – цисти со правоаголна или трапезоидна форма, како и во слободни укопи, делумно оградени со камења. Ориентацијата им е запад-исток. Телото на покојникот е положено во инхумирана положба со рацете прекрстени на гради, со главата положена на запад, според христијанските манири. Во организацијата на некрополата, Е. Манева препознава фамилијарни групирања помеѓу гробовите 3 и 4; меѓу 7, 8 и 9; како и помеѓу 10 и 11.

Гробен инвентар е откриен во 5 од 11 погребувања, од кој инвентар е откриен во сите 4 женски погребувања, само во 1 од 5 машки погребувања, додека во истражените два детски гроба, нема откриено наоди.

III.3.4. Црквиште, С. Корешница – Демир Капија (пл. 16, фот. 84, 105-106)

Датација: 12-15 век.

Библиографија: Петров 2017, 71-78 .; Чаусидис, 1987, 171-196.

Некрополата Црквиште-Корешница се наоѓа околу остатоците на ранохристијанската и средновековна црква на истоимениот локалитет[228].

[228]За локацијата на овој локалитет и историјатот на истражување погледни во претходната глава, раздел III.2.2.4.

На овој локалитет досега се истражени 16 погребувања, јужно и источно од откриената црква. Самата некропола има долг континуитет на погребување на што укажуваат бројните повторни искористувања на гробните конструкции. Некрополата спаѓа во групата на рамни некрополи со гробови на редови. Иако не е доволно истражена, можат да се забележат две гробни форми, и тоа слободни закопи (фот. 105) и гробни форми со камена конструкција (фот. 106). На првата форма припаѓаат 5 погребувања, додека на втората припаѓаат 11 погребувања од кои 9 со гробен покривач, а 2 без. Гробовите се ориентирани запад-исток, со главата свртена на запад. Според археолошкиот материјал гробовите се датираат во периодот од 12 до 15 век, а гробот 14 е датиран во 13 век, со монети откриени како гробен дар. Монетите стоеле во кесе на левата страна, откриени се над левиот фемур. Над просторот каде што бил гробниот дар во гробот е откриена рамна плоча.

Покрај западната страна, на гроб 14 е откриен мермерен столб којшто со 1 м го надвишува гробот. Столбот е секундарно искористен од ранохристијанската базилика во функција на гробен маркер, со оглед на висината сигурно стоел над земја (фот. 106). Засега ова е единствениот пример каде што може со сигурност да се каже дека гробовите биле обележувани со надземни гробни маркери.

Кај споменатиот гроб се појавува уште една специфика. Од северната страна, на оддалеченост од околу 0.3 м од гробот се појавува уште една ограда од вертикално поставени плочи и камења. Овој простор којшто е на рамниште со покривачите од гроб 14, искористен е за поставување на остеолошки материјал од порани погребувања. Кон исток се поставени едно до друго три черепи, додека кон запад се поставени останатите коски. Со оглед на дополнителната ограда, можеби овој простор служел како костурница за одлагање на претходните погребувања.

Гробен инвентар е откриен во 8 од вкупно 16 погребувања од кои 3 кај женски погребувања, 2 кај машки, кај 1 дете и кај две индивидуи со неодреден пол.

### III.3.5. Ограда – Бистренци (пл. 17, 18, фот. 107-109)

Датација 11-13 век.

Литература:Блажевска 1995, 95-111.; :Блажевска 1996, 201-212.; :Блажевска 1998, 381-387.; Блажевска 2005, 239-253.

Некрополата Ограда с. Бистренци е лоцирана на една флувијална тераса што 5-10 метри ја надвишува реката Вардар. Некрополата се наоѓа на југозападниот раб на селото и 450 м северно од селската црква, изградена врз остатоци од ранохристијанска базилика и околу 6.5 км северозападно од влезот во клисурата.

Некрополата е истражувана во повеќе наврати, односно во 1990, 1991, 1994, 2000, 2001 и 2008 година, при што се истражени 70 средновековни погребувања. Некрополата е истражувана од страна на Археолошкиот оддел на Музејот на Македонија – Скопје, под стручно раководство на археологот Лидија Блажевска.

Според досега истражените 70 погребувања, се работи за типот на рамни некрополи во редови (фот. 107). Некрополата не е целосно истражена, но воочлива е источната граница, каде погребувањата се поретки. Редовите не секогаш се почитуваат во иста мера, па некаде има помали, а некаде поголеми слободни простори меѓу нив. Ориентацијата на сите погребувања е запад-исток, со дозволени отстапувања условени од сезоната кога погребувањето е извршено.

Погребувањата се изведени во две гробни форми: гробна конструкција во вид на гробна циста и слободен закоп (фот. 108, 109). Варијации се среќаваат и кај двете гробни форми. Гробните цисти се среќаваат како правоаголни или трапезоидни гробни конструкции изградени од поголеми монолитни или помали плочести камења, со или без покривни плочи. Погребувања во цисти се извршени во 36 случаи од кои: во цисти со правоаголна форма во 14 случаи и во цисти со трапезоидни форма во 22 случаи. Кај првите во 6 случаи се јавуваат и покривни плочи, додека кај вторите во 4 случаи. Гробните јами на слободните закопи не мора, но може да бидат оградени од едната, двете, трите или сите четири страни со помали камења или плочи. Слободни закопи се среќаваат во 34 случаи.

Во градењето на гробните конструкции е забележан и двоен гроб, односно два гроба што користат една заедничка странична монолитна плоча (гроб 8 и 9). Ова навестува дека овие

две погребувања се извршени истовремено. На оваа некропола се појавуваат и двојни погребувања каков што е случајот со гроб 13 и 31, каде во гробот се среќаваат череп и растурени коски од примарното погребување што овде било извршено со индивидуите 13а, односно 31а.

Покојниците во гробните јами и цисти се секогаш поставувани во испружена положба директно врз земјата. Рацете им се испружени покрај телото, поставени на карлицата, стомакот, градите или во комбинација на овие варијации.

На некрополата Ограда исклучиво се застапени христијанските погребни обичаи. Но, во три погребувања- гроб 2, 17 и 19 е забележано присуство на јагленчиња во гробовите. Исто така, во рамките на некрополата е откриено и огниште со коски и фрагменти од керамика.

Гробен инвентар се среќава во 38 погребувања од коишто во: 19 од 23 женски (82,5%), кај 3 од 16 машки (19%) кај 14 од 25 деца (21) и јувенили (4) (56%) и кај 2 од 6 индивидуи со неодреден пол (33%).

III.3.6. Кале-Стрезов Град – Челевец (пл. 19, фот. 110-112)

Датација: 6 век, 12-15 век.

Библиографија: Петров 2018, 135-141.; Petrov 2018, 405-425.;Петров 2019 (во печат)

Некрополата на Кале-Стрезов Град се наоѓа на мало зарамнето плато, пред самата фортификација на тврдината и покрај единствениот пристапен пат.

Организирана е околу остатоците на ранохристијанската црква обновена во средниот век. Поради ограничениот простор за погребување околу самата црква, не се следи организираност на некрополата.

При погребувањата се следат два хоризонти доцноантички, претставени со две гробни конструкции- гробови со тегули на две води и ѕидана гробница со полукружен свод и средновековен.

Вториот хоризонт се средновековните погребувања. Овие погребувања се сите изведени во гробни конструкции со камења коишто варираат од гробови обележани со плочи крај

главата и/или нозете, гробни јами со конструкција во вид на цисти без покрив и цисти со покрив. Во случајот со гроб бр. 23, покриен е само черепот со 3 фрагменти на покривна керамика.

Покојниците се полагани директно врз земја или карпа. Само во два случаи покојниците се положени врз под од камени плочи во случајот со гроб 23, односно камени плочи и тегули во гроб 15 коишто, всушност, претставуваат покривачи од постари гробни конструкции врз кои покојниците биле положени. Во еден случај, гроб 12, покојникот е положен врз малтер, остаток од подното ниво во просторија „Б“ и додека гроб 1 бил поставен врз круништето од разрушениот ѕид на црквата.

Гробните конструкции се со правоаголна, трапезоидна или овална форма. Димензиите им варираат од 0,5 м - 2,20 м во должина и до 0.6 м во ширина. Длабочината на која се откриени гробните конструкции не може точно да се одреди бидејќи целото плато е ерозивно, па сегашната длабочина не е податлива.

Гробните јами и конструкции се градени со правец запад-исток, а во нив покојниците биле положени со главата на запад. Кај сите гробни конструкции се појавува одредено отстапувања на главата кон југ. Овие отстапки не може да се сметаат како отстапки според сезоната во која е извршено погребувањето, туку отстапувањата се однесуваат на прилагодувањето кон архитектонските остатоци и отстапувањето при градење на црквата.

Положувањето на покојниците е вршено во испружен став, со главата поставена на тилот. Кај поголем дел од скелети е забележано благо свртување на главата кон лево, односно север и кон десно, односно југ. Има и случаи каде главата е дадена нанапред или наназад. Според досегашните примери не е утврдена некоја закономерност на оваа девијација, па најверојатно свртувањето на главата кон лево или десно е случајна и настанала по положувањето на покојникот.

При положувањето на телото, пак, нозете се секогаш во испружена состојба, додека кај рацете се појавува разновидност на нивното положување, но, сепак, сите употребени комбинации се познати од истовремените некрополи во ареалот и не отстапуваат од христијанските манири.

На некрополата на Кале-Стрезов Град се забележани следните варијации: а) двете раце превиткани во лактите и поставени на карлица, б) двете раце превиткани во лактите и поставени на стомакот, в) двете раце превиткани во лактите и поставени на градите, г) двете раце превиткани во лактите со левата шепа поставена на десното рамо и десната шепа на левото рамо, д) двете раце превиткани во лактите со десната шепа поставена на стомак и левата шепа на градите и ѓ) двете раце превиткани во лактите со левата шепа поставена на градите и десната шепа на карлицата. Според досегашните истражувања не може да се одреди законитост при нивното положување.

Забележано е поставување на подглавици од камен под черепот на покојникот во гробовите 14, 17, 24 и 25, или поставување на поголеми фрагменти на градежна и складишна керамика во гроб 25. Кај гробовите 7, 9 и 13 е забележано дополнително поставување на два камења, лево и десно покрај черепот.

Некрополата е користена подолг временски период притоа е забележана вертикална стратиграфија. Честа е повеќекратната употреба на исти гробови, со и без дислокација на скелетот. Реупотреба на истиот гроб со одредено поместување кон исток или запад е забележано во два случаи. Во гроб 12 каде со одредено поместување кон запад преку него е поставен скелетот 5. Гробот во кој е погребан скелетот 14 е искористен дури три пати, па преку скелетот 14 поместен кон запад е поставен 13, а преку скелетот 13 поместен кон исток е скелетот 7. Кај сите овие случаи скелетот од претходното погребување е почитуван и не е дислоциран, што најверојатно укажува дека во времето кога гробот е секундарно употребен трупот сѐ уште не бил целосно распаднат.

Покрај ова, се забележани и случаи каде истите конструкции секундарно се употребени притоа скелетите се дислоцирани и поставени во источниот дел од гробот, кај нозете на покојникот. Вакви случаи се забележани кај гробовите бр. 19, 25 и 26. Единствено кај гроб 26 череп е поставен во западниот дел од гробот. Во два случаи забележани се дислоцирани скелети поставени надвор од гробни целини и тоа скелетите бр. 6 и 11. Во гробот број 4 се јавува специфична ситуација каде едната гробна јама во која се сочувани само потколениците од примарното погребување, е пресечена со друга гробна јама каде во две групации е одложен скелетниот материјал од примарното погребување и на остеолошки материјал на уште четири индивидуи.

Гробницата „А“ којашто е изградена во текот на 6 век, во периодот на 13-14 е повторно користена, пред сè, како коструница, а потоа и за повторни погребувања.

Археолошки материјал е откриен во 13 од 33 гробови, и тоа кај 6 од 10 женски индивидуи (60%), кај 4 од 12 машки индивидуи (33%), кај 2 од 9 детски (22%), и кај 1 од 2 индивидуи со неодреден пол (50%). Најчести наоди се прстените, како и украсите за облека во форма на копчиња и појасни токи, додека наушници се откриени само во еден случај, а белегзии воопшто не се откриени.




*Процентуална застапеност на одреден археолошки материјал откриен како гробен и вонгробен наод од лок. Кале-Стрезов Град, с. Челевец*

III.3.7. Црквар-Јака Чешма – Тремник (фот. 113, 114)

Датација: 14-15 век.

Библиографија: Мандиќ 1986, 147-150.; Манева 1992, 167-169.

Оваа некропола се наоѓа во самото село, во непосредна близина на селската црква каде и денес се наоѓаат селските гробишта и разурнатата џамија. Некрополата се простира од двете страни на патот кој о од с. Тремник води кон с. Прждево. Археолошки истражувања се изведени во текот на 1981 година, од страна на тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата, под раководство на Живоин Винчиќ и Милоје Мандиќ.

Истражени се 10 погребувања. Сите погребувања се со правец запад-исток, со мали отстапувања. Покојниците по правило се инхумирани, поставени директно врз земјата. Рацете на покојниците се различно поставени и варираат од испружени покрај телото, прекрстени на гради, поставени на стомак, или комбинирано. Сите десет погребувања се изведени во гробни конструкции во вид на цисти градени од плочи од зеленикав шкрилец. Гробовите биле вкопани во црвена глинеста здравица.

Само четири погребувања содржат наоди и според истражените гробови се датирани во 14-15 век.

III.3.8. Мали Дол – Тремник (пл. 20, фот. 115, 116)

Датација: 11-12 век (?)

Библиографија: Некрополите на Мали Дол, 2018.; Папазовска 2019: 121-150.

Археолошкиот локалитет Мали Дол во селото Тремник се наоѓа на неговата источна периферија. Откриен е случајно од страна на мештаните. Во 2009 и 2010г., Институтот за историја на уметноста и археологија при ФЗФ УКИМ во соработка со Музеј на град Неготино, а од 2011 до 2019 година Археолошкиот музеј на Р Македонија вршат сондажни археолошки ископувања на овој локалитет, под раководство на А. Папазовска. Археолошкиот локалитет е загрозен од интензивните земјоделски и градежни работи коишто се одвиваат на просторот.

На некрополата се истражени 75 погребувања во два хоризонти. Постариот хоризонт датира во доцното бронзено време и преодниот период од коешто потекнуваат 63 погребувања, помладиот е средновековниот хоризонт, од истражувачите датиран во 11-12 век, но одредени манифестации укажуваат на подоцнежно користење.

Од досегашните истражени погребувања може да се каже дека се работи за рамна некропола организирана на редови. Гробовите се според христијанските практики. Ориентирани се запад-исток, со главата поставена на запад. Застапени се две гробни форми: гробна циста и слободни закопи. Кај гробните цисти, тие се направени од големи монолитни блокови, покриени со една монолитна плоча, а поретко со повеќе потенки. Во гробните конструкции се користени и сполии, како што е случајот со гробот 21 каде е

употребен мермерен надвратник. Дното најчесто им е поплочено со камени плочи. Кај гробовите 13 и 7 се забележани и гробни маркери во вид на странични плочи.

Скелетите се поставувани во испружена положба со рацете прекрстени на стомак. Главата најчесто е благо свртена кон десно. Забележано е поставување на камена плоча под главата на покојникот.

Гробните конструкции се повеќекратно употребувани, при што постариот скелетен материјал е собиран и поставуван кон исток, кај нозете на покојникот од помладото погребување. Во еден случај е забележано истовремено погребување на двајца покојници – деца во случајот со гроб 32.

III.3.9. Маркова Кула, С. Корешница – Демир Капија

Датација: 13 век.

Библиографија: Пашић 1971, 155-158, Т.-Т.VI.;Чаусидис 1987, 171-196.; Манева 1992, 164.

При сондажните археолошки истражувања од страна на Р. Пашиќ, во северозападниот агол на Кула 1 или североисточната кула од утврдувањето е откриено поединечно погребување[229]. Со оглед на тоа што погребувањето се наоѓа во рушевините на античката кула, помеѓу и под масивните блокови не било можно утврдувањето на неговата гробна конструкција. При истражувањата изведени од авторот, во 2016 година, просторот на целата северозападна кула е истражен до темелните партии коишто се фундирани на карпа, притоа други погребувања овде не се откриени. Засега ова останува единственото погребување на овој локалитет.

III.3.10. Црква – Св. Петка – Бистренци („Св. Илија“)

Датација: Рано турско средновековие.

Библиографија:Блажевска 1995, 189.; Манева 1995, 63-71.; Винчиќ 1996, 41.

---

[229]Повеќе за историјатот на локалитетот види во поглавјето III.1.1.2.

Локалитетот Св. Петка се наоѓа на 500 м јужно од селото Бистренци, на просторот каде се наоѓа селската црква и современите гробишта. Некрополата од другата средновековна некропола Оград е оддалечена 400 м. Современата црква е изградена врз постари остатоци од ранохристијанска црква. При раскопувањата за нови гробови, се откривани плочи од мек туф од постарата некропола. Досега овде не се вршени археолошки истражувања. Во музејот во Неготино се чува еден примерок на наушница од типот на наушници со вегетабилни завршетоци (тип IX, кат. бр. 197), односно со завршеток во облик на крин донесена од овој локалитет, според која некрополата може да се датира во раното турско средновековие.

Бидејќи бликсата некропола Оград-Бистренци веќе во 13 век престанува да се користи, можно е, но досега не е потврдено, да се продолжило со погребување на населението на оваа локација од 13 до 15/16 век или, пак, до денешен ден каде сè уште се наоѓаат селските гробишта. Доколку се докаже ова поместување причината може да се бара во обновувањето на ранохристијанската црква, некаде кон крајот на 12 или почетокот на 13 век и формирање на гробишта околу неа.

* **

Според погореизнесеното може да се заклучи дека во ареалот на Просек, погребните практики на населението се главно воедначени. Прифатени се христијанските канони на погребување, со некои појави на анахрони практики кои се поврзуваат со постари пагански обичаи.

Според хронологијата можат да се поделат на две групи, постара фаза 10-12 век и помлада фаза крај на 12-15/16 век. Погребните практики се одликуваат исклучиво со христијански манири, а одредени карактеристики овозможуваат нивно раздвојување. Некрополите од првата група се нарекуваат уште и населбински некрополи. Тие, скоро по правило, се поставуваат на мали возвишенија во близина на реки. Нажалост, кај нас досега не е откриена и истражувана населба на која овие некрополи би припаднале, но тие најверојатно се наоѓаат во непосредна близина[230]. Некрополите од оваа група по правило

[230]Види поглавје III.1.2.

не се придружени со црква, како што е пример кај втората хронолошка група. Иако Е. Манева претпоставува дека во близина на Крстеви-Корешница и Трнче-Стреа е можно постоење на црква, сепак, ова до сега не е потврдено на терен. Се чини дека и црквата на Црквиште-Демир Капија својата обнова ја добива дури подоцна, кон крајот на 12 или во 13 век, за што сведочат откриените погребувања со гробни конструкции под темелите на црквата којашто Б. Алексова без аргументација ја датира во „9-11 век“[231]. Гробовите од првата фаза на Црквиште-Демир Капија се малубројни и се простираат кон север од ранохристијанската базилика, тие овде ја искористиле природната поставеност, мало возвишување во близина на две реки. Обновата на ранохристијанската базилика во еднокорабна (?) црква дошла доста подоцна, по развивањето на некрополата врз остатоците од неа. Отсуството на цркви на некрополите од првата група е евидентно и на некрополите Трнче-Стреа - Пепелиште, Ограда - Бистренци,Чукарка - Очипала, Крст - Орешани[232], додека погребувањата на Трпчева Црква –Дуње и Паликурска базилика-Паликура иако се наоѓаат во и околу ранохристијанската базилика, нема индиции дека биле обновени и во функција во периодот на 10-12 век[233], кога овие некрополи се користеле. Истата ситуација може да се следи и во соседството во Бугарија и Србија. Г. Марјановиќ-Вујовиќ за некрополите од 11 и 12 век, од Србија, вели дека никогаш не се наоѓаат во близина на црква[234], додека при истражувањата на Дјадово, Полски Градец и Караново во Бугарија, Б.Борисов забележува дека средновековните некрополи од 11-12 век, на овие локалитети, претходат на црквите коишто се изградени дури по организацијата на некрополата. Ова тој го потврдува со фактот што и на трите локалитети темелите од црквите се поставени преку гробови[235]. Ситуацијата е скоро аналогна со случајот на Црквиште-Демир Капија. Доколку се погледнат и црквите на Црквиште-Корешница и Кале-Стрезов Град, може да се каже дека нивната обнова не можела да следи пред крајот на 12 век[236].

Втората карактеристика со која се одликуваат некрополите од првата група е еднослојноста и хоризонталната стратиграфија. Вертикална стратиграфија на

---

[231]Aleksova 1966. Види понапред во поглавје III.2.2.1.

[232]Манева 2000а; Блажевска 1995, 95-111.; : Блажевска 1996, 201-212.; : Блажевска 1998, 381-387.; Блажевска 2005, 239-253.; Манева 2004;. Ристов и Каламадеска Михаилова 2010, 391-404.

[233]Кепеска 2008.; Ивановски 1986, 97-107.

[234]Марјановић-Вујовић 1980, 67.; Шпехар 2017,118-119.

[235]Borisov 1989, 323.; Борисов 2013, 288.; Борисов 2006, 311-312.

[236]За средновековните цркви погледни го претходното поглавје III.2.

некрополите кај првата група не е позната, додека кај втората категорија е редовна појава. Кон ова треба да се додаде и повеќекратното искористување на гробовите, што во првата категорија е многу ретко и ограничено на неколку примери од крајот на траењето на овие некрополи како што се гробовите 13 и 31 од Ограда-Бистренци[237], додека кај втората група тоа е скоро редовно. Повеќекратното погребување како и вертикалната стратиграфија, најверојатно се појавува по организацијата на погребувањата околу црквите, со желбата секоја индивидуа да биде погребана што е можно поблиску до самата црква. Непостоењето на црква на некрополите од првата фаза, може да е одговорот, зошто кај овие некрополи се следи само хоризонтална стратиграфија. А, кај некрополите од втората група, желбата за погребување поблиску до црквата придонела за создавање на практиката на вертикална стратиграфија, односно натслојување и повторното искористување на гробните конструкции.

Покрај ова, првата категорија се карактеризира со бројноста и разновидноста на гробниот инвентар, кој најчесто се состои од разни форми на накит, откривани кај женски и детски погребувања, а поретко кај машки. Кај женските и детските погребувања од оваа група најтипични наоди се гроздоликите наушници (тип II), наушници со четири јагоди (тип III), ѓердани со двочлена и трочлена разделба, прстени со нагласена глава и рамена, прстени со конусовидна глава (тип VIII), прстени со цилиндрична глава и вметнат украс (тип VII). Доста се чести и металните и стаклени белегзии, но тие не се толку типични само за првата хронолошка група. Кај втората хронолошка група карактеристични се полнолиените масивни прстени со рамна глава, со и без нагласени рамења (тип III), а од крајот на оваа хронолошка група спаѓаат лунулестите наушници со нивните развиени форми, лунулесто-мешести (тип IV.1), тип „курбиново“ (тип IV.2) и кружните наушници (тип IV.3). Како посебна одлика за втората хронолошка група може да се сметаат и бројните наоди на делови и украси за облека од кои најбројни се бронзените сферични копчиња, коишто укажуваат за промена на облеката во овој период.

Кај машките покојници во првата група најчесто се откривани обетки-алки со профилактичко значење, додека во втората група најчести се наодите на прстени, коишто често носат хералдички мотиви.

[237]Блажевска 1996, 203.

Посебна категорија претставуваат гробните форми коишто се разновидни. Од ареалот на средновековен Просек се документирани шест основни гробни форми со нивни варијетети во примарна употреба, како и две гробни форми коишто се доцноантички, но повторно употребени во средниот век. Заради поголема прегледност на формите, поделени се на типови и подтипови (црт. 8):

**Тип I** –Слободни укопи – јами (фот. 118)

Овој тип на гробна форма е наједноставен. Претставува гробна јама со правоаголна, трапезоидна или овална форма, директно вкопана во земја. Со оглед што земјиштето на просторот на Демир Капија е растресито, особено на флувијалните тераси, не дозволува прецизно одредување на границите на гробните јами ниту, пак, на нивото од кое тие се вкопани. Така, тие најчесто се откриваат на нивото на скелетот. Оваа гробна форма е застапена на поширокиот балкански ареал и претставува најраспространета варијанта. Вообичаено датирана во 9-11 век, но во регионите каде што каменот е редок, како, на пример, во Подунавјето и Посавието Миријево-Белград, Омољици-Панчево, Трњане-Пожаревац, Поречка Река, Прахово, Корбово, Манастир, Песача на Ѓердап, Лешје-Параќин, Гушевац-Мрчајевци во Србија[238], но и во поголемиот дел од Бугарија, оваа гробна форма се задржува и преовладува и подоцна[239]. Во Македонија типична е за 10 и 11 век, видливо преку погребувањата 181 и 181а[240], се прати сè до 16 век[241] но, веќе не е доминантна. Типично за оваа форма кај пораните женски и детски погребувања е богатство на наоди, претежно накит за китење.

**Тип II** – Јами оградени со аморфни камења

**IIa** – Јами оградени со аморфни камења без покривач (фот. 119);

**IIb**– Јами оградени со аморфни камена со гробен покривач;

Вториот тип на гробни форми се гробни јами вкопани во земја, а околу телото на покојникот се нафрлани аморфни камења. Како поелаборирана варијанта се јавуваат

[238]Бајаловић-Бирташевић 1960.;Ђорђевић, Ђорђевић и Радишевић 2007, 187-192.; Марјановић-Вујовић 1984.; Минић 1984в: 294-295.; Јанковић 1973/74, 227-223.; Минић 1984 а: 156.; Минић 1984б, 173.; Милошевић 1962, 149-152.; Радичевић 2000, 89-94.; Marjanović-Vujović, 1980, 65-66.;
[239]Калић и Поповић 1985, 135-138.; Madas 1980, 101-102.; Поповић et all. 2005, 31-56.; Marjanović-Vujović 1986, 184-222.;
[240]Aleksova 1966, 36, T.IV, sl. 14, 17.
[241]Maneva 2013, 2013.

гробните јами со покривач од камени плочи, или една монолитна камена плоча. Како и кај првата варијанта, нивото на укопот тешко може да се одреди, како и границите на самите јами. Се детектираат на нивото на оградата или скелетот. Оградата од аморфни камења, најверојатно е правена по положувањето на покојникот во гробната јама. Одредена група од овој тип на погребувања се одликуваат со покривач од камени плочи. Ваквите гробни форми се најчести на некрополата Крстеви-Корешница, потоа Ограда-Бистренци, се среќаваат, но не добро раздвоени и на некрополата Црквиште-Демир Капија, додека изостануваат од подоцнежните некрополи како што се Кале-Стрезов Град – Челевец и Црквиште-Корешница. Во рамки, пак, на поширокиот балкански ареал се често застапени. Се среќаваат на низа некрополи во Македонија како што е Тренче-Стреа – Пепелиште, Крст-Орешани, Трпчева Црква-Дуње, Задна Река – Грмајте, Чукарка[242]. Додека од поширокиот балкански ареал во Дјадово, Плиска, Полски Градец - Бугарија[243], потоа на бројни локалитети во Далматинска-Хрватска како што се Беговача и Манастирине–Задар, Лопушка Глава – Книн[244] итн., додека пак во Србија се среќаваат на некрополи коишто се организирани врз доцноантички населби, искористувајќи го градежниот шут од камен и фрагментирани тули и тегули, како што е забележано на локалитетите Сремска Митровица, Бољетин, Равна, Рибница, Хајдучка Воденица, Ниш[245] итн. Според Е. Манева на некрополата Крстеви-Корешница овие гробови припаѓаат на помладата фаза Крстеви I, додека веќе од крајот на 11 век, односно во фазата Крстеви II се заменуваат со конструкциите од камени плочи[246]. Истата хронолошка детерминација ја забележала и Б. Алексова на Црквиште-Демир Капија[247]. Оваа гробна форма на Крстеви-Корешница е застапена кај сите полови и возрасни структури.

**Тип III** – Гробни конструкции делумно оградени со вертикално поставени камења:

**IIIa** Вертикално поставени плочи кај главата и нозете;

[242]Манева 2000а, Кепеска 2008.; Кепеска 1995.; Ристов 2010, 397-404.; Манева 2004.

[243]Borisov 1989, 323-339.; Захариев 1979, 129-138.; Борисов 2013, 285-308.; Въжарова 1976.; Въжарова 1977, 30-50.; Въжарова 1979, 69-80.

[244]Jelovina и Vrsalović 1981, 55-134.; Jelovina 1982, 35-66.; Gunjača 1954, 7-29., Јеловина 1976, 77-82., аргументирано го побил тврдењето на Љ. Караман, дека типологијата на гробовите може да биде сигурен аргумент за нивната хронолошка датација.

[245]Паровић-Пешикаш 1980, 179-181.; Ерцеговић-Павловић 1984а, 227.; Минић 1984, 262.; Ерцеговић-Павловић 1986, 47-91.;Ерцеговић-Павловић 1976, 83-84.; Marjanović-Vujović 1980, 66.

[246]Манева 2000, 129-130.

[247]Aleksova 1966.

**IIIb** Ограда која го оградува горниот дел од телото;

**IIIc** Ограда која го оградува долниот дел од телото (фот. 120);

**IIIc1** Просторот над стапалата е покриен со една плоча

Оваа гробна форма е застапена на некрополата Кале-Стрезов Град. Иако со одредени појави може да се прати и на некрополата Црквиште-Демир Капија, сепак, со оглед на големите подоцнежни нарушувања на тој простор не може со сигурност да се следат.Овие гробни форми делумно го оградуваат покојникот, а понекогаш само со по една плоча позади черепот и кај нозете. Ваков начин на оградување е присутен низ целиот Балкан, особено на некрополите коишто се наоѓаат врз антички или рановизантиски локалитети.

**Тип IV** – Гробни јами целосно оградени со конструкција од вертикално поставени камења или камени плочи;

**IVa**–Гробна јама целосно целосно оградена без гробен покривач (фот. 121);

**IVb** - Гробна јама целосно оградена и покриена со камени плочи и фрагментирана покривна керамика;

**IVc** – Гробна јама целосно оградена а со плоча е покриен само делот над главата или нозете на покојникот;

**IVd** – Дупли гробови коишто користат една заедничка плоча по долгата страна (фот. 101)

Оваа гробна форма е најчеста на некрополите од ареалот на Просек, се појавува во текот на 11 век, а се кориси сè до крајот на користењето на овие некрополи, односно до крајот на 15 почетокот на 16 век. Се јавувава во повеќе варијации коишто засега не можат да понудат информации за нивната хронолошка, полова или социјална диференцијација. Од Крстеви-Корешница нивната појава се поврзува со наоди од типот на биконични наушници, лентести прстени со врежана декорација, како и тордирани белегзии[248]. Слична е и ситуацијата на Ограда-Бистренци каде што овие гробни форми се поврзуваат со хронолошки неосетливите обетки-алки, како и лентестите прстени со врежана декорација, датирани во 12 век[249]. На Црквиште-Демир Капија се поврзуваат со наоди како

[248]Манева 2000, 56-57, 67-68, 75, 130.
[249]Блажевска 2005, 240-242, T.I.

што се масивни полнолиени прстени, округли наушници, гробови во кои се приложени монети од 10 век (гробот 345 со анонимен фолис класа А2), па сè до 15 век (гроб 244 со турско акче на султан Мехмед 1444-1446, 1451-1481). И Б. Алексова смета дека гробовите со камена конструкција или како што таа ги нарекува овални гробови се помлади од гробовите директно положени во земја[250].Ваквата датација ја поткрепуваат и откритијата на блиските некрополи Трнче-Стреа – Пепелиште[251], Паликурска Базилика[252], Стоби[253] и др. Пораните примероци од 11 и 12 век имаат тенденција долгите страни да се изградени од монолитни плочи или, пак, две-три плочи споени во линија образувајќи трапезеоидни или правоаголни конструкции. Подоцните примероци се одбележани со помала прецизност на изработка, почесто користејќи повеќе помали плочи чиишто страни често се преклопуваат. Вака формираните гробни конструкции во Хрватска ги нарекуваат овални, па тој термин го презела и Б. Алексова. Терминот го добиле бидејќи доста често на средина се проширени, па имаат форма на овал. Сепак, се чини дека нема потреба за подетално нивно раздвојување во оваа ситуација, со оглед што нивната статистика не носи нови сознанија за хронологијата, како и половата и социјалната диференцијација.

За разлика од територијата на Македонија каде веќе од 11 век овој тип на гробни форми стануваат сè почести, а низ 12 па сè до 15 век и подоцна се доминантна форма, на територијата на Бугарија и Србија[254] се доста ретки и се откриваат инцидентно. Всушност, доколку подобро се погледне нивната распространетост во денешна Бугарија може да се забележи дека овие гробни форми почесто се јавуваат во рамките на етничките граници на Македонија, односно нивната контактна зона како што е случајот со Родопите[255]. За разлика од нив, во Хрватска покрај постоењето на повеќе типови на гробни форми кај паганските погребувања, кај христијанските се среќаваат исклучиво две форми и тоа оградени со аморфни камења (тип II) или оградени со вертикално поставени камени плочи (тип IV)[256].

[250]Aleksova 1966, 24-25.
[251]Манева 2000а.
[252]Иваноски 1986, 97-104.
[253]Алексова 1958, 247-260. Иако Б. Алексова оваа некропола ја датира од 9 до 12 век, повикувајќи се на аналогии од материјалот откриен на Црквиште-Демир Капија, сепак, според приложените илустрации се чини дека оваа датација е прерана, а дека некрополата е дури од 12 век. За раното датирање на долната граница на оваа некропола укажала и Манева 1995, 234-235.
[254]Борисов 2013, 291-292.; Marjanović-Vujović 1980, 65-66.
[255]Борисов 2013, 291-292. Со цитираната литература.
[256]Petrinec 2009, 107-112. Со цитираната литература.

**Тип V** – Обична јама којашто како дно користи покривач од постаро погребување (фот. 122)

Овој тип на погребување засега е познато само преку примерот од гробот 23 од Кале-Стрезов Град. Оваа гробна форма претставува слободен укоп во рушевинскиот слој на северниот анекс на црквата, а покојникот е поставен директно врз плочите од гроб 26, без да ги наруши. Според датацијата на долното погребување, оваа форма може да се датира кон 14 век.

**Тип VI** – Гробна конструкција со поголеми димензии, внатре дополнително поделена (фот. 123)

Последната гробна форма претставува гробница (221 и 221а) со правоаголна форма со димензии 1.85 x 1.0 м. Оваа гробница е засега единствена ваква откриена во овој ареал. Оградена е со камени плочи, а во нејзината внатрешност јасно е издвоено засебно погребување. Остатокот од гробот е користен за одлагање на скелетни остатоци од постари погребувања. Гробницата е откриена во нартексот на средновековната црква и, најверојатно, покрај за погребување служела и како костурница на што укажува скелетниот материјал од 12 индивидуи не вклучувајќи го засебното погребување.

На некрополите Црквиште-Демир Капија (гробовите 161, 173, 248, 412 и 425)[257] и Крстеви-Корешница (гробовите 9, 38, 55)[258] е зебележано карбонизирано дрво поставено во гробовите, што укажува на можноста за поставување на дрвени штици или постоење на ковчези[259]. Според Б. Алексова, даската во гроб 412 била поставена странично, додека кај останатите гробови таа била над скелетот[260]. Сепак, слабата сочуваност не дозволува да се изнесат повеќе заклучоци за оваа појава на некрополите на Просек, иако на балканскиот ареал дрвени ковчези се забележани на низа локалитети.

Погребаните на сите некрополи се положени во правец запад-исток, со главата поставена на запад. Одредени девијации на ваквата поставеност запад-исток се појавуваат на сите истражени некрополи, а главно се поврзани со сончевата енклиптика кај некрополите Крстеви и Копанец-Корешница и Ограда-Бистренци, додека пак на некрополите Кале-

[257]Aleksova 1966, 27, 35, 39, 47, 48.
[258]Манева 2000, 35-36, 91, 112, 122.
[259]Манева 1995, 69.
[260]Aleksova 1966, 27.

Стрезов Град – Челевец, Црквиште-Корешница и Црквиште – Демир Капија се поврзани со приспособувањето кон архитектонските остатоци од постарата ранохристијанска црква и густината на гробовите. На првата група на некрополи се следат редови на погребување, додека кај втората група заради густината на гробови и долготрајноста на некрополата овие редови исчезнуваат и сè повеќе стануваат фиктивни[261] (пл. 11, фот. 95).

Како посебна карактеристика кај втората група на погребувања кај сите нејзини форми и варијанти се појавува поставувањето на камена плоча под черепот или (фот. 124-126), пак, два странично поставени камења (фот. 127), лево и десно од черепот, поретко еден камен или, пак, наместо камен поставен е череп од постаро погребување (фот. 128). Со оглед дека оваа варијација се појавува само кај гробовите од втората хронолошка група, најверојатно ваквата практика е воспоставена подоцна, некаде во текот или, поверојатно, кон крај на 12 или почетокот на 13 век. Од некрополите на Просек вакви подглавја се откриени на Црквиште-Демир Капија, Кале-Стрезов Град и Црквиште-Корешница. А тие целосно отсуствуваат од Крстеви и Копанец-Корешница и Ограда-Бистренци, како и помладите гробови од Црквиште-Корешница. Подглавја како и камења странично од черепот се откриени и кај двата пола. Според Б. Алексова ваквото камено подглавје се поставувало за да ја држи главата прицврстена и исправена да стои рамно свртена кон сонцето[262].На поширокиот балкански ареал познати се повеќе примери на поставување на подглавје најчесто од фрагментирани тегули, поретко камења под черепот. Особено се чести на некрополите од Македонија и Бугарија, додека во Србија и Хрватска се поретки. Примери на поставување на подглавје под черепот се откриени на некрополите во Преслав, Бдинци, Виница[263], Дјадово[264] во Бугарија, Чезава, Песача, Равна на Ѓердап, Сремска Митровица, Станичењу во Србија[265], на Беговача, Лопушка Глава-Книн, и на неколку локалитети во Истра во Хрватска[266]. Драгоцени информации се добиваат од хагиографските текстови, особено од житието на Стефан Немања. Пред самото упокојување побарал неговото тело во гробот да биде положено на потполно свет начин,

[261]Манева 1995, 64.
[262]Aleksova 1966, 27.
[263]Въжарова 1977, 41. Въжарова 1976, 348.
[264]Borisov 1989, 333, fig. 374. На оваа некропола, подглавје е откриено во приближно 4,5% од вкупниот број на гробови, но во ниту еден од овие гробови нема гробен инвентар.
[265]Марјановић-Вујовић 1984, 123.; Минић 1984б, 173.; Ерцеговић-Павловић 1984б, 254-255. Поповић et All. 2005, 34-35.
[266]Кај сите овие примери под главата на покојникот е поставена тула. Jelovina и Vrsalović 1981, 67.; Jelovina 1954, 24.; Gunjača 1954, 24.; Marušić 1955, 98-101.; Marušić 1955a, 339, sl. 2.

притоа под главата да му биде поставен камен[267]. Б. Борисов смета дека овој обичај на територијата на Бугарија бил распространет во 10 и 11 век, но се појавува и во подоцните некрополи. Од територијата на Македонија на некрополите коишто се добро датирани во 10-12 век овој обичај целосно отсуствува. Според бројните наоди на камења под или странично од черепите во ареалот на Просек, може да се претпостави дека во 13-15 век ова било востановено правило во погребниот ритус кај христијанското население и не е резервирано само за одредена категорија на население како што се духовните лица-монаси. Веројатно, оваа практика на нашата територија се појавува паралелно со организацијата на некрополите околу сакрален објект.

На некрополите од ареалот на Просек, иако не често, сепак се појавуваат одредени девијации коишто отстапуваат од христијанскиот начин на погребувања.

Една од овие девијации е гробот 333 во кој е погребана индивидуа во згрчена положба (фот. 129). Ваквите погребувања иако се ретки на средновековните некрополи, сепак поединечно се среќаваат на повеќе некрополи на Балканот како што се Трњане, Лешје и Доња Топоница, Добрача, Омољици[268] во Србија, Биљанима Доњим-Задар и Лучани-Сињ во Хрватска[269], Длесц-Бодешч во Словенија[270] како и во Преслав, Гарван 2, Плиска и Дјадово – Бугарија[271]. Тие може да бидат со ориентација запад-исток, каков што е случајот од гроб 333 од Црквиште-Демир Капија, но и обратно во положба исток-запад или север-југ[272]. Б. Борисов смета дека во погребувањата во згрчена положба треба да се побара етничко објаснување, па тој овие погребувања ги припишува на прото-бугари[273]. За разлика од него, Г. Марјановиќ-Вујовиќ погребувањата во згрчена позиција ги припишува на последниот грч кај некои инфективни воспалувања, а посебно на тетанусот[274]. Со оглед на нивната застапеност во регионот на Демир Капија, и воопшто, на Балканот, најчесто

[267]*Живот Стефана Немање,* 20-21. Во ова хагиографско дело напишано од свети Сава, е опишана последната желба на неговиот татко, кој пред смртта побарал да го подготват на свет начин, а неговата глава да биде поставена врз камен. Јовановиќ 1970, 124-125., претпоставува дека ова можеби било само дел од монашкиот погребен ритуал, но сепак, и самиот воочува дека во регионот на Истра се откриени и во машки и во женски погребувања, дури во неколку случаи и кај деца.
[268]Марјановић-Вујовић 1981, 63, сл. 144, 146.; Marjanović-Vujović 1980, 67.; Милошевић 1962, 141-163.; Гарашанин 1956, 193.; Ђорђевић, ЂорђевићиРадичевић 2007, 189.
[269]Jelovina и Vrsalović 1981, 71. Во гроб 192.; Milošević 1984, 288. Во гроб 19.
[270]Knific и Pleterski1981, 499, sl. 10. Во гроб 44.
[271]Въжарова 1976, 330, 340.; Захариев 1979, 129-137, обр. 4.; Borisov 1989, 333, 336, fig. 375 a-b.
[272]Вжарова 1977, 42.
[273]Borisov 1989, 336.
[274]Марјановић-Вујовић 1984, 63.

како поединечни погребувања во рамките на христијанските некрополи, се чини дека второто објаснување во нашиот случај е поприфатливо. Од територијата на Македонија згрчени покојници се откриени само уште на средновековната некропола врз античкиот театар во Скупи, но овде контекстот на откривање е сосем различен[275].

Единственото погребување со спротивна ориентација од ареалот на Просек е откриено во гробот 275 на Црквиште-Демир Капија. Ова е двојно погребување на жена и дете. Детето е поставено на градите од женскиот скелет (фот. 130). Иста ситуација се среќава и во гробовите 27 на некрополата Бољетин[276], во гробот 124 на Мачванска Митровица[277] и во гробот 243 на некрополата Трњане, истражувачот Г. Марјановић-Вујовић ваквата положба на детето ја гледа во можноста детето да не било крстено[278]. Сепак, оваа претпоставка е малку веројатна, бидејќи детето во случајот од гроб 275 е на возраст од 2 до 3 години, со што веројатноста тоа да не било крстено е доста мала. Ова може да се согледа и во другите двојни погребувања каде деца дури и на помала возраст се поставени преку градите, карлицата или уште подолу на нозете на возрасна индивидуа во нормална положба[279] и ориентација како што е во гроб 161 и 243 од Црквиште-Демир Капија, но и од бројните погребувања на деца во индивидуални гробови од Црквиште-Демир Капија, Кале-Стрезов Град, Црквиште и Крстеви-Корешница, сите поставени во ориентација запад-исток, што овозможува да претпоставиме дека крштевањето се одвивало најверојатно уште во првата година, односно по навршувањето на 40 дена.

Откриени плочи врз скелетите се забележани поставени во позиција преку левиот фемур и карлично крило во гроб 14 на некрополата Црквиште-Корешница, и преку градниот кош и черепот во гроб 87 на Црквиште-Демир Капија. За аналогните примероци од Србија Г. Марјановиќ-Вујовиќ е на мислење дека станува збор за пагански обичај за одбрана од вампири кој е редок во овој ареал. На некрополите од Долниот Град на Белградската

[275]Кузманоски 2017, 377-392.; На оваа некропола се појавуваат различни положувања на телото на покојникот, што укажуваат на погребување на нехристијанско население. Овде се среќаваат погребувања во згрчени и полузгрчени позиции, погребување на стомак, погребување на грб со превиткани нозе собрани во колената, двојни погребувања итн. Според Maneva 2018, 578-579., станува збор за погребување на доцнономадска популација.

[276]Ерцеговић-Павловић 1986, 21, 27. Во гробот 27 погребани се две индивидуи, возрасна женска индивидуа и новороденче. Истражувачот смета дека смртта на родилката настанала пред или за време на нејзиното породување, па тоа е причината зошто скелетот на детето е свртен во обратен правец.

[277]Ercegović-Pavlović 1980, 26-27.

[278]Марјановић-Вујовић 1984, 64-65.

[279]Според Ј. Ковачевиќ овде може да се следи обичај од раното христијанство којшто го нарекува *ad pedes*.

тврдина, како и на Гушевац-Мрчајевци се откриени по еден или повеќе камења поставени врз скелетот.[280]

На некрополите Крстеви-Корешница и Ограда-Бистренци се забележани траги од култот на мртвите. На овие два локалитети во склоп на некрополата, на посебно издвоен простор се откриени огништа/печки за припрема на храна. Слична ситуација е забележана и на некрополата Лешје-Параќин[281]. На некрополите во Бугарија често се откриваат јами исполнети со нагорена керамика и коски[282]. Според Е. Манева овде станува збор за обредно припремање на храна и гозба, додека празниот простор околу служел за собирање и комуникација. Ова може да се поврзи со христијанските практики за комеморација на денот од смртта. Како што може да се види од хагиографските текстови тие се оддржувале на начин којшто се одржал и до денес, односно комеморација е вршена на третиот, шестиот, деветтиот и четириесеттиот ден од смртта, како и на првата годишнина[283]. Годишнината била означувана со делење на храна на сиромашните. Иако за ова се дознава главно од хагиографските текстови и се однесува на духовни лица, сепак, преку фолклорот, несомнено, и преку археолошките откритија се дознава дека оваа практика била омасовена кај целокупното население.

Од Црквиште-Демир Капија и од Црквиште-Корешница, како гробни дарови се откриени монети од кои најрана е Анонименен фолис А2 класа, од последната четвртина на 10 век[284], додека најдоцната е турска акча датирана во времето на Султан Мехмед во 1481 година. Наодите на пари во гробови на поширокиот балкански простор се интерпретираат како реминисценција на античкиот обичај наречен „харонов обол"[285]. Компарирајќи ја етнографската граѓа, како и погребувањата каде се откриени наодите на пари во средновековните гробови од Црквиште-Демир Капија и Црквиште-Корешница, може да се даде предлог за ново толкување на оваа практика. Наодите на пари од овие два локалитета најчесто се наоѓани во гробови коишто содржат по повеќе покојници, односно

---

[280]Марјановиќ-Вујовић 1989, 19-20.; Радичевић 2000, 94.
[281]Милошевић 1962, 152.
[282]Въжарова 1977, 42.
[283]Abrahamse 1984, 132.
[284]Погрешно датирана како монета кована во времето на Јован I Цимиски. За исправка во препознавањето на монетата види кај Иванишевиќ и Кондијанов 1994, 87, Таб. I. Повеќе за наодите на пари види во глава V.4.
[285]Въжарова 1977, 43-44.;. Радичевић 200 ., Различно мислење види кај Marjanović-Vujović 1980, 68., која смета дека оставањето на пари во гробовите од 11-12 век го претставува економскиот статус на покојникот, а не некој обичај.

гробните конструкции се повторно употребени додека коските од претходниот скелет се дислоцирани. Откриените пари се во различен број од една па сè до шест, поставени на разни места во гробот. Ваквата практика, како што ќе се види подолу наоѓа паралели во етнографската граѓа и обичајот за раскоп. При практикувањето на овој обичај, особено кога се отвора гроб за во него да биде ставен нов покојник, тој се дарува со пари кои би му послужиле за да плати оштета за гробното место на покојникот од кого го презема[286]. Сепак, ова може да зависи од локацијата и околностите во која се откриени.

Во втората група на погребувања чести се дислоцираните скелети, како и повторните погребувања. Скоро во секој гроб може да се забележи положување на постари скелетни остатоци најчесто преку нозете од покојникот, но не ретко и низ целиот гроб, над гробниот покривач или покрај самиот гроб. Во некои случаи се среќаваат и остатоци од две и повеќе индивидуи. Има и случаи каде преку скелетот на еден покојник се поставува скелет на друг, без да се наруши првиот. Ваквата практика, впрочем, се задржала и до ден денес кога заради ограниченост на гробни места се искористуваат постарите гробови[287]. Можеби за ваквата практика може да се побара одговор во етнолошката граѓа којашто познава постоење на „прекопување", „раскоп", „двојно погребување" или „повторно погребување", како што се нарекува во различни области[288]. Овој обичај бил присутен скоро на целата територија на Македонија, го има во Гевгелиско, Струмичко, Малешевијата, Дебар, Прилеп, Велес, Костур, застепен е и во Грција, Србија, Романија, Словенија, нешто поретко и во Хрватска и Босна и Херцеговина. Со оглед на воведените закони, кон почетокот на минатиот век ова „раскопување по адет" како што е наречено во Гевгелија, е забрането од властите и полека почнало да замрува, сепак, во Велес е документирано сè до 1927 година. Според постоечките податоци овој обичај најдолго се задржал во употреба во областа Тесалија во Грција, каде што е забележано негово активно практикувања кон крајот на седумдесеттите години на минатиот век[289]. Во Македонија и

[286]Шневајс 1929: 268.

[287]Скелетниот материјал вообичаено се мие со вино и собира во бела платнена торба или вреќа и се положува покрај новиот покојник.

[288]Bešlagić 1974, 196-212, особено 194-201.; Филиповић 1928, 289-292.; Филиповић 1932, 201.; Смиљанић-Брадина 1928, 347-348.; Шневајс 1929, 277-279.; Matičetov 1955, 231-254.

[289]Danforth 1982, 9-23. Етнологот, во 1979 година детално го има документирано овој обичај во селото Потамиа во регионот на северна Грција, односно Тесалија. Овде откопувањето на покојникот се врши пред да се навршат пет години од неговата смрт. Според анкетираните учесници ова се вршело со причина фамилијата за последен пат да го види покојникот, како и да не ја носи тежината на земјата врз своите гради цела вечност. Исто така, и за да ја види повторно светлината на денот.

Словенија е забележано дека овој обичај за раскопување или повторно погребување се одржувал на 3 до 7 години по смртта на покојникот[290], и тоа најчесто четвртата сабота пред Велигден за време на велигденските пости[291]. По подигнување од гробот скелетните остатоци биле миени со вода, а потоа со вино и поставувани во бела платнена вреќа. Вечерта тие пренокувале во црквата[292], понекаде тие останувле овде и до четириесет дена[293]. Остатоците од машки индивидуи биле оставани под иконата на Исус Христос, додека на женските под иконата на Богородица. Наредниот ден по неделната утринска литургија, се организирал втор погреб со свештеник и опело[294], а потоа остатоците биле повторно погребувани во истиот гроб, покрај него, во фамилијарната или пак црковната костурница доколку тој ја имал неа. Според етнолошката граѓа, фамилијарните костурници биле сместени на самите гробишта, опкружени со неколку гробови сопственост од истата фамилија. Костурницата била вообичаено со иста длабочина како и останатите гробови, но потесна и кратка, покриена со масивна плоча којашто по потреба можела да се отвори[295]. Така, гробовите на покојниците по нивното сместување во костурницата останувале празни сè до наредното погребување на член од фамилијата.

Овој обичај најверојатно се развил под влијание на светогорското монаштво. Во Типикот на манастирите на Атос стои одредба за погребувањата на монасите во костурници, по навршување на три до пет години по нивната смрт[296].

Покрај бројните примери од некрополите на Просек, каде се документирани случаи со поставување на скелетен материјал од постари погребувања врз скелетот на последното погребување[297], одредени индикации во неколку гроба укажуваат на постоење на ритуалот на раскоп или повторно погребување. Во оваа група може да се вклучи гроб 14

---

[290]Во верувањата кај Македонците, а исто како во оние забележани во Грција, се верувало дека доколку телото во овој временски период не е целосно распаднато или, пак, коските не се бели, покојникот за време на својот живот сторил многу гревови и за неговото искупување е потребно подолго време(Смиљанић-Брадина 1928, 347-348.; Danforth 1982, 23, 49). Доколку телото не е распаднато, овој обред се одложува и гробот се затвора до негово целосно распаѓање. Во етнолошката граѓа е забележано дека во Прилеп се правени дури четири обиди за повторно погребување на покојник, но сите четири биле неуспешни заради нецелосно распаѓање на телото (Шневајс 1929, 278).

[291]Шневајс 1929, 277-278.; Филиповић

[292]Смиљанић-Брадина 1928, 347.

[293]Филиповић 1928, 290.; Bešlagić 1971, 195-196.

[294]Шневајс 1929, 278.

[295]Филиповић 1928, 290-291.

[296]Popović 2013, 181-183.

[297]Ова се поврзува само со потребата за ослободување на гробно место, ова е многу почест случај во гробовите што се лоцирани поблиску до црква.

од Црквиште-Корешница, набројаните гробови и постари доцноримски гробници од Црквиште-Демир Капија, а треба да се земи во предвид и рановизантиската гробница со полуцилиндричен свод од Кале-Стрезов Град, којашто е повеќекратно употребувана во средниот век, за што сведочат и скелетните остатоците на 14 индивидуи. Секако, не треба да се занемарат и откриените празни гробови на некрополата Црквиште-Демир Капија, како и на низа некрополи на поширокиот балкански ареал коишто, во немање на конкретни информации, истражувачите не ретко ги интерпретираат и како кенотафи. Сепак, за постоење на практика на градење на кенотафи во средниот век нема потврда во пишаните извори, па поверојатно се чини дека ова би претставувале гробови кои останале празни по обичајот за раскоп, при што скелетните остатоци биле префрлени во костурница, а гробната конструкција останала празна. Празни гробови се забележани на некрополата Бољетин и Мачванска Митровица-Ѓердап во Србија[298], Беговача и Мастирине-Задар, Каштел-Стари– Хрватска[299]. На некрополата Абланица-Благоевград во Бугарија[300], како и во Триљ и Беговача-Задар, Хрватска [301] откриени се слични погребувања како гробот 221/221а од Црквиште-Демир Капија, со таа разлика што овде гробната контрукција е потесна и поделена хоризонтално, односно јужниот дел од гробот е издвоен со вертикално поставена плоча и служел како костурница каде што се дислоцирал скелетниот материјал од постарите погребувања, додека во северниот засебен дел е откриено примарно погребување. На целиот балкански ареал, бројни се гробовите во коишто се откриени скелетни остатоци на повеќе индивидуи, додека во самиот гроб не е откриен скелет во *in situ* положба. Ваквите гробни конструкции се особено чести на Црквиште-Демир Капија што асоцира дека најверојатно имале функција на костурници, каде се собирал дислоцираниот скелетен материјал.

[298]Ерцеговић-Павловић 1984, 227. Ercegović-Pavlović 1980, 26-27.
[299]Jelovina и Vrsalović 1981, 70-71.; Јеловина 1982, 35-66.; Oreb 1983, 193.;
[300]Въжарова 1976, 289, обр. 180$_1$, гроб 70., Въжарова 1976, 267-268., наведува постоење на повеќе костурници на територијата на Бугарија и тоа 3, 7 и 8 во Плиска и во црквите 2 и 3 во селиштето Преслав.
[301]Milošević 1982, 192.;Jelovina и Vrsalović 1981, 70-71.

# ГЛАВА IV
# АНТРОПОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СРЕДНИОТ ВЕК ВО ДЕМИР КАПИЈА

Од ареалот на средновековен Просек потекнува една од најбројните средновековни скелетни серии во Македонија. Оваа скелетна серија е составена од наоди од повеќе некрополи, а најбројни се од Црквиште - Демир Капија каде припаѓаат и скелетите од лок. Манастир, потоа доаѓаат наодите од Крстеви, Копанец и Црквиште – Корешница, Ограда – Бистренци и Кале-Стрезов Град – Челевец.

На археолошките истражувања во Демир Капија водени од 1950 до 1956 година, учествувал и словенечкиот антрополог Злата Долинар[302]. Таа ги извршила првичните теренски проспекции на скелетните остатоци што се состоеле од одредување на пол и возраст, но целосна антрополошка анализа не е извршена. Повеќе од четириесет години подоцна, антропологот Фаница Вељановска, во рамките на својата дисертација ги обработува достапните скелетни остатоци и нив монографски ги објавува во делото *Антрополошки карактеристики на средновековното население од Црквиште – Демир Капија*. Ф. Вељановска во изминатите години има работено на антрополошка анализа на сите досега откриени некрополи во ареалот на Просек и Демир Капија притоа публикувала низа на трудови, врз коишто се темелат согледувањата во оваа глава[303].

## IV.1. Црквиште, Демир Капија

На некрополата се откриени вкупно 502 гробови од предримскиот, римскиот, ранохристијанскиот (5-6 век) и средновековниот период со две фази, од 9-12 век и доцниот 14-15 век среден век. За антрополошката анализа која е извршена триесетина години

[302]Во одделението за документација на Археолошки музеј на Македонија се чуваат антрополошките дневници на Злата Долинар од ископувањата во 1954 година.

[303]Вељановска 2001.; Вељановска 2005а, 333-348.; Вељановска 2005б, 349-363.; Вељановска 2017, 115-125.; Вељановска 2017, 127-131.; Манева 2000.; Блажевска 1995, 189-205.; Блажевска 1996, 201-212.; Блажевска 2005, 239-253.

после откривањето, се сочувани скелетни остатоци од 6 ранохристијански гробници и 305 средновековни гробови.

Скелетната серија од Црквиште-Демир Капија денес останува една од најбројните средновековни серии. Релативно добрата сочуваност на наодите овозможува да се одредат палеодемографските, антропо-морфолошките и палеопатолошките карактеристики на оваа значајна средновековна популација, што е прилог за подобро познавање на средновековното население на Македонија.

**Ранохристијански** скелетни наоди

Ранохристијански се шест скелети, од кои четири детски и двајца возрасни мажи.Скелетите се многу слабо и некомплетно сочувани.Според еден делумно сочуван машки череп, во групата е присутна мезокранија и курвоокципиталија. Телесната височина е средна (околу 169 см). Од епигенетските варијации, треба да се забележи наодот на трипартитна осинка. Палеопатолошките траги се ограничени на денталнопатолошки промени и регресивни промени кај возрасните, поврзани со стареење.

**Средновековна скелетна група**

Средновековните гробови не се прецизно раздвоени во двата средновековни периоди, полниот и доцниот, ниту постојат антрополошки елементи за такво раздвојување. Поради тоа хронолошките рамки се целиот распон на користењето на некрополата, од 10 до 15 век.

*Палеодемографски карактеристики*

Вкупниот број на средновековни скелети е 476: 104 детски, 27 Јувенили и 327возрасни (157 мажи, 169 жени и еден со неодреден пол). Кај 35 скелети на возрасни не е одредена старост, а кај 18 скелети не се одредени ниту пол ниту старост.

Во скелетната група значителен дел заземаат скелети на деца и млади до 21 година. На помали деца (до 6 години) припаѓа околу 15,на повозрасни деца (до 14 години) блиску 10%. Односот на деца и возрасни е 25% : 75%. На јувенилната возраст припаѓа околу 6% од вкупниот број на жители. Значи до 21 година исчезнува 31% а до триесеттата година повеќе од третина (37%) од вкупната популација.




*Црквиште, Демир Капија, поделба на скелети по пол и старост (според Вељановска 2001)*

Кај возрасните, пораст на смртноста е забележана во четвртата, а највисока вредност во петтата деценија од животот (40-50 години).

Во групата на возрасните поголем број на скелети е одреден како женски (45%), отколку машки (41%). Односот помеѓу половите е 1 : 1.08 (100 мажи: 108 жени).

Просечниот животен век на групата е 33.8 години. Мажите живееле просечно 47 години, а жените четири години помалку (43 години).

Според животните таблици најголемо исчезнување на популацијата е во детско и јувенилно време. Тоа е особено ризично време во кое очекуваното траење на животот од 34 години кај новороденчињата, се намалува кај помалите деца за блиску 6 години. Кај возрасните најголемо опаѓање на очекуваното траење на животот од блиску девет години е во четвртата деценија.

Помеѓу половите постојат разлики, најмногу во повисоката смртност на жените во адултниот период, особено во третата деценија од животот. Така четириесеттата година ја доживуваат блиску 99% од возрасните мажи и само 84% од жените.

Вообичаено толкување на повисоката смртност на жените во фертилниот период се проблемите со бременоста. Во оваа скелетна серија има повеќе наоди на остатоци на фетуси, со женски скелети чија возраст се движи помеѓу 25 и 45 години. На една теренска

фотографија е забележан скелет на жена со новороденче над левото карлично крило (гроб 371). Овие наоди потврдуваат дека бременоста и постпородилниот период биле ризични за жените од Демир Капија.

Споредбата на палеодемографските карактеристики на серијата од Демир Капија и помладиот слој на погребувања од Свети Еразмо-Охрид (9-11 век), за која е извршена анализа по истата методологија, покажува подобри животни услови кај населението од Демир Капија. На тоа укажува значително пониската смртност во јувенилно време и третата деценија од животот. Тоа особено се однесува на жените. Освен тоа во Демир Капија се забележани помали разлики помеѓу половите.

*Антропоморфолошки карактеристики на популацијата*

Измерени се вкупно 67 краниуми, 34 машки и 33 женски.

Машките неврокраниуми се просечно средно долги, средно широки, средно високи со средно широко чело. Според кранијалните индекси мезокрани, ортокрани, метриокрани, и еуриметоп. Лицата се средно широки, ниски со средно високо горно лице, просечно еурипрозопни но најчесто мезопрозоп и мезен. Орбитите се мезоконхи, а носот мезорин.

Женските неврокраниуми се разликуваат единствено во повисоката, суббрахикрана вредност на ширинско-должинскиот индекс и метриометоп чело.

Поделбата на краниумите според вредноста на ширинско-должинскиот индекс ја покажува доминантната мезо-брахикранија на средновековното население на Демир Капија. Безмалку половина од краниумите се мезокрани (49%), потоа брахикрани (40%), најретки се долихокрани (11%). Помеѓу половите постои разлика. Најголем дел од мажите е мезокран (62%), па брахикран (23%), а најретко се долихокрани (15%). Повеќе од половина од жените се брахикрани (58%), поретко мезокрани (36%) а најретко се долихокрани (6%).




*Црквиште, Демир Капија, распределба на краниумите според вредноста на ширинско-должинскиот (8:1) кранијален индекс (според Вељановска 2001).*

Описната статистика на мерките и индексите на долгите коски, покажува релативна хомогеност на серијата. Половиот диморфизам е добро изразен во просечните вредности на мерките на долгите коски.

Телесната височина на мажите е висока (просечно 170.1 см), а на жените средно висока (просечно 158.1 см). Распределбата на скелетите во категориите на телесната височина покажува дека во вкупната популација доминираат средно високи (52%) и високи индивидуи (47 %). Низок раст е под 1%, а многу голема телесна височина не е утврдена.

Помеѓу половите не постојат големи разлики. Кај мажите е нешто почеста средна телесна височина, но не се јавуваат индивидуи со низок раст.

*Епигенетски карактеристики на серијата.* Во средновековната скелетна група можат да се идентификуваат ретки лептодолохоморфи (тнр. Словенски антрополошки тип), бројни мезокрани медитераниди во робусна и грацилна варијанта, брахикрани планокципитални дина- риди, мезо-брахикрани курвоокципитални динаро-медитераниди и сосема слаб уплив на еурипрозопни, брахикрани балтиди. На еден женски краниум се забележани слаби монголоидни елементи.




*Црквиште, Демир Капија, фреквентна дистрибуција на телесната височина (според Вељановска 2001).*

Просечните вредности на линеарните мерки и индекси на краниумите од Демир Капија се споредени со три публикувани средновековни скелетни серии од Македонија, наодите од Прилеп, Радолишта-Струга и хронолошки поблискиот, помладиот слој на погребувања од Свети Еразмо-Охрид.

Споредбата покажуваа голема хомогеност на средновековното население во Македонија. Најголема сличност машките краниуми од Демир Капија имаат со серијата од Свети Еразмо, а женските краниуми со Прилеп и Свети Еразмо.

Од епигенетски карактеристики како особено чести во популацијата можат да се издвојат прекубројните коски, торуси и дополнителни форамени на краниумот, а на посткранијалниот скелет перфорација на хумерусот, третиот трохантер на фемурот и двоен таларен зглоб на калканеусот.

*Палеопатолошки промени.* Палеопатолошките промени се бројни во средновековната популација од Црквиште-Демир Капија, особено трауматските повреди, коскените тумори, инфективните заболувања на коските, анемијата, повредите и заболувањата на зглобовите, како и денталнопатолошките промени.

Од трауматските повреди, откриени се фрактури на краниумот и долгите коски. На три машки черепи се утврдени сеченици, на окципиталната или фронталната коска. Нема

траги на регенерација на коскеното ткиво, според што овие повреди можат да бидат причина за смрт.

На 12% од черепите постојат плитки, неправилни траги на удари најчесто на фронталната коска околу туберите, поретко на окципиталната или париеталните коски.

Во групата се откриени вкупно 14 фрактури на долги коски, најмногу на улна, радиусот и тибијата. Најголем број од фрактурите е добро сраснат, со слаб или умерен калус и слаба ангулација на фрагментите. Сепак, има неколку примери на слабо санирани фрактури. Особено тешки последици на фрактура на тибија и фибула се откриени кај еден женски скелет. Фрагментите на тибијата не се комплетно сраснати поради остеомиелит. Освен тоа постои анкилоза на талусот, кој е сраснат во положба на коњско стапало (pas equinus).

Од инфективни заболувања на коските е најчест периоститот, лоциран главно на долните екстремитети, пред се тибијата и фибулата. Остеомиелит е откриен кај седум скелети, шест возрасни и еден јувенил. Се јавува на тибиите и хумерусите. Во два случаи е последица на тешки, слабо санирани фрактури.

Анемија следена преку присуство на кранијалните крибри е забележана кај повеќе од половина (56%) од сочуваните черепи. Нема големи разлики во зачестеноста помеѓу децата и возрасните, како ни помеѓу половите.

Интересен е наодот на три случаи на комплетна сакрализација кај еден машки и три женски скелети кои потекнуваат од еден гроб со повеќе погребувања (бр. 205), што упатува на веројатна генетска поврзаност помеѓу скелетите.

Најголем дел од палеопатолошките промени е почест кај машкиот пол. Особено трауматските повреди, инфективните заболувања на коските, коскените тумори и дегенеративниот артритис. Кај жените се нешто почести единствено денталнопатолошките промени. Според ова, може да се претпостави поголема изложеност на мажите на насилство, несреќни случки и/или тешка физичка работа.

## IV.2 Крстеви, Корешница

Втората серија на скелети потекнува од локалитетот Крстеви, Корешница. За разлика од првата каде што скелетите се добро сочувани, оваа серија се одликува со лошо сочувани,

трошни и во најголема мера распаднати скелети, па нивната антрополошка анализа е сведена само на одредување на палеодемографските карактеристики, односно одредување на пол и возраст, додека антропоморфолошки, епигенетски и палеопатолошки анализи не се направени.

На оваа некропола застапени се повеќе машки скелети, и тоа со 36 % за разлика од женските коишто се 28 %, застапеноста на детски скелети е една третина од откриенити, односно 34 % со што се вклопува во просечната смртност на деца во средниот век.




*Крстеви, Корешница, поделба на скелети по пол (според Манева 2000)*




*Крсшеви, Корешница, йоделба на скелеши сйоред возрасш и йол (сйоред Манева 2000)*

Според смртноста, може да се забележи дека по шестата година од животот има намалена смртност кај децата, а особено е намалена, односно не е воопшто регистрирана кај возрасни деца (15-20 години). Кај женскиот пол е забележана зголемена смртност по дваесеттата година, а особено по триесеттата и намалување на смртност по четириесеттата година. За разлика од жените, кај мажите мала смртност има после 21 година, а процентот особено се зголемува по четириесеттата година, што укажува на подолг животен век на мажите за разлика од жените. Смртноста кај мажите повторно се намалува по педесеттата година.

IV.3. *Оїрада, Бисшренци*

Следната скелетна серија е од локалитетот Ограда, с. Бистренци, целосно се публикувани само палеодемографските карактеристики, односно одредувањето на пол и возраст, додека антопоморфолошките, епигенетските и палеопатолошките анализи се публикувани сублимарно.

За разлика од претходните две серии, овде застапеноста на мажи е помала и претставува 25 % од вкупната популација, додека кај жените и децата се движи нешто над една третина, односно 35 % кај жените и 37 % кај децата.




*Оїрада, Бисӣренци, ӣоделба на скелеӣи ӣо ӣол (сӣоред Блажевска)*

И овде се бележи голема смртност кај децата до 6 години, а истата смртност се намалува после шестата година, кај мажите смртноста од 20 до 40 години е мала, а нагло се зголемува по четириесеттата година, додека кај жените се појавува зголемена смртност по дваесеттата година и таа останува со одредени осцилации до шеесетката, период којшто ни една жена не го преживеал.




*Оїрада, Бисӣренци, ӣоделба на скелеӣи сӣоред возрасӣ и ӣол (сӣоред Блажевска)*

IV.4. Кале – Стрезов Град

Последната скелетна серија потекнува од Кале-Стрезов Град – Челевец. При археолошките истражувања на овој локалитет се откриени приближно 63 скелети од примарни и секундарни погребувања и групации. Со оглед дека платото околу самата црква каде што е лоцирана некрополата е ограничено, може да се смета дека ова е вкупната бројка на погребувања од оваа некропола што доспеале до денес.

Според одредените полови карактеристики дваесет и шест од скелетите припаѓаат на мажи (41%), деветнаесет на жени (30 %), седумнаесет на деца (27 %) и еден неодреден.




*Кале – Стрезов Град, с. Челевец, поделба на скелети по пол (според Вељановска 2017)*

Возраста на која починале возрасните се движи од 20 до над 60 години. Кај мажите смртноста била подеднаква во категориите до 40 и над 40 години (по три скелети), а кај жените блиску две третини (63%) живееле подолго од 40 години. Сепак, разликата во просечниот животен век помеѓу половите е минимална (мажи 41.7 години, жени 41.9 години).




*Црквиште, Демир Капија, поделба на скелети по пол и старост (според Вељановска 2017)*

Измерени се вкупно 6 черепи (2 машки и 4 женски). Двата пола биле просечно мезокрани (мажи 76.6, жени 77.7), но кај жените се јавуваат и долихокрани и брахикрани черепи.

Двата пола биле со голема телесна височина (мажи просечно 170.8 см, жени 164.4 см). и фреквентната дистрибуција на телесната височина покажува доминација на високи индивидуи (90%), особено кај жените.

* * *

Од вкупно обработени скелети од ареалот на средновековен Просек, може да се забележат неколку закономерности, што со идните истражувања би можеле да се потврдат или отфрлат. Бројот на мажи и жени вообичаено е воедначен, единствено на Огради кај Бистренци е забележано значително помал број на мажи и изнесува само 26%. Бројот на детски скелети споредено со вкупната популација е нешто помала од просечната застапеност на деца во останатите средновековни серии, која се движи во рамките на една третина од вкупната популација[304].

[304]Високата смртност кај децата е забележана и во пишаните извори кои известуваат за големата смртност на децата, дури и во круговите на владетелските фамилии во Византија, каде условите и хигиена биле на многу повисоко ниво отколку на село.

Смртноста кај популацијата е воедначена кај сериите од сите некрополи. Најголема смртност има кај помалите деца *InfansI*(0-6 години) и тоа цели 17,25 %, таа се намалува кај повозрасните деца *InfansII*(7-14 години) и тоа на 9,09 %, трендот на опаѓање продолжува и кај јувенилите (15-21 година) и забележува смртност од 6,67 %. Па така, до 21 година исчезнува приближно една третина од популацијата, односно 33%. Кај возрасните се забележуваат полови разлики во порастот на смртноста. Додека кај мажите значителен пораст на смртноста може да се забележи во четвртата и петтата деценија од животот, по што следи опаѓање, кај жените драстичен пораст се бележи веќе во третата деценија од животот, додека во четвртата и петтата порастот продолжува, но со намален интензитет. Ваквиот пораст на смртност на жените во третата деценија од животот којашто достигнува 18.84% се должи на големата смртност во фертилниот период, поврзани со проблеми со бременоста. Според ова, четириесеттата година од животот ја доживуваат само 81% од жените, а високи 97.2% од мажите.




*Процентуална застапеност на полови од вкупно обработените скелети*

Според обработените скелетни серии од Црквиште-Демир Капија и Кале-Стрезов Град - Челевец, можат да се видат значителни разлики на ширинско-должинскиот кранијален индекс во споредба со претходните периоди, додека во праисторијата и римскиот период на овие простори доминираат мажи и жени со брахикрани черепи, а

процентот на долихокрани и мезокрани е значително помала, во средниот век кај машките черепи започнуваат да доминираат мезокраните черепи, и тоа со преку 60% од вкупната застапеност. За разлика од машките, кај женските черепи продолжуваат да доминираат брахикраните черепи.

Антрополошки добро документирана промена се случила во средниот век. Ширинско-должинскиот индекс паѓа на мезокрана вредност, краниолошките серии се претежно мезокрани, процентуалната застапеност на мезокранијата се искачува на близу половина, доминантната брахикранија од претходните периоди е без малку преполовена. На некрополите се присутни нови антрополошки типови кои се утврдени и на најголемиот дел од средновековните некрополи на Балканот.




*Споредба на смртност (%) по старост и полови од вкупно обработените скелети*




*Споредба на смртност (%) на полови од вкупно обработените скелети*

# ГЛАВА V
# МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА

## V.1. НАКИТ

Накитот спаѓа во најбројната група на наоди откриени во ареалот на средновековен Просек. Пред сè откриен е на средновековните некрополи, а многу мал број како случајни наоди поврзани со црковните објекти или тврдините. Накитот претставува категорија на предмети која најречито говори за економските можности, просперитетот и богатството на една заедница, населба, град или област. Економските издигнувања и падови јасно се одразуваат во квантитетот и скапоценоста на накитот, без разлика на степенот на културен развој и естетскиот вкус. Покрај своите магиски и профилактички моќи, накитот служи преку украсување да се прикаже социјалниот статус и имотната состојба, а преку уметничките својства на накитот и културното ниво на носителот. Додека производството на накит се поврзува со економската моќ, а уметничкиот израз со степенот на културен развој, симболичкото значење на накитот е одраз на социјалната припадност во еден временски период. Преку симболиката на накитот може да се согледа одреден сталеж, група или цело општество, како носители на политичката моќ, додека преку скапоценоста неговата економска моќ. Накитот во историско-општествени рамки има далеку поголем значај него тоа што го имаат парите.

Накитот од ареалот на Просек е застапен во повеќе форми, групиран според местото на кое се носи[305]. Поделен е на накит за глава, накит за врат и накит за раце. Во рамките на накитот разгледани се и деловите од облека, коишто очигледно дека покрај функционалната улога биле и декоративен дел, со кој се украсувала самата облека.

---

[305] Радојковиħ 1969, 9-11.; Манева 1992, 18-19.; Bikić 2010, 33.

## V.1.1. НАКИТ ЗА ГЛАВА

### V.1.1.1. Челни ленти (кат. бр. 1-3)

Во овој тип на наоди спаѓаат пречелниците и дијадимите, коишто се насат највисоко на главата, преку челото. Овие ленти служеле за придржување на велот, т.е. марамата[306]. Од ареалот на Просек сочувани се три примероци на челни ленти, од кои два потекнуваат од гробни целини и еден случаен наод[307].

*Тип. I – Пречелници (кат. бр. 1-2)*

Овој тип на украсна челна лента е изработен од плочки, зашиени на платнена или кожна подлога, служат за држење на марамата или косата. Според начинот на изведба можат да се поделат во две варијанти.

Тип I.1

(Кат. бр. 1) Првата варијанта се одликува со тенки сребрени плочки, поставени во три реда. Украсени во техника на пресување и исчукување во матрица. Горниот и долнот ред се изработени во вид на триаголници, горниот ред со врвот свртен кон доле, додека тие од долниот ред се со врвот свртен кон горе. Во средниот ред плочките се ромбоидни. На секој од аглите имаат перфорација за пришивање врз платно или кожа, тие од долниот ред имаат дополнително три перфорации наменети за прикачување на синџирчиња на кои висат бадемасти висулки. Единствениот приемрок е откриен *in situ* во гробот 4 од некрополата Крстеви-Корешница[308]. Ова е единствената пречелница откриена од територијата на Република Македонија. Аналогни примери се познати во Бугарија од коишто еден од Видин додека другиот скоро идентичен по форма, организација и украсување со наодот од Просек е откриен во југозападна Бугарија, но без конкретни

[306] Манева 1992, 36.
[307] Б. Алексова споменува за постоење на уште една челна лента – дијадема, што била во многу лоша состојба. За оваа челна лента сега нема никакви податоци. Aleksova 1966.
[308] Манева 2000, 44-50, 84-89, сл. 28, сл. 64-64а, Т.I, Т.XXII.1-2.

услови на наоѓање[309]. Наодот од Крстеви-Корешница е откриен во гроб којшто според гробниот инвентар може прецизно да се датира од предот на 10 во 11 век[310].

Тип I.2

(Кат. бр. 2) Втората варијанта на челни ленти-пречелници се одликува со еден ред на правоаголни плочки, изработени од бронзен лим во техника на исчукување користејќи матрица. Плочките се украсени со по три реда од по шест пирамидални испакнувања. На кратките краеви има по две перфорации за пришивање на платнена или кожна подлога. Откриен е само еден примерок како вонгробен наод од некрополата Ограда-Бистренци[311]. Од оваа пречелница сочувани се само една цела плочка и две половични. Овој наод претставува осамен наод од територијата на Македонија. Ваквите пречелници се чести на поширокиот балкански ареал. Откриени се во Хрватска, во Мириево, Хајдучка Воденица, Сибница во Србија[312], Јантар во Бугарија. Во Србија тие се датираат во 12-14 век, со посебен акцент на 13 и 14 век, наодите од Бугарија се датирани во истата хронолошка рамка[313]. Најблиски аналогии наодот од Бистренци наоѓа во примероците од оставата во Сибница, датирана кон крајот на 14 век. Кон ваквата датација одговораат и портретите на Марија и Калина од ктиroската претстава на фреско ансамблот во црквата Св. Богородица на Мала Преспа, датирана во 1369 година[314].

*Тип. II - Дијадеми (Кат. бр. 3)*

(Кат. бр. 3) Вториот тип начелна лента, претставува дијадема. Изработена е од единечен лим, со вооедначена ширина, рабовите на краевите се отсечени. И оваа челна чента иако е изработена од единечна бакарна лента била пришиена врз основа од платно или кожа за што сведочат перфорациите по работ. Украсена е со врежување и пунцирање. Од ареалот на Просек е откриен еден примерок од гробот 340 од Црквиште-Демир Капија[315]. Ова е единствен наод од овој тип на територија на Македонија и пошироко на балканскиот

---

[309] Григоров 2007, 76-80, обр. 122.1, 3.
[310] Манева 2000, 50.
[311] Блажевска 1995, 193, Т.2.5.
[312] Бајаловић-Бирташевић 1960, 29, Т. XIV.6, Т.XIX.2.; Ерцеговић-Павловић 1979, 279-283.; Минић и Томић 1970, 163-168.
[313] Бъчваров 1993, 14-17.; Нешева 1976, 36-36, обр. 13.
[314] Ковачевић 1953, 56, сл. 24.
[315] Aleksova 1966, 59, T.XIV, sl. 95.

простор. Според гробниот инвентар челната лента е прецизно датирана кон крајот на 14 и почетокот на 15 век. Е. Манева во украсата на оваа дијадема покрај обидот да се имитираат поскапите златарски техники и скапоцените камења успева да препознае и соларна симболика во мотивот на трите повторени кругови, кои би имале реминисценција во постарите предхристијански словенски верувања[316].

V.1.1.2. Обетки и наушници (кат. бр. 4-200)

Тип I – Алки (кат. бр. 4-101)

Нај едноставниот по форма и лесен за изработка, а притоа најопшто прифатен и раширен тип на накит се наушниците алки. Тие се среќаваат скоро во сите епохи на човековото битисување, а особено се чести во средниот век. Како такви претставуваат доминантна форма на накит и на некрополите од Просек. Според нивната форма, изведба и украсите прикачени на нив се разделени во пет одделни варијанти. Иако варијантата I.1 може дополнително да се разделува на под вариетети сепак тоа нема да биде направено во оваа прилика.

Тип.I.1

(Кат. бр. 4-101) Најголемата група на наушници претставува варијантата на обични алки изработени од тел, свиени во приближно кружна форма. Тие се разликуваат по нивната димензија, па ги има со дијаметар од 1,0 сé до 4,5 см. Исто така се разликуваат по дебелината на телот од кој се изработени, како и по тоа дали краевите им се споени, раздвоени, се преклопуваат, а има и такви каде едниот крај е кружно свиен во вид на ластар. Од ареалот на Просек овој тип на наушници се најчест наод и тоа ги има вкупно 42 примероци од локалитетите Манастир и Црквиште – Демир Капија од каде алки во пар се откриени во гробовите 8, 73, 89, 181а, 214, 298, Гроб Н, а додека поединечно во гробовите 90, 181, 357, 432, Гроб В, но и 23 примероци на вон гробни наоди[317]; на некрополата Крстеви – Корешница откриени се 23 примероци, од каде во пар се откриени алки во гробовите 12,

[316] Манева 1992, 37.
[317] Алексова 1966, 52-53, Т.XIII-XIV.

13, 25, 30, 41, 42, 43, 48 и 51[318], во пар со друга варијанта на наушници во гробовите 29 и 64[319] и како поединечен наод во гроб 9 и 52[320]; на некрополата Копанец – Корешница еден пар во гробот 8 и една поединечна во гроб 11[321]; на некрополата Ограда – Бистренци во пар се откриени во гробовите 10, 12, 19, 23, 56, 60, како поединечни наоди во гробовите 8, 9, 21, 27, 38, 39, 44, 45, 48, 50, 51, 58, 59, 62, 65 и во пар со друг тип на наушница во гроб 18, 52, 57[322]; една алка е откриена на некрополата на Кале – Стрезов Град во гроб 29[323]. Откриените наоди се изработени најчесто од бронза но има и примероци од сребро и железо.

Овој тип на накит е широко распространет на целиот балкански ареал[324]. Правени се обиди за издвојување во разни форми, но се чини дека најголемиот дел биле без успех иако сепак може да се следат одредени законитости за хронолошко одредување на истите. Г. Марјановиќ-Вујовиќ воочила дека алките со поголеми димензии не се појавуваат пред појавата на наушници со биконична јагода и нив ги смета како подоценежен производ за разлика од пораните кои се помали по димензии и работени од потенок тел. Ова го потврдува и Е. Манева со наодите од гробовите 51 и 64 од Крстеви – Корешница, каде се откриени најголемите примероци во комбинација со материјал типичен за 12 век. Марјановиќ-Вујовиќ исто така претпоставува дека дел од овие алки, првенствено оние со неправилно кружна форма, односно оние коишто со текот на користење биле во одредена мера деформирани, се користеле за обвиткување околу косата. Таа претпоставува дека нивната форма е деформирана од честото нивно прилагодување на косата, на ова укажува и етнолошката граѓа од Р Македонија[325]. Алките се појавуваат во еден долг хронолошки период, Најчести се од 10 до 14 век, но ги има и порано а траат и подоцна. Наодите од ареалот на Просек откриени во гробни целини придружени со друг хронолошки осетлив

[318] Манева 2000, 93-94, сл. 72, ТII.2a,b; 94, сл. 73, Т.II.1a,b; 101-102, сл. 85, Т.II.3a,b; 104-105, сл. 90, Т.II.7a,b; 114, сл. 101, Т.II.6a,b; 114-115, сл. 102, Т.11a,b; 115, сл. 103, Т.II.5a,b; 117-118, сл. 108, Т.II.4a,b; 119-120, сл. 111, Т.II.10a,b.

[319] Манева 2000, 103-104, сл. 89, Т.V.1b; 125-127, сл. 123, Т.V.2a.

[320] Манева 2000, 91-92, сл. 69, Т.V.4; 120, Т.II.8.

[321] Манева 2000,353-354, сл. 6 $_{1,2}$; 355, сл. 9.

[322] Блажевска 1995, 189-205, Т.3 $_{5,6}$, Т.4 $_{4,5}$, Т.5 $_{2,3}$.; Блажевска 1996, 201-212.; Блажевска 2005, 239-253, Т.I.1, Т.II.5, Т.III.2, Т.IV.2, Т.VI.2.

[323] Извештај за археолошки ископувања на КСГ 2017.

[324] Повеќе погледни кај Манева 1992, 41-43.; Марјановић – Вујовић 1984, 78-80.; Borisov 1989, 261-262.; Гатев 1977, 33., со наведената литература.

[325] Марјановић-Вујовић 1984, 79-80.; Манева 2000a, 52-54, 119-120, 125-127, сл. 51, 64.; Манева 1992, 41.

материјал исклучиво се датираат во периодот од 10 до 12 век, но сепак постои можност некои од гробните целини каде овие алки се единствен наод да бидат и помлади.

Тип.I.2

(Кат. бр. 102-106) Обетки алки изработени од жица со кружен пресек свиена во круг. На алката е нанижано топчесто, цилиндрично или алчесто монисто од стаклена паста. Од ареалот на Просек познати се пет примероци од овој тип на обетки и тоа по еден примерок од гробовите 24 и 64[326], откриени во пар со обетка алка на некрополота Крстеви-Корешница, еден примерок во гробот 2 од Копанец, Корешница[327] и по еден примерок од гроб 424 и еден случаен наод од некрополата Црквиште-Демир Капија[328]. Нанижаните мониста се со различна големина и форма. Единствено монистата од гроб 2 од Копанец е полихромна, цилиндричното тело е украсено со радијално поставени зиг-заг линии, додека кај овој примерок покрај монистата е нанижан еден бронзен лентест додаток. Покрај од ареалот на Просек, овој тип на обетки е познат и од гробот 23 од блиската накропола Трнче- Пепелиште, гроб 15 од некрополата на базиликата кај с. Паликура, Маркови Кули-Прилеп, Градиште-Нерези кај Скопје[329]. На поширокиот балкански ареал познати се од Прахово во Србија, Блед во Словенија, Мадара, Плевен, Долно Сахране, Ковачево во Бугарија[330]. Овој тип на обетки од ареалот на Просек се датираат во периодот од 10-12 век.

Тип.I.3

(Кат. 107-108) Оваа варијанта на наушници претставува алка од тељ со кружен пресек чијшто еден крај завршува рамно пресечен додека другиот е раскован, двојно свиен прво кон надвор а потоа кон внатре формирајќи завршеток во форма на латинската буква „S“ по што го добиле и општо прифатениот назив „S“ наушници. Од просторот на Средновековен Просек за сега познат е само еден примерок на оваа варијанта на наушници и тоа од гроб 31 од Крстеви – Корешница[331] и еден примерок чијшто крај е оформен така што е завиен station наназад, но е идентичен со „S“ наушниците. Ваквите наоди се воопшто ретки на територијата на Македонија. Освен наодот од Корешница уште една

[326] Манева 2000, 103-104, сл. 89 $_{2}$, T.V.1b; 125-127, сл. 123 $_{1}$, T.V.2a.
[327] Манева 1999, 349-350, сл. 2$_{3}$.
[328] Aleksova 1966, XIII.
[329] Манева 2000a, 66-67, T.V.4b; Манева 1992, T.19$_{95/21,\ 83/1а,б,\ 57/45,\ 57/28}$. Бабиќ 1986, 280, T.61/14, T.61/15.
[330] Јанковић 1975, 231, 235, T.VI.9; Kastelic i Škerlj 1950, 31, sl. 19.; Гатев 1977, 33, 35., допушта нивно користење до крајот на 14 век.
[331] Манева 2000, 56, 105-106, сл. 91, T.V.3.

ваква наушница е откриена на некрополата кај црквата Св. Димитрија во Варош, Прилеп[332]. Ова оди во прилог на теоријата за нивното потекло од Панонија или од Карпатската област. Наодите од овој тип се воопшто ретки и во Србија во областите јужно од Дунав, но сепак во мал број на примероци се појавуваат скоро на сите истражени некрополи од овој период. Датацијата им се движи во 10 и 11 век но, одредени наоди потврдуваат нивно користење и во текот на 12 век, што е утврдено со наодот на ваква наушница во гробот 239 од Трњане, откриена заедно со монета на Мануел I Комнен (1143-1180)[333]. Наодот од Корешница е датиран на преодот од 10 во 11 век според останатите наоди од гробната целина.

Тип.I.4

(Кат. бр. 109-110) Во оваа група на наушници спаѓаат примероците на алки од бронзен тел свиени во приближно кружна форма, на кои е нанижана уште една алка од бронзен тел, вообичаено со помали димензии и неправилна форма на круг. Од ареалот на Просек познати се два примероци од оваа варијанта како вонгробни наоди од Црквиште – Демир Капија. Од Македонија се познати уште по еден примерок од гробот 23 на некрополата Трнче-Пепелиште, како и од лок.  Црвеница – Прентов Мост, кај с. Опеница, Охрид[334]. Според Е. Манева кај обетките со нанижана алка се мултиплицира амулетската улога што наушниците – алки примарно ја поседуваат[335]. Од поширокиот ареал слични наоди наоѓаме на некрополата во Дјадово, Ковачево, Кулата и на други места во Бугарија[336]. За овој тип на наоди нема сигурно потврден контекст за датирањена примероците од Просек, но според аналогните примероци истите може да се стават во опсегот на 10-12 и почеток на 13 век.

Тип.I.5

(Кат. бр. 111-113) Алки од тордиран тел, на едниот крај телот се преклопува формирајќи јамка. Од ареалот на Просек познати се три примероци од оваа варијанта и тоа еден пар во гроб 162 и еден поединечен примерок во гроб 467[337]. Наодите од гробот 162 се откриени

[332] Бабиќ 1986, 280, T.64/6.
[333] Марјановић-Вујовић 1984, 80, 40-41, сл. 82, 164-166, T.XVI.239/1-2.; Манева 1992, 43, T.13.60/9.; Бабиќ 1986, T.64,6.
[334] Манева 2000а, 66-67, T.V.4b; Манева 1992, T. 13₄₅/₃.
[335] Манева 2000а, 39.
[336] Borisov 1989, 263, fig. 294 a,b.; Гатев 1977, 33, 35.
[337] Aleksova 1966, T.XIII, 66-68.

заедно со полнолиен прстен кој може да се датира во 12-13 век. Овој тип на наушници се среќава на поширок простор на Балканскиот Полуостров. Иако накитот од тордирана жица е често застапен на некрополите од белобрдската културна група сепак алките од тордирана жица не се чест наод. Од Хрватска потекнува најголемиот број на примероци и тоа од Главице, Островица, Странче, Колјани Горни, Книн, Плавно, Нин, Подргаѓе итн.[338] се датираат кон средина на 10 век, но сепак некои примероци допуштаат истите да биле во употреба и во 11 и 12 век[339].

Тип II - Гроздолики наушници (кат. бр. 114-122)

На просторот на средновековен Просек до сега се откриени четири пара на гроздолики наушници и еден случаен наод што може да се групираат во три основни варијанти. Осум наушници се изработени од сребро, во техника на филигран, гранулација и леење во изгубена форма, а последниот од бронза леен во калап.

Тип II.1

(Кат. бр. 114-119) Првата варијанта ја карактеризираат наушници чијашто алка во горниот дел е сочинета од обична жица со кружен пресек, додека долната половина е задебелена, направена од четири назабени филигрански жици. На долниот средишен дел на алката е прикачен гроздолик украс од пет венци вертикално поставени еден под друг, секој од венците сочинет со по три до четири гранули, крајниот долен дел на привезокот завршува со поголема топчеста гранула. Над овој украс во внатрешниот централен дел има полумесечеста лунула, чии горни краеви завршуваат во топчести гранули, изработена од назабена филигранска жица. На средишниот дел од алката истата е поделена на горен и долен дел со по едно коленце составено од четири гранули симетрично поставени на секоја од страните. Наушниците се закопчуваат со јамка на едниот крај и кука на другиот крај од алката. Од оваа варијанта откриени се по три пара на наушници и тоа еден пар од гробот 336 од лок. Црквиште-Демир Капија[340], и по еден пар во гробовите 9 и 17 од

[338] Petrinec 2009, T.122$_{4-5}$, T.126$_{1}$, T.153$_{2}$, T.176$_{7}$, T.228$_{1}$, T. 237$_{6}$, T.242$_{10}$, T. 265$_{3}$, T.254$_{5}$, T.255$_{4}$, T.259$_{4}$, T.2213$_{3, 6-8}$, T.265$_{3}$, T.274$_{8}$, T.290$_{3}$, T.294$_{1-2}$
[339] Petrinec 2009, 226-227.
[340] Алексова 1966, 53-54, T.XIII, 92, 94.

локалитетот Крстеви-Корешница[341]. Сите примероци се скоро идентични што може да се претпостави дека потекнуваат од иста работилница, најверојатно од некој од византиските производни центри, можеби Солун како географски најблизок.

Овој тип на наушници распространети се на еден поширок географски простор од Велико Моравската и Панонската низина, преку Балканскиот Полуостров па сè до Средоземјето. Гроздоликите наушници своите прототипови ги наоѓаат помеѓу античкиот накит, Византија ги прифаќа и дополнително ја развива нивната форма со што се збогатуваат украсите, а истите стануваат помасивни[342]. Најраните до сега примероци на овој тип наушници, коишто со голема сигурност потекнува од некоја од византиските работилници се наодите од Далмација, односно примероците од Трилја кај Сињ, датиран кон средина на 8 век со златна монета на Констанин V Копроним и Лав IV (741-775)[343], како и примероците од гробот 62 од Ждријац, датирани со монета на фрањевачкиот цар Лотар (840-855) кон средина на 9 век[344]. На просторот на Велика Моравија познати се голем број на примероци типолошки распределени во повеќе варијанти датирани во периодот од почеток на 9 па сé до крај на 10 век[345], според Б. Достал нивната продукција продолжува и во текот на 11 век[346]. Најмладиот датиран примерок на гроздолика наушница е од случајно откопан гроб од околината на Пирот чиј гробен инвентар покрај сребрен примерок на гроздолика наушница го сочинуваат и монети на Константин IX Мономах (1042-1055) и Роман IV Диоген (1068-1071)[347].

Особеност на наушниците од ареалот на Просек, која што ги одвојува од претходно посочените примероци е украсот од внатрешната страна на алката. Овие наушници претставуваат ретка варијанта на гроздолики наушници коишто на горниот дел наместо украс во вид на грозд имаат лунула од филигранска жица[348]. Вакви наушници откриени се уште во непосредна близина со по еден пар во гробовите 22 и 60 на некрополата Трнче

[341] Манева 2000, 55, Т. IV.2аб, 3аб, Т. XXV.4
[342] Бикиħ 2010, 39.
[343] Belošević 1984, 47-48. Jovanović 1977: 144.
[344] Belošević 1984, 43-44.; Belošević 1980, 86-90.; Petrinec 2009, 124-128.; Jovanović 1977, 152.
[345] Hrubý 1955, 228-238.
[346] Dostál 1966, 35.
[347] Jovanović 1977, 148, T. VII. 6.
[348] Гроздолики наушници со лунула во внатрешниот средишен дел познати ми се само уште од некрополата Трнче-Стреа - Пепелиште, која се наоѓа на неполни 20 км северно од Демир Капија. На оваа некропола освен двата пара на наушници со лунули се среќава и уште еден пар со украс во вид на стилизиран крин во внатрешниот средишен дел на наушницата од гробот 17. Спореди Манева 2000а, 38-39, Т.XXXII.

Стреа-Пепелиште, кои по начинот на изработка се скоро идентични со наодите од Крстеви и Црквиште-Демир Капија. Од територијата на Македонија гроздолики наушници откриени се уште по еден примерок во гробот 52 на некрополата кај Базиликата Де од Хераклеја-Битола, како и еден пар од гробот 55 од Голем Град, Преспа. Овие примероци од демиркаписките се разликуваат по техничко-технолошки особености на изработка, всушност тие се изработени со лиење во дводелни калапи, со имитација на филигран[349], последниот познат примерок потекнува од Клуч на Дунав[350] исто така изработен со лиење. Украсите во вид на лунула се карактеристични за наушниците со четири јагоди, каде едната јагода е заменета со овој украс[351]. Оваа варијанта на наушници може да се датира во 10-11 век со нагласок на крајот на 10 и првата половина на 11 век[352].

Тип II.2

(Кат. бр. 120-121) Втората варијанта на овој тип претставуваат наушниците со мазна, приближно кружна алка, на чиј долен дел има гроздовиден украс, кој под алката е изработен во вид на конус од спирално намотана сребрена жица. Конусовидниот украс завршува со венец од гранули, под кој се наоѓаат три покрупни на кои е налемена по една ситна гранула оивичена со филигранска жица. На средината е поставена една масивна топчеста гранула. Во продолжеток на украсот над алката има венец од гранули со средна големина, а горе завршува со покрупна гранула оивичени од двете страни со филигранска жица.

Оваа варијанта на наушници типолошки потпаѓа на гроздоликите наушници, а во литературата често се нарекуваат „Волински", или „Киевско-волински" наушници[353], според областа Волинија и Киев каде за првпат се откриени и се најчесто застапени[354]. Иако и ова претставува производ, најверојатно од византиските работилници во Крим, сепак голема е веројатноста одредено производство да било организирано овде[355]. Од

---

[349] Манева 1988, 40-41, Т.I.5, Т.II.4. Битракова 2011, 193-195, 233-234.
[350] Јанковић 1983, 103, Т.IV.5.
[351] Хронологијата и распространетоста на варијантата на наушниците со три јагоди и лунуласт украс е подетално обработена подолу во текстот.
[352] Манева 1992, 52-53.; Едниот примерок од гробот 4 од Крстеви има оштетена алка, којашто била репарирана со лепење, што овозможува овие наушници да останале во употреба подолг период. Манева 2000, 55.
[353] Манева 2000, 55-56. Григоров 2007, 21. За неоправданоста на користењето на овие називи види повеќе кај Bikić 2010, 42-43.
[354] Манева 2000, 55-56.; Манева 1992, 50-51.; Bikić 2010, 43-44.
[355] Корзухина 1954, 22-23, 84-88, Т. VI.6-8, Т.VIII. 9, 15, 21.

ареалот на Просек познат е само еден пар на вакви наушници од гробот 1 од Крстеви-Корешница[356]. Скоро идентични се застапени и на блиската некропола Трнче-Стреа - Пепелиште[357], но не се чест наод во централните делови на Балканскиот простор. На територијата на Киевска Русија оваа варијанта на наушници се датира во 10-11 век, согласно трезорите во кои се откриени заедно со наоди на монети, истовремено се датирани и наодите од Моравија[358]. Со оглед на наодите од контексти, на просторот на Балканскиот Полуостров, нивната датација од 10-11 век е поместена, па може да се каже дека во Македонија, Србија, Бугарија, Романија, Хрватска и Босна нивната употреба продолжува и до 12 век[359]. Парот на наушници од гробот 1 од Крстеви е датиран во 11 век[360].

Тип. II.3

(кат. бр. 122) Во последната варијанта на овој тип на наушници припаѓа еден примерок којшто за разлика од претходните две варијанти е работен со лиење, најверојатно во невешто изработен калап. И покрај ова, може да се забележи дека мајсторот имал тенденција на прикажување на гроздовит украс на долниот дел, којшто е лошо одлеан, додека горниот како и страничните украси не можат лесно да се детерминираат. Оваа варијанта на наушници не се типолошки одредени, па нивниот изглед може да биде близок како до гроздоликите така и до наушниците со четири јагоди. Причина за ваквата ситуација може да биде користењето на различен модел, или пак истото да е резултат на лошо изработен калап преку кој мотивите лошо се отсликуваат[361], една од често прифатените теории е дека овие наушници претставуваат преоден тип помеѓу гроздолики и наушници со четири јагоди според карактеристиките коишто ги содржат[362]. Единствениот примерок овде е вон гробен наод од лок. Црквиште-Демир Капија. Вакви примероци се среќаваат на повеќе локалитетите во Македонија како и на пошириокиот ареал на Балканот. Хронолошки се датирани во периодот на 10 и 11 век.

---

[356] Манева 2000, 55-56, 79-83, сл. 61, Т. IV. 4ab, XXV.1.
[357] Манева 2000а, 39, 67-68, 82-89, Т.IV. 5, Т.IV.6ab.
[358] Bikić 2010, 43.
[359] Bikić 2010, 43-44.; Манева 1992, 50-51.39.; Манева 2000, 55.; Манева 2000а, 39.; Радичевић 2007, 93.; Гатев 1977, .33; Въжарова 1976, 358, обр. 215. 20-22.; Григоров 2007, 20-21, обр. 7.
[360] Манева 2000, 55.
[361] Bikić 2010, 46, сл. 18.8, 9.
[362] Манева 1992, 51.

Тип III - Наушници со четири јагоди (кат. бр. 123-138)

Овој тип на наушници често се нарекуваат и гроздолики наушници а од пораните истражувачи е вбројуван во групата на Бело Брдо[363]. И оваа група на наоди со сигурност има византиска провиниенција, но е прифатен и раширен на територијата каде живеело словенско население. Особено се чести во далматинско-хрватската група[364] и на просторот на Моравија[365], а на југ се среќаваат сè до Коринт[366], нешто поретки се, но не недостасуваат ниту на територијата на Македонија[367], Бугарија[368], Србија[369], Словенија[370] и Босна и Херцеговина. Поради сличноста со гроздоликите наушници одредени истражувачи сметаат дека тие произлегуваат од оваа група, за што нема сигурно потврдени докази. Впрочем на просторот на Моравија гроздоликите и наушниците со јагоди се јавуваат истовремено во погребувањата, со што претпоставката за нивниот развој отпаѓа[371]. Со голема сигурност може да се каже дека дел од нив најверојатно бил произведуван и во внатрешноста на Балканот, во Моравија и Далмација на што укажува деформираната наушница од Цетинград, во близина на Сисак, која заради неуспешното лиење не била никогаш во функција[372].

Оваа група на наоди се одликува со кружна или овална алка на која доле централно е поставен украс составен од две јагоди, една над и една под алката, и уште две странично, лево и десно, на исто растојание од централните украси, кои ја делат наушницата на горен и долен дел.

Од ареалот на Просек до сега се познати 16 примероци, сите изработени од сребро. Интересно е што и покрај тоа што ова не е голема бројка на наоди, сепак можат да се

---

[363] Bikić 2010, 44.
[364] Petrinec 2009, 216-222.
[365] Hruby, 1955, 238-240.; Dostal 1966, 37-41, 9/1-17.
[366] Davidson 1952, 253, kat. no. 2030, Pl. 107. Наушницата е откриена во гроб, но се чини дека е прерано датиран во 6 или 7 век.
[367] Манева 1992, 50, Т.16. 77/2а,б; Т.16.16/1а,б; Т.16.67/4; Т.16.19/1,2; Т.16.80/1; Т.16.0/1
[368] Въжарова 1976, 358-361, обр. 217.; Григоров 2007, 22, 30, обр. 10, 11
[369] Bikić 2010, 44-48.
[370] Korošec 1971, Y.123.
[371] Манева 1992, 50.; Bikić 2010, 44-45.; Petrinec 2009, 218.
[372] Vinski 1970, 50, Sl. A.; Petrinec 2009, 220.

издвојат осум варијанти, кои меѓу себе се разликуваат по техничко-технолошките и стилски особености. Помеѓу овој материјал се среќаваат наушници со лиени и ажурирани јагоди, но и такви со три, четири, пет и седум (?) јагоди, како и со украс во вид на лунула наместо јагода. Сите откриени наоди се изработени од сребро, во техника на филигран, гранулација и изгубено лиење. Овој тип на наушници од Македонија рамковно се датираат во 10 век, со можност во одредени случаи нивно нешто порано датирање, а најдоцна до средина на 11 век кога излегуваат од мода[373]. Иако оваа варијанта е доста честа во далматинска-хрватска и во Моравија, сепак примероците од централните делови на Балканот имаат одредени одлики со кои се разликуваат од останатите региони. Во оваа група спаѓаат и примероците од Просек од сите варијанти на овој тип. Впрочем, примероците од Просек се одликуваат по тоа што јагодите се мазни, без украси од гранулација што не е случај кај примероците од Хрватска и Моравија. Втората карактеристика којашто ги издвојува е начинот на закопчувања кој во споменатите два региони се одликува со тоа што закопчувањето се врши со запинање на едниот крај од алката во една од јагодите, за разлика од нив, кај сите примероци од Просек кај кои се сочувани страните за закопчување истото се вршело на принципот на јамка и кука. Овој начин не е непознат и се среќава во Македонија, Бугарија, Србија и Косово[374].

Тип III.1

(кат. бр. 123-124) Наушниците од оваа варијанта се одликуваат со четири топчести јагоди, од кои две централно поставени на долниот дел од алката, од кои една над алката а другата под неа. На исто оддалеченост од овој централен украс на секоја од страните е поставена по една јагода. Јагодите се топчести, составени од две лиени половини, споени на средина, на местото каде се спојуваат истите се залемени со филигранска назабена жица. Оската на кои се натакнати јагодите од централниот украс изработена е од две расковани филигрански жици. На горниот и долниот дел од јагодите каде што поминува алката односно оската на којашто се прицврстени, поставен е кружен обрач од филигранска жица. Двете централни јагоди, горе и доле завршуваат со по една гранула. Горната половина на алката е мазна, додека долната половина, по примерот на гроздоликите наушници е задебелена, односно на носечката жица од алката залемени се четири

[373] Манева 2000, 50.
[374] Манева 1992, 50, Т. 16.; Mikulčić-Keramitčiev 1970, T. I, 2a,b.; Bikić 2010, 44-48, sl. 18-19.; Възарова 1976, 358-361, обр. 217.; Григоров 2007, тип.III.4, обр. 11.; Jovanović – Vuksanović 1981.

назабени филиграски жици долж неа. Наушницата се закопчувала, притоа на едниот крај на алката се наоѓа кружна јамка, додека другиот крај најверојатно завршувал во форма на кука. Од оваа варијанта на наушници откриен е еден пар од гробот 16 од Крстеви-Корешница[375]. Тие се датирани на преминот од 10 во 11 век[376]. Оваа варијанта одговара на варијантата на наушници со четири јагоди 1d од гробот 33/48 на некрополата „Na Valách" каде се датирани до прва половина на 10 век[377], според Б. Достал датацијата на овие наушници може да оди и во втората половина на 10 век[378]. Блиски аналогии има и кај примероците од Мајдан-Солин и од Бреговача-Билјане Доње во Хрватска, каде се оквирно датирани помеѓу 9 до првите децении на 11 век, со најинтензивна употреба во 10 век[379], додека скоро идентични се откриени во гробовите 31 и 97 од некрополата Брег кај Матичане[380],

тип.III.2

(Кат. бр. 125-128) Оваа варијанта на наушници ја задржува формата од вар. 1 на овој тип, но се разликува по техничките карактеристики на оформување на јагодите. Сите познати примероци се лошо сочувани и нецелосни, но сепак може да се направи реконструкција на нивниот изглед. Страничните јагоди се изработени од филигранска жица која јагодата ја формира така што истата е свиена четири пати во облик на грчката буква омега. Централните делови се раздвоени притоа во нив е вметнат венец од филигранска жица во кој има аплицирано гранули. Така од секоја страна на јагодите има по една гранула формирајќи крст. Централниот украс е обликуван од горен и долен дел. Горниот дел има една јагода, идентични како страничните, која во горниот дел завршува со гранула, додека за алката е поврзана преку венец од четири гранули. Оваа гранула е најдобро сочувана на примерокот од гробот 153 од Црквиште-Демир Капија. Долниот дел од украсот е изработен од две и пол јагоди од кои горната една и половина се изработени од филигранска жица на претходно опишаниот начин. Половината јагода се разликува по тоа што гранулите се поставени на дното од полињата на јагодата. Додека крајната долна јагода е изработена од шуплива јагода од две споени полу сфери. Овој дел од украсот е

[375] Манева 2000, 93, Т. III.3a, 3b.
[376] Манева 2000, 54-55.
[377] Hrubý 1955, 239, T.55/16-17.
[378] Dostál 1966, 37.
[379] Petrinec 2009, 216-219, Sl. 112.
[380] Jovanović – Vukasnović 1970, 157, T. XLIX, 1.; Jovanović-Vuksanović 1981, Y 243, Y 248 /2/1.

добро сочуван и видлив кај примерокот од гробот 1 од Манастир-Демир Капија. Од арелот на Просек откриени се четири примероци од коишто еден пар од гробот 1 и една поединечна од гробот 13 од лок. Манастир како и еден примерок од гробот 153 од лок. Црквиште-Демир Капија[381]. Овој тип на наушници е доста сличен со наредниот тип, но со стилизирана и упростена изработка на филигранските јагоди. Според гранулите поставени на јагодите од украсот, оваа варијанта би требало да ги имитираат наушниците од оставата во Велико Градиште кај Пожаревац, депонирана кон почетокот на XI век[382]. Оваа и следната варијанта паралели наоѓаат кај наушниците со корпи од Моравија, кои се истовремени со останатите наушници со четири јагоди[383]. Од гробот 9 од Трнче-Стреа кај Пепелиште постои еден примерок што е доста сличен по начинот на формирање на јагодите, но сепак се разликува по декорацијата на алката која е изведена со гранулација[384]. Според останатите гробни наоди од гробовите 1 од Манастир и 153 од Црквиште-Демир Капија тие се датираат во 10-11 век.

Тип.III.3

(129-132) Доста е слична со претходната варијанта. Но, за разлика од вар. 2, јагодите овде се многу пофини, изработени од ажурирана филигранска жица од две полу сфери. Од ареалот на Просек откриени се четири примероци и тоа по еден пар во гробовите 16 и 34 од Крстеви, Корешница[385]. Примероците од гробот 16 се по фини, со грижливо обработена и нарецкана филигранска жица. Примерокот од гробот 34 е помасивен а долниот дел од украсот е изработен од една и пол јагода, чија половина е скоро идентична со тие од претходната варијанта украсени со гранули[386]. Наодите од Крстеви се датирани на преодот од 10 во 11 век[387].

Тип.III.4

(Кат. бр. 133) Следната варијанта претставуваат наушници со четири јагоди, чијашто долна јагода е одвоена од алката преку еден гроздолик украс изработен во техника на псевдо гранулација. Останатиот дел од наушницата е лошо сочуван, па тешко е да се

---

[381] Алексова 1966, 53, Т.XIII. 85, 86, 87, 93. Едната наушница од гробот 153 всушност е наод од гробот 13 од локалитетот Манастир.
[382] Минић-Томић 1972, 126-128
[383] Dostal 1966, 39-40, obr. 9.27.; Hrubý 1955, 240, 241.
[384] Манева 2000a, 58-59, Т.IV.3b
[385] Манева 2000, 95-97, 108-110. Т.III.
[386] Манева 2000, 54-55, 95-97, сл. 76, сл. 94, III.1a,b, III.2.a,b.
[387] Манева 2000, 54-55.

реконструира горниот дел од централниот украс, како и страничните украси. Овој тип треба да претставува преодна варијанта на гроздолики наушници во наушници со четири јагоди. Од ареалот на Просек откриена е една наушница од оваа варијанта од гробот 31 од Крстеви – Корешница. Датиран на преодот од 10 во 11 век[388].

Тип.III.5

(Кат. бр. 134-135) Оваа варијанта се одделува од другите по тоа што горната јагода од централниот украс е заменета со лунулест, додека долната јагода од алката е одделена со пола јагода од ажурирана филигранска алка. Лунулестиот украс е изработен од лим, којшто е декориран со 9 круга од филигранска жица од кои четири од нив се огранизирани така да формираат крстовиден орнамент. Ваквиот лунуласт украс е обрабен со тордирана филигранска жица, двата краеви на лунулата, коишто се свртени кон горе, завршуваат со две помали јагоди, на кои има аплицирана по една гранула. Долната јагода исто така завршува со покрупна гранула, а додека на полу јагодата од ажуриран филигран се залемени по една гранула на секое од полињата во форма на солза. На местото каде што се спојуваат полукалотите од јагодите има украсно ребро од филигранска жица. Наушници од овој тип се откриени само еден пар во гробот 4 од Крстеви, Корешница, датирани 10-11 век со нагласок на крај на 10 и прва половина на 11 век[389]. М. Петринец овој тип на наушници кои наместо јагода имаат лунула во горниот дел на украсот ги смета како модификаци на лунулестите наушници. Ова го поткрепува со податокот дека на некои од примероците во Хрватска има алки што служат за прикачување на други привезоци[390]. Овде треба да се напомене дека кај наодите од Демир Капија лунулата не се појавува само во овој тип на наушници, туку лунулата како декоративен елемент се појавува и кај гроздоликите наушници во замена за горниот дел од гроздот. Лунулата како украсен елемент често се среќава во јужните делови од Централен Балкан, па нивни варијанти гледаме во Демир Капија, Матичане, Чечин, Златица, Одрци, Каварна итд[391]. Според техничко-технолошките и стилските карактеристики наодите од Крстеви, Корешница, најблиски аналогии наоѓаат во гробот 84 од Матичане[392] и од Каварна – 2[393]. Примероците

[388] Манева 2000, 54-55, 105, сл. 91, Т.III.36.
[389] Манева 2000, 55, Т.IV.1а-б, XXV.2.
[390] Petricec 2009, 220-222.
[391] Jovanović – Vuksanović 1981, Y245, Y247.; Jovanović 1976, Taf. II. Abb. 1 (a, b), Taf. II. Abb 2 (a, b).; Въжарова 1976, обр. 217.4.; Григоров 2007, обр. 23. 9-12.
[392] Jovanović – Vuksanović 1981, Y247.
[393] Григоров 2007, обр. 23.12.

од далматинско-хрватската културна група, како и поголемиот број на примероци од Балканот, освен оние што ги наведовме посебно стилски се разликуваат во начинот на изработка на лунулата. Па така примероците од гробот 86 од Гата кај Омиш, два пара од гробот 29 од Црквина кај Бискупин, случајните наоди од Подград кај Бенковец, Гробот 46 од Матичане, случајните наоди од Чечен итн.[394] се одликуваат со лунули чиишто остри краеви се издолжуваат, притоа доближувајќи се еден до друг безмалку формираат целосен круг, притоа примерокот од Матичане на секој од врвовите е украсен со по три ситни гранули. Кај наодите од Демир Капија исто како и во тип.II.1 и тип.III.6 лунулата формира полукруг со агли коишто не се одделуваат многу од телото и кај оваа варијанта завршуваат со две помали јагоди, со што ја прават оваа варијанта на наушници со пет јагоди, три покрупни и две поситни. И останатите примероци, слични на наодите од ареалот на Просек се датирани во периодот на 10 и 11 век.

Тип.III.6

(Кат. бр. 136-137) Од оваа варијанта е откриен пар на наушници како вон гробен наод од дворот на црквата на лок. Црквишите, кај Демир Капија. Овие наушници како посебна варијанта од останатите се разликуваат по тоа што исто како и кај тип. III.5 горната јагода од централниот украс е заменета со лунула од филигранска жица, аналогна на лунулите од гроздоликите наушници од тип. II.1. Покрај ова наушниците од оваа варијанта се одликуваат со исклучително висока и издолжена алка, како и странични јагоди кои се доста мали, за разлика од оние кај останатите варијанти. Долната јагода од централниот украс на жалост не е сочувана ниту кај двата примероци, но од сочуваниот дел може да се види дека јагодата била поврзана за алката преку една половина јагода од филигран како кај III.5. Аналогни примероци на оваа варијанта наоѓаме во наодите од Чечан, кои по начинот на изработка на алката, вклучувајќи го и теглето се доста блиски на овие примероци[395], датирани се во 10-11 век[396].

Тип.III.7

(Кат. бр. 138) Последната варијанта е претставена само со еден лошо сочуван примерок, сепак според техничко-технолошките и стилските специфичности сепак овозможува да

[394] Petrinec 2009, 220, T.245.1, T. 293.2, T. 295.1-3, T.229.1,4.; Jovanović – Vuksanović 1981, Y245.; Jovanović 1976, Taf. II. Abb. 1 (a, b), Taf. II. Abb 2 (a, b).
[395] Jovanović 1976, Taf. II. Abb. 1 (a, b), Taf. II. Abb 2 (a, b).
[396] Jovanović 1976, 135.

биде издвоена. Впрочем, станува збор за наушница со  седум биконични шупливо лиени јагоди(?). Оваа варијанта одговара на типот на наушници со четири јагоди, но истата на лево и десно наместо по една јагода од секоја страна содржи по две, надолжно поставени на самата алка. Украсот е направен од една напречно поставена јагода низ која поминува самата алка. Останатиот дел од украсот што продолжува над алката на жалост е откршен. На долниот дел под алката, наушницата има уште една вертилкално поставена јагода на чијашто средина се залемени три полу јагоди, поставени хоризонтално а кои завршуваат со топчеста гранула на врвот. На жалост, продолжетокот на украсот е откршен, од она што е останато се гледа дека е можно надолу да продолжува со уште една јагода (?). Оваа варијанта е застапена само како еден примерок на вон гробен наод од Демир Капија (?), останати слични примери од територијата на Македонија засега не се познати. Според бројот на јагоди, оваа варијанта е слична на примерите со седум или девет јагоди од Моравија[397]. Јагодата со хоризонтално поставените калоти исто така наоѓа свои аналогии на просторот на Моравија кај грроздоликите наушници, чии долни а понекогаш горни гроздовидни украси се пирамидално декорирани со по три до четири помали гранули[398], истата декорација понекогаш се среќава и на варијантите со три јагоди како и кај лунулестите наушници. Од централно балканскиот ареал ваква декорација на јагодите може да се насети само кај еден пример од Велико Градиште кај Пожаревац, со единствена разлика што јагодите овде се изработени во техника на филигран[399].

Тип IV - Лунулести наушници (кат. бр. 139-155)

Во оваа група на наоди спаѓа формата на лунулести, полумесечести наушници. Формата може да се следи уште од праисториските времиња, особено помеѓу културите на Источниот Медитеран (Египет и Месопотамија) а во различни форми богато декорирани се среќаваат помеѓу микенскиот, етрурскиот, хеленистичкиот и римскиот накит[400]. Наодот од гробот 10 од Демир Капија, датиран во доцноархајскиот период претставува луксузна варијанта на шупливите мешесто-лунулести наушници изработена од злато

[397] Dostal 1966, 39, obr. 9.15,16.
[398] Dostal 1966, 35, obr. 8.16, 18, 19, 20, 22, 24, 27.
[399] Минић-Томић 1972, 126-127, Т. I, сл. 4.
[400] Bikić 2010, 49.; Marshall 1969, III.323; IX.942-946; X.1065, 1067, 1068; XIV.1240; XVI.1308; XXIVI.1593; LIII.2451-2452, 2454, 2458, 2461, 2462.

богато декорирана со филигран[401]. Овој тип е омилен и подоцна, при што формата успеала да се задржи, а единствено се менувал украсот. Се среќаваат примероци со религиски претстави во 10-11 век, а пак со флорални мотиви, по 13 век, овие примероци се украсени со ажуриран филигран, гранулација, емајл, но има и такви коишто немаат никаква декорација[402]. Во својот развоен тек од овој тип се развиле варијантите на зрачестите, кружните но и на наушниците од типот „Курбиново" и нивните варитети. На некрополите во Демир Капија откриени се примероци од типот на лунулесто-округли, мешесто-округли како и од типот на курбиново, додека основаната варијанта на лунулести наушници не е застапена ниту со еден примерок.

Тип.IV.1

(Кат. бр. 139-149) Овде спаѓаат мешестите шупливи наушници, изработени од две половини, меѓусебно споени. Долниот дел е полумесечест а горниот може да е полумесечест, со одземен половина круг или рамен. Од ареалот на Просек може да се издвојат три варијанти на овие наушници и тоа: **IV.1а** (**кат. бр. 139**) претставува вариетет на лунулеста мешеста наушница, единствениот примерок е доста оштетен па не може во целост да се согледа форма но преку аналогни примери истата може да се реконструира, за разлика од другите вариетети се разликува по начинот на украсување на телото на наушницата коешто е изведено со фасетирање формирајќи геометриски форми, исполнети со емајл од црвена, бела и сина боја; **IV1б** (**кат. бр. 140**-**141**) овој вариетет се одликува со послаба изработка од сребро, изведени се од полумешести половини, меѓусебно споени без нагласување на надворешниот раб, телото е мазно, а во горниот дел е полукружно одземен, теглето е изработено од тељ којшто на едниот крај излегува од самата лунула, додека на другиот крај на лунулата е изведена јамка, каде теглето се закопчувало, краевите на лунулите и од двете страни се задебелени со по две ребра, кои најверојатно би требало да претставуваат имитација на филигран; **IV.1в** (**142**-**149**) последната варијанта се одликува со послаба изработка од претходната, изработувани се од сребро и бронза од две мешести половини меѓусебно споени притоа оставајќи раб од надворешната страна кој е јако назабен, горниот дел завршува скоро рамно, Теглето е

[401] Микулчиħ 1970, 135-138, Т.I i.181.
[402] *Greek Jewellery* 1997, 191, cat. no. 215.

изработено од тељ, за телото на наушницата занитнено преку шарнир од двете страни, освен назабениот раб, останатиот дел од телото на оваа варијанта на наушници не е декорирано. Од варијантата **IV.1а** откриен е само еден примерок од кој е сочувана само една половина од лунулата. Оваа варијанта е доста ретка, слична на лунулестите и на кружните наушниците. Прототипот може да се побара кај една златна наушница од Киев, со очигледна византиска провиниенција, на чиј аверс во техника на фасетиран емајл е изведена претстава на Христос, додека на реверсот претстава на дрво, датирана во 12 век[403]. Од Македонија познати се само уште парот наушниците од гробот 19 на некрополата Задна Река–Грамајте - Витолиште. Од поширокиот ареал познати се примероците од Коринт и Солун[404]. Наушниците од Витолиште се датирани во гробна целина од 12 век. Наредната варијанта **IV.1б** е претставена со еден пар на наушници откриени во гроб 4 од некрополата на Кале-Стрезов Град - Челевец. Овие наушници се изработени од слабо сребро. По морфологијата на мешестото тело паралели наоѓа кај наушниците од гроб 105 од Мородвис датиран во 13 век а особено во наушницата од гробот 3 на некрополата Керамидарка - Мокрино[405], која покрај формата на мазното мешесто тело одговара и по начинот на кој е изведено самото тегле на наушницата. Овој вид на тегле му претходи на видот со двоен шарнир што е одлика за периодот на 13 а особено за 14 век и подоцна. Впрочем, теглето кај оваа варијанта е поблиску до примерокот на претходната варијанта **IV.1а.** Според формата на телото на лунулата се доста блиску до формата на наушницата од Ѓуриште – Свети Николе. Од последната варијанта **IV.1в** се откриени 11 примероци, сите од затворени гробни целини, и тоа по еден пар во гробовите 244 и 273, една е откриена во пар со кружна наушница од гроб 388, една во гроб 359 пар со наушница алка[406], и една е откриена поединечно во гроб 248 сите од Црквиште - Демир Капија, еден пар од гробот 26 од Ограда - Бистренци[407] и една во гроб

403 *Byzantine Collection* 1967, 72, cat. no. 259

404 Кепеска 1995, 50-51, сл. 31.; Манева 2005, cat. no. 21ab.; Davidson 1952, 254, kat. no. 2045, Pl. 108.; Antonaras 2019, 74-76.

405 Трајковски 1990-1991: 235-246, Т.V.20.; Манева и Ананиев 1990, 220-222, Т. V, сл. 2.

406 Во каталогот на гробови е забележано дека овде се откриени две наушници од овој тип, но во инвентарот на Археолошки музеј на Македонија каде движниот материјал е заведен според гробните целини заведена е само една наушница. Исто и во инвентарот на Музеј на Македонија. Бидејќи наушницата е поделена на две половини, најверојатно дека е грешно заведено во гробниот инвентар и дека во овој гроб е откриена само една една наушница од овој тип во пар со наушница алка, додека илустрациите во 118 и 119 во Aleksova 1966, T.XV, претставуваат две поединечни илустрации на двете половини од една наушница.

407 Блажеска 1996, 203, 209. Во анализата на гробниот инвентар Блажеска наведува дека постојат две обетки, коишто не се илустрирани и за коишто нема никаков текстуален опис, но според цитирање и

10 од Јака Чешма-Црквар – Тремник[408]. Овие наушници се одликуваат по начинот на којшто е назабен надворешниот раб, освен во ареалот на Просек откриени се и во Манастир - Мариово[409], Ресава - Кавадарци и Илиево - Делчево. За назабениот раб на наушниците Е. Манева смета дека претставува замена за вообичаените аплицирани украси кај полуксузните примероци. Парот на наушници од гробот 244 е датиран со турско акче од 1481 година. И на околниот простор овие наушници најчесто се датираат во периодот 14-16 век, но одредени варијации остануваат да се користат и низ 17 век, а како што покажува народниот накит од Враца и до 19-20 век[410].

Тип.IV.2 – *Курбиново*

(Кат. бр. 150-152) Втората варијанта својот назив го добиле според епонимниот локалитет, манастирот во Курбиново каде за прв пат се откриени во затворени гробни целини[411]. Како и останатите варијанти од овој тип, така и наушниците од варијантата *Курбиново* својот развоен пат го имаат од лунулестите наушници, коишто потоа преку лунулестите-кружни и лунулестите-зрачни ја формираат оваа позната форма[412]. Наодите од Просек може да се групираат во две основни вариетети и тоа[413]: варијанта **IV.2а** (**кат. бр. 152**) којашто се одликува со обрач изработен од бронзена лента, обликуван во потковичеста форма, на чиј горен дел преку двоен шарнир е прицврстено тегле од бронзен тељ, обрачот од надворешната страна е украсен со два по должина паралелно поставени цевасти елементи од спирално намотана филигранска жица, која во долниот дел е обмотана околу едно попречно поставено цевче притоа формира кружна панделка на дното од наушницата; вториот вариетет **IV.2б** (**кат. бр. 150-151**) се одликува со обрач изработен од бронзена лента, приближно ромбоидно обликуван, на горниот дел, преку двоен шарнир е занитнено теглето од бронзен тељ, обрачот од надворешната страна е украсен со осум цевчиња, надолжно поставени во пар на секоја од страните на ромбоидниот обрач, на долниот дел била аплицирана кружна јагода изработена од филигран. Од ареалот на

наведувањето на аналогии за истите може да се насети дека се работи за лунулести – мешести наушници. Таа паралели наведува од истиот тип од гробот 244 од Црквиште – Демир Капија.

[408] Мандиќ 1986, 148-149, Т.I.1.

[409] Китаноски 1986, 116-117, сл. 1. Во случајот од Манастир – Мариово има слична ситуација како и во гробот 388 од Црквиште – Демир Капија каде лунулеста-мешеста наушница е откриена во пар со кружна.

[410] Манева 1992, 59.

[411] Манева 1992, 55-56.; Алексова 1955-1956, 91-93.;

[412] За развојниот пат на наушниците од варијантата *Курбиново* погледни кај Манева 2015, 127-132.

[413] Б. Алексова има издвоени четири основни вариетети според конструктивните елементи на самите наушници, од коишто наодите од Просек можат да се сместат во III и IV предложена варијанта. Алексова 1955-1956, 91-92.

Просек потекнуваат три примероци и тоа еден примерок од варијантата IV.2а откриен во гробот 340 заедно со бронзена пречелница и еден пар од варијантата IV.2б од гробот 244, откриен заедно со уште еден пар на мешести наушници и турска акча кована во 1481 година, со што овие примероци се датирани во последна четвртина на 15 век или можеби и подоцна кон почеток на 16 век. Парот наушници од гробот 202 од Водоча[414] по начинот на изведба на страничната декорација е најблизок до наодот од гробот 340 од Црквиште. Б. Алексова наушниците од првата и втората група според нејзината типологија ги датира доста рано во 9-10 век, додека од третата и четвртата група во 15-16 век согласно со споменатата монета[415]. Нејзините прототипови ги бара кај една наушница од Коринт[416]. Е. Манева не се согласува со вака раното датирање на наушниците од првите две групи и смета дека нивното датирање треба да се помести подоцна со што остава моженост дека сите четири варијанти егзистирале истовремено. Таа протоваријантите на наушниците од типот *Курбиново* ги наоѓа во зрачестите наушници, и нивните подоцнежни фолклорни варијанти како оние од гробовите 261 и 95 од Водоча[417]. Еден примерок од Смедеревската тврдина[418] најдобро го отсликува преминот од лунулестите-зрачести кон типот *Курбиново,* овој примерок е изработен од злато а надворешноста е богато украсен со бисери што ја прави луксузна варијанта, за разлика од примероците од Демир Капија и останатите наоди од Македонија кои во најголема мера се изработени од сребро или бронза. Покрај наодите од Демир Капија од територијата на Македонија вакви наоди познати се од Курбиново кај Ресен, Лабино, Свети Еразмо, Црско и Требенишко Кале кај Охрид, Прилепско како и од Водочката Некропола[419]. Останатите наоди припаѓаат на првите две варијанти. Покрај од овие локалитетите, варијанти на овие наушници откриени се на југ во некрополата на Црквата Свети Никола во Теба[420] како и на север во Ново Брдо на Косово[421].

---

[414] Манева 2007, кат. 28аб.
[415] Алексова 1955-1956, 91-92.
[416] Davidson 1952, 255, cat. no. 2052, T.108.
[417] Манева 2007, кат. бр. 26аб и 27.
[418] Радојковић 1969, 212, Т. 155-156.
[419] Манева 2015, 123-140.; Манева 2007, кат. бр. 27.; Лахтов 1957, 75-76, 81-82, T.III.31, 32, T.V.44-46, T.VI.51, 62.
[420] *Greek Jewellery* 1997, 234, cat. no. 287.
[421] Зечевић 2006, 47-49, кат. бр. 22.

Тип.IV.3 – *Кружни*

(Кат. бр. 153-157) Овој тип претставува народна варијанта на лунулестите наушници. Составени се од обрач од раскован лим, кружно свиен, додека горната и долната страна е покриена со исчукан лим. Обрачот како и горниот и долен дел не се целосно завршени, при тоа кругот е засечен во форма на латинската буква „V“ со што му е одземена приближно една осмина. Теглето е изработено од полукружно свиена жица, а за телото е занитнена преку шарнир, што упатува на тоа дека биле користени како наушници а не како обетки. Горната и долната страна се декорирани со исчукување коешто треба да имитира декорација изведена со филигран и гранулација. Декорацијата што имитира филигран е организирана како три круга коишто во себе содржат по еден помал круг, а помеѓу нив со исчукување се изведени мали испакнувања, коишто имитираат гранулација. Обрачот од надворешната страна е украсен на два начина, при што може да се издвојат два засебни варијетети на оваа варијанта и тоа во **IV.3а** (**153-154**) влегуваат оние украсени со цевчиња од спирално намотана жица, овие цевчиња се поставени надолж на обрачот и тоа во пет групации од по три цевчиња, од кои доле се две и над нив е поставено третото; во варијантата **IV.3б** (**155**) спаѓаат наушниците чијшто страничен дел е украсен со купасти декоративни елементи во вид на розети изработени од филигранска жица со централно поставена гранула.

Како основен прототип од кои подоцна се развиле останатите лунулесто-кружни и лунулесто-зрачести наушници, е наодот од Ѓуриште кај Свети Никола, кој се претпоставува дека припаѓал на Марија Палеологина. Својата развиена форма ја имаат веќе во 14 век што може да се види од наушниците откриени на Скопската тврдина – Кале[422]. Истите биле доста омилени особено во периодот од 14 до 16 век, што најдобро ни го покажуваат ктиторските портрети во современите цркви. Нивниот развој од зрачестите наушници може да се насети преку примерокот од фолклорната варијанта на овој тип откриена во гробот 233 на Водочката некропола[423]. Од ареалот на Просек познати се пет примероци и тоа еден пар од варијантата IV.3а од гробот 245, еден примерок од варијантата IV.3б, откриен во пар со шуплива мешеста наушница од гробот 388, како и пар доста оштетени примероци за коишто не може да се одреди на кој варијетет припаѓаат

[422] Манева 2012б, Maneva 2013, 269-284, fig. 3, 4.
[423] Манева 2015, 129-130, сл. 6аб.

откриени во гробот 371, сите од некрополата Црквиште-Демир Капија[424]. Според страничните декоративни елементи примероците од варијантата IV.3а наоѓаат паралели кај наушниците откриени на Скопската тврдина – Кале кои исто така се декорирани со цевчести украси, со таа разлика што горниот и долниот дел на наведените примероци се декорирани со филигран и вметнување на полускапоцени камења, наместо имитација на филигран и гранулација како кај примероците од Демир Капија. Овој тип на цевчести украси е застапен и кај масивниот луксузен примерок изработен од злато откриен во Кратово. Овој примерок претставува кружна наушница чиишто краеви се декорирани со цевчести елементи, а телото богато украсено со филигран и гранулација. Посочените паралели се датирани кон крај на 14 век кај примероците од Скопската тврдина, односно 15 век кај примерокот од Кратово. Вториот вариетет според начинот на украсување на горната и долната плоча најблиски паралели наоѓа кај наодите од Водочката некропола кои се декорирани со имитација на гранулирање и филигран во техника на исчукување, додека конструктивниот елемент е украсен со полукалотести розети изработени од филигранска жица. Наодите од Водоча се датираат во 16-17 век. Наодите од Демир Капија влегуваат во рамките на датацијата на наодите од останатите локалитетите, притоа истите може да се датираат во 15-16 век според наодот на монета кована во 1481 година откриена во гробот 244. Во овој гроб откриен е пар на мешлести и пар наушници од типот „Курбиново“. Во гробот 388 откриени се по една мешлеста и една округла наушници, што го потврдува фактот дека двата типа егзистирале истовремено, во текот на 15 век но веројатно и подоцна во првата половина на 16 век[425]. Исто така, според примероците од Водоча, може да се види дека страничните елементи со кои биле украсени наушниците хронолошки егзистираат истовремено, впрочем наушниците од гробовите 924 и 942 од Водача истовремено ги носат двата украси, а дел од нив имаат и украси во форма на трепетушки[426]. Ова ја потврдува теоријата за трансформацијата на лунулестите наушници во зрачести и кружни, а понатаму во една народна варијанта чиишто вариетети нашле масовна продукција и биле во мода сè до 18 век. Ваквите наушници најчесто се врзани со

[424] Aleksova 1966, 55-57.; Aleksova 1957, 47-57. Б. Алексова округлите наушници ги раздвојува во пет групи, притоа наведените примероци овде ги сместува во петтата група. Но треба да се напомене дека Б. Алексова, кружните и мешестите наушници ги карактеризира како еден тип, па така всушност на типот на округли наушници припаѓаат оние од варијантата IV и V според типологијата на Алексова.
[425] Aleksova 1957, 47-57.
[426] Манева 2007, кат. бр. 11, 12, 13аб.; Maneva 2013, 113-123, T.I., fig. 2. a-c, 3. a-c, 6, 7.

територијата на Македонија и Бугарија[427] па може да се претпостави дека претставуваат нивна локална варијанта омилена помеѓу средновековно население на овие простори.

Тип V - Наушници со жичени украси (кат. бр. 158-166)

Оваа група на наоди претставуваат алки на коишто е аплициран украс изведен со намотување или преплетување на жица на одреден начин. Според В. Бикиќ овој тип на наушници може да се доведе во врска со еден од најраширените антички митови – митот за Херакле или римскиот Херкул, односно со јазолот како негов најпознат атрибут[428]. Во оваа група покрај примероците кај кои преплетот е доста внимателно изведен во форма на херкулов јазол како кај V.1, спаѓаат и тие примероци кај кои намотувањето е изведено лабаво при што потсетува на споени осмици како кај V.2а и V.2б.

Тип.V.1

(**кат. бр. 158**) Оваа варијанта претставува реминисценција на античкиот накит со претстава на херкуловиот јазол. Изработен е од жица со кружна форма чија средина има најголема дебелина додека краевите се истенчуваат и префрлаат еден преку друг, образувајќи три навои на секој од нив. Од ареалот на Просек потекнува само еден примерок на овој тип на наушници и тоа како вонгробен наод. Единствената паралела е од некрополата Напрелја – Нови Пазар која има континуитет на погребување од крај на 13 до 17 век, но одредени манифестации укажуваат дека на овој простор постоела и римска некропола[429].

Тип.V.2

(**кат. 159-160**) Во оваа варијанта на наушници спаѓаат наушниците со гужва. Ова всушност претставуваат наушници алки на чијшто долен дел е додаден украс од најпрво спирално намотана па растегната филигранска жица, која потоа е повторно намотана околу алката формирајќи поголем украс од хоризонтално поставена гужва. На двата краја од гужвата на обрачот има спирално намотана жица. Се разликуваат два вариетети од овие наушници и тоа според начинот на завршување на краевите на алките. Во вариететот **V.2а** (**кат. бр.**

427 Bikić 2010, 52-53.
428 Bikić 2010, 54-55.
429 Премовић – Алексић 1988, 23-62, Т.II.5, гроб 161.; Bikić 2010, 55, сл. 29/7.; Popović 1998, 77-92.

**159**) спаѓаат примероците со рамно засечени краеви што се раздвоени или приближени, додека во **V.2б** (**кат. бр. 160**) спаѓаат примероците со краеви оформени во вид на јамка и кука, коишто служеле за закопчување. Двата вариетети се претставени со по еден вон гробен примерок од Црквиште – Демир Капија[430]. Оваа варијанта на наушници очигледно има византиска провиниенција, но постепено нивната употреба се раширила и надвор од византискиот свет[431]. Од Македонија познати се уште примероците од Хераклеа – Битола и Варош – Прилеп[432]. Наодот од Хераклеа е датиран во 12 век[433]. Се среќаваат и на поширокиот Балкански ареал, па така ги има во Грција на Коринт[434], Луковит во Бугарија[435], во Србија на Брестовик, Корбово, Добрача, Трајанов Мост Вајуга – Песак, Земун Поле, Мачванска Митровица[436], во Хрватска на Горица-Странче, Црквина-Галовец[437], во Унгарија на некрополата во Сели (Selly) и Халим[438]. Во останатите региони датирањето на овие наоди во главно се движи во периодот од 11-13 век, притоа наодите од Унгарија се најрано датирани со монети од втора половина на 11 век, додека најмладите наоди датирани со монети се од Мачванска Митровица по средина на 12 век. Наодите од Хрватска се нешто порано датирани и во 10 и почеток на 11 век.

Тип.V.3

(Кат. бр. 161-166)Оваа варијанта на наушници е претставена со наушници-алки со кружен или неправилен кружен облик, и отворени или приближени краеви. Овие наушници се со мазна површина украсени со навој од мазна тенка или пак со впредена филигранска жица. Украсите вообичаено се изведени со два до четири навои, поставени на две места од кои едното е во близина на крајот на алката. Од ареалот на Просек откриени се шест примероци од кои по еден пар во гроб 181, еден примерок од гроб „А" и два примероци како вон гробни наоди од Црквиште - Демир Капија[439], како и еден наод од гроб 52 од

[430] Aleksova 1966,
[431] Манева 1992, 53-54.; Bikić 2010, 55-56
[432] Манева 1988, 41-42, Т.I.7, Т.II.6; Манева 1992, 53-54, Т.18, 1/2; Т.101.1/2; Т.18.59/1; Т.18.57/30,31.
[433] Манева 1988, 41-42, Т.I.7, Т.II.6
[434] Davidson 1952, 252, cat. no. 2025, T.108.
[435] Станчев и Начева 1960, обр. 9.26-27, обр. 11.; Jovanović 1987, T.III, T.V.
[436] Ерцеговић-Павловић 1970, 42-43, сл. 3.; Ercegović-Pavlović 1980, 28, 47, 53, T.XXIII, T.XXXIX.5.; Bikić 2010, 55-56, sl. 29/8-10, 15, 16.; Marjanović-Vujović 1986, 184-222, fig. 13, fig. 26/45; fig.27/77-1.; Бајаловић-Хаџи Пешић 1984, кат. бр. 164, XVII.3.; Јанковић 1973-1974, 235, Т.XII.3.; Гарашанин и Гарашанин 1954-1955, 191-202, сл. 9а-б.
[437] Petrinec 2009, 238-239, T. 149,1, T.248, 3, T. 244,2.
[438] Petrinec 2009, 239.
[439] Aleksova 1966, T.XIV.100, 102, 105, 109.

Ограда - Бистренци[440]. Сите примероци се вбројуваат во варијатната 2 на Б. Алексова[441]. Од овој тип откриен е еден примерок од гроб 3 од Керамидарка – Мокрино, како и наодите за кои нема информации за нивното откривање од Илино – Лениште и Крушеарски Рид – Оризари[442]. Слични се среќаваат на целата територија на Балканот. Во Подунавието, на некрополата Трњане откриени се четири примероци од кои примерокот во гроб 179 е заедно со монета на Херцегот Андриј (1196-1204). Останатите наоди од Србија се датираат во главно во 12-13 век[443]. Наодот од Ново Брдо покажува дека одредени варијанти на овие наушници остануваат во употреба до 14 век[444]. Вакви наушници се познати и од Хрватска од Главичин-Мравинци, Брибир-Нови Пут, Букоровиќа Подворница и Лопошка Главица – Бискупин[445]. И овде овие наоди главно се датираат во 12 и 13 век, но исклучок претставува гробот 12 на некрополата на Лопишка Главица-Бискупин каде позлатениот пар на наушници алки е откриен заедно со прстен којшто се датира кон крајот на 10 односно на прва половина на 11 век[446]. Со оглед дека само наодите од гробот 181 се податливи за датирање може да се претпостави дека овој тип на наушници во ареалот на Просек биле во употреба веќе кон крајот на 10 и почеток на 11 век а според наодите од околните простори тие сигурно останале во употреба и низ 12-13 век.

Тип VI - Наушници со венче (кат. бр. 167-172)

Во овој тип спаѓаат наушниците со колено изработено од венец од гранули и намотки од филигранска жица, со задебелувања постигнати при леењето, како и со задебелувања во вид на коленца постигнати со аплицирање на лим.

[440] Блажевска 2005, 243, Т.IV.1.
[441] Aleksova 1966, 52.
[442] Манева 1992, 45, Т.14, 24/6, Т.14, 68/2аб
[443] Марјановић-Вујовић 1984, гроб 158, 29 сл. 51, Т.XII.158/1; гроб 179, 31, сл. 55, Т.XII.179/1; гроб 221, 37, сл. 73, Т.XIV.221/3; гроб 264, 43, сл. 92, Т.XVII.264/1.
[444] Зечевић 2006, 53, 169, кат. бр. 25.; Bikić 2010, 57.
[445] Petrinec 2009, 227-228, Т.201,7, Т.177,5, Т.224,2, Т.245,2.
[446] Petrinec 2009, 228.

Тип.VI.1

(Кат. бр. 167-170) Во оваа група спаѓаат наушниците со венче од гранули кое лево и десно е ограничено со навој од филигранска жица. Овие коленца се наоѓаат на едниот крај од алката, освен кај еден примерок од гроб 32 каде навојот е поставен оддалечено од самиот крај. Од ареалот на Просек познати се четири примероци и тоа еден пар од гроб 32, поединечен примерок од гроб 57 од Ограда – Бистренци[447], како и еден вон гробен наод од Црквиште – Демир Капија. Сите примероци се изработени од сребро, алките се масивни, со средна големина[448]. Од Македонија аналогни примероци се познати од гроб 2 од Керамидарка – Мокриево, Цигански Гробишта – Радолишта, како и од гроб 1 од Градиште - Дебреште[449]. Нивната распространетост може да се следи во Панонија, Подунавјето па сѐ до Средна Европа. Најблиски паралели се наоѓаат помеѓу примероците на некрополата во Мириево[450], а слични примероци со одредени разлики во начинот на изведбата на украсот се среќаваат и помеѓу накитот од Трњане, Винча, Браничево, Брестовиќ, Доња Топоница, Костолац и др[451]. Сите познати наоди се датираат во периодот од 11 до 13 век.

Тип VI.2

(Кат. бр. 171) Оваа варијанта на наушници претставува сребрена масивна алка со три коленца од кои едното, централно коленце е изработено од венче со крупни гранули фиксирано со по три намотки од увиена филигранска жица на секоја од страните. Останатите две коленца се обични задебелувања изведени при лиење на самата алка. Првото коленце е поставено на едниот крај од алката, додека другите две на еднакво растојание при кое третото коленце е поставено на четвртина од алката. Од оваа варијанта од арелот на Просек откриен е само еден вон гробен наод од некрополата

---

[447] Блажевска 2005, 244-245, T.VI.1.

[448] Aleksova 1966, ; Блажевска 1996, 206-209, црт. 2, T.III, 21-22; Блажевска 2005, 244-245, T.VI.1.

[449] Манева и Ананиев 1990, 218, 220, T.III.1, сл. 1.; *Охрид и охридско* 1985, 294-297, XIX.5-6.; Бабиќ и Мандиќ 1986, 134-144.; Манева 1992, 45, T.13,31/11, T.13.67/10, T.13.86/6аб, T.13.89/11

[450] Бајаловић-Бирташевић 1960, 15. T.VII.3, 4. Бајаловић-Хаџи Пешић, 1984, 73-74, кат. бр. 158-159, T.I.9, T.XVI.2.

[451] Марјановић-Вујовић 1984, 84-86, сл. 176, T.VIII.103/1-2, T.XII.182/1, T.XXIV.319/1, T.XXVI.341/1, T.XXVIII.355.; Поповић и Иванишевић 1988, сл. 10.9.

Црквиште - Корешница[452]. За сега не се познати паралели на наушници со три коленца со ваков начин на комбинирање на украсите.

Тип.VI.3

(Кат. бр. 172) Во третата варијанта спаѓа една наушница од бронза со мазно коленце на едниот крај од алката изведено со аплицирање на бронзен тељ. Од ареалот на Просек потекнува само еден примерок како вон гробен наод. Други слични наоди од територијата на Македонија не се познати. Најблиски паралели нуди еден примерок изработен од злато од Забран-Петровчиќ, датиран во 14 век[453].

Тип VII - Наушници со јагоди (кат. бр. 173-187)

Тип VII.1

(Кат. бр. 173) Наушница со една топчеста јагода украсена со гранулација, и четири шупливи лентести апликации поставени на секоја секоја од страните. Теглето е нецелосно сочувано, изработено е со различна техника на секој од краевите. На едната страна теглето е од два бронзени тења спирално впредени, додека од другата страна единечен бронзен тењ околу којшто е намотана тенка филигранска жица. Потекнува еден примерок од гробницата „А" иако не е целосно сочуван, овој примерок е специфичен бидејќи во себе содржи комбинација на неколку елементи, како што се сферна јагода украсена со гранулација, на која радијално се поставени четири мали цевасти додатоци и тегле од едната страна изведено во техника со испреплетување на два тењ, а другата страна од еден тењ обмотан со тенка сребрена филигранска жица. Оваа наушница нема идентични паралели во материјалот од Р Македонија и од соседните области, но, според јагодата и теглето најблиски аналогии има со парот на наушници од Горни Милановац[454], додека според јагодата и цевастите додатоци до типот VII меѓу наодите од Јантарската некропола[455]. Според теглето од тордирана жица наушницата најрано може да се датира

[452] Извештај од извршени археолошки истражувања на локалитетот Црквиште кај с. Корешница во рамки на заштитните археолошки истражувања на опфатот на делницата Демир Капија – Смоквица на автопатот А1. Истражувањата се изведени во 2012 година од страна Васка Калеова бр. на извештај. Дел. Бр. 07-8/2 од 15.02.2013.
[453] Dimitrijević 1963, 144.; Бајаловић-Хаџи Пешић 1984, 77, кат. бр. 183, Т.I/11, Т.XVI/6.; Bikić 2010, 59, сл. 30/17.
[454] Bikić 2010, 74.
[455] Бъчваров 1993, 25, обр. 12, Т. 6.

во 13 век, тордираното тегле не се појавува пред 13 век[456]. Наушниците од Горни Милановац и подунавјето се датирани во 13 век, додека наушницата од Јантарската некропола се датирани во 14 век[457]. Според одредени особености наликува на луксузните наушници со три јагоди од групните наоди кај Усје[458], во близина на Скопје, но и на тие од Михаиловград[459] како и на една наушница од непознат локалитет од Подунавјето[460].

Тип VII.2

(Кат. бр. 174) Оваа варијанта на наушници е составена од масивна бронзена алка на која е нанижана топчеста јагода изработена со лиење украсена со псевдо гранулација. Од ареалот на Просек има еден примерок од некрополата Ограда кај с. Бистренци[461]. Оваа наушница најверојатно е работена по примерот на сребрените наушници со една јагода украсени со гранулација какви што се откриени во Поповец и гробот 548 во Винча[462]. Аналогни бронзени примероци изработени од бронза откриени се на некрополите во Трњане и Јантар, во првиот случај датирани се во 12 век додека во вториот во 13-14 век[463].

тип VII.3

(Кат. бр. 175-176) Во оваа варијанта спаѓаат наушниците со една ажурирана јагода, составени од масивна алка со кружен преска на која е нанижана една топчеста јагода изработена од филигранска жица. Топката е изработена од две полусфери, меѓусебно залемени. Странично од јагодата на алката е намотана тенка филигранска жица која служи како граничник на јагодата. Од оваа варијанта откриен е еден пар од гробот 12 од лок. Црквиште кај Корешница. На поширокиот балкански ареал вакви наушници се откриени на некрополите во Трњане, Мириево, Прахово, Брестовиќ во Србија[464], Копринка, Јантар и Севтополис во Бугарија[465] и Коринт во Грција[466]. Според останатите наоди, пред се прстенот во гроб 12, наушницте од Црквиште, Демир Капија може да се датираат во 12-13 век, со акцент на преодот од 12 во 13 век.

---

456 Bikić 2010, 74.
457 Bikić 2010, 74.; Бајаловић-Хаџи Пешић 1984, 76-77, кат. бр. 182.; Бъчваров 1993, Т. 6.
458 Манева 2006, 329-339. Групниот наод е датиран *terminus post quem* 1321 година.
459 Александров 1984, 29-38. Групниот наод е датиран во XIII-XIV век.
460 Бајаловић-Хаџи Пешић 1984, кат. бр. 182, XXVI/1.
461 Еден примерок на случаен наод со непозната локација на откривање се чува во Музејот во Неготино.
462 Marjanović-Vujović 1979, Y217.1-2.
463 Марјановић-Вујовић 1984, 80-81.; Бъчваров 1993, 23, обр. 9.
464 Марјановић-Вујовић 1984а, 81-82, сл. 169.; Јанковић 1983, Т.VI.13.: Бајаловић-Бирташевић 1960, 31, Т. XIV.1.
465 Гатев 1977, 33-35.; Бъчваров 1993, 25-25, обр. 13.; Чангова 1972, 114-115, обр. 94.3.
466 Davidson 1952, 252, cat. No. 2024.

Тип VII.4

(177-179) На оваа група припаѓаат наушниците со мазна масивна алка со големи димензии чии краеви се приближуваат. На алката е нанижана биконична мазна јагода изработена од две половини раскован лим со триаголна форма, свиени во конус, двата конуси се споени со основите а странично фиксирани со намотка од жица. Од ареалот на Просек потекнуваат два лошо сочувани примероци од растурен гроб од околината на с. Корешница[467] и една од гроб 54 од Крстеви-Корешница[468]. Овој тип на наушници во постарата литература често се нарекува *йоловецки*. Претпоставката е дека наодите на овој тип на накит се поврзани со присуство на турско-татарските народи на Балканот, односно присуство на Куманите, Печенезите и Половците, коишто како платеници а подоцна и како стратиоти во византиската војска биле задолжени да ја чуваат византиската граница и патиштата[469]. Од територијата на Македонија познати се уште примероците од Паликурската базилика – Стоби, Задна Река – Грмајте[470] и неколку примероци од непознато наоѓалиште кои се чуваат во Музејот во Неготино[471]. Овој тип на наоди се среќаваат и на некрополите во Србија особено во Трњане, како и на Вајуга – Песак, Гушевац - Мрчајевци и Светиња – Браничево[472], во Бугарија на повеќе локалитети меѓу кои Нановица и Мишевско-Крджали, Мадара, Плевен, Луковит, Долно Сахране, Боден, Михайловград, Јантар и Дјадово, а познати се наоди и од Пивци и Пишки кај Киев[473]. Наодите од Македонија и Србија се датираат во периодот од крајот на 11 и низ 12 век, додека наодите од Бугарија се доста широко датирани од 10 до 14 век. За разлика од

---

[467] Наодите се донесени и се чуваат во музејската збирка при ОУ Дом на култура „Мирка Гинова“ – Демир Капија. Според кажувањата на лицето коешто ги открило при земјоделски работи, потекнуваат од близина на р. Вардар, на местото викано Крстеви, кај с. Корешница. Заедно со овие наоди донесени се и пар наушници со четири јагоди, стаклени перли од огрлица, прстени со купаста глава и др.

[468] Манева 2000, 121, Т.181.5а.

[469] Марјановић-Вујовић 1984а, 82-84.; Манева 1992, 47-48.; Bikić 2010, 65-66.; Корзухина 1954, 27-32, 42-47, 132, T.LIV.1-2, 4-5.

[470] Кепеска 1995, 49-50, сл. 29, Т.II.2/10-11, Т.V.40/2, Т.VII.38/15.; Vinčić i Ivanovski 1978, 106-107, T.LXV, sl. 2.; Ивановски 1986, 100, 102-103, сл. 1-2.; Maneva 2005, cat. no. 19ab.;

[471] Во Музејот во Неготино се чуваат три примероци од овој тип на наушници, од коишто двата дополнително имаат по четири нанижани алки од тенка филигранска жица. За информацијата и благодарам на колешката Костадинка Филипова, кустос во ОУ Музеј на град Неготино.

[472] Марјановић-Вујовић 1986, 197, 209, fig. 25/65-1.; Радичевић 2000, 88, 100, Т.II.6. Радичевић 2003, 238, сл.8.; Поповић и Иванишевић 1989, 163, сл. 34/3.

[473] Въжарова 1976, 321-322, 355-356, 361, обр.201.4, обр. 219.12, Таб. 18, осми тип, IV вид, 2 варијанта.; Гатев 1977, 33-36, обр. 3.II-4.; Александров 1984, 32, обр. 3г.; Бъчваров 1993, 30-32, обр. 18-19.; Borisov 1989, 263-264, fig. 297a-b.

балканските наоди, примероците од Киев се датирани во последните децении на 12 и првата половина на 13 век, односно помеѓу 1170 и 1240 година[474].

Тип VII.5

(Кат. бр. 180-181) Во петтата варијанта на наушници спаѓаат примероци со една биконична ажурирана јаготка изработена во техника на филигран и гранулација или псевдогранулација, чиишто половини се одделени со лента од три бакарни жички обложени со навој од тенка сребрена филигранска жица. Јагодата е поставена на едниот крај од сребрената масивна алка, прицврстена на секоја од страните со по едно коленце во форма на венче од крупни гранули, или со псевдогранулација. Од ареалот на Просек познати се два примероци од оваа група на наушници и тоа од гробот 4 од Копанец – Корешница, датирани во 12-13 век со посебен акцент на 12 век[475]. Од Македонија аналогни примери се познати од гробовите 1 и 3 од Трнче-Стреа кај Пепелиште, како и од Кочани и Охрид[476], додека од Србија најблиски паралели има со наушницата од некрополата Чезаве и една од непознато наоѓалиште датирана во периодот 11-13 век[477] .

Тип VII.6

(Кат. бр. 182) Наушници со две шупливи јагоди нанижани на мазна алка чии краеви од една страна завршуваат со зашилено додека од другата во форма на јамка. Краевите на алките се проширени со еден ребраст издаток. Од оваа варијанта на наушници има сочувано само еден примерок како вон гробен наод од Манастир – Демир Капија. Овој примерок е фрагментиран, односно од едната јагода сочувана е само една половина, што ја отвора и можноста оваа наушница да била и со три јагоди аналогно на истите познати од поширокиот Балкански ареал. Најблиски аналогии се наоѓаат кај наодот од Књажевац – Србија, Мишевско – Бугарија и од Штребовице, Јозеф и Долно Вестонице во Чешка[478]. Во Чешка датацијата на оваа група на наоди не е сигурно утврдена, тие се појавуваат најрано во гробови од 10 век, но нивната горна граница не утврдена, во Бугарија тие се пошироко датирани од 9 до 11 век, додека во Србија на основ на наушниците со две филигрански

[474] Види претходна белешка.
[475] Манева 1999, 344, 351-353, сл. 4.
[476] Maneva 2000a, T.V.1аб, 2a, 3a.; Maneva 2005, cat. no. 17a, 18ab; Манева 1992, 48, Т.20.21/13, Т.20.61/24, Т.101.61/24.
[477] Марјановић-Вујовић 1984b, 123-125, сл. 6.; Bikić 2010, 69, sl. 42.; Бајаловић – Хаџи Пешић 1984, 76, кат. бр. 179, Т. IV/1, XXV/3.
[478] Jovanović and Vuksan 2005, 210, fig. 6.; Dostal 1966, 33, обр. 7.24, T.XLVI.31-32, T.XLVII.1-4.; Въжарова 1976, обр. 219.8-9

јагоди се датираат во 12 и 13 век, со можност наушницата со мазни јагоди да е современа на честите наоди на наушници со три јагоди од Далматинска Хрватска коишто се датирани во 9-10 век, за коишто К. Филипец смета дека се нешто подоцни и ги има и во 11 и 12 век[479]. Сличните наоди од Коринт се датираат во 11 и 12 век но не подоцна од 12 век[480].

Тип VII.7

(183-185) Во седмата варијанта на наушници спаѓаат наушниците со кружна алка на која се нанижани две кружни јагоди, додека во долниот дел има еден цеваст привезок. Од ареалот на Просек познати се три примероци и тоа два од гробот 5 на некрополата Мали Дол, кај с. Тремник и еден примерок од гробот 22 од истата некропола[481]. Наодите од гробот 5 и 22 се ралзликуваат по тоа што кај првите примероци закачувањето е изведено со јамка и кука на алката, а вториот примерок на цевчестиот долен дел има додадено трета јагода. Овој тип на наушници по конструктивната шема е близок на тип III, одноно на наупниците со четири јагоди. Според контекстот на наоѓање истите може да се датираат во периодот од 10 до 12 век.

Тип VII.8

(Кат. бр. 186-187) На последната варијанта припаѓаат наушници со кружна масивна алка на чии страни се поставени по една шуплива елипсовидна јагода. Од ареалот на Просек познати се два примероци и тоа по еден од гроб 2 од Јака Чешма – Тремник како и еден вон гробен наод од Црквиште – Демир Капија[482]. Јагодите и на двата примероци се прилично оштетени и кородирани, така да не нудат доволно можности за нивна анализа. Според М. Мандиќ јагодите се изведени во облик на две стилизирани лавовски глави[483]. Е. Манева ги групира во посебна група на Полукружни наушници со две животински глави[484].

[479] Bikić 2010, 69-70, fig. 44/1.; Filipec 2013, 121-128. sl. 53.146/5-6.
[480] Davidson 1952, 251.cat. no. 2009, 2014, Pl. 108
[481] *Некрополите на Мали Дол* 2018, кат. бр. 3, 20.
[482] Мандиќ 1986, 149, Т.I.2/3, бел. 6
[483] Мандиќ 1986, 149.
[484] Манева 1992, 60-61.

Тип VIII - Висечки наушници (кат. бр. 188-189)

Во оваа група на наушници спаѓаат примероците што се разликуваат од претходно прикажаните по тоа што имаат вертикален концепт на украсот, кој на горниот крај завршува како алка во вид на знакот прашалник, но често и како потполн круг. Ова наговестува дека овој накит можел да биде носен како наушници прикачен на клиски, врбила или марама, но и како обетки вметнати во ушната ресичка. Од арелот на Просек, особено од некрополата Црквиште – Демир Капија познати се неколку варијанти од оваа група, дефинирани според видот и техниката на изведба на украсот.

Тип VIII.1

(Кат. бр. 188-189) Оваа варијанта се одликува со алка во знак на прашалник којашто оформува скоро целосен круг. Едниот крај на алката продолжува вертикално надолу како стожер на којшто е нанижана една кружна шуплива јагода, изработена од две калоти. Крајниот дел од стожерот е завршен со полукружно свивање во облик на јамка. Рабовите на калотата се изведени запчесто во зиг-заг линија, па кога истите се спојуваат, линијата на спојување делува како декорација. Преку целиот стожер, од делот каде што завршува алката, па се до јамката на долниот дел е намотан со едно парче на жица, намотката прекинува на горниот дел на јагодата притоа оди преку нејзе и продолжува веднаш под самата јагода до дното на стожерот. Од ареалот на Просек откриени се еден пар наушници од гробот 110 од Црквиште – Демир Капија. Од Македонија познати се еден примерок од Голем Град – Преспа, како и осум примероци од Водочката некропола од кои еден пар од гробот 917, три примероци од гроб 922, еден примерок од гробот 942, како и еден примерок на вон гробен наод[485]. Наодите од Македонија се толкуваат како доцносредновековна или фолклорна продукција. Наодот од гробот 942 е датиран во 16 век откриен заедно со наоди на кружни наушници идентични со тие од типот IV.3 од Црквиште – Демир Капија, исто така датирани во 16 век. Дека припаѓаат на турското средновековие го потврдува и фактот што примерокот откриен како вонгробен наод на долниот дел има прикачено трепетушка од раскован лим. Неколку примероци се откриени и во соседна Србија и тоа од Вајуга – Песак, Хајдучка – Воденица, Рибница –

[485] Aleksova 1966, T.XIII, sl. 81.; Манева 1992, 54, T.17.77/5.; Maneva 2013, 114-116, fig. 1, 5.; Maneva 2007, cat. no. 18.

Долни Милановац и Михајловац, каде што се датирани многу порано во 12 и 13 век, иако според М. Бирташевиќ одредени форми останале во употреба и до 17 век[486].

Тип VIII.2

(Кат. бр. 190-191) Оваа група на наушници е доста слична со претходната. Алката е оформена во вид на знакот прашалник, едниот крај продолжува вертикално надолу во вид на стожер на којшто овде наместо една нанижани се две јагоди. Горната јагода е топчеста ажурирана изработена од филигранска жица, додека долната јагода е во вид на сплосната сфера. Стожерот завршува подвиен полукружно во вид на јамка. Од просторот кадешто завршува алката и започнува стожерот, истиот е намотан со жица, која што од горната страна на јагодите прекинува и оди преку јагодата, за под нејзе да продолжи самата намотка. Од Ареалот на Просек познати се два примероци од оваа варијанти и тоа како пар од гробот 143 од Црквиште – Демир Капија. Заедно во гробот е откриен и еден лентест прстен со кружна плосната глава на која е изведен хералдички мотив. Слични примероци од Македонија, не се познати, најблиски аналогии наоѓаат кај еден примерок од Луковит-Бугарија, но со една нанижана јагода[487]. Според контекстот на наоѓање истите би претставувале дел од доцносредновековната продукција и можат да се датираат кон крајот на 14 и 15 век[488]. На некрополата во Луковит во Бугарија се датираат во периодот на 13 до крај на 14 век[489].

Тип VIII.3

(Кат. бр. 192-193) Во третата варијанта спаѓаат алките коишто имаат приближно кружна форма. Едниот крај на алката продолжува вертикално надолу и завршува со јагода во форма на полиедар. Другиот крај на алката е намотан на стожерот. Од околината на Просек познати ни се две наушници од оваа варијанта изработени од сребро и тоа по еден примерок од гробовите 103 и 407 од Црквиште – Демир Капија. Украсот кај овие наушници очигледно има рановизантиска предлошка од добропознатите наушници со полиедарска глава типични за периодот од 5-6 век, какви се откиени на повеќе локалитети во Македонија како што се Голем Град – Преспа, Скупи - Скопје, Бибибаци – Опила, Охрид и

486 Marjanović-Vujović 1986, 185, fig. 26/49.; Ерцеговић-Павловић 1986, 71, сл. 14,5-6, T.VI.5-6.; Минић 1984, 262-263, T.IV.4.
487 Станчев и Начева 1960, 91, обр. 10.71.
488 Манева 1992, 54.
489 Jovanović 1987, 116-117, 131, T.IV.71.

Здуње – Македонски Брод[490], а се чести на Балканот особено во Панонија, каде од едни истражувачи се сметаат за германски односно варварски производ додека од други како домашен производ на романизираното население, често користен од германите[491]. Кај демиркаписките примероци концептот од кружна алка со украс на едниот крај е заменет во форма на висечка наушница. Најблиски аналогии овие наушници наоѓаат во непубликуваниот материјал од Водочката некропола. Според нејзината хронологија на истата, овие наушници можат да се датираат во доцнотосредновековие односно во периодот од крајот на 14 до 16 век. Украсот на полиедарска глава се јавува и кај еден тип на игли од катедралната црква во Ново Брдо, како и од Сашка Црква, и истите се датирани во периодот од 14 до 16 век[492].

Тип VIII.4

(Кат. бр. 194) Оваа варијанта е слична на претходната со алка во форма на знакот прашалник. Алката е издолжена и има приближно овална неправилна форма. Едниот крај завршува благо зашилено, додека другиот крај продолжува вертикално надолу и на самото дно телот е раскован и свиен полукружно формирајќи јамка. Над јамката е нанижана една јагода изработена од лента изработена од три споени жици, коишто впредени формираат клопче. На просторот каде што завршува алката и започнува стожерот истиот е намотан со жица која се спојува со самата алка. Од ареалот на Просек познат е само еден примерок на овој тип на наушници и тоа од гробот 386 од Црквиште – Демир Капија. Не се познати паралели од поширокиот балкански ареал, но според контекстот на наоѓање, како и формулирањето на алката и украсите, оваа наушници претставува примерок на доцносредновековен накит којшто може да се датира во периодот од крај на 14 до 16 век.

Тип VIII.5

(Кат. бр. 195) Петтата варијанта е претставена со примероци коишто имаат алка во форма на знакот прашалник. Едниот крај на алката завршува истенчено, додека другиот крај продолжува вертикално надолу како стожер чиешто дно завршува расковано и свиено во круг во форма на јамка. На просторот каде што започнува стожерот па се до неговото дно,

[490] Битракова 2011, 185-186, 254-255.; Микулчиќ 1974, 120-121, 133, сл. 33-34.; Крстевски и Ивановски 1989, 129-130, sl. 2.; Ивановски 1988, 55-57, Т.II.
[491] Vinski 1971, 57.; Mrkobrad 1980, 33-34, T.XVII.; Jovanović 1978, 38.
[492] Зечевић 2006, 57-58, 170-172, кат. бр. 26-31.

од филигранска жица изведен е украс во форма на гужва, изработен на истиот начин опишан во **тип V.2.** Од ареалот на Просек потекнува еден примерок од растурениот гроб 41 (В12) од Црквиште – Демир Капија. Оваа варијанта, како и претходните се датира во периодот од 14 до 16 век.

Тип VIII.6

(Кат. бр. 196) Последната варијанта на висечки наушници, претставува облик којшто е уникатен, составен од високо долго тегле, на чијшто крај е насадена шуплива јагода со овална форма, додека другиот крај се спушта до самата јагода безмалку допирајќи ја. Од ареалот на Просек потекнува само еден примерок од северниот кораб на црквата на лок. Црквиште-Демир Капија[493], други аналогни примероци засега не се познати. Според контекстот на наоѓање и морфолошките карактеристики истата може да се датира во 14-16 век.

Тип IX -Наушници со вегетабилни завршетоци (кат. бр. 197-198)

Во овој тип спаѓаат наушниците составени од алка со кружен пресек којашто што формира приближен круг, чијшто еден крај завршува шилесто додека другиот во форма на цвет, односно крин. Од ареалот на Просек откриени се два примероци и тоа еден од гроб 318 од Црквиште – Демир Капија и еден примерок како случаен наод од Света Петка (Свети Илија) – Бистренци[494]. Од Македонија освен наодите од околината на Демир Капија откриени се и во Охрид и на Водочката некропола по еден од гробот 393 и еден вон гробен наод. Овој тип на наушници се среќаваат и на територијата на Косово и Србија. Еден примерок од Ново Брдо е откриен во депо со прстени од 14 век[495]. Наодите од Водоча, согласно со контекстот во некрополата како и современите ликовни претстави се датираат во 15-16 век[496]. Истата датација се чини најсоодветна и за примероците од околината на Просек.

---

[493] Aleksova 1966, T.XXIII, sl. 19.
[494] Aleksova 1966, T.XIII, sl. 94.; Блажевска 1995, 193, Т.II.1.
[495] Радојковић 1969, 213-214.
[496] Манева 1992, 44, Т.14.0/2, Т.14.30/1, Т.14.31/81.; Maneva 2007, cat. no. 29-30.

Тип X –Наушници со трепетушки (кат. бр. 199-200)

На последниот тип припаѓаат наушници со висечки плочести додатоци изработени од тенок метален лим. Овие додатоци се носат како наушници прикачени со куки. Имаат форма на лист. Од ареалот н-а Просек познати се само два примероци од гробот 4 на некрополата Јака Чешма-Црквар – Тремник[497]. Овие примероци се украсени со стаклена мониста прикачена за телото преку перфорации. Од територијата на Македонија слични примероци се познати од Прилеп и Водоча[498]. Припаѓаат на доцносредновековната продукција, односно на периодот на 15-16 век.




*Споредбена процентуална застапеност на одредени типови на наушници и обетки од ареалот на Просек.*

---

[497] Мандиќ 1986, 147-150.
[498] Манева 1992, 62, Т.30.

## V.1.2. НАКИТ ЗА ВРАТ

### V.1.2.1. Огрлици, гердани, гушници (кат. бр. 201-220)

Во оваа група на накит спаѓа накитот којшто се носи на врат или гради а е сочинет од повеќе видови на разни украси нанижани на една низанка во форма на огрлица, гердан или гушник. Од ареалот на Просек познати ни се дваесетина примероци од оваа група на накит. Бидејќи истите не се доволно типолошки разработени, а нивни слични варијанти се јавуваат уште од доцната антика па се до доцното турско средновековие истите ќе бидат подели според материјалот на украсите од коишто се составени. Според ова може да распределиме неколку типа на гердани и тоа: 1. Гердани сочинети исклучиво од метални украси; 2. Гердани сочинети од украси од стаклена паста; 3. Гердани сочинети од керамички мониста; 4. Гердани сочинети од школки; 5. Гердани сочинети со комбинација на кои било од претходно споменатите материјали. Герданите изработени од стаклена паста доста често се комбинираат со школки, каури и полжави.

Тип I (кат. бр. 201-202)

Во оваа група спаѓа накитот за врат сочинет од низанки на метални украси. Под овој тип може да се разврстат три варијанти и тоа тип I.1 на гердани сочинети од метални копчиња, тип I.2 гердани во вид на метален синџир или ланец и тип I.3 низанки од метални привезоци.

Тип I.1

Во оваа група спаѓаат огрлиците направени од копчиња за облека коишто се секундарно употребени така што се нанижани во низа од 12 (20) или 24 примероци. Копчињата се шупло лиени, составени од две полутопки меѓусебно споени, со јамка од тељ на една од половините. Овие копчиња се изработени од бронза. Од ареалот на Просек откриени се два примероци и тоа едниот во гроб 171 сочинет од 24 копчиња, додека вториот во Сонда А сочинет од 20 копчиња, од кои на 12 им недостасува ушката, двата примероци

потекнуваат од локалитетот Црквиште-Демир Капија[499]. Пример од гердан нанижан од копчиња се наоѓа на некрополата во Миријево-Србија[500]. Како ова се единствените наоди во гробот и на двете некрополи, истите може да се датираат само оквирно од крај на 12 век кога копчињата влегуваат во употреба на овие простори па сè до 15 односно 16 век што е крајна граница на егзистирање на овие некрополи.

Тип. I.2

Во оваа група спаѓа еден ланец направени од железни алки, многу лошо сочуван. Овој ланец е откриен во гроб 181 од некрополата Црквиште-Демир Капија. Врз основа на фотографијата и моменталната сочуваност не може да се направи подетална анализа.

Тип II (кат. бр. 203-211)

Во оваа група спаѓаат гердани сочинети од мониста изработени од стаклена паста, во еден случај и карнеол. Од ареалот на Просек познати се девет пимероци. Истите имаат различна должина и составени се од различен број на стаклени зрна. Монистата е во различна форма, се среќаваат дисковидни, топчести, цилиндрични биконични, кубоидни, мониcто со двочлена, трочлена па и повеќе члена разделба, а во еден случај се јавува и мониcто во облик на полиедарска глава. Биконичните мониста се во форма на два споени цилиндра со основите и изработени се исклучиво од карнеол. Бојата на стаклените мониста варира од белузлава, жолта, зелена, сина до црна. Се најчесто се мали по димензии, но поретко се појавуваат и поголеми кружни како и биконични мониста. Гердани сочинети исклучиво од стаклени мониста и ретко карнеол се среќаваат во некрополите Крстеви-Корешница, Мали Дол-Тремник и Црквиште и Манастир-Демир Капија. Откриени се во гробовите 11 и 13 на Манастир-Демир Капија, гробовите 153, 336, 368 и еден за кој не се знае гробниот број, еден од Мали Дол-Тремник и еден од гроб 37 од Крстеви-Корешница. Според гробниот инвентар на гробовите 336-368 од Црквиште-Корешница, како и од гробот 37 од Крстеви-Корешница, каде овие гердани се откриени заедно со грозодолики наушници и прстени со испакната конусовидна глава можат да се датираат во 10-11 век.

[499] Aleksova 1966, 57.
[500] Бајаловић-Бирташевић 1960, Т.VIII.11.

Тип III (кат. бр. 212-214)

Во оваа група спаѓаат гердантите коишто покрај стаклени мониста содржат школки или каури. Од ареалот на Просек се откриени три примероци на некрополата Црквиште-Демир Капија и тоа во гробовите 297 (279) и 181, како и од гробот 1 на Маркова Кула-Корешница. Покрај стаклените мониста во гердантите од гробовите 297 од Црквиште-Демир Капија и Маркова Кула-Корешница, нанижани се и каури школки, додека кај примерокот од гробот 181 од Црквиште-Корешница нанижани се школки со ребреста површина. Кај првиот примерок се јавуваат форми кои кај овој гердан се единствени, односно нанижани се стаклени мониста во форма јагоди, со гранулирана површина. Вториот и третиот гердан се одликуваат со полихромни мониста, изработени или декорирани со жолта стаклена паста со украс во вид на зиг-заг или брановидни линии. Кај герданот од гроб 181 е нанижано и едно амфоровидно стаклено монисто, слично на останатите три откриени на оваа некропола (кат. бр. ), аналогни на примероците од Голем Град-Преспа[501].

Тип IV (кат. бр. 215-219)

Овде спаѓаат гердантите сочинети во комбинација од стаклени и метални мониста или привезоци. Стаклените мониста спаѓаат во групата на мониста претходно опишани во тип II и III, додека металните мониста можат да бидат крупни кружни или дисковидни мониста, како и метални оревовидни со штанцан геометриски мотив, спирално намотан бронзен тел, а се појавуваат и секундарно употребени јагоди од наушници. Како привезоци се јавуваат и прстени. Од ареалот на Просек се откриени пет гердани коишто припаѓаат на овој и тип и тоа два во гробот 4, и по еден во гробовите 16 и 76 од Крстеви-Корешница, како и еден од гробот 244 од Црквиште-Демир Капија. Според фотографиите на герданот од гробот 244 од Црквише-Демир Капија станува збор за ланец од спирално навиткан тел чиишто краеви завршуваат во форма на јамка, преку која се спојува со наредниот елемент. На одредени растојанија помеѓу два спирални навои се наоѓаат монисти на краевите а во средина по една каура школка. Според формата овој ланец-

[501] Битракова Грозданова 2011, 169-171, гроб 150.

гердан претставува сличен на ланецот од Лабино, кај Охрид на којшто како привезок е закачена наушница од типот Курбиново[502].

Тип V (кат. бр. 220)

Во последната група спаѓа еден гердан од глинени крупни топчески како и цилиндрични елементи. Откриен е еден примерок од Манастир-Демир Капија. Засега нема соогветни паралели[503].

V.1.2.2. Крстови – енколпиони (кат. бр. 235-244)

Како посебна врста на наоди претставуваат крстовите-екоплиони, носени самостојно, обесени на врвка од кожа или ткаенина. Одраз се на лична побожност, носењето и поседувањето значело прифаќање на христијанската вера, а можеби и обавен чин на крштевање. Носени се закачени на градите, на средишниот дел на телото место каде се носи накитот со заштитна моќ[504]. Наодите од ареалот на Просек можат да се поделат на крстови-реликвијари, крстови-привезоци и градни икони. Крстовите-реликвијари и крстевите-привезоци имаа форма на крст, чијашто аверсна и реверсна страна можат да останат празни, бидејќи симболот на верата е содржан во самата форма, но истите можат дополнително да бидат декорирани со христијански симболи.

Тип. I - Крстеви-реликвијари (кат. бр. 235-236)

Крстовите-реликвијари се доста застапени на територијата на Охридската архиепископија. Посебно се застапени на територијата на денешна Р Македонија и Бугарија, додека од територијата на Србија се поретки. Има наоди и од Западна Европа, кои секако се нашле овде како дел од трговски врски. Од територијата на Македонија

[502] Лахтов 1957, 75.; T.III.31, Aleksova 1966, T.XXII.38.; Манева 1992, 179, T.32 57/18а.
[503] Со тоа што недостасуваат информации за неговото откритие, овој гердан може да потекнува и од порано погребување и истиот треба да се прифати со резерва.
[504] Манева, 1996, 61.

најголем број на крстеви-реликвијари се откриени во Охрид, што е разбирливо бидејќи овде се наоѓа седиштето на Охридската архиепископија, понатаму во значителен број откриени се во регионот на Прилеп, Струмица и Скопје. Досега публикуваните примери од Р Македонија се одликуваат со доста сличности. Од ареалот на Просек откриени се два бронзени крстеви-реликвијари[505]. Според начинот на изведбата, формата како и украсот, секој од нив претставува јасно дефиниран тип.

Тип. I.1

(Кат. бр. 235) Претставуваат крстеви реликвијари во форма на латински крст, лиени во бронза, со шарнир на горниот и долниот крак. Украсата е рељефна, пластично нагласена, изведена е при лиењето на телото на крстот и се состои од Распетие Христово на аверсната страна и Богородица во став на оранта на реверсната страна. Внатрешноста на крстот е шуплива и служела за чување на реликвија. Спаѓа  во групата на мали енколпиони. Од ареалот на Просек е откриен еден примерок од некрополата Црквиште-Демир Капија[506]. Повеќе енколпиони со слична форма и вариетети на претстави се среќаваат често во Македонија, слични потекнуваат од Охрид, Трпчева Црква-Мариово, Прилеп, Струмица итн, датирани во 10-12 век[507]. Скоро идентичен примерок потекнува од Бугарија, според Љ. Дончева Петкова истиот се датира во 10-11 век[508].

Тип I.2

(Кат. бр. 236) Од оваа варијанта е сочуван само левиот и долниот крак од крст-реликвијар. Спаѓа на типот латински крстови со проширени краци кон краевите. Долната пречка е подолга. Изработен е со лиење, додека декорацијата е изведена со врежување. На сочуваната страна е видлива стоечка фигура на светител во орантен став. По димензии оваа варијанта е поголема од претходната, се одликува со непрецизен цртеж. Хитонот на светителот украсен со прави и брановидни линии паѓа до дно на долната пречка покривајќи ги стапалата на светителот.  Спаѓа во во групата на т.н. Сириjски или

[505] Според С. Ивановска Велкоска во Демир Капија откриени се три крстеви-реликвијари, од коишто едниот е изложен во Галерија на икони. Ивановска Велкоска 2013, кат. бр. 23. Сепак според музејската документација од материјалот од Демир Капија потекнуваат само два крстови-реликвијари, третиот којшто го споменува С. Ивановска Велкоска може да се претпостави дека е истиот крст, претставен кај незе со кат. бр. 21, повремено изложен во Галеријата на Икони. Бидејќи извесноста за третиот крст-реликвијар е неизвесна истиот не е претставен во овој труд.

[506] Aleksova, 1966, T.XXI, sl. 281.

[507] Бабиќ 1974, кат. бр. 176.;

[508] Дончева-Петкова 2011, 164-165, кат. No. 592, обр. 39592, T.CXX, тип 1.1.1.4.33.

Палестински крстови. Од ареалот на Просек откриен е само еден примерок од некрополата Црквиште-Демир Капија[509]. Од територијата на Македонија слични реликвијари се откриени на Плаошник-Охрид, Кале-Скопје, Тумба-Чебрен и Матејче-Кумановско[510]. Блиски паралели се наоѓаат кај повеќе примероци од Бугарија[511]. Нивната масовна изработка започнува во рановизантискиот период на подрачјето на Сирија, Палестина и Египет, од каде се дистрибуирани низ византиското царство. Затоа често крстевите-реливијари се наречени уште и Палестински крстови и се поврзуваат со аџиството. За време на арапските освојувања на Ерусалим, како и периодот на иконоборството овој тип на археолошки предмети се доста ретки. Со повторното вклучувања на источно медитеранските области во рамки на Царството дошло до повторно обновување на аџиството до Светата земја, а со тоа се зголемува и бројот на наодите (освен ампулите, коишто изостануваат од ареалот на Просек)[512]. Па во периодот на  X, а особено во XI и XII век се чести наоди на населбите и некрополите. Наодите од Македонија датирани се во 10-12 век, со посебен нагласок на 11 век, иста е хронолошката рамка кај сличните наоди од Бугарија.

Тип. II – Стеатитни крстови (кат. бр. 237)

Кон овој тип припаѓа еден двостран крст изработен од стеатит. На секоја од страните на крстот е изведен тетраграм. Крстот има латинска форма со рамни краци. Долната пречка е подолга од останатите. Над горната пречка има кратко издолжување кое прво се стеснува, па повтортно проширува. На овој дел пречката од крстот е перфорирана за вметнување на врвка. На крајот од секој од краците има квадратно вдлабнување, на двете страни од крстот. Во секое од вдлабнувањата во плиток рељеф има изведено буква, дел од тетраграмите.  Истите се читаат во редослед од горе па  доле, потоа лево пак десно.

[509] Aleksova, 1966, T.XXI, сл. 279.
[510] Микулчиќ 1996, 147, сл. 24.; Бабиќ 1974, кат. бр. 175.; Ивановска-Велкоска 2013, кат. бр. 12, 25, 35.
[511] Дончева-Петкова 2011, 70-73, обр. 12, T.XXVIII-XXXII.
[512] Bikić 2010, 125.

| Аверс: | Реверс: |
| --- | --- |
| IC | Φ |
| N      K | Φ      Π |
| X | X |
| Ιησούς Χριστός Νικά | Φῶς Χριστοῦ φαίνει πᾶσιν |
| Исус Христос Победник | Светлоста Христова свети над сите |

Овој крст е откриен на локалитетот Црквиште-Демир Капија како вонгробен наод. Б. Алексова аверсот на крстот успева да го расчита, додека за реверсот за буквата „Ф“ претпоставува дека се работи за претстави на кринови во комбинација со монограми[513]. Е. Манева правилно го расчитува реверсот на крстот посочувајќи дека се работи за буквите Ф Х Ф П[514]. И покрај ова, С. Ивановска Велкоска дава друго расчитување Ф Х Ф М[515]. Првиот и вториот тетраграм се едни од најдобро познатите третраграми, често употребувани во комбинација со крстеви или испишани врз нив. Со оглед дека ова бил граден крст, натписите покрај сотериолошката и победоносната намена, имале пред сè апотропејска да го штитат неговиот носител[516]. Ова е единствениот познат примерок на крст изработен од стеатит од територијата на Македонија. Стеатитни икони се среќаваат на територијата на Византија но вообичаено во други форми. Најблиски аналогии крстот од Демир Капија наоѓа во примероците од Ахелој и Царевец во Бугарија[517]. Крстот од Царевец е сличен по форма, но на неговата аверсна и реверсна страна е прикажано распетие, додека крстот од Ахелој, иконографски е скоро идентичен, на него исто така на аверсната страна во рељев е изведен тетраграмот IΣ X N K, додека на реверсната Φ X Φ Π[518]. Демиркапискиот примерок е откриен во наосот на црквата, над самите гробови вкопани овде. Па според ова истиот може да се датира во 14 век. Кон ваквата датација се придржуваат и сличните откриени крстеви од Бугарија. Во прилог на оваа датација оди и посебната популарност на третраграмот Φ X Φ Π на територијата на Македонија кон крајот на 13 и првите децении на 14 век. Оваа формула се јавува во монументалното

---

[513] Aleksova 1966, 60, T.XXI.282.
[514] Манева 1992, 66, Т.39 31/157.; Манева 1996б, 62-64. сл. 5а).
[515] Фос Христоу Фаивети Маевит, кон ова не е приложен текстот на грчки, туку само транскрипција на македонски јазик и превод „Светлоста Христова се покажува на сите“. Ивановска Велкоска 2013, 82, кат. бр. 62.
[516] Rhoby 2018, 71-74.
[517] Тотев 1993: 48-49, обр. 1и, 1л.3з., 3и.
[518] Тотев 1993: 48-49, обр. 1л.

сликарство на низа споменици како што се Богородица Перивлепта и Јован Богослов-Охрид, Никола Орфанос-Солун, Пресвета Богородица-Грачаница, а од 15 век се јавува и во Рождество на Пресвета Богородица-Калишта[519]. За апотропејската моќ на тетраграмите од овој крст сведочи и тоа што истите се изведени неколку пати во техника на керамопластика на ѕидините од Солун, со намена да го штитат градот од непријателите[520].

Тип III – Крстови приврзоци (кат. бр. 238-239)

Овој тип претставуваат крстеви привезоци изведени во форма на малтешки крст, изработени од бронза. Од ареалот на Просек се застапени со два примероци, кои може да претставуваат варијанта сама за себе. Варијантата III.1 е изработена со лиење, вертикалните пречки се подолги и потесни, за разлика од хоризонталните коишто се пократки и пошироки. На горниот дел од вертикалната пречка е залемена алка за протнување на врвка. На крајот од секој крак, како и во центарот каде се спојуваат има по едно рељефно испакнување во вид на клин. Втората варијанта III.2 е изработена од бронзен лим со сечење и исчукување. На центарот каде се раздвојуваат краците има квадратно испакнување. На еден од краците има кружна перфорација во близина на самиот раб, додека еден од краците целосно недостасува. Двата примероци се откриени на лок. Црквиште-Демир Капија[521]. Според С. Ивановска Велкоска крстот од втората варијанта претставува крст-аграфа[522]. Сепак ваквата определба треба да се земи со резерва, бидејќи перфорација за закачување на синџир е откриена само на едниот крак, но не и на неговиот спротивен, како кај сите останати аналогни примери. Перфорацијата на само еден крак ја негира можноста да бил користен како аграфа и укажува на негова намена како крст-приврзок[523].

---

519 Мутафов 2013: 139-147, ил. 2, ил. 6.
520 Мутафов 2019, 71-76.
521 Овој крст го нема во публикацијата на Б. Алексова.
522 Ивановска Велкоска 2013, кат. бр. 77.
523 Слични примери откриени во Хрватска се определени како украсни крстеви од ранохристијански кандила. Спореди Belošević 1992, 90, T.XXVI.1.; Belošević 1992, 1993, 136- 137, XXXVI.3.

Тип IV - Крстови приврзоци (кат. бр. 240-241)

Во овој тип спаѓаат два примероци со кратки странични пречки. Секој од краевите се раздвојува во два издатоци или капки а меѓу нив излегуваат кружни медаљони, изработени се од бронза во техника на лиење. Застапени се со два примероци од кои едниот вонгробен наод, додека вториот од гроб 54 од Црквиште-Демир Капија[524]. Можат да се поделат во засебни варијанти според декорацијата изведена на нив. Во првата варијанта (IV.1) би бил крстот без декорација, додека во втората (IV.2) крстот со изведена декорација во вид на птичјо око, кој се одликува и по тоа што алката за закачување не е поставена странично. Од Македонија сличен крст е откриен на Плаошник-Охрид[525]. Крстеви од овој тип се откриени во Бугарија на локалитетите Карасура (вар. 1) и во Бабуки-Средно Село, Венчан-Варна, Цар Асен, Скала, Карасура и Плиска (вар.2)[526], слични се откриени и на Коринт во Грција[527]. Според С. Ивановска Велкоска крстот од варијанта IV.1 се датира во 12-13 век, додека крстот од варијанта IV.2 во 10-11 век. Примерокот од Плаошник-Охрид е датиран во 11-12 век. Во Грција и Бугарија овие крстови привезоци се датираат во хронолошките рамки од 10 до 12 век, со акцент на 11 и ран 12 век. Најверојатно како предлошка ги имале крстовите-привезоци во чиишто медаљони биле претставувани евангелистите или пак светите воини, како кај примерокот од Патерна-Грција, датирани во 11-12 век[528].

Тип V - Крстови приврзоци (кат. бр. 242)

Во последниот тип на крстеви, спаѓаат едноставните крстови, лиени во бронза заедно со ушката за закачување. Задната страна е мазна, додека предната страна декорирана со по еден канал, надолжно поставен по хоризонталната и вертикалната пречка, на секој од краевите завршува со кружни вдлабнатини. Овие канали се изведени за време на лиењето на крстот. Ваквите крстови се атипични и хронолошки не се осетливи. Откриен е само

[524] Aleksova 1966, 60, XXI, sl. 284, 285.; Манева 1992, Т.37$_{31/108\text{-}А,\ 31/155}$.; Ивановска Велкоска 2013, кат. бр. 61, 63.
[525] Ивановска Велкоска 2013, кат. бр. 52.
[526] Дончева-Петкова 2011, 232-234, обр. 67$_{1159,\ 1168}$, тип 1.4.10.1 и 1.4.10.2.2, Т.CLIIIVI, Т.CLIIIVII.
[527] Davidson 1952, 259, Pl. 110, cat. no. 2081, 2082.
[528] *The Glory of Byzantium* 1997, 171, fig. 124 a, b. Can. no. 124a, b.

еден примерок, како вонгробен наод од некрополата Крстеви-Корешница[529]. Според Е. Манева истиот може да се датира во 11 век, што се вклопува во времето кога оваа некропола била најактивна[530].

V.1.2.3. Градна иконка (Кат. бр. 244)

Од ареалот на Просек потекнува една камена икона изработена од темно зелен стеатит, со црвенкасти вени во долниот дел[531]. Изработена е на четвртеста плочка со висина од 6,7 см, ширина од 5,6 см, а плочката е со дебелина од 0,9 см. На нејзе во длабок рељеф е изведена допојасна претстава на св. Јован Богослов, облечен во читон читајќи евангелие. Телото е прикажано во три четвртински став. Во рацете држи евангелие, со главата е благо наведнат надолу. Рељефот се одликува со волуминозност и јасни прецизни длабоки црти, коишто овозможуваат на рељефот да се создадат длабоки сенки коишто го мултиплицираат ефектот. Ликот е издолжен се карактеризира со високо издигнато чело со длабоки бразди. Косата започнува дури на темето. Ликот има долга густа брада, долг, благо накривен нос и растегнати ноздри. Очите се бадемасти, под нив се изведени бразди. Шепите се детално изработени и посебно реалистични, назначени се и ноктите на десната рака. Книгата е претставена отворена со јасно нагласени листови изведени со хоризонтално врежани линии. Експресијата на ликот, но и севкупната поставеност на телото, со благата подгрбавеност во став додека чита оддава до знаење дека светецот е претставен во одминатата возраст. Рељефот е изработен во три длабочини, најдолната е позадината со ореолот, средната е ликот додека најгорната е десното рамо коешто е највисоко. Рељефот достигнува длабочина и до 0,4 см. Светецот е идентификуван преку натпис врежан во две колони на секоја од страните на ореолот, истиот гласи:

Ὁ ʽάγ(ιος) | ʼΙω(άννης) – ό Θε | ο | λό | γ(ος)

Овој уникатен примерок на камена икона е окткриен во 1952 година на локалитетот Манастир-Демир Капија, условите на неговото откривање не се баш јасни, па затоа

[529] Манева 2000, 127, Т.X, Т.XXII.4.
[530] Манева 2000, 64.
[531] Петров 1964, 103-116.; Aleksova 1966, T.VII, sl. 33.; Бабиќ 1974, 65, кат. бр. 180 .; *Археолошкото богатство* 1980, кат. бр. 818; Алексова 1995, прилози во боја 32.

останува отворена хронолошката рамка во која е откриен[532]. Од територијата на Македонија камените икони не се чест наод, сепак, познати се уште неколку примери. Со потврден контекст на наоѓање е камената иконка посветена на св. Марена[533], а додека во Музејот на применети уметности во Белград се наоѓаат уште три, двострани камени икони за коишто се претпоставува дека потекнуваат од Македонија, најверојатно од Прилеп[534]. Две од двостраните камени иконки што денес се наоѓаат во Белград се посветени на св. Никола на аверс и Архангел Михаил на реверс, додека третата иконка е посветета на светите воите св. Ѓорѓи и св. Димитриј.

Претставите на св. Јован Богослов воопшто се ретки на ситната камена пластика. До сега познати се вкупно четири негови претстави на стеатитни икони од кои првата е дел диптихот што денес се чува во Мдина-Малта, по потекло од Родос, доспеана овде преку Хелион де Вилнев од редот на св. Јован на Родос[535], вториот примерок потекнува од Лувр-Парис[536], третиот од Кабинетот за медалиони а последниот четврти примерок потекнува од Шумен-Бугарија[537]. Иконографски, најслична е со камената иконка од Малта, со којашто имаат скоро идентичен цртеж, сепак стилски се многу различни. Оваа иконка е работена во плиток рељеф, во голема мера шематизирано, во спротивност на демиркаписката, работена во длабок рељеф, со изобилство на детали.

Камената иконка од Демир Капија досега е објавувана повеќепати, а посебно се издвојуваат студиите на К. Петров и Ј. Варалис. Временски е определена од 10 па сè до 14 век. К. Петров во првата публикација за оваа камена иконка е на мислење дека може да се датира во 10-12 век, со акцент на 11 век. Ваквата претпоставка ја изнесува пред сè заради ограничениот фонд на информации од археолошките ископувања, притоа за датирање се послужил со компарирање на натписот, односно неговото кратење како и архаизмот во облеката со која е претставен светителот[538]. Сепак според стилските определби,

[532] Според Н. Петровиќ камената иконка е откриена во правоаголната градба, што се наоѓа западно од подоцна дефинираната базиликална градба на овој простор. Petrović 1961, 221.; Додека пак Д. Вучковиќ-Тодоровиќ камената икона ја поврзува со гробовите откриени на просторот околу базиликалната градба, како вонгробен наод.

[533] Бабиќ 1974, кат. бр. 181.; Манева 2019: 144-146.

[534] Радојковић 1970, 19-30.

[535] Kalavrezou-Maxeiner 1985, 180-184, cat. no. 102, Pl.50, Pl.51, особено Pl. 51.102a..

[536] Kalavrezou-Maxeiner 1985,215-216, cat. no. 146, Pl.68.

[537] Тотев 1991, обр. 7и., Според К. Тотев, од Југославија потекнува уште една камена иконка што ја илустрира на сл. 7з, но за информацијата како и за сликата не наведува извор, ниту дополнителни информации.

[538] Петров 1964, 109-111., Во овој период резултатите од археолошките ископувања во Демир Капија сè уште не се публикувани, па најверојатно К. Петров, не е запознаен за континуитетот на погребувања на

отсуството на линеаризмот и заобленото моделирање, К. Петров е на мислење дека рељефот е изработен во 13 или 14 век[539]. Тој камената иконка ја компарира со портретот на св. Јован Теолог изведен на опковот од иконата Христос Душеспасител[540] што се наоѓа во црквата Богородица Пеивлепта во Охрид, како нејзин иконографски и стилски најблизок пример[541]. Во својата публикација Б. Алексова ја прифаќа првата датација и ја датира во 10-12 век, додека пак Б. Бабиќ и составувачите на каталогот *Од средновековното богатство на СР Македонија* оваа иконка е датирана во 13 век. А. Грабар иконката од Демир Капија ја споредува со еден капител од црквата Богородица Памакаристос[542] од Истанбул, денес со Археолошкиот музеј на Истанбул каде на трите страни од капителот во рељеф се прикажани бисти на св. Петар и странично од него на евангелистите св. Јован и св. Матеј, датирани во палеологовската ера[543]. К. Тотев оваа икона ја датира кон крајот на 12 и 13 век[544]. Последната и најобемна студија исклучиво посветена на овој значаен наод ја дава Ј. Варалис[545]. Овде камената иконка ја датира кон крајот на 13 или првите децении на 14 век, компарирајќи ја со опковот од споменатата икона од Охрид, Христос Душеспасител, со која има иконографски, стилски и технички сличности[546]. Според сличностите со оваа икона, што во новите студии наместо на константинополско се припишува на солунско ателје или пак ателје во Бер кое работело под силно влијание на солун, Ј. Варалис, претпоставува дека и камената иконка најверојатно излегла од истото ателје специјализирано за работа на икони во скапоцени материјали[547].

Црквиште-Демир Капија, впрочем и при првото објавување Б. Алексова, во голема мера го минимизира постоењето на овој период на некрополата а го нагласува периодот од „9 до 11" век (станува збор за крај на 10 и 11 век) коишто и покрај бројните наоди откриени во нив се застапени со мал процент од вкупниот број на интактни погребувања. Види глава III.3.1. За периодот на 13 и 14 век К. Петров не знае дека населбата била користена Петров 1964, 111.

539 Петров 1964, 111.

540 Grabar 1975, 38, repert No. 12. Pl. XIX, Pl.XXI.

541 Петров 1964, 107-108.

542 Grabar 1976, 131, бел. 130.

543 Mango and Hawkins 1964, 331-332, fig. 26-29.

544 Тотев 1993, 11-12., наодот од Демир Капија го поврзува со иконката што се чува во Лувр и примерокот откриен во Шумен, без некоја посебна анализа, притоа не изостануваат тенденциите на бугарските истражувачи, без посебни аргументи да се придаваат етнички атрибуции на нејзините сопственици или мајстори.

545 Varalis 2012, 719-736.

546 Varalis 2012, 730-731., иако ја користи студијата на К. Петров, сепак не оддава признание дека истиот уште во 1964 година ја забележува сличноста помеѓу двете претстави на Јован Теолог, онаа од камената иконка со опковот од иконата Христос Душеспасител.

547 Varalis 2012, 733-736.

Според изнесеното може да се заклучи дека камената иконка припаѓа на палеологовската ера, најверојатно кон крајот на 13 или првите децении на 14 век. Начинот на којшто е изработена упатува на ателје каде работеле мајстори со високи уметнички афинитети и технички способности за да изработат вака длабок рељеф во минијатура, на материјал што сам по себе е доста кревок. Малите димензии упатуваат на претпоставката дека била изработена или пак во одреден период била носена како градна икона пред да биде изгубена. На самата иконка нема перфорација со која би се закачила на врвка, но можно е да била поставена во метален или дрвен оков преку кој би се закачувала. Ј. Варалис иако не го отфрла мислењето дека можно е да станува збор за градна икона, сепак е на мислење дека оваа иконка првенствено била поставена во дрвен опков од друга икона[548].

### V.1.3. НАКИТ ЗА РАЦЕ

#### V.1.3.1. Белезици

Белегзиците или гривните како уште се нарекуваат се еден од најчесто застапените типови на накит на средновековните наоѓалишта. Од ареалот на Просек по застапеност се веднаш после наушниците и прстените. Во средниот век белезиците најчесто се носеле на раката, над шаката, додека кај источните цивилизации и во античкиот круг присутни се и белезиците носени на надлактицата[549]. На Балканот оваа мода навлегува со турските освојувања и прифаќање на ориенталниот вкус, сепак носење на белезици на надлактиците не е непознато и кај локалното население во средновековниот период. Носени биле од жени, мажи и деца, без разлика на возраста[550]. Сепак од ареалот на Просек за сега се откривани само во женски и детски гробови.

Низ историјата на накитот обликот на белезиците значително не се менувал. Уште од праисторијата па низ римската епоха присутни се гривните со отворени или затворени краеви како основен тип. Средновековните белезици почиваат на типологијата развиена во римско време[551].

Изработувани од злато, сребро, бронза, бакар, железо, а посебна група претставуваат таквите изработени од стакло. Нивната типологија не може да се направи врз основа на материјалот од

[548] Varalis 2012, 735-736.
[549] Манева 1992, 68.
[550] Манева 1992, 68.; Bikić 2009, 82-83.
[551] Bikić 2009, 83.

кои се изработувани, туку единствено по нивната форма. Декорацијата исто така не е основ за развој на нивната типологија бидејќи најчесто истата е шематизирана и геометриска.

Нивната основна поделба се прави на метални и стаклени. Металните се делат пред сè на белезици со отворени краеви и на белезици кои се затвораат со шарнир, понатаму секоја од групите се дели на типови на основ на пресекот на алката, начинот на завршување на краевите, бројот на шарнирите итн.[552]

Тип.I - тип. V - Метални белезици (кат. бр. 245-259)

## Тип. I - лентести белезици со отворени краеви (кат. бр. 245-259)

Во овој тип спаѓаат лентести белезици со отворени краеви. Овие најчесто се изработувани од бронза, поретко од бакар. Изработувани се со лиење, поретко со изчукување, коишто може да бидат дополнително доработени. Виткањето на лентата се правело дополнително по потреба на нарачателот[553]. Според начинот на завршување на краевите се разликуваат повеќе варијетети и тоа белезици со заоблени краеви, со рамно засечени краеви, со зашилени краеви и такви во облик на змиска глава. Г. Мајановиќ-Вујовиќ на некрополата Трњане забележува дека декорација ниту кај една примерок не се поклопува со декорацијата од друг примерок, на што упатува дека за секој примерок е правен посебен калап[554]. Украсени се со геометриска декорација која вклучува декорација изведена со убоди, јами или точки и кругови кои образуваат верикални, хоризонтални или зиг-заг линеарни мотиви или полиња. Најчесто геометриските се повторуваат низ целата должина на лентата, особено како белезиците со рамно засечени краеви. В. Бикиќ забележува дека кај белезиците со проширени краеви, вообичаено, на проширениот дел од краевите е изведена различна декорација од онаа на останатиот дел од лентата[555].

Од овој тип на белезици од ареалот на Просек откриени се 18 примероци и тоа најмногу, шест примероци од некрополата Ограда-Бистренци, во гробовите 51 и 53 по еден примерок и во гробовите 48 и 57 по два примероци[556], потоа следи Црквиште-Демир Капија со три примероци во гроб 181 и два примероци како вонгробни наоди[557], два примероци се откриени на Крстеви-

[552] Манева 1992, 68-69.; Bikić 2010, 83.
[553] Манева 1992, 71-73.
[554] Марјановић-Вујовић 1982, 93-97.
[555] Bikić 2010, 83.
[556] Блажевска 2005, 239-254, T.III.3, TV.1, T.II.1-2, T.Via.11-12.
[557] Aleksova 1966, T.XV-T.XVI.

Корешница, еден во гроб 1 и еден примерок во гроб 4[558], на крај два примероца се откриени и од единствениот гроб на Маркова Кула-Корешница[559].

На Балканскиот Полуостров овој тип на белезици се застапени често на некрополите од 10 до 13 век, со нивна поинтензивна појава во 11 и 12 век. Аналогни примероци од Македонија се откриени на некрополите Трнче Стреа – Пепелиште, Трпчева Црква-Мариово, Крњево-Кавадарци, Паликурска базилика-Паликура, Варош-Прилеп, Градиште-Средно Нерези, Пресил-Прилеп, Мокрино-Струмица, Косел-Охрид и др.[560] Од соседството познати се од бројни некрополи како Трњане, Миријево, Ниш, Прахово, Корбово, Браничево[561] од Србија, Дјадово, Туховиште, Љубеново и од Стражата-Плевен, од Бугарија[562], Маври Петра-Кавала, Пиерија и Коринт во Грција[563]. Примероците од ареалот на Просек се датираат во периодот од 11 до 12 век.

### Тип. II – белезици со полн пресек (кат. бр. 260-277)

Во овој тип на белезици спаѓаат оние со полн пресек на телото, најчесто кружен, но застапени се и полукружни, правоаголни, квадратни и неправилни пресеци. Краевите можат да бидат зашилени, рамно засечени, проширени со расковување или териоморфно обликувани, најчесто во форма на змија. Овој тип на белезици е особено чест на територијата на Македонија, а поретко се појавува на околниот балкански ареал[564]. Според Е. Манева на територијата на Македонија белезиците со полн пресек се застапени скоро во ист број како и лентестите[565]. Без разлика на нивното украсување, дали е тоа изведено со очки, јамички, вдлабнувања или пак со линии, според Г. Марјановиќ-Вујовиќ истите имаат тенденција на прикажување на змијолик мотив[566]. За В. Бикиќ ваквиот начин на украсување на завршоците се доведува во релација со непрекинатата традиција на изработка на овој вид на накит на поширокиот балкански простор[567].

---

[558] Манева 2000, 81, сл. 61а, 86, сл. 64г, XII.2, XII.3;
[559] Пашић 1976, 157-158, T.VI.; Чаусидис 1987, 191-193, T.VII.2-3.
[560] Манева 2000а, T.X-XI.; Кепеска 2008, T.IX.; Алексова 1978, 40, сл. 8.; Ивановски 1986, сл. 5, 23.; Манева 1992, 71-73, T.42$_{8/9}$, T.44$_{57/41}$, T.45$_{72/2}$, T.46$_{89/3, 89/15}$, T.47$_{41/3}$.
[561] Марјановић-Вујовић 1984, 93-97, сл. 208-210.; Бајаловић-Бирташевић 1960, 32-33, T.XII.3.; Ерцеговић-Павловић 1977, 89, T.VII.5.; Јанковић 1975, T.IV.4, T.V.5-6; T.VI.1, 15, T.VII.5,8, T.X.4-6, 10-11, T.XI.11.; Поповић и Иванишевић 1988, 138, сл. 10.3.; Bikić 2010, 83-84, sl. 54., Според Г. Марјановиќ-Вујовиќ и В. Бикиќ, овие гривни на територијата на Србија се најзастапени во 12 век. Спореди Марјановић-Вујовић 1984, 97., и Bikić 2010, 84.
[562] Борисов 1989, 282-285, fig. 333.; Григоров 2007, 71, 95$_{2-5}$.; Г. Гатев допушта нивно датирање и до 14 век. Гатев 1977: 38-40.;
[563] *Greek Jewelery* 1997, 212, 216-217, cat. No. 247, 257-259.; Davidson 1952, 262-263, cat. No. 2132.
[564] Манева 1992, 73.
[565] Манева 1992, 73.
[566] Марјановић-Вујовић 1984, 97-98.;
[567] Bikiћ 2010, 86.

Од ареалот на Просек овој тип на белезици се застапени со вкупно петнаесет примероци откриени на локалитетите Црквиште-Демир Капија седум примероци од кои два во гробот 181, по еден во гробовите 2 и 323 и три вонгробни наоди[568], од Крстеви-Корешница познати се шест примероци од кои два во гроб 1, по еден примерок во гробовите 4, 34, 64 и еден вонгробен наод[569] и од Ограда-Бистренци познати се два примероци од кои по еден во гробовите 24 и 32[570]. Од Македонија застапени се на локалитетите Трнче-Стреа – Пепелиште, Трпчева Црква-Мариово, Крњево-Кавадарци, Варош-Прилеп, Љубаништа и Опеница-Охрид, Гропче-Кочани, Паликурска Базилика-Паликура, Керамидарка-Мокрино и др[571]. На поширокиот балкански ареал, како и во Македонија овие гривни се појавуваат на истите некрополи, а многу често и заедно со типот лентести. Затоа и датацијата на овој тип соодвествува со датацијата на претходниот.

Тип. III – гривни со еден шарнир (кат. бр. 278-288)

Посебен тип на белезици претставуваат лентестите гривни чиишто краеви завршуваат со шарнир за закопчување. Овој тип се поврзува со југоисточните делови на балканот, односно најчесто застапени се во Македонија, Бугарија и јужните делови на Србија[572], сепак се многу поретко застапени од претходните два типа. Декорирани се со геометриски и линеарни мотиви изведени со точки, јамички, вдлабнувања, врежување и пунцирање, еден примерок од гроб 4 од Крстеви-Корешница е украсен со три реда надолжно поставена, спирално намотана филигранска жица, додека поевтините варијанти имитираат украсување со гранулација и филигран.

Од ареалот на просек белезиците со еден шарнир се застапени со единаесет примероци и тоа шест од некрополата Црквиште-Корешница, од кои два од гробот 181а, додека останатите четири како вонгробни наоди[573], и пет примероци од некрополата Крстеви-Корешница од кои по еден примерок во гробовите 4, 16, 17, 32 и 34[574]. Од Македонија познати се слични примери од некрополите од Трпчева Црква-Мариово, Крњево-

568 Aleksova 1966, T.XVI, sl. 132; T.XVI, sl. 139; T.XV. sl. 127.; T.XV, sl. 126.
569 Манева 2000, 125-127, сл. 123, Т.XIV.5; 108-110, сл. 94, Т.XIV.4; 79-83, сл. 61-61а.7, Т.XIII.1; 127. Т.XII.4; 84-89, сл. 64, 64г, Т.XIV.1;
570 Блажевска 1995, 203, Т.7.1; 206-207, Т.II.10;
571 Манева 2000а, 36-38, Т.IX-XIII.; Кепеска 2008, Т.Х.; Манева 1992, 73, Т.50-57.
572 Манева 1992, 71.; Bikić 2010, 84-85.; Гатев 1977, 40.
573 Aleksova 1966, T.XV, sl. 130; T.XVII, sl. 149; T.XV, sl. 129; T.XVII, sl. 273.
574 Манева 2000, 106-107, сл. 32, Т.XI.2; 97-97, сл. 77, Т.XI.3; 95-97, сл. 76, Т.XI.4; 84-89, сл. 64г., Т.XII.1.

Кавадарци, Дебреште-Прилеп итн[575]. Гривни од овој тип се откриени на некрополите во Матичане на Косово и Ниш во Србија[576] како и од Староселец-Марица – Исток, Дјадово, Ловеч, Хвојна, Долно Сахране во Бугарија[577]. Овој тип се датира во периодот помеѓу 10 и 13 век, со особен интензитет во 11 и 12 век[578].

Тип. IV – гривни од тордирана жица (кат. бр. 289-308)

Посебно омилен тип на Балканот претставуваат белезиците изработени од впреден или плетен тељ. Помеѓу наодите од Просек се разликуваат три варијанти на овој тип, и тоа тип IV.1 изработена од четирикратен тељот од две свиени дупли жици со отворени краеви во вид на јамки, во чија средина стрчат по двата краја од жиците, кај одредени примероци од оваа варијанта, помеѓу телот е намотана е тенка филигранска жица, IV.2 од првата се разликува по тоа тељот не е впреден туку истиот е густо плетен, а страните се дополнително исчукани така што формираат три стран пресек, последната варијанта, IV.3. по начинот на впредување на тељовите е идентична со првата варијанта но краевите се расковани и проширени во вид на плочки. Според дебелината на телот од кои се изработени тие можат да делуваат помалку или повеќе масивно, а понекогаш пресекот со исчукување им е обликуван во триаголен.

Од ареалот на Просек од првата варијанта (тип IV.1) познати се седумнаесет примероци и тоа единаесет од Црквиште-Демир Капија од кои три во гроб 181, две во гроб 8, две (?) во гроб 87, една во гроб 174 и три вонгробни наоди[579], од некрополата Ограда-Бистреснци се познати четири примероци од кои по два во гробовите 30 и 32[580], на крај еден примерок е откриен на некрополите Крстеви-Корешница, во гроб 51[581]. На варијантата IV.2 припаѓаат два примероци и тоа еден од гробот 3 од Црквиште-Корешница[582], како и еден примерок

575 Кепеска 2008, 44-45, сл. 55-56, Т.VIII, 1-4,Т.XXXII, 2,3.; Алексова 1978: 40, сл. 7.
576 Ерцеговић-Павловић 1977, 89, Т.VII.7.; Jovanović and Vuksanović 1981, Y240/9,10.
577 Гатев 1977, 40, обр. 5.; Борисов 1987, 48-49, обр, 23-23а. Borisov 1989, 285, fig. 335c, d, e.; Григоров 2007, 72-73.
578 Манева 1992, 71.; Гатев 1977, 40., допушта нивно користење и во почетокот на 13 век. Сепак најголемиот број на наоди потекнуваат од 11-12 век.
579 Aleksova 1966, T.XVI, sl. 142; T.XVI, sl 140;
580 Блажевска 1996, 204-205, Т.I.10, 206-207, Т.II.7-8.
581 Манева 2000, 119-120, Т.XIV.3,
582 Тодоровска Митрева 2020, кат. бр. 10. Од овој локалитет како вонгробен наод е откриен фрагмент од типот IV.a, но бидејќи е сочуван помалку од половината овој фрагмент не е вклучен во каталогот. Тодоровска Митрева 2020, кат. бр. 11.

од гробот 32 од Ограда-Бистренци[583]. На последната варијанта IV.3 припаѓа еден примерок од гробот 4 на Крстеви-Корешница[584].

Овој тип на гривни застапени се на просторот на Македонија, Грција, Бугарија, Србија, Романија, но отсуствуваат од западнобалканските простори. Од Македонија откриени се на локалитетите Трнче-Стреа – Пепелиште, Трпчева Црква – Мариово, Варош – Прилеп, Лабино-Охрид, Цигански Рид, Оризари и Гропче-Кочани, Керамидарка-Мокрино, Аџибегово-Свети Николе и др.[585] Гривни од типот IV.2 и IV.3 не се откриени на други локалитети во Македонија, додека гривни од варијететот на тип IV.1 со тенка филигранска жица откриени се во Аџибегово-Свети Николе.

На просторот на балканскиот ареал се откриени на локалитетите Прахово, Корбово, Рибница на Ѓердап, Светиње-Браничево, Миријево во Србија[586], Дјадово, Љубеново, Симеонов Град, Јакимово во Бугарија[587], Солун, Агиос Димитриос и Пидна-Пиерија и Коринт во Грција[588]. Белезиците од овој тип не се хронолошки осетливи, истите опстојуваат подолг период. На поширокиот Балкански ареал најчесто се датираат во 11 и 12, но забележани се случаи кога истите продолжуваат сѐ до 14 век. Најрано датирани примероци од Македонија потекнуваат од гроб 181 од Црквиште-Демир Капија, датирани на преодот од 10 во 11 век. То се примероците коишто се дополнително обвиени со тенка филигранска жица, што ги издвојува од останатите.

Тип. V - Стаклени гривни (кат. бр. 310-361)

Еден од омилените примери на средновековен накит на некрополите од Балканот се стаклените белезии. Тие се еден од најчестите наоди на некрополите од првата група од

---

583 Блажевска 1996, 206-207, T.II.9.
584 Манева 2000, 84-89, сл. 64, 64г, T.XIV.2.
585 Манева 2000a, 36-38, T.XVI.; Кепеска 2008, 45-46, сл. 57-58, T.XI, T.XXXI.1.; Бабиќ 1980, T.61.29, T.62.4-5, 7-8.; Лахтов 1957, T.I,4-7, T.II.8, T.III.33-34, T.IV.39, T.VI.63-64.; Алексова 1964, T.II.5.; Манева 1992, 74-75, T. 58-63.
586 Јанковић 1975, TIV.1-2, T.V.1-2, T.VI.12, T.VII.1-4, T.XII,1, 5-8.; Минић 1984, T.IV.I.; Поповић и Иванишевић 1988, 163-164, сл. 34.12-15.; Бајаловић-Бирташевић 1960, T.VI.1, 3-4.; Вујовић-Тодоровић 1984, T.II, T.III, T.IV, T.V, T.VI, T.VII, T.VIII, T.IX, T.X, T.XII, T.XIII, T.XIV, T.XV, T.XVI, T.XVI, T.XIX, T,XX, T.XXI, T.XXIII, T.XIV, XXV.
587 Borisov 1989, 285, fig.337.; Гатев 1977: 40, обр. 5.VII.; Григоров 2007, 74.орб. 101.
588 Antonaras 2012, 119, fig. 4.; *Greek Jewellery* 1997, 210-211, 215, cat. No. 243, 244, 255.; Davidson 1952, 263, cat. 2136-2137, Pl. 112.

ареалот на Просек. Не се среќаваат во голем број на погребувања, но таму каде што ги има редовно се повеќе бројни, како на пример во петте примероци во гроб 181 на Црквиште-Демир Капија, или гробот 1 од Крстеви-Корешница каде се откриени шест цели, а најверојатно биле повеќе со оглед на оштетувањето, додека од осумнаесетте примероци од Ограда-Бистренци седумнаесет се поделени во три погребувања и тоа пет во гроб 30 и по шест во гробовите 32 и 57. Од блиската некропола Трнче-Пепелиште, ваквиот пример е дури подрастичен, од вкупно 23 стаклени белезии, дури 20 се откриени во два гроба, односно осум во гроб 38 и дванаесет во гроб 42. Како по правило стаклените белезии се носени на левата река, за разлика од металните кои се носат на десната рака, ова правило е потврдено во ареалот на Просек, со таа разлика што во гроб 181 на левата рака покрај петте стаклени се откриени и три метални од торидирана жица, што се наоѓале пониско на раката над самата шака. К. Трајковски на некрополата во Муродвис забележува отстапување од правилото на лева рака, па така на оваа некропола се откриени по осум стаклени белегзици на двете раце на покојничките[589]. Стаклените белегзии во секој поглед ја продолжуваат античката традиција на овој тип на накит, која во доцната антика исчезнува и по хијатус од неколку века, повторно се појавува во 10 век со нивна уште поинтензивна употреба[590]. Според А. Антонарас стаклените белегзии во регионот на Медитеранот се доста ретки, сè до 3 век, кога нивната дистрибуција се зголемува. Во Исламскиот свет нивното користење продолжува и во рановизантискиот период, додека во Византија исчезнуваат за повторно да се појават во текот на 10 век, како во азијските така и на европските територии на Византија. По нивната активна и бројна дистрибуција во периодот од 10 до 13/14 век повторно исчезнуваат. Повторната појава во 10 век тој ја поврзува со општите политички и економски состојби во Византија, со обновата на градовите и реконструкција на империјата. Следствено на ова, повторното исчезнување во 13 и 14 век го поврзува повторно со економските услови во тој период и намалувањето на платежната моќ на населението[591].

Стаклените белегзии се среќаваат во повеќе варијанти, кои се поделени според пресекот на алката. Меѓу примероците овде прикажани се среќаваат неколку варијанти и тоа на кружен (309-317), полукружен (318-333), триаголен (334-336) сегментен (336-346), но и такви

[589] Трајковски 1991, 235-246.
[590] Манева 2014, 83-84. Манева 1991, Т.II/8-10, Т.III/11-18.
[591] Αντωναρας 2006, 433-434.

со плоснат пресек (347-370). Истите се разликуваат и по бојата на стаклената паста од која се изработени. Најчесто се застапени со црна непровидна или провидна, кафеавата, виолетова, темно, светло или кобалтно сината боја[592], помеѓу примероците од Просек не се застапени такви од зелена или провидна стаклена паста. На поголем дел од примероците е забележана декорација изведена со бела пастозна боја во вид на спирала или брановидна линија, долж надворешната површина на белезијата.

Од ареалот на Просек стаклените белегзии се застапени со 52 примероци во овој труд, од кои најмногу 18 се откриени на некрополата Ограда-Бистренци од кои пет во гроб 30, по шест во гробовите 32 и 57 и една во гроб 52[593], на некрополата Црквиште-Демир Капија се откриени 17 од кои пет во гроб 181, по една во гробовите 181а, 153 и 187[594], од Крстеви-Корешница откриени се 12 цели или фрагментирани и делови од уште најмалку пет, од кои шест (и неколку фрагментирани) во гроб 4, две во гроб 1, една во гроб 43 и три како површински вонгробни наоди[595]. Голем број на стаклени белезии се застапени и на останатите средновековни некрополи во Македонија како што се Трнче-Стреа – Пепелиште, Трпчева Црква – Мариово, Мокрино-Струмица, Оризари и Муродвис-Кочани, Маркови Кули и Варош-Прилеп, Паликурска Базилика-Паликура итн[596]. Стаклените белезии како накит се присутни често на некрополите од источните делови на Балканскиот Полуостров, додека истите отсуствуваат од западните делови. Овој тип на белезии се среќаваат и во Мала Азија, Прицрноморииото, Украина, и Русија до Новгород на исток[597]. На Балканот се застапени на низа на локалитетите. Според Г. Марјановиќ-Вујовиќ истите се почесто застапени во градовите или на некрополите близу до трговските центри[598]. Откривани се на бројни локалитетит Поповица-Неготин, Лешје, Ниш, Велики Градац, Рибница, Мачванска Митровица во Србија[599], Дјадово, Севтополис,

[592] Манева 2014, 85-86.
[593] Блажевска 1996, 205-207, 210-211, T.I.4-8, T.II.1-6.; Блажевска 2005, 243-245, T.IV.3, T.VI.б.
[594] Aleksova 1966, 58, T.XIII.122,T.XVI.144-145, T.XVII.146-148.
[595] Манева 2000, 68-69, T.XV.1-6, T.XVI.1-11.
[596] Манева 2000а, 36-38, T.XVII, 1-4, T.XVIII, 1-4, T.XIX, 1-4, T.XX, 1-6, T.XXI, 1-4.; Кепеска 2008, 41-42, T.XII, 1-7, XXX, 4-5.; Манева и Ананиев 1990: 223, T.II.2а, б, в, г, д, 5.; Трајковски 1991, 235-246.; Бабиќ 1986, 283, 285, сл. 66.; Ивановски 1986, 102, сл. 8-10.; Талевска 1986, 215-221.; Алексова 1964: T.II.1-2.; Манева 1992, 75-78, T.64-74.
[597] Манева 2014, 84-85.
[598] Марјановић-Вујовић 1984, 88.
[599] Žeravica 1975, 53-61.; Милошевић 1962, 143, 165.; Ерцеговић-Павловић 1976, 88-89,T.II.3-7, T.III.4-5, T.V.9, VII.4, 6, 8, T,XI.1-4.; Минић 1984: T.IV.2.; Минић 1975, 71-78.; Jovanović et Vuksanović 1981, Y242/3/1-3.; Radičević 2009, 385-388.; Bikić 2010, 87-89.

Перник во Бугарија[600], Солун, Филипи, Маронија-Палихора, Сер и Коринт во Грција[601]. Стаклените белезици на поширокиот балкански ареал се датираат од 10-13 век, со можно продолжено траење и до 14 век. Сепак најинтензивната употреба ја имаат во 11 и 12 век. Најраните стаклени белезици од ареалот на Просек се датирани на преодот од 10 во 11 век, од гробот 181 од Црквиште-Демир Капија. Со оглед на тоа што лентестите белезици не се застапени помеѓу материјалот од Просек, упатува на тоа дека нивната дистрибуција во овој регион завршила некаде пред крајот на 12 век. Како што забележува К. Трајковски, за крајот на 12 и 13 век се типични широките лентести белезици[602]. Дополнително на ова, стаклените белезици се откриени само на некрополите од првата група, додека отсуствуваат од некрополите од втората група. Според Е. Манева, повторно појавување на стаклените белезици има во текот на 19 век под влијание на ориенталната мода[603].

### V.1.3.2. ПРСТЕНИ

Во втората група на накит што најчесто се појавува помеѓу инвентарот на наоди од некрополите во ареалот на Просек и генерално во овој период се прстените. Тие можат да се поделат на девет типови и под типови коишто носат разни хронолошки, естетски и идеолошки карактеристики. Голема е бројката на наоди што носат хералдички карактеристики а што ќе биде дополнително пишувано.

Тип I – Прстени алки (кат. бр. 362-365)

Во оваа група спаѓаат прстените алки, направени од бронзена или сревррена жиза, кружно свиена, со краеви кои затвораат или се разминуваат. Некои примероци се доста слични, скоро идентични со обектите-алки од тип I.1., доколку не се откриени *in situ* тешко може да им се препише намена на прстени. Од ареалот на Просек се откриени четири

[600] Чангова 1961, 179-188.; Чангова 1972,122-126 обр. 98-98а.; Чангова 1992, обр. 132/1-3,7.; Borisov 1989, 285-298, fig. 339-345.; Борисов 2013, 441-447, Т.XVI/1-58, обр. 221.; Гатев 1977, 41, обр. 5.
[601] Antonaras 2006: 83-101, T.IV.1, V.7, VI.1, 3-4.;, Αντοναρας 2006: 423-434.; Davidson 1952, 262-265, cat. no.2138-2161.; *Greek Jewellery*, 215, 219, cat. no. 256, 264, 265.
[602] Трајковски 1991: 242.
[603] Манева 2014, 89-90.; Maneva 2012, 149-168.

примероци по еден од Кристеви-Корешница, во гроб 1 и Ограда-Бистренци, гроб 8, како и два примероци од Црквиште-Демир Капија.

Тип II - Лентести прстени (кат. бр. 366-385)

Во оваа група на наоди спаѓаат прстените изработени од лента со еднаква дебелина, додека според ширината на алката и формата што се образува со проширувањето, помеѓу наодите од ареалот на Просек се разликуваат неколку варијанти.

Тип II.1 (кат. бр. 366-385)

Оваа варијанта на прстени е наједноставната форма за изработка. Изработени се од бронзена лента, само во еден случај од сребрена, со воедначена ширина, оформена со лиење или исчукување, краевите на лентата се преклопуваат. Овој тип на прстени лесно се прилагодуваат според потребите на нарачателот со припособување на неговата ширина. Се разликуваат по ширината на лентата како и по декорацијата. Можат да имаат мазна алка без украси, надолж поставено ребро а поголемиот дел пак носат геометриска декорација изведена со врежување или убоди, најчесто во цик-цак линии, низа на попречно врежани линии, низа на наизменично врежани попречни и коси линии, полиња исполнети со кругови со овална форма еден од друг разграничени со две попречни линии, додека еден од прстените носи христијанска симболика така што е декориран со полиња изведени од крстови разделени со попречни линии изведени со убоди. Дел од декорациите се повторуваат кај повеќе прстени. Еден прстен откриен на Акрокоринт носи христијанска инвокација, така што наместо честите геометриски орнаменти на неговата површина е врежан текст од првите зборови на Псалмот 90 кои гласат: OKATVKONENBOH = Ὁ κατοικῶν ἐν Βοη (θεία)[604].

Од ареалот на Просек познати се 20 примероци и тоа 11 на некрополата Црквиште – Демир Капија од кои шест како гробни наоди од гробовите 120, 180, 181, 306, 362 и 424 и пет вонгробни наоди, осум примероци од некрополата на Кале-Стрезов Град, и тоа седум откриени во гробовите 2, 3, 6, 12, 25, 26, 26а и еден вонгробен наод и единствениот

[604] Davidson 1952, 241, cat. no. 1915, Pl. 105.

изработен од сребро откриен во гробот 28 на некрополата Крстеви-Корешница. Ширината на алката им изнесува од 0,3 до 0,5 mm. Иако се едноставни по форма и начин на изработка оваа варијанта на прстени сепак не е чест наод на некрополите во Македонија[605], слична е ситуацијата и во Србија[606], додека во Бугарија[607] и Хрватска[608] овој тип на наоди е нешто почест, но сепак не сооедвествува по начинот на изработка. Се чини дека овој тип на лентести прстени (со исклучок на 374, 370, 373) претставуваат варијанта изработувана од локалните мајстори. Се одликуваат од останатите наоди на Балканот по тоа што ширината на алката е многу потесна од вообичаеното, а нивата декорација не е производ само на одливокот во калап, туку истите се доработувани со златарски техники. За тоа сведочат бројните длабоки зарези и пунктирања. Најблиски паралели според морфолошките особини, но и според изводебата на декорацијата може да се најдат во прстените од Одрци и Плиска од Бугарија , каде се застапени со по еден примерок [609], како и Богојевац во Србија[610].

Сличните прстени од територијата на Хрватска се датирани во текот на 10-11 век[611], во Грција се датирани во 10-12 век[612], во Бугарија во 10-12 век со можност одредени форми да опстојуваат до 14 век[613], додека во Србија истите се датираат од 10 до 13 век[614]. За наодот кат бр. 366 кој се одликуваат со мазна алка, според гробниот инвентар во гроб 28 од Крстеви-Корешница, како и според аналогиите за прстенот со надолжно ребро може да се датираат 10-12 век. Додека останатите наоди од Просек кои се распределени во оваа група може да се сместат во временска рамка на 12-13 век со посебен акцент на преодот од 12 век во 13 век. Ваквата датација може да се поткрепи со стратифицираните наоди од гробовите 5, 12 и 26 од Кале-Стрезов Град. Гробот 12 е откриен под гробот 5 во чиј инвентар има прстен со полнолиен прстен со рамна глава и хералдички мотив на крин поставен во штит[615]. Во гробот бр. 26 пак откриени се два прстени и тоа лентест прстен од

[605] Манева 1992, 83, Т.75, 93/14; Т.75, 93/15; Т.75, 86/19; Т.75, 57/1.
[606] Bikić 2010, 91, sl. 59.
[607] Григоров 2007, 47, обр. 57; Borisov 1989, 278-279, fig. 327.; Въжарова 1976, 279, обр, 10аб. 11аб.
[608] Petrinac 2009, 241-242.
[609] Дончева-Петкова 2005, 116-118, обр. 14.160$_7$, Т.XCII.7.; Димитров 1995: обр. 7$_{14}$.
[610] Станојевић 1989, 42, сл. 211.
[611] Petrinac 2009, 240-248, Т. 315.
[612] Davidson 1952, type K, 230, Pl. 105, cat. no. 1915-1916, type K.
[613] Григоров 2007, 47.1. Според останатиот гробен инвентар, наодот од Плиска е датиран 11 до крај на 12 век. Димитров 1995, обр. 7$_{14}$.
[614] Bikić 2010, 91.
[615] Погребувањето во гроб 5 е настанато кратко по погребувањето во гробот 12, не повеќе од 3 до 5 година, па така и хронолошки овие наоди би биле доста блиски.

овој тип во комбинација со полнолиен прстен со рамна кружна глава од тип III и шупло лиени бронзени копчиња од облека. Исто и наодот од гробот 180 од Црквиште-Демир Капија е откриен со шупло лиени бронзени копчиња. Единствено прстенот што се наоѓа во инвентарот на гроб 181 од Црквиште-Демир, внесува забуна и наведува на нивно можно датирање од крај на 10-11 век, сепак со оглед на начинот на којшто овој гроб е презентиран, постоењето на овој прстен во гробот треба да се земи со резерва. За подоцното датирање на оваа варијанта на наоди укажува и тоа што овие прстени целосно отсуствуваат од добро датираните некрополи од крај на 10 до 12 век, како што се Крстеви-Корешница, Ограда-Бистренци, Пепелиште, Трпчева Црква-Мариово[616].

Тип II.2 (кат. бр. 386)

Оваа група на прстени е идентична на претходната по начинот на изведување на алката на прстенот, единствено се разликува по тоа што на местото каде што се спојуваат двата краја на лентестата алка залемена е рамна квадратна плочка. Плочката е декорирана со линеарна декорација, изведена со врежување, на алката пак се повторува со декорацијата од претходната варијанта. Од ареалот на Просек познат е само еден примерок од гробот 4 од лок. Кале-Стрезов Град. Други аналогни наоди од поширокиот простор не се познати. Со оглед на сличноста со претходната варијанта, хронолошката рамка им се поклопува.

Тип II.3 (кат. бр. 387-400)

Во третата варијанта на оваа група на наоди припаѓаат прстените изработени од тенка бронзена лента, а се разликуваат од претходната варијанта со тоа што дел од алката е проширен формирајќи рамна плочеста глава. Краевите им се приближуваат или преклопуваат, со што може да се прилагоди спрема потребите на носителот. Формата на овие прстени не се разликува многу од следниот тип на полнолиени прстени со плочеста глава, а во најголем дел формите и декорацијата им се преклопуваат. Главата кај оваа варијанта е формирана со едноставно проширување на алката во рамна глава, која најчесто не се издвојува многу со својата ширина, но има и примероци каде таа јасно доминира. Одредени истражувачи направиле обид за раздвојување на варијанти според формата на главата[617], но со оглед дека овој тип на прстени не е застапен со голем број на примероци од ареалот на Просек се чини дека ваквата категоризација во овој степен на

---

[616] Манева 2000.; Блажевска 1995, 189-205.; Блажевска 1996, 201-212.; Блажевска 2005, 239-253.; Манева 2000а.; Кепеска 2008.
[617] Bikić 2010, 27-28, sl. 6

истраженост не е применлива за овој простор. Овој тип на прстени најчесто се изработени од бронза а поретко од сребро. На главата на прстенот често е изведена декорација со врежување или убоди. Мотивите се геометриски, флорални или со претстава на животни а нешто поретки се антропоморфните претстави[618].

Од ареалот на Просек овој тип на прстен е застапен со дванаесет примероци од кои осум се откриени на некрополата Црквиште-Демир Капија[619], шест како гробни наоди во гробовите 114, 143, 162, 276, 477 и 324 и два вонгробни, останатите по еден примерок од некрополата на Кале-Стрезов Град, наод во наосот на црквата, во гроб 12 на Црквиште-Корешница[620], во гроб 64, на Крстеви-Корешница[621], и еден во гроб 45 на Ограда-Бистренци[622]. Од познатите примери, по начинот на оформување на главата се разликуваат такви кај кои главата постепено се формира со проширување на алката во приближно кружна или овална глава, хексагонална или пак кружна глава што значително ја надминува ширината на алката. Изработени се од бронза освен примерокот од гроб 162 од Црквиште-Демир Капија кој е изработен од сребро. Помеѓу орнаментите се застапени, геометриски и линеарни орнаменти, зооморфни и антропомофорни фигури во став на благослов, каков и хералдички мотиви, како што е прстенот со срцелик орнамент или пак штит, овде може да се вброи и сребрениот прстен со претстава на двоглав орел. Прстенот од гроб 143 од Црквиште-Демир Капија има нагласени рамења кои се оформени во вид на испакнати квадери на секоја од страните, како и престенот од гроб 114 со напречно поставени ребрести проширувања на главата. Карактеристиките на овие прстени во комбинација со врежаните мотиви, можат да ги вклучат во групата на доцносредновековната продукција.  Од Македонија, најголемиот дел од овој тип на прстени се откриени како случајни наоди или како дел од некрополите на средновековните градови Прилеп и Охрид, други поединечни наоди се откриени и на некрополата Гропче-Кочани. Заради слабиот илустративен материјал, доста често не може да се утврди дали некои од прстените припаѓаат на групата на лентести со отворени краеви, или пак на полнолиените прстени, затоа, може да се претпостави дека бројката на оваа група е далеку поголема.

---

[618] Манева 1992, 88-90. Bikić 2010, 115-123, sl. 88-92.
[619] Aleksova 1966, 58-59, T.XIII-XIV.
[620] Петров 2017, 74-75, T.I.3.
[621] Манева 2000, 75, 125-127,сл. 60, 123,  T. XXI.10.
[622] Блажевска 2005, 241-242, T.I.2.

Тип. III - Полни лиени прстени со издигната рамна глава (кат бр. 401-429)

Овој тип на полнолиени престени се карактеризира со рамна плочаста глава, со помала или поголема површина. Алката им е лентеста или во облика на латинската буква “D”. Се разликуваат по обликот на главата, но и по дополнителните украси на рамената.

Тип.III.1 (кат. бр. 400-408)

Во првата варијанта спаѓаат прстените чијашто глава е вклопена во ширината на алката, а нејзината рамка е помалку или повеќе нагласен. Обликот на главата им е шестоаголен или овален. Полето на главата служи за декорирање, во чие поле се изведени врежани зооморфни мотиви како што се орел и четвороножно животно а на еден примерок има изведено и пентаграм, но има и такви коишто немаат декорација. Застапена е со три примероци од лок. Црквиште, по еден од гробовите 8, 181а и 477[623], со четири примероци од Мали Дол-Тремник[624] и по еден примерок од Крстеви и Копанец-Корешница[625]. Наодот од гробот 181а (кат. бр. 406) е најрано датиран, според останатите наоди во 10 век, додека пак наодот од гробот 8 од Копанец-Корешница упатува на 12 век. Според ова како и според аналогните примероци со слична декорација и форма упатуваат на хронолошката рамка помеѓу 10 и 12 век.

Тип III.2 (кат. бр. 409-429)

Во втората група спаѓаат полнолиени прстени со издвоена рамна глава. Оваа група во голема е идентична со претходната група на лентести прстени. Алката најчесто има пресек во форма на латинската бука „D“. Изработувани се од бронза а понекогаш се среќаваат и примероци од сребро. Исто како и претходната група, во овој тип на прстени може да се разликуваат разни варијанти или подваријанти според формата на главата и рамењата, како и различности во начинот на декорирање. Најзастапени се формите на

[623] Алексова 1966, .; Зорова 2007, донесува уште еден прстен со пентаграм (кат. бр. 401), кој во документацијата на Музеј на Македонија се водел со инвентарен број 200-VII. Овој прстен недостасува во публикацијата на Б. Алексова, додека во музејската документација е заведен дека потекнува од гроб 477. Кај Алексова 1966, е наведено дека од овој гроб потекнува прстен со елипсовидна глава но не споменува декорација. Ова буди сомнеж дека можеби овој прстен е грешно приппишан на овој локалитет и можеби потекнува од друг локалитет заедно со прстенот кат. бр. 409. Се чини дека овие два прстени потекнуваат од локалитетот Бресто-Бурлатица кај Виничани. Спореди со Ђоровић-Љубинковић 1986, сл- 1.
[624] *Некрополите на Мали Дол,* кат. бр. 21-22, гроб 22а и 22в.
[625] Манева 1999, 352-354, сл. 6.

кружни рамни глави, коишто можат да бидат дополнително нагласени со ребро или вдлабнување, елипсасти глави, квадратни, ромбоидни, шестоаголни, глави со брановиден издаток итн. За Разлика од лентестите прстени со рамна глава, кај полнолиените прстени со рамна глава може да се издвојат две посебни варијанти и тоа според дополнителниот украс на алката на прстенот. Според ова во првата варијанта тип **III.1.1** (кат. бр. 418-425) би припаднале прстените без нагласени рамења, додека во втората тип **III.2.1** (кат. бр. 426-429), прстените со релјефно нагласени рамења. Исто како и кај прстените од тип II.3 се повторува декорацијата изведена со геометриски, флорални, зооморфни и антропоморфни мотиви, а има и такви коишто содржат натписи, како и имитација на натпис, каков што е примерот со прстенот од гробот 7 од Црквиште кај Корешница.

Формата на овие прстени е типична за 9-15 век а особено популарна станува во текот на 13 и 14 век[626]. По форма се аналогни на вереничкиот прстен на младиот крал Радослав, изработен по нарачка при објавувањето на неговата свршувачка со Ана, ќерката на Теодор I Ангел, прецизно датиран во периодот помеѓу ноември 1219 и 9 февруари 1220 година[627]. Во прилог на оваа датација оди и декорацијата на двата прстени декорирани со врежан мотив на тролистен крин. Кринот е еден од најраспространетите украси во средновековниот период од територијата на Византија до крајбрежјето на Ламанш. На Балканот претставите на крин стануваат посебно популарни кон почетокот на 13 и се среќаваат до 15 век[628]. Кринот е познат како атрибут на Богородица, на чедноста и девственоста притоа често е претставен на женските прстени, особено во 13 век кога го достигнува зенитот на почитувањето на нејзиниот култ на овие простори[629]. Еден од најдобро и најрано датираните прстени со претстава на крин потекнува од Бугарија датиран во 1208 година и е познат како прстенот печатник на деспотот Слав кој владеел во родопските области.

Кон оваа група, на првата варијанта III.2.1 припаѓаат прстени со две релјефни испакнувања, познати се 21 примерок од ареалот на Просек од дванаесет од лок. Црвиште-Демир Капија по еден во гробовите 95, 161, 177, 205, 237, 245а, 410, 476, 480 и три вонгробни наоди, потоа пет примероци од Кале-Стрезов Град, од кои по еден од гробницата А и гроб

626 Манева1992, 88-93.; Bikić 2010, 93-96.; Григоров 2007, 52-57.
627 Bikić, 95.; Радојковић, 90-94, Т. 17 и 18.
628 Радојковић 113-115.; Манева 1992, 93.
629 Радојковић, 113-115.; Манева 1992, 93.

гробовите 5 и 26, како и два примероци од гробот 28[630] и два од Цркविште-Демиркапија од кои еден во гробот 316 од Црквиште-Демир Капија[631]. Оваа варијанта на прстени ја наследува формата од лентестите прстени со проширена рамна глава при што долната граница им се поклопува. Додека прстенот од гроб 245а, откриен заедно со округли наушници упатува на нивна употреба сѐ до 15 век, сепак со најмасовна употреба во текот на 13-14 век кога се одликуваат со врежани хералдички мотиви.

Во втората група III.1.2 на овој тип спаѓаат прстените со рамна глава и нагласени рамења. Според останатиот облик и декорација соодвествува на претходната група. Откриени се четири примероци од кои по два од некрополата Црквиште-Демир Капија во гробовите 222 и 238, како и два од Кале-Стрезов Град од гробницата „А“. Оваа варијнта хронолошки соодвествува на претходната, со тоа што акцентот треба да се стави на крај на 13 и 14 век.

Тип. III.3 (кат. бр. 430)

На овој тип на прстени припаѓа само еден примерок. Изработен е од злато, алката постепено проширува кон главата, но пред да го достигне зенитот се стеснува за главата да дојде посилно до израз. Самата глава има четвртаст облик. Декорирана е со еден плиток зарез кој ја следи формата на главата, а додека на средина од секоја страна има по еден зарез кон внатрешноста со што се добива впечаток дека би требало да имитира фасетирање на камен. Алката е декорирана со коси зиг-заг линии. Откриен е во гробот 127 од Црквиште-Демир Капија[632], поблиски аналогии не се откриени. Според наодот на наушницата со гужва (тип V.2, кат. бр. 159), може да се датира во 12-13 век.

Во оваа група спаѓаат прстените чиишто глави се издвојуваат со нивно едноставно издигање со што се зголемува масивноста на истите. Овие прстени најчесто имаат издолжено елипсовидни, правоаголни, шестоаголни, шестоаголни со прекршени рабови а чести се и осумаголните глави. Рамната површина е многу едноставно декорирана само со некои плитки врежувања во облик на крст или буквата Х како и декорација на кружни вдлабнувања или т.н. декорација во форма на птичјо око. Од ареалот на Просек овој тип на прстени се застапени на некрополите на Крстеви[633] во гроб 15 и гроб 64 и Црквиште кај Корешница, како и на Црквиште-Демир Капија во гробовите 1, 2, 181, 288 и 400, како и два

[630] Petrov 2018, 416-417, Pl. II.3, 4.
[631] Aleksova ...
[632] Aleksova 1966, XIX, sl. 221.
[633] Манева 2000,

вонгробни наоди. Според стратифицираните наоди од оваа варијанта истите се датираат во 11-12 век[634].

Тип IV - Прстени со издигната глава (кат. бр. 430-482)

Во овој тип на прстени сместена е голема група која се одликува со високо издигната глава, којашто што може да има неколку различни облици. Може да се издвојат прстени со купесто издигната глава (431-437), коцкста (438-439), овална со странични издатоци (440-441), полиаголна (442-443), овална (443-445), надолжно раздвоена (446-447), кружна (448-458), бадемаста (463-466), кружна со широка глава која доминира над алката (467-473), кружна цилиндрично издигната (474-476), глава во вид на гранули (477) и коцкесто издигната глава (478). Оваа група може да се датира доста широко од 10-12 век за наодите од Крстеви-Корешница сѐ до 15-16 век за дел од наодите од Црквиште-Демир Капија и Црквиште-Корешница.

Тип V - Прстени со издигната глава и нагласени рамења (кат. бр. 483-520)

Посебна група на наоди претставуваат прстените со издигната глава и нагласени рамења. Главата е заедно лиена со обрачот. Изработувани се исклучиво од бронза. Варијациите кај овие прстени се одликуваат со обликување на главата, нејзината висина и начинот на украсување со што се добиваат бројни вариетети. Формата на главата се разликува со нејзиниот облик од назабена пирамида до конусовидна, а кај некои е и овална. Исто така се разликуваат примероци каде што рамењата се повисоко поставени, кај други се пониско. Во однос на нагласеноста на главата може да се забележат и хронолошки разлики со тоа што повисоко нагласените глави се постари, а помладите варијанти имаат скоро плочеста глава и затоа се блиски со помладата група на лентести прстени. Основните морфолошки одлики укажуваат дека се работи за облик на прстени кои се инспирирани од антички примери. Како предлошка послужиле пртените работени во скапи материјали и декоративни техники. Ова е видливо странично од главата на

[634] Bikić 2010, 98-100.

прстенот каде се јавуваат издатоци во вид на клинови што се чини дека е остаток од копираните прототипови, каде ваквите клинови се остаток од фасетирање на скапоцените камења со кои биле украсени[635].

На територијата на Македонија овие прстени се најчести, а најголемиот дел од нив се откриени во гробниот инвентар на некрополите, ова е правило за некрополите на Просек. Според В. Григоров на територијата на Бугарија најчесто се среќаваат во тврдините, а тоа го доведува во сооднос со обновата на византиската власт и присуството на византиската војска, според него овој тип на прстени не се среќава на некрополите[636]. Според В. Бикиќ, слична е ситуацијата и со Србија, односно во подунавието овие прстени главно се откриваат во населбински структури, додека на југот на Србија и Косово, односно во краевите што се поблиску до Македонија истите се откриваат во некрополи. Ако се земе точна претпоставката на В. Григоров, дека во Бугарија истите се поврзуваат само со византиската војска во тврдините, а не бил прифатен од локалното население. Од друга страна пак наодите од Македонија укажуваат дека овде, овој тип на прстени бил еден од ниомилените форми, широко прифатен од поширокaта народна маса, често присутен на селските некрополи од крај на 10 до првите децении на 12 век. Според Е. Манева нивната продукција треба да се побара на територијата на Македонија од каде подоцна се рашириле на Балканот[637].

Согласно бројноста на овој тип на прстени во ареалот на Просек тие можат да се раздвојат во пет групи, согласно нивните морфолошки особености.

Тип V.1 (кат. бр. 483-488)

Оваа варијанта на прстени се одликува со високо издигната пирамидална, скалесто обликувана глава, како и високо издигнати рамења коишто од надворешната страна имаат зарези. Се одликуваат со брадавичесто испакнување на врвот на главата. Формата на алката им е кружна до јајцевидна, а пресекот е во одлик на латинската буква „D“, од внатре рамен, додека од надвор полукружен. Се карактеризираат со изработка во квалитетен калап и јасни остри линии. Од ареалот на Просек од овој тип на прстени се откриени шест примероци, на некрополите Црквиште-Демир Капија каде се откриени по

[635] Манева 1992, 84.; Bikić 2010, 102.
[636] Григоров 2007, 60-61.
[637] Манева 1992, 85.

еден прстен во гробовите 1, 181 и 181а и два вонгробни наоди[638] и еден прстен откриен во гроб 20 од некрополата Крстеви-Корешница[639]. Слични примероци се откриени и на некрполите Трнче-Стреа – Пепелиште, Крњево-Кавадарци, Задна Река-Мариово, Стоби-Градско, Оризари-Кочани во Македонија[640]. Од достапната литература, аналогни примери од поширокиот ареал, од оваа варијанта не се најдени. Наодот од Крстеви-Корешница е откриен во оштетен гроб, па не е сочуван целиот инвентар за да може подетално хронолошки да се определи. Но затоа пак наодот од гробот 181 од Црквиште-Корешница, според останатите наоди може сигурно да се датира на преодот од 10 во 11 век. Гробните содржини на гробовите 61 од Пепелиште и 54 и 71 од Задна Река-Мариово, каде се откриени со прстени со цилиндрична глава и вметнат украс (тип ), како и гроздолика (тип.II.1) и наушница со четири јагоди (тип.III.6) од гробот 71 од Задна Река, ја даваат истата хронолошка рамка од крај на 10 и почеток на 11 век, за оваа варијанта на прстени[641]. Ваквата датација е во согласност со размислувањата на В. Јовановиќ, дека оваа варијатна, според високата пирамидална глава и јако нагласените рамења би претставувала рана варијанта на овој тип на прстени и истата претходи на варијантата со зарамнета глава[642].

Тип V.2 (кат. бр. 489-503)

Оваа варијанта е доста слична со претходната, со таа разлика што рамењата се рудиментирани и слабо нагласени. На главата кај оваа варијанта не се забележуваат зарези, а кај поголем дел од примерите се губи и брадавичестото испакнување на врвот. Алката кај оваа варијанта е потенка, а често и деформирана. Овие прстени упатуваат на послаба изработка, излиени во лошо изработени калапи, без доработка. Од ареалот на Просек најзастапена е помеѓу прстените од тип IV, откриени се девет на некрополата Црквиште-Демир Капија од кои три во гробот 1, два во гробот 181, еден во гроб 472 и три вонгробни наоди, од Крстеви-Корешница потекнуваат четири примероци од кои по еден во гробовите 4, 9, 11 и 12, последниот примерок потекнува од Ограда-Бистренци откриен во гроб 57. Од достапната литература не се познати слични примероци од поширокиот балкански ареал. Слични наоди се откриени во блиските некрополи во Пепелиште и

[638] Aleksova 1966,
[639] Манева 2000, 73-74, T.XX.5.
[640] Манева 2000а, 33, XXV.2.; Алексова 1978: сл. 9 и 13.; Кепеска 2008, 54, сл. 83-84.; Т.XIX.5-6.; Алексова 1966, T.III.6.; Јовановић 1978, 67-82, T.I.5, T.II.1.
[641] Манева 2000а, 101-104, сл. 82.; Кепеска 2008, 110-113, 125-127, сл. 177, 201.
[642] Јовановић 1978, 82.

Крњево[643]. И оваа варијанта како и претходната може да се датира на преминот од 10 во 11 век.

Тип V.3 (кат. бр. 504-510)

Третата варијанта на овој тип се одликува со високо издигната и нагласена глава, која на врвот има слабо квадрадно испакнување. Рамењата на прстенот се високо кренати и сало нагласени. Странично покрај главата има клинасти испакнувања коишто асоцираат на фасетирање. Прстените од оваа варијанта се одликуваат со масивност и квалитетен прецизен одливок со јасно дефинирани детали, освен кај последните два примероци, кои се со нешто послаба изработка. Од ареалот на Просек се застапени со вкупно седум примероци од кои на некрополата Црквиште-Демир Капија со четири примери, и тоа два во гроб 1 и два како вонгробни наоди, од некрополата Крстеви-Корешница познати се три примероци од кои по еден во гробовите 16, 20 и 34[644]. Сличен прстен е најден на некрополата Матичене-Приштина[645]. Според гробните инвентари во кои прстените од оваа варијанта се откриени соодвествува со датацијата на претходните две варијанти, на преодот од 10 во 11 век, со можно нивно користење во првата половина на 11 век, на оваа датација се придружува и прстенот од Матичане.

V.4. (кат. бр. 511-516)

Четвртата варијанта на овој тип на прстени се одликува со нагласена купаста глава, рамно засечена и благо нагласени рамења. Површината на главата е декорирана совтиснати орнаменти во вид на птичјо око кои се три до пет на број. Од ареалот на Просек овој тип на прстени се откриени во седум примероци од кои четири на некрополата Црквиште-Демир Капија, два во гроб 181а, еден во 181 и еден вонгробен наод[646], додека на некрополата Ограда-Бистренци се откриени три премероци од кои два во гробот 57 и еден во гроб 3[647]. Слични примери се откриени на некрополите Пепелиште, Задна Река-Мариово, Лабино-Охрид, Радолишта-Струга, Прилеп[648]. Прстени од оваа варијанта откриени се и на локалитетите во Прахово, Ристовац, Курвинград и Матичане во Србија[649],

643 Пепелиште 2000а, Т.XXV.1, 9.; Алексова 1978, сл. 14, 16 и 18
644 Манева 2000, 73-74, Т.XX.6, 7, 10.
645 Jovanović et Vuksanović 1981, Y240/2/2.7.
646 Aleksova 1966, T.XVII.
647 Блажевска 1995, Т.2.2.; Блажевска 2005, 244-245, Т.VI.5, 9.
648 Манева 2000а, Т.XIV.6, 8, 10.; Кепеска 2008, Т.XX. 1-3, 5-9.; Јовановиħ 1978, Т.III. 9, Т.IV.1-3, 7-8.; Манева 1992, Т.77.86/29, 86/30, 86/31, 86/32, П/1.
649 Јовановиħ 1978, Т.III.6-8, Т.IV.4,6.

како и во Плиска, Одрци, Скала, Добрич во Бугарија[650], Диногеција во Романија, и од Глики во Грција[651]. Според В. Јовановиќ оваа варијанта, заради тенденцијата да се постави поголема зарамнета глава ги приближува кон лентестите прстени, а со тоа и нивната датација треба да биди кон крајот на 11 и првите децении од 12 век[652]. Сепак, како и кај претходните варијанти од овој тип, датирањето на прстените од затворени гробни целини се врзува за крајот на 10 и почеток на 11 век. Најдобар показател ни е гробот 181 и 181а, но исто така и наодот од Одрци е сигурно датиран во оваа хронолошка рамка, откриени заедно со прстени со вметнат украс.

Тип V.5 (кат. бр. 518-520)

Посебна варијанта на овој тип, претставуваат прстените изработени од приближно кружна, затворена алка со правоаголен пресек, која на на горниор дел има коцкасто испакнување. Кај два од примероците лево и десно од испакнувањето има поставено по едно пластично ребро во вид врвца, додека кај третиот примерок лево и десно има поставено по уште едно коцкасто испакнување. Кај третиот примерок централното, како и страничните испакнувања се декорирани со врежани линии кои се сечат под прав агол формирајќи мрежест орнамент. Кај останатите два примероци испакнувањата се без декорација. Прстените од овој тип се откриени во вкупно три примероци од кои два на Црквиште-Демир Капија, еден од гробот 2 и еден вонгробен наоди, како и еден на Крстеви-Корешница, откриен во гроб 11[653]. Слични наоди се најдени на некрополите Пепелиште и Задна Река-Мариово и Хераклеја-Битола[654]. На Балканот се откриени во Браничево во Србија, Матичане-Приштина на Косово, како и Мишевско во Бугарија[655].

Прстените од оваа варијанта откриени во гробни целини, според останатиот гробен инвентар, не отстапуваат од датацијата утврдена кај другите варијанти од тип IV, како и останатите варијанти се датира кон крај на 10 и првите децении на 12 век. Ваквата датација е оправдана согласно гробните инвентари на гробовите 11 од Крстеви-Корешница, 121 од Задна Река-Мариово, 61 од Пепелиште, како и од 31 и 46 од Матичане.

---

[650] Дончева Петкова 2005, обр.14/363$_{1}$, Т.XXXIII.; Григоров 2007, 60-61, обр. 68, тип. VII.1.
[651] Јовановић 1978, Т.III.5.
[652] Јовановић 1978, 82.
[653] Манева 2000, 74, сл. 58, Т. XXI.4.
[654] Манева 2000а, 33-34, XXIV. 1-2, XXXVI.1-2.; Кепеска 2008, 54-55, сл. 85, Т.XIX.7-8.; Манева 1986, 192, сл. 21а,б,в.
[655] Bikić 2010, sl. 77.; Jovanović et Vuksanović 1981, Y243.5., Y245/2/1.8.; Въжарова 1976, 309, 374, обр. 193$_{106}$, обр. 225$_{22а,б}$, тип 8.

Согласно погоре изнесеното, може да се предложи стеснување на хронолошката рамка на прстените со издигната глава и нагласени рамења од досегашната 10-12 век[656], на крај на 10 и први децении на 11 век. Ова стеснување на хронолошката рамка е оправдано бидејќи овој тип на прстени во затворени гробни целини се открива исклучиво со наоди од типот грозолики наушници, наушници со четири јагоди, прстени со вметнат украс, како и прстени со купаста глава, што ја прави оваа предложената хронолошка рамка оправдана. Треба да се земи во предвид дека прстените со издвоена пирамидална или засечена купаста глава без нагласени рамења, кои се слични на овој тип не влегуваат во оваа група. Прстените без нагласени рамења може да се сметаат како продолжеток на овој тип и нивна продолжена употреба до првите децени на 12 век.

### Тип VI - Прстени со тричлена разделба на главата (кат. бр. 521-529)

Посебен тип претставуваат прстените со тричлена разделба на главата[657]. Овие прстени се изработувани со лиење, до сега се откриени само примероци излеани во бронза. Главата којашто е оформена во вид на ромбоидна плочка е леена заедно со алката којашто е со кружен пресек. На местата каде алката преминува во ромбоидната глава има три пластични задебелувања, меѓусебе засечени, тако што наликува на декорација изведена со гранулација. На главата најчесто има изведено декорација со втиснување на орнаменти во вид на т.н. птичјо око. Втиснатите орнаменти се крстовидно организирани. Од ареалот на Просек се откриени девет примероци од овој тип и тоа седум од некрополата Ограда-Бистренци од кои по два во гробовите 32 и 57 и по еден во гробовите 8, 18 и 30[658], еден прстен од гробот 1 од Крстеви-Корешница[659] и еден вонгробен наод од Црквиште-Демир Капија. Од Македонија прстени од овој тип се откриени на некрополите во Пепелиште, Задна Река-Мариово, Цигански Гробишта-Радолишта, Цигански Рид-Кочани и Стар Караорман-Штип[660]. Овој тип на прстени е присутен и на поширокиот Балкански ареал, се среќава во Ритопек, Мачванска Митровица, Ѓонај, Костол и Гамзиград[661] во Србија,

[656] Јовановић Манева 1992, Bikić 2010, Григоров 2007, 61.
[657] Манева 1992, 85-86.
[658] Блажевска 1995, 193: 195, Т.3.2, Т.4.3.; Блажевска 206-211, Т.III.3, 19.; Блажевска 2005, 57-58, Т.VI.8.
[659] Манева 2000, 74-75, XXI.1.
[660] Манева 2000a, 34, XXVI, 1, 3, 5.; Кепеска 2008, XXI.8.; Алексова 1964a: 99, сл. 4. Манева 1992, 85-86.Т.80$_{86/30, 86/35, 86/34, O/16, 54/1, 100/1, 21/11}$. *Охрид и охридско* 1985, Т.XX.; Лахтов 1957,
[661] Bikić 2010, 96-97. sl. 67.; Бајаловић – Хаџи-Пешић 1984, Т.VII.4.

Одрци, Плиска, Јакимово, Градешница, Долни Луковит, Гарван-2, Галиче, Севтополис во Бугарија[662], Коринт во Грција[663].

Вообичаената датација на овој тип се движи во рамката од 10-12 век. Но според гробните инвентари од Крстеви-Корешница и Оградa-Бистренци каде овој тип на прстен е откриен укажува дека датацијата 10 век, барем за територијата на Македонија е преуранета. Овој тип не се среќава во гробниот инвентар на гробовите датирани во 10 век од овој ареал. Според ова долната граница би требало да се помести кон почетокот на 11 век, па истата да се движи 11-12 век, со посебен акцент на 11 век.

Тип VII - Прстени со вметнат украс (кат. бр. 530-551)

Овој тип на прстени се карактеризира со цилиндрично, овално или квадратно издигната глава во која е вметнато украсно стакло. Традицијата на изработка на прстените со вметнат камен или стаклена паста влече корени уште од антиката. Луксузните варијанти на римски прстени датираат уште од 1 век и траат долго[664]. Во средниот век овој тип на прстени повторно се враќа во мода, иако не е многу чест на средновековните локалитети, сепак онаму каде се открива во некрополите сведочи за покојници од повисок социјален статус. Изработувани се во повеќе варијанти кои се организирани според начинот на којшто е изработено лежиштето за каменот и начинот на изработка на алката од мазна лентеста или тордирана. Кај прстени од овој тип алката и главата се раздвоени, односно главата по правило налегнува преку алката од прстенот. Од ареалот на Просек откриени се 22 примероци поделени во четири варијанти и повеќе вариетети, од кои најбројна е втората варијанта.

Тип VII.1

(**Кат. бр. 530-534**) На оваа варијанта припаѓаат прстените со елипсовидно или цилиндрично лежиште во кое е вметната стаклена паста со темно сина боја, лежиштето е обрабено со топчести гранули групирани по четири, односно по три гранули налепени на

662 Дончева-Петкова 1999, TXLVII, 614-615.; Григорив 2007, 59-60, обр. 66.; Въжарова 1976, 129, 374-377, обр. $129_4$, $225_{10, 11}$, Таб. 19.; Чангова 1972, 109-110, обр. 90.4.
663 Davidson 1952, 228, 234, Pl. 102, cat. no. 1818.
664 Bikić 2010, 104-105.

основата од лежиштето и една гранула поставена врз нивниот центар, така горниот ред на гранули е поредок, а долниот погуст, во оваа варијанта се разликуваат два вариетети според начинот на обликување на алката и тоа на VII.1а припаѓаат прстените со лентеста алка, додека на VII.1б припаѓаат оние со тордирана алка, на местото кадешто се спојува алката со главата изведен е орнамент од гранули во вид на грозд. Откриени се во вкупно пет примероци од кои три се од некрополата Црквиште-Демир Капија, по еден во гробовите 494 и 52, како и еден вонгробен наод[665], како и два прстена од некополата Крстеви-Корешница[666], по еден во гробовите 1 и 52. Слични примероци се откриени нак некрополите Пепелиште, Трпчева Црква-Мариово, Варош-Прилеп[667]. Од поширокиот ареал откриени се во Белград, Трњане, Винча-Стари Костолац, Ниш, Трајанов Мост[668] во Србија и Луковит, Перник и Одрци во Бугарија[669]. Примероците од Крстеви-Корешница можат да се датираат кон крај на 10 и 11 век. Г. Марјновиќ-Вујовиќ прстенот од Долниот Град, на Белградската Тврдина го датира во текот на 10 век и смета дека тој во гобот доспеал брзо по неговото продуцирање, додека за прстенот од Трњане истиот автор изнесува датација 11 век со можност негово траење и до 12 век, како што е потврдено на некрополата во Винча-Стари Костолац. Долгото траење на овој вид на прстења го оправдува со нивната вредност и предавање од генерација на генерација[670]. Во Дескрол-Унгарија, прстен од овој тип е откриен со монета на Унгарскиот крал Стефан I (1000-1038)[671]. Според ова и прстенот од гробот 494 од Црквиште-Демир Капија може да се смета дека ја имал сличната судбина. Иако ги има сите карактеристи на пораните прстени датирани во 10-11 век, истиот е откриен во гроб којшто може да се датира по втора половина на 12 век.

Тип VII.2

Овие прстени се одликуваат со високо цилиндрично лежиште во кое е поставена стаклена паста со светло жолта/зеленикава или пак модро сина боја, којашто го надвишува, алката

[665] Aleksova 1966, T.XVIII. 193, 195.
[666] Манева 2000, 70-71, T.XVII.1-2.
[667] Манева 2000а, XXII.1, 3, 5, 8, XL.1, 3.; Кепеска 2008; Бабиќ 1986, ;
[668] Марјановић-Вујовић 1984, 88, сл. 187.; Марјановић-Вујовић 1989: 22, 23, сл. 10.; Минић и Томић 1974: T.II.1.; Ерцеговић-Павловић 1976, 91, T.VIII.3.; Bikić 2010, 108-109, sl. 81. Спасић 1990: 166, сл. 7.; Гарашанин, Васић и Марјановић-Вујовић 1984, 46-47, сл. 34.
[669] Чангова 1992, обр. $122_{15}$, $124_{2}$.; Дончева-Петкова 1998, 124, обр. 15, $376_{29}$, T. CXXXVI.29, тип XXVI. Геориева и Пешева 1955: 544-545, обр. 40.9.;
[670] Марјановић-Вујовић 1984, 88. Спасић 1990, 166.
[671] Дончева-Петкова 1998, 124.

е лентеста, се разликуваат две вариетети, VII.2а е украсена со златарската техника филигран, од надворешната страна на лежиштето се аплицирани четири потковичести украси од тенка жица, коишто се поставени во форма на крст, алката е лентеста, на нејзе е поставена декорација изведена од филигранска жица во форма на брановидна линија, односно орнамент во форма на грчката буква омега којшто беспрекинато продолжува од едниот крај на алката до другиот, овој орнамент е обрабен странично со по две филигрански жици, вариететот VII.2б ја задржува истата форма и елементи како претходниот вариетет, со таа разлика што овде изостанува украсата изведена со филигранска жица, само кај еден од примероците врз рамената од мазна лента се поставени по еден кружен орнамент изведен од жица на секоја од страните. Помеѓу тип VII, варијантата два е најприсутна. Од ареалот на Просек потекнуваат вкупно 4 примероци, распределени во два вариетети, од првиот вариетет има еден примерок којшто потекнува од гроб 28 од Црквиште-Демир Капија[672], додека од вториот вариетет потекнуваат три примероци од Крстеви-Корешница, два во гроб 7 и еден во гроб 39[673]. Слични се откриени на некрополите Пепелиште, Трпчева Црква, Хераклеја-Битола, Радолишта-Струга и Дулица-Делчево[674]. Аналогни примероци на двата вариетети од овој тип се наоѓаат во Коринт-Грција[675], додека од вториот вариетет во некрополата Ловеч во Бугарија[676]. Првиот вариетет од оваа група на Коринт е датиран во 6-7 век, сепак со оглед на гробниот инвентар на гроб 28, прстенот од Црквиште-Демир Капија може да се датира кон крајот на 10 и 11 век, со оглед на тоа што е откриен со прстен со нагласена глава, како и прстен со испакната конусоидна глава. Втората варијанта на прстени е откриен исто така во комбинација со прстени со испакната конусовидна глава во гробот 39 од Крстеви-Корешница, па може и неговото датирање да се стави во рамките на 10 и 11 век, како што предлага и Е. Манева[677].

---

[672] Aleksova 1966, T.XVIII.192.
[673] Манева 2000, 70-71, T.XVII.7, 9, 10.
[674] Манева 2000а, 34-35, T.XXII.6.; Кепеска 2008, T. XIV. 4, 5, 6, 7, 8, T.XIX.1, XXXIII.3, 4, 5, 6., T.XXXIV.3.; Манева 1986, 24а,б,в, 25 а,б,в,.; *Охрид и охридско* 1985, T.XX.; Mikulčić i Keramitčiev 1972, T.II.5.; Манева 1992, 87,T.82 16/5, 86/37, 2/11, 2/6, 31/153.
[675] Davidson, 1952, за вариетет VII.2a види Pl.102, кат. бр. 1830, 1831, 1832, type D, за вариетет VII.2б, види Pl.102, кат. Бр. 1821, 1822, 1826, fig. 41, type C.
[676] Георива и Пешева 1955, 544-545, обр. 40.4.;
[677] Манева 2000, 70-71.

Тип VII.3

Варијантата се одликува со ниско плочесто лежиште во кое е вметната стаклена паста со зелена или модро сина боја која го надвишува лежиштето, а околу кое има оквир од мазна или усукана филигранска жица, се разликуваат три вариетети, VII.3а се одликува со алка изработена од филигрански мазни и усукани жици споени меѓусебе, врз кои е залемено лежиштето, за VII.3б е карактеристична мазна лентеста алка од бронзена ламарина, како посебен вариетет VII.3.в, може да се издвои прстенот којшто наликува на вториот вариетет, но се издвојува по необично големото лежиште и украс од стаклена паста вметнат во него. Оваа варијанта на прстени се откриени во девет примероци и тоа во шест од некрополата Крстеви-корешница, од кои по еден во гробовите 4, 12, 17, 19, 25 и 62, и по еден прстен од некрополите на Црквиште-Демир Капија во гроб 359, Ограда-Бистренци во гроб 8 и Мали Дол-Тремник во гроб 21. Од Македонија слични прстени се откриени на некрополите Пепелиште, Трпчева Црква-Мариово, Радолишта-Струга, Дулица-Делчево и Оризари-Кочани[678]. Од Балканот откриени се на Велики Градац и Мириево во Србија[679], Матичане на Косово[680], Перник, Златоград, Одрци и Дјадово[681] во Бугарија. Наодите од првиот вариетет се често застапени на поширокиот балкански ареал. Датирани се во периодот од 10 до 12, но како што покажуваат гробните инвентари од Крстеви-Корешница, Одрци-Бугарија и Матичане на Косово, нивната употреба најчесто се врзува за крајот на 10 и првите децении на 11 век. Иако вториот вариетет на изглед е порустичен, истиот егзистира паралелно со првиот, во гробот 17 од Крстеви-Корешница, откриен е заедно со пар на гроздолики наушници (тип II.1). Последниот трет вариетет со оглед на нагласеноста на лежиштето и неговата доминантност, најверојатно потекнува од подоцна продукција 14 век или во раното турско средновековие[682].

---

[678] Манева 2000а, T.XXII, 2, 4, 7, 9.; Кепеска 2008, T.XVIII, 7, 8, 9, T;XIX, 2, 3.; Mikulčić i Keramitčiev 1972: T.II.5.; Алексова 1964, 90-91, T.III. 11-13.; Алексова 1978, сл. 17.; Манева 1992, T. 82$_{24/5,\ 24/4,\ 24/10,\ 16/4,\ 19/12}$.

[679] Радичевић 2007, 91-92, сл.1/6.; Бајаловић-Бирташевић 1960, 33, T.XV.4.; Бајаловић – Хаџи-Пешић 1984, 43-44, кат. бр. 291-292, T.VI.10-11.

[680] Jovanović et Vuksanović 1981, Y240/2/2.8, Y245/2/1.10,11.

[681] Чангова 1992, обр. 122$_8$.; Дончева-Петкова 1998, 124, обр. 15, 532$_{19}$, T.LV. 10$_4$, T.XX.81$_{17}$, T.LXXVI.109$_{12}$, T.CXVII.326$_{13}$, T.CXXIV.340$_{10}$, T.CXXXVI.376$_{27}$, T.CLXIV.532$_{19}$, тип XXIII.; Borisov 1989, 280. fig. 331$_{a\text{-}e}$.

[682] Од составувачите на каталогот овој прстен е датиран 10-12 век, што се чини дека е премногу рано. Слични примероци потекнуваат од Бољевци, датиран во 14 век. Бајаловић – Хаџи-Пешић 1984, T.XLVII.1, кат. бр. 351.; Овој примерок може да се доведе во врска и со масивниот луксузен прстен од Кратово, датиран во раното турско средновековие. Спореди Манева 1992, 87-88, T.82$_{26/7}$.

Тип VII.4

(**кат. бр. 549**) Се карактеризира со високо конусно лежиште излеано заедно со алката, стаклената паста недостасува, но очигледно е дека не го надвишувало самото лежиште, странично е изведена декорација во вид на клинови. Овој вариетет е откриен сасмо во еден примерок, како вонгробен наод од Црквиште-Демир Капија[683]. Најблиски паралели овој вариетет наоѓа со прстенот од гроб 40 на некрополата Трпчева Црква-Мариово, каде во лежиштето е вметната античка гема[684]. Овој тип на прстен е откриен со наушници со конусовиден привезок датирани во 11-12 век, како и со прстени со издвоена глава и нагласени рамења (тип IV.4) датирани во 10-11 век. Според ова може и примерок од Црквиште-Демир Капија да се датира во 11-12 век, со посебен акцент на 11 век.

Тип VII.5

(**кат. бр. 550**) Оваа варијанта се одликува со овално лежиште изработено од железо, чијашто надворешна страна е назабена во кое е вметната стаклена паста од модро сина боја со овална форма, лежиштето е напречно залемено врз профилирана лентеста алка којашто под рамењата се проширува и е декорирана со врежани геометриски орнаменти, на местото каде што се спојува алката со лежиштето има низа на врежани надолжни линии. Единствениот примерок од оваа варијанта е откриен во гробот 53 од некрополата Крстеви-Корешница[685]. За овој вариетет нема паралели во постојната литература, со оглед на егзистирање на некрополата од 10 до 12 век, ова би било хронолошката рамка на овој вариетет, со акцент на 12 век, за што сведочи локацијата на откривање, односно крајниот западен дел од некрополата каде се посведочени најмладите погребувања од фазата Крстеви II датирана во 12 век[686].

Тип VII.6

(**кат. бр. 551**) Последната варијанта од овој тип на прстени се одликува со лежиште за украс во вид на превртена засечена пирамида, низ чиј долен дел поминува алката со кружен пресек. Во лежиштето е вметнато стакло со белузлава боја. Единствениот

---

[683] Не е прикажан во каталогот на наоди кај Б. Алексова. Информацијата за овој прстен е добиена од музејската документација. Aleksova 1966.

[684] Кепеска 2008, 55, 95-97, сл. 89, 155, Т.XXI.9.

[685] Манева 2000, Т.XVIII, 6, 7, Т.XXI.5.; Деловите од овој прстен се откриени раздвоени, дури по конзервацијата на истиот е утврдено дека трите дела потекнуваат од еден прстен со круниште и вметната стаклена паста при што е истиот е споен.

[686] Манева 2000, 129-133,

примерок е откриен во гробот 10 од некрополата Јака Чемша-Црквар во селото Тремник[687]. Најсличен по изглед е еден прстен од Коринт[688]. Целата некропола е датирана во раното турско средновековие, па така и овој прстен би се вклопил во овие временски рамки.

Тип VIII - Прстени со испакната конусовидна или калотеста глава (кат. бр. 552-571)

Една од најелаборираните форми на накит откривани често на Балканот се прстените со испакната конусовидна или калотеста глава. Овој тип на прстен и неговите варијанти изработувани се во бронза и сребро, во техника на гранулација, филигран и ажурирање. Сите примероци се одликуваат со поставена крупна гранула на врвот од главата. Според начинот на изработка и украсување и големината на главата, како и на начинот на изработка на алката можат да се поделат на неколку варијанти коишто се застапени помеѓу обработените примероци. Во првата варијанта **VIII.1.** прстени со крупна конусна глава украсена во комбинирана техника на филигран и гранулација, со филигранска жица се формира крстовиден орнамент, додека останатиот простор е исполнет со ситна гранулација, алката е мазна лентеста, на рамењата е аплицирана декорација со три гранули; **VIII.2.** прстени со крупна конусна глава украсена со спирално намотана филигранска жица од дното до врвот на главата, алката е мазна, на рамењата аплицирана декорација во вид на грчката буква „Ω“ од филигранска жица; **VIII.3.** се одликуваат со помала калотеста глава, декорирана на начин како VIII.2, алката на прстенот е лентеста изработена од четири меѓусебно споени филигрански жици; **VIII.4.** во оваа варијанта спаѓаат прстените со помала калотеста глава изработена во техника на ажуриран филигран организиран во вид на розета, алките се лентести, изработени од четири до седум филигрански жици меѓусебе организирани во комбинација на мазна и усукана жица, или пак во еден случај се јавува спирално намотана филигранска жица оивичена од секоја страна со две мазни филигрански жици, една потенка и една подебела; **VIII.5.** одликува со помала калотеста глава од сребрен или бронзен лим чија површина може да биде мазна, кај сребрените примероци, или украсена со мазна или усукана филигранска

[687] Мандић 1986, 148.
[688] Davidson 1952, cat. no, 1822, Pl. 102.

жица кај бронзените примероци, организирани се така што формираат крстовиден орнамент, алката е лентеста, формираа од наизменично поставени мазна и усукана филигранска жица од пет до седум на број.

Од ареалот на Просек, до сега се откриени осумнаесет целосни или фрагментирани примероци со испакната конусовидна или калотеста глава. Десет од откриените примероци потекнуваат од Црквиште-Демир Капија и тоа од гробовите 97 и 368 по два примероци, во гробовите 95, 127 и 159 по еден примерок и три вонгробни наоди[689], додека осум примероци потекнуваат од некрополата Крстеви-Корешеница и тоа по два примероци од гробовите 34 и 37 и по еден од гробовите 9, 31, 32 и 39[690]. Вакви прстени се познати и од некрополата Пепелиште, Хераклеја-Битола, Оризари-Кочани, Дреново и Крњево-Кавадарци а најбројни се на некрполата Трпчева Црква-Мариово од каде потекнуваат вкупно 27 прстени од кои 18 се откриени во два гроба, (десет во гроб 121 и осум во гроб 81)[691]. Прстените одо овој тип се откривани на една поширока територија на источниот дел од Балканот, а поретко и на западниот дел. Познати се бројни примери од Трњане, Рас, Браничево во Србија, Матичане на Косово, Плиска, Ветрен, Ловеч, Средиште во Бугарија, Романија, Старо Место во Чешка, Брибиска Главица, Бискупин, Островица во Хрватска и Словенија[692]. Хронолошката рамка на овој тип на прстени е доста широка и се движи од 10 до крај на 12 век, сепак најинтензивното нивно користење е кон крајот на 10 и низ 11 век, кога се датираат и прстените од Македонија и ареалот на Просек. Дискутабилниот гроб 345 од Црквиште-Демир Капија[693], ако претпоставиме дека прикажаниот гробен инвентар е сигурен, тогаш може да се каже дека на оваа некропола

[689] Aleksova 1966, T.XVIII, 175-190, со исклучок на 188. Според публикацијата на Б. Алексова, односно T.XVIII, овде се откриени петнаесет примероци, додека според музејската документација од овде потекнуваат десет примероци. Овде се прикажани само тие примероци што можат да се следат во музејската документација.

[690] Манева 2000, 71-73, T.XIX, 1-8.

[691] Манева 2000a, 34, XXIII, 1-2.; Манева 1986, 194, сл. 26а,б,в.; Алексова 1964: TIII.8.; Алексова 1978, 32, 36-37, сл. 15.; Кепеска 2008, 48-51, T.XV, 1-10, T.XVI, 1-8, T.XVII, 1-9.; Манева 1992, На некрополата Трпчева Црква-Мариово, се застапени само бронзени примероци, додека целосно отсуствуваат сребрените.

[692] Марјановић-Вујовић 1984, 93, сл. 207.; Popović 1999, sl. 203/1. kat. Br. 371.;Jovanović, Vuksanović and Berić 1972,107-111, fig.2, fig 7.; Jovanović-Vuksanović 1981, Y239.4-5; Y240.11, Y244.3, Y245/2/1.7,9,;Григоров 2007, 62-63.; Георгиева и Пешева 1955: 544-546, обр. 40, 7-8.; Гатев 41-43, обр. 6, тип. VII-3, VII-4.; Dostal 1966, 56-58, obr. 34-37.; Petrinec 2009, 243-244, T.128.3, T.229.2-3, T.304.7, T.151.4.

[693] Во археолошкиот дневник од ископувањата во 1954 во св. III, не се забележани наоди во овој гроб, а монетата е дополнително запишана, додека во теренската инвентарна книга оваа монета не се споменува, а се споменува само бакарен прстен (sic!).

биле користени на преодот од 10 во 11 век[694]. Во овој гроб прстенот од тип VII е откриен со анонимен фолис класа А2 датиран во времето на Василиј II[695].

Тип IX - Прстени со натпис (кат. бр. 572-573)

Во посебна група спаѓаат прстените со натпис и декорација на рамењата во вид на врежано гранче[696]. Натписите се хоризонтални изведени во три редни. Соджат литургиски натпис со молба за помош божја. На прстените од ареалот на Просек е испишана инвокацијата:

| | |
|---|---|
| ΚΕΛ | Κ(ύρι)ε <Β> |
| ΟΗΘΗ | Οήθη |
| ΑΝΑ | άνα |

Според Е. Манева се чита од долу нагоре додека според А. Јангаки од десно кон лево[697]. Оваа инвокација е честа и означува „Господи помогни на 'недостојниот'/'оној што чита'[698]. Откриени се откриени два прстени од овој тип од ареалот на Просек, првиот потекнува како вонгробен наод од Црквиште-Демир Капија, додека вториот е од Мали Дол-Тремник. Ова се единствените познати прстени со овој натпис од Македонија[699], но тие се чести во јужниот дел од Балканскиот Полуостров. Аналогни примероци се откриени во Благарево, Варна 2, Градешница, Каварно 1, Капитен Андреево, Мишевско, Гиген, Перник, Јакимово, Цар Асен во Бугарија[700], Далмацес и Пискова во Албанија[701], Коринт, Солун, Месемврија

[694] Јовановиќ 1978, 81.; Jovanović 1977, T.VI.5-5a.
[695] Види подолу во текстот глава IX.
[696] Типолошки прстенот од Мали Дол-Тремник припаѓа на групата лентести прстени (тип I), додека прстсенот од Црквиште-Демир Капија во групата на полнолииени прстени (тип II). Истите се издвоени во посебна група зарада нивната идентична декорација, односно натписот врежан на главата од прстенот.
[697] Според Е. Манева 1992, 93.; Yangaki 2013, 282.
[698] За дискусијата околку значенењето на „Ανα" како машко или женско име, односно име на припадник на еврејската заедница, или пак ознака за недостојниот или оној којшто чита, види повеќе кај А. Јангаки. Yangaki 2013, 281-296.
[699] За други натписи на средновековни прстени спореди Манева 1992, 93-94, Т.88. Ова се и единствените прстени со натпис. За некои други прстени е сугерирано дека можеби содржат натпис, но по конзервацијата на истите е утврдено дека се работи само за декорација којашто има интенции да имитира натпис како што е случајот со прстените кат. бр. 418 и 429.
[700] Въжарова 1976, 345-346, 309, 351, 375, 378-379, таб. 19, обр. $193_{10а,б}$, $225_{17}$, тип шести, варијанта трета.; Чангова 1992, Григоров 2007, 58, 195, обр. 65.2, 3, 4, 5, тип IV.2.; Гатев 1977; 41, обр. 6, тип. II.6.
[701] Spahiu 1971, 246-249, V.12.; Spahiu 1985, 229-246, T.I., T,II.2, T.III.2.; Bodinaku 1981, 247, T.III.5.; Ognenova 1959, 794-799.

во Грција[702]. Слични примероци, но со натпис коишто содржат лично име се откриени и на Сицилија[703]. Примерите од Балканот се датирани во 10-11 век, освен прстените од Далмацес, за коишто е водена долга дискусија, како за потеклото и значењето на натписот така и за нивната датација[704], при што сепак, како што истакнува А. Јанкаги и овие прстени треба да се датираат во оваа хронолошка рамка. Единствено прстенот откриен во Пискова во Албанија е датиран *terminus post quem* со монета на Михаил I (811-813), но монетата во овој гроб е користена како медаљон, па авторот е на мислење дека гробот датира кон крајот на 9 или поверојатно во 10 век[705].

## V.1.4. ДЕЛОВИ ОД ОБЛЕКА

Посебен дел помеѓу археолошките наоди претставуваат деловите од облека, коишто покрај утилитарната намена имале и украсна намена. Во оваа група на наоди спаѓаат копчињата за облека, запоните и аграфите, како и појасните токи. Овој тип на украси на облеката, најчесто се откривани како дел од инвентарот на гробовите, но иако поретко, се откриваат и во населбинските простори и во тврдините. Од ареалот на Просек нивната употреба се јавуваат подоцна и се поврзува со периодот по втората половина на 12 сè до 16 век.

### V.1.4.1. Копчиња

Овој тип на наоди претствавува една од најголемите групи на предмети откриени од ареалот на Просек, најчесто се откривани во гробни целини. Како дел од облеката на покојникот, истите се откриваат бројно застапени од 1 до 13, распоредени под брадата, над клучната коска, централно на градите, од десната страна на градите или пак околу зглобовите на шепата. Во овој труд вклучени се 185 примероци откриени на некрополите

[702] Yangaki 2013.; Davidson 1952
[703] Baldini Lipolis 1999, 208$_{3,4,5}$.
[704] Според одредени мислења овој прстен треба да се датира 4-7 век, 7-8 век, 9-10 век, но и такви кои предлагаат датација 12-15 век. Спореди Spahiu 1971, 246-249, V.12.; Spahiu 1985, 229-246, T.I., T,II.2, T.III.2.; Bodinaku 1981, 247, T.III.5.; Ognenova 1959: 794-799 и таму цитираната постара литература.
[705] Bodinaku 1981, 247.

Црквиште-Демир Капија со 130 примероци[706], Кале-Стрезов Град со 51 примерок[707], Црквиште-Корешница со 5 примероци[708], и на некрополите Крстеви-Корешница[709] и Оградa-Бистренци[710] со по 2 примероци.

Оа ареалот на Просек се откриени повеќе варијанти, коишто може да се групираат според начинот на изработка, материјалот од коишто се изработени и нивната форма. Најчести се примероците изработени од бронза, но иако поретко има и такви од сребро, а откриен е и еден примерок изработен од коска. Според начинот на изработка најчести се шупливите копчиња изработени од две споени калоти, но има и има и изработени во техника на филигран. Сепак треба да се има во предвид дека голем број од предметите коишто имале функција на копчиња најверојатно биле изработени од органски материјали коишто со текот на времето не успеале да се зачуваат. Но треба да се претпостави и дека монистата, коишто понекогаш се откривани само по едно или неколку на број, можно да биле пришивани за облеката и да служеле како копчиња[711]. Наодите од ареалот на Просек може да се поделат по следните варијанти и вариетети.

Тип.I (583-626)

Во оваа група спаѓаат копчињата изработени од две шупло лиени калоти, меѓусебе споени. На горниот крај на копчето е изведена ушка од текна бронзена жица, поретко тесен бронзен тељ. Во оваа група спаѓаат најголемиот број на откриените копчиња. Истите може да се поделат во три варијанти и тоа I.1 копчињата со тело во топчеста форма, со мазна површина без додатоци; I.2 копчиња со долгнавеста форма и мазна површина; I.3 копчиња со топчеста форма и брадавичест додаток во вид на гранула на дното. Овој тип на наоди се едни од најчестите помеѓу инвентарот на средновековните некрополи во Македонија и пошироко на Балканот почнувајќи од 12 век па сè до 17 век. Во Македонија

[706] Во овој дел не се вклучени двете групи на брозени шупло лиени копчиња со 24 односно 20 на број, коишто според истражувачот Б. Алексова се откриени во функција на гердани, нанужани на нишка. За овие вкупно 44 примероци погледниго делот за накит за врат. Во монографијата на Б. Алексова, како што забележал В. Јовановиќ откриени се 142 копчиња, од кои илустрирани се само 24. Сепак со увидот во музејската документација утврдени се 130 копчиња, за две од копчињата е утврдено дека се работи за аграфи, додека нејасна е судбината на 10 копчиња, коишто најверојатно, поради кревката структура биле многу слабо сочувани уште при самото нивно откривање, па истите се сочувани само во мали фрагменти. Според Aleksova 1966, 60-61, T.XIX, sl. 239-255.; Јовановиќ 1971, 129-130.

[707] Petrov 2018, 419, Pl.II, cat. no. 5-21.

[708] Petrov 2017, 71-78.

[709] Манева 2000, 75-76, Т.X.8-9.

[710] Блажевска 1996, 204-205, 209, Т.I.1-2.;

[711] Гатев 1977, 31.; Марјановиќ-Вујовиќ 1984, 72-73.

се откриени на некрополите во Стоби, Прилеп, островот Голем Град-Преспа, Водоча[712] итн. Оваа варијанта хронолошки припаѓа на периодот на 12 до 17 век, со тоа што за првите две варијанти I.1 и I.2 горната хорнолошка граница би била крај на 17 век, со посебен акцент од ареалот на Просек во периодот на 13 и 14 век, додека кај последната варијанта со брадавичести додатоци, долната хронолошка граница би била крај на 14-почеток на 15 век сè до 17 век. Овој тип на копчиња, од сите три варинати целосно отсуствува од инвентарот на некрополите од првата група, односно од некрополите датирани во 10-12 век, а се често присутни кај некрополите од втората група. Најрано датирано копче е од гробот 142 од Црквиште-Демир Капија, откриено со монета на Мануил I Комнен (1143-1180). Копчињата од третата варијанта, најбројни аналогии наоѓаат помеѓу наодите од некрополата Водоча, каде се откривани заедно со материјал од 14-17 век[713]. Помеѓу наодите од Србија, востановена е истата хронолошка рамка за оваа варијанта на наоди[714], во Бугарија датирани се пошироко 10-14 век[715].

Тип.II (кат. бр. 627)

Како посебен тип на копчиња може да се издвои копчето откриено во гробот 250 од локалитетот Црквиште-Демир Капија. Истото по материјалот од којшто е изработен претставува уникатен примерот од ареалот на Просек, но и пошироко од територијата на Македонија. Овој тип на копче се одликува со печуркасто тело, на долниот дел има мало брадавичесто задебелување, а горе плочеста ушка којашто е перфорирана. Најблиски аналогии овој тип на копче наоѓа на некрополата околу Сашка Црква во Ново Брдо и од Манастирот Милешево во Србија, каде со сигурност се датирани во 15-16 век[716], како и еден примерок од Коринт во Грција, без прецизна датација[717]. Ваквата датација е прифатлива и за примерокот од Демир Капија, откриен во слој датиран во 15-16 век[718].

[712] Алексова 1966, 60-61, T.XIX, sl. 239-255.; Битракова Грозданова 2011, 197-199.; Манева 1992, 34-36, T.99-100.
[713] Maneva 2013, 89-99, fig. 4; 101-112, fig 9-13; 125-136, fig.8-9.
[714] Според Bikić 2010, 113-114., најраните копчиња во Србија се појавуваат во 12-13 век. Д. Радичевиќ копчињата со брадавичест завршеток ги датира во 14-16 век, со посебен акцент на 15 и 16 век. Спореди Radičević 2011/2012, 91, Pl. 25.20-23.; Радичевић 2000, 103, Т.I.84.
[715] Гатев 1977, 31, орб, 2, тип I-3, тип II. Копчиња аналогни на првата од ареалот на Просек се откриени на некрополата Луковит во Бугарија, каде според останатиот движен материјал се датирани во 13-14 век. Спореди Станчев и Начева 1960, 71-98.; Јовановић 1987, 121-123, 129-130.
[716] Зечевић 2006, 127-129, 132-133, тип. 8, кат. бр. 128.
[717] Davidson 1952, 262, Pl. 111, cat. no. 2123.
[718] Во овој слој се откриени гробовите 244 и 245 од коишто првиот е датиран со турска акча на Султан Мехмед (1444-1446; 1451-1481).

Тип.III (кат. бр. 628)

Третиот тип на копчиња претставуваат копчињата со јајцевидна форма изработени во техника на ажуриран филигран, на горниот крај има ушка од тељ. Изработено е од позлатена бронза. Филигранските нишки се формирани во вид на ливчиња. Овој тип е застапен со еден примерок откриен на некрополата Крстеви-Корешница, во гробот 4[719]. Од територијата на Македонија познати се само уште четири примероци од Голем Град-Преспа[720]. Слични примероци откриени се и во Србија и на Ново Брдо во Косово[721]. Овој тип на копчиња се датираат доста широко, наодот од Крстеви-Корешница според останатиот гробен инвентар се датира на преминот од 10 во 11 век, наодите од Голем Град – Преспа во 13-14 век, додека копчињата од Ново Брдо се датирани во 15-16 век. Според Е. Манева копчињата изработени во техника на филигран со одредени модификации се среќаваат и во македонските народни носии[722].

Тип.IV (кат. бр. 629)

Кон овој тип на копчиња припаѓа еден примерок изработен од спирално густо намотана жица притоа формирајќи конусовиден елемент со ѕвонаста форма, на горниот крај има ушка за пришивање. Долниот дел е затворен со кружна ламарина, во внатрешноста има зрно од злато. Изработено е од бронза со позлата. Откриен е само еден примерок во гробот 4 на некрополата Крстеви-Корешница[723]. Во достапната литература не се откриени слични аналогни примери. Според останатиот гробен инвентар на гроб 4 се датира во периодот од 10 во 11 век. Ова копче, најверојатно имало и функција на ѕвонче-амулет.

Тип.V (кат. бр. 630-631)

Во овој тип спаѓаат копчињата со неправилно топчеста или крушковидна форма, чијашто површина е украсена со филигран и декорација, на горниот крај има залемена кружна алка од тељ. Откриени се во гроб 30 на некрополата Ограда-Бистренци[724]. Аналогни примероци не се откриени на територија на Македонија а најблиски паралели се наоѓаат на некрополата Триљ во Хрватска а особено се чести во инвентарот на некрополите во

[719] Манева 2000, 75-76, Т.Х.9.
[720] Битракова Грозданова 2011, 196-199, 244.
[721] Зечевић 2006, тип 2/2а, кат. бр. 111-113.; Bikić 2010, 113-114, sl.87.4.
[722] Манева 2000, 75-76.
[723] Манева 2000, 76, Т.Х.9.
[724] Блажевска 1996, 204-205, 209, Т.I.1-2.; Истражувачот Л. Блажевска овие копчиња ги опишува како наушници со крушковиден облик, но очигледно е дека овде са работи за копчиња со филиграски украс.

Моравија[725]. Аналогните примероци од Хрватска и Чешка се датирани во периодот на 8 і 9 век, односно на 9 и 10 век, додека примероците од Ограда-Бистренци, соодветно на останатиот гробен инвентар може да се определат кон крајот на 10 и 11 век.

Тип. VI (кат. бр. 632-633)

Во оваа група спаѓаат копчиња со полукалотеста форма, коишто на врвот имаат ушка од бронзен тељ или мала кружна алка. Овие копчиња се составени само од една половина, којашто е сплесната, па отворениот дел наликува на овал. Откриени се пет примероци од ареалот на Просек и тоа четири од Гробница А на лок. Кале-Стрезов Град[726] и еден примерок од гроб 23 од Црквиште[727]. Можно е внатрешноста на овие примероци да била исполнета со некоја органска материја, но истата не е сочувана. Наодите од гробницата А се секундарно депонирани заедно со броен скелетнен материјал, па може да се датира *terminus ante quem* крај на 14 век.

Тип.VII (кат. бр. 634)

Во последниот тип на копчиња е сместен еден прапорец изработен од две шуплолиени бронзени калоти меѓусебе споени. На местото каде што се спојуваат има едно радијално изведено ребро. На горниот крај има ушка од тенок бронзен лим, додека на долниот крај има широк напречен зарез кој завршува со кружни проширување на краевите. Прапорците од овој вид иако најчесто се поврзуваат со украсување на коњската опрема, сепак не ретки се нивните наоди во гробовите, што може да укажи дека истите биле пришивани врз облеката во функција на копчиња, а истовремено да имале и некоја профилактичка улога, штитејќи го носителот со своето ѕвечкање. Во гробен контекст откриен е само кај едно детско погребување (на околу 4 години) во гробот 317 на некрополата Црквиште-Демир Капија. Од територијата на Македонија не се познати други аналогни примери. На поширокиот балкански ареал се среќаваат на некрополите Карабурма во Белград и Миријево Србија каде се откриени три прапорци во гроб на дете[728], на некрополите во Ждријац и Св. Криж-Нин, Црквине и Брачиќи-Бискупина, во

[725] Petrinec 2009, 141-143, sl. 55, T.140.; Dostal 1966, 63-65, obr. 14.
[726] Петров 2018, 419, cat. no. 5-21, Pl.II.
[727] Aleksova 1966, T.XIX.243.
[728] Бајаловић – Хаџи-Пешић, 1984, кат. бр. 479-485, T.VI.7-9.; најблизок на примерокот од Демир Капија е кат. бр. 481.

Хрватска[729], во Бдинци, Кључевци, Мишевско, Нановци и Оброчиште во Бугарија[730]. Сите познати наоди од Србија, Хрватска и Бугарија се поврзуваат со детски погребувања. Во Хрватска се почести во но ги има во предхристијанските погребувања, во Бугарија ги има во биритуалните и христијанските погребувања. Датирани се во временски рамки од средина на 9 до 12. При археолошките ископувања на Китино Кале-Кичево, на подно ниво откриен е идентичен прапорец со монета на Андроник II Палеолог (1282-1328), што укажува дека оваа форма останала долго во употреба, па датацијата на овој примерок може да се стави само во широки хронолошки рамки од крај на 10 век, како долна граница на некрополата па сѐ до 14 век, до кога со сигурнст е потврдено нивното постоење, а можеби и нешто подоцна. Интересно е да се напомене нивната исклучива поврзаност со детски погребувања, што укажува на профилактичката намена.

V.1.4.2. Аграфи (кат. бр. 635-626)

Во оваа група на наоди спаѓаат дводелни предмети кружни плочести предмети, меѓусебе споени со по еден цилиндричен испуст. Едниот кружен дел е поголем и богато украсен, околу кружниот испуст се постевени четири крстесто организирани спирални навои од филигранска жица, околу нив поставени се 14 крупни гранули, а сето ова е обрабено со впредена филигранска жица. Задниот, помал дел е украсен со осум кругови изработени од впредена филигранска жица. На друг примерок околу централниот кружен испуст, поставени се седум купасти орнаменти изведени во техника на ажуриран филигран преку кои како и измеѓу нив е поставена по една крупна гранула. Изработени се од сребро. Заедно се обрабени по работ со впредена филигранска жица. Овој тип на наоди не се чести, сепак најголемиот дел се познати од територијата на Македонија откриени во Прилеп, Охрид и Скопје, сите потекнуваат од групни наоди[731]. Надвор од територијата на Македонија познати се само уште два примероци откриени во наосот на Софиската Света Софија[732]. Единствено наодите од Демир Капија потекнуваат од гробни целини, откриени

[729] Petrinec 2009, 144-146, 258, sl. 56, T.44.3, T.64.8-9, T.87.5-12, T.106.6-9, T.216.5-6, T.228.6, T.257.5, најблиски паралели постојат со примерокот прикажан на Т.216.6.
[730] Въжарова 1976, 110, 154, 156, 297, 313, 321, 337, обр. 64.6а,б,в, 96.4-5, 98.3а-3б, 200.9, 212.1
[731] Манева 1992, 27-28, Т.97.62/25-29; Т.97.31/97.; Т.106.62/25-29. Maneva 2013b, 263-294.; *Кулѿурно боѓаѿсѿво* 1976, кат. бр. 105-109.
[732] Според истражувачот Б. Филов откриени се два бронзени украси во вид на копчиња, но на илустрациите е прикажано само едно. Можно е тоа да се два дела од една иста аграфа. Спореди Филов 1913, 92, орб. 87.

се во гробовите 375 и 444, како единствен наод, односно придружени со едно бронзено копче (тип. II). Според Е. Манева овие предмети служеле за зацврстување на масивна ткаенина односно наметка и имале функција на аграфи. Истите претставуваат реминисценција на античките кружни, плочести фибули носени на десното рамо или градите, со кои се закопчувале патрикиските плаштови[733]. Слични примери се откриваат на ктиторските претстави на средновековното монументално сликарство, каде се носени од лица со висок општествен статус. На сликарството најчесто се богато украсени и декорирани со бисери и филигран. Примероците од Демир Капија според начинот на обликување и украсување, се чини дека за пример имале примероци слични на откриените во Прилеп и Охрид, сепак начинот на изведбата на украста и користењето исклучиво на сребро, сребрени гранули коишто најверијатно треба да имитираат бисере укажува на нивна послаба и подоцна изработка. Сличен е примерокот откриен на Скопско Кале, заедно со позлатени кружни наушници. Според начинот на изведба на укрсата се скоро идентични. Овој групен наод од Скопско Кале е датиран кон крајот на 14 век[734], што може да се претпостави и за примеророците од Демир Капија, односно втора половина на 14 и почеток на 15 век како хронолошка рамка.

V.1.4.3. Токи

Од ареалот на Просек потекнуваат десет примероци на токи, коишто можат да се распределат во седум типови.

Тип.I (кат. бр. 637-639)

Во првиот тип спаѓаат токите со кружна форма и трн од раскован тељ, зашилен кон врвот. Изработени се од бронза или железо. Алката може да биде изработена од два меѓусебно тордирани подебели тељови, плочесто лиена или пак пак кована. Токата изработена со лиење дополнително е декорирана со радијално врежани засеци по целата површина на алката. На крајот каде што е поставен трнот нема зарамнување за приврзување на каиш. Токите се доста мали, нивниот надворешен дијаметар варира од 1,7 до 2,2 см. Од ареалот на Просек откриени се три примероци, сите од некрополата Црквише-Демир Капија од

[733] Манева 1992, 27-28.
[734] Maneva 20136.

кои по една во гробовите 11 и 375 и една како вонгробен наод[735]. Најблиски аналогии за лиената тока има во материјалот од Браничево како и Добрице-Банат во Србија[736]. Првиот примерок е добро датиран во населбински слој од втора половина на 12 и прва половина на 13 век, додека вториот е откриен во остава депонирана во периодот на 1235-1241 година. Наодите од Браничево и Добрице имаат идентична декорација, додека кај наодот од Демир Капија истата е избледена, и доста слична, но не е идентична. Димензиите им соодвествуваат. Според депонирањето на наодот од Добрице во оставата којашто содржи 384 монети како и друг златен накит, може да се претпостави дека оваа тока била од голема вредност. Според малите домензии на овие наоди, како и материјалот од којшто се изработени наодите од тордирана жица и лиената, може да укажуваат и на една друга намена на овие предмети, односно да станува збор за „запон“ за заптивање на наметка, каков што неодамна, мада многу полуксузен, е откриен при истражувањата на Плаошник-Охрид[737].

Тип. II (кат. бр. 640)

Во овој тип припаѓа една тока со облик на латинска буква „D“, изработена е од железо. Трнот на токата не е сочуван. Откриена е некрополата Кале-Стрезов Град, во гроб 26, пронајдена е на пределот над карлицата. Според останатиот движен археолошки материјал истата може да се датира 13-14 век.

Тип. III (кат. бр. 641)

Кон овој тип припаѓа една тока со издолжена трапезоидна форма, изработена од железо. Откриена е на некрополата Црквиште-Демир Капија во гроб 429 (439)[738]. Слични токи се окриени во Трњане и Рас во Србија[739], Ловеч во Бугарија[740], како и на Коринт во Грција[741]. За разлика од наведените примери, наодот од Демир Капија се одликува со многу поголема издолженост, за разлика од другите чијашто ширина доминира пред нивната должина. Наодите од Србија се датираат во 12 и 13 век, наодот од Рас е датиран во контест

---

[735] Aleksova 1966,
[736] Поповић и Иванишевић 1988: 138-140, сл. 10.11.; Saria 1925: 91-93, сл. 10.
[737] Манева „Запон“ во печат.
[738] Aleksova 1966, T.XX.259.;
[739] Марјановић-Вујовић 1984, 73-74, сл. 155.; Popović 1999, 251-252.сл. 212/6.
[740] Георгиева и Пешева 1955, 549-550, сл. 43.7.; Гатев 1977, обр. 2.III-2.; Кај Ж. Важарова се среќаваат многу железни токи најчесто со квадратна или правоаголен форма, откривани во некрополите со пагански погребувања. Спореди Въжарова 1976.
[741] Davidson 1952, 266, 270, Pl. 113, cat. no. 2179. Наведува дека е откриена во доцносредновековен контекст, сепак ја датира во 4 век или нешто подоцна.

од средина на 13 век, додека наодите од Бугарија се датирани од 10 до 12 век, сепак П. Гатев допушта можност за нивно користење и до 14 век.

Тип. IV (кат. бр. 642)

Тока со еден поголем овален отвор и еден помал кружен отвор за насадување на трнот. Предниот дел е задебелен и прав, на него има попречно врежан канал за налегнување на трнот. Задниот дел се чини дека е нецелосно сочуван. Според морфолошките карактеристики најблиски паралели наоѓа со две токи од Коринт-Грција од кои едната е датирана со монета на Луис IX (1226-1270)[742].

Тип. V (кат. бр. 643)

Тока со овална форма и правоаголен пресек. На задниот дел стеснува на местото за поставување на трнот и прикачување на каишот. На овој дел пресекот е кружен. Од предната страна има триаголно испакнување на местото каде што лежи самиот трн. Откриен е само еден примерок од Некрополата Црквиште-Демир Капија во гроб 131 (162)[743]. Најблиски парелели се наоѓаат помеѓу материјалот во Коринт-Грција, датирана во 12 век[744].

Тип. VI (кат. бр. 644-645)

Во првиот тип спаѓаат дводелните токи, со т.н. лировидна форма. Предниот дел е во форма на овал, додека задниот е правоаголен. На задниот дел се закачувал појасот, а додека пречката што го дели предниот и задниот дел служи како оска за трнот на токата. Од ареалот на Просек потекнуваат два примероци изработени од бронза. Првиот примерок е вонгробен наод од некрополата Црквиште-Демир Капија, додека вториот е од локалитетот Марков Град-Корешница[745]. Истите може да се поделат во две верijанти. VI.1 Првиот примерок има расчленување на предниот и задниот коишто се јасно издвоени а трнот којшто недостасува бил поставен на подвижна железна оска. Овалниот дел на токата е декориран со врежување, а напред е оформено триаголно вдлабнување кадешто налегнувал трнот. VI.2 Од вториот примерок е сочувана само една половина. Поблиски

[742] Davidson 1952, 269, 273, cat. no. 2224, 2226, Pl. 115. Г. Давидсон, се сомнева дека можеби предметот со кат. бр. 2224 можеби и не претставува тока.
[743] Aleksova 1966, T.XX.262.
[744] Davidson 1952, 269, 274, cat. no. 2232, Pl. 115.
[745] Н. Чаусидис овој локалитет го именува како Маркова Кула, но Маркова Кула се наоѓа на истиот плански масив на 400 метри кон север од овој локалитет. Спореди Чаусидис 1987, 177-179, сл. 1, T.III.1. и Микулчиќ 1989.

аналогии со првата варијанта не се познати, додека примероци слични на втората варијанта се откривани на поширокиот балкански ареал. Слични примероци со VI.2 се познати од Рас и Баничево во Србија[746], Кљулевча Бугарија[747] и Коринт[748]. Примероците од Србија и Грција се датирани ви 12 век, додека од Бугарија во 9 и 10 век. М. Поповиќ допушта овој тип на токи да има двојна намена, односно да се користи како појасна тока, но и како дел од коњските ремени.

Тип. VII (кат. бр. 645-646)

Последниот тип претставуваат мрежасто лиени бронзени плочки. Составени од четири надолжни пречки и спојки попречно поставени. На едниот крај има два цилиндрични завршетоци кои служеле за вметнување на оската од алката на токата која недостасува. Од ареалот на Просек откриени се две идентични токи од овој тип, како случајни наоди на лок. Марков Град-Корешница[749]. Според Н. Чаусидис слични вакбви токи не се најдени на територија на Македонија и во соседна Србија. Аналогии за овој тип на токи наоѓа во Коринт-Грција и Абланица во Бугарија[750]. Примероците од Грција се датирани во 12 век и подоцна[751], додека наодот од Бугарија е датиран во 6-11 век.

[746] Popović 1999, 251-252, sl. 221/1.; Поповић и Иванишевић 1988, сл. 34/9.
[747] Въжарова 1976, обр. 82.1, обр. 205.3.
[748] Davidson 1952, 268, cat. no. 2202, 2203 Pl.114.
[749] Чаусидис 1987, 179-180, Т.III.2,3.
[750] Davidson 1952, 274, Pl.115, cat. no. 2217, 2238.; Въжарова 1976, 291, обр. 181.12.
[751] Според морфолошките карактеристики, примерокот од Бугарија како и примерокот со кат. бр. 2217 од Коринт не соодвествуваат со примероткот од Демир Капија, додека кат. бр. 2238 од Коринт датиран во византискиот период или подоцна е скоро идентичен со двата примероци овде прикажани.

# V.2. ОРУЖЈЕ И ВОЈНИЧКА ОПРЕМА

При археолошките истражувања на тврдините во ареалот на Просек, помеѓу останатиот движен археолошки материјал, откриено е и воено наорожување. Истото се состои пред се од проектили, односно стрели и копја, дефанзивна опрема е застапена со еден примерок и како и делови од коњаничка опрема со еден примерок.

## V.2.1. ОФАНЗИВНО ОРУЖЈЕ

### V.2.1.1. Врвови од стрели

Од ареалот на Просек до сега се откриени деветнаесет примероци на врвови од стрели, сите изработени од железо. Истите можат да се поделат на четири типа и неколку варијанти. Најбројни се наодите од Црквиште и Маркова Кула – Корешница, а нешто поретки се на Кале-Стрезов Град. Стрелите се типолошки распределени според нивниот облик и начинот на прицврстување за дрвената шипка.

Тип. I (кат. бр. 647)

Во оваа група на наоди се вбројува еден примерок на трореброста стрела, со трн за насадување. На преминот од телото кон трнот има мало задебелување. Откриена е на лок. Кале-Стрезов Град во ерозивен слој, на влезот од просторија Б во објект 1. Овој тип на трореберсти стрели е типичен за номадските народи од времето на преселбата на народите. Најчесто се врзува со хуните и аварите, но иако поретко користени се и од ромејската војска[752]. Од територијата на Македонија откриени се во слоевите на рушење во Хераклеа и Стоби[753], поврзани со продорите на хуните од средина на 5 век. Со оглед дека тврдината на Кале-Стрезов Град била активна во текот на 6 век, а пред крајот на векот згаснува, поверојатно на овој локалитет стрелката да се поврзи со аваро-словенските продори во втората половина на 6 век.

[752] Popović 1999, 112-113, sl. 59.4.; Mrkobrad 1980, 93, T.CXXXI.1-4.
[753] Манева 1987, 49-57, T.I, T.II. , Микулчиќ 1995, 248-253, сл. 5, сл. 6.

Тип II (кат. бр. 648-661)

Врвовите за стрели од тип II се најзастапени во арелалот на Просек и тоа со 14 примероци. Ова се врвови од стрели со издолжен пирамидален облик и трн што нагло или постепено се стеснува во приближно кружен пресек. Овој тип на стрели се доста чести на поширокиот балкански ареал. Нивната појава е доста рано во 4-3 век п.н.е. како одговор на појавата на новиот тип на дефанзивна опрема – мрежестите оклопи, затоа се познати и како против панцирни стрели[754]. Според должината на сечилото може да се раздвојат две варијанти, во првата варијанта II.1 би припаднале стрелките со 26-38 mm, додека во втората II.2 стрелките со должина на сечилото над 50 mm. Од ареалот на Просек овој тип на стрелки се откриени шест примероци на Црквиште, четири примероци на Маркова Кула и два примероци од Марков Град, сите во ареалот на с. Корешница, како и два примероци од Кале-Стрезов Град. Од Балканот овој тип на стрели најчесто се датирани во 12-13 век иако нивната употреба продолжува и по турските освојувања, каков што е приемерот од Сталаќ[755] па и по појавата на огненото оружје[756]. На средновековен Рас[757] во Србија како и во Дјадово[758] во Бугарија овој тип на стрели се најмногу застапени со преку 40% од откриените примероци, но поголемиот дел од нив се одликуваат со кружно задебелување на преминот од врвот во трнот. Овој тип на врвови од стрели при ископувањата на Маркови Кули – Прилеп откриени се во слоевите од 13 и 14 век. Со оглед на времето кога Мркова Кула, Марков Град и Црквиште-Корешница имале најинтензивен живот, овои стрелки во ареалот на Просек може да се датираат 12-14 век, со посебен акцент на втора половина на 12 и 13 век.

Тип III (кат. бр. 662-663)

На овој тип припаѓаат врвовите на стрели со сплеснат листовиден облик со двострано сечило коешто преминува во трн со кружен пресек. Според обликот на сечилото може да се поделат на две варијанти, во првата вријанта III.1 спаѓаат врвовите со делтоиден облик, со прстенасто задебелување на преминот од оштрицата во врвот, додека во втората III.2 врвовите со листовиден облик и слабо нагласено ребро по средината на оштрицата. Од двете варијанти е познат по еден примерок, првата од лок. Марков Град-Корешница,

---

[754] Popović 1999, 255-256.; Медведев 1966, 82, тип 88 и 89.
[755] Minić и Vukadin 2007, 113-115, sl. 72.15-16, kat. Br. 139
[756] Popović 1999, 255.
[757] Popović 1999, 255-256, sl. 217/5-7, tip 9.
[758] Borisov 1989, 116-120, fig. 131, 132, type I, variant C and D.

додека втората од Кале-Стрезов Град. Овој тип на врвови се чести на балканскиот простор, киевска русија, а познати ни се и неколку примероци од Македонија. Примерите од Маркови Кули – Прилеп[759], Рас и Сталаќ во Србија[760], како и од Дјадово и Перник во Бугарија[761] се датирани во 12 век додека според Медведев овој тип на стрели кај номадските народи од јужните степи се најраспространети во периодот од 9 до 11 век додека во киевска русија од 9 до 13 век[762], сличен тип на овие стрели се одржува во функција и до 14 век[763].

Тип IV (кат. бр. 664-666)

Последниот тип на стрели се одликува со двојни оштрици со листовиден облик која преминува во тулец за насадување на дрвена шипка. Од ареалот на Просек се откриени три примероци од лок. Маркова Кула – Корешница[764]. Овој тип на стрели е познат уште од антиката, а широко распристранет низ цела Европа во средновековието. Од тврдината Рас во Србија и Перник во Бугарија датирани се во слој од 12 век[765].

### V.2.1.2. Копја

Наодите на копја од територијата на Македонија се доста ретки. Од ареалот на Просек е откриен само еден примерок.

Тип I (кат. бр. 667)

Претставува тип со листовидно сечило со триаголен пресек и тулец за насадување на мотка. Странично копјето е појачано со две метални шипки со четвртаст пресек, коишто од средината на тулецот се спуштаат кон мотката. Прачките за тулецот се прицврстени со спирално намотана жица. На горниот дел, краевите на овие шипки се свиени кон надвор, формирајќи крилца, додека на долниот дел се свиени кон внатре. Ова копје е откриено на локалитетот Кале-Стрезов Град. Претставува редок пример на копје од балканскиот ареал. Единствениот идентичен примерок е откриен на локлитетот Врв при Планини во

[759] Атанасоски 1999, 106-107, T.XXVII, T.XLIV.
[760] Popović 1999, 256, sl. 215.; Minić и Vukadin 2007, 111-113, sl. 72.1-6, tip I.
[761] Borisov 1989, 116, fig. 130, type I, variant B.; Чангова 1992, 176, обр. 160.23, тип 2.
[762] Медведев, А. Ф. 1966, 70, тип 53, T.30.49.; Медведев, А. Ф. 1959, 166, рис. 13.24, тип 13.
[763] Медведев, 1966, 76, тип 69, T.30.68. Медведев, А. Ф. 1959, 166, рис. 13.24, тип 13.
[764] Петров 2021 (во печат).
[765] Popović 1999, 254, sl. 214, tip.1.; Чангова 1992, 176, обр. 160.1-6.

Словенија, датирано во трета третина на 6 и почеток на 7 век. Овој наод според И. Микулчиќ и Н. Чаусидис може да се датира во 13-14 век[766]. Според М. Хусар овој тип на копја коишто имаат прикачени глави, својата појава и развој го имат во западниот дел од римската империја и нејзините наследнички во периодот од 4 до крајот на 6 век[767]. Подоцна, од овие копја се развиваат копјата со крилца без продолжетоци, истите продолжуваат да се среќаваат на териториите под влијание на франките сѐ до 8 век[768].

## V.2.2. ДЕФАНЗИВНО ОРУЖЈЕ

### V.2.2.1. Мрежест оклоп

Единствениот наод на дефанзивна воена опрема од ареалот на Просек е еден мал фрагмент на мрежест оклоп составен од кружни железни алки, чиишто краеви се допираат. Овој мал фрагмент е составен од четири алки меѓусебе поврзани, така да формираат мрежа. Откриен е во рушевините на црквата на лок. Кале-Стрезов Град. Претставува тип на дефанзивна опрема што се користи во долг временски период без посебни промени во начинот и технологијата на производство[769]. Според ова се атипични за датација. Според местото на откривање може да се датира кон крајот на 14 век.

[766] Микулчиќ 1996, 88, сл. 12.; Чаусидис 1987, 182, T.IV.
[767] Според типологијата на Husár 2014, 29-32, T.XVI.1., копјето од Кале-Стрезов Град припаѓа на типот BA варијанта BAa.;
[768] Husár 2014, 29-32, T,XVI.1.; Husár 2016, 104.
[769] Petrov, Manojlović and Trpkovska 2015, 569-584.; Manojlović,Trpkovska, Rizov and Petrov 2017, 40-47.

# V.3. ОРУДИЈА

*V.3.1. Ножеви*

Најголема група на наоди од видот на алатки претставуваат ножевите. Од од околината на Просек се сочувани тринаесет ножа, коишто можат да се распоредат во пет типови. Типологијата е оформена врз основа на формата на сечилото и начинот на оформување на дршката.

Тип I. (кат. бр. 670-672)

По својот облик и функција меѓу наодите од Просек се издвојуваат три ножа со благо лачно навнатре повиено сечило со клинест пресек и трн со четвртаст пресек кој се насадува на дрвена или коскена држалка, којашто не е сочувана. Секој од наодите може да претставува варијанта само по себе. Два наоди се откриени на локалитетот Кале-Стрезов Град[770] и еден на Марков Град-Корешница[771]. Ножевите од овој тип може да се стават во групата на земјоделски алатки, сор и косир. Истите се користат во земјоделски активност, за кроење на овошки, винова лоза, сечење на трње и гранки, во оваа група на сечила спаѓаат и срповите. Сите се нарекуваат со заедночкото име *falces,* додека според функцијата што ја извршуваат може да добијат конкретно име како што е винарскиот нож *falx vinatorii.* Овој тип на алатки се појавува уште во железно време а е доста популарен во антиката[772]. Негови претстави може да се видат и на монументалното фреско сликарство од манастирот Дечани на претставата на која Ное отсекува гроздак[773]. Слични примери од Дјадово во Бугарија и Рас во Србија се датирани во 11-12, односно 12-13 век[774].

Тип II (кат. бр. 673-676)

Во вториот тип спаѓаат ножевите со рамно сечило и грб. Сечилото е благо лачно повиено кон врвот. Дршката е изведена во вид на трн. Од ареалот на Просек откриени се четири примероци, два од некрополата Црквиште-Демир Капија, по еден од Црквиште-Корешница и Кале Стрезов Град. Кај еден од примероците од Црквиште-Демир Капија е

[770] Чаусидис 1987, 184-186, T.V.1.
[771] Чаусидис 1987, 184-186, T.V.2.
[772] Повеќе за развојниот пат на сорот и неговите варијанти види кај Поповић 1988, T.XLIV
[773] Шпехар 2007, 25-27.
[774] Popović, M., 1999, 261-263, sl. 225. Ножевите со повиено сечило спаѓаат според типологијата извршена врз основа на наодите ос тврдината Рас спаѓаат во тип 3.

сочувана цилиндрична рачка изработена од дрво, на која заради оштетеноста не може да се види дали имала декорација. Ножевите од овој тиш се прикажани на фреско ансамблот во црквата св. Никита, Бањани (1323/1324). Во претставата на Свадбата во Кана Галилејска, од циклусот на Христови чуда можат да се видат најмалку пет примери, што укажува на нивната трпезна намена. Според фреско претставата се гледа дека истите служеле како прибор за јадење, а јудејскиот цар е претставен како со нож од овој тип расекува месо. Овој тип на ножеви највероjатно биле во функција на литургиските процеси. Примерокот од Црквиште-Демир Капија е откриен во нишата северно до апсидата, којашто најверојатно е дека имала функција на ѓаконикон. Слични примери се откриени на тврдината Рас во Србија[775], како и во Дјадово и Перник во Бугарија[776]. Примероците од Рас се датирани во средина на 12 век, додека од Дјадово во 11-12 век. Но со оглед дека нивната форма не се менува, сигурно продолжиле да егзистираат и подоцна најмалку до 14 век, што е посведочено на фреско живописот. Наодот од Црквиште-Корешница исто така може да се датира кон крајот на 14 век[777].

Тип III (кат. бр. 677-678)

Кон овој тип припаѓаат ножевите со благо повиено сечило и рамен грб, коишто кон врвот заоблува и заедно со сечилото креира врв. Дршката е во форма на трн, закривена кон сечилото. Од ареалот на Просек познати се два примерици од Црквиште-Корешница[778]. Слични примероци се откриени и на Скопско Кале[779].

Тип IV (кат. бр. 679)

Кон овој тип припаѓаат ножевите со дршка којашто е формирана со коскена или дрвена оплата. Трнот на ножот е плочест, долниот дел завршува со јадичесто заоблување. Откриен е еден примерок од локалитетот Црквиште-Демир Капија[780].

---

[775] Popović 1999, 261, sl. 224, tip 2.
[776] Чангова 1992, 20-21, обр. 10.; Borisov 1989, 101-103, fig. 111.
[777] Петров 2017, 71-78
[778] Чаусидис 1987, 184-186, T.V.4-5.
[779] Манева 2019, 428-429, сл. 220.
[780] Aleksova 1966, T.XX, sl. 271., прикажаната илустрација е доста лоша, па врз основа на нејзе не може да се извлечат повеќе информации за формата на примерокот.

### V.3.2. Макази/крклези и ножици (кат. бр. 683-686)

Во оваа група спаѓаат алатките со две паралелно поставени сечила, коишто според начинот на коишто се поврзани двете сечила може да претставуваат макази/крклези или ножици. Според ова се поделени во два типа.

Тип I (кат. бр. 683-685)

Во првиот тип на макази/крклези спаѓаат, едноделните лачни макази изработени од железен лим со сечиво со клинест пресек. Двете сечила се спојуваат преку рачка во облика на латинската буква „U“ којашто има и функција на пружина. Од ареалот на Просек се откриени три примероци од овој тип на макази, два од Кале-Стрезов Град и еден од Марков Град-Корешница. Од сите три примероци сочувано е само едното сечило. Само едниот примерок од Кале-Стрезов Град, според сочуваноста може да се вброи во макази со „U“ рачка, додека за другите нема елементи да се изнесе заклучок. Според И. Поповиќ првите лачни макази се појавуваат околу 300 год. п.н.е. на Сицилија од каде преминуваат на Италско тло, а околу 1 век п.н.е. се појавуваат дводелните макази со зглоб[781]. Овој тип на макази останале скоро со непроменета форма и не се хронолошки осетливи. Оваа форма се одржале скоро до денес. Од Македонија едноделни макази се познати од локалитетот Градиште кај с. Таор[782]. Едноделните лачни макази најчесто во етнографската граѓа се среќаваат се до 20 век и се користат за стрижење на овци, но и во занаетчиството за сечење на лим и погруби ткаенини. Чест наод се на рановизантиските и средновековни локалитети ширум балканскиот полуостров.

Тип II (кат. бр. 686)

Во вториот тип спаѓаат дводелните ножици со зглоб и ушка на едниот крај. Од ареалот на Просек потекнува само еден примерок до Црквиште-Демир Капија. Слични примери се познати од Скопско Кале[783] како и до Перник во Бугарија[784]. За разлика од првиот тип, вториот претставува дел од домаќинството или пак ткаечките и шивачки занаети.

---

781 Поповић 1988, 96,97.
782 Ристов 2012. укажува дека алатите не се најдени во затворена целина, сепак авторот, ги датира рамковно во периодот IV-VI век, иако според монетните наоди локалитетот е активен и во X и XII-XIII век.
783 Манева 2019, 427, сл. 216(a-b).
784 Чангова 1992, 56, обр. 4-6.

V.3.4. Игли (кат. бр. 688-689)

Откриени се два примероци на игли со различни димензии, изработени од железо. Првата е масивна и најверојатно служеле за шиење на погруби материјали, има овален пресек и сочуван е само горниот дел каде се наоѓаат ушите (кат. бр. ??)[785]. Втората е мала игла со кружен пресек која со сигурност служела за шиење на фини ткаенини.  Масивната игла директни аналогии наоѓа во материјалот од Прилеп односно кај материјалот од Црква Свети Атанас и Маркови Кули – Прилеп[786] датирани во 12-14 век. Оваа датација соодвествува и на датацијата на наодите од Црквиште-Корешница и Кале-Стрезов Град.

V.3.3. Напрсток

Фрагмент од напрсток изработен од бронзен лим, надворешната страна е декорирана со мали точкастки убоди распоредни во дијагонални линии. Најверојтно е од формата на конусовидни напрстоци со отворени краеви, без горен купаст дел. Поради обликот кој уште при самата појава ја има достигнато својата целосна функционалност овие нивната форма скоро и да не се менува, со тоа овој тип на предмети не е хронолошки осетлив. Откриен е еден фрагментиран примерок од Црквиште-Корешница. Слични напрстоци се среќаваат од Маркови Кули-Прилеп[787], Скопско Кале[788]. Додека од соседството во Перник-Бугарија[789], Коринт и Истхмиа-Грција[790], Сталаќ-Србија[791], Пакуиул Луи Соаре-Романија[792].

V.3.4. Пршлени (690-702)

На најзастапената група од кужното стопанство претставуваат прешлените за вретена. Одареалот на Просек откриени се единаесет примероци на пршлени. Истите можат да се

---

[785] Чаусидис 1987, 186-188, Т. V.10, VI.3.
[786] Бабиќ 1986, 275, Т.57.4.; Атанасоски 1999, Т,IX., Т.XLVa.
[787] Атанасоски 1999, 109-110, Т. XLVa.
[788] Манева 2019, 428, сл. 219(а-д)
[789] Чангова 1992, 57, обр. 42-7.
[790] Davidson. 79, кат. Бр. 1285-1298.; Raubitschek 1998, 117, cat. No. 413-414, Pl.64.;
[791] Minić i Obrenija, 2007, 137-138, Sl. 86-27.
[792] Diaconu et Baraschi 1977, fig. 22, 14-15.

поделат во три групи според материјалот од кои се изработени. Во првата група се сместени примероците изработени од камен, со сферична форма, на оваа група припаѓаат вкупно четири примероци, не се разликуваат драстично по својата форма, но секој од нив е уникатен. На горната страна се декорирани со радијално врежани една или две линии. На втората група припаѓаат пршлените за вретена изработени од керамика, бројчано се застапени исто како и првата група. Се разликуваат две варијанти, биконични и сферични. На последната трета група припаѓаат два примероци, едниот изработен од олово другиот од бронза. Двата примероци може да сврстат во посебни варијанти, примерокот од олово е обликуван во форма на конус со пресечен врв, додека бронзениот примерок во форма на кружен лим перфориран на средина. Сите примероци се откриени надвор од контекст па е тешко нивното попрецизно датирање. Сепак се појавуваат истите форми коишто се вообичаени на поширокиот балкански ареал.

### V.3.5. Алатки за грнчарство

Посебна група на алатки претставуваат јазчестите железни плочки со горен раб на којшто се поставени три до четири шилести запци. На долниот дел краевите се проширени и се прекрстени еден врз друг со што се формира тулец за насадување на широка плочеста дрвена држалка. Откриени се шест примероци од кои четири на Маркова Кула-Корешница и по еден на Црквиште-Корешница и Кале-Стрезов Град. Според Н. Чаусидис овие алатки најверојатно биле наменети за моделирање и украсување на керамика. Аналогни примероци се откриени на Китино Кале-Кичево, Скопско Кале, Маркови Кули-Прилеп. Примерокот од Кале-Стрезов Град е откриен во просторија А, со склоп на истражената црква и потекнува од слој сигурно датиран кон крајот на 13 и почетокот на 14 век[793]. Примерокот од Китино Кале-Кичево исто така е сигурно датиран, на слој од 13 век[794].

[793] Петров 2021б (во печат).
[794] Петров 2020 (во печат).

# V.4. ГРНЧАРИЈА

При археолошките ископувања на Кале-Стрезов Град – Челевец откриена е бројна фрагментирана грнчарија, врз која со оглед што сѐ уште не е извршен конзерваторски третман не е целосно податлива, но сепак може да се издвојат неколку форми и нивни типови.

Грнци

Тип 1

На овој тип припаѓаат грнињата со високо овално тело, низок слабо закосен обод, и рамно дно. На телото нема декорација. Обликувани се лентесто, доработени на рачно грнчарско тркало. Изработен е од непрочистена глина со силни примеси на крупни кварцни зрна. Ѕидовите се дебели. Печењето е невоедначено, со појава на темни петни, останатиот дел е бледо кафеав. Површината е порозна. Датација 8 век. Откриен е само еден примерок од Кале-Стрезов Град.

Тип 2

вториот тип на грнци се одликува со високо, скоро вертикално изведен обод, со ниско конично тело. На површината не е изведена декорација. За разлика од претходната варијанта работен е од прочисена глина, со контролирано присуство на крупни кварцни зрна. Површината е мазнета. Печењето е контролирано, црепот има бледо цврена боја. Датација 9 век. Откриен е на просторот на Кула 2 на лок. Кале-Стрезов Град. Датација 9 век.

Тип 3

Овој тип претставуваат грнињата со ниско конично тело, низок, слабо закосен обод и рамно дно. Изработен е со глина со примеси на крупни кварцни зрна. Ѕидовите се широки, со задебелувања на преломите. Црепот е невоедначено печен со темни петна на површината.

Тип 4

Грниња со високо конусно тело и низок слабо профилиран обод под агол од 45 степени. Ѕидовите се сразмерно широки. Работени се на брзо грнчарско тркало, од обработена

суровина. Во смесата се присутни поситни кварцни зрна. Квалитетно воедначено печен цреп со темно кафеава боја. Вратот е декориран со две врежани брановидни линии, додека рамењата и телото со врежани паралелни линии, најмалку четири. Датација 10-11 век.

Тип 5

Грнија со ниско топчесто тело и низок слабо профилиран обод, под агол од 45 степени. Работен е на брзо грнчарско тркало, од фино прочистена суровина со примеси на ситни кварцни зрна. Темно кафеаво печен. Вратот е декориран со густи брановидни линии. Датација 10-11 век.

Тип 6

Тип со високо овално тело и низок, слабо профилиран, широко отворен и благо навнатре вовлечен обод. Работен на брзо ножно грначарско тркало. Суровината е прочистена и механички обработена, со ситни примеси на кварцни зрна. Квалитетно печен во строго контролиран процес, со темно кафеава боја на црепот. Површината на вратот и рамењата е декорирана со најмалку четири групи на густи брановидни линии. Датација 10-11 век.

Тип 7

Грнија со топчесто тело и низок, слабо профилиран, широко отворен обод. Ѕидовите се тенки. Работен од механички обработена суровина со ситни примеси на кварцни зрна. Квалитетно воедначено печен, црепот е со темно сива боја. Датација 10-11 век.

Тип 8

Грне со ниско топчесто тело и низок, широко отворен, средно профилиран обод. Изработен од фино механички обработена суровина, со ситни примеси на кварцни зрна. Работен на брзо, ножно грнчарско тркало. Ѕидовите се сразмерно тенки. Квалитетно бисквит печено. Одвнатре и однадвор темно кафеаво, додека во средина темно сив цреп. Декориран на вратот со два реда на спротивно поставени коси убоди што формираат декорација во вид на рибина коска. Датација 10-11 век, со акцент на 11 век.

Тип 9

Грне со конусовиден врат и низок, слабо профилиран, широко отворен, вертикално извлечен обод. Ѕидовите се тенки. Работен од механички фино обработена суровина, со ситни примеси на кварцни зрна. Работено на брзо грнчарско тркало. Квалитетно,

воедначено печење на црепот со темно сива боја. На вратот декорација изведена со врежани паралелни линии. Датација 13-14 век.

Амфори

На Кале-Стрезов Град откриени се две, поцелсно сочувани амфори, чиишто форми можат да се реконструираат. Двете припаѓаат на амфори со ниско овално тело и висок обод. Работени се од фино обработена глина, оформени се на брзо ножно грнчарско тркало. Квалитетно печени, во строго контролиран процес. Површината им е премачкана со црвеникав премаз. На преминот од рамото во устието изведена е декорација од пластично ребро на кое се аплицирани убоди. Двете амфори може да се поделат во засебни варијанти и тоа тип I.1 амфори со сликана декорација од бледо црвена мат боја и тип I.2 амфори без сликана декорација. Слични примероци се откриени на локалитетите Маркови Кули и Поткули-Варош, датирани во 12-14, со акцент на 13-14 век, што соодвествува и за примероците од Демир Капија.

Чинии

При археолошките ископувања на Просторија „А“ од црквата на Кале-Стрезов Град, како и објект 1, откриени се вкупно три чинии целосно сочувани или со елементи за реконструкција, додека откриени се и фрагменти од глеѓосана керамика коишто типолошки припаѓаат на чиниите.

Тип 1

На првиот тип на чинии припаѓаат три примероци изработени од фино прочистена глина, добро, воедначено печени. Работени на ножно, брзо грнчарско тркало. Спаѓаат на длабоки биконични чинии со ниско слабо испакнати рамења и рамно дно. Може да се разликуваат две варијанти. На првата варијанта тип I.1. припаѓаат примероците без украсување со боење, додека на втората варијанта тип I.2 припаѓаат два примероци кај кои е сочувано боење со црвен премаз од надворешната страна на венецот. Се разликуваат мали варијации помеѓу трите примероци. Слични примери се откриени од Дјадово, датирани во втората половина на 11 и 12 век. Според местото на откривање, над гробовите

во просторија „А“ во рамки на црквата од Кале-Стрезов Град, овие примероци може да се датираат во 13-14 век, со акцент на 14 век.

Тип 2

На вториот тип припаѓа еден примерок на среднодлабоки чинии, со средновисоки, цилиндрични рамења. Дното не е сочувано. Рамењата се украсени од надворешната страна со прави и брановидни линии, прамачкани со светло жолта стаклеста глазура. Откриена е исто во просторијата „А“ на црквата на Кале-Стрезов Град, па може да се датира како претходниот тип во 13-14 век.

Кон чиниите припаѓаат уште три фрагменти кои според сочуваноста не можат да се распоредат во одреден тип. Еден од примероците е украсен во сграфито техника, додека другите два со шамплеве.

# V.5. ПАРИ И СФРАГИСТИКА

## V.4.1. НАОДИ НА ПАРИ

Закрепнувањето на византискиот монетарен систем и неговото повторно воспоставување на Балканскиот Полуостров се одвива во две фази[795]. Првата фаза сѐ уште слаба со бавно темпо на зголемување на присуството на годишно ниво, кое за пример во Коринт и Атина изнесува од 1 до 4 проценти на годишно ниво. Во втората група припаѓаат парите ковани од 969 до 1204 година, каде се забележани побрзи подеми, но исто така и отсуство на монети или послаба циркулација во одредени години[796].

По скоро три века хијатус на нумизматички наоди од ареалот на Демир Капија, во втората четвртина на 10 век, повторно се појавуваат средновековните пари на византиските владетели. Од локалитетот Кале-Стрезов Град потекнуваат два фолиса од времето на Константин VII (913-959) односно ковани од неговиот совладетел Роман I Лакапен (921-944)[797] класа 4 и се датираат во периодот од 921-944 година[798], но Ф. Гриерсон смета дека класата 4, ја наследува класа 2 и го продолжува ковањето по 931 година[799].

По долгиот хијатус на циркулирање на пари во Македонија, истите, сепак со многу мал интензитет почнуваат повторно да циркулираат во првата половина на 9 век, потврдени

[795] Овде пред сѐ се прикажани наодите на пари откриени при археолошките истражувања на авторот во периодот 2015-2020 година на локалитетите Кале-Стрезов Град, Маркова Кула и Црквиште-Корешница, наодите од Црквиште-Демир Капија се прикажани само преку публикуваните податоци.Наодите депонирани во Археолошкиот музеј на Македонија не се достапни за аутопсија. Според кустосот за средновековна нумизматика, Инвентаните книги се одземени за истрага од страна на Државното јавно обвинителство, па затоа не може да се направи увид во нумизматичкиот материјал.

[796] Morrisson, 2002, 958-959.; Христовска 2013, 1809.

[797] Овие монети се откриени при археолошките истражувања во 2015 година од страна на авторот. Наодите се откриени на просторот на Кула 1, во рушевински слој, во непосредна близина една од друга, што може да се смета дека истите потекнуваат од колективен наод. Наодите се презентирани на Првата национална конференција за византологија и медиевистика: *Самуиловата држава-1.000 години потоа (1018-2018).* Необјавено.

[798] DOC III.2, 537-538, Pl.XXXVIII.25.a.16 и Pl. XXXIX.25.b.19.;

[799] DOC III.2, 537-538.; По откриените примероци од Новосел-Шуменско, Жекова 2006, 199-203., претпоставува за можни имитативни ковања на Роман I Лакапин. Нејзиното тврдење го изнесува врз фактото што во откриениор групен наод од шест фолиси од класа 4 на овој владетел се среќаваат такви со високи, но и со многу пониски стилски карактеристики. Со направените ренгено-флуорсцентни анализи, утврдено е дека овие монети покрај стилските карактеристики се разликуваат и по составот на металот. Монетите коишто ги атрибуира како „имитации“, по составот на метал се многу послични со откриениот бронзен накит во истиот групен наод.

со златни, сребрени и бакарни пари на Теофил (829-842). Паричната циркулација е зголемена во периодот на македонската династија (886-1056). Зголеменото придвижување е документирано во првата половина на 10 век, период во кој се откриени десетина бакарни фолиси од територијата на Македонија. Најголемиот дел од нив припаѓаат на ковањата на Лав VI, а поретко застапени се ковањата на Роман I Лакапен, коишто покрај наодите од Кале-Стрезов Град познати се уште два примероци од Таор-Скопје[800], и два од непознати локалитети[801]. Сепак, овој број на средновековни пари не е доволен за да се заклучи дека паричната размена е реставрирана. Појавата на пари укажуваат само на бавно и тешко придвижување кон монетаризација, којашто сепак не може да ја потисне стоковата размена, воспоставена во овој период. Ова впрочем го потврдуваат и современите извори коишто даваат податоци за примената на стоковата размена.

Од Црквиште-Демир Капија припаѓа група на четири фолиси датирани од последната четвртина на 10 и 11 век[802]. Од откриените фолиси, два потекнуваат од гробни целини додека другите два како вонгробни наоди. Три од фолисите се анонимни ковања од кои два се од тип А2 и еден од тип F, додека последниот е сигниран примерок. Фолисите од групата А1 од страна на Б. Алексова се погрешно интерпретирани како ковања на Јован Цимиски (969-979), односно анонимни фолиси од група А1, сепак според различното читање на В. Иванишевиќ и Ј. Кондијанов истите припаѓаат на типот А2, од кои првиот припаѓа на првата емисија од групата на анонимни фолиси А2, додека за вториот не е одредено на која емисија припаѓа[803]. Анонимните фолиси од групата А2 се датирани во еден долг временски период од педесетина години. Според типологијата и хронологијата што ја предлага В. Иванишевиќ, фолисите од првата емисија на групата А2 на анонимни фолиси, на коишто припаѓа и еден од примероците од Црквиште-Демир Капија ги датира во периодот од 979 до 1001 година[804], додека за вториот на којшто не може да му се одреди емисијата би се датирал оквирно од 979 до 1028 година, времето кога оваа група била во оптек. Третиот фолис од групата на анонимни фолиси F кована е во времето на

[800] Ристов 2019, 262, 289, 294, кат. бр. 117-118.
[801] По еден примерок во збирките на Народна Банка на Република Македонија и Охридска Банка. Види кај Христовска 2013, 1853, бел. 18.
[802] Aleksova 1966, 60-61.
[803] Иванишевиќ и Кондијанов 1994, 87, Таб. I.
[804] Ivanišević 1989, 27-28, 40.

Константин X (1059-1067), додека последниот четврт сигниран фолис припаѓа на ковањата на Роман IV (1068-1071)[805].

Парите од крајот на 10 и 11 век покажуваат поголема дисперзија на локалитетите во Македонија. Главно се откривани во средновековните градски центри и тврдините[806]. Според В. Иванишевиќ, дисперзијата монетите од првата емисија на анонимните фолиси класа А2 може да се поврзат со борбите водени помеѓу Самуил и Василиј на просторот на Централен Балкан на преодот од 10 во 11 век, додека анонимните фолиси од класа F со нивното долго ковање и општите монетарни текови[807]. Теоријата за зголемено присуство на византиска војска ја прифаќа и К. Христовска, која смета дека покрај општите монетарни трендови и пуштањето во оптек на инфлаторна емисија, војската е еден од главните фактори за присуство на поединечни фолиси во фортифицираните населби во внатрешноста на Македонија[808].

Како посебна група на пари може да се издвојат реформираните ковања од страна на Алексиј I Комнен сѐ до падот на Константинопол во 1204 година и престанокот на работа на ковниците. Од овој период откриени се повеќе монети од локалитетите Црквиште-Демир Капија, Црквиште и Маркова Кула-Корешница. Од Црквиште-Демир Капија од гробни контексти се откриени осум датирани монети и неколку нечитливи и тоа една монета на Алексиј I Комнен (1081-1118), пет примероци на Мануел I Комнен (1143-1180) и два примероци на Алексеј III Ангел (1195-1203)[809]. На Црквиште-Корешница откриени е еден полутетартерон на Мануел I[810]. Додека на Маркова Кула-Корешница една билонска аспрон трахеа IV, тип D на Мануел I[811] и една на Исак II Ангел (1185-1195).

Според дистрибуцијата на византиските монети во Македонија, изненадува бројноста на ковањата на Мануил I Комнен. Во споредба, откриенити монети од територија на Република Македонија ковани од Алексиј I и неговиот наследник Јован II Комнин (1118-1143) се воопшто ретки, додека монетите на Мануел I, Исак II и Алексеј III Ангел (1195-1203) скоро и да ги нема[812]. Иако овие пари се присутни на ареалот на Просек и Македонија,

[805] Иванишевиќ и Кондијанов 1994, 87, 90-91, Таб. I.
[806] Микулчиќ 1995, 195, 197, 203, 235, 264, 288, 338, 340.
[807] Иванишевић 1993, 83-84.
[808] Христовска 2013, 1808-1813.
[809] Aleksova 1966, 61.
[810] Петров 2018, 77-.
[811] Петров 2021, во печат.
[812] Христовска 2013, 1819.

сепак нивната мала застапеност укажува на сѐ уште слабата монетаризација на Македонија, освен на Солун. За разлика од копнена Грција каде билонските трахеи, тетартери и полутетартери се далеку по застапени[813]. Изворите, особено за регионот на Македонија под Епирска власт, наведуваат разни контексти според кои одредени пари остануваат во оптек и долго по нивното ковање.

По падот на Константинопол под налетот на крстоносците од четвртата крстоносна војна, на територијата на Македонија се забележува зголемено присуство на пари. Ваквата ситуација ќе биде присутна низ целиот 13 век. Откриени се парите на т.н. Бугарски имитативни ковања, Латинските имитативни ковања во Константинопол и Солун, Солунското кралство, Никејското Царство и од Епирското Деспотство.

Парите од типот на Бугарски имитативни ковања се откриени по еден примерок на Кале-Стрезов Град и Маркова Кула-Корешница, додека на Црквиште-Корешница се откриени две монети. Сите идентификувани т.н. Бугараски имитации припаѓаат на тип А, коишто се ковани според билонските трахеи на Мануил I Комнен, датирани 1195-1200. Со оглед дека овие монети се со доста слаб квалитет на материјалот од кој се изработени како и самиот отисок истите се воглавно лошо сочувани и тешко се идентифилуваат, па можно е во останатиот неидентификуван нумизматички материјал од набројаните локалитете, вклучувајќи го и Црквиште-Демир Капија да се наоѓа уште по некој примерок.

За овој тип на монети се изнесени повеќе мислења. Првата теорија ја дава М. Хенди, којшто нивното ковање го припишува на Второто Бугарско Царство[814]. Сепак, понатамошните истражувања, особено оние на Ј. Туразоглу и Д. Меткалф[815] и подоцна, со голема сигурност тврдат дека и т.н. бугарски имитативни ковања, всушност не се производ на Бугарското Царство, туку се производ на Латинското Царство[816]. В. Радиќ, П.

---

[813] Laiou 2002, 207-215. Со цитираната литература.

[814] Handy 1985, 46-47; 519-520.; DOC 4.1, 435-436.

[815] Metcalf 1979, 114-119.

[816] Туразоглу во својата рана статија допушта можност овие имитации да се проивод на ковница лоцирана во Македонија или Тракија, наменета за брзо ковање на пари за задоволување на потребите на византиските воени трупи стационирани во Македонија, пред симнувањето на Алексеј III од престолог. Втората можност која тој ја предлага е дека станува збор за пари ковани од страна на Латинското Царство веднаш по заземањето на Константинопол. Тоуразоглу не го прифаќа востановениот термин „Бугарско имитативно ковање“ и го користи терминот „директни копии“, бидејќи истите произлегуваат од комниновските модели, односно Тип А ја користи билонската трахеа на Мануил I, тип В ја користи билонската трахеа на Исак II и Тип С ја користи билонската трахеа на Алексеј III. Touratsoglou 1973, 131-166, особено 140-141.

Пападополу и В. Иванишевиќ, врз основа на откриени т.н. бугарски имитации од типот C во трезорите во Краљево-Рашка, Шетоње и Табановце претпоставуваат дека овие се производ на Латинското Царство, ковани во Мала Азија[817]. Тој оваа своја претпоставка ја темели врз идентификуваните прековувања врз селџучки пари, откриени во споменатите трезори, со ова т.н. Бугарски имитации всушност би претставувале првите латински ковања.

На локалитетите од ареалот на Просек најбројни се т.н. Латински имитативни ковања, издавани во Константинопол и Солун. Откриени се на локалитетите Црквиште и Маркова Кула, како и на Кале-Стресзов Град. Откриените се 33 монети, идентификувани како Латински имитации, од коишто 28 припаѓаат на мал модил тип A, 2 на мал модул тип B и по една на мал модул тип D и F, покрај ова откриени се и два примероци на голем модул тип C. Примероците ковани во голем модул тип тип C, потекнуваат од Константинополската ковница, додека сите останати, коишто припаѓаат на мал модул доаѓаат од непозната ковница, со претпоставка дека е солунската. Овие парични изданија се датираат 1206-1261 година.

Латинските имитативни ковања[818], ковани се во голем број на кратки серии, со исклучок на серијата од тип A, којашто се кова најдолго а со самото тоа и е најбројна и останува најголго во оптек. Големата концентрација на овие пари на просторот на Македонија, вклучувајќи го и Просек зборува за зголемената концентрација на војска на просторот на Балканот, во времето по падот на константинопол. Оваа концентрација на пари е особено изразена долж патните комуникации, по коишто одредени војски продирале. Особено е интересно што во овој период има голема еднородност на откриени монети на локалитетите во ареалот на Просек коишто воглавно припаѓаат на истиот тип на латински имитативни ковања, мал модул тип A, што укажува на подолга контрола на Просек од страна на еден воен и државен центар. Во овој период и самата монетаризација на ареалот е најсилно изразена. Иако монетите во мал модул со резерва се датираат 1206-1261, можно е и нивно подолго циркулирање, со оглед на обемот во којшто се откриваат. Продолжената циркулација на монетите е потврдена и во пишаните извори особено за територијата на Македонија, каде се наведуваат разни начини на трезорирање и пуштање

[817] Radić, Papadopoulou and Ivanišević 2008, 323.
[818] За ковањето на билонски трахеи во Латинското Царство во Константинопол и дискусијата за атрибуирањето на имитативни ковања кон Латинското Царство види повеќе кај Stahl 2002, 197-206.

на оптек на парите[819]. Треба да се земе во предвид дека латините од Латинското Кралство во Солун го заземаат Просек по смртта на Стрез во 1215 и го држат до неговото освојување од страна на епирците во 1219 година што ќе го обезбеди нивното освојување на Солун во 1224 година.

По еден примерок ни е познат од ковањата на Теодор I Дука Комнин (1225?/7-1230), од Солунското Кралство, како и една билонска трахеа атрибуирана на Јован III (1224-1246), Никејскиот Цар, кована по освојувањето на Солун. Монетите на Теодор Дука Комнин се издавани во Солун по освојувањата во 1224 година. Иако веќе околу 1219 година го освојува Просек и поголемиот дел од Македонија, освен Солун[820]. Монетата на Јован III Дука Ватац е кована по Никејското конечно освојување на Солун во 1246 година, период во кој Просек веќе бил под Никејска власт[821]. Циркулацијата на монетите на солунските владетели иако на север допира до Ниш и Браничево, нивната најактивна циркулација е на територијата на Македонија особено околу градовите Прилеп и Битола[822]. Циркулацијата на Никејските пари се поврзува со освојувањата на Македонија особено со освојувањето на Солун, кадешто започнува да работи ковницата којашто кова пари за никејските владетели[823].

Од монетоковањата на возобновената Византија потекнуваат два примерци на Михаил VIII Палеолог (1261-1282) и два примероци на Андроник II со Михаил IX (1295-1307)[824]. Од Кале-Стрезов Град потекнуваат уште два примероци ковани од Андроник II (1282-1328) во Солун, од коишто едната е класа 37 додека другата класа 43[825].

Парите на Палеолозите во Македонија се доста чести. Ова може да се доведе во корелација со две работи, како прво важноста на Македонија за време на нивното владеење нараснала, а економијата не преживувала криза. Патиштата према Константинопол и Белград биле отворени, а добра била и комуникацијата помеѓу внатрешноста и пристаништата, со што се овозможувал брз извоз на земјоделски продукти. Од друга страна за време на граѓанската војна помеѓу Андроник II и неговиот

[819] Повеќе види кај Laiou 2002, 207-215.
[820] Аџиевски 1982, 125.; Nicole 1957, 58-59.; Томовски 1978, 276., смета дека Просек веќе во 1216 година потпаднал под епирска власт.
[821] Аџиевски 1983, 175-176.; Nicole 1957, 145-146.; Томовски 1978, 276.
[822] Христовска 2013, 1831.
[823] Христовска 2013, 1833.
[824] Aleksova 1966, 61.
[825] DOC V-1, 126-160.; DOC V-2, Pl. 46-47

внук Андроник III движењето на војската на двете завојувани страни била зголемена. За ова придонесувал и постојаниот ризик од страна на српското царство од север и воспоставувањето на српско – византиската граница. Зголеменото присуство на монетите на Андроник II во ареалот на Просек, особено самостојните ковања откриени на Кале-Стрезов Град може да се доведе во врска со засолнувањето на дел од неговите привrзаници во пограничните тврдини со српското кралство[826].

Покрај парите на Византија и нејзините држави наследнички, на локалитетот Црквиште откриени се три венецијански гроша, меѓу кои се застапени грошевите на дуждовите Јакомо Тиеполо (1229-1249), Лоренцо Тиеполо (1268-1275) и на Џовани Соранцо (1312-1328)[827]. Парите на Венецијанската Република се присутни на територијата на Македонија и воопшто низ целиот Медитеран[828]. Набргу по влегувањето во оптек се широко прифатени заради нивната стабилност и чистота на сребро, но никогаш не станале официјално платежно средство на земјите наследнички на византиската империја[829], туку нивната употреба се сведува главно на трговски трансакции[830]. Во Македонија се често присутни во нејзините западни делови, Скопско, а во последно време откриени се и во Струмичко, што упатува на нивно активно користење и во Источна Македонија, а наодите од Демир Капија укажуваат дека истите навлегувале и по течението на Вардар[831].

Во текот на триесетите години од минатиот век на просторот на лок. Болница откриен е трезор со 16 српски динари, ковани во времето на Душан и Урош[832]. Поединечни наоди на

---

826 *Јован Кантакузин* 377-378; *Никифор Григора* 206-207.

827 Aleksova 1966, 61. Покрај овие примероци на венецијански грошеви, можно е нивно присуство во депото на србрени динари од Демир Капија, за ова види подолу во текстот.

828 Бидејќи не се откриени пари со претстави на Латинските Цареви, во 19 век постоело мислење дека нивното непостоењето е поради користењето на Венецијанските Грошеви од страна на Латинското Царство, што се докажало како сосема погрешно. Спореди Stahl 2002, 197-206.

829 Иако се правени обиди да се докаже дека Латинското Царство како платежно средство ги користело венецијанските грошеви, сепак А. Стахл убедливо го докажува спротивното Stahl 2002, 197-206.

830 Laiou 2002, 211.

831 Христовска 2013, 1839-1838.

832 Алексова 1955, 18-19.; Целата содржина на депото не е позната, ниту е целосно публикувана, Б. Алексова наведува дека е составена од околу 20 српски динари без да ја прецизира точната бројка. Подоцна во монографското издание за ископувањата на некрополата Црквиште, додава дека се пронајдени и венецијански грошеви. Се разликуваат и податоците за околноста и местото на наоѓање, додека во првата публикација наведува дека се откриени при копање на темели за болницата во Демир Капија (станува збор за тогашната болница за железничари, денес специјален завод Демир Капија), во монографското издание вели дека се откриени при трасирање на патот, пред самиот тунел, каде што се откриени средновековни гробови (лок. Манастир б.м.). Aleksova 1966, 61, 85, kat. Br. 50.; додека Б. Димитријевић 1981. прецизира дека станува збор за 16 монети.; Бидејќи единствениот податок Б. Алексова го дава од информациите добиени од откривачот на депото М. Матиќ, можно е покрај парите на Стефан Душан и Стефан Урош да има пари и на други владетели. Димитријевић 1981, 24.

српски динари на ареалот на Демир Капија до сега не се познати. Овие ковања кои се работени по пример на венецијанските сребрени грошеви познати се само од ова депо. Депото се датира оквирно во периодот помеѓу 1356-1371 година[833]. Вака отворената датација не дозволува прецизно утврдување на причините за депонирање. За време на владеењето на цар Душан забележано е зголемување на паричната продукција и нивна дистрибуција на просторот на Македонија. Ова се поврзува со отворањето на нови рудници, депресијата на сребрените динари, но и можноста дел од српските динари да се ковани на територијата на Македонија со голема веројатност во ковницата во Скопје, за којашто е потврдено дека била активна во периодот од 1380-1392 година[834].

Последните пари коишто циркулирале на просторот на Демир Капија се по турските освојувања на Македонија и потекнуваат од 15 век. Од лок. Црквиште познати се две турски акчи, по една на Бајазит (1389-1402) кована 1389/90 и на Султан Мехмед (1444-1446; 1451-1481) кована во 1481[835]. По турските освојувања на Македонија, продолжува циркулацијата на турски пари во три деноминации. Во текот на 15 и 16 век важна улога игра и Македонија каде што се отворени ковниците во Скопје, Кратово и Охрид, што влијаел на монетаризација во Македонија. Кон средина на 17 век овие монетарниците како и останатите провинциски ковници во Отоманското Царство биле затворени, а продолжиле да работат само неколку во Мала Азија и Африка[836].

### V.4.2. ПЕЧАТИ - ПЛОМБИ

При рекогносцирање на просторот на масивот Јуручки Камен, во близина на локалитетот Маркова Кула-Корешница е откриена половина оловен печат-пломба. Сочуваната половина од овој печат е со дијаметар од 2,7 см. Иако е оштетен, сочувани се букви на

[833] Димитријевиќ 1981, 24, кат. бр. 48.; Иванишевиќ 2001, 307, кат. бр. 30.; Иако од повеќе истражувачи се правени обиди за увид во истото, сепак од страна на одговорниот кустос во Музеј на Македонија истото не е дозволувано. Спореди Димитријевиќ 1981, 24, бел. 18.;

[834] Христовска 2013, 1839-1840.

[835] Aleksova 1966, 61. Акчата на Бајазит е прикажана само на фотографија и е назначено дека потекнува од гроб 247, меѓутоа во гробниот инвентар овој гроб нема наоди, исто така во анализата на движните наоди кадешто има и анализа на наодите на пари оваа акча не е спомната, па така нејзината веродостојност е доведена во прашање.

[836] Христовска 2013, 1850-1851.

аверсот. Од левата страна може да се читаат буквите А ΓΕΩΡΓ, `Ο ἅγιος Γεώργιος. и видливи се траги од стоечката фигура на Свети Георги Куперивот.[837]

На реверсот се делумно сочувани букви во шест реда.

[+ΟΜΩΝΥΜ]ΟΝ/[ΣΟΙΣΕΒΑΣΤ]ΟΝ/[ΟΙΝΑΙΩΤ]ΗΝ/[ΚΑΙΠΑΡΑ]ΚΟΙ/[ΜΩΜΕΝΟΝ]ΜΑΡ/[ΤΥΣΜΕ ΣΚΕΠΟ]ΙΣ

+Ομώνυμόν σοι σεβαστὸν Οἰναιώτην καὶ παρακουμώμενον, μάρτυς, με σκέποις[838]

Во превод: Сочувај го маченику твојот со-именик Инеот, севаст и паракимомен.

Георги Инеот бил главен евнух во царската придружба, но и севаст и паракимоменон-надзорник на царските одаи во дворецот на византискиот цар Алексиј III Ангел (1195-1203)[839]. Византискиот хроничар и очевидецот на настаните, Никита Хонијат го споменува во својата Историја и тоа при опсадата на Просек од страна на Алексеј III Ангел во 1198 година. [840]

[837] Jordanov and Zhekova 2007, 174.
[838] *Corpus of Byzantine Seals from Bulgaria* 2006, 528.
[839] Паракимомен била дворска титула од времето на императорот Маврикиј (582-602). По деветтиот век бил назначуван еден чувар на царските одаи, обично евнух, кој се грижел за безбедноста на императорот преку ноќта. Тој спиел во истата одаја со императорот и многу често евнусите биле влијателни поради близината. *Corpus of Byzantine seals from Bulgaria* 2009, 125.
[840] *Никиӣа Хонијаӣ*, 160-161.

# ГЛАВА VI
# ИСТОРИСКА КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ОТКРИТИЈА

## VI.1. ОКОЛУ ИМЕТО СТЕНАЕ – ПРОСЕК – ДЕМИР КАПИЈА

### VI.1.1. Стенае ? – Римски период

За влезот во клисурата во пишаните извори наоѓаме три различни називи и тоа: Стенае, Просек и Демир Капија. Секој од овие називи е карактеристичен за одреден временски период. Најраниот назив за влезот на клисурата, а можеби и за населбата што овде се простирала е Стенае. За овој назив дознаваме од Табула Појтенгеријана, работена по карта од IV век. На Табула Појтенгеријана, XI римски милји јужно од Антигонеа, што пак се наоѓа XII римски милји јужно од Стоби, се наоѓа станицата Стенае (Stenas)[841]. Со истиот назив се среќава кај Равенскиот географ. Истражувачите во голем број наврати се обиделе да дадат објаснување за овој назив, па така постојат две теории според првата населбата на влезот во клисурата се нарекувала Стенае[842], додека според втората овој назив ја означува само клисурата[843] но не и населбата што овде се наоѓала[844].

Дополнителен проблем околку називот на населбата претставува и еден натпис откриен од страна на Ј. Г. Хан при неговото патување во Македонија. Натписот е откриен во ареалот на селото Чифлиг[845] во непосредна близина на Демир Капија[846]. Овој натпис предизвикал полемики за името на населбата, односно градот како што е наведено на самиот натпис. Сличноста на називот со името на населбата Идомене дале за

---

[841] *Tabula Peuntegeriana*, VII-5, VIII-1.

[842] Vulić 1938, 8.;

[843] Ф. Папазоглу, во својата статија во која полемизира за името Иумениос, населбата кај Демир Капија ја нарекува антички град Стенаи (Папазоглу 1952, 265-266.). Истата, подоцна во својата книга Македонски градови у Римско доба, ја отфрла идејата за постоење на градот Стенае, наведувајќи дека називот на статицата Стенае што се среќава во Табула Појтенгеријана и кај Географот Равенатски, всушност го означува само влезот во клисурата но не и населбата. Таа додава дека на растојание од не повеќе од 9 km би било необично да се очекува да се наоѓаат два антички града односно Антигона (којашто ја локализира кај с. Тремник) и спорниот град Стенае. Папазоглу 1957, 242-243.

[844] Станојевић 1923, 297., Опишувајќи ги старините што ги видел во Демир Капија за време на неговиот престој во 1915 год. го отвора прашањето дали овде се наоѓал градот Стена, Идомене или Алмана. Подоцна и И. Микулчиќ се прашува дали на локацијата на Демир Капија може да се убицираме градот Алмана.

[845] Во минатото се нарекувал Будур Чифлиг, а јужно на патот кон селото Дрен се наоѓало сега изчезнатото село Оризари.

[846] Hann 1867, 167, nr. 38.

претпоставка дека овде се работи за Идомене, а други истражувачи овде го барале дотогаш непознатиот град ΙΟΥΜΗΝΙΟΝ. Натписот е следниот:

**ΗΠΟΛΙΣ**
**ΙΟΥΜΗΝΙΟΝ**
**ΑΜ]ΜΙΑΣΤΟΝ**
**ΚΑΙ]ΤΙΤΟΝΤΟΝ**
**ΑΥΤΗΣ]ΓΥΜΝΑ**
**ΣΙΑΡΧΟ]Ν ΚΑΙ**
**ΕΥΕΡΓΕΤΗΝ**

Ф. Папазоглу дава решение за проблемот што е надополнето од страна на М. Петрушевски. Двајцата ја отфрлаат теоријата за називот Иуменион/Ниуменион како назив на населба и додаваат дека овде се работи за споменик на којшто е изоставено името на градот и впрочем Иуменион/Ниуменион е лично име[847].

Досегашниот степен на истраженост не дозволува со прецизност да се одговори на прашањето за вистинското име на античката населба кај Демир Капија. Сѐ уште останува отворено прашањето дали населбата кај Демир Капија се нарекувала Стенае или тоа било само назив на клисурата, посведочен на Табула Пеунтегеријана.

VI.1.2. Просек - Средновековен период

Во средниот век името на клисурата се словенизира при што во изворите се среќава како Просек, што во суштина има слично значење како и античкото Стенае. Овој назив ја означува клисурата односно просекот што реката Вардар и Челевечка Река го прават низ високите варовнички карпи. За разлика од античкиот период, во средновековието употребата на името Просек е многу појасна. Евидентно е дека ова име се користи за означување на самиот теснец односно клисурата, тврдината и градот. Во документарно правната граѓа Просек за првпат се споменува во 1019 година во сигилијата на Василиј II

[847] Папазоглу 1952, 265-266.; Петрушевски 1955, 140-143.

со која се потврдуваат и уредуваат правата на Охридската Архиепископија[848] по згаснувањето на Самуиловата држава. Кон крајот на 11 век Просек повторно се споменува во Кратката Историја на Јован Скилица. Овој наративен извор се однесува на случувања од годината 1018, односно на освојувачкиот поход на Василиј II по смртта на Јован Владислав, каде јасно се споменува тврдината Просек, των φρουρίων Στυπείουτε και Προσάκου[849]. Изрично, како тврдина се споменува и кај Никита Хонијат, Теодориј Скутариот, Јован Кантакузин, Никифор Хум и во договорот склучен помеѓу Карло Валоа со Урош II Милутин.

Во еден наврат кај Јован Кантакузин се споменува како тврдината Просек и градот *έπεὶ γαρ̀ Πρόσεκόν τε καὶ Πρίλλαπον καί Στρίμβιτζαν κατέχετε φρουραι῀ς, διανειμάμενοι τας̀ πόλεις ταύτας.* Само како градот Просек се споменува во Животот на Стефан Немања од кралот Стефан Првовенчани *оутврьднхь н вь градѣ глаголемѣмь просѣкь*[850]. Во еден наврат кај Никифор Григора Просек се нарекува и гратче *ές τὸ τοῦ Προσιάκου πολίχνιον.* За последен пат називот Просек се употребува во 1342 година.

| Името **Просек** во пишаните извори | | | |
|---|---|---|---|
| **Грчки извори** | | | |
| **1019** год. | *Καὶ τὸν Προόσακον* | | Sigillia Basilii II : Sigillium Primum – 1019 год. |
| | | | |
| **1018** | *των φρουρίων Στυπείουτε και Προσάκου* | тврдина | Skylitza<br>Крај на XI век |
| | | | |

[848] *Sigillia Basilii* II, 40-44.
[849] *Skylitza.*; Антолјак 1985, 525.
[850] *Život sv. Symeona*, 22.; *Живот Стефана Немање*, 64.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1199** | *Καὶ φρούριόν Πρόσακον ές τουραννεῖον* | 159 | тврдина | Niketas Choniates<br>Νικήτας Χωνιάτες XII-XIII век |
| | *τὸν Πρόσακον* | 160 | | |
| | *τὸν Πρόσακον* | 160 | | |
| | *τῷ Προσάκῳ* | 160 | | |
| | *τὸν Πρόσακον* | 161 | | |
| | *τὸν Πρόσακον* | 161 | | |
| | *τὸν Πρόσακον* | 161 | | |
| | *τοῦ τε οὖν Προσάκου* | 163 | | |
| **1201-1202** | *ές Πρόσακον* | 167 | | |
| | *Προσάκῳ* | 168 | | |
| **1205** | *Πρόσακον* | 171 | | |
| | | | | |
| **1198-1201** | *τὸν Πρόσακον* | 232 | | Никита Хонијат, Говори<br>Пролет 1202<br>ВИИНЈ VI |
| | *Τὸ Πρόσακον* | 237 | | |
| | | | | |
| **2/2 на XIII** | *τε και Πρόσακος* | | | Georgius Acropolita<br>2/2 на XIII в |
| | | | | |
| **1282** | *Καὶ τόν Πρόσακον (φροίριον δὲ τοῦτο)* | 256 | тврдина | Theodorus Scutariota За случувања по 1118 авторот ги користи |
| | *τὸν Πρύσακον* | 257 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *τὸν Προύσακον* | 257 | | историите на Никита Хонија и Акрополит, безмалку дословно ги препишува |
| | *ευ̉θυ` Προυσάκου* | 257 | | |
| | *κατὰ τοῦ Προυσάκου φέρεται* | 257 | | |
| | *τὸν Προύσακον* | 257 | | |
| | *τὸν Πρύσακον* | 258 | | |
| | *ει ̉ς Προύσακον* | 260 | | |
| | *τε καὶ Προύσακος* | 281 | | |
| | | | | |
| Поч. **1328** | *ές το` τοῦ Προσιάκου πολίχνιον* | 207 | Гратче | Никифор Григора<br>ВИИНЈ VI |
| | | | | |
| Јануар-март **1328** | *έπεὶ γὰρ Πρόσεκόν τε καὶ Πρίλλαπον καί Στρίμβιτζαν κατέχετε φρουραῖς, διανειμάμενοι τὰς πόλεις ταύτασ* | 252 | Тврдина – град | Ioannis Cantacuzeni |
| | *τὸν δε` Πρόσεκον* | 252 | | ГИБИ X |
| | *δε` τὸν Πρόσεκον* | 253 | | |
| Јуни **1342** | *τις περὶ Πρόσοικον* | 315 | | Cant. 284, 14-15 |
| Јули **1342** | *παρὰ τῶν Πρυσοίκου στενῶν τὴν είσβολὴν ηυ̉λίσατο τὴν νύκτα* | 316 | Теснец-клисура | |
| | *ο̉ δε` Πρόσοικος ου̉τος φρούριόν* | 316 | Тврдина | |
| | *έν Προσοίκῳ* | 316 | | |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 септември **1321** | *Πρόσακον τὸ ἀσφαλέστατον φρούριον* | 618 | тврдина | Nichephori Chumni ВИИНЈ VI |
| | | | | |
| | *Προσάκου* | 533 | | Demetrii Chomatini |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Латински извори** | | |
| **1308** | *Castri nominee Prisec* | 428 | тврдина | Споменик том II |
| | | **Словенски извори** | | |
| **1214-1215** | *ѳутврьдихь и вь градѣ глаголѥмѣмь просѣкь* | 22 | град | Крал Стефан Првовенчани<br>Šafarik, |
| **1215** | *вь градь едниь тврьдь просѣкь* | 105 | | Дометијан |
| **1215** | *оутврьдив бо себѣ домь на камени вь выше реченомь просѣцѣ∴ ѥсть же камень ть и зѣло высокь вако двѣ стіа сежанжаніи и бодѥѥ подь нимже прилѣплѧюшти се рѣка* | 105-106 | | Дометијан (Теодосиј Монах) |

велика҃ текоуштн∴ вардарь

нарицаема

Според горе изнесеното, може да се види дека византиските извори се конзистентни и Просек го именуваат како тврдина, еднинствено во еден случај е именуван како гратче во деминутивна форма и една со Просек ја означуваат самата тврдина.

## VI.1.3. Демир Капија – од османлиските освојувања

По турските освојувања на Македонија, многу од населбите добиваат нови ориентализирани називи, таков е случајот и со Демиркаписката Клисура која што во овој период го добива називот Демир Капу, којшто во изменета форма останал во употреба до денес. Новиот назив во целост го опишува значајот на клисурата, што во буквален превод би значело *Железна Порта*. Овој назив го добила заради непроодноста на самата клисура, чиишто варовнички карпи наликувале на железна непремостлива пречка. По освојувањата на османлиските војски на Македонија[851], најверојатно веќе кон крајот на XIV или почетокот на XV век за клисурата се употребува називот Демир Капу (на места се среќава како Тимур Капу). Ова е евидентно од Опширните пописни дефтери каде што називот Демир Капу се среќава два пати[852], што би можело да се поврзи со постоење на две дервенциски места, на секоја страна од реката коишто би го контролирале сообраќајот од левата и десната страна на реката. По изградбата на железничката пруга низ клисурата во 1873, железничката станица пред влезот во самата клисура го добил називот Демир Капија[853], а по големиот земјотрес во областа Бојмија (Валандовско) што се случил во 1931 година, населбата Бања се поместила на просторот кадешто е железничката станица, и истата започнала да се нарекува Демир Капија наместо претходниот назив Бања[854].

[851] Стојановски 1981, 5-19.
[852] *Турски документи* 1982, 380, 417-418, 422-423
[853] *Историја на железниците во Македонија* 1973, 33.; Матковски 2005, 205-206.
[854] Радовановиќ 1924, 320-323.

# VI.2. ПРЕГЛЕД НА ХРОНОЛОШКИТЕ ЕТАПИ ВО АРЕАЛОТ НА ПРОСЕК

Иако темата на овој труд е средновековниот период, сепак неминовно е пораните епохи да бидат соодветно прикажани, се со цел да се разбере историската географија на самиот простор. Развојот на средновековните тврдини и населби е условен од пораните хеленистички, римски и доцно римски тврдини и населби. Особено доцноримската фортификациската артиектура, која веќе во 4 и 5 век надоврзувајќи се на хеленистичките традиции целосно го трансформира самиот простор, а интервенциите на Јустинијан ќе го заокружат системот на фортификации и утврдени населби. Овие остатоци во најголема мера ќе го сочинуваат средновековниот фортификациски систем, којшто со одредени мали интервенции, ќе се надоврзи и ќе продолжи да битисува во наредните 10 век.

## VI.2.1. Демир Капија во Праисториските епохи

Стратешката позиција на Демиркаписката Клисура нуди поволни услови за населување на просторот уште од најрани времиња. Но и покрај ова изненадува фактот што досега по археолошки пат не се откриени материјални докази за најраните епохи на човекова активност. Според Д. Митревски, ова се должи на географските предиспозиции на Демиркаписката и Таорската Клисура кои претставуваат големи природни пречки што не дозволиле ширење на неолитската култура на просторот на средно вардарската долина[855]. При археолошките ископувања на локалитетот Црквиште, с. Корешница, како наоди надвор од контекст откриени се камена алатка обработена со ретуширање и фрагменти керамика кои според техниката на обработка може оквирно да се датираат во доцно неолитскиот период[856]. Кон овој период или ран енеолит може да се поврзе уште еден случаен наод на теракотна фигурина од околината на Демир Капија[857]. При последните археолошки истражувања на Кале-Стрезов Град, на прсторот на северната зона откриени се средно енеолитски елементи.

[855] Митревски 2013, 90-91.
[856] Непубликуван материјал кој се чува во МЗ ДК.
[857] Корошец 1956, 102-103.

Најраните археолошки наоди на просторот на Демир Капија потекнуваат од доцно-бронзеното време односно од преодниот период од бронзеното во железното време[858]. Во овој период во Горно и Средно Повардарие долж Вардарско-моравската долина навлегуваат Микенски влијанија во материјалната култура. Овие манифестации јасно се одразуваат врз погребните практики, особено во Повардарската или Уланци групата од доцнобронзеното време и периодот на транзиција. Се позачестените влијанија од егејскиот културен круг кон крајот на доцно бронзеното време влијаеле кон оформување на оваа група која се темели врз бронзенодопските традиции во кои се адаптирани и инкорпорирани доцномикенските елементи и влијанија. Групата Уланци се карактеризира со инхумација во згрчена положба, со погребаните најчесто поставени во гробни цисти од камени плочи. Ваквиот ритуал на погребување според Д. Митревски претставува типичен за Пајонската популација која кон крајот на бронзеното време односно преодниот период го населува просторот од северните падини на Олимп на југ до Скопско-кумановската област или можеби и источно косово со јужноморавската област на север. Во ваква една распространетост на пајонските племенски заедници Демир Капија би била во нејзиното средиште. Инхумацијата како начин на погребување е распространета на целиот овој простор, а како најтипични претставници на овој ритус се некрополите кај с. Водоврати и Димов Гроб кај с. Уланци, двете во најблиската околина на Градско односно покрај р. Вардар. Во низата на некрополи се сместува и некрополата Мали Дол, кај. с. Тремник во близина на Демир Капија[859] со што се потврдува теоријата за продорот на егејските културни влијанија и тоа исклучиво по патните правци во случајот по вардарската магистрала[860]. Од околината на Демир Капија освен некрополата Мали Дол кај с. Тремник потекнуваат и два случајни наоди на локално изработени варијации на алабастрони по урнек на доцномикенски форми[861].

Сепак при крајот на 12 и почетокот на 11 век пне Повардарската или Уланци културата е прекината во својот развиток под налет на неколкуте последователни бранови на миграции од север кон југ. При овие деструкции забележано е внесување на нов материјал од север. Оваа ситуација е јасно видлива во стратиграфијата на населбата на лок. Столот

[858] Папазовска 2018, 125-157.
[859] Папазовска 2018, 7. На некрополата се откриени вкупно 75 гроба од кои 62 припаѓаат на периодот од доцно пронзеното време до раното железно време, додека 13 на средновековниот период.
[860] Митревски 2013, 191.
[861] Митревски 1997, 55.

кај с. Уланци, а најдобар пример е ситуацијата на лок. Манастир кај с. Чашка, Велешко. Населбата на овој локалитет била целосно спалена и не била никогаш обновена, а во слојот на горење се открива мноштво на оружје типично за областите на Северен Балкан од крајот на 12 век.

При ова прекинат е животот на населбите и употребата на некрополите долж комуникацијата север-југ по долината на р. Вардар. Погребувањата во згрчена положба се заменуваат со нов ритуал на погребување со спалување во урни. Најкарактеристични некрополи од овој период се некрополите кај Клучка во Хиподром, Ограда кај Орешани, Западната некропола - Стоби и во последно време откриената некропола Мали Дол кај с. Тремник[862], во близина на Демир Капија. Гробниот инвентар на овие некрополи содржи многу елементи од Северен и Централен Балкан, истите елементи што се среќаваат и во изгорените слоеви на доцнобронзенодопските населби по Долен Вардар[863].

По периодот на интензивен развој на средното Повардарие во доцнобронзеното време и деструктивните процеси во транзицискиот период доаѓа до голема стагнација и депопулација на просторот. Со неколкуте последователни продори од север и згаснувањето на доцнобронзените култури настанува целосна промена во општествените, економските и културните односи. Вака ослабени на економско и културно ниво, населбите што ги преживеале овие продори во 10 век пне ја започнале новата етапа во својот развиток. Во овој ран период на железното време (10-7 век пне) врските со Егејскиот југ полека се намалуваат, а за разлика на тоа се поинтензивни се врските со север, па започнуваат да преовладуваат новите културни елементи од т.н. халштатски културни средини со потекло главно од Северен и Северозападен Балкан[864]. Овие елементи се прифаќани од локалното население во согласност со нивните потреби и делумно се адаптирани на домашниот вкус како општо балкански придобивки на новото железно време.

Новосоздадените услови овозможиле уште од почетокот на раното железно време конечно да се формираат првите балкански заедници. Континуираниот развиток не води од првите историски записи и носителите на железното време во Македонија до

[862] Папазовска 2018, Papazovska 2014, 10-13.
[863] Митревски 2013, 193.
[864] Митревски 1997, 71.

формирањето на првите политички заедници. Оваа генеза на носителите индиректно е посведочена во пишаните извори најпрво кај Хомер, а подоцна и кај Херодот и Тукидид што претставуваат манифестација на протоисторискиот развиток[865]. Носителите на железното време во Македонија се посведочени како учесници во некои од најголемите историски настани во своето време. Еден од тие настани е Тројанската војна во која племенските заедници, од Долно и Средно Повардарие, со потекло од областите на широкострујниот Аксиј и ридестата Пајонија, учествувале со свои вооружени одреди на страната на Тројанците[866].

Истраженоста на железното време на просторот на Демир Капија за разлика од северните и источните краеви на Средно Повардарие е доста слаба. Археолошките ископувања во Демир Капија кои се изведувани во периодот од 1947 до 1952 година на просторот на Варници од страна на Ј. Корошец[867], фрагментарно укажуваат на постоење на железновременска населба која се простира од месноста Варници на запад па се́ до локалитетот Манастир на исток, лоциран на високо зарамнетото плато. Ревизиони истражувања со цел на откривање на праисториски структури изведени се во периодот од 1969 до 1972 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија под раководство на Р. Пашиќ[868]. Ерозивноста на теренот, долгата употреба, богатата стратиграфија, и обемните градежни активности во антиката, средниот век и современиот период во голема мера го имаат уништено овој локалитет. Добиените информации од ископувањата се доста фрагментарни што не дозволуваат попрецизно хронолошко определување на археолошките структури и движниот археолошки материјал, ниту пак да се изведат поконкретни заклучоци за карактерот на населбата[869]. Генезата на населбите од полното железно време во Македонија укажуваат на тоа дека истите продолжуваат да живеат и низ најраните историски епохи и врз нивните остатоци оформени се големите и пространи антички населби, со што е отежнато истражувањето на населбите од

[865] Митревски 2013, 214-215.
[866] Митревски, 1997, Петрова, .
[867] Корошец 1956, 90-101. Ј. Корошец овој локалитет го нарекува Градина, наспроти официјалниот назив во теренската документација на раководителот на проектот каде се означен како Варници и Манастир.
[868] Пашић 1975, 155-158.
[869] Иако Корошец 1956, 90-107., и Пашић 1976, 155-157., со оглед на скромниот движен археолошки материјал претпоставуваат дека овде се наоѓа железновременска населба, М. Гарашнанин откриените структури ги датира во раното бронзено време Garašanin 1958, 122.

железното време. Вакви примери наоѓаме на локалитетите Исар - Марвинци, Вардарски Рид - Гевгелија, Глоска Чука - Грчиште и Охридската тврдина – Охрид[870].

Покрај ова, од територијата на Демир Капија, познати се неколку поединечни погребувања од раното и полното железно време. Од раното железно време познати ни се три погребувања од некрополата на Мали Дол кај с. Тремник[871] датирани во прва половина на 10 век пне, додека од Будур Чифлиг потекнува еден гроб датиран во 11-10 век пне[872]. Од полното железно време потекнуваат два гроба од Демир Капија од м.в. Стопанство[873], покрај нив во близина на овој локалитет при изградбата на клучката на автопатот Скопје-Солун и исклучокот за Демир Капија, на североисточниот раб на м.в. Стопанство на два пункта означени како Некропола I и Некропола II[874] откриени се гробови датирани во периодот од 8-6 век пне[875]. Според достапните податоци може да се претпостави дека некрополата од м.в. Стопанство и Некрополите I и II претставуваат дел од рамна некропола на иста населба со оглед на тоа што се наоѓаат на растојание не поголемо од 0,5 км. Населбата на овие некрополи може да се претпостави дека се наоѓа на југоисточниот дел од м.в. Стопанство и северозападната периферија на урбанизираниот простор на Демир Капија каде се откриени остатоци од праисториска населба, за која нема многу информации[876]. Иако фондот на податоци за полното железно време во Демир Капија е многу мал, сепак може да се претпостави дека заедницата од полното железно време која живеела на просторот на Демир Капија по начинот на погребување во рамна некропола и населба која се наоѓа на рамен терен не отстапува од железнодопските некрополи и населби од далеку подобро истраженото Долно Повардарие.

---

[870] Митревски 2013, 217.

[871] Папазовска 2018, 11.

[872] Корошец 1956, 103-104.; Митревски 291, кат. 22.

[873] Првите информации за овие две погребувања ги дава Корошец 1956, 103., кој само описно дава информации за месноста каде се наоѓа локалитетот. Митревски 1997, 239, кат. бр. 23., овој локалитет го нарекува „Железничка пруга“ додека пак З. Георгиев кој овде врши археолошки истражувања во 1998 година локалитетот го означува како м.в. Стопанство, во рамки на археолошкиот комплекс Демир Капија (Извештај од археолошки ископувања кој се чува во НКЦ заведен како НКЦ 20.10 16097/1).

[874] Треба да се напомене дека овде не станува збор за локалитетите Некропола 1 и Некропола 2 означени во Археолошката карта на Р Македонија. Во археолошката карта гробовите на м.в. Стопанство се означени како Некропола 1, додека гробот од Будур Чифлик како Некропола 2. Археолошка карта на Р Македонија 1996, 229.

[875] Извештај од археолошки ископувања НКЦ 20.10 16097/1. Нема информација колку гробови се откриени на овие два пункта.

[876] Извештај од археолошки ископувања НКЦ 20.10 16097/1, 2.

Стабилниот и долготраен развиток во полното железно време довел до квалитативни промени во карактерот и структурата на протоисториските заедници во Македонија. Овој период кој се одразува со зголемени економски можности, со променет начин на стопанисување, со зголемени услови за замјоделие, занаетчиство и трговија придонело овие заедници веќе кон крајот на 6 и првата половина на 5 век пне да ги надминат праисториските модели на живот. Овој период се истакнува потребата за се поголема и подобра организација во поголеми заедници, што резултира и со нова социјална и економска диференцијација при што во рамките на заедницата се издвојува нова социјална група на т.н. племенска аристократија[877].

VI.2.2. Антички период

Доцноархајскиот и класичниот период одбележанои ее со Персиските освојувања на трако-македонското крајбрежје и Грчко-персиските војни кои целосно ќе го променат текот на историските настани и со кои ќе исчезнат и последните железновременски и доцноархајските културни вредности. Овој период понатаму ќе биде одбележан и со јакнењето и ширењето на Македонското кралство, слабеењето на пајонските племенски заедници, Ситалковиот поход, пелопонеските војни а ќе заврши со смртта на Александар III Македонски. Во најголем дел од овие случувања просторот на Демир Капија е на периферијата од овие настани. Иако ареалот на Демир Капија директно не се поврзува со ниту еден од современите наративни извори, сепак, овие настани индиректно влијаеле на неговиот историски развој.

Кон крајот на 6 век Мегаbаs брзо и без поголеми потешкотии ги освојува градовите на тракомакедонското крајбрежје. Најверојатно, единствените коишто му пружиле поголем отпор биле пајонските племиња населени околу долното течение на реката Аксиос.

Во овој период јакнело и Македонското кралство, коешто се спуштало од Горна Македонија кон крајбрежјето на Долна Македонија. Пајонците кои што пред 510 година живееле на просторот околу долниот тек на реката Аксиј, при една ваква констелација на експанзионизмот на Македонското кралство од запад и Персиското царство од исток се

[877] Митревски 1997, 135.; Митревски 2013, 232.

нашле во нивна средина. Потиснати од нив биле приморани да се повлечат кон север на просторот на Средно Повардарие, каде ќе го продолжат својот културно-политички развој оформувајќи свое кралство.

Во следните две децении не е забележана промена во трговско-економските односи воспоставени пред појавата на Персија на европско тло. Напротив, забележани се дури и поинтензивни трговски врски на тракомакедонското крајбрежје со Хелада, а особено со Јонија, како и помасовно искористување на Пангајските рудници за сребро. Продолжуваат бројните ковања на независните македонски и пајонски племиња а некои за првпат коваат свои емисии на пари, најголем дел со големи деноминации наменети за плаќање на данок или трговија.

По крајот на тиранидата во Атина и воведувањето на демократијата се означува крајот на доцно архајското време и преминот во класичен период. На простор на тракомакедонското крајбрежје и по долината на реката Вардар, доцноархајските белези во материјалната култура ќе се задржат и во првата четвртина на 5 век пне.

За време на последната персиска офанзива Атина доаѓа Темистокле под чијашто заслуга Атина започнува да гради голема поморска флота за чија изградба набавуван бил дрвен материјал од. Ова економски го зајакнало Македонското кралство, а по персиското повлекување од европското тло, успеало да ги прошири своите владенија и источно освојувајќи го просторот помеѓу Аксиј и Струма, како и рудниците на Пангај, со што е ставен крај на доцноархајскиот период.

Доцноархајските манифестации од ареалот на Демир Капија се присутни единствено преку откриената гробницата на локалитетот Грамаѓе, кај с. Корешница[878]. Иако ограбена во рецентно време, останатите наоди во гробница укажуваат дека во неа било погребано лице со висок социјален статус во заедницата, добиен најверојатно како воена заслуга. Гробница е доста слична по карактерот со гробниците во Требениште и Горна Порта во Охрид, Петилепт кај Беранци, Синдос кај Солун и др. Според движниот материјал истражувачите гробницата ја датираат во првата четвртина на 5 век пне. Гробницата може да се стави во контекстот на историските случувања познати преку наративните извори, истата, најверојатно, е репрезент на најраните продирања на Македонското

[878] Јованов 2009, 15-32.; Кузман 2013, 472-473.; Петрова 1999, 9.

Кралство и освојувањето на Амфакситида по персиското повлекување од Балканот, стигнувајќи до Демир Капија како северна граница.

За време на пентаконтаетија, Атина како предводник на Делоскиот сојуз постепено остварила Хегемонија во копнена Хелада, а во текот на 465 година пред н.е. го заземала стратешки важниот и единствен премин во долниот тек на Струма – Девет Патишта. На ова место подоцна ја основала својата колонија Амфипол, од каде ги контролирала патните правци од исток кон запад, но и оние кои воделе од југ кон север, а од особено значење била контролата на тракискиот Херсонес, Хелеспонт и „житниот пат“[879].

Кон средината на 5 век во златното доба на Перикле, забележан е особен културен подем во сите области коишто во голема мера биле прифаќани и од челниците на Македонското Кралство. Бројни продукти од мануфактурните работилници во Атина пристигнувале преку нивните колонии на македонското крајбрежје. Иако на северната периферија на кралството, Демир Капија во текот на овој период имала поволната стратешка позиција што овозможила благосостојба на нејзините жители и економска експанзија на населбата. Бројноста на откриените предмети со уметничка вредност што пристигнале од работилниците во Атика се во голем број, нив ги има најмногу по долното течение во Вардар, а особено се издвојува Демир Капија. Археолошките ископувања на локалитетот Варници и Манастир во периодот од 1947-1952 година[880] на виделина изнесоа броен движен археолошки материјал од класичниот период. Меѓу импресивната бројка на наоди коишто потекнуваат од Демир Капија, најголемиот дел се добиени по пат на откуп, но, аналогните примероци откриени на локалитетите Манастир и Варница потврдуваат дека овие наоди потекнуваат од овој простор. На Манастир и Варница во најголема мера се откриени Атички производи од втората половина на 5 и ран 4 век. Еден од најрепрезентативните наоди е црвенофигуралната ваза којашто се препишува како дело на атинскиот сликар Медијас. Од големо значење се и двата лекити сликани на бела основа откриени во погребување со спалување. Врз основа на овој гроб претходните истражувачи претпоставуваат дека на влезот во клисурата можеби постоел емпориум или колонија на атињаните, со оглед дека ваквите лекити се поврзуваат исклучиво со погребните практики на Атинските граѓани. Наспроти населбата на десната страна од

---

[879] Саракински 2013, 91-92.; Edson 1980, 16, 23.

[880] Вучковић-Тодоровић 1959, 281-286.; Вучковић-Тодоровић 1961, 229-269.; Vučković-Todorović 1957, 17-18.; Vučković-Todorović 1959, 9-10.;

Вардар, на левата страна од Вардар во атарот на селото Корешница откриена е друга некропола со материјал од доцен 5 и ран 4 век, најверојатно продукт на Олинт[881]. Просторот на влезот во клисурата од двете страни на реката Вардар бил населен во 5 и 4 век контролирајќи ги патните правци коишто се наоѓаат од двете страни на реката.

Непосредно пред влезот во клисурата како десни притоки на реката Вардар се вливаат реките Дошница и Бошава, првата е златоносна, а и двете доаѓаат од региони богати со шума. Може да се претпостави дека брзиот економски напредок на населбата кај Демир Капија се должи на овие два ресурси, особено на дрвото. Во овој период Македонското кралство било единственото што ја снабдувало Атина со дрво во период кога таа на засилено ја обновувала својата флота. Монетите од овој период се доста ретки, но еден примерок на монета на Амфипол можеби укажува на трговските врски со оваа колонија преку која била извезувани суровини и увезувани уметнички производи. Нивната појава кореспондира со основањето на колонијата Амфипол.

Последните три децении на 5 век го одбележуваат Пелопонеските војни коишто имале голем импакт врз развојот на хеленските полиси, период исполнет со нестабилност и неспокојство. Според Ф. Папазоглу[882] 4 век ст.е. до смртта на Александар III Македонски претставува преоден период од класичниот кон Хеленизмот, доколку може да се зборува за преден период во оваа состојба. Ваквата ситуација е посебно изразена доколку се споредат 5 и 4 век. Кризата во 4 век ги зафатила сите аспекти на животот, стопанството, општествените односи, политичкото уредување и културата. Во овој период производите на хеленските полиси во Понт, Сирија, Палестина, Египет, Тракија, Етрурија и Македонија стануваат се поретки. Атичките вази се заменети со локални производи. Се развива и локалното земјоделие па сѐ поретко е увезувано грчко вино и масло. Локалното производство ги погодило хеленските полиси а особено Атина. Падот на Атинската економија, особено на мануфактурното производство се забележува и во Демир Капија. На почетокот на 4 век веќе опаѓаат увозните предмети од Атика и нејзините колонии на егејското крајбрежје. Населбата на просторот на Варници и Манастир по својата кулминација кон крајот на 5 век, сега го бележи својот пад но, продолжува да живурка уште одредено време.

---

[881] Карпузова и Петров Пецовска 1996, 77-89.
[882] Папазоглу, 1995, 33.

Зголемена активност на овој просторот е повторно забележана за време на Филип II и неговата балканска кампања кон север. Во периодот на неговото време веќе карактеристиките на класичниот период ги нема, а материјалната култура се приближува до хеленистичката. Во овој период се бележат промени во топографијата на ареалот. Наместо на Манастир и Варници, популацијата во овој период се погребува во рамницата, покрај реката Бошава, непосредно пред нејзиниот влив во р. Вардар. Од средина на 4 век и почетокот на 3 век ст. е. овде откриени се бројни погребувања[883]. Покрај ова активен е и просторот од другата страна на реката Вардар, на масивот Јуручки Камен, односно на локалитетот Марков Град и Црквиште. На Марков Град кој се наоѓа високо на непристапна карпеста локација, заштитена со меандарот на Вардар и кањонот на Челевечка Река, како и пониската тераса, веднаш над Вардар откриени се монети на Филип II[884], а под сакралниот објект на локалитетот Црквиште-Корешница откриен е хоризонт датиран во втората половина на 4 век ст.е.[885]

По филиповите освојувања на балканот, Демиркаписката Клисура ја губи својата функција на граница и се наоѓа во внатрешноста на Македонското Кралство што се одразува преку осиромашување на погребните дарови. Сепак, по смртта на Александар III во кралството започнуваат бројни превирања за превласт на одредени региони, како и за приграбување на врховната власт. Во превирањата за власт Касандар со низа на сплетки успева да го ликвидира легалниот наследниот Александар и неговата мајка Роксана[886]. За време на власта на Касандар забележана е голема градежна активност со обнова на фортификациите на македонските градови, во голема мера практикувајќи го Хиподамусовиот систем на градско планирање. Во овој период и Пела добива лик на град урбанизиран со правилен систем. Бронзените монети на коалиционите партнери Касандар и Лисимах како и нивниот противник Деметриј I се наоѓаат на локалитети од двете страни на реката Вардар, на влезот во Демиркаписката Клисура[887]. Монетите на овие тројца владетели се наоѓаат на просторот на целиот масив Јуручки Камен, сепак нивната

[883] Соколовска, 1975.
[884] Монетите се чуваат во Музејска збирка во Демир Капија.
[885] Петров 2017, 73-74.
[886] Шукарова 2013, 578, 582.
[887] При ископувањата во 1947-1952 истражувачите споменуваат откриени монети на сите нив но без прецизни информации за локацијата и контекстот на нивното откривање. Не е јасно дали овие монети се откривани на просторот на локалитетите Варници и Манастир или пак на Болница. Вучковић-Тодоровић, 1961, 267.

најголема концентрација е на локалитетот Маркова Кула. Овој локалитет уште при првите проспекции од страна на Ј. Г. Хан, а подоцна и останатите истражувачи Петровиќ Спремо[888], Пашиќ[889], Микуличиќ[890] и Лилчиќ претставува загадочна тема. Хамонд претпоставува дека оваа тврдина била во рацете на македонското кралство од времето на Архелај[891], додека Микулчиќ[892], Лилчиќ[893] и Блажевска[894] претпоставуваат дека ова е Пајонска тврдина дури и резиденција. Овие претпоставки во главно се базираат на уникатниот наод на диобол на претпоставениот владетел Тевтај[895]. За датирањето на овој примерок постојат полемики, В. Лилчиќ и П. Јосифовски ја датираат во втората половина на 5 век ст. е.[896], додека Е. Петрова и Е. Павлова ја датираат во првите децении на 4 век ст. е.[897]. Овој наод е и основата врз која македонските истражувачи ја темелат својата датација на тврдината во 5 век ст. е. и ѝ даваат предзнак пајонска. Археолошките истражувања во 2016 на просторот на североисточната кула и влезниот коридор, ортофотографиите како и пораните сондирања од страна на Р. Пашиќ во 1970 година и В. Лилчиќ Адамс во 2008 година може да дадат попрецизна датација. Во северозападната кула, а особено во влезниот коридор откриени се исклучиво монети на Касандар и Деметриј I, додека како површински наоди откриени се и монети на Лисимах. Откриениот движен материјал, главно монети и керамиката упатува на крајот на 4 век ст. е. односно прва четвртина на 3 век ст. е. Откриените монети и керамика во слој на гареж во влезниот коридор, како и на дното на цистерната во северозападната кула укажуваат дека тврдината одеднаш згаснала во првата четвртина на 3 век ст. е. и подоцна не била обновена[898].

По смртта на Касандар во 297 година ст. е., неговите синови Александар и Антипатар започнале борби за престолот, што резултирало со анархија и безредие кое го втурнало кралството во голема криза. Во 295 година ст. е. се вклучил и Деметриј I, убивајќи го

---

[888] Петровић
[889] Пашић 1976, 157-158.
[890] Микулчиќ
[891] Hammond 1972, 174.
[892] Микулчиќ 1999, 176-182.
[893] Лилчиќ 2013.
[894] Блажевска 2013, 650-651.
[895] Монетата е откриена случајно, од страна на илегални трагачи. Истражувачите кои ја објавуваат монетата го изнесуваат податокот дека истата е откриена на источната падина на масивот Јуручки Камен во близина на локалитот Маркова Кула. Лилчиќ и Јосифовски 1994, 27.
[896] Лилчиќ и Јосифовски 1994, 28-30.
[897] Петрова 1999, 98.; Павлова 2013, 758.
[898] Резултатите од археолошките ископувања извршени од авторот во 2016 година не се објавени. Движниот археолошки материјал се чува во НУ Археолошки музеј на Република Македонија заведен со влезни броеви од 27805 до 27892.

Александар се прогласил за македонски крал[899]. Амбициите на Деметриј биле големи, но главно биле насочени за освојувања на истокот. Во негово време во тврдините била распоредена воена посада во поголем број, за што сведочат мноштвото на ситни бронзени пари ковани во негово време кои служеле за плаќање на војската. Од Демир Капија вакви монети се откриени на значајните одбранбени пунктови на лок. Маркова Кула с. Корешница[900] и Горни Краставец-Демир Капија[901].

Набргу потоа Деметриј I бил поразен од коалицијата на Лизимах со Пир во која се вклучил и Птолемај. По ова Пир бил прогласен за крал, додека на Лизимах му припаднале териториите на Источна Македонија до реката Вардар[902]. Најверојатно во рамките на териториите коишто ги владеел Лизимах влегла и Демир Капија, за што сведочат и неговите монети откриени на локалитетот Маркова Кула[903] и Манастир/Варници[904]. Распадот на власта на Лизимах ја оставила земјата незаштитена пред налетот на келтските воини кои во овој период тргнале од Подунавјето кон југ притоа во првите две децении на 3 век ст. е. вршеле постојани упади и ги преплавиле териториите на Македонија и Тракија, стигнувајќи сѐ до Делфи во 279 година ст. е[905].

При продорите долж Вардарската магистрала настрадале поголемиот број на градови и населби на овој патен правец. Настрадале населбите во Долно Повардарие на локалитетите Кастанас, Вардарофца, Вардино, Вардарски Рид, Глос – Грчиште, Исар – Марвинци, но и оние во Горно Повардарие на локалитетите Градиште – Нерези, Градиште – Бразда, Градиште – Бучинци, Исар – Студеничани, Кале – Варвара и др[906]. Последните монети на Маркова Кула се оние на Лизимах, а во слојот на горење во влезниот коридор во интензивен слој на горење откриена е латенска лачна фибула. Ова укажува дека тврдината на Маркова Кула настрадала насилно во периодот на првите децении 3 век ст. е. и доколку се анализираат останатите остави на пари закопани во 280/279 година по

[899] Папазоглу 1995,245-247.
[900] Лилчиќ 2008, 20-25.
[901] Лилчиќ 2008, 6-18.
[902] Папазоглу 1995, 248.
[903] По завршувањето на археолошките ископувања на Маркова Кула кај с. Корешница, НУ Археолошки Музеј на Македонија во рамки на проектот Археолошки катастар изведе инвазивно површинско детектирање при што беше откриена монета на Лизимах. За информацијата срдечно се заблагодарувам на м-р Владимир Атанасов, раководител на посочениот проект во 2016 година.
[904] Вучковић-Тодоровић 1961,
[905] Папазоглу 1995, 252-253.
[906] Митревски 2008, 365.

долината на Вардар може згаснувањето на оваа тврдина да се поврзе со враќањето на Келтите кон север по нивниот поход на Делфи. Вакви колективни наоди се откриени кај с. Фурка и Вардарски Рид – Гевгелија и уште два трезори по еден од с. Прилепец, кај Прилеп и с. Букри кај Битола[907].

Спалувањето на населбите бил огромен удар за економски и демографски ослабените населби. По првата четвртина на 3 век ст. е. по важните комуникации трагите на живот се доста мали, најголемиот број на населби згаснуваат, а само мал дел од нив, како Вардарски Рид остануваат да егзистираат но, со многу намален интензитет, и уредени по нов урбанистички принцип. Депопулацијата на просторот е доста евидентна во Скопскиот регион, по долините на реките Вардар, Пчиња, Брегалница и Лакавица, овде животот во 3 век ст. е. како да го нема[908]. Потврда за ова се наоѓа и во наративните извори кои велат дека оваа земја била за долго испустена.

Ваквата состојба е евидентна во Демир Капија, освен на Маркова Кула и целиот масив на Јуручки Камен од левата страна на Вардар, згаснува животот и од десната страна на Вардар. По интензивниот живот од втората половина на 5 век ст. е. сѐ до првата четвртина на 3 век ст. е., животот овде е прекинат и нема да се обнови во наредните векови сѐ до стабилизацијата на Римската Империја и *pax romana*. Во некрополите на микролокациите Варници и Манастир погребувања не се вршат уште од почетокот на 4 век ст. е.[909] а на микролокацијата Болница погребувањата продолжуваат до првата четвртина на 3 век ст. е., по што и оваа локација се напушта[910]. Ваквата састајба е скоро идентична и во скопскиот регион каде животот е обновен во 1 век ст. е. што се поврзува со прапочетоците на *Colonia Flavia Scupinorum*[911].

Во време на Келтските походи, доста се истакнал Антигон Гонат, основачот на династијата на Ангонидите. Неговата долга власт овозможила стабилизација на Македонското Кралство, која ќе се задржи сé до времето на Филип V. Во времето на Филип V територијата на Пајонија е приклучена кон Македонското Кралство, притоа дел од запустените населби делумно се обновени и во нив се населени нови жители донесени од

[907] Хусеновски 2005, 323-235.
[908] Митревски 2008, 365.
[909] Вучковић-Тодоровић 1961, 229-267.
[910] Соколовска 1975.
[911] Митревски 2008, 365-366.

југ[912]. Во овој период забележан е живот во пред римската населба во Стоби[913], а подигната е и Хераклеја Линкестиска. Границата помеѓу Македонското Кралство и Дарданија е поместена северно од Стоби, а во времето на Филип V границата се наоѓа уште посеверно кај Билазора каде ќе биде и во 168 година ст. е.[914], што укажува на тоа дека Демир Капија сега била во внатрешноста на териториите под власт на Македонското кралство. Со ова значајот на клисурата како природна и административна граница опаѓа, а тоа влијае да населбите и тврдините кои настрадале при случувањата во претходните периоди не бидат обновени и животот овде да биде прекинат. По поразот во третата македонско-римска војска, ставено е крај на македонското кралство, иако на Македонија и е оствена еден вид на автономија и не е претворена во римска провинција. Но ова било возможно единствено откако територијата на Македонското кралство била поделена на четири мериди коишто имале забрана за меѓусебно тргување, дури и склучување на бракови, а забранeто било и искористувањето на рудните богатства што тешко им паѓало на Македонците при што тие во 148 година ст. е. под водство на Андриск, или лажниот Филип се кренала на востание. Востанието е набргу загушено, а Македонија станува првата римска провинција на Балканскиот Полуостров и ќе послужи како база за понатамошните освојувања. Во прво време оваа провинција ќе ги задржи географските и етничките граници на Македонија, но подоцна по римските освојувања на Балканот кон неа ќе бидат додадени и ново освоените територии. При ова Демир Капија останала длабоко во внатрешноста на провинцијата Македонија губејќи го својот стратешки значај. Затоа случувања коишто се случувале во последните два века од старата ера и првиот век од новата не оставиле значителни материјални докази. Единствено може да се забележат скордиските упади по долината на Вардар пред чијшто налет депонирани се неколку трезори со пари на овој патен правец. Долгиот хијатус ќе биде прекинат дури во првиот век од нашата ера, кога во периодот на *pax romana* ќе се забележи зголемен пораст на населението, благосостојба, формирање на нови населби и градови, обнова на патиштата, како и обнова на целокупниот стопанско-економски живот. Македонија станува прво сенаторска, а потоа императорска провинција.

---

[912] Микулчиќ 2003, 32.
[913] Микулчиќ 2003, 32.
[914] Папазоглу 1957, 67.

Од крајот на 3 и 2 век ст. е. познати се само две микролокации и тоа светилиштето на Диоскурите и пештерното светилиште Горен Змеовец кај с. Дрен. Светилиштето на Диоскурите уништено од градежните зафати не било систематски истражено. В. Соколовска која го прибира материјалот од самото светилиште првенствено, го датира во 2-3 век н. е.[915], но во последните година истата го ревидира својот став и го датира во 2 век ст. е.[916] согласно депото на монети откриено во градбата[917]. Втората микролокација претставува пештерното светилиште скриено длабоко во пазувите на Краставец во близина на с. Дрен. Според бројните наоди на теракотни фигурини може да се претпостави дека во него биле чествувани женски божества[918].

Во првите векови од новата ера на десната страна од реката Вардар, на просторот каде што реките Бошава и Дошница се вливаат во р. Вардар била подигната нова населба. Новата населба егзистирала со сигурност во втори и трети век. Археолошките сондирања на просторот укажуваат дека овде била подигната урбана населба подржувајќи ги римските урбани схеми, додека некрополата на оваа населба е распослана на еден поширок простор на неколку локации. Следејќи ги овие локации може да се постават границите на населбата. За името на оваа населба нема точни податоци. Според сегашните сознанија може да се претпостави дека населбата имала за цел контрола на патниот правец којшто овде се движел низ клисурата. Имајќи предвид дека тешко можел да се пробие пат преку или околу клисурата, може да се претпостави дека во времето кога населбата е била во својот полн живот, низ клисурата постоел пат исклесан во карпите, којшто обезбедувал непречен проток на луѓе и стока по оваа значајна патна магистрала[919]. Најверојатно самата населба се развила како крајпатна станица која обезбедувала нормална комуникација на овој патен правец. Голема е веројатноста дека преку оваа

[915] Соколовска 1975.
[916] Соколовска 2014, 47-49.; Соколовска 2017, 62., За можното порано датирање своевремено укажува и Битракова 1987, 161.
[917] Соколовска 2017, 62. Откриеното депо во градбата било сочинето од околу 200 лошо сочувани бронзени монети на македонските автономни градови Амфипол и Тесалоника. Времето на нивното закопување засега не може да се утврди бидејќи за судбината на ова депо нема информации.
[918] Битракова 1987, 138-139, 161-162. Блажевска 2013, 714-715. Етнолошките истражувања забележале дека одредени манифестации поврзани со култот на плодноста успеале до денес да се зачуваат во пештерата Долен Змеовец којашто се наоѓа во близина на Горен Змеовец, но е мошне поблиску и попристапна до Демир Капија. Оваа пештера е посетувана од жени за време на празникот Ѓурѓовден (летен св. Ѓорѓи), и во неа се оставаат дарови коишто се верува дека треба да им донесат плодност и бериќет на дарителките.
[919] Повеќе за ова види во поглавјето II.2.1

населба е вршен извоз на руда од масивот Кожув којшто е доста богат со железна руда и други минерали, како и дрво, коешто во тој регион го има во изобилство.

Немирниот период во 3 век, карактеризиран со воена и политичка анархија како и постојана воена опасност од голем број на племиња на северната граница, го префрла тежиштето на римската империја на Дунавскиот лимес. Во овој период таму се градат голем број на утврдувања се со цел да ги спречат нивните продори, но и покрај големите вложени напори ова не е постигнато, а римската империја е доведена пред целосен крах.

*VI.2.2.1 Од големата криза во империјата до последните децении на 6 век*

Големата криза во 3 век се одразила на целокупниот општествен живот во Римската Империја, што подоцна ќе придонесе за нејзини драстични промени и трансформација кон ново уредување кое со модерен термин се нарекува Византија. Во овој период којшто траел безмалку педесет години економијата скоро целосно колабирала, инфлацијата ги качила цените на животните намирници, додека пак монетите се обезвреднети. Ваквата пропаст придонела за големи промени на културно ниво, со целосна промена на стилот на уметноста, литературата и религијата[920]. По последниот владетел од династијата на северите на престолот се смениле повеќе од дваесет императори, сè до конечната обнова од страна на Диоклецијан (284-305), иако дел од неговите реформи се започнати уште од Аврелијан. Во времето на Трајан Декиј (249-251) Готите притиснати од Аланите го преминуваат Дунав и започнуваат ограбувања на целиот Балкан, стигнувајќи до Јужна Тракија. По два неуспешки обиди да ги спречи Декиј е убиен. За време на двете години колку што траела борбата за престолот, Готите и Аламаните го преминувале Дунав, Франките преминуваат преку Рајна, Саксите ја напаѓаат Британија, додека на исток со напади започнала и Персија а Сасанидите ја поминале Сирија и го освоиле Антиох[921].

Во времето на Галиен (253-268) и покрај обидите за да се обнови одбранбениот систем на империјата преку изградба на фортификации и реорганизација на војската и армијата, сепак бројни се упадите на Готите заедно со Херулите. Овие упади стигнале се до Егејот и Атина, притоа напаѓајќи ги градовите на западниот брег и Мала Азија. Враќајќи се по копно низ Балканот поминале и во Македонија, а Галиен успеал да ги порази дури кај

[920] Gregory 2005, 21.
[921] Gregory 2005, 25-26.

Ниш. Забележани се бројни археолошки остатоци коишто сведочат за овој ограбувачки поход на Готите и Херулите[922].

Неможноста на императорот да се справи истовремено на два фронта на Дунавскиот Лимес под постојаниот притисок од бројните варварски племиња, како и на исток под притисок од Персија, го натерале Диоклецијан на темелити реформи. Со воведувањето на тетрархијата успеал до некаде да го стави под контрола војувањето на двата фронта. Во првите години тој направил нова административна поделба, со што бројот на провинции достигнува 100, а подоцна во текот на 5 век се искачува и на 120, расподелени во 12 диецези чиј број кон крајот на 4 век се зголемил на 14 диецези[923].

По повлекувањето на Диоклецијан и Максентиј во 305 година, на виделина излегле амбициите на нивните наследници за приграбување на поголемо влијание и оформување на сопствени династии. Галериј кој уште од времето на Диоклецијан го одбрал Солун за свое седиште, посебно внимание и посветил на Македонија. Во следниот период на борби за престолот, како и за времето на владеењето на Константин во околината на Демир Капија не се одвиваат некои поголеми промени. По смртта на Константин I и поделбата на царството помеѓу своите наследници Константин II (337-340) кој ги добил западните делови, Констанциј II требало да управува со Азија и Ориент додека на Констанс (337-350) му биле доверени Македонија, Тракија и Ахаја. По смртта на Константин II, Констанс го управувал целиот Запад, се до Тракија, така што кон префектурата Илирик-Италија-Африка ја придодал и диецезата Македонија[924]. Во овој период на династички борби, Констанс и дал големо внимание на територијата на Македонија. Оваа граница не била само територијална туку и идеолошка што може да се види од Црковниот синод во Сердика во 343 година, при што епископите од Македонија застанале на страната на западните цркви бранејќи ја никејската догма, наспроти источната црква која го пропагирала аријанството[925]. Од воено политички план овој период за територијата на Македонија бил мирен. Во војската се чуствува зголемена варваризација со прифаќање на цели контингенти пред сè германска војска во византиските редови, коишто често држат значајни позиции. Мирната ситуција ќе се промени по 376 година кога Западните Готи под

[922] Микулчиќ 1995, 240-242.; Микулчиќ 1970, 344.
[923] Мирковић 2016, 52.; Gregory 2005, 37-38.; Острогорски 1992, 48-49.
[924] Мирковић 2016, 143-144.; Панов 2013, 1090.
[925] Панов 2013, 1091-1092.

притисок на Хуните во големи маси продираат во дунавските покраини, а со дозвола на Царската власт се населени во Тракиската диецеза. Незадоволни од ветувањата коишто ги добиле, злопотребата на царските службеници; продажбата на животни намирници по многукратно зголемени цени и нивниот недостиг, предизвикал огромен револт при што употреба уследил голем бунт. Во оваа побуна на Западните Готи им се придружиле и Источните Готи и Хуните притоа Тракија била целата преплавена од Варвари. Во обид да ја смири ситуацијата на бојното поле кај Адријанопол загинува и самиот император Валенс (364-378)[926]. Императорот Грацијан (375-383), кој што го наследил Валентинијан I (364-375) на западниот престол, во 378 година формира нова префектура Илирик која ги опфаќа диецезите Македонија, Дакија и Панонија а се со цел за полесно справување со готската криза[927]. Во 379 на испразнетиот престол на Истокот го назначува Теодосиј I (379-395) кој започнува енергично да се пресметува со Готите. По првичната победа, склучува сојуз *foedus*, со кој дел од готите се вклучени во византиската војска. На крајот на годината Готите, Аланите и Хуните се протерани од Балканскиот Полуостров кон север. Но ситуацијата била далеку од мирна за Македонија која во наредната деценија е постојано на мета на варварските походи. Во 380 година Визиготите под водство на Фритигер ја пустошат Македонија, а по помошта од Грацијан истите се протерани кон север и со нив е склучен договор. Кон 386 година група на Остроготи водени од Одотеј го поминала Дунав и се упатила на југ кон Македонија. Готите кои се дигнале на востание побегнале во Македонија, каде што извршиле бројни грабежи. Во 388 година нова група на Мезијски Готи дезертирале од војската на Теодосиј и се улогориле на Вардар, подоцна полиетничка група на варвари го поминале Балканот и се споиле со нив. Дури во 392 година склучен е нов договор со Готите[928]. Во целиот овој период Готските одреди се прифаќани во византиската армија, со што се зголемувало нивното влијание. Во овој период во префектурата Илирик има голема концентрација на воени сили, многу поголема од сите останати поголеми региони во царството. Паралелно е забележана голема градителска активност со подигање на воени утврдувања низ целата империја, особено на дунавскиот лимес[929]. По привидниот краток мир, и смртта на Теодосиј во 395 година, Западните Готи под водство на Аларих повторно се кренале на востание пустошејќи ја Македонија, а во

[926] Мирковић 2016, 182-187.; Острогорски 1992, 70-72.
[927] Панов 2013, 1094-1095.; Максимовић 1980, 19, n. 8.
[928] Мирковић 2016, 192-195.; Панов 2013, 1095-1099.
[929] Максимовић 1980, 20.

својот продор стигнале сè до Тесалија и Пелопонез на југ. Со дозволата Готите да се населат во Епир се стабилизирала ситуацијата на Балканот до походот на Аларих на Италија во 401 година со кое Константинопол се ослободил од готското присуство во Епир. Ова го искористило Источното Римско Царство за да ги утврди позициите во областите кои претходно биле контролирани од готските сили, па така во 402 година е укината провинцијата Македонија Салутарис[930]. Конечното ослободување на Византија од Готите се случило во 408 година.

Во петата децина на 5 век Балканот бил цел на уште покатастрофални ограбувачки походи од страна на хунските племиња под водство на Атила. Дунавскиот лимес во текот на оваа деценија на неколку пати попуштил па Балканот бил цел на ограбувачки походи од страна на Хуните[931]. За Македонија најкатастрофален бил последниот поход во 447 година пред Атила да се насочи кон запад[932]. Во овој поход на Балканот настрадале повеќе од седумдесет града[933]. А археолошки траги од овој продор се забележани во сите поголеми антички градови на Балканот и во Македонија[934]. По заминувањето на Хуните кон запад Македонија повторно е поделена во 448 година сега на Македонија Прима и Македонија Секунда[935]. Границата на овие две провинции била на просторот на Демир Капија, како природна географска граница.  По завршувањето на кризата со Хуните територијата на Македонија била поштедена од воени дејствија во следните две деценији. Во осмата деценија на 5 век, германите повторно станале водечка сила во ромејската армија. Источно Готскиот водач Тиудимер и неговиот син Теодорих Амал ги концентрирале своите напади на Македонија притоа освоени се Стоби и Хераклеја Линкестиска, но набрзо потоа заминале кон Солун а по побуната во 474 година којашто избила во Солун биле обезбедени места за нивно населување[936]. Ова примирје не траело долго па во 478/9 Теодорих Амал повторно напаѓа во Македонија и ја опожарува Хераклеја Линкестиска а

---

930 Оваа провинција била формирана во 388 година со поделбата на Македонија на две провинции Македонија Прима и Македонија Салутарис. Спореди Панов 2013, 1097, 1099.

931 Хунски ограбувачки походи се забележани во 441, 443 и 447 година.

932 Мирковић 2016, 275-279.

933 Микулчиќ 1981, 208-212.; Микулчиќ 1995, 248.; Манева ; Ciglenečki 2014, 236-237.; Милинковић 2016, 36.

934 Во објектот Домус Фулоника во Стоби е забележан силен слој на горење датиран кон средина на 5 век. Во овој слој откриени се делови од војничка опрема, троребрески стрели и коскени оплати од лакови. Истражувачот Микулчиќ 1981, 208-212., пожарот го поврзува со продорот на Хуните во 447 година. Делови воена опрема коишто би можеле да се поврзат со хунските продори на Балканот се откриени и во Хераклеа Линкестис. Овде истражувачот Манева 1987, 49-55., поради слабата сочуваност на наодите допушта истите покрај хунска провиниенција да имаат аварска провиниенција.

935 Панов 2013, 1102-1103.; Максимовић 1980, 19.

936 Мирковић 2016, 326-327.

Лихнид успеал да одолее на нападот[937]. Последниот продор којшто го направил Теодорих Амал а во кој била директно погодена и територијата на Македонија се случил во 482 година. Во овој продор што стигнал до Пелопонес директно биле погодени провинциите Македонија Прима и Македонија Секунда. По овој напад византиската дипломатија успеала да ги упати готите кон запад каде што во 493 Теодорих Амал ќе го создаде Источноготското Кралство[938].

Од археолошка гледна точка последиците од големата криза се видливи на просторот на Демир Капија. Урбаната англомерација на влезот во клисурата на микролокацијата Болница во овој период, по нешто повеќе од еден век егзистирање пред налетот на ограбувачките походи на група на Херули и Готи во 267/269 година е напуштен. За ова сведочи хијатусот на нумизматички материјал од периодот, како и едно депо откриено на микролокацијата Будур Чифлиг сочинето од 17 сребрени денари каде се застапени 11 владетели од кои најраниот е Веспазијан, додека најмладиот наод е на Галиен, период кога најверојатно е закопано депото[939]. Во овој немирен период, се евидентирани бројни разрушувања на античките градови и населби, како што се Стибера, Стоби, Хераклеја, градот на Исар Марвинци, Баргала, непознатиот град кај Мојно итн[940].

За време на споменатите продори а се со цел подобра заштита, населението ги напушта населбите во рамниците, покрај реките и се сели на подножјата а понекогаш и на врвовите од околните планински масиви, барајќи подобро, природно бранети локации. По поминатата опасност дел од населението повторно се враќа и го продолжува животот на истата локација, каков што е случајот со Стоби, Хераклеја и Скупи[941]. Понекогаш, како во примерот од Стибера мал дел од населението ќе го продолжи животот на градската територија но сега во скромни живеалишта коишто го рециклираат постариот градежен

[937] Мирковић 2016, 328-329.; Максимовић 1980, 20.
[938] Панов 2013, 1103.; Мирковић 2016, 330-335.
[939] Микулчиќ 1970, 345, ф. 95.
[940] Микулчиќ 2003, 40.; Микулчиќ 1995, 240-242.; Микулчиќ 1970, 340-345.; Јованова 2013, 818-819.; Јованова и Ончевска Тодоровска 2018, 20, 44-47. Додека за големината на овие пустошења сведочат Стоби, Хераклеја, Скупи и градот на Исар Марвинци, коишто по рушењата во 267/269 година ја менуваат својата раноримска урбанистичка схема и полека го добиваат својот доцноримски урбанистички изглед којшто целосно се разликува од претходиот. Додека Баргала се сели на нова, подобро заштитена локација каков што е случајот и со населбата во Демир Капија.
[941] Микулчиќ 2003, 40.; Микулчиќ 1995, 240-242.; Микулчиќ 1970, 340-345.; Јованова 2013, 818-819.; Јованова и Ончевска Тодоровска 2018, 20, 44-47.

материјал[942]. Во случајот на Баргала, градот повторно ќе заживее но сега на сосем нова локација, подобро заштитена од околниот простор. Населбата во Демир Капија спаѓа во втората опишана група. За време на овие продори населбата ќе биде опожарена и напуштена[943]. Паралелно на напуштањето на населбата за време на продорите на Готите и Херулите, живот е документиран на планинските масиви и во неговите огранoци на двете страни од реката Вардар. Од левата страна живеење е документирано на планинскиот масив Јуручки Камен односно на микролокацијата Марков Град[944]. Овде се наоѓаат две серии на монети од кои првата е сочинета со примероци ковани во времето на Трајан Декиј (249-251), Галиен (253-268), Максимијан (286-306) и Константин I (306-337)[945]. Од десната страна на Вардар животот е потврден на локациите Илимов Рид и Калуѓерска Чука. Првиот се наоѓа на падината од карпестиот масив Краставец којшто пружа одредена безбедност. Археолошките рекогносцирања на просторот укажуваат на доцноримска населба потврдена со фрагментирана керамика и монети од времето на императорите Галиен (253-268), Константин I (306-337), Константин II (337-340), Констанс (337-350), Констанциј (337-361) и Валенс (364-378)[946]. Калуѓерска Чука се наоѓа во долината на Дренска река, далеку од патниотправец и затскриена во планинскиот предел. Животот овде е потврден од последната четвртина на 3 и низ 4 век, откриени се монети ковани во времето на Проб (276-282) и подоцна низ 4 век[947]. Одредена активност во доцната антика е забележано и на возвишението Падарница-Оризарски Гробишта[948]. Додека активна е тврдината на врвот на масивот Голем Крастевец, потврдена со нумизматички материјал од времето на Константин II[949]. Како што сведочи нумизматичкиот материјал, овие населби остануваат живи и во текот на целиот 4 век. Што укажува на тоа дека голем дел

942 Постарите истражувачи сметале дека по разрушувањата во 267/269 година Стибера не е никогаш повторно населена. Последните ископувања укажуваат дека одредена група од жителите на Стибера го продолжиле животот врз урнатините од античкиот град и кон крајот на 3 и почетоткот на 4 век. Но, сепак овие градби се само привремени и набргу повторно ќе бидат напуштени. Vučković-Todorović 1961. Микулчиќ 1995, 340-341.; Темелкоски 2017: 34.

943 Kastelic 1951, 2. За жал постојат само фрагментарни извештаи и фотографии од ископувањата на просторот на населбата изведени во 1950-1951 година. Но во истото јасно е забележано дека населбата настрадала во пожар, којшто е забележан во сите истражени сонди.

944 Овде се повторува вообичаената практика на запоседнување на старите хеленистички утврдувања. Таков е случајот со Марков Град каде е потврден живот во текот на 4 век пред н.е.

945 Микулчиќ 1988-1989, 70.

946 Керамитчиев 1961, 113-114.; Mikulčić 2002, 330-331, kat. 260.

947 Лилчиќ 2008, 25-26.

948 На овој локалитет којшто е во непоследна близина на с. Чифлиг, на благо возвишение, забележлива е трасата на надворешниот одбранбен ѕид како и акрополниот дел којшто е посебно заштитен со обзидие. На овој простор е видлив голем број на градежен материјал.

949 Лилчиќ 2008, 6-18.

од населението поучено од претходниот бурен период останал да живее на овие локации коишто му нуделе поголема сигурност за разлика од населбата во рамницата на вливот од реките Дошница и Бошава во Вардар.

Ова укажува дека сериозната криза која ја зафатила римската империја како и продорните ограбувачки продори на варварските народи во голема мера се афектирале и на просторот на Демир Капија. Овие настани од 3 век, како и подоцните од 4 и 5 век во голема мера ќе ги создадат темелите врз коишто ќе се одвива животот во средновековниот Просек.

Сепак кон крајот на 3 и почетокот на 4 век населбата на микролокацијата Болница е повторно обновена. За ова сведочат преградите и доградбите што се правени врз постарите објекти настрадани во пожар. Додека постарите објекти имаат правилна диспозиција на просториите со ѕидови ориентирани со правец исток-запад, односно север-југ и улици уредени по принципот на кардо и декуманис, новите обновени живеалишта го напуштаат овој принцип. Обновените живеалишта се привремени, рециклирајќи го постариот градежен материјал. Во слоевите со обновени живеалишта наоѓани се монети на Диоклецијан[950]. За сега не е сигурно кога е изграден одбранбениот ѕид на населбата, но голема е веројатноста тој да е изграден по нејзината обнова кон крајот на 3 век. Одбранбениот ѕид е откриен на две локации и тоа во сонда Е[951] и во сонда III на просторот Бандера[952]. Во овој период умрените продолжуваат да се погребуваат на просторот на специјалниот завод во Демир Капија (лок. Болница), на позицијата Бандера и под денешната улица Партизанска, односно патот кон селата Чифлиг и Дрен, каде ќе продолжат да се вршат погребувања кон крајот на 3 и низ текот на 4 век, најверојатно до последната четвртина[953]. На просторот на специјалниот завод откриен е гробот бр. 32 датиран *termins post quem* со монета на Проб (276-282 год)[954], кој содржи појасна тока и делови од појас коишто може да се атрибуираат како делови од воена опрема на готски воин. Сепак нејасно е дали покојникот од гробот 32 бил дел од гореспоменатиот готски продор во Македонија или пак бил дел од германските трупи или поединци вклучени во

---

[950] Kastelic 1951, 2.
[951] Kastelic 1951, 2.
[952] Винчиќ 1981, 20-21.; На двете локации коишто се меѓусебно оддалечени откприлика 290-300 метри, според истражувачите е откриен идентично граден одбранбен ѕид, според двајцата истражувачи со идентична ширина од 1,7 m.
[953] Соколовска 1975, 183-192.; Винчиќ 1981, 17-24.; Винчиќ 1996, 56.
[954] Соколовска 1975, 185, 191.; Mikulčić 2002, 332-334, abb. 231.

римската војска коишто биле вклучени во голем број во текот на целиот четврти век, особено во времето на Теодосиј I[955].

Со новите немири во империјата кои се случиле со крстосувањата на Готите во последната четвртина на 4 век, населбата на локалитетот Болница целосно ќе биде напуштена и од крајот на 4 век веќе нема знаци на живеење. Паралелно на згаснувањето на населбата повторно е зголемена активноста на висинските населби од двете страни на Вардар. Овие локации веќе не претставуваат рефугиуми или прибежишта туку истите постојано се населуваат. За ова најдобар пример е лок. Марков Град, којшто е во целина со локацијата Црквиште, Корешница. Во втората серија на монети од Марков Град застапени се монетите на владетелите Грацијан, Теодосиј I, Хонориј, Аркадиј, Теодосиј II и Лав[956]; додека од пониската тераса на локацијата Црквиште-Корешница застапени се монетите на Теодосиј I, Аркадиј па се до средина на 5 век[957]. Дека овие локации се веќе постојано населени од локалното население, а населбите, вилите и полските имоти во рамниците напуштени[958], укажува и градењето на ранохристијаската базилика на лок. Црквиште-Корешница[959]. Базиликата е изградена на доминантна позиција, на варовничка тераса, околу која Вардар го прави својот меандер од три страни, додека од југ е заштитена со масивот на кој се наоѓа локацијата Марков Град. Истата служела и како гробјанска црква околу која се погребувало локалното население[960].

Од десната страна на Вардар населението својата заштита ќе ја побара повторно во пазувите на масивот Голем Краставец, но сега не на локацијита Илимов Рид, тука повнатре, на подобро заштитена позиција на локацијата Пенов Камен. Последните траги на живот на Илимов Рид завршуваат во времето на Валенс, додека на Пенов Камен активноста е потврдена во последната четвртина на 4 и првата половина на 5 век каде се откриени монетите на Валентинијан I, Теодосиј I и Аркадиј[961]. На просторот на влезот во

955 Острогорски 1992, 60, 74-75.; Панов 2013, Марковић 2016, 192-195.; Gregory 2005, 82-89.
956 Микулчиќ 1988-1989, 70.
957 Оваа серија на монети не е објавена, се чува во Музејската збирка при ОУ Дом на култура Мирка Гинова - Демир Капија, истата е резултат од археолошките ископувања на локалитетот Црквиште кај с. Корешница во текот на 2016 година од страна на авторот на текстот. Петров 2017, 71-78.
958 Кон крајот на 4 век згаснуваат полските имоти на Бела Земја – Трнче, Пепелиште (Герасимовска, Карпузова и Петров 2017, 53-60., Грамадите и Каменот, Корешница (Карпузова и Петров Пецов 1996, 86-88.). На локалитот Камен откриена е некропола, но и работилници, од кои откриен е дел од печка за керамика.
959 Петров 2017, 71-78., Види поглавје III.2.4.
960 Петров 2017: 71-78.
961 Mikulčić 2002, 330-331, cat. 260, 261, Plq. F 8.; Керамитчиев 1961, 113-114.; Винчиќ 1996, 109-110.

клисурата на локацијата Градина/Пештера во чие подножје се наоѓа Манастир, забележано е доцноантичко утврдувања, од кое на површината е видлива кула, на целата оваа падина се забележува доцноантички градежен материјал и фрагментирана садова керамика[962].

Кон крајот на 4 век променета е и локацијата на која што се погребуваат умретите. Сега наместо потврдените локации од северната и источната страна на населбата односно на микролокациите Специјален завод и бандера коишто кон крајот на 4 век не се во употреба, погребувањата се вршат и на југ, на микролокацијата Црквиште[963] и на микролокацијата Манастир[964], на падините од Голем Краставец, пред самиот влез во клисурата. Во овој период и двете некрополи се наоѓаат надвор од ѕидините на античката населба. Некрополата на локацијата Манастир, е активна веќе кон средина на 3 век[965], овде е откриен гроб датиран *terminus post quem* со монета на Константин, додека некрополата на локацијата Црквиште е активна кон крајот на 4 и почетокот на 5 век, во гробот 193 е откриена позлатена бронзена луковичеста фибула *zwiebelknopffibel* со врежан христов монограм на ногата[966]. Овие две некрополи остануваат активни во текот на 6 век, а повторно се во употреба во средниот век, почнувајќи од 10 век[967].

Во овој период на интензивни упади од надвор се става крај на антиката и на античкиот начин на живеење на овој простор. Населбите, вилите и полските имоти во рамницата, покрај реките на просторот на Демир Капија ќе бидат напуштени сѐ до 10 век кога повторно ќе се појават помали населби на овие локации, но кои ќе се одликуваат со типично средновековна материјална култура. Локациите на Марков Град, Градина и Пенов Камен од крајот на 4 и низ текот на 5 век ќе претставуваат основен вид на населби на влезот во клисурата коишто ќе продолжат да живеат сѐ до крајот на 5 век. Овие населби кон средината на 5 век, а и две децении подоцна повторно ќе се најдат на удар на варварските народи, прво под налетот на суровите хунски племиња, а подоцна и под налетот на Готите предводени од Теодорих Амал. Хунските продори ќе предизвикаат огромен крах на источноримската провинциска управо во префектурата Илирик.

[962] Кастелиц 1956, 99-102.
[963] Aleksova 1966.
[964] Вучковић-Тодоровић 1961, 240-243.; Петровић 217-222.; Lilčić 1989, 75-76.
[965] Спореди Вучковић-Тодоровић 1961, 243.
[966] Aleksova 1966, 37, grob 193.; И. Микулчиќ по грешка овој гробен наод го препишува на гроб 394, во овој гроб не се откриени наоди. Mikulčić 2002, 332-333.
[967] Aleksova 1966.; Вучковић-Тодоровић 1961, 237.

Населбите скоро и да ќе замрат, а материјалната култура во овој период тешко се следи. Во втората половина на 5 век оптекот на монети на Балканот скоро целосно ќе запре, па во најголем дел ќе се применува стоковата размена. Во овој период сè уште ќе бидат во оптек доцноримските монети од 4 и прва половина на 5 век, а дел од нив се приспособени согласно големата инфлација, па се наоѓаат пресечени на половина. Заради недостаток на монети, често се користат и парчиња на бронза или олово како платежно средство[968]. Случувањата од втората половина на 5 век сепак се укажува дека овие населби иако изградени на повисоки локации, дел од нив и заштитени со бедеми, заради близината на патните правци биле доста ранливи. Ова ја отвора потребата во 6 век да се развие нов тип на висински утврдени населби, коишто ќе понудат подобра заштита од идни варварски продори. Во овој период од крајот на 5 век и почетокот на 6 век се забележани првите знаци на живот на локацијата Кале-Стрезов Град – Челевец, како типична висинска утврдена населба[969].

Стабилизацијата во империјата доаѓа дури за време на владеењето на енергичниот император Анастасиј (491-518) којшто презел серија на мерки, пред сè насочени кон економска консолидација. Во негово време извршена е монетарна реформа со која паричниот систем создаден во времето на Константин I е надграден со консолидација на бакарните пари во однос на златото и среброто. Ова како и реформите направени во собирањето на даноци овозможиле при крајот на неговото владеење државната благајна да биде полна, со што биле овозможени основните предуслови за реализација на јустинијанови планови подоцна. По случувањата во 5 век, со хунските и теодориховите продори, илирскиот лимес скоро и да не постои, со што е отворен патот за нови продори на балканската територија коишто доаѓаат од север[970]. Иако уште од времето на Анастиј се правени обиди за обнова на дунавскиот лимес во Илирик[971] сепак тој останува фиктивен[972]. Случувањата уште од големата криза па низ целиот 4 и 5 век се одразиле со нарушување и небезбедност на патиштата што неминовно придонело и кон пропаст на економијата. Вилите и полските имоти со случувањата од крајот на 4 век целосно замреле.

---

968 Ivanišević-Stamenković 2011, 757-762.

969 При истражувањата на Кале-Стрезов Град во 2018 година откриени се доцно-римски монети од крај на 4 поч. на 5 век, многу излижани од долготрајна употреба. Меѓу нив откриена е и доцноримска сечена монета.

970 Максимовић 1980, 20-23.

971 Ivanišević 2016, 90. Ciglenečki 2009, 211., оди и до таму што ова го става во втора половина на 5 век.

972 Максимовић 1980, 22.

Во овој период е приметна и голема депопулација низ целиот Балкан. Сето ова полека придонело кон почетокот на 6 век градовите целосно да се рурализираат и да го изгубат претходниот облик[973].

Во првите децении на 6 век на лимесот се појавува нова опасност, која на долг рок ќе влијае на случувањата на Балканот. Во овој период се појавуваат коњанички одреди составени од хуно-бугарски племиња коишто продираат во Тракија. Во 517 година најверојатно ним им се придружиле и Словени и Анти притоа во поход низ Македонија и Тесалија успеваат да дојдат до Термопилите[974].

Јустинијан I (527-565) уште за време на владеењето на неговиот претходник Јустин I (518-527) бил целосно вклучен во креирањето на политиката на Царството. Јустинијан бил воден од идејата за *renovation imperii Romanorum* со којашто се втурнал во освојувачки походи на изгубените територии во Шпанија, Италија и Северна Африка. Ваквата идеја била убиствена за Балканот, испраќањето на најголемиот дел од воените контингенти на Запад или во Африка во голема мера ја ослабило одбраната на префектурата Илирик. За време на своето долго владеење Јустинијан I имал во план преместување на седиштето на префектурата Илирик во ново основаната *Iustiniana Prima*. Што најверојатно не се остварило. Во новелата XI се наговестува обновувањето на Дунавскиот лимес, притоа до 535 година обновени се Виминациум, Рецидава и Литерата[975]. Сепак ова не ја поправило ситуацијата на лимесот, и во овој период сѐ уште е под закана на хуно-бугарските племиња. Во текот на 539/540 година еден таков продор на Кутригурите имал длабоки последици за целата префектура во кој не била одмината ниту територијата на диецезата Македонија, а стигнал сѐ до Јужна Грција. Овој продор во Македонија е забележан со трезори на депонирани пари[976]. Овие случувања најверојатно биле подстик за градежната активност на Јустинијан I во која се обновени и или изградени над 500 тврдини во Илирик, од коишто во Македонија 46 нови или обновени. Со ова е променета претходната дефанзивна тактика концентрирана на лимесот којшто очигледно во овие времиња не бил на висина на задачата. Ова најверојатно се должи и на тоа што во офанзивната политика

[973] Максимовић 1980. 24-25.
[974] Максимовић 1980, 22. Според Микулчиќ 1995, 249-250. Жителите на Скупи го напуштиле градот пред налетот на овие продори.
[975] Максимовић 1980, 26.
[976] Хаџи-Манева 2013, 1049. Во оваа група на депонирани пари спаѓаат два трезори од околината на Ореше-Велес, Ново Село-Струмица како и двете остави од Секулица-Кратово.

на Јустинијан првенство имала идеја за обнова на империјата со којашто Јустинијан имал за цел освојување на сите бивши територии на Римската Империја. Ова се одразило лошо на Балканот, особено во префектурата Илирик којашто била оставено готово без војска, а и она малку што останало била слабо обучена војска. Затоа новата градежна офанзива требало да ја обезбеди заднината на лимесот, како и изградба на утврдени населби во внатрешноста. Ова требало да овозможи одбрана по длабочина, распоредена во мрежа на утврдувања на непристапни локации оддалечени од патните правци. Со што би се спречило слободно движење по внатрешноста. Овие градежни активности биле преземени паралелно со упадите на Кутригурите во 540 година или веднаш после нив.

Ова сепак не успеало да ги спречи продорите на хуно-бугарските како и аваро-словенски продори преку Дунав, коишто во главно биле со ограбувачки карактер. Во текот на 550/551 година е забележано и првото презимување на Словените на територијата на Балканот, на просторот на Далмација. Сепак во овие продори Македонија не била директно засегната. Па така, по Кутригурските упади, Македонија а со тоа и просторот на Демир Капија скоро две децении бил поштеден од упади и грабежи. Оваа ситуација останала непроменета се до следниот забележан Кутригурски упад во 559 година. Како резултат на овој упад на територијата на Македонија се депонирани дури единаесет трезори со пари коишто можат да се поврзат со овие случувања[977]. Ова било последен пат во времето на Јустинијан да биде загрозена територијата на Македонија.

За времето на хунските продори на Балканот забележано е дека се разрушени околу 70 градови. Ова претставува крај за животот на голем број од градовите во префектурата Илирук, а оние коишто го продолжиле своето постоење во текот на 5 и 6 век влегуваат во постурбана фаза. Најдобар пример е рановизантиската населба на античкиот град Стоби кој во овој период го губи сјајот што го доживува во 4 век, па сега бројните палати се преградени и поделени на повеќе живеалишта.

[977] Хаџи-Манева 2013, 1050. Трезори со депонирани пари откриени се кај Таор-Скопје, Водоврати-Градско, Скачинци-Градско, Попадија-Велес, Барово-Скопје, Банско-Струмица, Ѓечерли-Струмица, Дреново-Кавадарци, Степанци-Велес. Водоврати и Скачинци гравитираат кон Општина Градско, а авторот по грешка ги става во Општина Неготино. Во овој труд М. Хаџи-Манева кон оваа група ги додава и трезорите од Демир Капија и Селце-Прилеп. Додека пак во Хаџи Манева 2003, 158, 254-256., овој трезор од Демир Капија го препишува како резултат на Словенските продори со *terminus post quem* 568/569 година, каде последната монета припаѓа на Јустин II (565-578).

Во текот на 6 век е забележана голема обнова и изградба на нови тврдини во Префектурата Илирик. Како што наведува Прокопиј од Кесареа во времето на Јустинијан I во Илирик биле изграден или обновени над 500 тврдини. Според теренските истражувања, најверојатно бројот на овие тврдини е многу поголем. Иако оваа градежна активност најчесто се атрибуира на Јустинијан I, поновите археолошки истражувања на дунавскиот лимес укажуваат дека истата најверојатно е започната порано, уште во времето на Анастасиј[978]. Во овој период е карактеристично целосното напуштање на низинските населби и нивно преместување на повисоки доминантни лесно бранети позиции. Овие утврдени населби не се класични воени фортификации туку имаат цивилен карактер. Изборот на локацијата условувала за неправилни планови на истите, прилагодувајќи се на природната конфигурација на теренот[979]. Ваквото поместување во Демир Капија се случува порано, веќе кон крајот на 4 век. Но сепак, овие позиции иако поставени на повисоки позиции, нивната близина до патните правци повторно ги изложувала на напади и тероризирање. Локалитети Маркова Кула, Кула и Марков град од левата страна на Вардар како и Пенов Камен од десната страна кон крајот на 5 век, најверојатно биле напуштени во потрага по побезбедни локации на високи лесно бранети позиции, настрана од патните правци, длабоко во планинските масиви или клисурата. Последните траги на живот на овие локалитети се потврдени со монета на Лав I, иако, поради намалување на оптекот на пари во втората половина на 5 век, најверојатно во оптек останале пораните пари, коишто се користат до крајот на 5 а во одредени ситуации веројатно и во почетокот на 6 век. Кон крајот на 5 и почетокот на 6 век, најверојатно во потрага по подобро бранети позиции, дел од населението на Маркова Град, се преселува во внатрешноста на клисурата односно на локација Кале-Стрезов Град, која што е многу подобро природно заштитена и дистанцирана од патниот правец. На овој локалитет најраните монети датираат од прва половина на 5 век, но со оглед на големата излижаност, тие сигурно биле долго во употреба, а наодот на сечена доцно-античка монета укажува[980], иако не со сигурност, на активност на просторот кон крајот на 5 век[981].

[978] Ciglenečki 2009, 211.,

[979] Mikulčić 1986, 101-123.; Милинковић 2015, 49.; Милинковић 2012, 303-304.; Ciglenečki 2009, 211-218.; Ciglenečki 2014, 238-245.;

[980] Наодите не се публикувани, се чуваат во МЗДК, инв. бр. 575 и вл. бр. 865. Извештај за археолошки ископувања на лок. Кале – Стрезов Град, с. Челевец, Демир Капија бр.

[981] Ivanišević and Stamenković 2011, 757, 761-762., користењето на сечени доцно антички монети го поврзува со втората половина на 5 век а најверојатно со почетокот на 6 век, кога на територијата на Илирик е забележано намален оптек на пари, но и и дефлација на бронзените пари коишто ја губат својата

Подигнувањето на утврдувањето на Кале-Стрезов Град, може да се датира во времето на Јустинијан I. Во овој период изградени се северниот и западниот бедем, акрополниот дел, црквата на северното плато, како и бројни објекти на просторот помеѓу црквата и просторот штитен со бедеми[982]. На просторот на баптистериумот откриена е монета на Јустин I доста излижана од долготрајна употреба, а додека во гробницата покрај самата црква откриено е сликарство коешто според стилските особености и компаративните анализи може да се датира во средина на 6 век.

Додека за левата страна на Вардар, со сигурност може да се каже дека Кале-Стрезов Град претставула локално/регионално средиште во вид на утврдена населба каде што продолжил животот во текот на 6 век, за десната страна на Вардар сè уште не е откриено такво средиште. По престанокот на животот на Пенов Камен, може да се претпостави само дека истиот продолжил на лок. Рамниште[983], но засега нема сигурни потврди за ваквата претпоставка. На овој локалитет се надоврзува и линеарна фортификација (claustra) којашто заградува дел од масивот Голем Краставец[984].

### VI.2.3. Ран среден век од 7 до почеток на 10 век

Бргу по смртта на Јустинијан I, на просторот на Панонија се појавува нов борбен народ, со што варварскиот притисок на Илирик повторно се зголемува[985]. Следните страни упади се датирани во времето на Јустин II (565-578), односно во 571 и 578 година. Овие упади не се забележани во пишаните извори и за нив се знае само преку депонирањето на пари. Продорот од 571 година, најверојатно изведен од словенски племиња е видлив и преку пример на трезор од непознато наоѓалише од Демир Капија кое содржи 127 примероци на бакарни пари меѓу кои се застапени ковањата од Анастасиј, Јустин I, Јустинијан I, а

вредност и тежина, па со нивното сечење постарите бронзени пари се прилагодуваат на тежината на новите ковања од текот на втората половина на 5 век. Во овој период како замена на парите коишто биле во недостик се користеле и парчиња на бронзен лим или олово коешто имало тежина колку и бронзените номиналии.

982 Повеќе види во делот за Кале-Стрезов Град.

983 Според Микулчиќ 1982 и Лилчиќ 2008, овде се работи за раноантичко/хеленистичко утврдување, но од истото не потекнува никаков нумизматички материјал. Според посетата изведена во септември 2018 година, на источната падина под самиот бедем на површината вообичаено е мало количество на фрагментирана керамика од доцноантичкиот период 4-6 век, што упатува на можна обнова во рановизантиско време.

984 Mikulčić 1982, 111.; Mikulčić 2002, 67.

985 Максимовић 1980, 43-44.

последната депонирана пара е од императорот Јустин II[986]. Ова е и најдоцен монетен наод од Демир Капија. Понатаму до крајот на 6, како и во периодот на 7 до прва половина на 10 век, настапува целосно отсуство на парични наоди од овој ареал. Инвазијата од 571 година е прв од словенските напади на Балканот коишто ќе се одвиваат во следните две децении, заедно или наизменично со Аварите. Веќе од 578-579 година територијата на префектурата Илирик постојано била мета на нападите на словенски и аварски групи. За ова античките хроничари ќе забележат дека секоја година го напаѓале Балканот, во кој биле погодени Тракија и Хелада, сепак за територијата на Македонија изворите молчат. Во 584 и 586 години изворите забележуваат два напади на Солун, првиот од страна на словенски групи, додека вториот од аваро-словенски[987]. И двата напади се регистрирани со дури 16 остави на пари депонирани *terminus post quem* во 583-584 и 584-585 година. Дури седум остави се откриени во непосредна близина на Демир Капија, односно во Стоби[988], што упатува дека правецот на движење на овие групи бил по вардарската магистрала и ја засегнал и Демир Капија. Во овој период иако бројноста на словенските упади на територијата на Византија е голема, сепак не е забележано постојано нивно населување сè до првите децении на 7 век. Во последната деценија од 6 век, битката предводена од енергичниот император Маврикиј се преместува на лимесот. Во внатрешноста на Балканот, освен една остава на пари, во последната деценија на 6 век воопшто отсуствуваат оставите со пари. По неуспешната воена кампања на Илирскиот лимес, и смената на тронот каде се искачува Фока (602-610), Балканот бил преплавен со словенски, аварски и други племиња, за што сведочат бројните остави со пари од северен Илирик од 613-614 година кога поголемиот број градови биле освоени од Аварите, како и оставите од 615-616 и 616-617 година од Грција. Во овој период е и словенскиот напад на Солун во 614 година, односно аваро-словенскиот во 616 година[989]. Новиот император Ираклиј (610-641) до 620 година војската ја пренесува на источното боиште, при што целиот Балкан е оставен без одбрана. Тоа придонело и во 7 век дистрибуцијата на пари во Македонија да отсуствува, а тоа е во корелација и со намалената активност на ковниците во Солун,

[986] Хаџи-Манева 2003, 158, 254-256. За различното толкување на оваа остава погледни ја забелешката 978. Со овој продор се поврзуваат оставите во Војница и Башино Село Б со *terminus post quem* 572-573 година и една остава од Костурино депонирана во 575-576 година.
[987] Панов 2013, 1115-1117.; *Историја на македонскиот народ* 1969, 80-81.; Petrov 2013, 73-78.
[988] Хаџи-Манева 2013, 1052-1053. При оваа инвазија забележани се остави на пари од Челопек-Куманово, Скупи, две остави од Баргала, Баба-Прилеп и Хераклеја Линкестис.
[989] *Историја на македонскиот народ* 1969, 81.;

Константинопол, Кизик и Никомедија[990]. Ваквата ситуација придонела словенските племиња слободно да се населуваат на територијата на провинцијата Македонија и Елада. Заради новонастаната ситуација префектурата Илирик иако формално не била укината, сепак реално немала контрола над територијата, па префектот на Илирик реално станува префект на Солун.

За наредниот период изворите даваат ограничени информации за оваа територија, а археолошките наоди скоро и да изостануваат. По аварската опсада на Константинопол во која учествувале разни племиња помеѓу кои Словените, Бугарите, Лонгобардите, а од исток требало да се влучат и Персијците, моќта на Аварскиот Каганат пропаѓа, со што Словените се ослобдени од сојузот со Аварите, во кои Аварите имале водечка улога. Па така нивното населување во Македонија и околината на Солун продолжило скоро непречено. Византија во целиот овој период не покажала посебен интерес за решавање на оваа ситуација, иако забележани се периодични воени дејствија. Дека Византија не ја владеела оваа територија иако полагала право на нејзе како бивши дел од Римската Империја укажува и фактот дека на територијата на Балканот не бил воспоставен новиот тематски воено-управен. Во втората половина на 7 век изворите даваат само ограничени податоци и тоа за просторот на Јужна Македонија и пределот околу Солун, каде се забележани групи на Словени организирани во Склавинии[991], додека пак за просторот на Демир Капија нема ниикакви известувања. Само одредени археолошки наоди, како што е населбинска керамика откриена на Кале-Стрезов Град, укажува на можни населувања на тврдината и во овој период.

Во текот на 8 век се забележани походи на византиската држава за воспоставување на власт на просторот на Македонија. Царот Константин V (741-775), во 785/6 година упаднал во Македонија со војска, притоа успеал да натера дел од словенското население да је признае византиската власт. Но овие резултати не биле долгорочни и трајни. Повторно во 782/3 византиска војска на чело со логотетот Ставрикиј војува против словенските племиња, при што просдрел до Солун и во Елада, и ги потчинил и ги натерал да плаќаат данок. Тој успеал да продре дури и до Пелопонез[992].

[990] Хаџи-Манева 2013, 1047.
[991] Панов 2013, 1132-1133.; *Историја на македонскиот народ* 1969, 89-95.
[992] Томовски 1985, 35-36.; Панов 2013, 1135.

За слабиот интерес на Византија придонесувала кризата којашто ја зафатила во времето на иконоборството, па скоро целиот 8 век нејзините сили ќе бидат насочени овде.

Од територијата на Македонија од времето на Јустинијан II (685-695) па сè до Теофил (829-842) има целосно отсуство на пари. Ваквата состојба на просторот на Демир Капија е дури и подраматичен. Отсуството на пари на овој простор започнува од времето на Јустин II (565-578) па сè до Константин VII (913-959) и Роман I Лакапин (920-944). Сепак кермичкиот материјал откриен на Кале-Стрезов Град укажува на одреден континуитет на населување на овој простор во целиот овој период. Односно, керамичкиот материјал укажува на знаци на живот и во текот на 7 сè до 10 век, којшто е потврден и со нумизматички материјал.

### VI.2.4. Полн среден век

По укинувањето на Самуиловата држава, византискиот цар заземал помирлив став со којштo црковната организација воспоставена во времето на Самуил ја ставил на ранг на архиепископија со што добила автокефалност, и потчинетост директно на царот. Во овој период на ариепископскиот трон бил поставен словенот Јован Дебарски[993]. За разлика од останатите делови во царството, во новоприсоединетите територии коишто биле дел од самуиловата држава бил задржан стариот фискален систем, кој се однесувал на плаќање на даноците во жито, просо и вино[994]. Во овој период за прв пат се споменува и името на тврдината Просек, најрано датиран правно документ е првата грамота на Василиј II со којашто се уредуваат и потврдуваат правата на Охридската архиепископија[995]. Според оваа грамота Просек заедно со неговите парици припаѓал на Мегленската епископја, која била под јурисдикција на Охридската архиепископија. Понатаму, тврдината Просек се

[993] *Sigillia Basilii II, Sigillium Primum,* 40-41. Од страна на Василиј II по прогласувањето на автокефалност на Охридската архиепископија биле издадени три грамоти. Текстот на овие грамоти е сочуван преку една понова грамота, датирана во 1272 година издадена од византискиот цар Михаил VIII Палеолог до охридскиот архиепископ, чиишто преписи датираат од 16-17 век. Антолјак 1985, 698-708., смета при предавањето на текстот од овие три грамоти во грамота на Михаил VIII Палеолог, всушност византискиот цар се обидел да направи фасификат со кој требало да се укине самостојноста на српската и бугарската црква и истите да ги вклучи во Охридската архиепископја којашто сега била дел од возобновеното византиско царство. Спореди Panov 136-137, f.n. 97.

[994] *Skylitzes-Cedresnus*, 304. *Скилица,* 151-152.

[995] *Sigillia Basilii II, Sigilia Primum,* 41. Снегаров 1924, 56.; Во времето на Самуил црковната организација била на ранг на патријаршија, а по освојувањето од страна на Василиј II е спуштена на ранг на архиепископија. За организацијата на црковната организација во времето на Самуил, особено за просторот на средновековен Просек информациите се оскудни. Спореди со Зајковски 2012, 173-185.

споменува и во наративната кратка историја на Јован Скилица, за дејствијата поврзани со византиското освојување на Македонија во 1018 година[996]. Во овој дел византискиот хроничар вели кога Василиј II се враќал од Скопје преку Штип и Просек, насекаде била пречекувана со молитви и химни. Од Просек скршнувајќи кон десно војската се упатила кон Охрид[997]. Ова укажува дека на просторот сепак имало бројно население, кое сепак не е така видливо со својата материјална култура.

По смртта на Василиј II, Византија не успеала да воспостави стабилна власт во наредниот половина век, во кој се смениле дванаесет владетели на престолот од кои едвај само Константин IX Мономах (1042-52), успеал да владее подолго од десет години[998]. Периодот на стегнатост и долги војувања бил минато, а ослабнатите противници на границите не претставувале голема закана. Во времето на наследниците на Василиј II превласта во царството полека потпаднало во рацете на цивилната аристократија којашто ја напуштило политиката од времето на Македонската династија за зачувување и штитење на селските и војничките имоти. Преминувањето на имотите од малите земјопоседници во рацете на големите земјопоседници, го ставало населението во потчинета форма. Претходните сопственици станувале парици на имотите на благородниците и манастирите. Со доаѓањето на Михаил IV (1034-1041) на престолот даноците биле зголемени и ревносно собирани[999]. Во негово време данокот од Македонија којшто дотогаш се собирал во намирници, наложено е да се плаќа во пари, што ја влошило и онака тешката ситуација во Македонија. Покрај ова, на местото на испразнетиот престол на Охридската архиепископија (1037) е донесен гркот Лав, хартофилакс на цариградската Света Софија[1000], со што е прекината практиката воспоставена од страна на Василиј II за поставување на словенски архиепископ. Ова влијаело во 1040 во Белград да биде прогласен цар Петар Делјан, најверојатно син на Гаврило Радомир, којшто повел востание кое за кратко време ја ослободило Македонија, но и дел од останатите земји, а се проширило и во сверна Грција. Но, набргу по вмешувањето на Алусијан, синот на Јован

---

[996] *Skylitzes Cedresnus,* 291. *Скилица,* 126. Историјата на Јован Скилитца е највероjатно пред крајот на 11 век за време на владеењето на Алексеј I Комнен (1082-1182) и го покрива периодот од смртта на Никифор I до абдикцијата на Мануел VI односно во периодот од 811 до 1057 година.

[997] *Skylitzes-Cedresnus,* 291.; *Скилица,* 125-126.; Антолјак 1969, 105. Томовски 1978, 271.; *Историја на македонскиот народ* 1969, 140.

[998] Holmes 2008, 271.

[999] Острогорски 1992, 390.

[1000] *Scylitzes-Cedrenus,* 300.

Владимир и неуспешниот обид за завземање на Солун, Петар Делјан бил заробен и ослепен, а Алусијан пребегал во Византија по што било ставено крај на востанието[1001]. На територијата на Македонија повторно била воспоставена византиската власт.

По ова продолжила да опаѓа силната централизација на државата својствена за времето на Василиј II и се поголемо децентрализирање со доделување на големи површини на земја на бирократите, не ретко со бројни имунитетни права. Во овој период станува својствен откуп на рентата за одредени имоти, со што бил зададен силен удар и на ситните земјоделци но и на државната каса, која немала механизни за контрола. Даночните обврски на париците веќе не и припаѓале на државата туку на големосопствениците сочинувајќи ја нивната рента. Се јавуваат и зачетоците на пронијата, којашто подоцна ќе се одликува со доделувањето на имоти во замена за вршења на воена служба. Значењето на војската и воената аристократија е минимизирано. Уште поголем удар бил даден кога било дозволено заменување на воената обврска со плаќање на пари, при што стратиотските имоти скоро и да исчезнале. Со опаѓањето на домашната војска, византија повторно се потпирала врз учеството на страни наемни трупи, пред сè на Норманите[1002].

Во овој период кога начинот на војувањето на византиската војска е променет од офанзивен во дефанзивен, ваквиот состав на армијата не можел да одговори на своите задачи, истовремено се појавува потреба војската да војува на повеќе фронта[1003]. За разлика од претходно кога со единствен поход може да се покори и стави под контрола одредена закана, сега царството е под постојан притисок на надворешни напади на номадски племиња коишто доаѓале во мали групи, а често и се населувале на византиска територија. На север, на границата со Дунав, веќе го нема бугарското царство да ја штити Византија од постојаните упади на номадски племиња, првенствено на Печенезите коишто продреле на византиска територија во 1048 година, при што ограбуваат дел од

---

[1001] *Псел* 115-119.; *Skylitzes-Cedrenus* 301-305.; *Скилица,* 141-155.; Михаил Псел е современик на настаните којшто известува за текот на ова востание, којшто живеел во периодот од 1018 до 1078 година според едни автори, додека до 1097 година според други. За биографијата на М. Псел види кај Колева 1988, 48-55, а особено бел. 55 со цитираната литература. За македонскиот превод со исцрпни коментари на делот од делото на М. Псел коешто се однесува за времето на владеењето на Михаил VI Пафлагонецот и востанието на Петар Делјан види во Колева 1988, 25-119. Информациите на современикот М. Псел се дополнети со информациите коишто ги дава Ј. Скилица. Острогорски 1992, 390-391.; *Историја на македонскиот народ* 1969, 159-164.; Панов 2013, 1213-1215.

[1002] Острогорски 1951, 13-17.

[1003] Holmes 2008, 273.

балканските територии пред да добијат одобрение за населување покрај дунавската граница. Подоцна овде се појавуваат и Узите коишто уште една ќе продрат на византиска територија и ќе успеат да го преплават целиот балкан стигнувајќи до Грција. На исток на местото на ослабнатите арапски сили доаѓаат Турците-Селџуци коишто со голема брзина успеваат да продрат во централните делови на царството стигнувајќи и навлегувајќи во Мала Азија. Трите походи коишто ги презел Роман IV Диоген (1068-1071) со странска наемничка војска сочинета од Печенези, Узи и Нормани биле неуспешни, а последната битка којашто се одиграла кај Манцикерт завршила со комплетна катастрофа. На запад византија се соочувала исто така со големи проблеми при што Норманите успеале ѝ го одзедат и последниот италски посед, Бари[1004].

Ваквата констелација на настани, надополнета со воспоставувањето на уште построга финансова и даночна политика, створила поволни услови и потикнало за кревање на населението на Македонија на ново востание[1005]. Византиските позиции на Балканот биле дополнително нарушени по продорите на Унгарците и Печенезите во 1071 година со кои била зафатена и територијата на Македонија[1006]. Во 1072 година во Скопје на бунт се кренало востание на чело со Георги Војтех, од страна на востаниците бил повикан и во Приштина бил крунисан Константин Бодин, син на зетскит владетел Михаил (1052-1081). Со ова повторно избувнало востание на територијата на Македонија коешто имало за цел отргнување на византиската власт. Но и ова како и претходното востание на Петар Делјан завршило со неуспех и бргу по избувнувањето било загушено[1007].

Целиот овој период е одбележан и со честите ограбувачки походи од страна на номадските племиња Печенези и Узи. Територијата на Македонија а најверојатно и на Просек била засегната во неколку од нив и тоа во 1034 и 1036 година кога одреди на Печенези продреле во Македонија сè до Солун во првиот односно до Солун и Грција во вториот поход. Во овој период бројни печенешки одреди од страна на византиската администрација се населувани во регионите депопуларизирани во изминатиот период. При едно такво населелување во 1048 година постои можност да биле населени и

[1004] Острогорски 1992, 415.
[1005] *Историја на Македонскиот народ* кн. I, 1969, 165.; Панов 2013, 1215-1216.
[1006] Панов 2013, 1215.
[1007] *Skylitzec-Cedrenus*, 334-338.; *Скиличин Наставјач*, 177-186.; *Летописот на Попот Дукљанин*, 222-230. По прогласувањето на Константин Бодин за цар бил преименуван во Петар, во чест на водачот на претходното востание Петар Делјан. Константин Бодин од востаниците бил избран заради неговите роднински врски со фамилијата на Цар Самуил.

Печенези на просторот на Демир Капија[1008]. Во текот на 1064 година одреди на Узи упаднале на Балканот и продреле сè до Солун и Елада, при што голема е веројатноста на својот пат кон југ да се движеле по вардарската магистрала и низ Демиркаписката Клисура[1009]. Упадите на номадските племиња, како и обидите за државни превратi кои се одвивале на територијата на Македонија дополнително влијаеле за влошување на и онака лошата економска состојба на населението.

На почетокот на осумдесетите години на 11 век, во Византија доаѓа новата династија, основана од Ангел I Комнен (1081-1118), припадник на воената аристократија. Со неговото доаѓање на власт конечно се стабилизирал престолот и во наредниот нешто повеќе од еден век ќе владеат само тројца цареви. Алексеј I успеал во одредена мера да ја прошири територијата, а особено да ги зајакне граничните позиции на Балканот. Иако успеал да ја стабилизира власта, сепак царството не било во најдобра кондиција. Неговото владеење е означено со Норманските освојувања на Балканот како и со првиот крстоносен поход. Првиот Нормански поход ја покажал очајната ситуација во која била доведена одбраната на царството, но и нејзината економска положба. За време на владеењето на Комнените нема директни споменувања во пишаните извори кои се однесуваат на средновековен Просек. Голем дел од случувања сепак индиректно влијаеле на економската ситуација на населението во ареалот на Просек. За време на Норманските освојувања во 1082-1085 година скоро целата територија на Македонија западно од реката Вардар била освоена од

[1008] Информации за населување на Печенези во Македонија среќаваат кај Јован Скилица (*Скилица,* 163-164.) и Михаило Аталијат (*Аталијат,* 229.) Ј. Скилица известува за населувањето на Печенези на архонтот Василиј Монах на Рамницата помеѓу Седика, Ниш и Овче Поле. За разлика од Скилица, М. Аталијат споменува дека одредена група на Печенези била населена од внатрешната страна на т.н. Сидера, односно железна капија. Составувачите на ВИИНЈ III, во Сидера ја препознаваат Демир Капија, но не даваат повеќе информации за локацијата на истата, спореди *ВИИНЈ* III, 164, бел. 275 и 229, бел. 7. Бошковски 1997, 46-47., го отфрла ова мислење при што претпоставува дека споменатата Сидера е премин низ Стара Планина во Бугарија.

[1009] На почетокот на шеесетите години на 11 век Узите под притисокот на Куманите ја напуштаат јужноруската рамница и во есента 1064 година навлегуваат на Балканскиот Полуостров при што започнуваат грабежи и пустошења по Бугарија, Тракија, Македонија а навлегле и во Грција. За овие пустошења известуваат Михаило Аталија, продолжувачот на Скилица, според првиот Узите биле народ кој броел 600 000 и продреле низ целиот Илирик сè до Солун и Грција *Аталијат,* 230-231, додека според вториот тие броеле 600 000 војници *Скиличин Наставељач,* 175-176, додека пак Зонара наведува дека ниваната бројка била 60 000 коишто можеле да носат оружје *Зонара*, 255. Иако точната траса по која се движеле групите на Узи не е позната, сепак може да се претпостави дека тие од Дунав кон југ се движеле користејќи ја вардарско-моравкста магистрала. Ова може да се насети по тоа што кај М. Аталијата се споменува дека истите го поминале целиот Илирик и стигнале до Солун од каде продолжиле кон Грција. Доколку се претпостави дека се мисли на Илирик во смисла на префектурата Илирик од 4-6 век, тогаш може со сигурност да се каже дека ја користеле оваа патна магистрала, како најпогодна и најбрза којашто, напречно поминува и ги спојува северните со јужните краеви на оваа префектира којашто во 11 век не постои. Овој правец го предлага и М. Бошкоски 1997, 50-54.

Норманите. Освоени биле и Скопје и Охрид, а додека Меглен под чија јурисдикција припаѓал Просек бил освоен од Норманите и обновен, а по повторното заземање од страна на Византија тврдината целосно била разрушена. Дека Македонија се наоѓала во очајна положба, укажува и фактот што населението не пружало отпор спрема Норманите, дури во Охрид биле повикани и од самото население. Ваквата состојба пред сè била резултат на лошата економска состојба на населението, покачените даноци како и начинот на којшто истите биле собирани. Подоцна во текот на крстоносниот поход, бројна војска била распореден долж патот *via egnatia* којашто имала за должност да го контролира поминувањето на војската и да го штити населението. Честата регрутација од овие области, како и присуството на царската војска за која населението требало да обезбеди храна, уште толко ја влошувале ситуација. Ова е забележително и во материјалната култура којашто во овој период губи од својот квалитет и квантитет, бар на просторот на Просек. За време на Алексеј I или неговиот наследник Јован Комнен, напуштени се и оставени без посада утврдененте позиции на просторот на Демиркаписката Клисура, состојба каква ќе затекне Добромир Хрс еден век подоцна. Целиот овој период е одбележан и со зголемена активност на богомилите на просторот на Македонија и целиот Балкан, што во голема мера може да се одразил и врз материјалната култура.

За време на владеењето на Алексеј I Комнен, единствено Норманските освојувања, како и крстоносците од првиот крстоносен поход успеале да ја дестабилизираат византиската власт на Балканот.

За време на последниот владетел од династијата Комнини, Андроник I Комнин (1183-1185) успеал да преземе низа на реформи со коишто се ставило ред во собирањето на даноците и експлоатацијата на населението. Сепак, неговото владеење било безкрупулозно спрема сопствениците на големите земјишни поседи, што предизвикало огромен отпор од нивна страна. Отпорот што го пружиле во голема мера ја дестабилизирал византиската власт на Балканот, олеснувајќи го продорот на Норманите и нивното освојување на вториот град во царството Солун во 1185 година. Со овие настани е отворен патот кон падот на Цариград што ќе се случи две децении подоцна. Освојувањето на Солун од страна на Норманите бил проследен со жестокост, грабежи и убивања. Додека современиците на настаните Евстатиј Солунски и Никита Хонијат вината во паѓањето на градот ја наоѓаат кај командантот на одбраната на градот Давид

Комнин[1010]. За време на опсадата голем дел од имотното население ќе го напушти градот, со себе поведувајќи групи на луѓе, коишто лесно можеле да ги потплатат.

## VI.2.5. Доцен среден век

### VI.2.5.1. Самостојните владетели во Просек

За време на овие случувања, на престолот повторно се случил преврат со којшто воспоставена е нова династија, династијата на Ангелите коишто овде ќе останат сè до падот на Цариград. Во времето на нивното владеење врската помеѓу престолнината и провинциите се повеќе се раскинува, а Цариград се повеќе го губи својот авторитет и влијание. Ваквата состојба била предизвикана од се помалата заинтересираност на Цариград на барањата на провинции за помош против злоупотребите на локалните власти коишто станувале се побројни и пострашни[1011]. Ова придонело за опаѓање на општиот патриотски дух во Византија и јакнење на локалниот, што ќе го отвори патот за побрзи појави на сепаратизам од централната власт. Ако кон ова се додади и дезорганизацијата на власта за време на третиот крстоносен поход, освојувањата на српскиот жупан Стефан Немања којшто успева да ги прошири своите владенија на сметка на Византија, како и формирањето на Второто Бугарско Царство, под власта на Петар и Асен, може да се каже дека биле создадени идеални услови за појава на сепаратизам и во централните и јужните делови на Балканот. Ваквиот тек на настаните овозможил и Просек да стане седиште на двајца моќници коишто успеале да се осамостојат од централната власт, одбирајќи ја оваа тврдина и нејзините природно-географски погодности за седиште на своите самостојни владенија. За времето на овие самостојни господари на Просек, коишто

[1010] *Eustathios,* 61.; Современикот на настаните архиепископот *Евстатиј Солунски,* во своето дело *Освојувањето на Солун,* детални ги опишува настаните поврзани со Норманската експедиција на Балканот во 1185 година, особено случувања поврзани со освојувањето на Солун. Солунскиот архиепископ за падот на градот вината ја наоѓа во командантот на одбраната Давид Комнин. Во еден момент тој го обвинува дека дозволил голем дел од богатото население да дезертира од градот а притоа истите со подароци и пари да најмат дел обичното способно за борба население. Ваквите дезертери биле следени од група на луѓе како да се генерали. Исто така и Никита Хонијат вината ја наоѓа кај Давид Комнин.

[1011] Според Радиќ 1986, 164., ова не се должи до толку на свесното занемарување на провинциите од страна на престолнината, туку повеќе било одраз на сопствената немоќ на властите во Цариград да преземат какви било мерки.

овде владееле во последните две децении на 12 и првите две децении на 13 век се поврзуваат и најсликовитите описи на тврдината коишто може да се сретнат во современите извори од времето на владеењето на Добромир Хрс и Стрез. Ваквата хронолошка блискост на двајцата самостојни владетели, истиот центар од којштo владееле со слична територија како и блискоста на имињата Хрс и Стрез кај пораните истражувачи направило заблуда, поистоветувајќи ги како една личност[1012].

*VI.2.5.1.1. Добромир Хрс*

Појавата на Добромир Хрс (Δοβρομήρου Χρύσου)[1013] на историската сцена се поврзува со последната деценија на 12 век, а го снемува веќе во првите години од 13 век. Иако одредени индиции го засилуваат мислењата кои укажуваат за неговото дејствување во околината на Просек уште од 1185 година[1014] и можат да го поврзат со „жупанот и сатрап

[1012] Ваквата дилема ја разрешил Радојчиђ 1909а, 13-17., при што убедливо докажаву дека се работи за две одвоени личности, коишто владееле со Просек. Весковиќ-Вангели 1963., пак на Стрез му го препишува истото име како на Хрс и го нарекува Доброми, за што нема поткрепа во изворите.

[1013] Потполното име на Хрс се среќава само во беседите на Н. Хонијат за царот Алексеј III Ангел. *Хонијаш.* Беседи, 232, бел. 65. Византискиот современик Никофор Хрисоверг, *Беседи,* 240-241., вели дека името на Хрс дошло од преместување на нагласокот на зборот што означува живородно злато χρυσός во Χρύσος. Изнесени се различни мислења за потеклото на на неговото име, Мутафчиев 1925, 16., смета дека името Δοβρόμηρος дури и во својата грчка транскрипција укажува на словенското потекло, за разлика од него пак Златарски 1940, 120-121., без никакви аргументи заклучува дека Добромир Хрс е бугарин од северна Бугарија како што според него може да се види од името Добромир. За името Хрс, Радојчиђ 1909а, 16., смета дека има грчка основа а во кирилска транскрипција Хрьсь се среќава и во српските средновековни документи, Мутафчиев 1925, 17-18., утврдува дека ова име не се среќава во Бугарија, но ваквата состојба ја препишува на недоволната истраженост, но се повикува на романски документи од 17 век коишто го содржат ова име, што за него е доволно, сепак повторно неаргументирано, да утврди дека името Хрс е доволен доказ за „романското потекло на бугарскиот бољар Хрс“ (sic!). Сепак и после повеќе од 100 години (првото издание на ова негово приемно предавање е во 1911 година) состојбата со името Хрс во средновековните бугарски споменици не е променета. Според Златарски 1940, 121-122, бел. 4., Хрс не е име туку претставува прекар којштo го добил од византијците, изведен од зборот χρύσος при што наведува одредни примери, Радиђ 1986, 194, бел 7а., наведува дека ниту еден речник на грчки јазик не го содржи тој збор. Словенското потекло на името Добромир го прифаќа и Радиђ 1986, 196, бел. 6., притоа истакнува дека е неможно негово определување само како бугарско, бидејќи за тоа нема цврста основа.

[1014] Како што е споменато изворите молчат за Добромир Хрс пред 1197 година, сепак правени се обиди да се реконструира обемот на делување на Хрс пред оваа година. Мутафчиев 1925, 11-42. Се обидува да најди врска помеѓу Добромир Хрс и основањето на Второто Бугарско Царство, притоа се обидува да докаже дека Хрс бил дел од самото востание на Петар и Асен уште во 1186 година. Во тој период според Мутафчиев, Асеневци испраќале помали воени одреди за да ја освојуваат Македонија и да ја припојат кон териториите на Дунавска Бугарија, според него врската била прекината при походот на Исак II Ангел, којштo го презел преку Софија, кадешто војската презимила. Со ова териториите на Хрс биле отсечени од териториите на Асен и Петар, по што пројавил сепаратистички амбиции, но сепак првенствено се приклонил кон Византија. Исто така и Златарски 1940, 121-123., дава слично мислење, со тоа што тој вели дека Добромир Хрс уште од самиот почеток на востанието на Асен и Петар бил активен учесник, а кога во 1196 истите ја освоиле Струмица, тие го поставиле овде заедно со 500 свои луѓе да ја чува. Според него Хрс се одделил од бугарите дури по убиството на Асен во 1196 година. Составувачите

на Бугарија" споменат во историјата на третиот крстоносен поход, којашто се припишува на Ансберт[1015], сепак за сега само историјата на Н. Хонијат пружа проверени и сигурни

на ВИИНЈ VI, 1986, 232-233, бел. 65., овие мислења ги оценуваат како премногу претендиозни во обидот на прикажување на Хрс како Бугарин, иако за ова нема изворни информации коишто би ги подржале овие хипотези. Томовски и Графенауер, *Историја народа Југославије* кн. 1 1953, 342., *Историја на македонскиот народ I* 1969, 179., и Томовски 1979, 271-275., се определуваат за раниот сепаратизам на Добромир Хрс од централната власт уште во 1185 година, коешто го поврзуваат со одметнување на македонските феудалци од Цариград. Составувачите на ВИИНЈ VI 1986, 232-233, бел. 65., и Радић 1986, 196, бел. 11., главно се воздржани за дејствувањето на Хрс пред 1196/1197 година.

1015 Во историјата постојат несогласувања околу идентификацијата на Добромир Хрс со Жупанот и сатрап споменат во анонимната хроника за третиот крстоносен поход и германскиот крал Фридрих I Барбароса, *Historia de expeditione Friderici imperatoris* која според една подоцна белешка од 13 век се припишува како дело на Ансберт. Најчесто постарите, но некои и од поновите истражувања во личноста на Жупанот и сатрапот со којшто се сретнале крстоносците од третиот поход се поистоветува со Добромир Хрс, оваа теорија ја дава Успенски 1879, 161-179., истото мислење го прифаќа и П. Мутафчиев кој што ја дополнува и додава дека споменатите планини низ коишто се пробил адвокатот од Берг се всушност Родопите, од каде навлегле во влашката низина која ја лоцира на просторот на Сер и Солун, кадешто ги претпоставува дека се наоѓале и владенијата на Хрс, притоа Мутафчиев 1925, 20., претпоставува дека територијата која што се именува како влашка е територијата со којашто владеел Хрс. Мутафчиев не дава предлог за убикација на споменатиот Градец. Единственото познато место Градец коешто се наоѓа на просторот на којшто тој ги убицира случувањата се наоѓа на просторот по долното течение на р. Струма, пред нејзиниот влив во Егејското Море. Ова село во српските средновековни документи се именува како Градца (Новаковић 1912, 423) односно Градець (Успенскій 1883, 13), додека во грчките како *Καστρί(ο)ν* (Živojinović, Kravari et Giros 1998, 10, 15, 36, 44, 49, 50, 52, 64-65, n. 542). Локацијата на ова село е сосем сигурно утврдена според актите на манастирот Хиландар (*Chil.* I, 64-65, fig. 6). Според ова крстоносците прво ги поминале планините, навлегле во областа Влашка, се сретнале со Жупанот и Сатрап на Бугарија и дури тогаш би можеле да стигнат до селото Градец. Златарски 1940, 14-20., најопширно го обработува овој проблем притоа го отфрла мислењето дека Добромир Хрс се крие зад жупанот и сатрап на Бугарија. Тој дава предлог за маршутата на крстоносците, кои според него движеле по дијагоналниот пат од Софија-Перник-Ќустендил-Градец-Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Кајлари-Кожани-Селфице-Лариса, притоа Златарски топонимот Градец го лоцира како мала тврдина во која имало црква во околината на Славиште, додека за планината предлага дека тоа можело да биде планината Бабуна (масивот Даутица, Караџица, Јакупица б.м.). За позицијата на топонимот Влахија ги отфрла претходните миселења и смета дека не може да биде друг регион освен регионот на Тесалија којашто од Chon., *History,* 350., исто така е наречена како Голема Влахија. Покрај ова тој во „Жупанот и сатрап на Бугарија" успева да го препознае Лав Дримис во овој период на должноста катепан на Бугарија. По ова В. Златарски оди чекор подалеку побувајќи да го редактира текстот на Ансберт, па жупан да го замени со катепан. Според него, крстоносците на враќање се движеле по друг пат односно од Лариса преку Селфице-Бер-Енице-Мелник-Неврокоп-Разлог и стигнале до тврдината Баткун недалеку од Пловдив. Т. Томовски со Б. Графенауер во *Историја народа Југославије* кн. 1 1953, 342., се воздржани за поистоветувањето на Хрс со жупанот и сатрап, сепак се на мислење дека Хрс своето владеење го започнува околу 1185 година. Т. Томовски во *Историја на македонскиот народ I* 1969, 179., подоцна го прифаќа мислењето на Успенски и Мутафчиев со што жупанот и сатрап го поистоветува со Добромир Хрс, а додека пределот Влахија со Струмската област. Својата терорија ја надополнува со тоа што во Градец, ја препознава гореспоменатата населба во долината на Струма, иако авторот знае и за населбата Градец по течението на Вардар, во близина на Просек којашто ја поврзува со походот на Алексеј III Ангел на Просек во 1198 година. Томовски 1978, 271-274., не се согласува со начинот на којшто В. Златарски го редактира текстот на Ансберт. Составувачите на ВИИНЈ IV, 1971, 232-233, бел. 65 ја прифаќаат теоријата на В. Златарски без притоа дополнително да ја коментираат. Теоријата на В. Златарски ја прифаќа и Радић 1987, бел. 10., иако смета дака е малку претерана. Бошкоски 1997, 159-174., го прифаќа мислењето на Томовски 1978, 271-274., и скоро целосно го презема како такво. Сепак во сите овие гледишта некои делови од историјата на Ансберг намерно или ненамерно се изоставени, согласно теоријата којашто авторите ја застапуваат. Иако Добромир Хрс, а ниту тврдината Просек не се споменати во историјата на третиот крстоносен поход, сепак во оваа пригода може да се дадат некои нови гледишта коишто може да ги засилат претпоставките дека „Жупанот и сатрап на Бугарија" всушност е господарот на Просек, Добромир Хрс, со целата свесност

дека не постојат изворни податоци коишто со сигурност може да го потврдат ова гледиште. Според настаните опишани во Ансбертовата историја може да се даде нова убикација на одредени топоними и настани. После напуштањето на Баткун од страна на крстоносците водени од адвокатот Фридрих од Берг, во следната сцена се наоѓаат во регионот на Градец каде што опустошиле две цркви. *Ansbert*, 83. Покрај погоре споменатото место Градец во долниот тек на реката Струма, како и Градец во Славиште, постојат населени места и во регионот на Полог (Петровски 2017, 85-87) како и по течението на реката Вардар, од нејзината лева страна, пред излезот од Демиркаписката Клисура. Градец на Вардар не е забележан во други средновековни правни документи, пред сѐ бидејќи такви за околината на Просек не се сочувани. Најраните изворни податоци се среќаваат во турските пописни книги *Турски Документи том* V, кн. III, 416-417., од 16 век, кадешто жителите на Градец се забележани дека вршеле служба на дервенџии но и бродари. Овој топоним како и настаните коишто според историјата на Ансберт следеле даваат за повод да се претпостави дека ова е *Gradetz* (s.c.) којшто бил ограбен и запален од страна на групата на крстоносци предводени од Фридрих, адвокатот од Берг. Во изворниот текст не е споменато дека се работи за тврдина како што забележува В. Златарски, туку за регионот на Градец во којшто крстоносците запалиле две цркви и некои други објекти. Во описот, Ансберт не истакнува дека оваа земја била богата, како што вели во случаи кога регионот е богат со земјоделски култури, но сепак крстоносците останале да ограбуваат, што доведува до мислење дека сепак населението овде не било сиромашно и заработувало со други дејсности, како што се контрола на патот, трговија а можеби и разбојништво, секако ова се само претпоставки за коишто за сега нема потврда во пишаните извори. Во продолжението на текстот се вели дека додека дел од крстоносците останале да го ограбуваат Градец, меѓу кои биле и Патавискиот епископ и херцегот на Далмација Бертхолд, адвокатот Фридрих од Берг со мала група на одбрани луѓе продолжил понатаму. На својот пат тој искачил планина запоседната од непријателите коишто ги опсипале со стрели и камење, но сепак успеале да ги победат, при што без очај навлегле во богатиот регион Влахија, којшто не бил далеку од Солун. Набргу по нив пристигнале и епископот и херцегот со своите луѓе. *Ansberg*, 83. Ова упатува дека планините коишто ги искачил Фридрих со малата група на одбрани воини не биле далеку од Градец, односно биле на повидок, затоа истиот и одлучил да се оддели од групата, во оваа за него непозната земја. Впрочем може да се види дека остатокот од групата пристигнала набрзо. Па така, тешко би можело да се прифати дека тие поминале растојание големо колку што предлага Златарски 1940, 16., односно од Славиште до регионот на Бабуна. Уште помалку групата би се одделила за да помине растојание од неколку дена јавање, бидејќи двете групи се споиле дури по пристигнувањето во регионот на Влахија. Спореди *Ansbert*, 83. Според конфигурацијата на теренот, како и според описите на останатите современи историчари, во планината запоседната од непријатели може да се препознае премининот во влезот во Демиркаписката клисура, односно тврдините на средновековен Просек. Современиците кога зборуваат за тврдината Просек секогаш потенцираат дека таа се наоѓа на тешко достапна карпа, од која што бранителите фрлале камења во одбрана. Chon., *History*, 277-280., вели „тоа се две непроодни стени, меѓусебни раздвоени и блиску една до друга поставени, имајќи само еден тесен, тешко прооден и стрмен пристап, додека целиот останат масив на карпата е вертикален и непристапен", понатаму тој вели „Освен тоа, тие пуштаа одозгора пуштаа и празни вински бурина". Кон ова се надоврзува Никифор Хрисоверг, *Беседи*, 242., каде употребувајќи метафори ја споредува тврдината со гнездо притоа вели „ти му го досуди како затвор она со стрмни карпи оградено гнездо во планините", Теодор Скутариот, 256., пак додава „Тоа пак е Тесалиска планина којашто е поставена по должина, колку еден ден пат. Нема голема и соодветна ширина, се издига до облаците, и изградена е како стена. Целата е од камен како што можат да видат набљудувачите." Слични слики се претставени и за време на владеењето на Стрез, притоа Теодосиј, 104., во житието на Свети Сава ќе напише „Утврди за себе дом на стените во веќе споменатиот Просек, а таа стена е многу висока околу 200 метри и повеќе". Извадоците од овие современи извори, ја засилуваат претпоставката дека во планините запоседнати од непријателот може да се насети дека овде Ансберг мисли на тврдината Просек. Кон ваквата претпоставка одат во прилог и археолошките наоди коишто укажуваат дека тврдините на просторот на Демир Капија, по нивното напуштање во 6 век на лок. Маркова Кула или 11 век на лок. Кале-Стрезов Град, во последните децеии на 12 век во нив повторно се сместува војска, но и започнува постојано живеење. За ова подетално види во глава III.1.1. Кон истата сцена од историјата на *Ansbert*, 83., веднаш по освојувањето на планината, се надоврзува упаѓањето во богатиот регион на Flachia (s.c.), каде што убиле многу одметници (rebbels). Според Златарски 1940, 16., Влахија ја лоцира на просторот со Голема Влахија забележана кај Chon. *History*, 350., односно на просторот на Тесалиската рамница. Сепак ова би било малку веројатно бидејќи од планината којшто тој ја предлага па до Тесалиската рамница има најмалку два дена јавање, а со оглед дека се движеле во зимски услови, месец декември, патувањето сигурно би траеле и подолго. Што пак според Ансберт се

информации за него и опсегот на неговите владенија, но не пред 1197 година[1016]. Изнесените мислења за неговото дејствување пред оваа година се на ниво на претпоставки коишто со помала или поголема успешност се обидуваат да се приближат кон вистината за неговата личност, за којашто нема изворни податоци.

Во врска со дејствувањето на Хрс пред 1197 година може да се додадат неколку претпоставки коишто можат да допринесат кон расветлување на неговото рано дејствување. По Норманските освојувања во Византија претежно во регионот на Македонија и падот на Солун во 1185 година, византиската власт во овој дел од Балканот скоро и да ја немал. Во предвечерието на опсадата на Солун, како што известува солунскиот архиепископ Евстатиј, дуксот на градот Давид Комнин дозволил дел од побогатото население да го напушти градот, а во согласност со своите финансиски можности да поткупат и со себе да поведат бројно посиромашно но воено способно население, меѓу коишто имало и такви кои можеле да управуваат и со каменофрлачки постројки[1017]. Во оваа парцијална евакуација на градот, можеби се наоѓа и почетокот на кариерата на Добромир Хрс[1018]. По напуштањето на градот, населенето се распрснало на

---

случило веднаш по освојувањето на позициите на планината. Според ова, иако за сега нема изворни податоци, може да се претпостави дека како Влахија се именува Тиквешката Котлина, којашто е поврзана со Демиркаписката Клисура која претставува нејзина јужна граница. Во прилог кон оваа претпоставка оди именувањето на Добромир Хрс од страна на современикот Chon. *History,* 267., кој вели „Тој Хрс беше по потекло Влав со низок раст“, понатаму вели „а Власите беа заробени од Персијанците“, мислејќи на населението околу тврдината Просек. Составувачите на ВИИНЈ VI 1986, 376, бел. 73., претпоставуваат дека и овчарот Цимпан (τζιμπάνος) од Давидово, село во непосредна близина на Просек, од спротивната страна реката Вардар кај с. Градец, споменат од Јован *Кантакузин*, 376., како трибал, всушност дека неговото име упатува на влашко потекло. На крајот од оваа сцена од историјата на *Ansbert* 83., крстоносците се среќаваат со „жупанот и сатрап на Бугарија“, којшто на крстоносците им вратил еден заробеник и од нив побарал мир за него и неговата земја. Како што се гледа од погоре изнесето, во недостаток на изворни податоци поделени се мислењата за неговото поистоветување со некоја од познатите личности од тој период. Сепак, досега изнесеното го засилува мислењето со коешто зад „жупанот и сатрап на Бугарија“ се крие личноста на Добромир Хрс од неговите најрани години на владеење.

[1016] Choniates, *History,* 277-280, 293-294.;, Хрисоверг, 240-243.; Скутариот, 256-257.

[1017] *Eustathios* 61. Подоцна во историјата на Хонијат во сцената на нападот на Алексеј III на Просек тој забележува дека Хрс поседувал каменофрлачки постројки, а нивниот старешина претходно им служел на Ромеите. Choniates, *History,* 279.

[1018] Според Choniates, *History,* 293., Добромир Хрс платил два кентарија злато (околу 64 кг) за откупот на протостаторот Мануил Камица, таткото на неговата византиска сопруга. Оваа голема сума Хрс ја платил како откуп на бугарскиот цар Калојан, според предложената хронологија на Радиќ 1986, 212, бел. 31., на почеток на 1201 година. Во овој период владенијата на Хрс сѐ уште се ограничени на Просек и Струмица со поблиската околина, а неговите освојувачки и ограбувачки походи кон запад и југозапад ќе уследат дури во 1201 година по ослободувањето на Камица од бугарско заточеништво. Ова може да укаже дека Добромир Хрс располагал со големи богатства уште пред новите освојувања, а најверојатно тој со вакво богатство располагал и пред 1197 година што оди во прилог на претходното изнесено мислење со кое тој се поврзува со „сатрапот и жупан на Бугарија“, но и со Солун.

повеќе страни, меѓу коишто најверојатно најголемиот дел кон Цариград, но можно е одредена група да заминала кон север, по течението на Вардар. Според археолошката граѓа од ископувањата на повеќе археолошки локалитети на просторот на Демиркаписката клисура, најголемиот дел од тврдините се напуштени кон крајот на 6 век, додека тврдината на Кале-Стрезов Град е напуштена во текот на 11 век[1019]. Ваквата состојба наоѓа оправдување кај Н. Хонијат, којшто истакнува дека Ромеите тврдината Просек ја оставиле пуста[1020]. Напуштањето на Кале-Стрезов Град се случува во периодот на првиот крстоносен поход кога Византија ја повлекува војската кон југ распоредувајќи ја долж патниот правец *via egnatia*, ваквата состојба со оваа тврдина очигледно останале непроменета сè до доаѓањето на Хрс во Просек[1021]. Движните археолошки наоди укажуваат дека дел од населбите во долината на Вардар, кон север, односно во Тиквешката Котлина кон крајот на 12 век згаснуваат, вклучувајќи ги и некрополите, на отворено, како што се Крстеви и Копанец-Корешница, Ограда-Бистренци како и Трнче-Пепелиште, коишто во втората половина на 12 век ги бележат последните погребувања. Паралелно на нив, погребувањата продолжуваат во рамки на тврдините, односно врз остатоците на ранохристијанските цркви и подоцна околу обновените средновековни цркви на овие локалитети. Согласно со новите локации на погребувања забележан е нов импулс во материјалната култура којашто сега има изразено христијански карактер и градски обележја. Ваквите промени во материјалната култура и обичаите, може да се доведат со промена во структурата на населението коешто по доаѓањето на овој простор забрзано носи нови градски елементи. Ваквите промени во културата ја засилуваат претпоставката дека дел од населението коешто под притисокот на Норманите го напуштило Солун, своето прибежиште го нашло во напуштената и запуштена тврдина, а

[1019] Види ја глава III.1.1.

[1020] Choniates, *History,* 277.

[1021] Според Томовски 1969, 180., причината за напуштањето на тврдината ја бара во тоа што Ваизантија била сигурна во поданичкиот однос на македонското население, додека пак Радић 1986, 198, бел. 18., смета дека поверојатно е истата да била напуштена поради многубројните и чести војувања против Бугарите источно од Просек, па поголемиот дел од војничките потенцијали биле ангажирани во тие остави. Сепак според погоре прикажаните археолошки откритија, може да се претпостави дека тврдините од ареалот на Просек биле напуштено многу порано, што не може да се довведе во корелација со овие две мислења. Археолошките наоди укажуваат дека тврдината на Кале-Стрезов Град којашто останала најдолго во употреба е напуштена во последните децении на 11 век. Во овој период Византија се соочува со недостаток на воена сила, а ресусрисите од коишто можела да ги црпи, како што е Мала Азија, во овој период не и биле достапни. Затоа правена е реорганизација на достапните ресурси, притоа целокупната расположлива војска е распоредена долж патниот правец по којшто поминувале крстоносцитеод првиот крстоносен поход, а ангажирани се и дополнителни Кумански и Печенешки контингенти. Најверојатно одбрана во Демиркаписката клисура е напуштена токму за време на првиот крстоносен поход.

не се исклучува можноста истото да било поведено од Добромир Хрс. Сепак, доколку се земи како можна претпоставката дека Хрс заедно со група на луѓе (500) кон крајот на 1185 година дошол во Просек, не би требало да се мисли дека уште од самиот почеток настапил со сепаратистички претензии. Може да се претпостави дека тој во почетокот, особено по воспоставувањето на повторната византиска власт на овие простори, тој се приклонил кон Византија и содејствувал заедно, што впрочем наоѓа потврда и кај Хонијат[1022]. Неговите први сепаратистички амбиции може да се побараат во новонастанатата ситуации за време на третиот крстоносен поход, кога Византија повлекувајќи се пред крстоносците на Фридрих I Барбароса оставиле голем дел од територијата небранета[1023]. Затоа може да се претпостави дека во овој период односно 1189-1190 година за прв пат успеал самостојно да завладее со териториите на Просек, односно на клисурата Демир Капија и јужните делови на Тиквешката Котлина. Притоа, во една ваква констелација, кога Византија нема контрола на просторот тој можел себеси да се прогласи како „Жупан и сатрап на Бугарија“, а паметејќи ја норманската жестокост поради којашто го напуштил Солун, како и жестокоста при ограбувањето на Влахија (Тиквешката Котлина б.м.) истиот побарал мир за себе и својата земја. По ослободувањето на Византија од крстоносците и нејзиното повторно воспоставување на власт на Балканот, може да се претпостави дека успеала да се справи со Добромир Хрс којшто бил затворен, како што впрочем наведува и Хонијат. За тоа што добро информираниот Хонијат не дава детални информации за одметнувањето на Хрс од византиската власт, туку само обопштено известува, може да се најде одговор во тоа што Хрс во овој период не настапил отворено против византиската власт, туку тој успеал да заземе одредена територија во период кога реално византиската власт на овој дел од Балканот не постоела, а исто така своите амбиции за самостојно владеење ги пројавил исто така во период кога заради третиот крстоносен поход, византиската власт на Балканот повторно била доведена во прашање. Останува сè уште нејасно кога византијците го пуштиле од затвор и го поставиле како командат на

[1022] Хонијат, *Историја*, 267.; Хрисоверг, *Беседи*, 240-243.

[1023] Ова ситуација успеал успешно да ја искористи српскиот жупан Стефан Немања, проширувајќи ја власта врз териториите на Скопје и Полог кои по поминувањето на крстоносците од Ниш кон Сердика и заземањето на Филипол биле отсечени од Византија и станале лесен плен за Србија. Спореди Петровски 2008, 289-291.

Струмица[1024]. Добромир Хрс во историјата на Хонијат се појавува дури тогаш кога овој областен господар влегува во отворена конфронтација со централната Византиска власт.

По поставувањето на Добромир Хрс како управник на градот Просек, кај него повторно се пројавиле сепаратистички амбиции, при што морал да интервенира царот Алексеј III Ангел. Во 1197 година ја собрал војската кај Кипсала[1025], но уште пред да биде преземен походот царот набргу морал да се врати во Цариград[1026]. Следната година повторно ја собрал војската во Кипсала, а од таму се упатил кон Солун. Од овде патот го продолжил кон Просек, кадешто било седиштето на Хрс. За овој поход византискиот историчар Никита Хонија дава прецизни податоци, а околината на Просек живописно и реално ја опишува, затоа се смета дека тој самиот учествувал во овој поход[1027].

За Просек современикот Хонијат ќе запише:

> Бидејќи, овој човек, по потекло Влав, ја имаше присвоено Струмица и заземајќи го утврдувањето Просек, го одбра за свое седиште и во секој поглед ја зацврсти тврдината, која што природата раскошно ја створила и дала. Имено, тоа се две стрмни карпи, меѓусебе раздвоени но блиску една до друга поставени, имајќи само еден тесен, тешко прооден и стрмен приод, додека целиот останат масив е карпест вертикален и непристапен, а длабоката река Аксиос тече одоколу и (масивот б.м.) на неверојатен начин во тврдина го претвора. Воената вештина, подоцна во натпревар со природата, ја направи скоро неосвоива, бидејќи непробојниот бедем поставен на преку стазата која води внатре, ја заврши како извонредно утврдување.
>
> Имено, околината на оваа тврдина не е лесно совладива, туку е доста долга и широка, а ја красат и шуми со многу вода а богата е и со густо пошумени предели. Но тврдината е лишена од една суштинска работа, и тоа неопходна, по себе најважна и најзначајна, таму не извира ни најмала капка вода, ниту пак има ископани бунари туку треба да се симнува до реката и да се носи вода со ведра. [1028]

[1024] Според Бошковски 1997, 172-173., тоа можело да се случи по промената на престолот во 1195 и доаѓањето на Алексеј III Ангел, пред сè како одговор на постојаното ширење на државата на Асен и Петар кон запад, како заштита од директни напади. Радиќ 1986, смета дека Хрс е пуштен од затвор и упатен да ја чува Струмица во текот на 1196 година. Тој пуштањето и назначувањето на Хрс го става во корелација со заробувањето на Исак Комнин со што е нарушена рамнотежата на фронтот на штета на Византија.

[1025] За датирањето на овој поход има различни мислења. Овде е прифатено мислењето на Радиќ 1986, 197-198, бел. 15. којшто ваквата датиција аргументирано ја брани, со цитараната литература и дискусијата околу датацијата.

[1026] Причините за одложувањето на самиот поход се непознати. Златарски 1940, 125., претпоставува дека тој се вратил заради одметнувањето на Иванко, тој овој неуспешен поход го датира во 1198 година. Радојчиќ 1909, 7-9., пак смета дека походот бил прекинат заради средување на ситуацијата на дворот. Ова мислење го прифаќа и Радиќ 1986,.

[1027] Choniates, *History,* 277-279.

[1028] Превод на македонски јазик од авторот користејќи ги преводите на српско-хрватски јазик во ВИИНЈ IV, 160.; и од англиски јазик користејќи го преводот на Magoulias 1984, 277.

Choniates, *History*, 277.

Овој поход на Просек предводен од Алексеј III Ангел во 1198 година завршил со неуспех за Византија. Обидот за заземање на тврдината, според известувањата на Хонијат траел два дена, првиот ден византиската војска полна со елан пробала да ја освои на јуриш, но заради недостатокот на средства за поткопување и рушење на ѕидови не вродило со плод. На војската не и биле доставени ниту потребните лествици за да ги прекачат ѕидините. Наредниот ден бранители на тврдината консолидирани со и помош од страна на бројните опсадни справи поставени на доминантни позиции успеале уште еднаш да го обијат нападот на византиската војска. Ноќта, еден одред од страна на бранители успева да ги уништи византиските фрлачки постројки и создавајќи бука да создаде паника во византиските редови. При ова во бегство се дал и протосевастот Јован, чијшто шатор бил запленет. По ова византискиот цар бил принуден да склучи договор за мир со господарот на Просек, притоа признавајќи му ги владенијата врз Просек и Струмица. Како гаранција му ја ветил за жена неговата роднина, ќерката на простраторот Михаил Камица[1029]. Веднаш по враќањето во Цариград, ја развел од нејзиниот сопруг и во придружба на Константин Радин ја испратил во Просек.

Во наредниот период недостасуваат информации за Добромир Хрс, василевсот во овој период е зафатен со случувањата на исток во Бугарија и Тракија односно со одметнувањето на Иванко. Добромир Хрс кај Хонијат повторно се споменува при крајот на 1200 или почетокот на 1201 година, по заробувањето на Камица по неуспешниот поход против Иванко[1030]. Барањата на Камица упатени до василевсот во Цариград за негов откуп од заложништво не вродиле со плод, па истиот помош побарал од страна на својот зет Добромир Хрс, кој гледајќи на ова како шанса, го платил откупот во вредност од два кентарија злато[1031]. Камица, на кого византискиот цар му го кофискувал целиот имот по плаќањето на откупот се упатил кон Просек каде пристигнал најверојатно на почетокот

[1029] Choniates, *History*, 293.; За значењето на титулата протостратор види во ВИИНЈ, 167, бел. 204. За Манојло Камица, за неговата личност и обемот на неговите владенија види повеќе кај Радић 1986, 206-216.

[1030] Според известувањето коешто го дава Choniates, *History*, 293., при еден поход на Камица насочен кон Иванко истиот бил заробен по што е испратен како заложник на дворот на бугарскиот двор. Постојат повеќе претпоставки за мотивот зошто Иванко го испратил заложникот во Трново, според Радић 1986, 191., овде не станува збор за потчинетост на Иванко кон Калојон, туку повеќе како акт на сојузништво.

[1031] Choniates, *History*, 293., Во овој период Камица била една од најбогатите фамилии во Византија, при барањата за негов откуп, царот не само што не ги услушл неговите молби туку го конфискувал целиот негов имот а неговата сопруга и син биле затворени. За мотивите на Алексеј III Ангел за ваквото постапување спрема својот роднина Мануил Камица види кај Радић 1986, 210-211.

на 1201 година. Со ова започнува и втората етапа во дејствувањето како на Хрс така и на Камица. Од Просек двајцата заедно започнуваат освојувачки походи, најпрво во соседните области на Просек кон запад при што ја освојуваат Пелагонија и без проблеми го заземаат Прилеп. Потоа нивните освојувачки походи продолжуваат кон оддалечени територии, на југ по долината на Темпа навлегуваат и ја освојуваат Тесалиската Рамнина, за на крај да стигнат до Средна Грција и Пелопонез. По ова Хрс се вратил назад, додека Камица останал во Тесалија која ја одбрал за своја база.

Јакнењето на Хрс заедно со Камица и освојувањето на големи пространства предизвикало реакција и кај бугарскиот цар, со што за првпат го приближил кон византискиот цар. Она што претходно било незамисливо, сега се остварило и било вперено кон господарот на Просек. Кон крајот на 1201 година Калојан и Алексеј IV склучуваат договор со којшто по ликвидирањето на Хрс, Струмица требало да и припадне на Византија, додека Просек на Бугарија. Во исто време византиската војска презема воени походи насочени кон Јован Спиридонакис којшто го držел регионот на Смољане и кон владенијата на Камица во Тесалија. За да ги ослабне позициите на како на Камица, така и на Хрс, василевсот презел и дипломатска акција за нивно раздвојување, бидејќи сметал дека така полесно може да ги совлада. Алексеј на Хрс му ја ветил својата внука Теодора, ќерка на севастократорот Исак Комнин и бивша вереница на Иванко, додека за возврат Хрс требало да и ги врати на Византија Пелагонија и Прилеп. Вака раздвоени бвшите сојузници биле лесен план и за царството коешто било во екстремно лоша состојба. Бидејќи претходната акција кон Камица не вродила со плод, василевсот сам се упатил кон Тесалија, откако успеал да го порази на враќање и покрај склучениот договор со Хрс ја нападнал и ја освоил Струмица. Кон почетокот на 1202 година на Добромир Хрс му останале само имотите во Просек. По ова тој целосно исчезнува од историската сцена, а неговата понатамошна судбина не е позната.

Најверојатно Просек според договорот помеѓу двајцата цареви припаднал под бугарска власт[1032], но за ова изворите молчат.

Набргу по ова состојбите на Балканот драстично се менуваат. На сцена се појавуваат крстоносците од четвртиот крстоносен поход, додека во 1204 година византиското царство ќе престане да постои. Силите на овој дел од балканот се

[1032] Историја на македонскиот народ кн. Iм 1969, 182.

прегрупирани. Солун потпаѓа под власта на латините на чело со маркизот Бонифације Монфератски, при што е формирано Солунското Латинско Кралство. На исток со седиште во Арта се основа Епирското Деспотство чиишто основачи се сметаат како директни наследници на византиското царство. Во една ваква констелација и после зајакнувањето на внатрешните редови јакнела и моќта на бугарскиот цар Калојан, а додека пак на север јакнела и српската средновековна држава на чело со Стефан Немањиќ, којашто во овој период, под власта на неговиот син ќе прерасне во кралство.

По 1201 година, Просек во изворите повторно се поврзува со случувања од 1205 година. Имено, од Хонијат дознаваме дека во овој период во Просек како командант се наоѓа извесен влав со име 'Ετζιυΐσμένον (Ецисмен)[1033]. Овој управник на Просек во 1205[1034] година користејќи го отсуството на маркизот Бонифације Монфератски, кој се наоѓал на Пелопонез средувајќи ги тамошните односи, го освојува подградието на Солун. Жената на маркизот се повлекла во акрополата кадешто го чекала неговото доаѓање. Слушајќи за оваа вест Бонифације се упатил назад кон Солун, но уште пред неговото доаѓање

[1033] Choniates, *History*, 339., истакнува дека Ециисмен управувал со Просек но и со другите на Калојан потчинети области. Правени се разни обиди за определување на оваа личност од историјата на Просек. Во постарата литература се претпоставува дека можеби се однесува на Шишман, поврзувајќи го со подоцните видински и трновски Шишмановци, за чијашто грешка укажува уште Мутафчиев 1925, 64-65, бел. 69., Свесен дека не може да станува словенска транскрипција во Шишман Радић 1988, 205, бел. 41., сепак го користи овој назив. Мутафчиев го користи називот Ециисмен, но допушта и можноста да се изговарало како Ч'смен, Чисмен (Чьсменъ, Чисмьнь). Формата Ециисмен ја прифаќаат и составувачите на *ВИИНЈ* VI (1971), 170-171, бел. 215. Оваа форма ја прифаќа и Томовски 1978, 276., но дополнително допушта можност за користење и на Ч'смен. Микулчиќ 1996, 233., ја прифаќа формата Чесмен. Мутафчиев 1925, 65, бел. 69., се сомнева дека оваа форма на името може да има какви било словенски корени, па претпоставува дека можеби ономастиката на името да е куманска, ваквата теорија ја прифаќа Златарски 1940, 231-232., којшто доста смело и без аргументи вели дека Ециисмен бил Бугарин од северна Бугарија, односно дека имал бугаро-куманско потекло.

[1034] Според *Историја на македонскиот народ* кн. I, 1969, 182., Просек од 1203 година потпаѓа под Бугарска власт, но за ова нема податоци во изворите. За Ециисмен најчесто се смета како целосно потчинет на Калојан и во содејство со Второто Бугарско Царство. Сепак од приложеното кај Хонијат тоа не може целосно да се утврди. Тој наведува дека бил влав по потекло, исто како Хрс. Мутафчиев 1925, 65., смета дека Ециисмен содејствувал со Калојан, па имал за задача да ги напаѓа латинските владенија во Македонија додека Калојан војувал со Латините на исток. Иако може да се смета дека Ециисмен бил во одредена подредена положба кон Калојан, сепак не може целосно да се преземи оваа претпоставка на Мутафчиев за којашто нема долно докази во изворите. Тешко може да се претпостави дека доколку Ециисмен бил целосно потчинет кон Калојот истиот не би бил повикан со свои одреди да учествува во освојувањата на исток коишто се одвиваат во исто време како и опсадата на Солун. Уште повеќе што претпоставката на Мутафчиев оди дека со ова Калојан сакал да ги неутрализира воените сили на Латините од Солун, со тоа што Ециисмен би ги држел зафатени со воени дејства. Како што вели Хонијат, маркизот во ова време бил на Пелопонез, притоа ваквиот напад на Солун од страна на Ецисмен предизвикал спротивна реакција од онаа којашто ја предвидува Мутафчиев, при што Бонифације се враќа во Солун и веднаш започнува поход против териториите на Калојан коишто ги држел во околината на Солун. Ова оди во прилог на претпоставката дека сепак Ециисмен во регионот самостојно владеел одредени територии, коишто можеби претходно припаѓале на Калојан. Според ова и нападот на Солун тој го презел самостојно а не по налог на бугарскиот цар.

управникот на Просек го напуштил Солун. По ова случување се губи трагот на оваа личност.

Во истиот период, по неполна година од владеењето на латинскиот цар во Цариград во близина на Едрене во битка со Калојан заробен е латинскиот цар Балдуин, кадешто ќе го загуби и животот[1035]. Бугарија се повеќе го зголемувале своето влијание на Балканот. Во 1207 година во една битка со Бугарите загинува и маркизот Бонифацие Монфератски. Ваквата ситуација го осуетила Калојан да го нападне Солун истата година, но при опсадата во завера е убиен од страна на своите соработници. Ова ги променило односите на Балканот. Од овој период Епирското деспотство успева да земе замав, а исто така случувањата на Балканот ги искористило и Никејското Царство за да ги зголеми своите владенија на азиско тло и да се приближи кон Цариград. Целокупната ситуација овозможила на територијата на Македонија повторно да се пројават сепаристички тенденции, но сега не од страна на Византија која во овој период не постои туку од локалните држави коишто продолжиле да егзистираат на овој простор. Сево ова придонело кон крајот на првата деценија и во првата половина на втората деценија на 13 век Просек повторно да биде центар на бројни случувања коишто го привлекле вниманието на современите писатели.

*VI.2.5.1.2. Стрез*

По смртта на Калојан во 1207 година престолот на Бугарското царство го узурпирал неговиот роднина Борил. Стравувајќи за својот живот во овој период од Бугарија во Србија пребегува и еден од видните соработници на Калојан, Стрез[1036]. Тој бил примен на дворот

[1035] Острогорски 1992, 515.; Златарски 1940, 221-231.

[1036] Како што наведува Теодосиј, *Живот светога Саве*, 103 Стрез бил близок роднина на Калојан, додека пак Стеван Првовенчанин, *Житије Симеона Немање,* 60., вели дека бил брат на Борил. Според останиот текст впечатокот е дека Теодосиј наведувајќи далеку повеќе информации, бил моногу подобро информиран и не би испуштил да даде ваква информација, доколку биле навистина браќа. Според циркуларното писмо коешто го потпишал латинскиот цар Хенрих I, исто се наведува дека Стрез бил роднина со Калојан. Најверојатно, заради правото на наследување на престолот на својот роднина, по заземањето на Борил на оваа позиција, Стрез стравувајќи дека ќе биде елиминиран од страна на новиот цар пребегува во Србија. За точното сродство со владеачката фамија во Бугарија мислењата се поделени. Златарски 1940, 271, бел. 1., смета дека Стрез бил помал брат на Борил, додека пак Николов 2011, 100., смета дека Стрез бил постар брат на Борил и дека имал поголеми права при наследување на престолот. Nicole 1957, 33., како и Баришиќ и Ферјаниќ 1981, 51., го прифаќаат мислењеето дека Стрез е брат на Борил, но без да полемизираат дали е постар или помлад брат. Мутафчиев 1925, 233., пак е воздржан и се држи до изворите, притоа наведува дека Стрез е внук од брат или сестра на Калојан, но допушта дека можеби е и брат на Борил.  Савчева 1978, 73., Претпоставува дека Стрез бил брат на Алексиј Слав, а двајцата биле роднини со Борил и Калојан. Радиќ 1988, 223-224, бел. 3., е прилично резервиран, притоа го прифаќа

на големиот жупан Стефан Немањиќ, најверојатно кон крајот од 1207 или почетокот од 1208 година. Овде тој дошол со група на најблиски соработници, каде што ја добил целосната помош и подршка. Во овој период бугарскиот цар Борил упатувал барања кон српскиот жупан за да му биде предаден Стрез, тој правел дури и обиди со поткупи но и со закани со војна, сепак безуспешно. Наоѓајќи се во ваква ситуација Стрез почнал да стравува дека ќе биде предаден од српскиот жупан. За да ја покаже својата добронамерност Стефан Немања се побратимил со Стрез. Сепак, ниту ова не успеало да го смири Стрез, по што српскиот жупан се согласил заедно со Стрез да преземе освојувачки поход кон југ. Во период кога Борил бил зафатен војувајќи со Латините, тие заеднички успеале да освојат голем број на тврдини во Македонија[1037]. Како свое седиште го одбрал силно утврдениот и непристапен Прсек којшто до неодамна бил седиште на самостојниот владетел Добромир Хрс. Меѓутоа набргу, најверојатно во текот на 1209 година, сојузот помеѓу господарот на Просек и српскиот жупан бил растурен[1038].

Во текот на оваа година Латинскиот цар се обидел да ги среди односите во крстоносната држава во Солун. Имено по смртта на Бонифациј Монфератски, од власта била истисната неговата сопруга Марија од страна на регентот на малолетниот син Деметриј, Ломбардискиот Барон. По решавањето на состојбите во Солун, Хенрих I, братот на Балдуин I кој го наследил на тронот во Цариград, се упатил кон Тесалија и Средна Грција каде ломбардиските барони се повлекле. Ваквата ситуација пробал да ја искориски бугарскиот цар пришто тргнал во освојување на Солун[1039]. Латинскиот цар навреме дознал

---

мислењето дека Стрез, Борил и Алексиј Слав биле братучеди на Калојан, но без да навлегува во понатамошно коментирање на нивните роднински врски, на истиот став е и Аџиевски 2019, 159-160, бел. 1.

[1037] Мутафчиев 1925, 249-250, бел. 112., задничката акција на идниот господар на Просек со српскиот жупан ја датира кон есента на 1208 година. Ваквата датација, како точна ја прифаќа и Радић 1988, 226, бел. 15.

[1038] Мислењата за начинот на којшто овој сојуз функционирал се различни. Мутафчиев 1925, 250-251., смета дека Стрез му бил потчинет на големиот жупан, за разлика од него пак Златарски 1940, 283., смета дека пред сè станува збор за сојужништво, а не за потчинетост на Стрез. Истиот дозволува дека доколку посојат и какви показатели за надредена положба на Стефан Немањиќ дека ова произлегува пред сè од чуството на благодарност на Стрез, а не од некој склучен обврзувачки договор помеѓу двајцата. Ваквото размислување го прифаќа и Радић 1988, 227. Раскинувањето помеѓу господарот на Просек и неговиот заштитник различно е датирано, според Мутафчиев 1925, 258., Радић 1988, 227., Аџиевски 2019, 161, бел. 4., ова раскинување се датира во текот на првата половина на 1209 година, додека пак Николов 2011, 107., истото го датира многу подоцна во 1211 година.

Оваа ситуација, како и дејствувањата на Стрез против Србија кон крајот на својот живот ќе придонесат господарот на Просек да биде прикажан во особено лошо светло во пишаните документи коишто произлегле од перата на српските биографи.

[1039] Златарски 1940, . смета дека Борил не тргнал кон Солун, туку кон Просек со желба да се пресмета со Стрез, но до пресметка не дошло. При тоа Златарски смета дека во овој момент дошло до склучување на помеѓу Борил и Стрез, при што господарот на Просек во оваа пригода ја добил титулата севастократор

за оваа намера и тргнал назад, па идејата на Борил била пресретната и овој се откажал. Ваквата настаната ситуација успеал да ја искористи епирскиот деспот Михаил I Ангел (1205-1214) којшто успеал да упадне на териториите на солунската држава. Сепак по смирувањето на Ломбардиските барони, Хенрих I успеал да го одбие и нападот на епирскиот деспот по што следувало склучување на договор. Целокупната ситуација ја набљудувал Стрез, којшто во овој период не презема никакви чекори кон проширување на своите територии. Се чини дека по неуспесите на Борил, Михаил I Ангел и Ломбардиските барони, како и приклонувањето на Алексиј Слав кон латините, го приморале Стрез заради сочувување на своите територии да ја признае власта на Латините[1040]. На Стрез којшто не бил познат по одржувањето на неговите ветувања, не му било проблем да ја прекрши и заклетвата дадена кон латинскиот цар. Свесен дека во една ваква ситуација во којашто позициите на латинското царство на Балканот биле зацврстени, тој побарал помош и поддршка од страна на Епирскиот деспот. Ваквата соработка се остварила и наредната 1210 година, кога двајцата сојузници имале одредени успеси спрема солунските барони. Затоа Хенрих I бил приморан набргу самиот да се обиде да ја реши настаната ситуација. По доаѓањето во Солун нападите престанале, но набргу по неговото заминување нападите на господарот на Просек и епирскиот деспот продолжувале. Во едно писмо од 1212 година Хенрих I вели дека Стрез три пати му давал заклетва, а Михаил I Ангел четирипати и исто толку пати ја прекршувале. Сепак во истото писмо тој Стрез го наведува помеѓу четирите најголеми непријатели на Царството, помеѓу кои биле Никејскиот цар Теодор Ласкарис, бугарскиот цар Борил, епирскиот деспот Михаил Ангел и Стрез. Заради честите и постојани напади на Просечкиот господар и неговиот сојузник на Солун, Хенри I бил приморан зимата 1210/1211 да ја помине во Солун се со цел да успее да ги спречи нивните напади. Ваквата ситуација и отсуството на латинскиот цар од престолнината била

од страна на бугарскиот цар. Ваквото милење го прифаќа и Радиќ 1988, 227-228., додека пак Савчева 1978, 79., која што исто така смета дека во овој момент дошло до спогодба помеѓу Борил и Стрез и најверојатно вториот се откажал од претензиите за престолот, сепак смета дека титулата севастократор ја добил порано од страна на Калојан. За разлика пак од нив, во поново време Аџиевски 2019, . изнесува сосем различно гледиште со кое смета дека не треда да се отфрли можноста Стрез оваа титула ја добил од страна на латинскиот цар, некаде во втората половина на 1209 година. Доделувањето на титулата од страна латинскиот цар Хенрих I, според К. Аџиевски можела да се деси по положувањето на заклетва на Михаил I Ангел кон латинскиот цар а секако пред неговото заминување кон Цариград, кон крајот на есента.

[1040] Аџиевски 2019, 163., смета дека Стрез врховната латинска власт ја признал по давањето на заклетва од страна на епирскиот деспот Михаил I Ангел, во 1209 година, а пред крајот на есента. Истиот смета дека во овој период тој ја добил и титулата севастократор од страна на латинскиот цар. За ова види ја претходната белешка.

искористена од никејскиот и бугарскиот цар коишто имале намера заеднички да го нападнат Цариград. Известен за ова, пролетта 1211 година Хенри се упатил кон престолнината. Латинскиот цар успеал да ја одбегне заседата поставена од бугарите, при што истите се повлекле од планираниот напад.

Заминувањето на Хенрих од Солун, во март 1211 година, се обидел да го искориски просечкиот господар со уште еден напад на Солунското кралство. Во овој период дошло до прегрупирање на силите на Балканот. Довчерашните непријатели Стрез и Борил склучиле сојуз, додека пак Михаил I Ангел, застанал на страната на Латините[1041]. Латинската одбрана овој пат, предводена од Евстатиј братот на Хенрих, била добро припремена а кон нејзе се придружил и довчерашниот сојузник на Стрез, епирскиот владетел. Стрез неуспевајќи да се пробие, бил приморан главната битка да се води на негова територија на просторот на Пелагониската рамнина[1042]. Во овој последен поход на Стрез против латините бил помогнат со 52 воени одреди од страна на бугарскиот цар. Сепак, оваа битка за Стрез завршила со катастрофален пораз по што ја напуштил идејата за освојувања насочени кон југ[1043].

Ограничен од југ и запад од Латините и Епирите, додека од исток од Бугарите, единствена шанса за територијални проширувања владелот на Просек гледал кон север, односно кон териториите на неговиот бивш покровител Стефан Немањиќ. Ова придонело во 1214 година Стрез да се приклучи на бугарско-латинската коалиција насочена кон срепската држава. Во заедничко дејство со нив, Стрез ја нападнал српската држава од југ освојувајќи го Скопје и Полозите, додека сојузничката војска на Бугари и Латини успеале

[1041] Аџиевски 1994, 129., и Аџиевски 2019, 166. смета дека помирувањето на Стрез со Борил дошло непосредно пред битката во Пелагонија. Според К. Аџиевски, нивното помирување дошло неколку месеци пред битката, односно кон почетокот на 1211 година. За разлика од него пак Златарски 1940, 285., Савчева 1978, 79., Радић 1988, 227-228., сметаат дека до помирување дошло многу порано, односно во текот на 1209 година, за што во изворите нема никаква подлога.

[1042] Аџиевски 1994, 130-131., смета дека оваа битка се одиграла на јужниот дел од Пелагониската рамница, односно на просторот околу градот Лерин.

[1043] Аџиевски 1994, 132., смета дека во оваа прилика Солунското кралство ги проширило своите владенија на сметка на владенијата на Стрез. Тој претпоставува дека доколку не ја зазеле целата Пелагонија, скоро со сигурност може да се каже дека го зазеле нејзиниот јужен дел и воспоставиле контрола над патниот правец виа егнација којашто минувала овде. Иако за ова нема изворни податоци, оваа претпоставка е сосем веројатна.

да стигнат до Ниш. Истовремено на запад, епирскиот владетел презел поход кон север стигајќи сè до Скадар[1044].

Додека кога позициите на Стефан Немањиќ биле загрозени, тој презел дипломатска акција во обид на придобивање на Стрез на своја страна. Сепак како што опишува Теодосиј, биографот на Свети Сава, бројните српски пратеништва во Просек не вродиле со плод, а многу од нив завршиле трагично. Во текот на походот против Србија во 1214 година направен бил уште еден обид за придобивање на Стрез, овој пат српскиот голем жупан го испратил својот брат Сава, но и овој обид завршил безуспешно. Сепак, како се чини за време на престојот на Сава кај Стрез, тој успеал да организира атентат, што бил успешно извршен врз Стрез веднаш по неговото заминување.

Со смртта на Стрез, престанало да постои неговата самостојна држава, додека пак неговото седиште во иднина често ќе ги менува владетелите.

Во однос на дометот на владенијата на Стрез изнесени се различни мислење, но во последно време утврдените територии во периодот на неговите најголеми воени успеси. На југ неговте владенија се протегале до Бер, на Запад ја вклучувале Пелагониската Рамнина додека, на северо-запад и север, Полог и Скопје[1045]. Источната граница не е јасна, но се претпоставува дека истата се наоѓала на реката Струма кадешто се граничел со самостојниот владетел Алексиј Слав. Во една ваква територија, Просек го заземал централното место во владенијата на Стрез.

Историографијата е согласна дека Стрез иако член на бугарската владетелска фамилија, по неговото бегство од трновскиот двор започнува да води целосно самостојна политика којашто во ниеден момент не се поврзува со бугарското царство. Тој по осамостојувањето во Просек формира своја самостојна држава и делува целосно самостојно без влијание од другите државни центри. Ова впрочем може да се види и од

[1044] За продорот на Михаил I Ангел и неговото освојување на Скадар мислењата се дека тој дејствувал самостојно и дека неговите напади не се поврзани со освојувањата на тројцата сојузници Стрез, Борил и Хенрих.

[1045] Баришић и Ферјанчић 1981, 46-47. убедливо докажуваат дека во писмата на хартофилаксот Димитриј Хоматијан, подоцна Охридски архиепископ, освојувањата на Драговитите се однесува на просечкиот господар Стрез. За разлика од бугарските историчари Златарски, Мутафчиев, Савчева, коишто сметаат дека власта на Стрез се протегала и врз Охрид, Баришић и Ферјанчић сметаат дека Охрид не влегувал во владенијата на Стрез.

циркуларното писмо на Хенрих I упатено до сите негови пријатели кадешто ги споменува четворицата најголеми непријатели на Латинското царство, меѓу коишто се наоѓа и Стрез.

### VI.2.5.2 Латини, Епирци, Бугари, Никејци

По смртта на Стрез, неговата самостојна држава брзо се распаднала. За време на својот живот иако во одредена мера успеал да направи организација, сепак истата не била созреана за да може да опстои на подолг рок. Балканот во 13 век бил постојано жариште на борби и обид за превласт кадешто се вкрстуваат нивните интереси. Во временски период нешто помал од 50 години, започнувајќи од смртта на Стрез, па сè до возобновувањето на Византија, Просек дури четирипати ги менува своите господари.

Во 1214/15 година промена доаѓа и во Епирската држава, на местото на Михаил I Ангел, доаѓа амбициозниот Теодор Ангел (1214/15-1230), со кого започнува брзиот подем на Епир. Во текот на 1216 година со смртта на Латинскиот цар Хенрих I се створиле сите услови за Теодор да премине во офанзива за уништување на Солунското кралство, и остварување на неговите амбиции за освојување на Цариград. Освојувањата започнале во втората половина на 1216 година и тоа од два правци, едниот кон југ во Тесалија и другиот од запад во Македонија. Овие напади уште во самиот почеток вродиле со плод, освоени биле Тесалија, Охрид и Прилеп. Заробувањето на Петар Куртене, несудениот наследик на Хенрих I, којшто се случил во албанските клисури уште пред неговото пристигнување во Солун, дополнителноги зајакнало позициите на Теодор Ангел. Ова овозможило нападот кон Солунското кралство да се одвива и од југ, па така веќе во 1218 година била освоена Платемона, а кон крајот на истата или веќе во наредната година биле освоени и Костур, Гревена, Сервија и Бер. Теодор продолжил со истата тактика на освојување на околните тврдини и градови со коишто се опидел целосно да го изолира Солун пред да му го зададе последниот удар. Во оваа низа на освојувања на епирскиот владетел, во 1219 година се вбројува и тврдината Просек којашто по смртта на Стрез била држена од Латините[1046].

[1046] Мутафчиев 1925, 267.; Златарски 1940, 321. Освојувањето на Просек до датираат во 1216 година, додека пак Nicol 1957, 58., и Аџиевски 1982, 125, бел. 17. Истото го датираат во 1219 година. По што веќе наредната година следеле освојувањата на Скопје и Полозите.

Дека Просек, но и поголемиот дел од земјите на Стрез по неговата смрт преминале во рацете на Латините укажува и договорот, склучен петнаесетина години подоцна помеѓу регентите на младиот латински цар Балдуин II и Ерусалимскиот крал, Јован од Бриен. Вториот се обврзувал дека во име на Латинскиот цар ќе ги освои и земјите коишто му припаѓале на Стрез, што укажува дека тие сè уште полагале право врз нив.

По повод освојувањето на Просек Навпактскиот митрополит Јован Апокавк му пишал писмо на Теодор Ангел во кое што вели дека сега кога го освоил Просек, рак раната на Солун, неизбежно е и освојувањето на овој град. Дека веќе во своите ноздри можел да ја помириса светоста на Свети Димитриј и да го почуствува вкусот на водите на Вардар[1047]. Ова писмо најдобро укажува на големиот значај којшто Просек го играл во заштита на Солун, особено при продори по р. Вардар од север.

За времето на епирското владеење со Просек, се врзува и писмото на Струмичкиот митрополит до Охридскиот архиепископ Деметриј Хоматијан, со којшто бара помош околу решавањето на спорот на жителот на Просек Драган. Ова укажува дека во овој период Просек потпаднал под црковна јурисдикција на Струмичката митрополија.

Сепак епирскиот владетел не пристапил веднаш кон освојување на Солун, туку истото го извел кон крајот на 1224 година, во меѓувреме ги освоил Скопје, двата Полози[1048], Струмица, Сер, Драма. Изостанала помошта од Латинскиот цар и најавената помош од страна на Папата. По заземањето на Солун и официјалното укинување на Солунското латинско кралство, Теодор Ангел се прогласил за цар во Солун. Со ова неговата сила постојано растела и бил доста брзо до остварување на својата идеја за ослободување на Цариград од Латините и возобновување на Византија. Во исто време јакнело и Никејското царство коешто успеало да се префрли на Европско тло и да го заземе Едрене, но набргу, биле приморани да го предадат на Епирците. На чекор од својата цел, во периодот на најголемата моќ на Теодор Ангел се одиграла битката кај Клокотница во којашто жестоко е поразена неговата војска а царот е фатен и ослепен. Ова било крај на Епирската превласт на Балканот и со ова опаѓа нивната моќ.

[1047] Васильевскій 1896, 244-246.; Nicol 1957, 58.

[1048] Во овој период Скопје и Полозите биле под власта на србите. Аџиевски 1982, 121-133., нивното освојување од страна на епирците го датира кон крајот на 1219 или најдоцна до април 1220 година кога биле нарушени односите помеѓу Епир и Србија.

Најголемиот дел од териториите на Солунското царство доста брзо биле освоени од Иван II Асен (1218-1241). При ова под бугарска власт потпаднал и Просек. За време на неговото владеење Бугарија станала најмоќна држава на Балканот. Владеењето на Иван II Асен поминало без некои поголеми турбуленции во постојан обид да преку дипломатија да се изнуди мир. Во овој период за Просек, а воедно и за териториите на Македонија пишаните извори воглавно молчат. По епидемијата којашто избила на Трновскиот двор за време на опсадата на Никејската тврдина Цурулун (1237), Иван Асен постепено се повлекол, а бугарската држава започнува да слабее. Веќе за време на неговиот наследник Коломан (1241-1246) Бугарија се наоѓа во ужасна ситуација, Никејското царство полека се проширува на Балканот на сметка на Византија, а монголските наезди го довеле бугарското царство во степен на потчинетост и плаќање на даноци кон Златната Орда.

Ваквата ситуација успеал да ја искористи енергичниот Јован III Ватац (1222-1254), за да продре во јужните делови на Тракија и Македонија сè до Солун со намера целосно да го ликвидира Солунското царство. Сепак оваа негова иницијатива била делумно успешна, при што по пат на преговори успеал да му го одземе на царското достоинство на Јован Ангел (1240-1244) кого го оставил да владее како деспот. Конечниот удар се случил две години подоцна, кога за време на една рутинска обиколка (есента 1246) по Балканските земји коишто биле во посед на никејскиот цар, тој добил известување за смртта на бугарскиот цар Коломан. Со ова престанал да важи Никејско-Бугарскиот договор за мир, па Јован Ватац, наговорен од Андроник Палеолог се обидел да го заземе Сер. При овој обид, како што известува Акрополит, може да се види дека бугарската власт врз освоените градови во Македонија била нестабилна и скоро да ја немало, а состојбата во градовите била лоша. Никејскиот цар успеал да го искористи мигот и да без борба, најчесто со помош на локалното население да ги освои Сер, Мелник, Стенимака и Цепена, со што ја освоил целата Родопска област и продолжил во освојувањето на Македонија и градовите Ќустендил, Скопје, Велес, Невстапол (Овче Поле) и Просек, а стигнал сè до Прилеп и Пелагонија[1049]. До крајот на 1246 година Никејците успеале да го освојат и Солун. Со тоа Просек оваа година паднал под власта на Никеја и останал сè до реставрацијата на Византија (1261). Единствено за време на промената на византискиот трон, по смртта на

[1049] Acropolites, 231-232.; Аџиевски 1994, 142, бел. 54., смета дека во оваа прилика никејската војска стигнала само до Прилеп и Пелагонија но не ги освоила, бидејќи во прилепската тврдина веќе била сместена епирската војска на Михаил II Ангел, а не бугарска како што се очекувало.

Јован Ватац и доаѓањето на неговиот син Теодор II Ласкарис (1254-1258), бугарскиот цар Михаил II Асен (1246-1258) успева да навлезе во Средно Повардарие и да го освои Велес, но се чини дека со овие упади од север Просек не бил засегнат[1050]. Просек не бил засегнат ниту за време на Пелагониската битка којашто се одвивала не просторот на Пелагонија а најзасегнат бил Прилеп.

VI.2.6. Византиски и српски завладувања на Просек

По реставрацијата на византиското царство во 1261 година од страна на Михаил VIII Палеолог (1259-1282), Просек влегол во рамките на новата држава. Иако амбициите на новиот цар биле целосно да ја возобнови Византија, во нејзиниот полн сјај пред падот на Цариград, сепак зададените цели биле тешко остварливи. Византија ниту ќе може повторно да воспостави власт врз териториите коишто ги поседувала Византија за време на Комините а уште помалку од времето на Македонската династија, ниту пак ќе може ефективно да ги брани новите, драстично намалени територии и да воспостави ефективна контрола. Паралелно на возобновата на Византија растела и моќта на средновековната српска држава којашто во овој период полека почнува да се наметнува на политичката сцена, а со Милутин и особено во времето на Душан ќе стане водечка сила на Балканот.

Во времето на Михаил VIII, значајот на Просек како тврдина што го штити приодот до Солун опаѓа, бидејќи истата се наоѓа во внатрешноста. За овој период пишаните извори молчат. Единствен пишан извор што може да се поврзи со Просек во дадениот период се контроверзните грамоти на Василиј II, коишто се сочувани преку препис во една грамота

[1050] Macrides 294, n. 8., во коментар на преводот на Акрополит претпоставува дека и Просек бил заземен од страна на Михаил Асен. Таа својата претпоставка ја темели врз основа на движењето на никејската војска којашто по заземањето без борба на Велес, се упатила кон Овче Поле и оттаму, преку Струмица до Сер. Притоа вели дека патот од Велес до Сер преку Невстаполис (Овче Поле) и Струмица поминува преку Просек. Ова е индикација дека Просек, како и Велес, бил заземен од Михаил Асек во 1254 (sic!). Оваа претпоставка не може да се земи за вистинита бидејќи како што може да се види од известувањето на Acropolites, 59., очигледно е дека Теодор Ласкарис не се движел по Вардарскиот пат туку од Велес заминал за Овче Поле, од каде најверојатно преку Штип, се движел по патот Штип-Струмица во долината на реката Лакавица и Радовишката Котлина до Струмица, од каде по р. Струмешница и Струма стигнал до Сер. Затоа нема основа тврдењето дека Теодор Ласкарис после Велес на патот кон Сер го ослободил и Просек од бугарската војска.

на Михаил VIII Палеолог издадена во 1272 година. Во оваа грамота како што е напоменато погоре, Просек е вклучен како дел од Мегленската епархија[1051].

Значајот на Просек повторно расте кон крајот на владеењето на Михаил VIII Палеолог. Во 1182 година доаѓа промена на визатискиот престол на којшто се искачува Андроник II Палеолог (1282-1328), којшто ќе се обиде да внесе промени со драстично намалување на византиската војска, пред сè составена од платеници, но и зголемување и ревносно собирање на даноците. Ваквата политика ги ослабнало позициите коишто за време на неговиот татко ги имала Византија на Балканот. Во истата година доаѓа промена и на српскиот владетелски двор на којшто Стефан Урош II Милутин (1282-1321) е крунисан за крал. Истиот под големиот притисок на властелинството презема напади кон северните делови на Македонија под власт на Византија. Уште во првата година на владеење тој успева да ги прошири границите на српската држава кон југ при што биле освоени Скопје, двата Полога, Овче Поле, Злетово и Пијанец. Набргу, веќе во 1284 година преземен е уште еден поход кон југ, при што наследникот од династијата Немањиќи повторно ќе ги прошири териториите на сметка на Византија при што ќе биде воспоставена граничната линија Струмица-Просек-Прилеп-Охрид-Кроја. Наведените места биле гранични тврдини коишто останале под власта на византискиот василевс. По долгите војувања и превирања на самата граници склучен е мир осигуран со дипломатски брак. Во 1299 година помеѓу српскиот владетел и византиската принцеза Симонида, ќерка на Андроник II Палеолог е склучен брак, со кој Милутин во мираз од својата византиска сопруга ги добил освоените византиски територии во Македонија. Со ова нему и официјално му биле признаени правата врз оваа земја. Потврда на овие права Милутин добил и од титулатурниот цар на Константинопол, Карло Валоа, сопруг на Катарината II Куртене, внука на Балдуин II. Во периодот кога Византија била зафатена со грабежите и пустошењата на Каталонската компанија во Мала Азија, а кои се префрлиле и на европско тло и го окупирале Халкидик,

[1051] Во постарата историографија преписите на трите грамоти на Василиј II во грамотата на Михаил VIII Палеолог се земаат како основен и важен извор за црковно-политичката историја на Македонија за преодот на почетокот на 11 век, односно по елиминирањето на Самуиловата држава. Сепак уште Антољак 1985, 698-708., а во поново време голем број истражувачи се сомневаат во веродостојноста на преписот во грамотата на Михаил. Пред сè бидејќи истита е компонирани во периодот кога владетелот на возобновеното византиско царство се обидува да ги поврати византиските територии но и да им ја укине автокефалноста на српската и бугарската црква и да ги стави под своја контрола припојувајќи ги кон Охридската архиепископија. За обидот на фасификат од страна на Михаил VIII се согласува и Острогорски 1992, 552., кој смета дека овие замисли на Михаил останале само на хартија и не успеале да се реализираат, што впрочем е јасно од подоцната историја.

на запад е подготвувана нова коалица којашто имала за цел обновување на Латинското царство. Според договорот склучен во јули 1308 година Милутин се приклучил на антивизантискиот сојуз организиран од Карло Валоа, а под покровителство на римскиот папа[1052]. Според постигнатиот договор титуларниот цар на Константинопол ја задржал тврдината Просек за себе[1053]. Сепак договорот бил со краток рок и пропаднал набргу по потпишувањето поради смртта на Катарина II Куртене, со што Карло Валоа ги изгубил правните претензии на тронот во Цариград. По неутрализирањето на оваа закана, на просторот на Македонија под византиска власт завладеал релативен мир сѐ до третата деценија на 14 век кога Тракија и Македонија биле центарот на граѓанската војна којашто избувнала помеѓу двајцата Палеолози, Андроник II и неговиот внук Андроник III. Судирите започнале во 1321 година и со поголем или помал интензитет траеле до 1328 година кога стариот цар е симнат од престолот. Во истиот период доаѓа и до промена на престолот во Србија, по смртта на Милутин водени се борби за престолот, што во голема мера ја ослабнало централната власт, па нови напади на границата не се забележани. Во овој период и со тврдината Просек се поврзуваат конкретни случувања познати од перата на подоцниот византиски цар Јован Кантакузин и од Никифор Григора.

Во времето на граѓанската војна кога Византија била во еден вид на анархија, Просек, по се изгледа повторно станува место од коешто произлегуваат сепаратистички тенденции. Во текот на 1320/1321 година според Никифор Хумн во Просек се среќава неидентификуваниот отпадник Сарандис[1054]. Во едно писмо упатено од Хумн кон Теодор

[1052] Споменици II, 417-428.

[1053] Од тврдината наречена Прилеп до меѓата на тврдината наречена Просек (castri nomine Prilep, usque ad confines castri nominee Prisec). Споменици II, 438-439.

[1054] Писмото е датирано на 1 септември 1321 година, и станува збор за учеството на Просек во граѓанската војна помеѓу Андроник II и Андроник III. Составувачите пак на ВИИНЈ VI, 618, бел. 3., го прифаќаат мислењето на Верпу, но сепак доста резервирано оставаат можност писмото сепак да се однесува на подоцна дата, односно на 1326 година, поврзувајќи го со заедничките упади на Стефан Дечански и паниперсевастот Јован на византиска територија (за ова види ВИИНЈ VI, 316, бел. 35). Иако познатите податоци за личноста на Сарандис којшто се одметнал во Просек се сиромашни треба да се остави простор за уште една можност, за којашто постојат индиции но не може со сигурност да се потврди. На просторот на Македонија во 14 век позната е фамилијата Сарандис со имоти во околината на Халкидик, Солун и Бер. Од првата четвртина на 14 век се познати две гранки од фамилијата но не им се знае нивната поврзаност. На првата припаѓаат Игнатиј (калуѓер), Диомед, Никола Дука и Александар, истите се забележани во актите на манастирите Ксенофон (Xen. No. 23) во 1335 година и во Хиландар (Chil. P. No. 84) во 1322 година. Втората гранка на фамилијата за претставува Теодор Сарандин (ум. 1330), којшто бил оженет со Евдокија Комнин Дука, чиј татко бил Атанасиос Султан (ум. 1324). Теодор Сарандин според актите на манастирот Ватопеди (Vat. I no. 64) од 1325 година и од манастирот Зограф (Zog.68)録ималдваца браќа Герасим и Јоанес, како тројца внуци, Лаврос, Теодор и Георг, кому им го оставил својот имот со тестамент во 1325 година. Имањата на Теодор Сарандин, како и на таткото на неговата сопруга се наоѓале

Ксантопул, пишува дека со задоволство го известува за Просек, добро утврдената тврдина што неодамна им била одземена, дека сега повторно се вратила, а дека оној пакостен отпадник и одвратен човек кој во него имал брлог и се наоколу рушел и ограбувал, со исправна одлука на населението кое се покајало бил протеран. За името на одметникот се дознава од насловот на претходното писмо упатено од Хумн кон Андроник II Палеолог во кое е именуван како отпадникот од Просек Сарандис (Σαραντη□).

Во последната етапа на граѓанската војна (1327-1328), силите на стариот цар биле концентрирани во Македонија. Српскиот крал Стефан Дечански иако бил на страната на Андроник II Палеолог, сепак не сакал да се впушта во отворена борба. Во 1328 година кога младиот цар го освоил Солун веќе било повеќе од очигледно дека неговиот дедо ја губи војната. Останатите градови почнале самите да се предаваат, без борба биле освоени Воден, Костур и Охрид, додека приврзаниците на Андроник II, меѓу кои и протовестијарот Андроник Палеолог побарале од српскиот крал да ги засолни. Сепак, тој го одбил нивното барање, како и барањето Стефан Дечански да се вклучи во војната против младиот цар, посебно по добивањето на информациите за спремноста на војската на Андроник II од страна на Хрељ. На приврзаниците на стариот цар им предложил да ги поделат меѓусебе силно утврдените градови на византиско-српската граница и овде да го дочекаат крајот на војната. Станува збор за тврдините Просек, Прилеп и Струмица. Наоѓајќи се во безизлезна состојба оvа решение било прифатено. Во Просек свое уточиште нашол Михаило Асен, но овде не останал долго. Двајцата историчари Григора и Кантакузин, се единствени во тоа дека во Просек заседнал Михаило Асен но, додека првиот вели дека самиот ја предал тврдината Просек на Трибалите (мисли на Србите б.м.), вториот вели дека трибалите му ја преземале со лукавство[1055]. Иако оваа година (1328) се зема како датум за освојување на Просек од страна на Србите и ставање под нивна власт, сепак при немање на доволно информации за годините коишто следат сè до душановите освојувања на југ, не може да се утврди дали српската власт во Просек била со привремен или траен карактер. По битката кај Велбужд (1330) година српската средновековна држава полека се наметнува како главен фактор на Балканот. Победата врз бугарско-византиската коалиција, било само подстик за промени и на српскиот престол, при што помогнат од

на просторот на Бер. Според времето кога оваа личност живеела се чини дека во нејзе може да се препознае одметникот од Просек, забележан во писмото на Хумн.
Хиландар (Chil. P. I, 84)
[1055] Григора, 206-207.; Кантакузин, 331-334.

страна на големите земјопоседници на местото на Стефан Дечански доаѓа неговиот син Душан (1331-1355). Веќе во 1334 година, Стефан Душан, помогнат од пребегот Сиргијан, ја искористува шансата за да премине во освојување на византиските владенија во Македонија. Нема информации дали во овој поход бил засегнат јужниот дел на Средно Повардарие. Со сигурност се знае дека биле освоени делови од Пелагонија, западните делови од Мариово и Охрид. Созузничките војски на Душан и Сиргијан стигата и до Солун, но не се знае дали тие во околината на Солун навлегле од Пелагонија по Виа Егнација, или дел од нив продреле и по вардарската магистрала. Во завера на царот Андроник III Палеолог бил убиен Сиргијан, по што српската војска се повлекла и бил склучен договор со Византија, во којшто Просек повторно не е споменат.

По склучениот договор завладеал подолг мир на византиско-српската граница се до смртта на византискиот цар. Овој момент успеал да го искористи српскиот крал за да ги нападне византиските територии. Во еден брз продор во 1341 година стигнал до Солун, но не бил постигнат некој поголем успех, при што се согласиле да се вратат на состојбата од договорот во 1334 година. При ова српско продирање, по се изгледа бил користен вардарскиот пат, преку Просек, како најбрза патна магистрала која води кон Солун. Во овој период избиле и несогласувањата помеѓу регенството на новиот цар Јован V Палеолог и големиот доместик Јован Кантакузин, стар соработник на неговиот татко. Граѓанската војна, којашто имала и социјален карактер, само ја влошило и онака лошата економска состојба во Византија, а нејзиното население станувало се посиромашно. Војната водена од 1341 до 1348 година се водела со променлива среќа, а во еден безизлезен момент Јован Кантакузин се обидел да побара помош од српскиот крал. Како што известува Кантакузин во своите мемоари, пратениците коишто се упатиле најверојатно од Воден, по заземањето од страна на Алексеј Апокавк, кон српскиот двор биле заробени од страна на некој пастир по име Цимпан. За овој пастир византискиот претендент вели дека бил Трибал по потекло. Оваа случка се одвивала во близина на селото Давидово, кај Просек, што укажува дека пратениците го користеле скратениот пат од Воден, преку Меглен, Ноти, Давидово до Просек и понатаму кон Скопје и Приштина[1056]. Цимпан овие пратеници помеѓу кои биле Константин Палеолог и Арсениј Цамплакон ги испратил во Солун кај Алексиј Апокавк, за што бил богато награден. Бргу по оваа сцена, во безизлесна ситуација, самиот

[1056] Кантакузин, 376. Ова наоѓа потврда и кај Григора, 232., иако деталите недостасуваат.

голем доместик со најблиските соработници се упатил на дворот на српскиот крал во потрага по помош. На својот пат од Гинекокастро (Женско) каде било неговото упориште кон Паун во близина на Призрен се движел по Вардарската магистрала[1057]. Во близина на Просек кадешто ноќевал со војската бил пречекан од заповедникот на Просек Михаило. Според мемоарите на Кантакузин, Михаило бил ромеј којшто преминал во служба на Стефан Душан кого го назначил во Просек како заповедник на тврдината. Самиот Михаило, првенствено се плашел дека византиската војска доаѓа со намера да врши грабежи, но подоцна кога се уверил дека истата е предводена од Јован Кантакузин кого го познавал од поодамна, му пришол и му се обратил со проскинеза. По ова Михаило го угостил големиот доместик во тврдината, а во меѓувреме војската била снабдена со потребните неопходни намирници.

Овие две сцени, кои се одиграле во јуни 1342 година, укажуваат дека жителите од околината на Просек како и нејзиниот заповедник во голема мера биле самостојни во донесувањето на одлуки. Иако Грегора и Кантакузин се согласни дека овој Михаило бил поставен за заповедник на Просек од српскиот крал, сепак, со неговите постапки, се чини дека го искористил моментот за самостојно да ја владее оваа тврдина. Додека пак постапката на Цимпан укажува дека жителите на Просек остварувале врски, не со српскиот крал, туку со претставникот на регенството Алексиј Апокавк.

При посетата на Кантакузин на српскиот двор бил склучен договор за сојуз помеѓу него и Стефан Душан. Уште истата година биле преземени напади на византиските поседи во Македонија. Сепак овој сојуз не по траел долго. Веќе наредната 1343 година сојузниците ја прекинале соработката, а Душан се приклучил со подршка кон регенството на младиот цар. Оваа 1343 година српскиот крал сам или со претендентот на цариградскиот престол ги освоил Воден, Костур и Лерин, неговите освојувања продолжиле и понатаму, во 1345 година го освоил Сер, а до 1348 година и Епир и Тесалија[1058]. После освојувањата во 1343 година Просек ја губи позицијата на погранична тврдина која што го контролира приодот кон Солун. Во овој период Просек се наоѓа доста длабоко на српска територија. По овие случувања Просек веќе никогаш нема да се врати под византиска власт. Раскинувањето на сојузот помеѓу Душан и Кантакузин, ќе предизвика византискиот претендент помош да

[1057] За рутата по којашто се движел Јован Кантакузин подетално погледни во глава II.2.1.
[1058] Динић 1956, 1-10.; Острогорски 1992, 627.; *Историја на македонскиот народ I,* 1969, 189.

побара кај турските емири, првенствено кај ајдинскиот емир Умур, а подоцна и кај османлискиот султан Орхан. Ова во голема мера ќе влијае за понатамошната историја на Балканот. Во овој период турците се постојано присутни на Балканот како помошни одреди на Кантакузин, или пак на страната на цариградското регенство, а подоцна во 1354 со освојувањето прво на тврдината Цимпе кај Галиполе, а бргу потоа и самото Галиполе тие и трајно ќе почнат да се населуваат на европско тло. Веќе наредната година со смртта на српскиот цар  целосно ќе им биде отворен патот кон освојување на Балканот[1059].

VI.2.7. Просек во втората половина на 14 век

За време на животот на Стефан Душан нема податоци дали јужниот дел на Средното Поварадие било управувано од некој властелин, како што се регионите на Злетово, Воден или Струмица. Многу бргу по неговата смрт, централната власт опаѓа, па од териториите на српското царство започнуваат да се одделуваат јужните краеви,  додека пак на останатите делови се појавуваат моќни властелини кои во помала или поголема мера не ја почитуваат власта на новиот цар Стефан Урош V (1355-1371). На запад и север од Просек, на просторот на Прилеп и поголемиот дел Пелаганија, се до Скопје и Велес се наоѓале владенијата на Волшкашин[1060], а додека на просторот на Мариово, владенијата на вдовицата на кесарот Прељуб[1061]. На исток од Просек, по долината на реката Лакавица, до 1366 година кога се замонашува, се наоѓаат владенијата на големиот војвода Никола Стањевиќ[1062]. На југ се наоѓа властелинството на Хлапен. Иако изворните податоци за

[1059] Острогорски 1992, 641, бел. 148.

[1060] За пораната историја на Волкашин нема многу податоци, единствено се знае дека веќе во 1345 година свои владенија имал во околината на Скопје, каде покрај реката Сушица во 1344/45 година почнал да ја гради својата задужбина манастрирот посветен на св. Димитриј или познат како Марков Манастир. Додека пак во 1350 година Волкашин е жупан во Прилеп и Северна Пелагонија. Аџиевски 1994, 212-213., претпоставува дека во овој период Волкашин го држел просторот помеѓу Скопје и Прилеп, а претпоставува дека во негово владение бил и Велес којшто се наоѓал на самиот пат помеѓу овие два региона.

[1061] Властелинот Прељуб додека ја носел титулата војвода имал свои свладенија во областа на Мариово, во средниот тек на реката Црна. Подоцна, тој од Стефан Душан ја добил титулата кесар и на владение Тесалија. Доста брзо по смртта на српскиот цар, умира и Кесарот Прељуб, а неговите владенија коишто останале по управа на неговата вдовица кесариса Ирина бил освоени од Никифор II, таа од Урош ја добила повторно на владение старата баштина на нејзинииот маж. Подоцна, кога повторно се омажила со властелинот Радослав Хлапен, овие територии биле припоени на неговите владенија. Михаљчић 1975, 13-14, 27-29.; Атанасовски 2008, 146-147.

[1062] Големиот војвода Никола Стањевиќ се појавува како ктитор на манастирската црква Св. Стефан во с. Конче, којашто била подигната на неговата баштина. Тој овде управувал со повеќе села. Самата црква и 14 села ги дарувал на манастирот хиландар, којшто во 1366 година му ги потврдил цар Урош. За неговите

Просек во овој период се ограничен, сепак врз основа на индиректни податоци изнесена е претпоставка дека најдоцна до 1366 година, просторот од Просек до Дреново или Раечката Клисура бил под под заеднично владение на Марко, синот на Волкашин и големиот војвода Никола Стањевиќ[1063]. Во овој период, а најверојатно по прогласувањето на Волкашин за крал, големиот војвода е потиснат од просторот на течението на Горна Лакавица, а неговите територии влегуваат во владенијата на Волкашин. Ваквата состојба ќе остане сè до битката на Марица, во којашто кралот и неговиот брат деспотот Јован, владетелот на Сер ќе ги загубат своите животи. Младиот крал Марко, којшто најверојатно по битката на Марица, а пред смртта на цар Урош, како легален наследник на Волкашин

---

имоти се дознава од Кончанскиот Практик, а сочувано е и едно Евангелие коешто е дарувано на Хиландер. За дејноста пред 1366 нема многу информации, иако се поистовестува со ктиторот на Дреновската црква Никола (види наредна белешка). Михаљчиќ 1975, 76-78, 83., претпоставува дека Никола Стањевиќ бил насилно потиснат на од страна на фамилијата на Волкашин и бил приморан да се замонаши некаде во 1365 година пред прогласувањето на Димитрија Волкашин за крал. Тој претпоставува дека владенијата на Стањевиќ биле на просторот од Штип, Брегалница и Струмица а дека заедно со Марко го владееле и регионот на Тиквеш и Раец. Аџиевски 1994, 237-239., не ги коментира областите коишто биле под власт на Стањевиќ, но се согласувајќи се целосно со поистоветувањето на Стањевиќ со Никола од Дреновската црква, може да се препотпостави дека ги прифаќа предложените граници од страна на Р. Михаљчиќ., За разлика од нив Атанасовски 2008, 143., земјата со која управува Кончанскиот ктитор ја лоцира на просторот околу Радовиш, помеѓу течениjата на р. Струмица и планините Плачковица, Малешевски Планини и Огражден, што во најголема мера соодвествува со предложената граница на Михаљчиќ. Истиот пак, воопшто не дава мислење за натписот од Дреново, ниту пак за можната управа над Тиквеш и Раец. Со предложениот обемот на владенијата на големиот Војдода не се согласува Габелиħ 2007, 25., која смета дека Стањевиќ држел мала област на горниот тек на Горна Лакавица, западно од Радовиш.

[1063] Ваквата претпоставка се темели врз основа на ктиторскиот натпис од црквата Св. Богородица во Дреново. Натписот е објавен од Радовановиħ 1924, 444., којшто го датира во 1356 година. На овој натпис испишан после смртта на Душан како ктитори се појавуваат Никола и Марко, но не е наведен современиот владетел. Во имињата на Никола и Марко Радојчиħ 1957, 208., ги препознава ктиторот на Конческиот манастир големиот војвода Никола Стањевиќ и синот на Волкашин, идниот крал Марко. Тој претпоставува дека во овој период Марко најверојатно држел некоја мала област во регионот на Дреново, додека неговиот татко бил жупан на Прилеп. Оваа претпоставка ја прифаќаат Михаљчиħ 1975, 77, 83., кој што дава можност територијата под власт на Никола Стањевиќ да се простирала и до Тиквеш, каде заедно владееле со Марко, како и Аџиевски 1994, 237-240., кој наведува дека управувањето од страна на двајца, особено на овој ист простор не е исклучок, бидејќи истата црква подоцна е приложена на Свети Пантелејмон на Света Гора од страна на двајца властелини Јаковац и Драгослав подредени на Константин Дејанов. Истиот наведува дека ни изоставувањето на владетелот, во овој период царот Урош од ктиторскиот натпис не е без преседан и се среќава и во призренската црква во ктиторскиот натпис на младиот крал Марко, каде повторно се изоставени цар Урош и Крал Волкашин. Кон ова Аџиевски додава дека подигнувањето на депозит од Дубровник во 1361 од страна на Марко, пари коишто не би можеле да бидат ништо друго освен приход од територијата којашто, според него синот на Волашин во овој период самостојно ги управувал. Поистоветувањето на Никола Стањевиќ со натписот од дреновската црква според Габелиħ 2007, 24-25., е неосновано, бидејќи во повелбата со којашто Урош го потврдува дарувањето на црквата Свети Стефан на Хиландар е наведено дека баштинската земја му била доделена од цар Душан. Според ова таа претпоставува дека имотите во регионот на Конче, Никола Стањевиќ ги добил во истиот момент кога од Душан ја добил и титулата голем војвода, додека би се поистоветил кончевскиот ктитор со Никола ктиторот на Дреновската црква тоа би упатувало дека тој титулата ја добил од Урош и тоа по настанување на овој натпис. Засега прашањето на ктиротот Никола од дреновската црква е оставено отворено.

е крунисан за крал и совладар му припаднале овие територии, во кои спаѓале и териториите на Просек. Сепак, во овој период синот на Волашин, кралот Марко не успева да ги сочува добиените територии, па за сметка на неговите владенија се прошируваат околните властелини[1064]. Според една повелба, датирана кон средината на осумдесетите години на 14 век потпишана од Константин, на манастирот Пантелејмон на Света Гора му ги потврдува правата на дреновската црква, заедно со селата Дреново, Грбавце и Шешково ги држеле неговите властелини Јаковец и Драгослав[1065]. Ова упатува дека јужниот дел на Средното Повардарие со Тиквеш веќе не спаѓал во рамките на владенијата на кралот Марко, или т.н. Прилепско кралство. По издавањето на оваа повелба нема сигурни податоци, но веројатно е дека територијата на Просек останала под владение на браќата деспотот Јован Драгаш и господинот Константин. По смртта на постариот брат Јован помеѓу 1377-1380/81, со нив веројатно останал да владее самостојно, а по 1385/6 година како турски вазал[1066] помладиот брат Константин сè до неговата смрт во битката

[1064] По Маричката битка се чини дека османлиите немале претензии веднаш да ги освојат пошироките балкански простори, тие се задоволиле што сојузот на двајцата браќа е неутрализиран и продолжиле да ја зацврстуваат својата власт во Тракија. Тие во наредната повеќе од една деценија не извршиле упад на македонска територија. Напротив, смртта на Димитриј Вошлкашин и Јован Углеша ја искористиле локалните обласни господари за да се отцепат. Кралот Марко којшто е крунисан најверојатно по Маричката битка, оставен сам на себе немал сила да се спротистави на овие сепаристички тенденции. Ваквата ситуација уште кон ноември 1371 година ја искористил солунскиот деспот Маниул II Палеолог којшто веднаш упаднал и ја завзел серската област која Марко ја наследил од својот чичко. На ова се надоврзал и неговиот зет за сестра Ѓураѓ Балшиќ кој од државата на Марко го отцепил Призрен, а во исто време, или пак можеби и порано кнезот Лазар ја освоил Ново Брдо и Приштина. До средината на осмата деценија на 14 век се осамостоиле и браќата Јован и Константин Драгаш коишто ги завладеале териториите источно од реката Вардар, со Куманово, Ќустендил, Прешево, Штип и Струмица. Најдоцна до 1378 година и Охрид не бил под власта на Марко, а од неговата држава Вук Бранковиќ веќе кон 1376/77 успеал да го одвои и Скопје. Најпосле, во овој период биле нарушени и односите помеѓу синот на Волкашин и Радослав Хлапен за чија ќерка бил оженет. По ова во владение на крал Марко му останува само старата баштина на неговиот татко, Прилеп, со северниот дел на Пелагонија, како и долината на Треска се до нејзиниот влез во Скопската Котлина. За деловите на Кичево и Дебар не е со сигурност утврдено. Спореди Михаљчић 1975, 169-171.; Аџиевски 1994, 250-258.; Атанасовски 2009, 199-202.

[1065] Аџиевски 1994, 239, бел. 102, 251, бел. 140., ја датира оваа повелба кон средината на осумдесетите години на 14 век, додека пак Михаљчић 1975, 174, 176., ја датира ако 1378. По смртта на Волкашин и Углеша започнува порастот на моќта на браќата Драгаш, синови на деспотот Дејан и сестрата на цар Душан, Теодора. Тие ја искористиле новонастанатата ситуација за од државата на Марко да ги отцепат териториите источно од Вардар. Со ова тие стануваат најмоќните обласни господари на централниот дел на Балканот, а нивните самостојни владенија по обем ги надминуваат владенијата на кралот Марко. Тие јадрото на баштината на нивниот татко која се наоѓала во пределот на Жеглигово и Прешево по 1371 година успеале да ја рашират во сите правци. Кон своите владенија ги анектирале областите на севастократорот Влатко Паскач. Нивната држава се просторала на север до Иногоште и Врање, на исток најмалку до Рила и Мелник, на запад по долниот тек на Црна Река, најверојтно граница претставува реката Раец, а на југ границата не може со сигурност да се одреди, но најмалку до Петрич, а некои податоци упатуваат дека таа се наоѓала и многу блиску до Солун. Според Михаљчиќ 1975, 173-178, карта 6.; Атанасовски 2009, 213-216.

[1066] Иако се смета дека крал Марко и браќата деспот Јован и господин Константин станале турски вазали брзо по Маричката битка најверојатно во 1372 година Сп. Стојановски 1981, 7. Сепак во последно време

на Ровине во 1395[1067]. Најголемиот дел од Македонија е освоен од страна на турската војска во текот на 1385 година, кога најверојатно е освоен и Просек[1068]. Не е сигурно дали во овој период Просек бил одделен од владенијата на Константин и дали во освоените градови била стационирана постојана војска. Сепак, врз териториите на султановите вазали османлиската власт не била веднаш организирана, туку била оставена во нивно владеење со обврска да го следат султанот во неговите походи и да плаќаат харач. По битката со влашкиот војвода Мирче, каде што загинале двајцата потчинети на султанот, кралот Марко и господинот Константин, нивните владенија паѓаат под целосна контрола на османлиите, при што е воспоставена трајна власт.

### VI.2.8. Просек – Демир Капија во првите векови од турската власт

Кон крајот на 14 век Османлиите почнале со административното уредување на европскиот дел на нивната империја. Веднаш по Маричката битка, а најдоцна до 1385 година бил основан Румелискиот беглербег или елајет, во кој постепено била вклучена целата територија на Македонија. Седиштето на беглербегот прво се наоѓал во Едрене, а подоцна бил преместуван во Пловдив (по 1453 година) и во Софија (по 16 век)[1069]. Во овој период Просек веќе не се споменува, а називот на клисурата се заменува со ориенталниот назив Демир Капу, како што се среќава и во пописните книги. Во првите децении на 16 век, сега просторот на Просек со новото име бил вклучен во Ќустендилскиот санџак, односно во

---

таквото мислење е отфрлено. Поновите истражувања укажуваат дека тие можеле да станат турски вазали дури кон средината на деветата деценија на 14 век. Атанасовски 2009, 231-232., смета дека Константин можел да стани турски вазал само после 1381 година кога ја потпишал последната самостојна грамота, па сè до 1386 година кога султанот Мурат I лично се ангажирал на Балканот, при што во 1385 година била освоена Софија. Според него, вториот поход на Мурат I е регистриран во 1386 година, кога најверојартно Константин станал вазал.

[1067] Атанасовски 2009, 217-219.

[1068] Првиот турски поход кон Македонија е датиран во 1383 година кога бил освоен Сер од страна на Хајредин Паша. Сп. Острогорски 1965, 146.; Стојановски 1981, 10. Но овој поход завршил овде, за веќе во 1385 година да биде преземен нов поход насочен кон Македонија и Албанија на чело со Тимурташ Паша. При овој поход забележано е дека биле освени Прилеп и Битола. Има различни гледишта како се движел самиот поход, едната е дека тие од Пловдив, преку Самоков, Овче Поле и долината на Вардар, при што биле освоени Штип, Велес, при што стигнале до Прилеп коешто го освоиле без проблеми и продолжиле кон Битола Сп. *Историја на македонскиот народ* I, 1969, 196., додека другиот е дека од Сер се движеле по долината на Вардар до Демир Капија и Тиквеш од каде го продолжиле својот пат кон Прилеп,Сп. Стојановски 1981, 13.; Аџиевски 1994, 273, бел. 207.

[1069] Стојановски 1989, 36-37, 46-49.

нахијата Тиквеш, како дел од Струмичката каза, а подоцна и во казата Тиквеш како дел од Ќустендилскиот санџак[1070].

Кон крајот на 14 и во првата половина на 15 век на просторот на Демир Капија не се случуваат поголеми промени. Македонија во главно е одмината од случувањата во империјата, односно при борбите за престолот, така да нејзиниот живот продолжил нормално. Иако за просторот на Демир Капија нема изворни податоци за начинот каков бил односот на османлиските власт спрема населението, сепак во компарација со останатите региони, како и со прикажаните археолошки наоди, можат да се изведат некои заклучоци. По примерот на претходниот систем на пронијарство, во османлиската империја бил развиен нов но доста сличен тимарско-спахијски систем, во којшто мириската (државната) земја била распределувана како лено во замена за воена служба. Во првите години, односно некаде до средина на 15 век, доста чести се спахиите-христијани, коишто очигледно се остаток од претходното високо благородништво. Аналогните примери од нахиите Прилеп и Кичево, укажуваат дека до средината на 15 век дури една третина од од тимариотите биле спахии христијани. Нивната застапеност постепено се намалува, при што кон крајот на векот, тие стануваат занемарливи во однос на вкупната бројка. Намалувањето на христијаните спахии може да се должи на повеќе фактори, меѓу кои е немањето на наследник којшто ќе ја наследи обврската за воена служба, неисполнување на обврските, но во голема мера се должи и на исламизацијата, со коишто христијанските спахии сакале да си ја подобрат положбата и да ги добијат привилегиите со коишто тимариотите муслимани. Ваквата ситуација наполно соодвествува со археолошката слика од овој период во Демир Капија. Имено, во почетокот на 15 век сè уште се забележуваат одредени активности на повисоките природно бранети локации, но веќе кон втората половина на 15 век тие се напуштаа, за животот да продолжи исклучиво во рамничарските предели. Одредена имотна група на христијанско население коешто е видливо по гробниот инвентар на некрополата Црквиште-Демир Капија, особено гробот 244 којшто е сигурно датиран со турска акча од 1481 година. Веќе во текот на 16 век, христијанските спахии исчезнуваат, освен во селото Градец, каде сè уште се среќаваат кон последната четвртина на 16 век. Паралелно на ова

[1070] Стојановски 1989, 46-49.

христијанската некропола на Црквиште-Демир Капија целосно се напушта и се сели на нова локација.

Во овој период Демир Капија веќе се наоѓа длабоко во внатрешноста. Скопје станува седиште на краишник, при што тврдините во Демиркаписката клисура ја губат својата функција и истите се напуштени. Не е сигурно кога точно, но на левиот брег од Вардар, пред самиот влез во клисурата, но и во клисурата, по падините на Конечка планина, долж вардарскиот пат колонизирано е турско јуручко население, најверојатно во првенствено за контрола на движењето низ клисурата. Подоцна, во текот на 16 век, две села, истоимени со клисурата добиле право да вршат дервенциска служба.

Со напуштањето на висинските позиции во почетокот на 15 век, како и престанокот на користење на некрополата Црквиште-Демир Капија кон крајот на 15 или почетокот на 16 век, просторот на Демир Капија веќе целосно ја губи својата воено-одбранбена функција, по која била препознатлива повеќе од 20 века. Поради зголемената опасност од ајдути, подоцна и самиот пат често ќе биде избегнуван, па трговијата ќе се префрли на патот од другата страна на планината Конче, со што Демир Капија скоро целосно ќе замре.

# ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Една од најпознатите средновековни тврдини во Македонија е тврдината Просек. Ова се должи пред сѐ на бројните наративни извори во која се споменува. Во сите од нив Просек се мистифицира како најсилната и неосвоива тврдина на Вардар, која била седиште на двајца моќни самостојни владетели, Добромир Хрс и Стрез, кои на крајот на 12 и 13 успеале од централната власт, првиот од Византија, вториот од Второто Бугарско Царство да откинат огромен дел. Ваквиот одраз во изворите се должи пред сѐ на географската позиција на влезот на Демиркаписката Клисура. Монументалноста на клисурата, нејзиниот варовнички состав и поставеноста на Вардарско-моравската долина, блокирајќи го единствениот природен пат којшто го поврзува Медитеранот со Континентална Европа биле најважните предуслови за развојот на населбите и фортификациите на Просек.

За што е можно поцеловито да се осознае културната историја на оваа значајна тврдина потребно е на микрорегионално ниво синхроно да се разгледаат сите аспекти коишто можат да одговорат на прашањата за социјалната, економската и воено-политичката историја. Треба што е можно подобро да се разгледа географијата и географските погодности на просторот, патните комуникации и поврзаност, тврдините и населбите, црковното градителство, погребните практики, целокупната сочувана материјална култура, циркулацијата на пари, како и историските околности кои влијаеле и под кои одредените особености можеле да се развијат. Само вака целовит пристап може да понуди конкретни релевантни резултати на одредено микрорегионално ниво кои подоцна можат да се пресликаат на други региони, секако со претпазливост дека можеби на нивниот развој влијаеле други прилики различни од тие под кои се развивал Просек.

Со својата позиција на влезот во Демиркаписката клисура, средновековната тврдина Просек се наоѓала директно на една од најпрометните балкански рути што го поврзувале Медитеранот со Континентална Европа. Природните карактеристики на клисурата овозможиле во одреден период Просек да ја врши целокупната контрола на овој патен правец, кој, доколку некој се движел по Вардарско-моравскиот пат, не можел да го

заобиколи. Ваквата патна мрежа била воспоставена уште во античко време, а со мали промени егзистира и до денес. Тврдините од двете страни на реката успевале да ги блокираат природни патишта низ оваа клисура. Единствено за време на турската власт, Вардарскиот пат губи на значај, бидејќи во тоа време актуелна станува патната траса од Дојран преку Струмица и натаму кон Штип, која дозволувала колски сообраќај, за што Демиркаписката Клисура не била погодна. Од Просек лесно се стигнувало во сите правци. Кон југ бил поврзан со преку Дојран и Гинекокастро со Солун, а преку еден крак на овој пат со Сер. Со посебен пат преку селата Дрен и Петрово остварувал комуникација со регионот на Меглен и понатаму кон Воден, Острово и Бер. По истиот Вардарски пат кон север бил поврзан со Велес и Скопје. На запад преку дервенциското село Костурино со Струмица, а преку планината Серта и со баштината на Никола Стањевиќ и понатаму од раскрсницата на селото Липовиќ со Струмица кон југ и Штип кон север. Патни комуникации постоеле и на запад по течението на реката Бошава до рудоносните подрачја на Кожув, до нив се стигувало и по друмскиот пат кој водел преку висорамнината Витачево сè до Мајден. До Прилеп и Битола се стигнувало со отклонување од Вардарскиот пат кон запад, по течението на реката Црна, но и преку Плетварскиот превој.

Патиштата коишто биле во непосредна близина на Просек се класифицираат во три групи и тоа: I. Главни патишта, II. Регионални патишта и III локални патишта. Транспортот по нив се одвивал главно на самари, а единствено патот по Витачево нуди можности за колски сообраќај. Користени биле разни животни меѓу кои магариња, мулиња, мазги, поретко коњи, а изворите даваат можност да биле користени и камили.

Како начин на транспорт на стоки најверојатно бил користен и речниот, вршен низводно по реката Вардар до Солун на дрвени сплавови, коишто освен што претставувале начин на транспорт, биле и ресурс којшто бил продаван во пристаништето на Солун.

Како што се гледа од погоре изнесеното од ареалот на Просек познати се бројни утврдувања и утврдени висински населби, додека пак села и низински населби не се познати, освен можната населба на Ограда-Бистренци, за што причина е степенот на истраженост.

Развојот на тврдините и утврдените висински населби на просторот на Демир Капија пред сè е условен од географијата на просторот. Уште од најраните времиња жителите, но и првите освојувачи на просторот, ја сфатиле поволната географска положба која се наоѓа

на еден од најзначајните патишта што е голема привилегија за локалното население. Затоа уште од раната антика, почнувајќи од крај на 5 и почеток на 4 век пред н. е. веќе започнуваат градежни активности за изградба на тврдини од двете страни на реката Вардар со кои се ограничил преминот низ клисурата и би се обезбедила постојана лесна контрола. Утврдени населби биле изградени на Марков Град-Корешница од левата страна на реката, додека на Рамниште од десната страна. Подоцна, по македонските освојувања на Средното Повардарие, а најверојатно за време на големата градежна активност во времето на кралот Касандар, повторно од двете страни на Вардар ќе бидат изградени силни утврдувања, сошто ќе се преземе целосната контрола на преминот низ клисурата. Тоа се тврдините Маркова Кула-Корешница од левата страна и Голем Краставец од десната страна, и двете активни за време на кралевите Касандар до Деметриј I Полиоркет, а настрадале најверојатно за време на големите Келтски продори кон крајот на првата четвртина на 3 век пред. н.е. Напуштени во овој период, ќе останат необновени сѐ до следната голема опасност. Овие утврдени населби и тврдини ја претставуваат основата на која подоцна, за време на големата криза во империјата, особено за време на готската и хунската опасност, повторно ќе бидат обновени и на нив ќе бидат изградени новите доцноантички тврдини и висински населби согласно со новите техники на градење. Кон крајот на 3 век на овие локации, привремено, а веќе од крајот на 4 век и постојано ќе се насели локалното население, барајќи безбедност и заштита од постојаните упади и грабежи на варварските народи. За ова зборува и градењето на цркви во рамките на овие населби и организирањето на некрополи околу нив. Овие тврдини и покрај тоа што се на високи и природно бранети локации, сепак биле доста изложени на напади однадвор бидејќи се наоѓале директно на нивниот правец на движење. Затоа, во време на големата „јустијанова обнова“ се одбираат нови локации за подигање на утврдени населби. Во овој период напуштен е одбранбениот систем на лимесот и одбраната во голема мера се одвива „длабински“, преку густа мрежа на утврдувања во внатрешноста на Балканот. Ваквата промена допринела во Демиркаписката Клисура да биде подигната нова висинска утврдена населба на локалацијата на Кале-Стрезов Град – Челевец. Иако повторно се наоѓа во близина на значајната патна комуникација, сепак е доволно оддалечена од директниот налет којшто доаѓал од север. Новата тврдина ја окупира централната и јужната зона од просторот на овој локалитет, а на север е подигната една цеметаријална базилика. Наодите од периодот на оваа тврдина но и на истовремените

ширум префектурата Илирик укажуваат дека овие тврдини, всушност не биле исклучиво војнички, туку станува збор за утврдени висински населби во кое било населено претежно население што се занимавало со земјоделие и сточарство. На ова всушност упатуваат и каталозите на наоди каде доминираат земјоделските алатки, додека военото наоружување е застапено во помал број. Додека на левата страна се наоѓа Кале-Стрезов Град, за десната страна сè уште не е утврдена сигурна локација која би соодветствувала за овој тип на утврдена населба од рановизантискиот период.

Ново подигната тврдина, како и обновените тврдини и висински населби на Маркова Кула и Марков Град – Корешница како и Голем Краставец – Демир Капија укажуваат дека овие рановизантиски тврдини не се градени по претходно утврден план. На нивната архитектонска основа во најголема мера влијаеле природните карактеристики на просторот, кој во Демиркаписката Клисура е доста карпест, составен од варовници. Затоа, основата на тврдините е неправилна, не можат да се следи закономерност, а бедемите и кулити се прилагодувани на подлогата. На местата каде немало потреба, како што е југо-источната страна на централната зона на Кале-Стрезов Град, тие не биле градени со што се заштедувало на време, работна сила и финансии. Сепак, ваквата одлука била во согласност со условите на теренот. Иста ситуација има и на Маркова Кула-Корешница, каде по изопхипса е изграден бедем кој го затвора централниот простор од северната, западната и јужната страна, а бидејќи од исток се наоѓаат високи вертикални непристапни карпи, на оваа страна бедем не е изграден.

Тврдините и утврдените населби веќе кон крајот на 6 век го бележат својот крај, најверојатно уништени за време на аваро-словенските упади по Вардарско-моравската долина кон Егејот и Солун. Така ќе останат за долго време. Единствено на Кале-Стрезов Град забележани се одредени индиции за слаб живот во 8 и 9 век, додека веќе во првата половина на 10 век може со сигурност да се потврди дека овде постоела воена посада која се одржала сè до првите децении на 11 век. Ова е потврдено со наодите на монети на Роман I Лакапин, како и фрагментирата садова керамика која според морфолошките и технолошките особености припаќа на овој период. Според И. Микулчиќ и на просторот на Марков Град забележана е одредена активност кон почетокот на 11 век, а според него, на оваа локација се откриени анонимни фолиси, што за сега не може да се поткрепи со конкретни наоди. Во овој период можат да се забележат и одредени репарации на

тврдината Кале Стрезов – Град. Сепак веќе кон крајот на 11 век и во текот на 12 век повторно нема потврда за постоење на воена посада во овие тврдини сѐ до крајот на 12 век. Во посочениот период започнува голема обнова на сите доцноантички и рановизантиски утврдувања на просторот на клисурата. Ова е евидентно од обновите на бедемите, обновите на цивилните објекти во тврдините како самите цркви кои се наоѓаат во нивните рамки. Во овој период за прв пат е забележана обемна циркулација на пари. Ваквата ситуација ќе продолжи во наредниот период, повеќе од два века, сѐ до турските освојување на Балканот, кога во еден период на крајот на 15 или, поверојатно, кон почетокот на 16 век, самата тврдина го изгубила значајот и била напуштена.

На просторот на Демир Капија за сега се откриени седум сакрални објекти, но нивниот број очигледно е многу поголем. Од оваа бројка, четири се подобро истражени. Почетоците на егзистенцијата на сите четири објекти е во ранохристијанскиот период, и тоа во 5 и првата половина на 6 век. Сите згаснуваат најдоцна до последната четвртина на 6 век.

Црквите од ранохристијанскиот период од ареалот на Просек, можат да се поделат на два основни типа: I цркви од базиликален тип со централен наос и странични кораби, и II еднокорабни лонгитудинални градби. Според големината сите спаѓаат во мали цркви со вкупна должина не поголема од 20 метри.

Во првиот тип на ранохристијански цркви се вбројуваат оние од локалитетите Црквиште-Демир Капија, Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница. Овие градби се одликуваат со трокорабна диспозиција, а и двете цркви од Демир Капија имаат нартекс на западната страна и по еден анекс на северната и јужната страна од нартексот, додека кај црквата од Корешница, не е сигурно дали имала нартекс.

Базиликалниот тип на цркви е често практикувана форма во Средно Повардарие но и пошироко во префектурата Илирик низ целиот 5 и 6 век. Слични примери, само со различни димензии се откривани во Стоби, Скупи, Хераклеа Линкестис, Лихнидос итн. Тие се поврзуваат воглавно со низинските и рамничарски населби и главно со градовите, а многу поретко се откривани во висинските утврдени населби и тврдини. За разлика од претходно опишаните, откриената црква на Кале-Стрезов Град припаѓа на вториот тип, односно на еднокорабните цркви. Овој тип не е застапен, или многу ретко е застапен на низинските населби и во градовите а е типичен за висинските утврдени населби на кои припаѓа и Кале-Стрезов Град. Цркви од овој тип откривани се во голем број на тврдини низ целата префектура Илирик, но доста често и во диецезата Тракија. На територијата на Македонија слични примери се откриени на островот Голем Град-Преспа и Douglas Мородвис. Градбите од вториот тип вообичаено се подоцнежни и датираат околу средина на 6 век

и се поврзуваат со опсежните градежни активности во времето на Јустинијан I. На архитектонскиот план на овие цркви најчесто влијаел просторот кеде се градени, кој често е тесен и не дозволува изградба на базиликален објект, бидејќие потребно прилагодување кон теренот.

Четирите сакрални објекти се цеметеријални цркви. Околу нив, согласно расположливиот простор се развиле рамни некрополи, коишто се повеќеслојни. Црквиште-Демир Капија е изградена врз една постара хеленистичка и доцноримска христијанска некропола. Според Б. Алексова оваа црква претставува *basilica ad sanctus.* При изградбата на црквата во наосот, нартексот, компартиментите покрај наосот и северниот анекс вклопени се доцно антички погребувања, коишто влијаеле на оформување на архитектонскиот план. Овие погребувања се наоѓаат издвоени од останатите пагански погребувања кои се наоѓаат на просторот Болница.

Наспроти Црквиште-Демир Капија, на Кале-Стрезов Град некрополата се развива паралелно со изградбата на црквата. Иако до сега се откриени само две погребувања што може да се поврзат со периодот на егзистирање во времето на раното христијанство, сепак изградбата на гробницата „А“ и нејзината архитектонска поврзаност со црквата, ја датира оваа гробница со полуцилиндричен свод во исто време со градењето на црквата, односно кон средина на 6 век. Фактот што гробницата е изградена со пристапна шахта, затворена со масивна камена плоча, јасно укажува дека гробницата била наменета за повеќекратни погребувања. Односно, најверојатно е изградена да служи за погребувања на црковните лица или пак на фамилија којашто го помогнала нејзиното градење.

Кај црквите на Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница, заради не соодветното и нецелосно публикување кај првата и нецелосната истраженост кај втората, сè уште е рано да се зборува за типот на кој припаѓаат.

По рушењето и напуштањето на црквите кон крајот на 6 век во контекст на Аваро-словенските упади на Балканот, црковното градителство на просторот на Демир Капија, каде живеело словенизирано население, целосно е замрено и нема да биде обновено во следните неколку века. Иако се правени обиди втората фаза од Црквиште-Демир Капија да се поврзи со покрстувањето на Словените на преминот на 9 во 10 век, сепак ваквото тврдење нема основа. Некрополите на коишто се погребува населението во периодот од 10 сè до крајот на 12 век најчесто се наоѓа на нови локации, различни од оние каде се погребувало античкото население. А онаму каде се погребува во близина или во рамки на урушевините на самите ранохристијански храмови, нема докази дека во овој период биле обновени. Причините може да бидат различни. А како една од посериозните треба да се земе и масовното прифаќање на Богомилството во овој период, но и на степенот на развој на новото население кое сè уште ја нема усвоено технологијата на градење со тврди материјали. Како што не можат да се откријат населбите и живеалиштата на населението

во овој период, заради можноста голем дел од нив да биле изградени од органски материјал, истото е можно и за изградбата на сакралните објекти. Нов импулс може да се забележи дури кон крајот на 12 век. Ова е периодот на повторно окупирање на тврдините и старите населби, забележано е повторно погребување во рамките на сите ранохристијански цркви а исто така и нивно обновување. Промени се забележани и во материјалната култура, пред сè во гробните дарови кои се разликуваат од оние во претходниот период. Одговорот за обновеното црковно градителство кон крајот на векот може да се побара во новото византинизирано население кое после освојувањето на градот Солун од страна на Норманите во 1185 година, го напуштило и побарало заштита во внатрешноста. Во овој период со сигурност се обновени три од истражените ранохристијански цркви, а има индиции за обнова и на четвртата.

Обновени се црквите на лок. Црквиште-Корешница, Црквиште-Демир Капија и Кале-Стрезов Град, Челевец, а за базиликата на Манастир-Демир Капија не постојат сигурни информации од истражувачите дали има подоцнежни градежни фази, но може да се претпостави, со оглед на тоа што на околниот простор се откриени средновекони погребувања како и средновековен објект датиран 12-14 век. За оние кои има информации може да се каже дека во средниот век е востановена практиката за подигање на еднокорабни цркви со апсида на источната страна и нартекс на западната. Во примерот на Кале-Стрезов Град обновен е наосот и нартексот, додека северниот анекс и баптистериоумот остануваат надвор од функција и служат за погребување. Кај Црквиште-Корешница и Црквиште-Демир Капија обновен е централниот кораб и нартексот. Кај првата, апсидата е намалена и повлечена кон запад, додека наместо полукружната форма од надворешната страна, добива тристрана трапезаста форма. Заради намалените димензии на црквата, во оваа фаза апсидата на источниот ѕид е изведена во форма на ниша, а северно од нејзе во источниот ѕид изведена е помала ниша, најверојатно во фукција на протезис. Кај втората црква, обновата е направена врз централниот кораб, искористени се темелите од постарата фаза, а одредени манифестации укажуваат дека во последната фаза обновен е и дел од северниот кораб. Обновите се датираат во втората половина на 12 век или почеток на 13 век. Овие цркви останале во употреба и подоцна, за што сведочат градежните зафати кон крајот на 14 или почетокот на 15 век. На Црквиште-Корешница обновен е источниот ѕид со што во оваа последна фаза добива полна апсида. На Кале-Стрезов Град – Челевец е изградена потполно нова црква, но со намалени димензии, вкопана во остатоците од пораните фази, со материјал и градежни техники коишто се разликуваат од претходните. На Црквиште-Демир Капија е тешко да се зборува за градежни зафати, со оглед на состојбата на архитектонските остатоци, но, доколку се суди по продолженото користење на некрополата до крај на 15 и можеби првите децении на 16 век, тогаш ова може да се претпостави со голема веројатност.

Околу сите четири цркви, во средновековниот период се развиваат некрополи на редови. Кај црквите со базиликална диспозиција во средновековниот период страничните кораби служат за погребување што може најдобро да се види кај Црквиште-Демир Капија. Иако со помала број на погребувања истото може да се забележи и кај Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница, кај Кале-Стрезов Град, погребувањата се лоцирани околу црквата но и во крстилницата и северниот анекс од ранохристијанската фаза.

Според погоре изнесеното може да се заклучи дека во ареалот на Просек погребните практики на населението се воглавно воедначени. Прифатени се христијанските практики на погребување, со некои појави на анахрони практики кои се поврзуваат со постари пагански обичаи.

Според хронологијата можат да се поделат на две групи, постара фаза 10-12 век и помлада фаза крај на 12-15, односно 16 век. Погребните практики се одликуваат исклучиво со христијански манири, а одредени нивни карактеристики овозможуваат нивно раздвојување во засебни фази. Некрополите од првата група уште се нарекуваат и населбински некрополи. Тие скоро по правило се поставуваат на мали возвишенија во близина на реки. Нажалост, кај нас досега не е откриена и истражувана населба на која овие некрополи би припаднале, но тие најверојатно се наоѓаат во непосредна близина. Некрополите од оваа група по правило не се придружени со црква како што е пример кај втората хронолошка група. Се чини дека и црквата на Црквиште-Демир Капија својата обнова ја добива дури подоцна, кон крајот на 12 или во 13 век, за што сведочат откриените погребувања со гробни конструкции под темелите на црквата којашто Б. Алексова без аргументација ја датира во „9-11 век". Гробовите од првата фаза на Црквиште-Демир Капија се малубројни и се простираат кон север од ранохристијанската базилика, тие овде ја искористиле природната поставеност, мало возвишување во близина на две реки. Обновата на ранохристијанската базилика во еднокорабна (?) црква е изведено подоцна, дури по развивањето на некрополата врз остатоците од неа. Отсуството на цркви на некрополите од првата група е евидентно и на некрополите Трнче-Стреа - Пепелиште, Ограда - Бистренци, Чукарка - Очипала, Крст - Орешани, додека погребувањата на Трпчева Црква –Дуње и Паликурска базилика-Паликура иако се наоѓаат во и околу ранохристијанската базилика, нема индиции дека биле обновени и во функција во периодот на 10-12 век, кога овие некрополи се користеле.

Втората карактеристика со која се одликуват некрополите од првата група е еднослојноста и хоризонталната стратиграфија. Вертикална стратиграфија на некрополите кај првата група не е позната, додека кај втората категорија е редовна појава. Кон ова треба да се додаде и повеќекратното искористување на гробовите, што во првата категорија е многу ретко и ограничено на неколку примери од крајот на траењето на овие некрополи како што се гробовите 13 и 31 од Ограда-Бистренци, додека кај втората група тоа е скоро редовно. Повеќекратното погребување како и вертикалната стратиграфија, најверојатно се појавува по организацијата на погребувањата околку црквите, со желбата секоја индивидуа да биде погребана што е можно поблиску до самата црква. Непостоењето на црква на некрополите од првата фаза може да е одговорот зошто кај овие некрополи се следи само хоризонтална стратиграфија. Додека кај некрополите од втората група, желбата за погребување поблиску до црквата придонело за создавање на практиката на вертикална стратиграфија односно надслојување и повторното искористување на гробните конструкции.

Покрај ова, првата категорија се карактеризира со бројноста и разновидноста на гробниот инвентар, кој најчесто се состои од разни форми на накит, откриван кај женски и детски погребувања, а поретко кај машки. Кај женските и детските погребувања од оваа група најтипични наоди се гроздоликите наушници (тип II), наушници со четири јагоди (тип III), Гердани со двочлена и трочлена разделба, прстени со нагласена глава и рамена, прстени со конусовидна глава (тип VIII), прстени со цилиндрична глава и вметнат украс (тип VII). Доста се чести и металните и стаклени белегзии но тие не се толку типични само за првата хронолошка група. Кај втората хронолошка група карактеристични се полнолиените масивни прстени со рамна глава со и без нагласени рамења (тип III), а од крајот на оваа хронолошка група спаѓаат лунулестите наушници со нејзините развиени форми, лунулесто-мешести (тип IV.1), тип „курбиново“ (тип IV.2) и кружните наушници (тип IV.3). Како посебна одлика за втората хронолошка група може да се сметаат и бројните наоди на делови и украси за облека од кои најбројни се бронзените сферични копчиња, коишто укажуваат за промена на облеката во овој период.

Кај машките покојници во првата група најчесто се откривани обетки-алки со профилактичко значење, додека во втората група најчести се наодите на прстења, коишто често носат хералдички мотиви.

Посебна категорија претставуваат гробните форми коишто се разновидни. Од ареалот на Средновековен Просек документирани се шест основни гробни форми со нивни варијетети во примарна употреба како и две гробни форми коишто се доцноантички но повторно употребени во средниот век. Заради поголема прегледност на формите поделени се на типови и подтипови:

**Тип I** –Слободни укопи - јами;

**Тип II** – Јами оградени со аморфни камења

**IIa** – Јами оградени со аморфни камења без покривач

**IIb** – Јами оградени со аморфни камена со гробен покривач

**Тип III** – Гробни конструкции делумно оградени со вертикално поставени камења:

**IIIa** Вертикално поставени плочи кај главата и нозете;

**IIIb** Ограда која го оградува горниот дел од телото;

**IIIc** Ограда која го оградува долниот дел од телото

**IIIc1** просторот над стапалата е покриен со една плоча.

**Тип IV** – гробни јами целосно оградени со конструкција од вертикално поставени камења или камени плочи

**IVa** – Гробна јама целосно целосно оградена без гробен покривач;

**IVb** - гробна јама целосно оградена и покриена со камени плочи и фрагментирана покривна керамика;

**IVc** – гробна јама целосно оградена а со плоча е покриен само делот над главата или нозете на покојникот;

**IVd** – Дупли гробови коишто користат една заедничка плоча по долгата страна

**Тип V** – Обична јама којашто како дно користи покривач од постаро погребување;

**Тип VI** – Гробна конструкција со поголеми димензии, внатре дополнително поделена

На некрополите Црквиште-Демир Капија (гробовите 161, 173, 248, 412 и 425) и Крстеви-Корешница (гробовите 9, 38, 55) е забележано карбонизирано дрво поставено во гробовите, што укажува на можноста за поставување на дрвени штици или постоење на ковчези.

Погребаните на сите некрополи се положени во правен запад-исток со главата поставена на запад. Одредени отстапки на ваквата поставеност запад-исток се појавуваат на сите истражени некрополи, а главно се поврзани со сончевата страна/падина/отстапка и со приспособувањето кон архитектонските остатоци од постарата ранохристијанска црква како и густината на гробовите. На првата група на некрополи се следат редови на погребување, додека кај втората група заради густината на гробови и долготрајноста на некрополата овие редови исчезнуваат и се повеќе стануваат фиктивни.

Како посебна карактеристика кај втората група на погребувања кај сите нејзини форми и варијанти се појавува поставувањето на камена плоча под главата, или пак два странично поставени камења лево и десно, поретко еден камен или пак наместо камен поставен е череп од постаро погребување. Со оглед дека оваа варијација се појавува само кај гробовите од втората хронолошка група најверојатно ваквата практика е воспоставена подоцна, текот или, поверојатно, кон крајот на 12 и почетокот на 13 век. Од територијата на Македонија на некрополите коишто се прецизно датирани во преиодот од 10-12 век овој обичај целосно отсуствува. Според бројните наоди на камења под или странично од черепите во ареалот на Просек, може да се претпостави дека во 13-15 век ова било востановено правило во погребниот ритус кај христијанското население и не е резервирано само за одредена категорија на население како што се духовните лица-монаси. Веројатно е дека оваа практика на нашата територија се појавува паралелно со организацијата на некрополите околу сакрален објект.

На некрополите од ареалот на Просек, иако не често, сепак се појавуваат одредени отстапки од христијанскиот начин на погребувања.

Единственото погребување со спротивна ориентација од ареалот на Просек е откриено во гробот 275 на Црквиште-Демир Капија. Ова е двојно погребување на жена и дете. Детето е поставено на градите од женскиот скелет.

Една од овие девијации е и гробот 333 во кој е погребана индивидуа во згрчена положба.

На некрополите Крстеви-Корешница и Ограда-Бистренци забележани се траги од култот на мртвите. На овие два локалитетите во склоп на некрополата, на посебно издвоен простор, откриени се огништа/печки за припрема на храна. Најверојатно овде станува збор за обредно припремање на храна и гозба, додека празниот простор околу служел за собирање и комуникација. Ова може да се поврзи со христијанските практики за комеморација на денот од смртта.

Од Црквиште-Демир Капија и од Црквиште-Корешница, како гробни дарови се откриени монети од кои најрана е анонименен фолис, А2 класа од последна четвртина на 10 век, додека најдоцната е турска акча датирана во времето на Султан Мехмед во 1481 година. Наодите на пари во гробови на поширокиот балкански простор се интерпретираат како реминисценција на античкиот обичај наречен „харонов обол“. Компарирајќи ја етнографската граѓа како и погребувањата каде се откриени наодите на пари во средновековните гробови од Црквиште-Демир Капија и Црквиште-Корешница, може да се даде предлог за ново толкување на оваа практика. Наодите на пари од овие два локалитета најчесто се откривани во гробови коишто содржат повеќе покојници, односно, гробните конструкции се повторно употребени, а коските од претходниот скелет се дислоцирани. Откриените пари се во различен број, од една па сè до шест, поставени на разни места во гробот. Ваквата практика, како што ќе се види подолу, наоѓа паралели во етнографската граѓа и обичајот за раскоп. При практикувањето на овој обичај, особено кога се отвора гроб за во него да биде ставен нов покојник, тој се дарува со пари кои би му послужиле за да плати оштета за гробното место на покојникот од кого го презема. Сепак, ова може да зависи од локацијата и околностите во која се откриени.

Во втората група на погребувања чести се дислоцираните скелети, како и повторните погребувања. Скоро во секој гроб може да се забележи положување на постари скелетни остатоци најчесто преку нозете од покојникот, но не ретко и низ целиот гроб, над гробниот покривач или покрај самиот гроб. Во некои случаи се среќаваат и остатоци од две и повеќе индивидуи. Има и случаи каде преку скелетот на еден покојник се поставува скелет на друг, без да се наруши првиот. Ваквата практика, впрочем, се задржала и до ден денес, кога заради ограниченост на гробни места се искористуваат постарите гробови. Можеби за ваквата практика може да се побара одговор во етнолошката граѓа која што

познава постоење на „прекопување“, „раскоп“, „двојно погребување“ или „повторно погребување“ како се нарекува во различни области.

Од вкупно обработени скелети од ареалот на средновековен Просек, може да се забележат неколку закономерност, кои со идните истражувања би можеле да се потврдат или отфрлат. Бројот на мажи и жени вообичаено е воедначен, единствено на Огради кај Бистренци е забележано значително помал број на мажи и изнесува само 26%. Бројот на детски скелети споредено со вкупната популација е нешто помала од просечната застапеност на деца во останатите средновековни серии, која се движи во рамките на една третина од вкупната популација.

Смртноста кај популацијата е воедначена кај сериите од сите некрополи. Најголема смрттност има кај помалите деца *Infans I* (0-6 години) и тоа цели 17,25 %, истата опаѓа кај повозрасните деца *Infans II* (7-14 години) и тоа на 9,09 %, трендот на опаѓање продолжува и кај јувенилите (15-21 година) и забележува смртност од 6,67 %. Па така, до 21 година изчезнува приближно една третина од популацијата, односно 33%. Кај возрасните се забележуваат полови разлики во порастот на смртноста. Додека кај мажите значителен пораст на смртноста може да се забележи во четвртата и петата деценија од животот, по што следи опаѓање. Кај жените драстичен пораст се бележи веќе во третата деценија од животот, додека во четвртата и петата порастот продолжува, но со намален интензитет. Ваквиот пораст на смртноста на жените во третата деценија од животот којшто достигнува 18.84% се должи на големата смртност во фертилниот период, поврзани со проблеми со бременоста. Според ова четириесеттата година од животот ја доживуваат само 81% од жените, а високи 97.2% од мажите.

Според обработените скелетни серии од Црквиште-Демир Капија и Кале-Стрезов Град - Челевец, можат да се видат значителни разлики на ширинско-должинскиот кранијален индекс во споредба со претходните периоди, додека во праисторијата и римскиот период на овие простори доминираат мажи и жени со брахикрани черепи, а процентот на долихокрани и мезокрани е значително помала, во средниот век кај машките черепи започнуваат да доминираат мезокраните черепи и тоа со преку 60% од вкупната застапеност, одека доминантната брахикранија од претходните периоди е без малку преполовена. За разлика од машките, кај женските черепи продолжуваат да доминираат

брахикраните черепи. Ова укажува дека на некрополите се присутни нови антрополошки типови кои се утврдени и на најголемиот дел од средновековните некрополи на Балканот.

При археолошките истражувања и рекогносцирања на просторот опфатен во рамките на оваа нашите истражувања/истражувањата во рамките на докторската дистертација откриени се бројни движни археолошки наоди. Со оглед дека најдобро и најбројно се истражени некрополите, соодветно на тоа и најзастапени се гробните дарови, коишто во манирот на христијанските погребни практики се состојат од личната своина на носителот, односно од бројни паричиња на накит и делови од облека. Останатите групи на наоди се далеку послабо застепени. Наодите од ареалот на Просек се делат во пет групи и тоа накит, оружје и војничка опрема, орудија, грнчарија и наоди на пари.

Накитот е најбројната група на наоди од ареалот на Просек, заедно со деловите од облека во својство на украс, зазема повеќе од 80 % од каталошки обработените примероци. Поделен е на групи според местото на кое се носел, глава, врат, раце. На секоја од групите припаѓаат по повеќе типови и варијетети. Наодите од Просек се најчесто изработувани од бронза, бакар и негови легури, нешто поретко застапено е среброто, потоа стаклената паста, а одзлатните примероци се застапени само со еден примерок.

Според формата и морфолошките карактеристики накитот може да се подели главно во три хронолошки групи коишто носат свои особености. Првата група, која хронолошки одговара на периодот од 10 до 12 век, е најбројна и типолошки најразновrзна. Во оваа група спаѓаат примероци изработени во разни јувелирски техники, особено филигран и гранулација, а меѓу наодите се доста чести сребрените примероци. Покрај наодите од оваа група кои според регионалната застапеност сугерираат на локално производство, доминираат форми кои според начинот и квалитетот на нивната изработка упатуваат на византиски работилници на накит, чиишто производи се наменети за локалното население. Квалитетот на производите, но особено нивниот квантитет, кои често се застапени и со по неколку десетици примероци во едно погребување, укажува на социјалната структура на населението, односно на неговата раслоеност и хиерархија. Дополнително, може да се зборува за економска стабилност и добросостојба на овие заедници. Кон ова треба да се додади дека некрополите од ареалот на Просек најслични аналогии наоѓаат во материјалот од прилепскиот дел на Мариово, што може да се доведе и во корелација со Меглен како црковно средиште под кое припаѓала Мариовската област

заедно со Просек. Накитот од оваа прва група својот зенит го има на преодот од 10 во 11 век, а веќе од почетокот на 11 век забележливо е опаѓање на квалитетот и квантитетот на наодите, што укажува на драстично економско слабеење на населението. Ваквите процеси се посведочени и од тоа што веќе во втората половина на 11 век може да се забележи и демографско слабеење, односно намалување на бројноста. Паралелно, забележана е појава на нови типови на накит, како што се наушниците од Половецки тип (тип VII.4), како и белезиците од плетена жица со плоснати краеви кои укажуваат на инордно, страно население коешто на просторот на Просек, но и на цело Средно Повардарие, се појавува веќе кон крајот на 11 и во првата половина на 12 век.

Следната етапа припаѓа на доцнотосредновековие 13-14 век. Во овој период квантитетот на производството значително опаѓа, а формите на накит се редуцираат. На некрополите на Просек скоро и да отсуствува накитот за глава и врат, а во овој период доминира накитот за раце и тоа пред се прстените коишто сега добиваат на волуминозност. Притоа, позабележителни се западните влијанија преку романичко-готските форми. Се повпечатливи се декорациите коишто од крајот на 12 век почнуваат да носат христијанска симболика, често и натписи, а на подоцните варијанти од 13 и 14 век аплицирани се амблеми и хералдички знаци што укажуваат на присвојност. За разлика од накитот од претходната група кој беше својствен за женските и погребувањата на јувенили, оваа група на наоди е се почеста и кај машките погребувања. Сепак, доколку на некропололата Крстеви која припаѓа на првата група на некрополи гробни наоди се откриени кај сите погребани женски индивидуи, кај некрополите од втората група, а следствено на тоа и накит од втората група на некрополата Црквиште-Демир Капија е откриен само во помалку од половина од вкупните женски погребувања. Одликата на прекумерно гиздење со бројни примероци на белегзии и прстени на една рака, е напуштена. Накитот станува посуптилен и повеќе одлика за припадност кон одредена заедница, како што е христијанската или одредена фамилија. Трендот на китење со прекубројни парчиња на накит, како симбол на сталешката моќ и припадност, заменета е со облеки од фини ткаенини, најверојатно украсени со везови кои го компензирале накитот, а во исто време ги носеле и новите трендови коишто што пристигале од Солун, како најблизок производствен и уметнички центар. На ова укажуваат бројните додатоци на облеката како што се копчињата за закопчување, токите за кожени или платнени колани, а веќе од втората половина на 14 век и аграфите. Овде спаѓаат и предметите кои што со голема

сигурност може да се препознаат како запони. Кон последната фаза од крајот на 14/15 до 16 век која се одликува со стабилност припаѓа и последната група на накит. Оваа група се одликува со неколку воопштени карактеристики како што е накит работен по средновековни урнеци, со негови имитации и обнорадување на облиците и декорацијата, накит со западноевропска провиниенција наследен од средновековието, накит со антички или постари балкански атавизми и накит со ориентални или ориентализирани елементи. Во овој период е повторно забележана тенденцијата на гиздење со повеќе бројни примероци, но сепак не до мера како во првата група. Повторно се забележуваат повеќе разни типови на накит, а актуелен е и накитот за глава, врат и гради преку примерите на дијадемата, разните видови на наушници коишто покрај обнародените форми, сега се актуелни наушниците со вертикален стожер на кој се нанижани украси, иако само два примероци се застапени и народните наушници со трепетушки, една од по омилените форми во овој период.

Останатите групи на наоди се бројчано помалку застапени од накитот, но со оглед на локацијата на нивното наоѓање, пред сè во рамки на самите тврдини нивното присуство прикажува друг аспект од социо-економската и политичката историја на Просек. Овој тип на наоди не е откриван во гробниiот инвентар, туку исклучиво од населбински простор. Први во групата на овие наоди припаѓаат наодите на оружје и воена опрема. Помеѓу нив најбројни се стрелките коишто можат да се поделат во неколку типа. Иако самото вооружување е тешко попрецизно хронолошки да се определи доколку не потекнува од сигурен затворен археолошки контекст датиран со други наоди, овде може да се каже дека хронолошки можат да се издвојат две групи на наоди. Првите припаѓаат на периодот на аваро-словенските продори на Балканот, период кога ромејската војска ја напушта Демир Капија, претставени со по една стрелка (тип 1) и едно копје (тип 1). Останатите проектили според обликот не можат да бидат временски определени, но според хронологијата на останатите наоди припаѓаат на 12-14 век. Овде припаѓа и еден мал фрагмент на мрежест оклоп којшто соодвествува со најбројната група на врвови од стрели кои припаѓаат на типот на стрелки со пирамидален врв наменети за пробивање на ваков тип на оклопи.

Наредната група на наоди се алатките. Можат да се издвојат три групи на алатки и тоа земјоделски, занаетчиски и алатки од домашното стопанство. Иако бројката на алатки не

е голема, а тие самите алатки се хронолошки неподатливи, сепак нудат одредени податоци за стопанскиот живот на Просек. Наодите на алатки како што се српови, земјоделски ножеви и мотики упатуваат на население на коешто примарна дејност му била земјоделието. Вакви алатки се среќаваат и во рамки на самите тврдини, пред сè Кале-Стрезов Град, што ја потврдува теоријата дека во тврдините во одреден период не била сместена војска туку истите биле под контрола на локалното население. За што најјасна потврда даваат и некрополите. Кон групата на земјоделски алатки може да се придружат и алатките кои се во функција на сточарството а тоа се маказите-крклези. Втората група исто така е застапена со неколку примероци. На Кале-Стрезов Град и на Црквиште-Корешница откриени се по една алатка на која се припишува функцијата за брановидно декорирање на грнчаријата. Со ваквите наодиможе да се претпостави одредено грнчарско производство во рамки на Кале-Стрезов Град и Марков Град-Корешница, насочено кон задоволување на локалните потреби. Ваквото производсво најверојатно било развиено кон крајот на 12 или низ 13 век. Од останатите алатки може да се издвои длетото за дрводелски занаети, како и неколку мали атипични секала, шила, зумби и пиши кои упатуваат на одредени занаети поврзани со фина обработка на метали. Во последната група спаѓаат алатките од домаќинствата кои служеле за обработка на суровина, предење и ткаење. Такви се наодите на пршлени и ножиците. На истражените локалитети нема потврда за постоење на сериозно организирано стопанско производство на текстил, што не значи дека истото го немало, туку дека треба да се побара на локации коишто се погодни за таа намена, на пример во близина на реките.

Грнчаријата од ареалот на Просек е соодветно застапена, но со оглед дека археолошките истражувања на овој простор во минатото биле насочени на истражување на некропололите и црковните објекти, бројот сепак не е голем. Најмногу грнчарија доаѓа од Кале-Стрезов Град, каде само од последните ископувања на два објекти се издвоени повеќе типови кои нудат малку повеќе информации отколку останатите наоди. Фрагментираноста на грнчаријата засега не дозволува продлабочена анализа на оваа група на наоди. Сепак, одредени форми по пат на компарација со други слични наоди во регионот ни даваат податоци за хабитусот на овие локалитети. Одредени форми на грнци (тип I) укажува на одредена минимална активност на просторот на Кале-Стрезов Град и низ 7 век, период којшто со останатите наоди не е потврден. Останатите форми на грнци, според нивните технолошки карактеристики упатуваат на еден континуитет на живеење

на средната зона на овој локалитет и понатаму низ 8, 9 сè до прва половина на 10 век којшто е сигурно потврден и со наодите на пари. Бројните наоди и разновидноста на формите во текот на 10 и 11 укажуваат на едно поинтензивно живеење на просторот на централната, но и на јужните делови од северната зона на локалитетот. Од локалитетот Црквиште-Демир Капија исто така потекнува еден грнец рамковно датиран во 8-10 век (тип 3). Во периодот на 13-14 век забележана е помасовна керамичка продукција со повеќе развиени форми на садови, непознати на ареалот на Просек во поранит период. Карактеристика на керамиката во овој период укажува на усовршување на технолошките производствени процеси. Воедно,се појавуваат и импорти од блиските производствени центри, претставени со скромно сочуваните фрагменти на глеѓосана керамика во техника на сграфито и schamplevé. Одредени алатки укажуваат дека и овде постоела одредена локална продукција на поедноставните керамички садови, намети за масовна употреба.

Последната група на движни археолошки наоди, но не помалку значајна од останатите, претставуваат парите. По аваро-словенските продори во Македонија, а особено од последната четвртина на 6 век, на просторот на Демир Капија целосно е прекината циркулацијата на свежи пари. Најдоцните примероци се од оставата од Демир Капија со непозната точна локација чиј *terminus post quem* е Јустин II чија монета е најмлада во овој трезор. По ова паричната циркулација со свежи пари е прекината во наредните три и пол века, за повторно да се забележат инцидентни наоди кон средината на 10 век, во времето на Роман I Лакапин, а кои треба да се поврзат со одредени репарации на тврдината на Кале-Стрезов Град. Паричната циркулација во наредниот преиодќе остане незначителна, а во пракса продолжил да функционира натуралниот начин на плаќање. Анонимните фолиси од Црквиште-Демир Капија, од кои еден откриен во гроб, само го потврдуваат ова. Слична е ситуацијата во текот на целиот 11 и 12 век, кога само спорадично се откривани византиските пари, ексклузивно на споменатиот локалитет. Дури кон крајот на 12 век дисперзијата на пари започнува и на тврдините од другата страна на Вардар, односно на Марков Град и Маркова Кула, а веќе во текот на 13 век на целиот овој простор, вклучително и на соседната тврдина Кале-Стрезов Град каде се откриени бројни примероци од т.н. латински имитативни ковања. Скоро исклучиво сите од мал модул тип А, со исклучок на два примероци на т.н. бугарски имитативни ковања. Периодот на 13 век, со оглед на продолжената циркулација на овој тип на монети, го карактеризира висок степен на монетаризација, којшто кон крајот на векот повторно опаѓа, а наодите на пари

се повторно ретки. Од археолошки слоеви познати се само монетите на Андроник II Палеолог од Кале-Стрезов Град, датирани во прва половина на 14 век, а од последната четвртина на векот потекнува и депото на српски динари, со нецелосно позната содржина. Крајот на паричната циркулација на локалитетите обработени во овој текст завршува со акчето на султанот Мехмед, сечено во 1481 година.

**113**. Сребрена тордирана алка. Табла 6. Диј. в. 1,2 см, д. на алка. ЦДК. Гроб 467.
Алка од сребрен тељ со кружен пресек. Тељот е превиткан на половина каде формира јамка а во останатиот дел двете половини се тордирини меѓу себе. Едниот крај е вметнат во јамката.
Aleksova 1966, XIII, sl. 68.

**114.** Наушница. Табла 6. В. 3,4 см, ш. см. К-КР. Гроб 9.
Наушница од типот со гроздолик додаток во долниот средишен дел и лунула над него. Теглето е од тенка жица со кукичка што се закопчува со алче. Одлично сочувана со забележани траги од текстилни влакна – свила (марамата?). Пар со 115.
Манева 2000, 91-92, Сл. 69; Т, IV, 3 а, Т.XXV, 4.

**115**. Наушница. Табла 6. В. 3,4 см, ш. 1,9 см. К-КР. Гроб 9.
Наушница од типот со гроздолик додаток во долниот средишен дел и лу- нула над него. Теглето е од тенка жица со кукичка што се закопчува со алче. Одлично сочувана. Пар со 114.
Манева 2000, 91-92, Сл. 69; Т, IV, 3 б, Т.XXV, 4.

**116**. Сребрена наушница. Табла 6. В. 3,4 см, ш. 1,9 см. К-КР. Гроб 17.
Гроздолика наушница. Долниот дел е украсен со венче од гранули, со гроздолик привезок на средишната долна позиција и лунула од жица на горната позиција. Теглето е од тенка жица, која завршува со кукичка и јамка. Пар со 115.
Манева 2000, 97-98, сл. 77; Т. IV, 2 а.

**117.** Сребрена наушница. Табла 6. В. 3,4 см, ш. 2,2 см. К-КР. Гроб 17.
Гроздолика наушница. Долниот дел е украсен со венче од гранули, со гроздолик привезок на средишната долна позиција и лунула од жица на горната позиција. Теглето е од тенка жица, која завршува со кукичка и јамка. Пар со 116.
Манева 2000, 97-98, сл. 77; Т. IV, 2 б.

**118.** Сребрена наушница. Табла 6. ш. 0,9 см, в. 1,8 (2,5) см. ЦДК. Гроб 336.
Гроздолика наушница изработена во техника на филигран. Под алката доле јагода во вид на грозд изработена од гранули, над алката украс во вид на лунула исто изработена од гранули. Теглето е од тељ кој се закопчува на долниот дел. Пар со 119.
Aleksova 1966, XIII, sl. 92.

**119.** Сребрена наушница. Табла 6. ш. 0,9 см, в. 1,8 (2,5) см. ЦДК. Гроб 336.
Гроздолика наушница изработена во техника на филигран. Под алката доле јагода во вид на грозд изработена од гранули, над алката украс во вид на лунула исто изработена од гранули. Теглето е од тељ кој се закопчува на долниот дел. Пар со 118.
Aleksova 1966, XIII, sl. 94.

**120**. Сребрена наушница. Табла 6. Диј. в. 2,6 см, дол. = 4,4 см. К-КР. Гроб 1.
Волински тип на наушница. Алката е полукружна со кука и јамка за закопчување. Јамката е свртена спрема лицето. Долниот дел е карактеристичен, конусовиден со гранули и фланкиран од двете страни со по три коленца од гранули. Пар со 121.
Манева 2000, 79-83, Сл. 61; Т. IV, 4 а, Т.XXI,1.

**121**. Сребрена наушница. Табла 6. Диј. в. 2,6 см, дол. 4,4 см. К-КР. Гроб. 1
Волински тип на наушница. Алката е полукружна со кука и јамка за закопчување. Јамката е свртена спрема лицето. Долниот дел е карактеристичен, конусовиден со гранули и фланкиран од двете страни со по три коленца од гранули. Пар со 120.
Манева 2000, 79-83, Сл. 61; Т. IV, 4 б, Т.XXI,1.

**122.** Бронзена наушница. Табла 7. В. 3,0 см, ш. 1,8 см. ЦДК.
Бронзена наушница изработена во техника на лиење. Нецелосно сочувана. На долниот дел од лакот што има функција на алка има два продолжетоци во форма на грозд, лошо одлеани. На едениот крај од лакот има перфорација за закопчување.
Необјавена

**123.** Сребрена наушница. Табла 7. В. (долен дел без тегле) 2,4 см, Ш. 2,0 см, Пречник (јагоди) = 0,7 см. К-КР. Гроб 11.
Сребрена наушница со четири шупливи јагоди. Зачуван е дел од теглето и кукичка на една од страничните јагоди, за закопчување. Се закопчува со јамка и кука. Пар со 123.
Манева 2000, Сл. 71, Т. III, 3 а.

**124.** Сребрена наушница. Табла 7. В. 2,4 см, Ш. 2,0 см, К-КР. Гроб 11.

Сребрена наушница со четири шупливи јагоди. Зачуван е дел од теглето и кукичка на една од страничните јагоди, за закопчување. Се закопчува со јамка и кука. Лошо сочувана. Пар со 123.
Манева 2000, Сл. 71, Т. III, 3 б.

125. Сребрена наушница. Табла 7. Дим. в. 2,1 см, д. на алка 5,5 см. ЦДК. Гроб 1.
Наушница со четири јагоди и тегле од тељ кое се закопчува на долниот дел преку јамка. Изаботена во техника на филигран и гранулација. Јагодите во техника на ажурирање со филигранска жица и аплицирани гранули. На долниот дел под алката висечка јагода, недостасува јагодата над алката. Пар со 126.
Aleksova 1966, XIII, sl. 85.

**126.** Сребрена наушница. Табла 7. ш. 2,2 см, в. 5,5 см. ЦДК. Гроб 1.
Наушница со четири јагоди и тегле од тељ кое се закопчува на долниот дел преку јамка. Изаботена во техника на филигран и гранулација. Јагодите во техника на ажурирање со филигранска жица и аплицирани гранули. На долниот дел под и над алката по една јагода, којашто е оштетена. Пар со 125.
Aleksova 1966, XIII, sl. 86.

**127.** Сребрена наушница. Табла 7. ш. 1,2 см, в. 2,1 см. ЦДК. Сектор С, Гроб 13.
Наушница со четири јагоди, од која главно е сочувана јагода под и делумно над алката изработени во текхника на ажурирање со филигранска жица. Останатите делови недостасуваат.
Aleksova 1966, XIII, sl. 93.

128. Сребрена наушница. Табла 7. ш. 1,9 см, в. 1,6 см. ЦДК. Гроб 153.
Наушница со четири јагоди од која е сочувана само алката со јагодите. По една јагода централно на алката под и над, и по една јагода на секој од кравеите. Јагодите се изработени од филигранска жица во техника на ажурирање врз кои се аплицирани гранули.
Aleksova 1966, XIII, sl. 87.

**129.** Сребрена наушница. Табла 7. В. 6,0 см, ш. (во предел на јагодите) 3,0 см. К-КР. Гроб 34.
Сребрена наушница со четири филигрански јагоди од кои две странични и две во централниот дел. Двете странични се еднакви, биконични и изработени од филигранска жица. Висечката јагода - на долниот дел - е малку поголема од другите три. На долниот дел има поголема гранула, а на горниот дел е оивичена со венец од четири гранули. Теглето е направено од тенок тел со кукичка за запетлување и има јамче на е дната странична јагода. Средишната горна јагода недостасува. Оштетена. Пар со 130.
Манева 2000, Сл. 94; Т. Ill, 1 а, Т.XXУШ, 3.

**130.** Сребрена наушница. Табла 7. В. 6,0 см, ш. (во предел на јагодите) 3,0 см. К-КР. Гроб 34
Иста како претходната. Со тоа што јагодите се прилично оштетени и делумно им недостасува филигранската жица. Додека овде е сочувана средишната, горна јагода која е иста со страничните две, со таа разлика што на горниот дел има гранула. Пар со 129.
Манева 2000, Сл. 94; Т. Ill, 1 б, Т.XXУШ, 3.

**131**. Сребрена наушница. Табла 7. В. 5,2 см, ш. 2,2 см. К-КР. Гроб 16.
Сребрена наушница со четири филигрански јагоди, од кои две станични, а две со средишна позиција. Средишните завршуваат со крупна гранула. Јагодите се биконични, од ажуриран филигран. Теглето е од тенок тел, а зако- пчувањето со кукичка и јамка, поставени на предната страна од лицето. Целосно сочувана. Пар со 132.
Манева 2000, Сл. 76; Т. III, 2а.

**132**. Сребрена наушница. Табла 7. К-КР. Гроб 16.
Иста со претходната, многу оштетена, сочувани се само три јагоди. Пар со 131.
Манева 2000, Сл. 76; Т. III, 2б.

**133**. Сребрена наушница. Табла 8. Дол. 2,5 см., в. (јагода) 1,0 см, Диј. (јагода) 0,7 см. К-КР. Гроб 31.
Сребрена наушница со една зачувана јагода, многу оштетена. Сочуван е дел од теглето и средишната долна јагода.
Манева 2000, 105-105, сл. 91; Т. III, 4 б.

**134**. Сребрена наушница. Табла 8. Дим. 6,3 x 6,0 см. К-КР. Гроб 4.
Сребрена наушница со три јагоди, две странични и една средишна од долната страна. Долната јагода поврзана со телото преку нишки на филигранска жица и гранули, а самата јагода завршува со голема топчеста гранула на долниот дел. На средишниот дел од горната страна има лунула од сребрен лим. Лунулата опточена со филигранска жица, а рамната површина исполнета со осум круга од жица залемена на основата. Четирите круга поставени централно на рамната површина оформуваат крст. Горните краеви на лунулата коишто се прилично остри завршуваат со по една помала јагода на секоја од страните, додека на самите јагоди има по една топчеста гранула. Забележливи се траги на поправка. Пар со 135.
Манева 2000, 84-89, сл. 64 в; Т. IV, 1 а, Т. XXV, 2.

**135**. Сребрена наушница. Табла 8. Дим. = 63 X 60 мм. К-КР. Гроб 4.

Како претходната 134 со која е во пар. Се разликува по тоа што рамната површина на лунулата е опточена со впредена филигранска жица. Целосно сочувана.
Манева 2000, 84-89, сл. 64 в; Т. IV, 1 б, Т. XXV, 2.

**136.** Сребрена наушница. Табла 8. ш. 2,1 см, в. 4,8 см. ЦДК. Иск. 1956 во дворот на црквата.
Наушница со три јагоди и тегле од тељ кое се закопчува на долниот дел преку јамка. Изаботена во техника на филигран, гранулација и лиење. Јагодите на секој од краевите на алката се шупло лиени додека централната долна јагода е во техника на ажурирање со филигранска жица и аплицирани гранули. Во средишниот дел над алката наместо јагода изведена е украс во форма на лунула изработен од филигранска жица. На секој од краевите на лунулата има по една топчеста гранула. Едната странична јагода недостасува, додека долната не е целосно сочувана. Пар со 137.
Век.
Aleksova 1966, XIII, sl. 89.

**137**. Сребрена наушница. Табла 8. ЦДК. Иск. 1956 во дворот на црквата.
Идентична со претходната 136 со која сочинуваат пар, со тоа што оваа наушница е послабо сочувана. Недостасуваат двете странични јагоди, како и дел од теглето со механизмот за закопчување.
Aleksova 1966, XIII, sl. 89.

138. Бронзена наушница. Табла 8. Демир Капија.
Наушница со  седум биконични шупливо лиени јагоди (?). На секоја од страните  содржи по две јагоди надолжно поставени на самата алка. Централниот украсот е направен од една напречно поставена јагода низ која поминува самата алка. Останатиот дел од украсот кој продолжува над алката нажалост е откршен. На долниот дел под алката, наушницата има уште една вертикално поставена јагода на чијашто средина се залемени три полу јагоди, поставени хоризонтално а коишто завршуваат со топчеста гранула на врвот. На жалост продолжетокот на украсот е откршен, од она што е останато се гледа дека можно е надолу да продолжува со уште една јагода (?).
Необјавена.

**139**. Емајлирана наушница. Табла 8. В. 1,2 см, ш. 1,4 см. ЦК. Вонгробен наод.
Фрагмент од бронзена лунулеста наушница декорирана со емајл од црвена, бела и сина боја. Сочуван е само дел од едната половина.
Необјавена.

**140**. Сребрена наушница. Табла 8. ш. 2,4 см, в. 2,3 см. КСГ. Гроб 4.
Мешеста-лунулеста наушница изработена од бронза со шупливо тело. На едниот крај две лентести задебелувања кои најверојатно имитираат гранулација, од овој крај излегува теглето на наушницата. На другиот крај видлив е остаток од ушката која би завршувала како јамка. Горниот дел од телото полукружно одземен. Доста оштетена, зачувана во два фрагменти. Пар со 141.
Необјавена.

141. Сребрена наушница. Табла 8. ш. 2,5 см, в. 2,9 см. КСГ. Гроб 4.

Мешеста-лунулеста наушница изработена од шупливо тело. На едниот крај две лентести задебелувања кои најверојатно имитираат гранулација, од овој крај излегува теглето на наушницата во должина од 1,8 см. На другиот крај целосно е зачувана ушката за закопчување во вид на јамка. Горниот дел полукружно одземен. Доста оштетена, зачувана во два фрагменти. Во внатрешната страна е забележливо посребрување. Пар со 140.
Необјавена.

142. Бакарна наушница. Табла 8. В. 2,3 см, ш. 2,8 см. ЦДК. Гроб 248.
Фрагмент од бакарна мешеста нашуница.
Алексова 1957, 47-57, сл. 3.

143. Бакарна наушница. Табла 8. ш. 2,5 см, в. 4,1 см. ЦДК. Гроб 244.
Мешеста бакарна наушница составена од тегле од бакарен тељ со кружен пресек и тело од две лунулести шупливи површини меѓусебно залемени. Надворешниот раб на спојување е изразито назабен, додека горниот дел завршува благо заоблен и мазен, без назабувања. Теглето е скоро полукружно, а со телото се спојува преку шарнир. Пар со 144.
Алексова 1957, 47-57, сл. 1.; Aleksova 1966, Т. VI, sl. 27, Т. XV, sl. 113

144. Бакарна наушница.  Табла 8. ш. 2,7 см, в. 2,6 (4,0) см. ЦДК. Гроб 244.
Иста со претходната 143, со која е во пар. Се разликуваат по начинот на којшто е оформено теглето, коешто кај овој примерок е ниско, формирајќи сосем благ лак на телото на наушницата. Пар со 143.
Алексова 1957, 47-57, сл. 1.; Aleksova 1966, Т. VI, sl. 27, Т. XV, sl. 113

145. Бакарна наушница. Табла 8. в. 4,1 см, ш. 3,3 см. ЦДК. Гроб 273.
Мешеста бакарна наушница составена од две еднакви залемени површини. Надворешниот раб е мазен. Теглето изработено од бакарен тељ. Лошо кородирана и оштетена, теглето е откршено.  Пар со 146.

Алексова 1957, 47-57, сл. 4.; Aleksova 1966, T. VI, sl. 27, T. XV, sl. 113

**146.** Бакарна наушница. Табла 8. 4,1 см, ш. 3,3 см. ЦДК. Гроб 273.
Идентична со претходната 145 со која е откриена во пар.
Алексова 1957, 47-57, сл. 4.; Aleksova 1966, T. VI, sl. 27, T. XV, sl. 113

**147.** Бакарна наушница. Табла 9. ш. 1,9 см, в. 3,1 см. ЦДК Гроб 359.
Округла наушница составена од две мешести половини, изрецкани по надворешниот раб. Оштетена, двете половини се раздвоени.
Aleksova 1966, T.XV, sl. 118-119.

**148.** Бакарна наушница. Табла 9. ш. 2,9 см, в. 3,9 см. ЦДК. Гроб 388.
Мешеста наушница составена од тегле од бронзен тељ со кружен пресек и тело од две лунулести шупливи површини меѓусебно залемени. На местото каде што истите се споени има изразит раб кој е назабен. Теглето и телото се спојуваат преку шарнир. Пар со кат. бр. 155.
Aleksova 1966, T.XV, sl. 117.

**149.** Бакарна наушница. Табла 9. ЈЧЦ. Гроб 1.
Бакарана лунулеста наушница составена до две еднакви половини, споени со изразен раб од надворешната страна. Теглето е од бакарен тељ со кружен пресек, со телото споена преку две петли.
Мандиќ 1986, 148-149, н. 6, T.I.1.

**150.** Наушница тип Курбиново. Табла 9. ш. 2,0-2,5 см, в. 5,0 см. ЦДК. Гроб 244.
Наушница тип Курбиново. Теглето изработено од бронзен тељ со кружен пресек прикачен за телото со шарнир. Телото изработено од бронзена лента свиена во форма која потсеќа на делтоид. На секоја од четирите страни залемени по две цевчиња а на долниот остар агол јагода од ажурирано топче изработено од филигранска жица. Пар со следната 151.
Алексова 1959-1960, сл. 3

**151.** Наушница тип Курбиново. Табла 9. ш. 2,0-2,5 см, в. 4,0 см. ЦДК. Гроб 244.
Идентична со претходната 150. Недостасува само јагодата од долниот дел на наушницата.
Алексова 1959-1960, Сл. II, 5 сл. 3

**152.** Наушница тип Курбиново. Табла 9. ш. 1,1 см, диј. 1,5 см. ЦДК. Гроб 340.
Наушница тип Курбиново, од полукружно свиена бронзена лента чии што праеви формираат шарнир за теглето кое недостасува. Од надворешната страна надолжно се поставени паралелно една покрај друга две филигрански жици спирално намотани, една помала полукужна и три гранули.
Алексова 1959-1960, Сл. II, 5 сл. 6.

**153.** Кружна наушница. Табла 9. ш. 2,5 см, в. 2,3 см, д. 0,7-0,8 см. ЦДК. Гроб 245.
Округла наушници составени од два паралелно поставени кружни лимови декорирани со по три исчукани круга и имитација на гранулација, споени со лента, на горниот дел засечени во облик на буквата V. Теглето од бронзен тељ со кружен пресек, прикачен за телото преку шарнир. Странично на лентата која ги спојува двете половини на пет места залемени по две шупливи цевчиња и преку нив уште едно. Пар со 154.
Алексова 1957, 47-57, сл. 2, T.II.

**154.** Кружна наушница. Табла 9. ш. 2,5 см, в. 2,3 см, д. 0,8 см. ЦДК. Гроб 245.
Идентична како претходната 153 со која е во пар. Отпаднат е само еден од страничните цевасти украсу.
Алексова 1957, 47-57, сл. 2, T.II.

**155.** Кружна наушница. Табла 9. ш. 2,3 см, в. 3,6 см. ЦДК. Гроб 388.
Округли наушници составени од два паралелно поставени кружни лимови декорирани со по три исчукани круга и имитација на гранулација, споени со лента, на горниот дел засечени во облик на буквата V. Теглето од бронзен тељ со кружен пресек, прикачен за телото преку шарнир. Странично на лентата која ги спојува двете половини три сочувани, еден делумно сочуван и еден отпаднат филиграснки цвет. Пар со кат бр. 148.
Алексова 1957, 47-57, сл. 2, T.II.

**156**. Кружна оштетена Табла 9. В. 3,1 см, ш. 3,0 см. ЦДК. Гроб 371.
Фрамент од кружна наушница. Сочуван само дел од едната страна, декориран со исчукување како кај примероците кат. бр. 153-155. Пар со 157.
Алексова 1957,50-51, сл. 6.

**157.** Кружна оштетена Табла 9. В. 3,1 см, ш. 3,8 см. ЦДК. Гроб 371.
Како претходната 156, со којашто сочинуваат пар.
Алексова 1957,50-51, сл. 6.

**158**. Наушница. Табла 9. Диј. в. 3,2-4.0 см, д. на алка 0,4 см. ЦДК.
Алка од сребрен тељ со кружен пресек. Тељот е кружно свиткан. Краевите се истенчуваат и притоа преминуваат еден преку друг и формираат по три навои на спротивниот крај.
Необјавена.

**159**. Наушница со гужва. Табла 9. Диј. 3,0 см, д. а. 0,2 см. ЦДК. Вонгробен наод.
Алка од бронзена жица со кружен пресек и свиена во форма на круг со отворени краеви. На едната половина од алката поставена јагода изработена од филигранска жица во техника на гужва. На секоја од страните навои од тенка жица како граничник на гужвата.
Необјавена.

**160**. Наушница со гужва. Табла 9. Диј. 2,2 см, в. 0,2 см. ЦДК. Вонгробен наод.
Алка изработена од бронзена жица со кружен пресек чии краеви спирално се свиени образувајќи кука и алка. На три места има навои од тенка жица. Алката има неправилна кружна форма.
Aleksova 1966, T.XXIII, sl. 10.

**161**. Наушница со навој. Табла 9. Диј. в. 4,4 см. ЦДК. Гроб А.
Алка изработена од кружно свиткан бронзен тељ со кружен пресек и краеви кои се допираат. На едната страна на алката коленца изработени од два навои од тенка жица.
Aleksova 1966, T.XIV, sl. 102.

**162**. Наушница со навој. Табла 10. Диј в. 3,3-3,8 см, д. на алка 0,3 см. ЦДК. Гроб 181.
Алка изработена од кружно свиткан бронзен тељ со кружен пресек и отворени краеви. На едната страна на алката две коленца изработени со по три навоја од тенка тордирана филигранска жица. Пар со обетката со 163.
Aleksova 1966, T.XIV, sl. 105.

**163.** Наушница со навој. Табла 10. Диј. в. 3,9 см. ЦДК. Гроб 181.
Идентична како претходната кат. бр. 161 со која сочинуваат пар. Едното коленце од намотана жица е отпаднато, но сочуван е траг каде истото стоело. Пар со 162.
Aleksova 1966, T.XIV, sl. 109.

**164**. Наушница со навои. Табла 10. Диј. в. 4,5 см. ЦДК.
Алка изработена од кружно свиткан бронзен тељ со кружен пресек и отворени краеви. На едната страна на алката два коленца изработени со по три навоја од тенка жица.
Aleksova 1966, T.XIV, sl. 100.

**165**. Наушница со навој. Табла 10. Диј. в. 4,3 см, (3,3), д. на алка 0,2 см. ЦДК. Иск. 1954.
Алка изработена од кружно свиткан сребрен тељ со кружен пресек и отворени краеви. На едната страна на алката два коленца изработени со по три навоја од тенка (тордирана [?]) жица.
Необјавена.

**166**. Наушница со навој. Табла 10. Диј. 3,3 см. ОБ. Гроб 52.
Наушница од бронзен тељ со кружен пресек на кого се поставени две коленца од навои на тенка жица.
Блажевска 2005, 243, Т. IV.1.

**167**. Наушница со коленце. Табла 10. Диј. 3,8 см. ОБ. Гроб 32.
Наушница од дебел сребрен тељ со коленце од четири гранулирани топчиња, имало шест, но две се отпаднати.
Блажевска 1996, 206-209, цр. 2, Т.III.21.

**168**. Наушница со коленце. Табла 10. Диј. 3,8 см. ОБ. 32.
Наушница од дебел бронзен тељ со коленце од шест гранулирани топчиња. Алката е скршена.
Блажевска 1996, 206-209, цр. 2, Т.III.22.

**169**. Наушница со коленце. Табла 10. Диј. 2,5 см. ОБ. Гроб 57.
Наушница од дебел тељ со отворени краеви што се приближуваат. На алката поставено едно колце со гранулирани топчиња, оивичени со две потенки жички.
Блажевска 2005, 244-246, Т.VI.1.

**170**. Наушница со коленце. Табла 10. Диј. в. 2,0 см. ЦДК. Површински наод.
Алка изработена од кружно свиткан бронзен тељ со кружен пресек и краеви кои се разминуваат. На едниот крај на алката колено изведено со тенок кружен обрач на кој се аплицирани шест гранули.
Aleksova 1966, XIII, sl. 71.

**171**. Наушница со колце. Табла 10. Корешница. Случаен наод.
Алка од дебел сребрен тељ со раздвоени краеви и две колца. Едното колце е од гранулирани топчиња оивичено со филигранска тордирана жица, второто колце е од подебелен тељ завиен околу алката.
Непубликувано

**172**. Наушница. Табла. 10. Диј. в. 1,3 см. ЦДК. Ископ. 1954.
Мала алка од кружно свиткана жица, на едниот крај има коленце.
Библиографија.

**173**. Наушница. Табла 10. Диј. на обрач 2,4 см, диј. на глава 1,7 см, долж. на овални испакнувања 1,2 см. КСГ. Гробница А.
Наушница со една топчеста јагода украсена со гранулација, и четири шупливи лентести апликации поставени на секоја од страните. Теглето е нецелосно сочувано, изработено е со различна техника на секој од краевите. На едната страна теглето е од два бронзени

теља спирално преплетени, додека од другата страна единечен бронзен тељ околу којшто е намотана тенка филигранска жица.
Petrov 2018, 405-425, cat. no. 1, Pl.II.1.

**174**. Наушница. Табла 10. Диј. 2,8 см. ОБ. Гроб 30.
Наушница од дебел бронзен тељ. На алката е поставена кружна шуплива јагода декорирана со ситни гранули по целата јагода.
Блажевска 1996, 204-205, Т.I.3.

**175**. Наушница со една јагода. Табла 11. В. 2,4 см, ш. 2,5 см, диј. на јагода 1,2 см. ЦК. Гроб 12.
Сребрена наушница со јагода од ажурирана филигранска жица. Странично внатрешно е поставен сребрен лим. Тегле изработено од бронзен тел. Наушницата е шуплива, а филигранската жица формира полиња во вид на капки по 7 на секоја половина. Слична со наредната 176 со која е во пар.
Петров 2017, 74-75, Т.I.2.

**176**. Наушница со една јагода. Табла 11. В. 2,4 см, ш. 2,6 см, диј. на јагода 1,6 см. ЦК. Гроб 12.
Сребрена наушница со јагода од ажурирана филигранска жица. Странично внатрешно е поставен сребрен лим. Тегле изработено од бронзен тел. Наушницата е шуплива, а филигранската жица формира полиња во вид на капки по 7 на секоја половина. Слична со претходната 175 со која е во пар, но овој примерок е нешто поголем од претходниот.
Петров 2017, 74-75, Т.I.1.

**177**. Наушница со биконична јагода. Табла 11. Корешница. Случаен наод.
Наушница од алка изработена од дебел бронзен тељ со кружна форма. На алката е поставена биконична јагода од две конусовидни половини изработени од бронзен тељ. Од надворешна страна јагодата е прицврстена со навој од филигранска жица. Јагодата е доста трошна и во најголема мера уништена. Идентична со наредната кат. бр. 177.
Необјавена.

**178**. Наушница со биконична јагода. Табла 11. Корешница. Случаен наод.
Иста како претходната кат. бр. 176.
Необјавена

**179**. Наушница со биконична јагода. Табла 11. Диј. в. 3,6 см, д. на алка 0,2 см. К-КР. Гроб 54.
Наушница составена од бронзена алка на која е нанижана една биконична јагода составена од две половини. Наушницата припаѓа на варијанта од тн. "половецки" тип, во гробот се откриение траги од уште една со која оваа наушница била во пар но нажалост во најголема мера уништена поради кревкоста на материјалот.
Манева 2000, Сл. 113; Т. V, 5 а, б.

**180**. Наушница со една јагода. Табла 11. Диј. 3,1 см, в. 3,5 см. К-Ко. Гроб 4.
Наушница изработена од сребро, сочинета од алка со кружен пресек на којашто е поставена ажурирана биконична јагода, со широка средишна лента на местото каде што се спојуваат јагодите. Лентата е изработена од три бакарни жици обложени се густа намотка на сребрена жица и меѓусебе споени во низа. Јагодата е лошо сочувана. Слична со наредната кат. бр. 180, со која е во пар.
Манева 1999, 351, Сл. 4/1.

**181**. Наушница со една јагода. Табла 11. Д. 3,1 см, в. 3,5 см. К-Ко. Гроб 4.
Наушницата е слична на претходната, но многу подобро сочувана. Од овој примерок може да се види дека јагодата од двете страни била оивичена со венче од гранули, на ист начин е оивичена и централната лента која ги спојува двете половини на јагодата.
Манева 1999, 351, Сл. 4/2.

**182**. Наушница со две јагоди. Табла 11. ш. 2,2 см, в. 4,4 см. ЦДК. Ископ. 1951.
Наушница со две кружни шупливи јагоди изведени од полусфери поставени на едниот крај од алката. Јагодите на секој од краевите имаат прстенасто задебелување. Едната јагода е половично сочувана. Алката од страната на јагодите завршува во форма на јамка, додека другиот крај постепено се истенчува и завршува зашилено.
Aleksova 1966, XIII, sl. 88.

**183**. Наушница со две јадоди. Табла 11. Диј. 2,5 см, дол. 4,0 см. МДТ. Гроб 5.
Наушница идентична на претходната. Составена од голема бронзена алка на која што се поставени две шупливи јагоди и јамка и кука за закопчувања. На просторот помеѓу двете јагоди на алката е нанижано едно цевче коешто слободно паѓа надолу. Во пар со наредната 184.
*Некрополите на Мали Дол* 2018, кат. бр. 3

**184**. Наушница со две јадоди. Табла 11. Диј. 2,5 см, дол. 4,0 см. МДТ. Гроб 5.
Наушница идентична со претходната 183 со која е во пар.
*Некрополите на Мали Дол* 2018, кат. бр. 3

**185**. Наушница со три јагоди. Табла 11. Диј. 3,0 см, дол. 4,0 см. МДТ. Гроб 22.

Наушницата е идентична со претходните две, освен што кај овој примерок е сочувана јагода на долниот крај од централно поставеното цевче.
*Некрополите на Мали Дол* 2018, кат. бр. 20.

**186**. Наушница со две јагоди. Табла 11. ЦДК.
Наушница од масивна алка изработена од дебел бронзен тел со кружен пресек. На алката симетрично поставени две долгнавести шупливи јагоди коишто се во голема мера уништени.
Необјавена.

**187**. Наушница со две јагоди. Табла 11. В. 4,7 см, ш. 5,2 см. ЈЧ-Ц. Гроб 2.
Масивна наушница изработен од лошо сребро, слична на претходната, кат. бр. 186.
Мандиќ 1986, 147-150, Т. I.2/3.

**188**. Наушница со една јагода. Табла 12. Диј. 1,1 см, в. 3,8 см. ЦДК. Гроб 110.
Наушница составена од алка од сребрен тел со кружен пресек во горниот дел свиен во вид на знакот прашалник додека останатиот дел паѓа вертикално надолу. На вертикалниот дел од алката на средина е поставена шупливо лиена јагода составена од две полусфери кои се спојуваат со зиг-заг зарез. Од горната и долната страна јагодата е фиксирана со навој на алката изведен со потенка жица. Пар со 189.
Aleksova 1966, T.VI, sl. 28, T.XXIII, sl. 17.

**189**. Наушница со една јагода. Табла 12. В. 3,6 см. ЦДК. Гроб 110.
Наушница идентична како претходната 187 со која сочинуваат пар.
Aleksova 1966, T.VI, sl. 28, T.XIII, sl. 81.

**190**. Наушница со две јагоди. Табла 12. в. 5,3 см. ЦДК. Гроб 262.
Наушница со алка која на горниот дел завршува во облика на знакот прашалник, додека долниот дел вертикално паѓа надолу. На долниот дел од алката на одредено растојание поставено две јагоди, горната од ажурирана филигранска жица, додека долната од две шупливо лиени полусфери. Од горе надолу на алката има навој од потенка жица кој преминува преку секоја од јагодите и продолжува до крајот на алката. Пар со наредна 191.
Aleksova 1966, T.VI, sl. 27, T.XIII, sl. 82.

**191**. Наушница со две јагоди. Табла 12. в. 4,5 см. ЦДК. Гроб 262.
Наушница со две јагоди поставени на вертикален стожер. Идентична како претходната кат. бр. 190 со која е во пар.
Aleksova 1966, T.VI, sl. 27, T.XXIII, sl. 18.

**192**. Наушница со полиедарска јагода. Табла 12. диј. 1,2 см, в. 2,5 см, д. на алка 0,1 см. ЦДК. Гроб 103.
Наушница од сребрена алка со кружен пресек. На едниот крај на алката висулец во форма на полиедар, додека другиот крај од алката е намотан на телото од алката веднаш над висулецот.
Aleksova 1966, T.XIII, sl. 79.

**193**. Наушница со полиедарска јагода. Табла 12. Диј. 1,8 см, д. на алка 0,1 см. ЦДК. Гроб 407.
Алка од сребрен тел со кружен до четвртаст пресек оформана во вид на круг, на едниот крај завршува со полиедарска јагода која виси надолу, другиот крај е раскован во вид на лента и намотан над самата јагода. Слична на претходната 192.
Aleksova 1966, T.XIII, sl. 79, T.XXIII, sl. 15.

**194**. Наушница со јагода во вид на клопче. Табла 12. Диј. 3,1 см. ЦДК. Гроб 386.
Наушница составена од два дела. Алка од сребрен тел со кружен пресек, свиен во форма на знакот прашалник а на довлинот крај аплицирана јагода од тројна филигранска жица смотана во форма на клопче.
Aleksova 1966, T.XXIII, sl. 16.

**195**. Наушница со висечка гужва. Табла 12. ш. 0,6 см, в. 4,2 см. ЦДК. Гроб 41.
Алка од сребрен тел со кружен пресек, чија горна половина е свиена во форма на латинската бука „S“, додека долниот дел рамно паѓа надолу. По целата должина поставен висечки орнамент изведен од филигранска жица во техника на гужва.
Aleksova 1966, T.XXIII, sl. 25.

**196**. Наушница со една јагода. Табла 12. в. 2,1 см. ЦДК. Северен кораб.
Наушница составена од железна (?) алка со кружен пресен неправилно свиена на чиј крај е поставена шуплива јагода изработена од сребро.
Aleksova 1966, VI, sl. 28, T.XIII, sl. 78. T.XXIII, sl. 19.

**197**. Наушница со вегетабилен завршеток. Табла 12. Диј. в. 2,4 см, д. на алка 0,3 см. ЦДК. Гроб 318.
Алка од сребрен тел со кружен пресек која на едниот крај истенчува и завршува во форма на шило додека на другиот крај завршува во форма на стилизиран цвет-крин.
Aleksova 1966, XIII, sl. 84.

**198**. Наушница со вегетабилен завршеток. Табла 12. ОБ. Случаен наод.
Наушница од сребрен тел со кружен пресек чијшто еден крај е истенчен, додека другиот завршува во форма на крајно стилизиран крин. Телото на кринот е декорирано со неумешно изведено пунктирање.
Блажевска 1995, 193, Т.2.1.

**199**. Наушница – трепетушка. Табла 12. В. 3,5 см, ш. 1,7 см. ЈЧЦ. Гроб 4.
Наушница трепетушка од тенок сребрен лим со неправилна хексагонална форма. Кон врвот се истенчува и преминува во мала кружна глава којашто е перфорирана, а низ нејзе е внижана тенка жица која што има два јазли. Телото на трепетушката е перфрорирано и преку него поминува тенка жица на која се нанижани четири стаклени мониста, од кои три со небесно сина боја и едно со темно. Во пар со наредната кат. бр. 200.
Мандиќ 1986, 148-149, н. 6, Т.I.4/5

200. Наушница – трепетушка. Табла 12. В. 3,5 см, ш. 1,7 см. ЈЧЦ. Гроб 4.
Наушница трепетушка од тенок сребрен лим со листовидна форма. Кон долниот дел проширува, додека кон горниот се стеснува и задебелува при што е странично перфорирана. Во пар со претходната кат. бр. 199.
Мандиќ 1986, 148-149, н. 6, Т.I.4/5

**201**. Гердан од метални копчиња. Табла 13. В. на копче 1,0-1,3 см. ЦДК. Гроб 171.
Гердан составен од 24 бакарни копчиња за облека. Копчињата се со сферична форма, шупло лиени, составени од две залемени половини и ушка за закачување на едната половина. Кај некои од копчињата долната полусфера е налик на конус. Едно од копчињата е распаднато за време на козервацијата.
Aleksova 1966, 36.

**202**. Гердан од метални копчиња. Табла 13
Гердан составен од 20 бакарни копчиња за облека. Копчињата се со сферична форма, форма, шупло лиени, составени од две залемени половини и ушка за закачување. Кај 12 од примероците ушката недостасува. Кај некои од копчињата долната полусфера е налик на конус.
Необјавен.

**203**. Гердан од стаклена паста. Табла 14. МДК. Сектор С. Гроб 11.
Гердан од стаклени зрна со темно сина и белузлава боја. Зрната се округли, цилиндрични и долгнавести. Сочинет е од 249 стаклени украси, од кои 5 се поголеми и долгнавести со изразито темно сина боја.
Необјавен.

**204**. Гердан од стаклена паста. Табла 15. Дол. 116 см. МДК. Гроб 13.
Гердан од стаклена паста и килибар. Сочинет е од околу 500 монисти, во најголем број, ситни топчести и дискоидни од стаклена паста и стакло од светлозелена и нијанси на сива боја со дим. 0,4-0,7 см, 6 дискоидни, вис. 0,4 см едно цевкасто дол. 0,9 см сите од иридирано стакло; 7 биконични, висина 1,2-2,2 см од црвенокафеав килибар.
Водич 1992, 101.

**205**. Гердан од стаклена паста. Табла 16. Дол. 32 см. ЦДК. Гроб 153.
Гердан сочинет од 64 стаклени мониста од кои:
- 41 ситни белузлави, светлосини и сини мониста,
- 9 покрупни округли плави,
- 8 модри елипсовидни
- 3 белузлави призматични
- 1 модросино призматично
- 2 белосиво споени зрна
Необјавен.

**206**. Гердан од стаклена паста. Табла 16. Дол. 20 см. ЦДК. Гроб 336.
Герданот од мониста изработени од стаклена паста, истиот го сочинуваат 55 мониста светлосини по боја и топчести и долгнавести по форма.
Необјавен.

**207**. Гердан од стаклена паста. Табла 17. Дол. Сса 50 см. ЦДК. Гроб 368.
Герданот е сочинет од мониста од стаклена паста, во најголем број се ситни, дискоидни, цилиндрични и алчести, во нијанси на сива боја со дим. сса 0,25 см едно квадратно вис. 1,2 см дводелно цилиндрично вис. 0,9 см. едно троделно цилиндрично в. 0,9 см, сите од сино стакло.
Библиографија

**208**. Гердан од стаклена паста. Табла 18. ЦДК. Гроб 244.
Герданот го сочинуваат мали топчести белузливи мониста, две поголеми, осум цилиндрични со зелена боја, каури полжави и метални плочести привезоци кои се поврзани спирално навиени тенки жички и мали бронзени топчиња меѓу нив.
Библиографија.

209. Гердан од стаклена паста. Табла 19. МЛТ. Гроб 22А.
Гердан од мониста изработени од стаклена паста, различни по големина.
Некрополите на Мали Дол 2018, кат. бр. 23.

210. Гердан од стаклена паста и килибар. Табла 20. ЦДК.
Мониста од стаклена паста и килибар, монистите се кружни, биконични, трочлени и во форма на полиедар. Можно е овие мониста да биле дел од друг гердан, по грешка одделен во посебна целина.
Необјавен.

211. Гердан од стаклена паста. Табла 20. К-КР. Гроб 37.

Гердан составен од мониста од стаклена паста, истите се со округла форма, 0,4x0,2 см, (6); Со цилин- дрична форма 0,2-0,3 мм, (6); Округли, бели - веројатно зелени - патинирани 0,3-0,4 X 0,2-0,3 см, (6); Бело, поголемо 0,5x0,3 см, (1).
Манева 2000, Сл. 97; Т. IX, 3, Т.XXIV, 3.

**212**. Гердан од стаклена паста и школки. Табла 21. Дол. 108 см. ЦДК. Гроб 297.
Гердан од стаклени мониста во различна форма и големина, 17 во вид на јагоди, 4 четвртести сини зрна, округли мониста, долгнавести, 17 каури полжави, метални алки – привезоци.
Библиографија.

213. Гердан од стаклена паста и школки. Табла 22. Дол. 62 см. ЦДК. Гроб 181.
Герданот го сочинуваат 2 малечки школки со ребреста надворешна страна, едно полжавче, како и низа мониста од стаклена паста 119, претежно ситни жолтеникави, зеленикави, двојни кафеави, лопатески и цилиндрични покрупни, сликани со брановидни и зиг-заг линии.
Библиографија.

**214**. Гердан од стаклена паста и школки. Табла 23. МК. Кула 1.
Герданот го сочинуваат три каури полжави и 42 мониста од стаклена паста од кои две поголеми сликани, едно кафеаво со жолти брановидни линии, другото окер со белузлави линии, 22 белузлави алчести, осум светло жолти двојно и тројно расчленети, пет светлосини, четири темносиви и шест светлозелени.
Пашиќ 1975, 155-168, Т.IV.

**215**. Гердан од стаклена паста и метални додатоци. Табла 23. К-КР 76.
Гердан составен од мониста од стаклена паста и еден метален додаток. Герданот брои 166 мониста и истите се зелени, ситни од стаклена паста, со диј. 0,1-0,2 см, (102); Бели, округли, со диј. 0,3 см, (5); Црни, цевчести, долгнавести дол. = 0,3-0,5 см, дол. 0,3 см, (4); црно, кружно, со “окца” (1); Зелено, цилиндрично дол. = 0,3 см, дол. 0,1 см, (1); Двојно, сребренасто, бело, дол. 0,5 см, дол. 0,4 см; Единечно, сребренасто, бело, (1); Издолжено, стаклесто, со проѕирна зелена боја - скршено (1); Црно и поголемо, в. 0,4 см, дол. 0,9 см.
А. Метален дел кој е многу оштетен, не може да се идентификува - можеби алка од ѓерданот.
Манева 2000, Сл. 91; Т. IX, 1, Т. XXIV, 2.

**216**. Гердан од стаклена паста и метални додатоци. Табла 24. К-КР. Гроб 16.
Три метални зрна. Едното на централна позиција на градите, сферично, без декорација, составено од две полукалоти од тенок бакарен лим (0,05 см) со широк отвор за нанижување (0,3 см). дол. 1,5 см, в. 1,2 см. Другите две зрна (оштетени). д. 1,5 см, Отв. 0,2 см, Деб. на лим 0,05 см. Доминираат белузлави топчести или прстенести мониста (околу 100); Од светло до темно сини (120). Неколку (3-4) се жолти, а 10-тина се зелени. Останатите се покрупни, цевчести (5), темно-сини, двочлени (2), темно-сини, цевчести (3), повеќечлени, бели (3), тричлено, жолто (1), топчесто со сребреникава лушпа (1), кобалтно сино, плоснато - потсетува на брусен камен (1).
Манева 2000, Сл. 77; Т. VIII, Т.XXIV, 1.

**217**. Гердан од стаклена паста и метални додатоци. Табла 25. К-КР. Гроб 4
Гердан сочинет од сребрени мониста во комбинација со имитација на бисерни зрна. 33 сребрени мониста (тип лилјанови чушки) од те- нок, пресуван, најфин, сребрен лим, ре- дени по 3–4. Комбинирани со 29 стаклени, топчести со бел седефест премаз имитација на бисер. Во секое сребрено зрно има по 2 - 3 белутраци - камчиња, поголеми од отворите за нижење
Манева 2000, Сл. 64 б; Т. VI, Т. XXIII, 1.

218. Гердан од стаклена паста и бронзен додаток. Табла 25. К-КР. Гроб 4.
Гердан сочинет од стотина стаклени мониста (околу 400). Ситни, во разни форми, бои и големини. Со тенок слој сребрена или златна боја (околу 50), двочлени и едночлени. Ситни, сребренесто-бели, со зеленикава основа-јадро (околу 80). Сосема ситни, јасно зелени, со бела скрама (околу 40), едно е повеќечленско. Темно сини, јаки, двочлени, спирални и откршени (22) и едно бело цилиндрично. Во близина на вратот, од десна страна најден е и бронзен додаток, можеби ушка за закопчување.
Манева 2000, Сл. 64 б; Т. VI, Т. XXIII, 1.

219. Гердан од стаклена паста, метални додатоци и карнеол. Табла 26. К-КР. Гроб 16.
Герданот содржи 5 метални зрна, меѓу кои се распоредени 90 разнобојни стаклени мониста и едно топчесто зрно од племенит карнеол. На централната позиција, откриено е крупно шупливо метално зрно (тенок, бакарен лим, шупливо лиено или штанцано), на површината има траги од втиснат украс со крстест мотив. Д = 16 мм. Странично има две големи шупливи мониста долги 27 x 17 mm, со деб. на лимот од неколку микрони (шупливо лиени). По површината има украсни мотиви - вегетабилни жилички како и две идентични метални мониста со топчеста форма (едното уништено), изработени од две шупливи полукалоти, без декорација. Д = 10 мм, вис. = 10 мм, отв. = 3 мм. Во низата откриено е едно топчесто зрно од проѕирен карнеол (брусен). Д = 7мм, отвор = 2 мм. Претежно доминираат ситни цилиндрични мониста од стаклена

паста, со трошна структура и белузлава боја : 3-4 се цевчести, ситни, зелени; 5-6 јасно жолти, прстенести; 4 кобалтно сини; 1 двочлено од бе- лузлаво стакло.
Манева 2000, 95-96, сл. 76, Т.VII.

220. Гердан (?) од керамички мониста. Табла 27. МДК. Ископ. 1952.
Изработен од 12 ситни округли перли од печена глина продупчени по средина и 2 конусни глинени перли. Едната конусна перла има канелирана надворешна страна.
Необјавен.

221. Каури-школки. Табла 27. ЦДК. Гроб 118.
Две каури школки и една обична ребреста, најверојатно дел од гердан од којшто останатите елементи не се сочувани.
Необјавени.

222. Мониста од стаклена паста. Табла 27. Диј. 1,1 см, в. 0,9 см. ЦДК.
Перлите имаат форма на пресечен конус, продупчени се по должина. Надворешната страна украсена со линии кои одат спирално во разни бои. Две перли имаат жолти, црни и бели линии, а една зелени, црни и бели.
Необјавени.

223. Стаклена мониста и копче. Табла 27. Ш. 1,0 x 0,5 см дол. 1,7 см. ЦДК. 87.
Две бедемасти мониста од стакло со бела до бледожолтеникава прозрачна боја и едно метално копче составено од две полутопки и петелка за пришивање.
Необјавени.

224. Стаклени мониста. Табла 27. ш. 1,0 см дол. 1,7-1,5 см. ЦДК.
Три белузлави стаклени привезоци со крушковидна/амфоровидна форма и отвори за нижење.
Необјавени.

225. Керамичко монисто. Табла 27. Диј. 1,8 см в. 1,7 см. ЦДК. Гроб 299.
Биконично керамичко монисто со врежан жлеб на средина, продупчено по должина.
Необјавено.

226. Стаклено монисто. Табла 27. ЦДК. Гроб 260/261.
Округло стаклено монисто, можеби е дел од наушница.
Необјавено.

227. Монисто од стаклена паста. Табла 27. Диј. 1,0 см. ЦДК. 28.
Монисто од црна стаклена паста, украсено по обемот со три круга врамени во врежани линии.
Необјавено.

228. Монисто од стаклена паста. Табла 27. Диј. 1,1 см, в. 0,6 см. МДК. Гроб 6.
Топчесто монисто од белузлава стаклена паста, со перфорација за нижење.
Необјавено.

229. Монисто од варовник. Табла 27. Диј. 1,6 см. ЦДК. Гроб 100.
Дисковидно монисто изработено од камен варовник, со перфорација за нанижување.
Необјавено.

230. Монисто од варовник. Табла 27. п. 1,6 см. ЦДК. Гроб 100.
Исто како претходното кат. бр. 229.
Необјавено.

231. Бронзен привезок. Табла 27. ш. 1,7 см дол. 3,1 см. ЦДК. Сонда А.
Срцевиден привезок од бронза изработен со леење. На горниот крај има алка за прикачување, додека долу трикрак завршеток. Средишното срцевидно испакнување е врамено со мали кружни испакнувања.
Aleksova 1966, XIX, sl. 235.

232. Привезок од гагат. Табла 27. ш. 1,6 см, дол. 2,2 см, деб. 0,5 см. ЦДК. Гроб 248.
Привезок од гагат со крушковидна форма. Во долниот дел е кружен, додека во горниот дел се стеснува преку две назабувања. На горниот дел има перфорација што е изведена надолжно
Aleksova 1966, 39, 69, T.XIX, 237.

233. Привезок од бронза. Табла 27. ш. 2,39 см, в. 3,05 см. ЦДК. Површински наод.
Привезок од бронза (месинг [?]) изведен со лиење и пробивање. Формата е кружна, дисковидна, со неправилен раб. Предната страна декорирана со флорални орнаменти. На горниот дел има алка за закачување поставена попречно.
Непубликуван.

234. Амулети. Табла . дол. 1,1 см, дол. 4,0 см. К-КР. Гроб 4.
Сребрени амулети со цилиндричен корпус во вид на хоризонтално поставена капсула од тенок лим, добро залемена, затворена на краевите со полукалотести делови со гранула на врвот. Од горната страна сè украсени со густо намотана, спирално свиена филигранска жица. Во внатрешната шуплина имаат остатоци од антимон.
Манева 2000, Сл. 64 б, Т. VI, Т. X, 5, 6, Т. XXIII, 1.

235. Крст – енколпион. Табла 28. Ш. 2,2 см, в. 5,2 см. МДК. Ископ. 1951.
Реликвијар во форма на латински крст со шарнири на двата краја на вертикалната греда. Над горниот шарнир додадена е масивна лентеста алка за закачување. На аверсната страна претстава на Исус Христос распнат, облечен во колобиум и со ореол околу главата. На реверсната страна е прикажана Богородица Оранта, облечена во мофорион, декориран со вертикални набори, а околу главата слабо назначен ореол. Над главата на двете фигури наместо табулариум има по еден крст во графичка форма на грчки крст.
Алексова 1960, 60, Т. XXI, сл. 281.; Ивановска Велкоска 2013, 65, кат. бр. 21.

236. Крст – реликвијар. Табла 28. ЦДК.
Реликвијар. Доста оштетен, сочуван е само левиот и долниот крак. На површината со врежување изведена претставана на светец во орантен став.
Алексова 1960, 60, Т. XXI, сл. 279.

237. Крст. Табла 28. в. 4,2 см, ш. 3,2 см, деб. 0,4 см. ЦДК. Вон гроб.
Привезок во форма на латински крст со мали стеснувања во средниот дел на крстот. На двете страни има натписи поставени во квадрати на краевите од секој крак.

Аверс:
IC
N K
X

Реверс:
Ф
Ф П
Х

Алексова 1960, 60, сл. 282, Т. XXI.; Ивановска Велкоска 2013, 82, кат. бр. 60.

238. Крст – привезок. Табла 28. в. 4,1 см, ш. 2,4 см.
Привезок во форма на малтешки крст, изработен од бронза во техника на лиење и врежување. На горниот крак заедно со крстот лиена е алка за закачување. Во средината и на секој од краците по еден врежан триаглник со остриот врв свртен кон центарот.
Алексова 1960, 60, сл. 283, Т. XXI.; Ивановска Велкоска 2013, 82, кат. бр. 62.

239. Крст – привезок. Табла 28. в. 5,8 см, ш. 6,5 см. ЦДК. Во наосот на црквата.
Привезок во форма на малтешки крст, изведен од бронзен лим. Едниот крак недостасува. Во централниот дел украсно испапчување, а на едениот крак во крајниот дел перфорација за прикачување (?). Откриен заедно со пар на наушници со стар. Инв. Број 541 и 542 за коишто нема информации.
Ивановска Велкоска 2013, 88, кат. бр. 77.

240. Крст – привезок. Табла 28. в. 5 см, ш. 3 см. ЦДК. Гроб 54 / гроб Н
Привезок од бронза во форма на латински крст. На горниот крак се наоѓа масивна алка за закачување лиена заедно со крстот. Хоризонталните краци се со проширени троделни краеви во облик на розети. Долниот крак е оштетен.

241. Крст – привезок. в. 4,6 см, ш. 3 см. Табла 28. МДК. Површински наод.
Приврзок во форма на латински крст. На горниот вертикален крак има кружна алка лиена заедно со крстот. На краевите од краците концентрички ребра во чија средина има испакната точка во форма на декорацијата птичјо око.
Алексова 1960, 60, сл. 285, Т. XXI. Ивановска Велкоска 2013, 83, кат. бр. 63.

242. Крст – привезок. Табла 28. в. 3,2 см, ш. 1,9 см, деб. 0,5 см. К-КР. Вонгробен наод.
Привезок од бронза во форма на латински крст. На горниот верикален крак има алка заедно лиена со привезокот, со страничен отвор. Пресекот на краците е елипсовиден. По средината на приврзокот линиски е врежан крст, со конусни проширувања на вертикалната греда и кружни на страничната.
Манева 2000, 127, X.10, Т. XXII. 4.; Ивановска Велкоска 2013, 84, кат. бр. 67.

243. Фрагмент од крст. Табла 28. в. 1,1 см, ш. 1,1 см, деб. 0,5 см. ЦДК. Вон гробен наод.
Крст – фрагмент. Сочуван е само дел од еден крак на кој има врежување, можеби на буквата Х или пак [N] IK [A].
Aleksova 1966, 60 T.XXI, сл. 280.

244. Камена иконка. Табла 29. в. 6.7 см, ш. 5,6 см. МДК. камена икона изработена од темно зелен стеатит, со црвенкасти вени во долниот дел[1071]. Изработена е на четвртеста плочка со висина од 6,7 см, ширина од 5,6 см, а плочката е со дебелина од 0,9 см. На нејзе во длабок рељеф е изведена допојасна претстава на св. Јован Богослов, облечен во читон читајќи евангелие. Телото е прикажано во три четвртински став.

[1071] Петров 1964, 103-116.; Aleksova 1966, T.VII, sl. 33.; Бабиќ 1974, 65, кат. бр. 180 .; *Археолошкото богатство* 1980, кат. бр. 818; Алексова 1995, прилози во боја 32.

245. Метална белегзија. Т. 30. д. 5,9 см., ш. на лим 1,2-1,8 см. К-КР. Гроб 1.
Лентеста белегзија изработена од бронзен лим со отворени проширени краеви. Надворешната површина е богато, но шематизирано украсена со полиња од подолжни линии одвоени низи, украсени со втиснати крукчиња. Вакви украси се јавуваат во пет сегменти кои меѓу себе се издвојуваат со четири попречни низи украсени со слични мотиви
Манева, 2000, 79-93, Сл. 61 а; Т. ХП, 2, T.XXVI, 2

246. Метална белегзија. Т.30. д. 5,8 см. ОБ. Гроб 51.
Бронзена лентеста белегзија со отворени проширени краеви, слична по форма и декорација на претходната. Лентата е поделена на четири сегмени изведени со по четири попречни линии. Внатрешноста на сегментите е исполнета со по три надолжни линии, што формират две полиња, исполнети со втиснати кругчиња.
Блажевска 2005, 243, Т.III.3.

247. Метална белегзија. Т. 30. д. 3,9 см, ш. на алка 1,4-1,6 см. МКК. Гроб 1.
Лентеста бронзена белезија со отворени краеви, едниот заоблен со изрецкани ивици, две пунктирани точки и една првиот. На потесната страна група на пунктирани точки.
Пашиќ 1975, 155-168 Т. IV.; Чаусидис 1987, 171-196, Т. VII.

248. Метална белезица. Т.30. д. 3,9 см ш. на алка 1,0-1,7 см. МКК. Гроб 1.
Лентеста бронзена белезија со отворени краеви, едниот лопатесто проширен, другиот откршен. Веројатно белезијата е преправена од поголема на помала, детска. Од надворешната страна е украсена со врежани линии.
Пашиќ 1975, 155-168 Т. IV.; Чаусидис 1987, 171-196, Т. VII.

249. Метална белегзија. Т.30. д. 6,3 см. ОБ. Гроб 48.
Бронзена лентеста белегзија со отворени краеви што завршуваат заоблено. Лентата е поделена во пет сегменти. Крајните два се украсени со по едно полусферично вдлабнување, изведено во калапот при леење, додека останатите три сегменти се украсени со низа од по три помали вдлабнувања. Секој сегмент е поделен со по четири попречни линии.
Блажевска 2005, 242-243, Т.II.1.

250. Метална белегзија. Т.30. д. 6,5 см. ОБ. Гроб 57.
Бронзена лентеста белегзија со отворени краеви коишто завршуваат заоблено, по форма и декорација слична на претходната кат. бр. 249. Наместо по три, сегментите исполнети со по пет вдлабнати полусферични орнаменти.
Блажевска 2005, 244-245, Т.VI-VIa.

251. Метална белегзија. Т.31. ЦДК. Гроб 181.
Бронзена лентеста белегзија со отворени краеви коишто завршуваат заоблено, по форма слична на кат. бр. 249. Декорацијата е доста слична, со мали отстапки. Лентата е поделена во 13 сегменти. Крајните сегменти со по едно поголемо сферични вдлабнување, додека останатите со мали точкасти убоди или со по две сферични вдлабнувања. Сегментите поделени со по две напречни линии. Белегзијата е оштетена.

252. Метална белегзија. Т.31. д. 6,0 см, ЦДК. Гроб 181.
